Здружение на работодавачи	**Број на членови**	**Процент (%)**	**Репрезентативен статус**
1) Организација на работодавачи на Македонија (ОРМ)	51.346	18.07%	Да, заради учество во колективното договарање на ниво на приватен сектор во областа на стопанството
2) Бизнис комора на Македонија (БКМ)	Нема доставено		Не
3) Здружение на работодавачи за сообраќај и врски на Македонија (ЗРСВМ)	Нема доставено до Комисијата		Не
4)Национална асоцијација на оператори на јавни комуникациски мрежи (НАОЈКМ)	Нема доставено барање до Комисијата		Не
5)Здружение на работодавачи од водостопанство на РМ (ЗРВ)	Нема доставено барање до Комисијата		Не
6)Национална федерација на агенции за привремени вработувања (НФАПВ)	Нема доставено барање до Комисијата		Не

7) Асоцијација на здруженија на работодавачи на превозните трговски друштва на РМ "Макам-транс"	Нема доставено барање до Комисијата		Не
8) Асоцијација на здруженија на работодавачите на трговските друштва за превоз на патниците на РМ "ИСТОК"	Нема доставено барање до Комисијата		Не
9) Сојуз на организации на работодавачи на Македонија (СОРМ)	Нема доставено барање до Комисијата		Не
10) Асоцијација за електронска трговија	Нема доставено барање до Комисијата		Не

В. Табела бр. 3 Резултати за репрезентативност на синдикати за јавен сектор на територијата на Република Македонија

Синдикат	Број на членови	Процент (%)
Сојуз на синдикатите на Македонија (ССМ)	37.792	23.34%
Конфедерација на слободни синдикати (КСС)	43.391	30%

При утврдувањето на репрезентативниот статус на синдикатите во јавниот сектор во Република Македонија, Комисијата ги зеде податоците за 2013 година за бројот на вработените во јавниот сектор според Националната класификација на индустрии (НКИ). Според податоците од статистичкиот преглед бр. 2.1.13.18 на Државниот завод за статистика на Р. Македонија од 17.06.2013 година, во I тромесечие во 2013 година во јавниот сектор вкупно биле вработени 159.462 лица.

Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) во постапката за утврдување на репрезентативност до Комисијата достави 37.792 пристапници и список на исто толку членови на синдикатот кои плаќаат членарина што преставува 23.69% од вкупниот број на вработени на ниво на јавен сектор во државата.

Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС), исто така, до Комисијата достави 43.391 пристапници и список на исто толку членови кои плаќаат членарина што е 30% од вкупниот број на вработени. Бидејќи потребниот процент за добивање на репрезентативност на ниво на територија на РМ е 10%, тоа значи дека само два синдикати во јавниот сектор добија репрезентативен статус (ССМ и КСС).

Во двата синдикати вкупно членуваат 77.169 членови што во однос на вкупниот број на вработени изнесува 53.34%.

Согласно чл. 212 став (2) од ЗРО, на предлог на Комисијата за утврдување на репрезентативност, Министерот за труд и социјална политика со Решение 08-7676/5 од 13.10.2015 година, утврди репрезентативен статус на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ), односно на Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС) за јавниот сектор на ниво на Република Македонија.

Г. Табела бр. 4. Резултати за репрезентативност на синдикати на ниво на гранка односно оддели во приватен и јавен сектор

Синдикат	**Бр. на членови**	**Бр. на вработени на ниво на гранка односно оддел**	**Процент (%)**	**Гранка/Оддел на производство**
1.Синдикат на одбрана и безбедност (СОБ) КСС	2.402	7.727	31.1%	**Јавен сектор** во областа на одбраната
2.Синдикат за градежништво, индустрија и проектирање (СГИП)-ССМ	992	3.437	28.86%	**Приватен сектор** во одделот-производство на други неметални и минерални производи
3.Синдикат за градежништво, индустрија и	3.547	31.022	11.34%	**Приватен сектор** во областа градежништво

проектирање (СГИП)-ССМ				заради учество во КД
4.Самостоен синдик. на работниците од енергет. и стопанство (ССРЕСМ)-ССМ	2.153	10.750	20.02%	**Приватен сектор** во обл. на снабдување со ел. енергија, гас, пареа и топла вода
5.Синдикат за угостителство, туризам, комунални организации и заштитни работилници (СУТКОЗ)-ССМ	6.974	9.662	72.18%	**Јавен сектор** во областа снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината
6. Синдикат на администрација и државна управа на Македонија	2.011	9.622	20.09%	**Јавен сектор** во областа на административни и помошни услужни дејности
7. Синдикат на работниците од финансиските организации (СФОМ)-Самостоен синдикат	4.229	8.278	51.08%	**Приватен сектор** во областа на финансиско посредување
8.Синдикат за транспорт и врски (СТВ)-КСС	2.780	9.423	29.5%	**Јавен сектор** во областа на транспорт и складирање
9.Синдикат на поштенски и телекомуникациски оператори на Македонија (СПОТОМ)	236	3.910	6.03%	**Јавен сектор** во областа на телекомуникации заради учество во КД

10. Синдикат на работниците од Агро индустрискиот комплекс (АГРО)-ССМ	1.483	2.297	64.56%	**Приватен сектор** во областа на производство на тутунски производи
11. Синдикат на работниците од Агро индустрискиот комплекс (АГРО)-ССМ	3.270	17.147	19.07%	**Приватен сектор** во областа на производство на прехранбени производи заради КД
12. Синдикат на работниците од Агро индустрискиот комплекс (АГРО)-ССМ	1.269	7.986	15.90%	**Приватен сектор** во областа земјоделство заради учество во КД
13. Синдикат за здравство, фармација и социјална заштита (СЗФСЦ)-ССМ	9.212	38.115	24.17%	**Јавен сектор** во областа на здравството и социјална заштита
14. Синдикат за текстилната, кожарската и чевларската (СТКЧ)-ССМ	1.212	4.962	24.42%	**Приватен сектор** во областа на производство на кожа и чевли заради учество во КД
15.Македонски полициски синдикат (МПС)-ССМ	6.882	10.874	63.28%	**Јавен сектор во** областа на безбедноста
16. Синдикат на вработените од управата, правосудните органи и	5.738	9.622	59.6%	**Јавен сектор** од областа на административни и помошни

здруженија на граѓани (УПОЗ) - ССМ				услужни дејности
17. Синдикат на работниците на шумарството, дрвната индустрија и енергетиката	1.794	3.643	49.24%	**Оддел во областа на шумарство и искористување на шуми заради учество во колективно договарање на ниво на гранка. оддел**

Од горната табела можеме да видиме дека во постапката за утврдување на репрезентативен статус на синдикатите, Министерот за труд и социјална политика, заклучно до 1.09.2015 година донесе 17 Решенија за утврдување на репрезентативност на синдикати за одделни гранки, односно оддели, од кои девет се во областа на јавниот сектор, а осум од областа на приватниот сектор.

Постапката за утврдување на репрезентативност на Здруженијата на работодавачи по гранки, односно оддели се спроведе во текот на 2013 и 2014 година. Резултатите од спроведената постапка за репрезентативност на здруженијата на работодавци по гранки, односно оддели ќе ги прикажеме табеларно подолу.

Д. **Резултати за репрезентативност на здруженијата на работодавачи на ниво на гранка односно оддели во приватен и јавен сектор Табела бр. 5**

Здружение на работодавачи	**Бр. на членови**	**Бр. на вработени на ниво на гранка односно оддел**	**Процент (%)**	**Гранка/Оддел на производство на ниво на приватен сектор од областа на стопанството**
1.Организација на работодавачи на Македонија (ОРМ)	2.859	7.833	36.49%	На ниво на гранка, односно оддел во областа Снабдување со електрична енергија, гас,

				пареа и климатизација
2. Организација на работодавачи на Македонија (ОРМ)	11.577	35.282	32.30%	На ниво на гранка, односно оддел во областа на Производство на текстил и Производство на облека
3. Организација на работодавачи на Македонија (ОРМ)	1452	4725	30.73%	На ниво на гранка, односно оддел во областа на Производство на кожа и слични производи од кожа
4. Организација на работодавачи на Македонија (ОРМ)	465	1487	31.30%	На ниво на гранка, односно оддел во областа на Производство на хартија и производи од хартија
5. Организација на работодавачи на Македонија (ОРМ)	1.500	5.942	26.10%	На ниво на гранка, односно оддел во областа на Производството на хемикалии и хемиски производи и синтетички влакна
6. Организација на работодавачи	3250	5.346	60.79%	На ниво на гранка, односно оддел во областа на Дејности врз

на Македонија (ОРМ)				база на зачленување на ниво на приватен сектор во областа на стопанството во РМ (Заштитни друштва кои вработуваат инвалидизирани лица)
7. Организација на работодавачи на Македонија (ОРМ)	263	2253	11.70%	На ниво на гранка, односно оддел во областа на Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал
8. Организација на работодавачи на Македонија (ОРМ)	3466	7833	44.24%	На ниво на гранка, односно оддел во областа на Финасиски дејности и дејности на осигурување
9. Организација на работодавачи на Македонија (ОРМ)	1282	3196	40.11%	На ниво на гранка, односно оддел во областа на Производство на тутунски производи

Заклучок

Репрезентативниот модел на претставување е вовоеден со Закон за работни односи во 2005 (Сл. Весник на РМ р. 62/05), со многу висок процент на цензус (33%). Одредени синдикати и здруженија на работодавци покренаа иницијатива за воведување на подемократски критериуми со понизок цензус на членство на синдикатите и здруженијата на работодавци (10-20%). Со Законот за измените и дополнувањата на Законот за работни односи (Службен весник бр. 130/09) се воведе институцијата Комисија за утврдување на репрезентативност и нови критериуми, според кои се спроведе постапката за утврдување на репрезентативност на синдикатите и работодавците (две пребројувања).

Со воведувањето на репрезентативниот модел на претставување на синдикатот, односно здруженијата на работодавци во Република Македонија и воведувањето на институцијата Комисија за утврдување на репрезентативност се воведе ред во односите помеѓу синдикатите и здруженијата на работодавците. Се воспостави орган, критериуми и правна процедура за утврдување на репрезентативност на синдикатот и здруженијата на работодавци. Конфликтите помеѓу овие два облика на асоцијации во целост престанаа, а се создадоа рамноправни услови на сите субјекти за стекнување на репрезентативен статус. Во Извештаите на Европската комисија повеќе не се забележува на РМ дека социјалниот дијалог не функционира поради немање соодветни законски критериуми за утврдување на репрезентативност.

Врз основа на резултатите од второто пребројување за утврдување на репрезентативност на синдикатите и асоцијациите на работодавачи во РМ спроведено во 2013, 2014 и 2015 година можеме да заклучиме дека репрезентативен статус во јавниот сектор на ниво на РМ добиле Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) и Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС).

Исто така, врз основа на резултатите од второто пребројување за утврдување на репрезентативност на синдикатите на ниво на приватен сектор од областа на стопанството во Република Македонија ниту еден синдикат не ги исполни законски утврдените критериуми за добивање на репрезентативност, односно Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) согласно чл. 210 став 2 од ЗРО ги исполнува условите за утврдување на **репрезентативност заради учество во колективно договарање на ниво на приватен сектор од областа на стопанството во Република Македонија**.

Од истражувањето за репрезентативноста на синдикатите по гранки, односно оддели резултатите покажуваат дека Комисијата за утврдување на репрезентативност донела 17 решенија за утврдување на репрезентативност, од кои девет на синдикатите во јавниот сектор и осум во приватниот сектор.

Врз основа на резултатите од второто пребројување за утврдување на репрезентативност на здружение на работодавачи за територијата на РМ заради

учество во трипартитни тела за социјално партнерство и трипартитни делегации на социјалните партнери Решение за репрезентативност доби само Организацијата на работодавачи (ОРМ). Исто така, резултатите од второто пребројување за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддели во приватниот сектор во областа на стопанството покажуваат дека со репрезентативен статус по дејности, односно оддели, ОРМ доби решенија за репрезентативност во областа на **девет гранки, односно оддели.**

За да бидат покриени што поголем број на работници со колективни договори по гранки, односно дејности во РМ, потребно е да се промени критериумот за репрезентативност бројот на членови во насока на намалување процентот на бројот на членови на синдикатот на ниво на гранка, односно дејност од 20% на 15%, односно бројот на членовите на здруженијата на работодавачи по гранки, односно дејности од 10% на 5%.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Беловски, В. и Мајхошев, А. (2017), Трудово право, учебник, УГД, Штип;

Беловски, В (2015), Работните односи, Компанија д-р Беловски, Скопје;

Employee representatives in an enlarged Europe (2008), Volume 1, European Commission, Brussels;

Employee representatives in an enlarged Europe (2008), Volume 2, European Commission, Brussels;

Вотсон Филип (2009), Социјално право и ЗРО на ЕУ – Политика и практика во проширена Европа, Просветно дело, Скопје;

Industrial Relations in Europe (2009), European Commission, Brussels;

Casale Giuseppe (1999), "Social Dialogue in Central and Eastern Europe", ILO, Budapest;

Lubarda Branko (1997), Leksikon industriskih odnosa, Radnicka stampa, Beograd;

Lubarada Branko (1999), Resavanje kolektivnih radnih sporova, JURS, Beograd;

Lubarda, Branko (2004), Evropsko radno pravo, CID, Podgorica;

Мајхошев, А (2012), Улогата на социјалните партнери во колективното преговарање во РМ во периодот 1990-2012, НУУБ "Гоце Делчев"-Штип, стр.151-180;

Majhosev, Andon and Denkova, Jadranka (2014), *Results of the Procedure for Determining the Representativeness of Trade Unions and Employers' Associations in the Republic of Macedonia in 2010 (First count).* Balkan Social Science Review, 4. pp. 205-227. ISSN 1857- 8772;

Решенија на МТСП за репрезентативност на синдикатите о здруженијата на работодавачи (Службен весник на РМ бр. 155/13);

Решенија на МТСП за репрезентативност на синдикатите о здруженијата на работодавачи (Службен весник на РМ бр. 88/14);
Решенија на МТСП за репрезентативност на синдикатите о здруженијата на работодавачи (Службен весник на РМ бр. 185/15);
Salmon Michael (1998), *Industrial Relations-theory and practice*, Third edition;
James P. Begin&Edwin F. Beal (1989), *The practice of Collective Bargaining*, Chapter Eight;
Richard E. Walton and Robert B. McKersie (1965), *A Behavioral Theory of Labor Negotiations*, New York: McGraw-Hill Book Company;

Закони

Закон за работни односи, Сл. Весник на РМ, 62/05);
Законот за работни односи (Сл. Весник на РМ бр.130/09);
Закон за работни односи, пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр.16/10);

Интернет линкови

www.mtsp.gov.mk
www.ssm.org.mk
www.upoz.org.mk

Ангел Ристов
Вонреден професор ,
Правенфакултет „Јустинијан Први“,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

УДК.347.65/.68(497.7)
Original research paper

ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОТЕМЕЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ОСТАВИНАТА ВО МАКЕДОНСКОТО НАСЛЕДНО ПРАВО

Апстракт

Оставината, односно имотот на умреното лице, претставува една од основните претпоставки за настанување на наследноправниот однос. Доколку не постои оставина, и покрај тоа што има оставител, наследници и правен основ, нема наследување. По својата суштина, оставината претставува збир на имотни права и имотни обврски кои од оставителот, ipso iure, се пренесуваат на неговите наследници. За правилно распределување на оставината, од клучно значење е определувањето на нејзината содржина. Постојните законски решенија со кои се уредува предметот на наследување и неговата содржина се застарени и не се променети со децении. Поради тоа, тие создаваат бројни проблеми во практиката, особено во должничко-доверителските односи. Во трудот, авторот подробно го анализира поимот оставина, неговата содржина, како и правата и обврските кои не влегуваат во рамките на оставината, со цел да се надминат проблемите во практиката кои го отежнуваат наследувањето и создаваат правна несигурност.

Клучни зборови: *Наследно право, оставина, наследство, имотни права, имотни обврски.*

Angel Ristov, PhD
Associate Professor, Faculty of Law “Iustinuanus Primus”
University “Ss.Cyril and Methodius” Skopje

FOR THE NEED OF PRECISE REGULATION OF INHERITANCE IN THE MACEDONIAN INHERITANCE LAW

Abstract

Existence of Inheritance is the main condition for creation of the Inheritance Law relations. If there isn’t inheritance, although there are principal, successors and a legal title, there would not be inheritance. In its content, inheritance is consisted not onlu from rights but also and

obligations. For regular and legal dividing of the inheritance it's from important value determining its content. Present solutions that regulate the object of succession are outdated and haven't been changed for decades. In the practice they cause a lot of problems, esspecialy in the creditor-debtors relations. In the text the author is anylizing the notion of inheritance and it content, the rights and obligations from which it is consisted and the rights that are excluded from it, with aim to resolve the problems in the practice in the interes of legal certainty.

***Key words**: Inheritance Law, Inheritance, rights, obligations.*

Со настапувањето на смртта на оставителот престанува неговиот правен субјективитет. Се гаснат неговите лични права и обврски. Но, со смртта на оставителот не престануваат да постојат неговите имотни права и обврски. Тие во моментот на смртта, отворањето на наследството *(delatio hereditatis),* преминуваат на неговите наследници. Со тоа се обезбедува правната сигурност во имотните односи, во кои на местото на оставителот стапуваат неговите наследници. Така се остварува социјалната цел на наследувањето и се обезбедува континуитет во постоењето на приватната сопственост.[1] Ова од причина што наследувањето е е еден од основите за стекнување на сопственоста.[2]

Уредувањето на предметот на наследувањето, поточно определувањето на содржината на оставината, во македонското наследно право нема претрпено промени повеќе од шест децении.[3] Тоа е причината поради која постојното

[1] Приватната сопственост е еден од најзначајните облици на сопственост. Таа го мотивира човекот да работи, да создава материјални богатства за време на неговиот живот и повеќе отколку што му е потребно, знаејќи дека по смртта овие добра ќе ги наследат неговите најблиски. На нив значително ќе им биде олеснат животот благодарение на наследената сопственост. Приватната сопственост, истовремено, ги поттикнува луѓето и да штедат и да инвестираат со цел идните поколенија да бидат финансиски обезбедени. Во спротивно, доколку приватната сопственост не биде заштитена и не се наследува, тогаш целокупниот развој на човековата цивилизација и прогрес во општеството би замрел.

[2] Види повеќе за ова кај Асен Групче, *Имотно (Граѓанско) Право Втор дел Стварно Право,* Просветно дело, Скопје, 1985, стр. 207.

[3] За потребата од реформи во наследното право види поопширно кај: Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Дали се потребни промени во наследното право на Република Македонија", *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први", во Скопје во чест на проф. Ганзовски,* Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2011; Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследното право во Република Македонија,* Културна установа „Блесок", Скопје, 2010; Дејан Мицковиќ,

законодавство по однос на ова прашање се базира на решенијата од поранешниот социјалистички поредок.[4] Застарените решенија во практиката создаваат проблеми.[5] Непрецизното законско решение со кое се дефинира предметот на наследување, создава дилеми и преовладувачко мислење кај граѓаните дека се наследуваат само предметите и правата, но не и обврските на оставителот. Тоа е и една од причините поради која често долговите на оставителот не се пријавуваат од страна на наследниците во рамките на оставинската постапка.[6]

За разлика од другите законодавства, нашето наследно право не содржи изречни и прецизни одредби кои имотни права влегуваат, а кои не влегуваат во оставината.[7] Евентуалниот пропуст при правилното определување на содржината на оставината води кон нејзина неправилна распределба. Ваквата состојба, подоцна продуцира судски спорови кои траат со години и создаваат правна несигурност во имотните односи. Поради ова, од исклучителна важност за практичарите и наследниците е знаењето на вистинскиот „рецепт за оставината".

Со цел подобро и попрецизно да ги разјасниме дилемите поврзани со оставината, како и да ги надминеме постојните проблеми, во текстот што следи темелно ќе биде анализирано прашањето за поимот и содржината на оставината,

---

Ристов Ангел, „Реформите во семејното и наследното право и ингеренциите на нотарите", *Нотариус,* бр. 19, Скопје, декември 2011; Мицковиќ Дејан, Ристов Ангел, „Реформите во наследното право предвидени во Преднацртот на Граѓанскиот законик на Република Македонија", *Правник,* Здружение на правниците на Република Македонија, Скопје, јануари, 2014.

[4] Види повеќе кај Миле Хаџи Василев, *Наследно право,* Култура, Скопје, 1983, стр. 188. Исто види: Спировиќ Трпеновска Љиљана, Мицковиќ Дејан, Ристов Ангел, „Дали се потребни промени во наследното право на Република Македонија", *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. Ганзовски,* Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2010.

[5] За промените во општеството и нивното влијание на наследните односи види повеќе кај: Љиљана Спировиќ Трпеновска, Мицковиќ Дејан, Ристов Ангел, „Современите тенденции во наследното право" *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. Никола Матовски,* Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2010.

[6] За ова повеќе види кај: Ангел Ристов, Законот за наследување од аспект на практичната примена на На членот 30 став 3 од Законот за извршување, *Меѓународен семинар на извршители,* Сандански март 2018; Ангел Ристов, „Актуелни прашања и дилеми поврзани со остварувањето на побарувањата во имотно-правните односи во македонското право" *Меѓународен семинар на извршители,* Сандански, Р. Бугарија, 7 – 10 мај 2015;

[7] Повеќе за ова види кај Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследно право,* Стоби Трејд, Скопје, 2016.

како и прашањето за издвојување на правата и обврските кои не влегуваат во рамките на оставината. На крајот, врз основа на анализата на постојните проблеми во практиката и решенијата од споредбеното право ќе бидеме во можност да ги изложиме предлозите за подобро и попрецизно уредување на оставината во Нацртот на Книга 4-та Наследноправни односи од Граѓанскиот законик на Република Македонија.

1.Определување на поимот оставина

Во македонското наследно право и во правниот живот не постои единствен термин со кој се означува предметот на наследувањето, т.е. „се она што во моментот на смртта на оставителот преминува на неговите наследници.“[8] Законодавецот во одредбите од Законот за наследувањето[9] и Законот за вонпарнична постапка[10] користи повеќе термини за означување на предметот на наследување, како што се: *оставина,*[11] *наследство*, *оставинска маса* и *имот на умрениот*. Иако овие термини се различни тие по својата содржина се исти (освен терминот оставинска маса), бидејќи ги опфаќаат имотните права и обврски кои му припаѓаат на едно лице.[12] Сепак, разлика помеѓу нив се состои

[8] Миле Хаџи Василев, *op.cit.,* стр. 188.

[9] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/96.

[10] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/11.

[11] Во римското право оставината или *hereditas* била збирна ствар *(universitas iuris),* составена од наследливите имотни права, што во моментот на смртта ги имал de *cuius.* Оставината се состоела од сопственичките овластувања на оставителот, како и од сите други стварни права врз туѓи ствари, исклучувајќи ги личните службености. Во неа влегувале и облигационите побарувања како и облигационите долгови, исклучувајќи ги побарувањата и долговите *intuitu personae,* што се гаселе со смртта на оставителот. Наследливите стварни права и облигациони побарувања ја сочинувале активата на оставината, а наследливите долгови ја сочинувале нејзината пасива. Разликата меѓу вредноста на активата и пасивата ја сочинувала чистата оставина. Така Иво Пухан, *Римско право,* Универзитет Кирил и Методиј, Скопје, 1973, стр. 431.

[12] По однос на прашањето дали поимот оставина е идентичен со поимот имот во теоријата се присутни две гледишта. Според едно становиште поимот оставина е потесен и поширок поим од од поимот имот. Потесен е бидејќи не се сите граѓански субјективни права подобни за наследување. Поширок е бидејќи предмет на наследување можат да бидат и такви „ствари и права“ кои припаѓаат на оставителот кои немаат материјална вредност, како што се семејните и личните успомени, моралните авторски права и др. Според друго преовладувачко становиште, поимот оставина е потесен од поимот имот, затоа што одредени субјективни граѓански права кои припаѓале на поединци не можат да бидат предмет на наследување, како што се на пример моралните овластувања од авторските права или правата од индустриска сопственост. Така Slavko Marković, *Nasledno pravo u Jugoslaviji,* Savremen Administracija, 1978, стр. 43.

во тоа што кога титуларот на имотните права и обврски е жив, во правниот живот се користи терминот *имот.*[13] Кога титуларот е починат, тогаш се користи терминот *оставина, наследство* или *имот на умрениот*. Во таа смисла, професорот Гавела со право истакнува дека „за својот живот никој нема оставина, таа во тоа време сеуште не постои. Оставината настанува во моментот кога престанува правниот субјективитет на некое физичко лице, значи во моментот на неговата смрт. Тогаш оставината настанува како остаток од онаа положба во правните односи (правна положба) која оставителот ја имал во моментот на смртта.“[14] По својата суштина *оставината* претставува збир на имотни права и обврски кои се подобни за наследување во моментот на смртта на оставителот. Тоа е сè она што оставителот им го остава на своите наследници и што може да премине на наследниците. Сепак, не може се што припаѓало на оставителот да премине на наследниците. Не може да премине на наследниците нешто што е ненаследливо (лични права и обврски, семејни права и сл.). Во оваа смисла, во теоријата е застапено становиштетот според кое: „За да може некој правен ентитет да биде дел од составот на оставината треба да бидат исполнети неколку претпоставки: 1) треба да му припаѓа на оставителот во моментот на неговата смрт; 2) треба да е наследлив; и 3) треба да е слободен за наследување.“ [15]

Во правниот живот, терминот *наследство,* најчесто се користи од аспект на наследниците, означувајќи ги имотните права и обврски кои што тие ги наследуваат во моментот на смртта на оставителот. Со терминот пак *оставинска маса,* се означуваат движните и недвижните ствари кои му припаѓале на оставителот. Освен овие термини, во судската пракса се користи и терминот *имот на умрениот* со кој, исто така, се означува збирот на имотни права и обврски кои умрениот ги оставил по својата смрт.

Во правната теорија одамна е надминатa дебатата и дискусијата за поимот имот, односно оставина и неговата содржина, која денес нема никакво практично значење.[16] Станува збор за прашањето, дали оставината ја сочинуваат правата и обврските или само правата без обврските, кои претставуваат нејзин товар.[17] Според една понова теорија, под поимот оставина се подразбираат стварите и правата на оставителот кои се пренесуваат на наследниците.[18]

[13] Во српското и црногорското право кога титуларот на имотот е жив се користи терминот „Имаоник“.
[14] Nikola Gavela, *Nasljedno pravo,* Informator, Zagreb, 1986, стр. 60.
[15] Така Владислав Ђ.Ђорђевић, Наследно право, Правни факултет Ниш, 1997, стр. 55; Nikola Gavela, *op. cit.,* стр. 60.
[16] Така и Дејан Б. Ђурђевић, *Институције наследног права,* осмо издање, Београд, 2017, стр. 49. Повеќе за ова види и кај Nikola Gavela, *op. cit.,* стр. 66-67.
[17] Повеќе за ова види кај Миле Хаџивасилев, *op. cit.,* стр. 32-33.
[18] *Ibidem.*

Обврските претставуваат товар на оставината што служи за намирување на овие обврски. Во таа смисла, доколку се прифати дека се наследуваат и обврските, тогаш би морало да се дозволи оставината да се состои само од обврски.[19] Поради тоа, професорот Марковиќ истакнува дека во поимот оставина спаѓаат само имотните права, додека обврските се товар на имотот.[20] Според постарата теорија, оставината претставува збир од имотни права и обврски кои од оставителот преминуваат на наследниците.[21] Така според професорот Благојевиќ „збирот на сите права и обврски, целокупната актива и пасива на умреното лице кои се подобни за наследување, кои преминуваат по основ за наследување според прописите на наследното право, на наследникот се нарекуваат оставина, наследство, наследна маса.“ Во таа смисла, говори и професорот Гавела според кој „правата, обврските и други правни ентитети поврзани се во оставината со врска како онаа што ги поврзувала за време на животот на оставителот...За да може правните односи на умрениот правен субјект да продолжат со неговиот наследник такви какви што биле, не смее со смртта на оставителот да се прекине врската меѓу неговите права и обврски, па затоа таа и не се прекинува.“[22]

Во Законот за наследувањето од 1996 година, исто како и во претходните наследноправни прописи, е прифатена поновата концепција за поимот имот, според која обврските не се составен дел на предметот на наследување, туку нејзин товар. Во таа смисла, законодавецот во рамките на одредбата за предметот на наследувањето, изречно пропишува дека: „Да се наследуваат можат предмети и права што им припаѓаат на поединци.“[23] Ваквата дефиниција не е прецизна и точна од неколку аспекти. Поради тоа, создава дилеми и проблеми во праксата. *Прво,* општопознато е дека не сите ствари и права кои што им припаѓаат на поединци (физички лица) можат да се наследуваат. Личните права, родителските права, правата на издршка не можат да се наследуваат. Можат да се наследуваат само имотните права на оставителот. *Второ,* не се наследуваат само правата на оставителот, туку и неговите имотни обврски кои ја сочинуваат пасивата на оставината. *Трето,* во законската одредба неправилно се говори за наследување на предмети (ствари), затоа што тие се предмет на стварните права. Да се наследуваат можат само стварни права (сопственост, залог, долготраен закуп на градежно земјиште и др.).[24] Согласно

[19] Slavko Marković, *op. cit.,* стр. 43.
[20] *Ibidem.*
[21] Види кај Миле Хаџивасилев, *op. cit.,* стр. 32-33.
[22] Nikola Gavela, *op. cit.,* стр. 65-66.
[23] Чл. 2 од ЗН.
[24] „Предмет на правото на сопственост се сите ствари, коишто можат да припаѓаат на физички и правни лица, освен оние што според својата природа или врз основа на закон

законските одредби, освен стварните права, се наследува и владението. Наследникот станува владетел во моментот на смртта на оставителот, освен ако со закон не е поинаку определено.[25] Владението на стварите и правата на оставителот преоѓаат на наследникот такви какви што биле во моментот на неговата смрт.[26]

Во ЗН долговите на оставителот се предвидени во делот посветен на утврдување на вредноста на оставината.[27] Во таа смисла, законодавецот во утврдувањето на вредноста на оставината ги зема предвид не само вредноста на добрата и побарувањата кои ја сочинуваат активата на оставината, туку и долговите кои ја претставуваат пасивата на оставината. Претставата за имотот и имотната состојба на оставителот не може да биде комплетна и целосна, доколку при утврдувањето на вредноста не бидат земени во предвид и долговите, односно имотните обврски. Во таа насока се и одредбите за одговорност на наследниците за долговите на оставителот од членот 83 на Законот за сопственост и други стварни права[28] (ЗСДСП) од 2001 година. Според овие одредби, наследникот одговара за долговите на оставителот до висината на вредноста на наследениот имот. Ако наследникот се откажал од наследството, тој не одговара за долговите на оставителот. Кога има повеќе наследници тие одговараат солидарно за долговите на оставителот и тоа секој до висината на вредноста на својот дел од наследениот имот, без оглед на тоа дали е извршена делба на наследството. Меѓу наследниците долговите се делат сразмерно со вредноста на имотот што секој од нив го наследил, ако со тестаментот поинаку не е определено. Овие одредби законодавецот неосновано ги пренесе од Законот за наследувањето во овој закон.[29] На тој начин, придонесе да се зголеми заблудата на граѓаните дека долговите на оставителот не се наследуваат!

И судската пракса е на становиштето дека долговите се составен дел на оставината. Во една своја одлука Врховниот суд на РМ констатирал дека: „Законските наследници на оставителот се должни да го вратат долгот што го направил оставителот и тие за долгот одговараат солидарно до висината на вредноста на својот дел од наследениот имот *(Рев. 484/97).* Во друга одлука

не можат да бидат предмет на ова право. Ствар, во смисла на овој закон, е дел од материјалната природа што може да биде во власт на човекот и што може да се индивидуализира.“ Чл. 12, ст. 1 и 2 од ЗСДСП.

[25] Чл. 178, ст. 1 *Ibid.*

[26] Чл. 178 ст. 2 *Ibid.*

[27] Види чл. 33 од ЗН.

[28] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 92/08 и 139/09.

[29] За потребата од реинтеграција на одредбите со кои се уредува наследувањето во македонското законодавство повеќе види кај: Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Реформата на наследното право во Република Македонија,* Стобитрејд, Скопје, 2016, стр. 203-212.

Врховниот суд на Македонија, исто така, констатирал дека: „Одговорноста на наследникот, во смисла на ...ЗН за наследување на долговите на оставителот до висината на вредноста на наследениот имот, се утврдува во текот на процесната постапка, а не во извршната постапка, бидејќи пресудата со која тој се задолжува да го плати долгот може да се движи само во рамките на вредноста на наследениот дел“ *(Рев. 623/80 од 1.11.1980).*

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, во целост се согласуваме со авторите кои сметаат дека теоретската расправа по однос на прашањето дали долговите се товар на оставината или нејзин составен дел нема никаква практична важност. Ова од причина што и во однос на двете концепции крајниот резултат е ист. Наследниците ги наследуваат не само имотните права, туку и долговите, односно имотните обврски на оставителот. Се разбира до висина на наследениот дел од оставината. Врз основа на тоа, сметаме дека подобро и попрецизно решение би било доколку предметот на наследувањето – оставината, се дефинира како збир од имотни права и имотни обврски, подобни за наследување, кои што оставителот во моментот на својата смрт им ги остава на своите наследници.

2. Утврдување на вредноста на оставината

По смртта на оставителот првите сознанија за неговата оставина матичарот ги добива од страна на неговите наследниците. Практиката покажува дека поради стресната состојба и жалоста по загубениот живот, многу тешко се добиваат целосни податоци поврзани со оставината или воопшто тие не се ни даваат од наследниците. Религиозните убедувања за упокојувањето на душата на умрениот, исто така, влијаат на текот на постапката. Тоа е причината поради која матичарот не може да ја испочитува обврската во законскиот рок од 30 дена по смртта на оставителот да достави смртовница до судот. Доверителите како лица со правен интерес, според нашето законодавство немаат достап до овие информации. Затоа се чести смртовниците кои содржат само податоци за некои од најблиските наследници. Тоа придонесува ваквата обврска да мора да ја извршува нотарот, во рамките на оставинската постапка, чија работа е отежната поради немањето на службен пристап до бараните информации од значење за релаизација на оставинската постапка.

Во практиката, и покрај тоа што законот предвидува таква можност, ретки се случаите кога се прави попис и процена на оставината. Согласно законот прво треба да се попишат и проценат сите добра што оставителот ги имал во моментот на смртта, сметајќи го тука и се она со што располагал со тестаментот, како и сите негови побарувања, па и оние кои ги има спрема некој

наследник освен побарувањата кои се очигледно ненаплатливи.[30] Вака утврдената вредност ја сочинува активата на оставината. Од утврдената вредност добрата што ги имал оставителот во моментот на смртта се одбива износот на оставителовите долгови, износот на трошоците за пописот и проценатa на оставината и трошоците на закопот на оставителот.[31] Овој износ претставува пасива на оставината. Откако ќе се одземе пасивата од активата се добива нето вредноста на оставината. Кога се бара процена на оставината, потребно е истата да ја направи стручно лице проценител. И покрај тоа што наследниците ги наследуваат правата и обврските присутен е феноменот на непријавување на долговите, обврските на оставителот. Ваквата пракса ги става доверителите во неповолна положба, отежнувајќи го намирувањето на нивните права по смртта на оставителот, создавајќи правна несигурност во правниот промет.

3.Содржина на оставината

По својата содржина оставината се состои од имотните права и обврски кои ги поседувал оставителот во моментот на смртта. Најголемиот дел од неа го сочинуваат движни и недвижни ствари кои оставителот ги поседувал во сопственост или во владение оставителот, како и други стварни права (хипотека, рачен залог, долготраен закуп на градежно земјиште и др.). Освен стварните права, во составот на оставината влегуваат и облигационите права, наследните права стекнати по основ на наследничка трансмисија и материјални права од правата на интелектуална сопственост (авторски права и права од индустриска сопственост и други сродни права).

За разлика од споредбеното наследно право,[32] во постојните законски решенија со кои се уредува составот на оставината недостасува одредба со која што изречно би се предвидело дека личните права и обврски кои се тесно поврзани за личноста и својствата на оставителот не влегуваат во рамките на

[30] Чл. 33 ст.1 ал.1 Закон за вонпарнична постапка.

[31] Чл. 33 ст. 1 ал. 2 *Ibid.*

[32] Во Граѓанскиот законик на Руската Федерација се предвидува дека: „Правата и обврските кои се неодвоиви од личноста на оставителот, а особено правото на издршка, правото на надомест на штета поради загрозување на животот и здравјето, како и правата и обврските кои според овој законик и други закони не се наследуваат не се вклучуваат во оставината. Види член 1112 од Граѓанскиот закон на Русија. Слично решение е предвидено и во Граѓанскиот законик на Грузија, со кој се уредува дека: „Во оставината не влегуваат личните права и обврски кои може да припаѓаат само на оставителот, како и правата и обврските предвидени во закон или во договор кои се остваруваат само во текот на животот на доверителот и на должникот, и престануваат да постојат со нивната смрт. Види член 1330 од Граѓанскиот закон на Грузија.

оставината. Тие се гаснат и престануваат да постојат во моментот на смртта на оставителот. Имајќи го во предвид погоре наведеното, сметаме дека во престојната реформа на наследното право треба да се надмине постојната правна празнина и да се предвиди прецизна одредба за предметот на наследувањето, со која што изречно ќе биде предвидено дека личните права и обврски не влегуваат во оставината. Покрај нив, во оставината не влегуваат добрата со кои оставителот располагал со договорот за доживотна издршка, а чие предавање на давателот е одложено до смртта на примателот на издршката.[33] Во постојниот ЗН, законодавецот превидел да предвиди дека во оставината не влегува ниту имотот на оставителот со кој тој располагал со договор за отстапување на имот за време на живот. За разлика од него, Законот за наследување од 1973 година во членот 112 предвидуваше дека: „Кога предокот кој уште за време на животот извршил отстапување и распределба на својот имот ќе умре, неговата оставина ќе ја сочинуваат само оние негови добра што не биле опфатени со отстапувањето и со распределбата, како и добрата со кои дополнително се здобил. Добрата што ги добиле порано неговите потомци со отстапувањето или распределбата не влегуваат во неговата оставина и не се земаат во предвид при утврдувањето на вредноста на оставината.“ Во реформата на наследното право ваквата одредба сметаме дека е добро да биде повторно вклучена во рамките на законскиот текст.

Најзначајниот дел од вредноста на оставината вобичаено ја сочинуваат стварите. Тие претставуваат дел од материјалната природа што можат да бидат под власта на човекот и да имаат карактер на стока, односно да се изразливи во пари и да се во правен промет. Во македонското право под поимот ствар се подразбира „дел од материјалната природа што може да биде под власта на човекот и што може да се индивидуализира.“[34] За да можат стварите на оставителот да бидат предмет на наследување, тие треба да бидат во негова сопственост *(Nemo plus iuris altere transfere potest quam ipse habet).* Предмет на правото на сопственост се сите ствари коишто можат да припаѓаат на физички и правни лица, освен оние што според својата природа или врз основа на закон не можат да бидат предмет на ова право.[35] Постојат повеќе видови на ствари во законодавната практика и теоријата, но за наследното право од особено значење е поделбата на стварите на движни и недвижни. Ова од причина што секогаш кога во оставината постојат недвижни ствари (згради, деловен простор, станови, земјишта и др.), постои законска обврска судот да поведе оставинска постапка. Кога оставителот оставил само подвижни ствари, тогаш судот ќе одлучи да не се води постапка за расправање на оставината доколку ниту едно од лицата

[33] Член 33 став 2 од ЗН.
[34] Член 12 став 2 од ЗСДСП.
[35] Член12 став 1 од ЗСДСП.

повикани на наследство не бара да се спроведе расправа.[36] Освен стварите кои се во сопственост на оставителот, предмет на наследување се и стварите во негово владение. Со смртта на оставителот наследниците го наследуваат владението на стварите на оставителот. Наследникот станува владетел во моментот на смртта на оставителот, освен ако со закон поинаку не е определено.[37] Притоа, владението на стварите и правата на оставителот преоѓаат на наследникот такви какви што биле во моментот на неговата смрт.

Во оставината на оставителот најчесто влегуваат стварните права, кои претставуваат потполна или делумна власт врз стварите призната од страна на правниот поредок. Најзначајно од сите стварни права е правото на сопственост. Тоа претставува потполна власт врз стварите призната од правото, кое му овозможува на сопственикот по своја волја да ја држи стварта, да се користи и да располага со неа во границите определени со закон, а сите други лица се должни да го почитуваат тоа право. (*Ius utendi, fruendi, abutendi rea sua quatenis iuris patitur*). Покрај сопственоста, како потполно стварно право, предмет на наследување се другите стварни права или стварните права кои произлегуваат од неа, познати уште како изведени или ограничени стварни права. Станува збор за стварните службености (полски, куќни, техничко-комунални), заложното право (рачен залог, хипотека, фидуцијарниот пренос на сопственост), реалниот товар, правото на долготраен закуп на изградено или неизградено градежно земјиште, правото на долготраен закуп на земјоделско земјиште и правото на користење. За разлика од наведените стварни права, личните службености (плодоуживање - *ususfructus*, користење - *usus* и станување - *habitatio*) кои се поврзани за личноста на нивниот титулар се непреносливи и не влегуваат во рамките на оставината.

По својата застапеност, покрај стварите и стварните права, во оставината влегуваат и облигационите права.[38] Како облигациони права кои се наследуваат најчесто се присутни побарувањата кои произлегуваат од договорите. Понатаму, следат побарувањата кои произлегуваат од деликтите, односно причинувањето на материјална штета, губење или намалување на работна способност. Чести се случаите кога во оставината влегува и побарувањето по основ на надомест на нематеријална штета на оставителот, но само доколку до моментот на смртта на оставителот таа е досудена со правосилна пресуда, судска спогодба или валиден договор. Во оставината поретки се побарувањата кои произлегуваат од другите облигациони односи *variae causarum figurae,* како на пример неоснованото

[36] Член 165 став 2 од ЗВП.

[37] Член 178 став 1 од ЗСДСП.

[38] Повеќе за облигационите права види кај: Димитар Поп Георгиев, *Облигационо право,* Универзитет „Кирил и Методиј“ Скопје, 1990; Кирил Чавдар, Кимо Чавдар, *Закон за облигационите односи,* Академик, Скопје, 2008.

збогатување *(condictio sine causa)* и неповиканото вршење на туѓи работи *(negotiorum gestor).*

Во составот на оставината можат да се јават и наследните права, како вид на привремени имотни права, кои во својата суштина се облигациони или стварни права. Во животот чести се случаите кога оставителот починал, оставинската постапка сеуште не е поведена или во нејзиниот тек, некој од наследниците на оставителот ќе почине без има можност да даде наследничка изјава дека се прифаќа за наследник или се откажува од наследството. Во таков случај настанува наследничка трансмисија, односно пренесување на правото на откажување од наследство од оставителовиот наследник на неговите наследници.[39] Со оглед дека во постојното законодавство не постои временски рок во кој треба да започне оставинската постапка, како и законски рок во кој наследниците треба се изјаснат дали го прифаќаат или се откажуваат од наследството, наследничката трансмија е многу често застапена во практиката. Овој факт го потврдуваат големиот број на судски пресуди во кои понекогаш погрешно се поистоветува со правото на претставување.[40]

Во рамките на оставината влегуваат авторското право и сродните права, како и правата од индустриска сопственост. Предмет на правата од интелектуалната сопственост се општествените односи кои настануваат во врска со интелектуалните (нематеријални) духовните творби во областа на индустријата, науката, книжевноста и уметноста (авторски дела, пронајдок и др.). Притоа се наследува само материјалната (имотната) компонента на овие

[39] Повеќе за наследничката трансмисија види кај: Ангел Ристов, Катерина Кочковска, „Правото на претставување, правото на прираснување и наследничката трансмисија во македонското наследно право, "*Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први"во Скопје во чест на проф. Кики Мангова Поњавиќ",* Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2012; Ангел Ристов, „Правото на претставување, правото на прираснување и наследничката трансмисија", *Нотариус,* бр. 22, Нотарска комора на Република Македонија, 2013.

[40] Снаата од синот на оставителката има право на наследство спрема оставителката само ако нејзиниот брачен другар-син на оставителката, умрел после оставителката, а не пред неа. *(Одлука на Врховниот суд на РМ У. 1017/98 година).* Со решение за наследување за наследници се огласуваат лицата кои во моментот на смртта биле живи. Според тоа, за наследник се огласува и лице кое во текот на постапката за расправање на оставината умрело. Во случај кога во текот на постапката за расправање на оставина еден од наследниците умре, со неговата смрт се отвора негово посебно наследство па судот може истовремено да расправа и за оставината на оставителот кој умрел подоцна во текот на постапката. Меѓутоа, во решението за наследување (иако се донесува формално едно решение) потребно е да се расправи и одлучи за двете одделни оставини кои треба да бидат јасно одвоени, како во однос на потомците на оставителот и имотот што ја сочинува нивната оставина, така и за правата што им припаѓаат на нивните наследници поодделно. *(Решение на Окружен суд – Скопје Гж. бр. 1185/77 од 6.II.1977година).*

права, бидејќи моралната компонента е сврзана за личноста на авторот, пронајдувачот и сл., таа е непреносliва.

Во оставината освен имотните права на оставителот, влегуваат и имотните обврски. Личните обврски сврзани со личните својства и карактериски на оставителот *(intiutu personae)* не се наследуваат, како на пример обврската да се напише песна или сценарио за филм, да се изработи портрет и слично. Тие престануваат во моментот на смртта на оставителот. Обврските на оставителот во ЗН изречно се предвидени во одредбите од членот 33 кој предвидува дека: „Од утврдената вредност на добрата што ги имал оставителот во моментот на смртта се одбива износот на оставителовите долгови, износот на трошоците на пописот и проценатa на оставината и трошоците на закопот на оставителот.“ Сметаме дека оваа законска одредба е нецелосна и дека би требало да се прошири и допрецизира со одредби кои што се однесуваат на долговите на оставителот, трошоците за лекување и нега на оставителот, како и трошоците за управување со оставината. Вакви решенија се предвидени во повеќе европски законодавства.[41] Имајќи го во предвид ова и во македонското наследно законодавство, по примерот на решенијата од споредбеното наследно право, треба попрецизно да се определат обврските кои влегуваат во составот на оставината, со што ќе се обезбеди поголема правна сигурност и заштита на правата на наследниците, како и заштита на правата на доверителите.

4.Издвојување на делови од оставината

Освен личните права и обврски, како и делови од имотот со кои е располагано по основ на т.н. наследноправни договори за време на живот, постојат и други имотни права кои не влегуваат во рамките на оставината.

Одредбата од Законот за договорен залог, во која се вели дека „ во залог може да се даде и предмет врз кој веќе е заснован залог “ [9], се применува и кај правото од интелектуална сопственост како предмет на залог. Редоследот по кој ќе се намируваат доверителите се определува според датумот на уписот во регистарот. Доколку барањата се поднесени во ист момент, ден и час во таков случај имаат еднаков третман при намирувањето на побарувањата.

Во поглед на заедничка сопственост врз некое право од интелектуална сопственост значајно е да напоменеме дека при залог во таков случај потребно е да се обезбеди заверена изјава за согласност од сите заеднички сопственици.[10]

Останува да видиме дали постои ваква пракса на заложување на правата од интелектуална сопственост, кај нас и во светот и кои се причините за постоење или непостоење на ваквата пракса.

3. Компаративна пракса

Во последно време, на светската сцена се повеќе се зборува за значајноста и влијанието на правниот систем врз понудата на кредити и склучувањето на договори за кредити, како и неговото влијанието врз реалната економската активност на компаниите. Правниот систем кој нуди соодветни решенија во законите за договорен залог, за обезбедувањата на побарувањата и гаранциите, овозможува стабилност како на кредиторите кои вршат позајмувања, така и на друштвата кои ги користат ваквите средства. Ова особено е значајно за малите и средни претпријатија кои најчесто нов и свеж капитал остваруваат преку кредитите од комерцијалните банки. Централно значење за кредиторите, кои во нашата земја најчесто се банките би имала можноста за почесто користење на подвижните ствари и права (пр. права од интелектуална сопственост) како гаранција, во замена за недвижностите, кога се врши позајмување, односно,

[9] Закон за договорен залог, „Службен весник на Р. М “, бр. 05/03, 04/05, 87/07, 51/11, 74/12, 115/14, 98/15, 61/16, чл. 6

[10] Ibid.

кредитирање. Под подвижни ствари и права овде се подразбираат сите оние машини, пронајдоци, побарувања, права од интелектуална сопственост како што се патенти, трговски марки, индустриски дизајн и сл. Добро оформените одредби на законите кои ја регулираат оваа област би допринеле за почесто користење на подвижните ствари и правата од интелектуална сопственост како средство за обезбедување, односно, средство за залог.[11] Сметаме дека Законот за договорен залог кој ја регулира токму оваа материја во Р. Македонија е солидно формулиран и ги задоволува потребите на кредиторите за успешно кредитирање, со користење на подвижните предмети како средство за обезбедување на побарувањето, но содржи многу малку одредби за случаите на залог на права од интелектуална сопственост. Според нашето мислење, ваквите случаи се регулирани во законот само периферно и незначително, без посветување на доволно внимание кое сметаме дека го заслужуваат.

Според податоците на Светска банка, обично кредиторите во земјите во развој многу помалку и поретко ги користат подвижните предмети и правата од интелектуална сопственост како обезбедување при пласман на кредити. Обично тие не сакаат да прифатат подвижни предмети, односно подвижен имот или права како гаранција за побарувањето, најчесто плашејќи се од ризикот кој тие со себе го носат. Неприфаќањето на подвижен имот или права како гаранција, може да претставува голем проблем особено за претпријатијата кои се потпираат исклучиво на банкарските кредити, како извор на финансирање, а кои не поседуваат друг имот кој би можеле да го заложат. Праксата во Европа покажува дека само неколку банки ги користеле правата од интелектуална сопственост како обезбедување на побарувањата и за развој на кредитните портфолија на малите и средни претпријатија.[12] Во моментов ваквата можност ја нудат и користат само неколку Европски банки, додека останатите бележат тешкотии при разбирањето на пазарот на нематеријални добра. Затоа, постојат примери каде често како предмет за обезбедување на побарувањето се земе целата вредност на компанијата, во која целина влегува целокупниот подвижен и недвижен имот, од мебелот, недвижностите па, се до софтверите и правата од интелектуална сопственост. Комерцијалните банки во најголем број од случаите, самите прават проценки и анализи и утврдуваат дали одредено право од интелектуална сопственост може да послужи како предмет на залог и обезбедување на побарувањето. Во најголем број од случаите ги третираат

[11] W. Mann, *Creditor rights and innovation: Evidence from patent collateral*, Anderson School of Management, UCLA, 2016, pp. 3

[12] *Intellectual property and access to finance for high growth SMEs*, Working Paper, European Commission, Brussels, 2006, pp. 6

ваквите обезбедувања како ризичен, несигурен облик на залог.[13] Ова произлегува од таму што банките немаат соодветна стручност за да направат правилна, стручна и точна проценка на вредноста на одредено право на интелектуална сопственост (патент, трговска марка, дизајн), па затоа не се решаваат да го прифатат ваквиот имот како средство за обезбедување.

За разлика од Европските банки, во Јапонија, Банката за развој (The Development Bank of Japan) има имплементирано во своето работење кредитен систем кој дозволува и овозможува користење на патентите, па дури и на патентните апликации како залог за издадените кредити на мали и средни претпријатија. Од моментот на воведување на ваквиот кредитен систем, таа има доделено повеќе од 250 кредити на компании кои ги заложиле правата од интелектуална сопственост, а банката успешно ги следи и проценува сегашните вредности на паричните текови кои би требало да се генерираат од заложените права.[14]

Во Соединетите американски држави токму подвижните предмети и некои права од интелектуална сопственост како што се патентите на пример, се користат како гаранција за кредит. Во САД на пример, околу 63% од дадените кредити на мали и средни претпријатија се обезбедени со движен имот.[15] Во 2013 година, околу 38 % од компаниите таму кои поседувале патенти, го имаат заложено патентот како средство за гаранција при подигање на кредит во текот на животниот циклус на патентот, а 20 % од добиените средства ги реинвестирале во истражувања и развој на својата компанија.[16] Типичен пример за ваков тип на кредитирање е оној каде во 2001 година Банката на Америка (Bank of America) издала кредит во висина од 350 милиони долари за компанијата Levy Strauss, а обезбедување за ваквиот кредит била токму трговската марка на компанијата. Договорот вклучувал и револвинг кредитна линија обезбедена со инвентарот на компанијата.[17] Компанијата ги искористила вака добиените средства за раздолжување на претходни кредити и трошоци и за редизајнирање на своите основни бизнис линии. Покрај ова, во 2003 година истата компанија го редефинирала и рефинансирала својот долг, со повторно задолжување за нови 500 милиони долари и повторно со обезбедување односно, ставање под залог на својата трговска марка. Сличен на овој пример, е и примерот на Ен Тејлор и

[13] ibid, pp. 8
[14] *Intellectual property and access to finance for high growth SMEs*, Working Paper, European Commission, Brussels, 2006, pp. 9
[15] W. Mann, *Creditor rights and innovation: Evidence from patent collateral*, Anderson School of Management, UCLA, 2016, pp. 7
[16] ibid, pp. 8
[17] M. Loumioti, *The use of intangible assets as loan collateral*, Paper, University of Southern California, 2011, pp. 10

компанијата „ GIK Worldwide “, кои исто така ги имаат заложени своите права од интелектуална сопственост за добивање на кредит.[18]

Едно истражување на оваа тема направил професорот Вилијам Манн, кој анализирал, како се користел патентот како еден од видовите на права од интелектуална сопственост, како предмет на залог низ годините во Соединетите американски држави, анализирајќи го периодот од 1990 до 2013 година. Ваквото истражување покажало дека од 1990 година па наваму, се бележи значајно придвижување во нагорна линија на користењето на патентот како залог за добивање на кредит и нови финансиски средства од страна на компаниите во САД. Ваквиот тренд на зголемување на издадени кредити со залог на права од интелектуална сопственост како обезбедување е резултат на новото време во кое се забележува дека повеќето американските компании вложуваат огромни суми (кои се проценуваат на околу 1 трилион) во развој на нематеријалните средства и правата од интелектуална сопственост како дел од нив. Покрај тоа, извештаите на федералните служби констатирале дека годишната стапка на раст на приходите од правата на интелектуална сопственост со кои располагаат американските компании се зголемила за 11 % само во периодот од 1994 до 2005 година.[19]

И покрај сè, истражувањето на Вилијам Манн покажало дека кредитите обезбедени со ваков залог, во најголем дел од случаите се резервирани само за големи, зрели, веќе развиени компании, со богато патентно портфолио, кои имаат голема репутација и реноме и кои имаат солидна историја на парични текови и ликвидност.

Истражувањето покажало дека патентите кои се користеле како залог, најмногу биле од фармацевтската индустрија (лекови и медикаменти), понатаму следувале патенти од електротехниката (за електронски уреди), па понатаму патенти од информатичката индустрија (за компјутерски уреди и софтвер) и така натаму (Слика бр. 1).[20]

[18] ibid, pp. 12
[19] ibid, pp. 11
[20] W. Mann, *Creditor rights and innovation: Evidence from patent collateral*, Anderson School of Management, UCLA, 2016, pp. 8



Слика бр. 1
Извор: Адаптирано од: W. Mann, *Creditor rights and innovation: Evidence from patent collateral,* Anderson School of Management, UCLA, 2016, pp. 29

Најзначајни кредитори според ова истражување, по број на склучени договори за кредит со залог на патенти биле: Банка на Америка, Банката Силиконска долина, Велс Фарго Банка и останатите.[21] При вршењето на проценката, ваквите истражувања покажале дека постои зависност дали до тој момент патентот кој се заложува веќе бил користен за подигање на кредит претходно или не. Исто така дали патентот ќе се прифати како залог или не зависи од тоа во кој стадиум од својот животен циклус е самиот патент, како и неговата економска вредност. Доколку се процени дека патентите не се економски вредни, тогаш истите нема да можат да се користат како залог. За да се користат правата како залог, компанијата мора да ја докаже својата ликвидност, вредноста на правата, нивната издржливост како и нивната моќ на пазарот. Правата од интелектуална сопственост се смета дека имаат вредност ако се најнапред заштитени и регистрирани, ако обезбедуваат и стваараат приход за компанијата, ако можат да се валоризираат, ако привлекуваат нови инвестиции и ако поттикнуваат истражување и развој. Издавањето на вакви кредити во денешно време е олеснето и со постоењето на официјална сметководствена

[21] W. Mann, *Creditor rights and innovation: Evidence from patent collateral*, Anderson School of Management, UCLA, 2016, pp. 33

методологија за пресметка на вредноста на ПИС, како и со постоењето на официјална методологија за проценка наменета за овластените проценители за правата од интелектуална сопственост. Дополнителен стимул за проценителите и издавачите на кредити во САД, беа и податоците кои покажаат дека и во периодот кога многу компании во САД банкротираа, сепак нематеријалните средства и правата од интелектуална сопственост со кои тие располагаа задржаа одредена вредност и овозможија финансиски трансакции и по банкротот на самата компанија.[22] Ваквите права не можат да се амортизираат, па вредноста по оваа ставка останува константна. Значајно е да напоменеме дека ликвидационата вредност на правата од интелектуална сопственост во голема мера зависи од квалитетот на менаџментот во компанијата, односно вредноста на правата од интелектуална сопственост е во директна врска со одлуките кои ги носат самите менаџери.[23] Ваквиот податок уште еднаш ја потврдува нашата теза за значењето и улогата на менаџментот за правата од интелектуална сопственост.

Кај ваквите кредити најчесто правата се заложуваат заедно со самиот производ на кој истите се однесуваат. Сепак, во изминатите години постојат и случаи каде обезбедувањето е само правото од интелектуална сопственост (само трговската марка, само патентот). Во вакви случаи, давателите на кредити односно, заемодавачите пресметуваат премија на ризик (risk premium) во договорот при самото издавање на кредитот кои во САД изнесуваат односно, варираат помеѓу 30 до 60% во зависност од висината на самиот кредит. Можеме да заклучиме дека најзначајни, главни детерминанти кои влијаат на прифаќање на нематеријалните добра како залог, односно средство за обезбедување на кредити се:

- *Ликвидноста на нематеријалните средства* е директно позитивно поврзано со нивното користење како залог; и
- *Кредитната репутација на барателот на кредит* е една од детерминантите кои влијаат на прифаќањето на нематеријалните средства како залог. Претходното кредитно однесување на барателот обезбедува информации за потенцијалниот заемодавач при дизајнирањето на договорот за кредит приспособен на потребите на барателот.

Следејќи го примерот на САД, и резултатите од направените истражувања таму, сметаме дека истите можат да се пресликаат како добра пракса и во земјите во развој како што е Р. Македонија. Сметаме дека користењето на правата од интелектуална сопственост како предмет на залог или гаранција при подигањето на кредити треба да биде дел и од националните владини финансиски политики

[22]M. Loumioti, *The use of intangible assets as loan collateral*, Paper, University of Southern California, 2011, pp. 14
[23] ibid

со кои ќе се поттикне и раздвижи активноста на претпријатијата, а истите нема да мораат да поседуваат исклучиво недвижен или подвижен имот, за да дојдат до нов капитал кој би им бил потребен за успешно работење. Еден ваков успешен пример за државна поддршка во поглед на користењето на ПИС како залог при подигање на кредити бележи Тајван, држава која во 2001 година, како дел од владините политики и активности овозможила во период од пет години (како петгодишен проект) да се дозволи на друштвата кои се занимаваат со биотехнологија, своите права од интелектуална сопственост односно, патентите да ги користат како предмети за залог за да обезбедат кредити од националните банки, со кои ќе го развиваат своето деловно работење, а преку тоа и целокупниот сектор биотехнологија.[24]

Сепак, залогот на правата од интелектуална сопственост сеуште претставува неоткриена загатка за земјите во развој. Кога станува збор за обезбедување на побарувањето со залог на ПИС, сеуште постои предизвик како за оние кои сакаат да ги заложат ваквите права со кои располагаат така и за оние кои се доверители.

За да видиме каква е моменталната состојба на ова поле во Р. Македонија, направивме примарно истражување во склоп на кое беше поставено и прашањето дали менаџерите на малите и средни претпријатија знаат дека правата од интелектуална сопственост можат да послужат како капитал кој може да послужи за земање на нови финансиски средства од банките, односно дека истите можат да бидат предмет на залог. Околу 41,3 % од испитаниците одговорија дека ја познаваат ваквата можност, додека 58,7 % од испитаниците немаат слушнато за ваквата опција.

Сепак, иако испитаниците имаат слушнато за ваквата можност, досега ги немаат заложено своите права од интелектуална сопственост за да обезбедат дополнителни финансиски средства за своето работење. За да го потврдиме резултатот кој го добивме од анкетирањето на менаџерите на мали и средни претпријатија, направиваме и интервју во заложниот регистар на Р. Македонија, од каде што го потврдија податокот дека досега немаат регистрирано залог на права од интелектуална сопственост.[25] Од друга страна пак, предмет на наш интерес беше и прашањето дали комерцијалните банки во Р. Македонија, како даватели на кредити или доверители, се запознаени со ваквата можност и дали тие ја прифаќаат ваквата опција за гаранција односно, средство за обезбедување. За таа цел ги интервјуиравме менаџерите на главните комерцијални банки во Р. Македонија, кои дадоа слични одговори на поставените прашања. Имено, истите имаат познавање на ваквата можност, но сеуште немаат издадено ваков кредит

[24] F. Guicciardini C. S, *Raising Capital Through IP, Special Program on Practical IPRs Issues*, WIPO, Geneva, 2004, pp. 14

[25] Интервјуто беше спроведено во текот на месец јануари 2017 г.

со залог на правата од интелектуална сопственост. Немањето ваква пракса, ни појаснија дека произлегува, оттаму што истите стравуваат и сметаат дека не може да се направи правилна и реална проценка на вредноста на ПИС. Добиените податоци од интервјуто покажаа дека комерцијаните банки незнаат дека овластените проценители веќе прават проценка на правата од интелектуална сопственост и креираат ваква пракса. Како дополнителна пречка го наведуваат не постоењето на активен пазар на права од интелектуална сопственост, за правилно утврдување на нивната цена. Исто така, сметаат дека домашните компании сеуште немаат заштитено некое особено значајно право од интелектуална сопственост кое би било привлечно и интересно, како што е случај со големите странски компании.[26] Токму затоа, издавањето на кредити со вакво обезбедување за нив би претставувало ризичен пласман, за кој не се знае како би се постапило во случај доколку дојде до реализација, односно извршување врз истото. Од кажаното, произлегува дека генерален проблем поради кој не се користат правата од интелектуална сопственост како средство за гаранција на побарувањата е нивната валоризација. Валоризацијата ја дава од една страна реалната вредност на правата од интелектуална сопственост, а не цената, а од друга страна пак прави проценка колку капитал може да привлечат ваквите права. Дополнителен проблем кој се јавува е тоа што интелектуалната сопственост особено кај патентите, бара стручно знаење во дадена област на технологијата за да биде правилно разбрана и експлоатирана а, на заемодавачите често им недостасува таква експертиза.[27] При дефинирање на тоа што треба да поседува едно друштво за неговите ПИС да можат да се прифатат како предмет на залог може да се користи американското искуство за залог на ваквите права. Можеме да видиме дека праксата таму вели дека за да се користи како предемет на залог одредено право од интелектуална сопственост, како нематеријално средство со кое располага компанијата, тоа треба да ги има следните карактеристики:[28]

- да нуди стабилност и сигурност на парични текови;
- компанијата да овозможува достапност до големи диверзифицирани портфолија на интелектуална сопственост;
- да има доволно историски статистички информации.

Ваквата пракса овозможува да се зголеми интересот за користење на правата од интелектуална сопственост, како средство за обезбедување или гаранција при издавањето на заеми или кредити во изминатите неколку години на светско

[26] Податоци добиени од спроведено интервју во тек на месец јануари 2017 г.

[27] Тајните на интелектуалната сопственост: водич за мали и средни извозници – Македонија (превод од англиски јаз. Неда Здравева), Скопје: Државен завод за индустриска сопственост – Р. М, 2011, pp. 159

[28] http://www.ipo.org/wp-content/uploads/2013/04/Securitisation_of_IP_in_the_US.pdf, Accessed 17.06.2017 г.

ниво. Сметаме дека ваква пракса мора да започне да биде предмет на интерес и во нашата земја иако нејзиниот развој е сеуште на ниско ниво во споредба со високо развиените земји.

Заклучок

Она што произлегува како заклучок е дека е потребно зголемување на свеста на креаторите на политиките на малите и средни претпријатија, како и обезбедување поддршка од страна на институциите во креирање на нови фондови кои ќе имаат нови финансиски стратегии и кои во нив поактивно ќе ги вклучат правата од интелектуална сопственост како средства за обезбедување на издадени кредити.

Од добиените податоци од примарното истражување произлегува дека доprва треба да се работи на градење нови финансиски стратегии, од страна на кредиторите и заживување на ваквиот начин односно, користење на ваквите средства како предмети на залог при кредитирањето на мали и средни претпријатија, со што можеби ќе дојде до поместување на границите кои сега се применуваат при кредитирањето.

Исто така, потребно е зголемување на координацијата помеѓу правата од интелектуална сопственост и финансискиот сектор во земјата.

Менаџерите од своја страна треба да постанат свесни дека правата од интелектуална сопственост не треба да се користат само како мерка за спречување на влез на пазарот на конкурентите, туку дека имаат и друга примена. Исто така, треба да размислуваат дека можеби токму преку залог на правата од интелектуална сопственост со кои располагаат ќе можат да обезбедат дополнителни финансиски средства кои би им биле потребни за работење од други инвеститори различни од комерцијалните банки како што се разни финансиери на потфати, помошници во бизнисот, бизнис ангели и слично, кои можеби би ги прифатиле ваквите права како обезбедување на кредитот односно заемот кој би го дале.

Движејќи се кон иднината, која со сигурност можеме да кажеме дека се движи во насока на развој на правата од интелектуална сопственост, ќе овозможи обезбедувањето на финансиски средства со помош на залог на ваквата сопственост да биде во фокусот на компаниите и ќе продолжи да се движи во нагорна линија. Ова го потврдуваат бројните истражувања кои велат дека интелектуалната сопственост игра се поголема улога и завзема се позначајно место во светската економија, во различните сектори на стопанството.[29] Како пример, вредноста на нематеријалните средства како процент од капитализацијата на пазарот кај американските компании се зголемила од 20 % во 1978, на

[29]http://www.ipo.org/wp-content/uploads/2013/04/Securitisation_of_IP_in_the_US.pdf, Accessed 07.03.2017 г.

73% во текот на 1998 година во однос на материјалните средства на компаниите. Очигледно е дека односот помеѓу овие два вида на средства со кои располагаат компаниите се зголемува во полза на нематеријалната сопственост со која располагаат американските компании.[30] Според ова, доколку една компанија се потпира само на материјалните средства со кои располага при поднесувањето на барањата за кредитирање, дозволениот износ кој ќе го добие од кредиторите ќе биде многу помал во споредба со ситуацијата доколку покрај материјалните средства располага и со нематеријални средства како што се патенти, трговски марки или специфични дизајни кои би биле прифатливи од страна на кредиторите, и кои би ја зголемиле вредноста на гаранцијата која се бара како обезбедување на побарувањето. Со поседувањето на ваквите права компаниите би добиле и подобри стапки на кредитирање. Кај ваквиот начин на обезбедување со права од интелектуална сопственост, да се пресмета дури и најмалата позната вредност за ваквиот вид на право, би можело да има поголемо значење одошто првично се мислело и сметало. Во денешно време големите компании во светот се почесто ги вклучуваат правата од интелектуална сопственост во своите финансиски извештаи, па токму тоа дава дополнителна поддршка при вршењето проценка, односно валоризација на ПИС, со што всушност компанијата покажува дека секундарниот пазар е подготвен да даде слична вредност за ваквата интелектуална сопственост.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

A. L. DiMatteo, *International Business Law and the Legal Environment, A Transactional Approach*, Routledge, New York, USA, 2017.

F. Guicciardini C. S, *Raising Capital Through IP, Special Program on Practical IPRs Issues*, WIPO, Geneva, 2004.

Intellectual property and access to finance for high growth SMEs, Working Paper, European Commission, Brussels, 2006.

W. Mann, *Creditor rights and innovation: Evidence from patent collateral*, Anderson School of Management, UCLA, 2016.

К. Чавдар, К. Чавдар*, Закон за сопственост и други стварни права, Закон за договорен залог, Коментари, објаснувања, практика и предметен регистар,* Академик, Скопје, 2012.

M. Loumioti, *The use of intangible assets as loan collateral*, Paper, University of Southern California, 2011.

Т. Пржеска*, Предмет на правото на договорен залог и начин на стекнување,* Правен факултет „ Јустинијан Први “, Скопје, 2014.

[30] ibid

Тајните на интелектуалната сопственост: водич за мали и средни извозници – Македонија (превод од англиски јаз. Неда Здравева), Скопје: Државен завод за индустриска сопственост – Р. М, 2011.

Закон за сопственост и други стварни права, „Службен весник на Р.М“, бр. 18/01, 92/08, 139/09, 35/10, чл. 225

Закон за договорен залог, „Службен весник на Р. М “, бр. 05/03, 04/05, 87/07, 51/11, 74/12, 115/14, 98/15, 61/16

Закон за извршување, Службен весник на Р.М, бр. 72/16, 142/16.

Закон за индустриска сопственост, Службен весник на Р.М. бр. 21/09, 24/11, 12/14, 41/14, 152/15, 53/16.

Закон за процена, Службен весник на Р. М бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15, 30/16.

http://www.ipo.org/wp-content/uploads/2013/04/Securitisation_of_IP_in_the_US.pdf

UDC.347.91(497.5)
Original research paper

Boris Ljubanović, Full Professor
Chair of Administrative Law,
Faculty of Law Osijek, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek, ljboris@pravos.hr
Ana Đanić Čeko, Postodctoral Researcher
Chair of Administrative Law,
Faculty of Law Osijek, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek, adjanic@pravos.hr
Petar Grgur, student
Student of the fifth year of integrated graduate study programme,
Faculty of Law Osijek, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek,
Petar_Grgur@hotmail.com

THE SIGNIFICANCE OF THE REQUEST FOR EXTRAORDINARY REVIEW OF VALIDITY OF THE FINAL VERDICT IN THE PROTECTION OF SUBJECTIVE RIGHTS OF THE PARTIES IN ADMINISTRATIVE DISPUTE

Abstract

Since 2010 extraordinary legal remedy has been used in the Croatian system of administrative adjudication known as the request for extraordinary review of legality of the final verdicts. Through the grammatical, logical and teleological methods of interpretation, the paper analyzes the provisions of the Administrative Disputes Act from 2010 regulating this remedy. Changes of the norms of the remedy made in accordance with the amendments of the Administrative Dispute Act from 2012 and 2014 are briefly mentioned. The specificities of submitting legal remedy are especially emphasized in terms of its reasons, applicants, deadlines and contents of the request, grounds for review and the authorities of the Supreme Court of the Republic of Croatia in deciding on the submitted applications. Furthermore, there are indications of certain imprecision and lack of legal regulation. Statistical data of the State Attorney Office of the Republic of Croatia and the court practice of the Supreme Court of the Republic of Croatia in the period from 2012 to 2017 in reference with the submitted requests which are analyzed based on casuistic methods. A special chapter is devoted to a brief review of the normative regulation of legal remedy in Serbia, Bosnia and Herzegovina and Montenegro, using a comparative method and in conclusion final considerations of the scientific issues are presented.

***Key words**: extraordinary (legal) remedy, request for extraordinary review of validity of final verdicts, Administrative Dispute Act,*

administrative courts, High Administrative Court of Republic of Croatia, Supreme Court of Republic of Croatia

Introduction

A new machanism for the legal protection of citizens was introduced in the form of extraordinary legal remedy called the request for extraordinary review of legalitly of the final verdicts (hereinafter: request) within the framework of Croatian administrative adjudication system by passing the new Administrative Disputes Act in 2010. This paper initially analyses the Croatian normative request regulations by applying grammatical, logical and teleological interpretation methods in accordance with the ADA from 2010. Furthermore, it briefly reflects on the changes regarding the norms again in accordance with the changes and amendements of the ADA from 2012 and 2014. It also emphasizes the specificities of submitting the legal remedy in terms of its reasons, possible applicants, proscribed deadlines and contents of the request as well as the grounds and reason s for its review and the authorities of the Supreme Court of Croatia in deciding on the submitted requests. Moreover, there are indications of certain imprecisions and lack of legal regulation. The third part of the paper shows the statistical data of the State Attorney Office of the Republic of Croatia and the court practice of the Supreme Court of the Republic of Croatia in the period from 2012 to 2017 in reference with the submitted request which are analyzed based on casuistic methods. A special part in the paper is devoted to a brief overview of the legislative regulations regarding the request for (extraordinary) review of the final verdicts in Serbia, Bosnia and Herzegovina and Montenegro using the comparative method. The final part of the paper presents the conclusive and critical considerations of the scientific issues while at the same time implies possible, practical and useful propositions and improvements with the aim of changing the current legal text.

1. Description of the legal structure of the request for the extraordinary review of legality of the final verdicts in the administrative dispute in accordance with the Administrative Disputes Act from 2010

Through the Administrative Disputes Act from 2010[1] (hereinafter: ADA 2010) Art. 78 has been introduced (submitting requests and decision-making process) which represents the extraordinary legal remedy – a request for extraordinary review of the legality of the final verdicts (hereinafter: request). From the nomotechnical aspect, the request is incorporated within the third part of the ADA from 2010 called "Legal remedies" and it is included in the chapter III "The request for extraordinary review of legality of the final verdicts". The analyzed legal remedy is normed within

[1] Administrative Disputes Act, Official Gazette, No. 20/10. https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2010_02_20_483.html. Accessed: 1 June 2018.

one legal article composed out of four paragraphs. Those authorized to submit the request are the parties involved in the administrative dispute and are only able to propose to the State Attorney`s Office of the Republic of Croatia (hereinafter: SAO) to submit the request for extraordinary review of legality of the final verdict reached by the Administrative Court or the High Administrative Court of the Republic of Croatia (hereinafter: HAC). What is noticeable initially is the active legitimation for submitting the request which solely belongs to the SAO. Đerđa and Šikić support this legislative remedy since they consider that dissatisfied administrative dispute parties, this way, do not pose an excessive burden with their request to the Supreme Court of the Republic of Croatia (hereinafter: SCRC).[2] If the party from the prior administrative dispute initiates the request submission, the SAO is obligated to inform the party that there are not legitimate reasons for using the request.[3] This is a direct consequence of the constitutional provision that every person has the right to file and submit complaints as well as make propositions to state and other public bodies while the public bodies` duties are to respond to the citizens` requests. [4] On the other hand, Šprajc points out that the SAO itself can according to the Art. 17 para. 4 of the ADA from 2010 be regarded as an administrative dispute party[5], which the legislative body clearly indicates by "legally authorized public body". One of the drawbacks the legislative body is responsible for is that according to the ADA from 2010, the request is considered a unilateral extraordinary legal remedy. Considering that only the SAO is authorized to submit the request, the question that arises is can the request keep its existing form since it obviously favors one of the parties from the prior administrative dispute and therefore does not support the equality of arms which is one of the foundations of the *acquis communautaire*. The legal remedy, in our opinion, only allows indirect protection of rights and legal interests of the parties.

1.1. The object of submitting the request

Legal imperfections are immediately noticeable when regarding the object of the request. The name of the legal remedy, namely, indicates that it is to be applied only against the final verdicts reached within the administrative dispute excluding therefore the court decisions. By referring only to the final verdicts, the legislative

[2] Đerđa D., Šikić M., *Komentar Zakona o upravnim sporovima*, Novi informator, Zagreb, 2012, pp. 293-294.
[3] Šprajc, I., *Zahtjev za izvanredno preispitivanje zakonitosti pravomoćne presude: Novo pravno sredstvo u hrvatskom Zakonu o upravnim sporovima*, Sveske za javno pravo, vol. 3, No. 9, 2012, p. 72.
[4] Art. 46 of the Constitution of the Republic of Croatia, Official Gazette, No. 56/90, 135/97, 8/98, 113/00, 124/00, 28/01, 41/01, 55/01, 76/10, 85/10, 05/14.
[5] Šprajc, *op.cit.* note 3, p. 68.

body narrows the object of this extraordinary legal remedy. We, however, emphasize the necessity to both harmonize and specify the name and the expressions of the extraordinary legal remedy in accordance with the object of the request. Furthermore, imprecisions and carelessness of the legislative body should not in any way affect the level and quality of legal protection attained by submitting the request. Considering that the current regulations clearly state that the request refers both to the final verdicts and court decisions, this should not be causing such a problem as it is.

1.1.1. The reason for submitting the request

The reason for the request submission is the violation of law. One of the arguments supporting its insufficient regulations is the reason for submitting the request. The legislative body has used a general expression, due to the violation of law. The legal science has taken opposing sides when interpreting the expression "due to the violation of law". On the one hand, Šprajc emphasizes that the legislative body has not made any defaults, since such formulation of the reason for submitting the request refers to every violation of every law and regulation applied in the prior administrative dispute.[6] On the other hand, however, the explanation more acceptable to us is based on the point of view provided by Staničić, who claims that "the violation of law" can be applied to both procedural and material matters, but also to falsely or incompletely determined facts, circumstances as well as inappropriate jurisdiction.[7]

1.1.2. The deadline for submitting the request

The request can be submitted by the SAO within the 6 months from the day the final verdict has been delivered to the parties. The SAO can also submit the request *ex offo*. Even though the legal context is not explained in much detail, it is presumed that the six-month period starts by delivering the final verdict to the last of the parties involved in the administrative dispute. However, the SAO could also submit the request 6 months after the court decision has been declared (if they are resolved in a dispute) or since the day the party has received the court decision (if the decision is resolved outside a dispute). The current ADA does not accept the subjective and objective combination, but only the objective six- month deadline. The institute *restitution in integrum* regulated by Art. 52 of the current ADA[8] is the only accepted and allowed means of correction for missing the six-month deadline. The problem in the interpretation is, however, whether the deadline refers to the party failing to submit

[6] Ibid, p. 65.

[7] Staničić, F., *Mogućnost primjene izvanrednog preispitivanja zakonitosti pravomoćne presude protiv odluka Visokog upravnog suda*, Informator, No. 6399, 2016., p. 13.

[8] According to Art. 52 of the ADA from 2017, the court might allow the proposition for reversal of the prior state (*restitutio in integrum*) if the request is not submitted only if there are justified reasons for missing the deadline.

a special proposal to the SAO in the provided period or the SAO failing to submit the request to the SCRC within that time? It is to be assumed that the SAO employs professionals whom in any case such transgressions are not permitted and even if they do appear, they are regarded as the obstruction of the request.

1.1.3. The content of the request

The legislative body has not officially proscribed the content of the request, as well as that of the special proposal used by the party when suggesting to the SAO for submitting the request to the SCRC. Every legal remedy needs to have a minimum of elements: the body submitting the legal remedy and the decision against which it is submitted. The request should contain: a) information about the body submitting the request (also depending on whether it has been submitted based on a proposal by the party or *ex offo* by the SAO), b) the reference of the decision and the name of the court against whose decision the request has been submitted, c) the reference of the court to which the request is being submitted, d) basis and reasons (description of the law violation) for disputing the court decision and e) signature and stamp of the submitting body.[9] If the requests lack any of the aforementioned elements, the current ADA does not have a regulation regarding the request incompletion or incomprehensibility. The only proscribed case when the request is denied is if it is submitted untimely or by an unauthorized person. It is, therefore, necessary not only to pass a regulation which taxatively regulates the content of the request, but also amendments within the deadline determined by the SCRC for the SAO to potentially make corrections needed for the request proceedings.

1.1.4. The decision-making authorities of the Supreme Court of the Republic of Croatia regarding the request

The validity of the request is determined by the SCRC in a panel of 5 judges. The purpose of this extraordinary legal remedy is fulfilled by the constitutional and legally regulated role of the SCRC as the highest instance court and is noticeable in applying equal rights and practicing equality for everyone involved in its application.[10] The jurisdiction of the SCRC in the decision-making process regarding extraordinary legal remedies against the final verdicts in the Republic of Croatia is determined by the Law on Courts Art. 20 paragraph 3[11], according to which, without legal regulation of the remedies and against the decisions made by the HAC representing the highest

[9] Đanić Čeko, A., *Žalba u upravnom sporu u hrvatskom i poredbenom pravu*, doktorska disertacija, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb, 2016, pp. 275-276.
[10] Art. 109, para. 1 of the of the Constitution of the Republic of Croatia, Official Gazette, No. 56/90, 135/97, 8/98, 113/00, 124/00, 28/01, 41/01, 55/01, 76/10, 85/10, 05/14.
[11] Law on Courts, Official Gazette, No. 28/13, 33/15, 82/15, 82/16.

administrative-court instance, the performing of the constitutional duty of the SCRC would not be possible.[12] The modalities of the decision-making process in the SCRC regarding the request are the following: 1) accepting the request, nullifying the verdict and returning the matter to be additionally revised (cassatory decision) or 2) changing the verdict (reformatory decision). Another legal imperfection is to be noticed and this time regarding the question of the type of the decision – in which case does the SCRC reach the cassatory and in which the reformatory decision? By analyzing the SCRC current practice, Šprajc considers that the SCRC has used its cassatory jurisdictions only in cases where the Administrative Court of the Republic of Croatia has made mistakes regarding the prior decisions or the prior determined facts and/or procedural irregularities. The reformatory jurisdictions have, on the other hand, been used only if the material law was wrongly applied.[13] By doing so, the vast jurisdiction of the SCRC when reaching the reformatory decisions tends to overtake the role of the HAC, which in the future might cause difficulties in the judicial practice.

1.2. Changes in the regulation of the request in accordance with the Final Proposal of the Amendments to the Administrative Disputes Act from 2012

The Final Proposal of the Amendments to the Administrative Disputes Act from 2012[14] (hereinafter: FPAADA 2012) has influenced the change of the object of request. In the ADA from 2010, the legislative body used the expression court decision, which is a broad term incorporating both the final verdict and the court decision. In Art. 79 paragraphs 1 and 2 of the FPAADA from 2012 the term: "court decision" is replaced by the term: "verdict". This formulation clearly indicates that the request cannot be submitted against the court decision reached by the administrative court or the HAC, but only against the final verdict. This has been stated in and approved by the decision of the SCRC.[15] A new article is being introduced in the FPAADA from 2012 regulating the following: the court against whose decision the request is being submitted and the legal body in the role of the defendant are obligated,

[12] As well as Đerđa, Šikić *op. cit*. note 2, p. 293.
[13] Šprajc, *op. cit.* note 3, p. 78.
[14] Final Proposal of the Amendments to the Administrative Disputes Act, P. Z. 94, Government of the Republic of Croatia, Zagreb, November 2012., file:///C:/Users/Laptop/AppData/Local/Packages/Microsoft.MicrosoftEdge_8wekyb3d8bbwe/TempState/Downloads/PZ_94%20(1).pdf. Accessed 5 June 2018.
[15] Decision of the Supreme Court of the Republic of Croatia, U-zpz 2/13-2 from 18 June 2013

without any delay, to deliver all the files regarding the matter to the SCRC on its request.[16]

1.3. Certain improvements in the regulation of the Final Proposal of the Amendments to the Administrative Disputes Act from 2104

The Final Proposal of the Amendments to the Administrative Disputes Act from 2014 (hereinafter: FPAADA 2014)[17] along with being extraordinary, devolutive, non-suspensive and independent has been assigned one more feature and that is being bilateral. The feature has been implicated through the formulation "…*if the court with the proper jurisdiction does not dismiss the request, it is to be delivered to the opposing party that has a 30-day long deadline to submit a response to the request*…". Up until introducing this change, the equality of arms could not have been achieved, especially if the SAO was the party of the administrative dispute, since it would have a significant advantage over the opposing party. The interpretation of the formulation: *submitting a response to request* indicates an optional obligation of the opposing party. In case the opposing party failed to submit a response for whatever reasons, there would be no harmful consequences for the party. The proscribed deadline of 30 days is only instructional since the party must be enabled to submit a response by the time the proceedings regarding the request will have finished. Both administrative dispute and extraordinary legal remedies possess the feature of bilateralism. There is, however, a better nomotechnical solution regarding the dispute renewal. The reason for that is the expression "other" rather than the expression "opposing" party, which enables the person of interest, who is also according to the Art. 16 of the FPAADA from 2014 the administrative dispute party, to participate in the request proceedings. The correction referring to the object of the request was introduced through FPAADA from 2014 by adding the term: "and court decisions" behind the existing formulation: "final verdicts" in the Art. 78 paragraph 1. Apart from changing the described formulation, there are still alternations to be made regarding the title of the legal remedy as was mentioned earlier. Until the introduction of the FPAADA in 2014 there was no regulation of the SCRC request proceedings. By introducing the changes, a new paragraph was formed norming the request dismissal if the SCRC determines deadlines have been neglected or an unauthorized person has submitted the request. This way the fulfillment of all the formal presuppositions for the request has been

[16] Final Proposal of the Amendments to the Administrative Disputes Act, P. Z. 94, 2012, p. 5.
[17] Final Proposal of the Amendments to the Administrative Disputes Act, P. Z. 690, Government of the Republic of Croatia, Zagreb, November 2014., file:///C:/Users/Laptop/AppData/Local/Packages/Microsoft.MicrosoftEdge_8wekyb3d8bbwe/TempState/Downloads/PZ_690%20(1).pdf. Accessed 6 June 2018.

regulated. There are several cases in which the SCRC has dismissed the request without any legal grounds. One of those cases is the decision of the SCRC for dismissing the request for determining the level of legality of a general act. The decision made by the SCRC was unsupported since there are only two valid reasons for the request dismissal. After having analyzed the practice of the SCRC it is to be noticed that the highest number of requests was submitted by an unauthorized person or a party from the prior administrative dispute directly or through an intermediary (most frequently a lawyer), which was at the same time the reason for its dismissal. The request is the only institute of the administrative law in which the SCRC has a direct contact with the administrative adjudication.[18] The legislative body added a paragraph to the FPAADA from 2014 which indicates that the SCRC is to deal with the request in a non-public session, and the refuted decision is to be questioned only within the limits set by the request. The potential correction of the regulation of the request is evident in proscribing the necessity of holding a verbal discussion, since the SCRC regarding the request proceedings determines both factual and legal matters, which is the case when the European Court of Human Rights insists on holding a verbal discussion.[19] Due to the lack of legal and normative regulation, the extraordinary legal remedy and the FPAADA from 2104 have both been modified and improved regarding the request proceedings of the SCRC.

2. The analysis of the statistical data referring to the number of submitted requests for extraordinary review of legality of the final verdicts in the administrative dispute through an observed period

Since the dispute parties are only the initiators of proposals for requests to the SAO that later forwards them to the SCRC, it is necessary to determine the exact number of the proposals submitted to the SAO in the time period in which the ADA was enforced, that is from January 1st, 2012 to December 31st, 2017. As the SAO is the only legally authorized body for the submission of the request, it is of crucial importance to determine the number of the requests (from the total number of the proposals submitted by parties) they forwarded to the SCRC. This way the efficiency of this legal remedy is to be established since it represents the second available form of legal protection in the administrative dispute. The total number of proposal submitted by the parties for further submission of the requests and the total number of requests submitted to the SCRC by the SAO is going to be analyzed by using tables based on the data provided by the SAO. Moreover, an additional analysis of the total number of submitted requests regarding the legality of the final verdicts, that is final

[18] Staničić, F.; Britvić Vetma, B.; Horvat, B., *Komentar zakona o upravnim sporovima*, Narodne novine, Zagreb, 2017, p. 258.

[19] Šikić, M., *Primjena zahtjeva za izvanredno preispitivanje zakonitosti pravomoćne presude*, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, vol. 54, No. 1, 2017, p. 189.

verdicts and court decisions reached by the Administrative Courts and the HAC will be conducted.[20]

Table 1 The comparison of the total number of the proposals submitted to the SAO and the total number of the requests submitted to the SCRC (January 1st, 2012 – December 31st, 2017)

	2012.	**2013.**	**2014.**	**2015.**	**2016.**	**2017.**
The number of proposals submitted to the SAO	190	176	155	105	117	141
The number of the requests submitted to the SCRC	73	40	18	16	39	51

Source*: interpretation by the author of the paper (according to the data provided by the SAO)*

Имено, ООН како универзална организација, од самото основање беше заинстересирана за статусот и правата на лицата со попреченост прифаќајќи дека дискриминацијата на лицата со попреченост директно влијае на економскиот и социјалниот развој на целата заедница. Затоа, ООН ја темели промоцијата на правата на лицата со попреченост врз своите оснивачки принципи, кои се однесуваат на основните слободи и еднаквоста на сите човекови суштества. Имено, „универзалната основа на правата на човекот подразбира дека: човечките суштества се еднакви бидејќи ја делат заедничката есенција на човечкото достоинство, а правата на човекот се универзални, не поради волјата на државите или меѓународните организации, туку поради нивната припадност кон човештвото“ (Human Rights Today, 1998).

Од основањето па сè до крајот на минатиот век, организацијата усвои седум правно обврзувачки универзални инструменти за правата на човекот, а Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост е осмиот инструмент, првиот во новиот век. И последниот, деветиот универзален инструмент за правата на човекот усвоен во рамките на ООН, е Меѓународната конвенција за заштита на сите луѓе од принудно исчезнување, која влезе во сила на 23 декември 2010 година.

До донесувањето на МКПЛП, сите претходни седум универзални инструменти за правата на човекот принципиелно можеа да се применуваат и на лицата со попреченост, меѓутоа тоа ретко се случуваше во пракса. Според зборовите на *Don MacKay* претседателот на *Ad hoc* Комитетот за изработка на предлог-текстот на сеопфатната и интегрална Меѓународна конвенција за заштита и унапредување на правата и достоинството на лицата со попреченост, “тоа не е затоа што државите интенциозно го одбегнуваа извршувањето на своите обврски согласно конвенциите туку затоа што, поголем дел од овие

обврски се поставени на еден широк и генеричен начин кој остава многу ‘сив’ простор за нивно практично спроведување што се однесува до односната група [лица со попреченост]” (Statement on behalf of New Zeland, by Ambassador Don MacKey, 2006). Принципиелната потешкотија која јасно се покажа при спроведувањето на овие седум инструменти беше тоа што, обврските предвидени со нивните одредби не беа создадени имајќи ги предвид специфичностите на бариерите со кои се соочуваат лицата со попреченост при остварување токму на тие права, а исто така и самите инструменти не беа способни да создадат цврсти меѓународни обврски за државите за заштита од дискриминацијата врз основ на попреченост. Во оваа насока, податоците покажуваат дека во периодот од десет години, помеѓу 1994-2003 година, вкупно 17 различни апликации поврзани на некој начин со попреченоста, дали преку засегнатото лице или преку конкретната повреда на некое право, беа разгледувани во рамките на овие седум инструменти, од кои 13 беа прогласени како недопуштени од страна на телата за мониторинг на истите.

Затоа, овој пристап се покажа крајно неефикасен, истакнувајќи ја потребата за создавање на нов инструмент кој нема да создава нови права за оваа група на лица, туку само ќе ја дообјасни применливоста на веќе постоечкото право за правата на човекот во специфичниот контекст на попреченоста (Despouy, 1993, пара.280-281).

1. Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост на Организацијата на обединетите нации

Меѓународната Конвенција за правата на лицата со попреченост и Факултативниот протокол кон неа, беа усвоени со консензус од Генералното собрание на Организацијата на обединетите нации на нејзината 61-ва седница оддржана на 13 декември 2006 година, со Резолуцијата A/RES/61/106. Истите согласно Резолуцијата беа отворени за потпис на 30 март 2007 година во седиштето на ООН, а стапија на сила на 3 мај 2008 година.

Конвенцијата претставува официјално признавање на попреченоста како прашање на човековите права во меѓународната сфера, односно е првиот инструмент за правата на човекот кој го отелотворува социјалниот модел на гледање на попреченоста. Имено, МКПЛП ја потврдува радикалната промена во пристапот кон попреченоста, од медицинскиот модел и моделот на милосрдие до социјалниот модел и моделот на гледање на попреченоста како прашање на правата на човекот. Социјалниот модел ги гледа лицата со попреченост како субјекти со свои права, не како објекти, и затоа става нагласок на почитувањето на нивните права на еднаква основа со другите лица во општеството.

Дополнително, МКПЛП дава јасни правни, морални и политички насоки за промена баш со својата хибридна природа, односно опфаќа широк спектар на

права, како граѓански и политички така и економско, социјални и културни и претставува највисок стандард за заштита на првата на лицата со попреченост. Затоа државите треба да го усогласат својот правен поредок согласно одредбите од Конвенцијата почитувајќи ги принципите на *lex-posterior* и *pro-homine*. За разлика од другите меѓународни инструменти, МКПЛП согласно својот член 44 дозволува, покрај државите и регионалните организации, како што е Европската Унија, да станат договорни страни на Конвенцијата, кое што го направи Унијата на 23 декември 2010 година.

Текстот на МКПЛП се состои од преамбула и основен текст кој има 50 члена, поделени во пет групи, и тоа: воведни (член 1-2), членови со општа примена (член 3-9), субстантивни одредби (член 10-30), одредби кои го регулираат спроведувањето и мониторингот (член 31-40), и членови од технички карактер со кој се регулираат прашањата на потпишување, пристапување, ратификување и влегувањето во сила (член 41-50). Нешто што е посебно иновативно во МКПЛХ се одредбите со кои се бара консултација и активна вклученост на лицата со попреченост и нивните претставнички организации во изработката и остварувањето на законодавството и политиките преку кои се спроведува Конвенцијата (член 4 став 3); одредбите со кои се признава важноста на меѓународната соработка и развојните програми за целосно остварување на правата на лицата со попреченост (член 32); одредбите за воспоставување на национален мониторинг механизам, комплементарен на меѓународниот мониторинг механизам (член 33); и процедурата за подобро менаџирање на крајните рокови за известување (член 35-37). Со МКПЛП се формира Комитетот за правата на лицата со попреченост со цел да врши надзор над спроведувањето на Конвенцијата.

Моментално, 160 земји ја имаат потпишано МКПЛП а 175 се нејзини договорни страни, додека, пак, 92 земји го имаат потпишано Факултативниот протокол и 92 го имаат ратификувано истиот. Република Македонија ја потпиша МКПЛХ на 30 март 2007 година, а истата ја ратификува на 5 декември 2011 година[1]. Дополнително, земјата го потпиша Факултативниот протокол кон Конвенцијата на 29 јули 2009 година, а го ратификува на 5 декември 2011 година. Согласно членот 118 од Уставот на Република Македонија, ратфикуваните меѓународни конвенции се дел од националното законодавство и не можат да бидат изменети со закон.

[1] Види: Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, Службен Весник на Република Македонија, бр.172/2011, од 14 декември 2011 година. Достапно на: <http://www.mtsp.gov.mk> и <http://www.slvesnik.com.mk> [Пристапено на: 1 февруари 2018].

2. Факултативниот протокол кон Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост

Факултативниот протокол кон МКПЛП му дава на Комитетот за правата на лицата со попреченост надлежност за разгледување на случаи поднесени од индивидуи, група на индивидуи, или во нивно име, а кои се однесуваат на повреда на правата предвидени со Конвенцијата од страна на било која држава која го ратификувала протоколот (член 1). *Locus standi* имаат и лицата кои не се државјани на конкретната држава-договорна страна, односно јурисдикацијата на државата се смета во однос на повредата на правата, а не во смисла на формалната поврзаност на жртвата со државата. Дополнително *locus standi* има и лицето кое е овластено да ја застапува индивидуата доколку е очигледно дека наводната жртва не може сама да ја поднесе апликација, ниту да овласти лице кое ќе ја застапува. Согласно својот Деловник, Комитетот во секое време во текот на разгледувањето на апликацијата, може да прифати интервенции од трети страни во врска со самата апликација (правило 72).

Притоа, во врска со индивидуаните случаи Комитетот води две постапки, првата постапка се однесува на критериумите за допуштеност на постапката уредена со членовите 2-3, а втората постапка е во однос на меритумот на случајот уредена со членот 5. Имено, Комитетот ќе ја смета апликацијата за недопуштен кога: (а) апликацијата е анонимна; (б) апликацијата претставува злоупотреба на правото за поднесување на таква апликација или е некомпатибилна со одредбите на Конвенцијата; (в) истиот предмет веќе бил разгледан од страна на Комитетот или бил или се испитува во друга постапка за меѓународна истрага или порамнување; (г) сите расположливи домашни правни лекови не се исцрпени освен кога примената на правните лекови е неразумно одложена или не е веројатно дека ќе доведе до ефикасен резултат за жртвата; (д) е очигледно неосновано или недоволно поткрепено; или кога (ѓ) повредата што е предмет на апликацијата се случила пред влегувањето во сила на овој Протокол за односната држава-договорна страна, освен ако тие факти продолжиле и по тој датум (член 2).

Во членот 4 се уредува можноста Комитетот да побара од државата-договорна страна да изрече мерки за обезбедување што може да бидат неопходни за да се избегне можната непоправлива штета за жртвата или жртвите на наводната повреда. Согласно членот 5, Комитетот одржува затворени состаноци при разгледување на апликациите според овој Протокол, и по разгледувањето на апликацијата, Комитетот ги доставува своите предлози и препораки, доколку ги има, до засегнатата држава-договорна страна и до подносителот на апликацијата.

Државите-договорни страни согласно Протоколот можат да дозволат и вршење на истраги, вклучително и со посети на терен, кои се набљудуваат од страна на Комитетот, како и постапки во врска со масовни и системски кршења на правата предвидени со Конвенцијата. По разгледувањето на наодите од таквата истрага, Комитетот ги пренесува своите наоди до засегнатата држава, заедно со сите коментари и препораки а истата во рок од шест месеци треба да му ги достави своите видувања (член 6 и 7).

3. Комитетот за правата на лицата со попреченост

Како што се наведе и погоре, со членовите 34-39 од МКПЛП се регулира работата на Комитетот за правата на лицата со попреченост. Имено, со членот 34 се формира Комитетот (став 1), кој се состои од дванаесет експерти во време на влегување во сила на Конвенцијата, а по депонираните дополнителни шеесет инструменти за ратификации или пристапувања кон Конвенцијата, неговото членство се зголемува за шест члена, достигнувајќи максимален број од осумнаесет членови (став 2). Членовите на Комитетот се експерти со висок морален статус и признаена компетентност и искуство во областа опфатена со Конвенцијата и служат во свое лично својство. При нивното номинирање, државите-договорни страни потребно е да ги консултираат и активно да ги вклучат лицата со попреченост и нивните претставнички организации во согласност со членот 4 став 3 од Конвенцијата (став 3).

Членовите на Комитетот ги избираат државите-договорни страни, земајќи ја предвид правичната географска дистрибуција, застапеноста на различните цивилизациски и правни системи, рамномерната родова застапеност и учеството на експерти со попреченост (став 4). Притоа, членовите на Комитетот се избираат со тајно гласање на состаноците на Конференцијата на државите-договорни страни, од листата на номинирани лица од страна на државите-договорни страни кои се нивни државјани. На овие состаноци, за кои кворум образуваат две третини од државите-договорни страни, за членови на Комитетот се избираат лицата кои добиле најголем број гласови и апсолутно мнозинство гласови од претставниците на државите-договорни страни кои се присутни и гласале (став 5). Членовите на Комитетот се избираат за период од четири години со право на еден повторен избор. Меѓутоа, мандатот на шестмина од членовите избрани на првите избори истекува на крајот на двете години и веднаш по првите избори, имињата на овие шест члена се избираат со ждрепка од страна на Претседавачот на состанокот (став 7). Изборот на шестте дополнителни членови на Комитетот се одржува на редовни избори, во согласност со релевантните одредби на овој член (став 8). Во случај на смрт на некој член на Комитетот или поднесување на оставка или изјави дека поради која било причина таа или тој повеќе не можат да ги извршува своите

должности, државата-договорна страна која го номинирала членот назначува друг експерт кој ги поседува квалификациите и ги исполнува условите утврдени во релевантните одредби на овој член, да служи до остатокот на мандатот (став 9).

Комитетот самиот ги утврдува своите процедурални правила (став 10). Во таа насока Комитетот го донесува својот Деловник со кој се уредува работата и функциите на Комитетот. Согласно правилото 15 од Деловникот, Комитетот избира од своите членови Претседател, три под-претседатели и рапортер со мандат од две години и со право на еден повторен избор, кои заедно го образуваат Бирото на Комитетот кое се среќава редовно. Комитетот се труди да ги носи своите одлуки со консензус, а доколку не може да се постигне консензус, одлуките се гласаат (правило 34).

Генералниот секретар на ООН го обезбедува неопходниот персонал и простории за ефикасно вршење на функциите на Комитетот и го свикува првиот состанок на Комитетот (став 11). Членовите на Комитетот ги имаат правата на објектите, привилегиите и имунитетите на експертите кои се на мисија за Организацијата на обединетите нации, како што е утврдено со Конвенцијата за привилегиите и имунитетите на Обединетите нации (став 13).

Членот 35 се однесува на обврската на секоја држава-договорна страна за поднесување на сеопфатен извештај до Комитетот, преку Генералниот секретар на ООН, за преземените мерки за исполнување на своите обврски според Конвенцијата и за напредокот постигнат во овој поглед, во рок од две години по влегувањето во сила на Конвенцијата за засегнатата држава-договорна страна (став 1), како и за поднесување на последователни извештаи најмалку на секои четири години и понатаму секогаш кога Комитетот тоа го бара (став 2). Државите-договорни страни при подготвувањето на извештаите, се повикуваат истото да го направат на отворен и транспарентен начин, притоа консултирајќи ги лицата со попреченост и нивните претставнички организации (став 4). Согласно својот Деловник, Комитетот изработува Упатство за содржината на извештаите поднесени од државите-договорни страни (правило 39). Извештаите може да укажуваат на факторите и потешкотиите кои влијаат на степенот на исполнување на обврските од Конвенцијата (став 5). За крај, согласно Деловникот на Комитетот, наведен погоре, истиот им нуди на државите-договорни страни можност да поднесат свои периодични извештаи под поедноставена постапка за известување (правило 48 ter).

Членот 36 го уредува прашањето на разгледувањето на поднесените извештаи од државите-договорни страни од страна на Комитетот. Имено, Комитетот го разгледува секој извештај, дава соодветни сугестии и општи препораки за извештајот и ги доставува до засегнатата држава-договорна страна. Државата-договорна страна може да одговори до Комитетот со било која информација што самата ја избира. Комитетот може да побара и дополнителни

информации од државите-договорни страни релевантни за спроведување на Конвенцијата (став 1). Ако некоја држава-договорна страна значително доцни со поднесувањето на извештајот, Комитетот може да ја извести засегнатата држава за потребата да се испита спроведувањето на Конвенцијата во таа држава, врз основа на веродостојни информации достапни до Комитетот, ако релевантниот извештај не е поднесен во рок од три месеци по известувањето. Комитетот ќе ја покани засегнатата држава-договорна страна да учествува во таквото испитување. Ако државата-договорна страна одговори со поднесување на релевантниот извештај, ќе се применуваат одредбите за редовното разгледување на извештаите (став 2). Генералниот секретар на ООН ги прави достапни извештаите до сите држави-договорни страни (став 3), а самите држави-договорни страни имаат обврска своите извештаи да ги направат широко достапни за јавноста во своите земји и да го олеснат пристапот до предлозите и општите препораки во врска со овие извештаи (став 4).

Согласно членот 37 секоја држава-договорна страна соработува со Комитетот (став 1). Согласно ставот 2, Комитетот ги разгледува начините и средствата за унапредување на националните капацитети за спроведување на Конвенцијата, вклучително и преку меѓународна соработка. Во оваа насока, а согласно правилото 47 од Деловникот, Комитетот може да подготви Општи коментари врз основа на различните членови и одредби од Конвенцијата, со цел да им помогне на државите во исполнувањето на нивните обврски за известување. До сега Комитетот има изработено шест Општи коментари, а еден е во процес на подготовка и консултација со засегнатите страни.

Во членот 38 се уредува односот на Комитетот со другите тела. Комитетот може да ги повика специјализираните агенции и другите надлежни тела да обезбедат стручни совети за спроведувањето на Конвенцијата во областите кои спаѓаат во рамките на нивните надлежности. Комитетот може да ги покани специјализираните агенции и други тела на Организацијата на обединетите нации да доставуваат извештаи за спроведувањето на Конвенцијата во областите кои спаѓаат во рамките на нивните активности (став 1 алинеја а). Дополнително, Комитетот при вршењето на својата надлежност ќе се консултира, како што е соодветно, со други релевантни тела воспоставени со меѓународните договори за правата на човекот, со цел да се обезбеди конзистентност на нивните насоки за известување, сугестии и општи препораки и да се избегне дуплирање и преклопување во извршување на нивните функции (став 1 алинеја б).

Согласно членот 39 Комитетот на секои две години поднесува извештај за своите активности до Генералното собрание и до Економско-социјалниот совет на ООН и дава предлози и општи препораки врз основа на испитувањето на извештаите и информациите добиени од државите-договорни страни. Ваквите сугестии и општи препораки се вклучуваат во извештајот на Комитетот,

заедно со коментарите, доколку ги има, од државите-договорни страни. Овој е еден од начините за зголемување на транспарентноста и отчетноста на Комитетот (Попоска, 2018, стр.66-69).

3.1. Судската практика на Комитетот за правата на лицата со попреченост

До сега од сите поднесени апликации до Комитетот, истиот има одлучено во 18 случаи. Од нив во 10 случаи има најдено повреда на Конвенцијата против Австралија, Танзанија, Австрија, Аргентина, Унгарија, Шведска и Германија, и тоа на следниве членови: член 5, 9, 12, 13, 14, 15, 17, 19, 21, 25, 26, 27 и 29. Дополнителни 21 случај чекаат на разгледување, против Австралија, Бразил, Данска, Еквадор, Германија, Литванија, Мексико, Саудиска Арабија, Шпанија, Шведска, Велика Британија и Танзанија[2]. Сите правни прашања разгледувани во случаите каде Комитетот нашол повреда на Конвенцијата се анализирани подолу.

Во одлуката во случајот *S.C v. Brazil (Communication No. 10/2013, CRPD/C/12/D/10/2013, Decision of 28 October 2014)*, Комитетот сметал дека разликата помеѓу болеста и попреченоста е разлика во степенот, а не разлика во видот. Здравствената состојба која првично е зачната како болест може да се развие во оневозможеност во контекст на попреченост како последица на своето траење или нејзина хроничност. Моделот на попреченост заснован на човековите права бара да се земе предвид разноликоста на лицата со попреченост, заедно со интеаракцијата помеѓу индивидуата со оневозможеност и бариерите во општеството и средината (параграф 6.3).

Согласно членот 5 од Конвенцијата кој се однесува на рамноправноста и недискриминацијата, дискриминацијата ги опфаќа сите форми вклучително и оневозможувањето на соодветно приспособување. Како што истакнува Комитетот во својата јуриспруденција, на пример во случајот *S.C v. Brazil*, наведен погоре, како и во случајот *Marlon James Noble v. Australia (Communication No. 2/2012, CRPD/C/16/D/7/2012, Views adopted on 10 October 2016)* и случајот *Mr. X v. United Republic of Tanzania (Communication No. 22/2014, CRPD/C/18/D/22/2014, Views adopted on 31 August 2017),* дискриминацијата може да произлезе од дискриминаторскиот ефект на нормата или мерката која немала намера да дискриминира, но сепак таа непропорционално ги засега лицата со попреченост (параграф 6.4 и параграф 8.3, соодветно).

[2] Со статус од 4 април 2018 година. За повеќе информации за јуриспруденцијата на Комитетот види на: <http://juris.ohchr.org/search/results>, а за случаите кои чекаат за решавање од страна на Комитетот види на: <http://www.ohchr.org/EN/HRBodies/CRPD/Pages/Tablependingcases.aspx>.

Дополнително, во случајот *H.M v. Sweden (Communication No. 3/2011, CRPD/C/7/D/3/2011, Views adopted on 21 May 2012)*, Комитетот забележал дека законот што се применува на неутрален начин може да има дискриминаторски ефект кога конкретните околности на лицата на кои се применува одредбата не се земаат предвид. Правото да не се дискриминира при уживањето на правата гарантирани со Конвенцијата може да се повреди кога државите-договорни страни, без објективно и разумно оправдување, не постапуваат различно спрема лицата чиишто ситуации се значително различни (параграф 8.3). Токму во овој случај, Комитетот наоѓајќи повреда на членот 5, 25 (здравство) и 26 (хабилитација и рехабилитација) сами и во врска со членот 3 и 4 од Конвенцијата, сметал дека државата-договорна страна при одбивањето на барањето на апликантката за градежна дозвола не ги земал предвид конкретните околности на нејзиниот случај и нејзините потреби поврзани со попреченоста. Па затоа оваа одлука на домашните власти, да го одбијат отстапувањето од градежно-урбанистичкиот план со цел да се дозволи изградбата на базен за хидротерапија на имотот на апликантката во нејзина сопственост, е непропорционална и предизвикала дискриминаторски ефект што негативно влијаел на пристапот на апликантката, како лице со попреченост, до здравствената заштита и рехабилитацијата потребна за нејзината специфична здравствена состојба (параграф 8.8). Исто така, во таа насока Комитетот во својата јуриспруденција, во случајот *Gemma Beasley v. Australia (Communication No. 11/2013, CRPD/C/15/D/11/2013, Views adopted on 25 May 2016),* како и во случајот *Michael Lockrey v. Australia (Communication No. 13/2013, CRPD/C/15/D/13/2013, Views adopted on 30 May 2016)*, наведува дека државата-договорна страна не ги презела неопходните чекори за да обезбеди соодветно приспособување за апликантот и заклучува дека одбивањето да се обезбеди толкување на знаковниот јазик Ауслан или стенографски белешки, без темелно оценување дали тоа би претставувало непропорционално или непотребно оптоварување, претставува дискриминација врз основ на попреченост и повреда на членот 5 од Конвенцијата (параграф 8.4 и параграф 8.5, соодветно). Во истите два случаи Комитетот утврдува дека со ова одбивање, државата-договорна страна не ги презела соодветните мерки да им овозможи истите да ја вршат должност на поротник а со тоа оневозможувајќи го нивното учество во различните аспекти од живеењето спротивно на членот 9 од Конвенцијата (параграф 8.6 во двете одлуки соодветно). Дополнително, во случајот *F v. Austria (Communication No. 21/2014, CRPD/C/14/D/21/2014, Views adopted on 21 September 2015),* Комитетот сметал дека неинсталирањето на аудио систем од страна на државата-договорна страна при продолжувањето на трамвајската мрежа резултирало со оневозможување на лицата со сензорна попреченост (слепи лица) на пристап до информации и комуникациски технологии и до

услуги отворени за јавноста на еднаква основа со другите, а со тоа и до повреда на членот 5 и 9 на Конвенцијата (параграф 8.7).

Членот 9 кој се однесува на пристапноста, предвидува дека пристапноста ќе се оствари преку мноштво на мерки, вклучително и создавање на минимум стандарди за пристапност. Во случајот *Szilvia Nyusti and Péter Takács v. Hungary (Communication No. 1/2010, CRPD/C/9/D/1/2010, Views adopted on 21 June 2013),* Комитетот сметал дека непристапноста на банкоматите за лица со сензорна попреченост, односно немање на испис на Браево писмо ниту аудио инструкции и гласовна поддршка за операциите поврзани со банкарските картички, резултирало со повреда на членот 9 од Конвенцијата (параграф 9.6), наведувајќи дека сите услуги отворени за јавноста треба да бидат пристапни и за лицата со попреченост.

Според членот 12 од Конвенцијата кој се однесува на еднаквото признавање пред законот, претпоставениот или реален недостаток на ментален капацитет не смее да се користи како оправдување за одземање на деловната способност. Истата позиција ја истакнува Комитетот во случајот *Marlon James Noble v. Australia*, наведен погоре, во кој нашол повреда на членот 12 и 13 (пристап до правда) од Конвенцијата наведувајќи дека "одлуката дека апликантот не е во состојба да даде изјава за својата вина поради неговата интелектуална и ментална попреченост резултирало во одбивање [од страна на властите] на неговото право да се користи со својата деловна способност во изјавата за вината и да ги предизвика доказите против него. Дополнително, државата-договорна страна не обезбедила соодветна форма на поддршка за да му се овозможи на лицето со попреченост да се соочи со судењето и да се изјасни за невин, и покрај неговата јасна намера да го стори тоа" (параграф 8.6).

Членот 13 кој се однесува на пристапот до правда, изрично ги обврзува државите-договорни страни да обезбедат ефикасен пристап до правдата за лицата со попреченост на еднаква основа со другите, притоа неодговарајќи на прашањето што сè преставува дел од правниот систем на една држава. Сепак, ова прашање го одговара Комитетот во својата јуриспруденција, во случајот *Gemma Beasley v. Australia*, и во случајот *Michael Lockrey v. Australia*, наведени погоре, каде Комитетот смета дека вршењето на должноста на поротник е составен дел на австралискиот судски систем и, како таква, претставува 'учество' во судските постапки во смисла на Конвенцијата, па затоа утврдува дека со одбивањето за обезбедување на толкување на знаковниот јазик Ауслан на апликантите, државата-договорна страна оневозможила истите да ја вршат должност на поротник спротивно на членот 13 од Конвенцијата сам и во врска со членот 3, 5 и 29 (учество во политичкиот и јавниот живот) (параграф 8.9 во двете одлуки соодветно).

Правото на поединецот на физичка слобода и безбедност на неговата личност е вградено во членот 14 од Конвенцијата. Ова е доста важно затоа што

голем дел од лицата со попреченост во некои држави, само поради фактот дека имаат попреченост се лишени од својата слобода и институционализирани. Посебно ранливи се лицата со интелектуална и психосоцијална попреченост. Комитетот ова недвојбено го истакнува во случајот *Marlon James Noble v. Australia,* наведен погоре, каде Комитетот утврдува дека притворот на лицето со интелектуална попреченост без кривична осуда претставува повреда на членот 14 од Конвенцијата (параграф 8.7). Дополнително, во случајот *Mr. X v. Argentina (Communication No. 8/2012, CRPD/C/11/D/8/2012, Views adopted on 18 June 2014),* Комитетот потсети дека државите-договорни страни мора да ги преземат сите соодветни мерки за да обезбедат лицата со попреченост кои се притворени да можат да живеат самостојно и целосно да учествуваат во сите аспекти на секојдневниот живот во местото на притвор, вклучувајќи го и обезбедувањето на нивниот пристап, на еднаква основа со другите, до различните места и услуги, како што се бањи, дворови, библиотеки, области за учење, работилници и медицински, психолошки, социјални и правни услуги (параграф 8.5). Комитетот нагласи дека недостатокот на пристапност и соодветно приспособување ги става лицата со попреченост во суб-стандардни услови за притвор кои се неспоиви со членот 17 (заштита на интегритетот на личноста) од Конвенцијата (параграф 8.6).

Членот 15 ја содржи забраната за мачење или сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Особено, никој не смее да биде подложен без негова или нејзина слободно изразена согласност кон медицински или научни експерименти. Во случајот *Marlon James Noble v. Australia*, наведен погоре, Комитетот сметал дека имајќи ги предвид непоправливите психолошки ефекти кои може да ги има неограниченият притвор на апликантот (во период од повеќе од 13 години), истиот смета дека неопределениот притвор на кој бил подложен апликантот претставува нечовечно и понижувачко постапување. Затоа, Комитетот јасно навел дека неодредливиот карактер на притворот на апликантот како и повторените акти на насилство на кои тој бил подложен за време на траењето на неговиот притвор претставуваат повреда на членот 15 од Конвенцијата од страна на државата-договорна страна (параграф 8.9). Исто така и, во случајот *Mr. X v. United Republic of Tanzania,* наведен погоре, Комитетот јасно изјавува дека позитивната обврска на државата-договорна страна е да ги спречи и казни актите на мачење или сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување извршени од страна на државните и другите (не-државни) актери. Дополнително, Комитетот истакнува дека експедитивноста и ефикасноста се особено важни во судското пресудување на овие случаи. Во конкретниот случај каде на апликантот кој е лице со албинизам му е отсечена левата рака под лактот од страна на двајца непознати лица, Комитетот сметал дека страдањето што го доживеал апликантот поради недостигот на дејствија од страна на државата-договорна страна што ќе овозможи ефективно гонење на

осомничените сторители на кривичното дело, е причина за повторната виктимизација на апликантот и претставува психолошко мачење и/или малтретирање, притоа наоѓајќи повреда на членот 15 од Конвенцијата (параграф 8.6).

Членот 17 го заштитува интегритетот на личноста наведувајќи дека секое лице со попреченост има право на почитување на својот физички и ментален интегритет на еднаква основа со другите. Ова право е разработено во јуриспуденцијата на Комитетот. Имено, во случајот *Mr. X v. Argentina,* анализиран погоре, се заклучува дека недостатокот на пристапност ги става лицата со попреченост во суб-стандардни услови за притвор. Дополнително, во случајот *Mr. X v. United Republic of Tanzania,* наведен погоре, Комитетот сметал дека насилството претрпено од апликантот (отсекување на неговата лева рака под лактот од страна на двајца непознати лица) јасно подпаѓа во категоријата на дела што резултираат со повреда на физичкиот и менталниот интегритет на лицето, и непреземањето на мерки за превенција и казнување на овие акти и недостатокот на поддршка кон апликантот од страна на државата-договорна страна претставува повреда на членот 17 во врска со членот 4 од Конвенцијата (параграф 8.7).

Членот 19 се однесува на независното живеење и вклучување во заедницата на лицата со попреченост. Било која институционална форма на служба за поддршка која ја изолира и ограничува личната автономија на лицата со попреченост е спротиивна на членот 19 став 1 алинеја б од МКПЛП. Во оваа насока, во случајот *H.M v. Sweden,* наведен погоре, Комитетот нашол повреда на членот 19 од Конвенцијата забележувајќи дека одлуката на домашните власти да го одбијат отстапувањето од градежно-урбанистичкиот план со цел да се дозволи изградбата на базен за хидротерапија на имотот на апликантката во нејзина соспственост кој и бил потребен, делувала негативно спрема неа, како лице со попреченост и спрема нејзиното право да живее независно и биде вклучена во заедницата (параграф 8.9). Во истиот случајот Комитетот нашол повреда и на членот 25 и 26 кои се однесуваат на здравјето и хабилитацијата и рехабилитацијата, наведувајќи дека државата и го оневозможила на апликантката уживањето на 'највисокиот достапен стандард на здравје' без дискриминација врз основа на попреченост (параграф 8.6 и 8.8), како и пристапот до сеопфатните рехабилитациски услуги и програми (параграф 8.7 и 8.8).

Слободата на изразување и мисла и пристапот до информации е уредена со членот 21. Според јуриспруденцијата на Комитетот, во случајот *Gemma Beasley v. Australia,* како и во случајот *Michael Lockrey v. Australia*, наведени погоре, истиот сметал дека толкувањето на знаковниот јазик Асулан и толкувањето на стенографијата подпаѓа под начин на комуникација согласно Конвенцијата, па затоа утврдил дека со одбивањето за обезбедување на

форматот на комуникација кој им е потребен на апликантите со цел истите да можат да ја вршат должноста поротник а со тоа и да се искажат во 'службената интеракција' претставува повреда на членот 21 од Конвенцијата сам и во врска со членот 2, 4 и 5 (параграф 8.8 во двете одлуки соодветно).

Членот 27 се однесува на вработувањето и работните односи за лицата со попреченост на еднаква основа со другите. Во случајот *Liliane Gröninger v. Germany (Communication No. 2/2010, CRPD/C/D/2/2010, Views adopted on 7 July 2014),* Комитетот сметал дека афирмативните мерки преземени од страна на државата во насока на давање на субвенција за интегрирање на пазарот на трудот за синот на апликантката кој е лице со попреченост делувале одвраќачки за работодавците, наместо како поттик, поради административната комплексност на процедурата. Притоа Комитетот заклучил дека овие мерки не го достигнале стандардот предвиден со Конвенцијата и затоа нашол повреда на членот 27 во врска со членот 3, 4 и 5 од Конвенцијата (параграф 6.3).

Членот 29 предвидува дека државите-договорни страни им ги гарантираат на лицата со попреченост нивните политички права и можности да ги уживаат истите на еднаква основа со другите. Во својата јуриспруденција во случајот *Zsolt Bujdosó, Jánosné Ildikó Márkus, Viktória Márton, Sándor Mészáros, Gergely Polk and János Szabó v. Hungary (Communication No. 4/2011, CRPD/C/10/D/4/2011, Views adopted on 16 October 2013)*, каде лицата со интелектуална попреченост кои биле ставени под делумно или целосно старателство автоматски биле отстранети од избирачкиот список, и наоѓајќи повреда на членот 29 сам и во согласност со членот 12 од Конвенцијата, Комитетот наведува дека државите-договорни страни потребно е да ги прилагодат процедурите за гласање, обезбедувајќи нивна соодветност, достапност и лесна разбирливост и употреба, и каде што е потребно, да им овозможат на лицата со попреченост, на нивно барање, помош при гласањето. Со тоа државите ќе осигурат лицата со интелектуална попреченост да можат да го дадат својот глас компетентно, на еднаква основа со другите, притоа гарантирајќи ја тајноста на гласањето (параграф 9.6).

Заклучоци

Иако Конвенцијата не создава нови права, сепак со својата програмска природа и преку исцртување на политиките кои државите-договорни страни треба да ги преземат во согласност со нивниот правен, политички и административен систем, е најважниот правен инструмент за заштита на човековите права на лицата со попреченост. Таа го има потенцијалот да претставува водилка за договорните тела за човекови права (*treaty bodies*), меѓународните судови и тела (Судот на правдата на Европската Унија, Европскиот суд за човекови права, Европскиот комитет за социјални права), при

толкувањето на општите обврски кои произлегуваат од меѓународното право за правата на човекот, ставени во контекст на попреченоста. Во оваа насока од голема корист е и судската практика на Комитетот за правата на лицата со попреченост. Притоа улогата на Комитетот не е само да ги заштити правата на лицата со попреченост преку предизвикување на определени законски решенија и политики кои се создадени како резултат на политичкиот процес, кој всушност ги занемарува правата и потребите на оваа група на лица. Тоа можеше да се случи и со веќе постоечките инструменти за правата на човекот. Напротив, неговата поголема улога е да ја помогне промената на самиот процес, односно промената во гледањето на попреченоста како прашање на права и правда, внатре во секоја од државите притоа предизвикувајќи ги постојните стереотипи, предрасуди и стигма кои ги следат лицата со попреченост.

Токму во таа насока се развива и судската пратика на Комитетот за правата на лицата со попреченост, посебно разгледувајќи ја димензијата на еднаквоста, пристапноста и еднаквото признавање пред законот на лицата со попреченост при анализата на повредите на останатите одредби од Конвенцијата. До сега Комитетот нашол повреда на следниве членови на Конвенцијата, и тоа: член 5 (рамноправност и недисркиминација), 9 (пристапност), 12 (еднакво признавање пред законот), 13 (пристап до правда), 14 (слобода и безбедност на личноста), 15 (забрана на мачење или сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување), 17 (заштита на интегритетот на личноста), 19 (независно живеење и вклучување во заедницата), 21 (слобода на изразување и мисла и пристап до информации), 25 (здравство), 26 (хабилитација и рехабилитација), 27 (работа и вработување) и 29 (учество во политичкиот и јавниот живот).

ЛИТЕРАТУРА

Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, „Службен весник на Република Македонија“, бр.172/11.

Полио плус, *Политиката на хендикеп на локално ниво, Вклучување на прашањето на хендикеп во развојните политики на локално ниво согласно ООН Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп*, Скопје, 2012.

Попоска, Ж., *Толкувач на Меѓународната Конвенција за правата на лицата со попреченост на Организацијата на обединетите нации*, Полио плус, Скопје, 2018.

Попоска, Ж., *Дискриминација врз основа на хендикеп во меѓународното право за правата на човекот*, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, 2015.

Стојкова, Ж., *Од Конвенција до практика, осврт на Меѓународната конвенција за правата на лицата со хендикеп и следните чекори за нејзината ефективна имплементација во Република Македонија*, Полио плус, Скопје, 2009.

Committee on the Rights of Persons with Disabilities, General comment No.1: Article 12: Equal recognition before the law, Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Eleventh session, CRPD/C/GC/1, 19 May 2014. [online] Available at: <**https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G14/031/20/PDF/G1403120.pdf?OpenElement**> [Accessed 12 May 2018].

Committee on the Rights of Persons with Disabilities, General comment No.2 on Article 9: Accessibility, CRPD/C/GC/2, 22 March 2014. [online] Available at: <**https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G14/033/13/PDF/G1403313.pdf?OpenElement**> [Accessed 12 May 2018].

Committee on the Rights of Persons with Disabilities, General comment No.3 on women and girls with disabilities, CRPD/C/GC/3, 25 November 2016.

Committee on the Rights of Persons with Disabilities, General comment No.4 on the right to inclusive education, Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Eleventh session, CRPD/C/GC/4, 25 November 2016. [online] Available at: <**http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/GC/4&Lang=en**> [Accessed 27 April 2018].

Committee on the Rights of Persons with Disabilities, General comment No.5 on living independently and being included in the community, Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Eleventh session, CRPD/C/GC/5, 27 October 2017.

Committee on the Rights of Persons with Disabilities, General comment No.6: Article 5: Equality and non-discrimination, Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, CRPD/C/GC/6, 9 March 2018. [online] Available at: <**http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/GC/6&Lang=en**> [Accessed 2 May 2018].

Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, F v. Austria, Communication No. 21/2014, CRPD/C/14/D/21/2014, Views adopted on 21 September 2015.

Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Gemma Beasley v. Australia, Communication No. 11/2013, CRPD/C/15/D/11/2013, Views adopted on 25 May 2016.

Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, H.M v. Sweden, Communication No. 3/2011, CRPD/C/7/D/3/2011, Views adopted on 21 May 2012.

Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Liliane Gröninger v. Germany, Communication No. 2/2010, CRPD/C/D/2/2010, Views adopted on 7 July 2014.

Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Marlon James Noble v. Australia, Communication No. 2/2012, CRPD/C/16/D/7/2012, Views adopted on 10 October 2016.

Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Michael Lockrey v. Australia, Communication No. 13/2013, CRPD/C/15/D/13/2013, Views adopted on 30 May 2016.

Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Mr. X v. Argentina, Communication No. 8/2012, CRPD/C/11/D/8/2012, Views adopted on 18 June 2014.

Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Mr. X v. United Republic of Tanzania, Communication No. 22/2014, CRPD/C/18/D/22/2014, Views adopted on 31 August 2017.

Committee on the Rights of Persons with Disabilities, Rules of procedure, CRPD/C/1/Rev.1, 10 October 2016. [online] Available at: <**http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/1/Rev.1&Lang=en**> [Accessed 3 May 2018].

Committee on the Rights of Persons with Disabilities, S.C v. Brazil, Communication No. 10/2013, CRPD/C/12/D/10/2013, Decision of 28 October 2014.

Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Szilvia Nyusti and Péter Takács v. Hungary, Communication No. 1/2010, CRPD/C/9/D/1/2010, Views adopted on 21 June 2013.

Committee on the Rights of of Persons with Disabilities, Zsolt Bujdosó, Jánosné Ildikó Márkus, Viktória Márton, Sándor Mészáros, Gergely Polk and János Szabó v. Hungary, Communication No. 4/2011, CRPD/C/10/D/4/2011, Views adopted on 16 October 2013. [online] Available at: <**http://www.ohchr.org/EN/HRBodies/CRPD/Pages/Jurisprudence.aspx**> [Accessed 16 May 2018].

Despouy L., Report on Human Rights and Disabled Persons, 1993. Достапно на: <**http://www.un.org/esa/socdev/enable/dispaperdes0.htm**> [Accessed 1 May 2018].

Human Rights Today, a United Nations Priority, 1998.

Quinn G., Arnardottir O.M., The UN Convention on the Rights of Persons with Disabilities: European and Scandinavian Perspective, Boston-Leiden, 2009.

Resolution adopted by the General Assembly on 13 December 2006, A/RES/61/106, 24 January 2007. [online] Available at:

<https://treaties.un.org/doc/source/docs/A_RES_61_106-E.pdf> [Accessed 10 May 2018].

Statement on behalf of New Zeland, by Ambassador Don MacKey (Chair of the Ad Hoc Committee), at the adoption of the Convention on the Rights of Persons with Disabilities by the United Nations General Assembly on 13 December 2006. [online] Available at: **<http://www.un.org/disabilities/default.asp?id=155#nz>** [Accessed 10 May 2018].

Zeynep Ece Unsal
Asstistant Professor
Istanbul Beykent University
Faculty of Economics and Administrative Sciences –
Department of International Relations,
Istanbul, Republic of Turkey
zeynepece@gmail.com

UDC.323.28:061.25(560)

Ivica Simonovski
PhD, Co-Founder of Cyber Security, Corporate Security and Crisis Management Initiative, Republic of Macedonia
ivica.simonovski@c3initiative.com

ANALYSING THE NEW TACTICS AND STRATEGIES OF PKK IN TURKEY? DO TERRORIST ORGANIZATIONS COPY EACH OTHER?

Abstract

Terrorism is basically defined as a kind of "political violence" however its very contentious concept so that there is still no single definition that is accepted by all around the world. The PKK (Partiya Karkerên Kurdistanê/ Kurdish Workers Party), which was established at the end of 1970s and carried out its first action in 1984, has undergone many changes since its inception, is defined as a terrorist organization by many international organisation and states. The organization had affected by the changes in the world conjuncture, is now regarded as both a Marxist-Leninist and an ethnic-separatist terrorist activity. During that transition process of world, the tactics and strategies of the PKK have also changed. The PKK, which had set out for the aim of an independent Kurdish state, has been talking about an autonomous federal Kurdish region today. At the same time, the PKK, which originally fought with security forces with tactics of rural-guerrilla warfare, has now turned its tactics to the city wars and has attacked the security forces that have no defence capabilities (unarmed) or civilians especially by using its proxy organisation TAK. The latest two attacks in December 2016 in İstanbul and Kayseri are just examples of this new tactics. These tactics, in other words, attacking to civilians rather than elements of the state and using rural guerrilla warfare (security forces or state officials) have been similarities to the tactics of the PIRA (the armed part of the IRA) in the period before Belfast Treaty. In fact, the PKK and the (P)IRA are different terrorist organizations in terms of organizational philosophy, motivational elements and forms of action. However, after the operations carried out by the Turkish Military

Forces in the eastern regions of Turkey, the PKK moved its terrorist acts from rural areas to cities. They have been applying new tactics that they learned from other terrorist organisations. Beside the PIRA, the PKK has started to use bomb-cars tactics that they learned from Al-Qaeda and IS from the period of Iraq invasion and Syrian civil war. In this context, the aim of this study is to analyse the new tactics and strategies of the PKK's transformation process by revealing the similarities of the PKK with other terrorist organizations, and to identify possible prevention proposals. First of all, the concept of terrorism will be examined in detail. Subsequently, the change that the PKK has undergone will be discussed by its major and new actions will be introduced that resemble PIRA and other Middle Eastern terrorist organizations.

***Key words**: terrorism, PKK, strategies, tactics, Middle East terrorist organisations, PIRA.*

Introduction

Terrorism is defined basically as a kind of "political violence". However, its very contentious concept so, there is still no singe definition of terrorism that accepted from the world. The most important debate about terrorism is "what is terrorism" and "who is the terrorist" because there is a disagreement between parties on "one's terrorist the other's freedom fighters". All we know that the concept of freedom fighters is come to the world agenda after the decolonisation period. From this decolonization perspective, there should be two important features for being freedom fighter. First one is being under from other state/s and the second one is being under undemocratic regimes. For example, we can easily define the "Kuvai Milliye[1]" forces as freedom fighters in the period of Turkey's War of Independence, because, the territories of Ottoman were occupied by Western States. If an armed group, which is both living in a sovereign state and under a democratic regime and act some terrorist attacks to innocent people is directly defined as terrorist group. Also for freedom fighters the second issue is guerrilla warfare. Guerrilla warfare has some rules and if the freedom fighters apply these rules in their freedom fighting process they could gain legitimacy from international law. But if an armed groups use guerrilla warfare they must not attack innocent people. In other words, must not do terror. They can only fight against military forces.

In this context of above, PKK and its all proxy organisations can be defined as terrorist. If PKK were established in Ottoman period and claimed that they were

[1] Turkish militia forces in the early period of the Turkish War of Independence

under occupation on the so called Kurdish territory it could be acceptable as freedom fighters because there was an empire, territories was gained by wars and there was no democracy. But in today's world, under the international law rules, the activities of PKK are terrorist activities because, it's totally against democratic Turkish Republic.

За да можат да се надминат состојбите што се среќаваат во практиката и кои не само што ги загрозуваат интересите на детето, туку ги нарушуваат и неговите права, потребно е воведување на брачната медијација и зајакнување на улогата на брачните советувалишта, а во насока на зајакнување на свеста на родителите дека конфликтот меѓу нив влијае крајно негативно врз децата. При тоа, основно е да им се укаже на родителите дека треба да се однесуваат како одговорни родители на кои на преден план им се децата и затоа советувалиштата треба да имаат суштинска улога, а од друга страна медијацијата е поволна бидејќи не го инспирира чувството на триумфализам на едниот родител дека го добил детето.

Медијацијата во семејните спорови по разводот на бракот треба да ја воспостави законската претпоставка дека родителите заеднички подготвуваат родителски план пред било каква судска одлука за вршењето на родителското право по развод на брак.[32] Имено, улогата на судот во тој случај би била само потврдување на договорениот модел, кој ја нагласува родителската одговорност за задоволување на потребите на децата, кој ќе биде направен пред секое судско сослушување. Планот ќе се направи преку директни советувања, програми за образование на родители, судско или независно посредување или преговарање со адвокати.

[31] See Turunen, *цит. дело*., стр. 71, 3.

[32] Семејната медијација е постапка во која странките настојуваат спогодбено да го решат спорот од семејните односи со помош на еден или повеќе семејни медијатори. Главната цел на постапката за семејна медијација е постигнување на план за заедничка родителска грижа и други спогодби во врска со детето.

Едукацијата за поделено вршење на родителската одговорност вклучува едукација на родителите во рамките на образовниот систем, курсеви за подготовка на развод на брак, потреба во образованието и подршка на родителите.

Оваа законска реформа ќе ги реши прашањата кои de lege ferenda ќе се јават во случај на постапка за развод на брак. Тоа од една страна ќе го осигура вршењето на родителското право преку моделот на најдобриот интерес на детето, а од друга страна ќе ја зајакне правната сигурност во судските постапки во одуство на експертиза во ова подрачје, избегнувајќи ги дилемите на судиите во одлуките за ‘’најдобриот интерес на детето.‘’[33]

Согласно член 2 од Конвенцијата за правата на детето, мора да се слушне и да се почитува мислењето на детето, односно детето треба да го изрази своето мислење пред судијата, како и да биде известено за можните последици од почитувањето на неговото мислење, нешто што мора да биде задолжително за судијата при носењето на одлуката (иако во пракса тоа не е случај). [34]

Заклучни согледувања

Нашето законодавство сеуште го прокламира застарениот концепт на вршењето на родителското право по развод на брак, доделувајќи ги децата само на едниот родител. Ова законско решение постои и покрај тоа што во законот се предвидува решението на еднаквост и рамноправност на родителите при вршењето на родителското право. Реформата во граѓанското право и изработката на Граѓанскиот закон е можност да се направат реформи во семејното законодавство, особено оние кои се поврзани со разводот и вршењето на родителското право по разводот на брак. Разводот на бракот треба да се толкува како престанок на брак, а не како престанок на вршење на родителското право. Освен тоа, сметаме дека терминот „родителското право“ треба да се замени со „родителска одговорност“ со што ќе се укаже дека родителите имаат

[33] Конечно со ова реформа ќе се реши и прашањето кое согласно постојниот Закон за семјство е во директна спротивност со Конвенцијата за првата на детето, каде што се пропишува дека само суд може да донесе одлука за одземање на детето од едниот родител и доверување на детето на другиот родител.Ова не е случај во нашето законодавство кое дозволува центарот за социјална работа, а не судот, да носи одлука за одземање на детето од едниот родител и доварување на детето на другиот родител. Сепак станува збор за прашање кое е од граѓанско правна природа, а не од управно правна природа, затоа надлежен за одлучување е судот.

[34] Мислењето на детето се зема во предвид во согласност со неговата возраст и зрелост. Судијата треба да го слушне мислењето на детето од причина што одлучува по прашање за неговата иднина.

пред се одговорности во однос на децата, а правата им се определени само за да можат да ги извршуваат своите одговорности и обврски кон децата. Освен тоа, сметаме дека примената на моделот на заедничкото вршење на родителското право по разводот на бракот одговара на принципот на почитување на најдобриот интерес на детето во многу поголема мера отколку моделот според кој детето по разводот на брак било доверувано на едниот родител (најчесто мајката). Примената на овој модел ќе овозможи намалување на конфликтите во вршењето на родителското право, во насока на зајакнување на свеста на родителите дека конфликтот меѓу нив влијае крајно негативно врз децата.

Родителите мора да продолжат да го вршат родителското право спогодбено, за што во Законот за семејство е потребна експлицитна одредба со која ќе се утврди концептот на заедничко и одговорно родителство и по разводот на бркаот. Заедничкото вршење на родителското право и по разводот значи носење на сите клучни одлуки кои се поврзани со правото и со интересите на детето. Сите истражувања покажуваат дека во животот на детето е потребно интензивно присуство на двата родители. Од друга страна пак, доверувањето на чување и воспитување на детето кај еден од родителите не значи другиот да се отфрли од неговиот живот, бидејќи тоа не е оправдано ниту во правна ниту, пак во социопсихолошка смисла.

Заедничкото вршење на родителското права наметнува рамноправна положба на родителите, во која нема повеќе можност за користење на децата за сопствени интереси, туку напротив, интересите на децата остануваат на прво место. Поделената родителска одговорност ја намалува можноста за појава на депресија, зависности или други негативни психоемоционални состојби како резултат на изгубеното старателство, што е сега честа појава во случаите на развод на брак во Македонија. Со заедничкото вршење на родителското право по разводот на брак би се избегнала дискриминацијата на едниот родител, би се намалиле долгите судски и други постапки и би се остварила основната цел – децата и по разводот на бракот би имале интензивни контакти и со двајцата родители што е клучно за правилниот психосоцијален развој на децата.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Amato, P.R., The Consequences of Divorce for Adults and Children, 62 *Journal of Marriage and the Family* (November 2000);

Bauserman, R, Child Adjustement in Joint-Custody Versus Sole-Custody Arrangements: A Meta-Analytic Review, 16 (1) *Journal of Family Psychology* (2002);

Boulanger, *Les rapports juridiques entre parents et enfants, Perspectives comparatives and internationals*, (Economica), Paris, 1998;

Di Fonzo, H., Dilemmas of Shared Parenting in the 21st Century: How Law and Culture Shape Child Custody, Hofstra Law Review, 43 (4) , 2015;

Judith S. Wallerstein, Sandra Blakeslee, *Second chances: men women and children a decade after divorce*, (Bantam, London) 1989;

Kim, H.S., Consequences of Parental Divorce for Child Development, 76 (3) American Sociological Review (2011);

Lamb, M.E., Sternberg, K.J, Thompson, R. A. The Effects of Divorce and Custody Arrangements on Children's Behavior, Devolopment and Adjustement, 35 (4) Family and Conciliation Courts Review, (1997);

Linda D. Elrod, Milfred D. Dale,.,Paradigm Shiftsand Pendulum Swingsin Child Custody: The Interests of Childrenin the Balance, 42 (3) Family Law Quarterly, (2008);

Mary Ann Mason, Ann Quirk, Are Mothers Losing Custody? Read My Lips: Trends in Judicial Decision-Making in Custody Disputes-1920, 1960, 1990 and 1995, 31 (2) Family Law Quarterly (2007);

Мицковиќ, Д., Вршењето на родителското право по разводот на брак во македонското и споредбеното право, International Scientific Conference Ohrid scholl of Law 2017, Effective protection of the human rights and liberties: Reality or Ideal, 2017;

Osborne, C., Mc Lanahan, S., Partnership Instability and Child Well-Being, 69 Journal of Marriage and Family (November 2007);

Parkinson,P.,Family Lawand the Indissolubility of Parenthood, Sydney Law School, Legal Studies Research PaperNo. 06/31, (2006);

Parkinson, P., Family Law and Accesto Justice, 8 (1) *Contemporary Readings in Law and Social Justice*, (2016);

Turunen, J, Shared Physical Custody and Children's Experience of Stress, 24 Families and Societies Working Paper Series (2015);

Fransson, E., et all., Psychological complaints among children in joint physical custody and other family types: Considering parental factors, Scandinavian Journal of Public Health 44 (2016);

Чавдар К., Сиљаноска Костадиновска Ц., Коментар на законот за семејството, Судска практика, предметен регистар, примери за практична примена, придружни прописи и литература, Академик, Скопје 2013;

Закон за семејство („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015).

Димитар Апасиев
Доцент, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Правен факултет, Катедра за граѓанско право
dimitar.apasiev@ugd.edu.mk

УДК.343(37)

КРИВИЧНИТЕ СУДЕЊА ПРЕД РИМСКИОТ СЕНАТ ВО ВРЕМЕ НА ИМПЕРАТОРОТ ТИБЕРИЈ

Апстракт
Промените во економско-општествената и државна структура на Рим, кои беа извршени во времето на Принципатот (I век пр.н.е. – III век н.е.), односно при преминот од републиканско кон монархиско државно уредување, неминовно се одразија и на римското кривично правосудство. Навистина, и во ова време на т.н. Римско класично право, сè уште постоеја остатоци од поранешната когниciска постапка и сè уште цветаа постојаните т.н. Квесциони поротни судови (*Quaestiones perpetuae* или *quaestiones ordinariae*) – но, паралелно со нив, во раниот период на Империјата, беа воведени и нови форми на кривични судови. Ние, во рамките на овој труд, поради ограниченият расположлив простор, ќе се задржиме главно на организацијата и јурисдикцијата на римскиот Сенат, како аристократски орган на тогашниот нобилитет, и на судењата кои се одвиваа пред него во овој турбулентен период од римската државно-правна историја – со посебен осврт на дводецениското владеење на вториот принцепс Тибериј (Tiberius / вл. 14–37 год.) кој на престолот дојде по смртта на легендарниот Октавијан Август.

***Клучни зборови**: Сенат, сенатори, конзули, курија, кривични судења.*

Dimitar Apasiev, PhD
Assistant-Professor
State University "Goce Delcev" – Stip
Faculty of Law, Department of Civil Law
dimitar.apasiev@ugd.edu.mk

CRIMINAL TRIAL IN FRONT OF THE ROMAN SENATE DURING THE REIGN OF TIBERIUS

Abstract
The changes in the social-economic and state structure of Rome, carried out at the time of the Principal (1st century BC – 3rd century AD), i.e. at the transition from republican to monarchial state order, inevitably reflected on the Roman criminal justice. Indeed, at this initial time of the so-called *Roman classical law*, the remains of the former cognition procedure still existed and dominated the so-called *Quaestiones perpetuae* or *Quaestiones ordinariae* (jury courts), but, despite this, in the early period of the Empire, new forms of criminal courts were introduced. In this paper, due to the limited available space, we will focus mainly on organization and jurisdiction of the Roman Senate – as aristocratic state body of the nobility, and the trials that took place in front of it in this turbulent period of Roman state and legal history, with particular regard to the rule of the second emperor Tiberius (ruled 14–37 AD).

Key words: *Senate, senators, consuls, Curia, criminal trials.*

I. ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА „МЕШОВИТИОТ КРИВИЧЕН СУД" – Т.Н. КОНЗУЛСКО-СЕНАТСКО ПРАВОСУДСТВО

Познатиот француски рационалист Шарл Луј Монтескје,[1] во неговото капитално дело Духот на законите (1748), причината за промената на

[1] Монтескје (Charles-Louis de Montesquieu / 1689–1755) е познат француски правник, политички философ, книжевник и социолог и еден од најпознатите претставници на европското Просветителство. Важи за одличен познавач на римската историја, а има напишано и посебна книга *Размисли за причините за величината на Римјаните и за нивната пропаст* (*Considérations sur les causes de la grandeur des Romains et de leur*

владеењето во римската држава ја лоцира во тоа што **Сенатот** – кој располагаше со еден дел од извршната власт, и магистратите – кои располагаа со нејзиниот друг дел, ја немаа моќта на спречување со којашто, пак, располагаше народот.[2] Од самиот почеток на Принципатот, сенатските седници биле одржувани во новата т.н. *Јулиева курија* (*Curia Iulia*) чија изградба е започната во времето на Цезар, а довршена во време на Август, а истите можеле да се одржат и надвор од градскиот помериум:[3] на пример, во т.н. Помпеева курија (*Curia Pompeia*); потоа во храмот на Белона, во храмот на Аполон и сл. Во периодот на Царството не беше невообичаено и тоа седниците на Сенатот, по исклучок, да бидат одржувани и во домот на еден од актуелните конзули.[4]

Во овој период на породилни болки на римското Царство, гордите римски **сенатори** молкум помогнале да се погреба Републиката, а потоа непрестајно барале и не го наоѓале своето место во системот, бидејќи конечно републиканското уредување падна ничкум пред монархистичкото. Навистина, можеби првиот принцепс Октавијан Август (Augustus / 63 год. пр.н.е. – 14 год. н.е.) не беше самодржец во најавторитарна смисла, но секако дека беше поткопувач, ако не и џелат на Републиката, бидејќи тој го смени моделот на примопредавање на власта – па така, првиот вистински самодржец беше неговиот посвоеник Тибериј (Tiberius / 42 год. пр.н.е. – 37 год. н.е.), за којшто покрај острата критиката упатена кон овој принцепс, римскиот историчар Тацит нѝ дава до знаење дека во негово време „немало телесни казнувања, ниту одземање на имоти... а ако некогаш имало спор со приватни лица, тоа се решаваше на форумот и на суд“.[5] Следната мана на новопечените сенатори во

décadence / 1734), која речиси целата е вметната во неговото подоцнежно и најзначајно двотомно дело *Духот на законите*.

[2] *De l'éspirit des lois*, II, 11, 6; Monteskje, *O duhu zakona - Tom I*, Beograd, ZID „Filip Višnjič“, 1989, 184.

[3] *Помериум* е назив за означување на обележаните свети граници на Градот. Според Ливиј, значењето на зборот „помериум“ некои го објаснуваат како post moerium = „простор зад бедемот“, но според него тоа повеќе е circamoerium = „простор од обете страни на бедемот“ којшто некогаш, кога Етрурците основале градови, тоа место го оставале ненаселено т.е. празно, за да не се спојат градбите на луѓето со внатрешниот дел на ѕидините; а, пак, однадвор земјата која се наоѓала непосредно до градските ѕидини не смеела да се обработува.

[4] Žika Bujuklič, *Forum Romanum – Rimska država, pravo, religija i mitologija*, Beograd, Centar za publikacija Pravnog fakulteta u Beogradu & Dosije, 2005, 483.

[5] Tacitus, *Annales*, I, 13. Наведено кај Војислав Саракински, во Предговорот на македонскиот превод на Тацит/Такит, *Анали*, Скопје, Три, 2005, 16 и 18.

периодот на Принципатот, а особено на т.н. *сенатори-педарии*,[6] беше тоа што наместо да го обележат своето време со славни подвизи, тие ја оскверн авија оваа епоха со своето гнасно додворување – со тоа што меѓусебно се натпреварувааа да станат и да гласаат за многу срамни и претерани предлози. Се зборувало и дека принцепсот Тибериј, секогаш кога излегувал од Куријата каде што се одржуваа сенатските седници, обично на грчки вака презриво им дофрлал: „О, луѓе спремни да робуваат“! Очигледно и оној кој не ја сакал граѓанската слобода се згрозувал од појавената подложност, расипаност и ситнодушност на оние кои нему му служеле.[7] За да ја доловиме атмосферата на подлизување кон Принцепсот, накратко ќе ја споменеме епизодата со побелениот сенатор Квинт Хатериј, кој занесен во упикувањето и додворувањето кон Тибериј, по завршувањето на една сенатска седница на кое било прочитано писмо од императорот – предложил дека треба одлуките од тој ден „со златни букви да се врежат во Куријата“!? Тоа предизвикало отворен потсмев кон старецот кој толку ниско и приземно се додворувал, што му донело само подбив и јавен срам меѓу присутните.[8]

Во вакви изменети прилики и изгубени републикански вредности, мешовитите **конзулско-сенатски кривични судови** за прв пат ги воведе првиот римски принцепс Октавијан Август, уште на самиот почеток на Принципатот. Имено, конзулите (*consules*) – како виши магистрати cum imperio – беа тие кои ја воделе истрагата и потоа ги свикувале сенатските седници, со кои и претседавале, а на кои всушност се одвивале самите судења.[9] Од формална гледна точка, за римското општество, оваа Августовска одлука не претставуваше нешто којзнае колку ново – оти и порано Сенатот спорадично се јавуваше како *советодавен орган* при вршењето на кривично-правната репресија, а пак конзулите ова овластување принципиелно го имаа од секогаш. Впрочем, римскиот Сенат, во периодот на Империјата, беше познат по својот сервилен однос кон императорите: на пример уште претходно, во 43 год. пр.н.е.,

[6] Ова бил погрден прекар за оној вид сенатори кои сè уште не вршеле ни курулски должности и, поради своето неискуство, биле последни на сенаторскиот список (*album denatorium*) кој беше напишан на почесна бела плоча и висел поставен во салата за сенатски седници. Педариите немале право да го изнесуваат своето мислење пред Сенатот, туку можеле само да поддржат и да се придружат кон нечие туѓо сенаторско мислење кое, претходно, веќе било изнесено.

[7] Tac., *Ann.,* III, 65 – Такит, op. cit., 181.

[8] Cf. Tac., *Ann.,* III, 57 – Такит, op. cit., 176.

[9] Постојат записи дека кога принцепсот Тибериј бил подолго отсутен од градот Рим, престојувајќи на островот Капри, конзулите биле задолжени да му праќаат писмени извештаи за сите судски спорови во кои им се судело на сенатори, а овој – уште истиот ден или ноќта – им враќал одговор со инструкции [cf. Tac., *Ann.,* VI, 39].

сенаторите се заколнале дека ќе ги почитуваат сите законски одредби на Јулиј Цезар и на триумвиратите, а оваа заклетва за верност беше обновувана секоја година – сè до времето на Тибериј којшто не допуштил Сенатот да се колне во неговите декрети, иако и тогаш самиот Сенат сметал дека тоа треба да го стори.[10] За истиов овој втор принцепс Тибериј, од каде што дознаваме за влијанието кое го имаше принцепсот врз сенатското правораздавање, Тацит го вели следново:

> *Но тој не се задоволил со сенаторските судски истраги; и на обичните судски расправи седел на крајот на трибуналот [како некој надзорник], за [наводно] да не го истисне преторот од курулското седиште.*[11] *Во негово присуство беа донесувани многу одлуки против непочитувањето на законите и против заговорите на моќните. Но, [на ваков начин] додека се водеше грижа за вистината, се уриваше слободата!*[12]

Покренувањето и **текот на постапката** пред мешовитиот магистратско-аристократски, поточно конзулско-сенатски кривичен суд, зависеле од волјата на конзулите и на сенаторите: конзулите редовно примале *денунцијации* и вршеле *истраги* за пријавените кривични дела; а кога тие сметале дека работата е доволно разјаснета, *свикуваале* седница на Сенатот. Токму пред Сенатот бил вршен главниот *претрес*: се сослушувале излагањата на обвинителот и на обвинетиот и се спроведувала доказната постапка. Кога работата ќе била доволно расправена, Сенатот донесувал *пресуда* која го носела „печатот“ на тоа дека Сенатот во тоа време беше законодавно тело – па оттука сите негови одлуки, издадени во пропишана форма, имаа сила на закон! Затоа и оваа пресуда, донесена во претходно спроведената кривична [конзулско-судска] постапка, за дело коешто го стоил некој од сенаторите, имала правна сила на „посебен закон“ (*lex specialis*). При носењето на пресудата Сенатот не бил врзан за важечките кривични закони – ниту во поглед на казната, ниту во поглед на делото, ниту во поглед на вината – бидејќи, во секој процес in concreto, Сенатот

[10] Cf. Tac., *Ann.*, I, 71 – Такит, op. cit., 77 [ф. 117].

[11] Свечената столица на која седеа римските правосудни магистрати се нарекуваше *курилски стол* (*sella curulis*) и беше сосем едноставен стол на расклопување, без потпирач за грбот, со ногарки од слонова коска и со пурпурно перниче за седење (*pulvinus*), иако во периодот на Царството тие се изработуваа од бронза и од злато. Плутарх називот на овој стол го поврзува со зборот *curvus* => „крив/искривен/заоблен“, алудирајќи на карактеристичниот облик на неговите четири ногарки кои имаа форма на слоновски заби. За разлика од него, странките и нивните полномошници се наоѓаа на подиумот пред магистратот и седеа на поинаков и понизок вид стол наречен subsellium.

[12] Tac., *Ann.*, I, 75: Nec patrum cognitionibus satiatus iudiciis adsidebat in cornu tribunalis, ne praetorem curuli depelleret; multaque eo coram adversus ambitum et potentium preces constituta. Sed dum veritilti consulitur, libertas corrumpebatur… Види: Такит, op. cit., 80.

одлучувал суверено и неприкосновено. Според проф. Пухан, основно раководно начело при носењето на ваквите специјални „сенатски пресуди“, како и при носењето на останатите одлуки, била политичката целисходност.[13]

А, пак, уште од времето на Цезар било востановено да се има интерна евиденција, т.е. еден вид *дневник за работа* на Сенатот (*in actis senatus*) во кој се прибележувале говорите изречени за одредено прашање, односно се воделе **записници** од сенатските седници, кои подоцна почнале и официјално да се издаваат (*acta diurina*). За време на Август овие записи се правеле секојдневно, но истите не биле јавно издавани; додека, пак, Тибериј му го одзел дури и правото на Сенатот самиот да си го избира *записничарот* (*curator actorum senatus*) и одредил тоа да го прави принцепсот.[14]

II. Јурисдикцијата на Конзулско-сенатскиот кривичен суд – со записи на судски случаи од времето на принцепсот Тибериј

Новиот т.н. Мешовит [конзулско-сенатски] кривичен суд, по правило, не задирал во **надлежноста** на специјалните поротни *квестии* (*quaestiones perpetuae*) – тие и понатаму си важеле како постојани редовни кривични судови за одреден сроден вид на криминалитет.[15] Ова нè упатува на заклучокот дека Конзулско-сенатскиот суд само повремено, од случај до случај, земал одредени предмети во работа – да претресе и да пресуди извесни дела кои, поради поширокото значење или поради личноста на деликвентот, биле сметани за особено важни – поради што изискуваа да бидат и посебно пресудувани. Меѓутоа, со тек на времето се развило правилото дека Конзулско-сенатскиот суд може, и покрај надлежноста на редовните квестии, да го пресуди секое кривично дело, а особено секое дело на некој член на Сенатот! Притоа, овој суд не бил врзан за правилата на постапување кои важеа пред квестиите и тој, при евентуалниот судир на надлежности, секогаш имал предност пред квестиите – но, затоа пак, наскоро, му го отстапи своето доминантно место на

[13] Ivo Puhan, „Krivični postupak u Rimskom pravu“ (separat iz knjige *Građanski postupak u Rimskom pravu*), Beograd, Naučna knjiga, 1955, 86.

[14] Љубинка Басотова во Белешките при македонскиот превод на Тацитовиот спис *Анали*, Скопје, Три, 2005, 242 [бел. прев. 7].

[15] Бројот на таквите квесциони судови, кон крајот на Републиката, бил околу десетина – а како пример би ги навеле: *Репетундиската квесција* (за пљачкањата во провинциите), *Пекулаторската квесција* (за проневера на државниот имот), *Фалцискатa квесција* (за лажење, измама и фалсификување), *Амбитуската квесција* (за предизборно подмитување), *Мајестатската квесција* (за велепредавство, непокор и навреда на величието), *Сикариската квесција* (за убиства, труења и магии), *Инјуриската квесција* (за клевета, навреда, принуда и телесни повреди), *Адултериската квесција* (за прељуба, разврат и подведување) и др.

нововостановеното т.н. принцепсово кривично правосудство. Единствено што Сенатот успеа да задржи е апсолутниот приоритет и апсолутната надлежност кога станувало збор за судења во случаите на кривични дела сторени од страна на некој сенатор. Така, конзулско-сенатскиот кривичен суд од генерален, со текот на времето, постана *специјален суд* само за делата сторени од припадниците на Сенатот – т.н. статусен / персонален принцип.[16]

1. Сенатот како антизаверенички суд – за заштита на државата

а) Во поглед на останатите кривични постапки кои се одвиваа пред овој Конзулско-сенатски суд, римскиот хроничар Корнелиј Тацит (Publius Cornelius Tacitius / 55?–117) детално нè известува за процесот кој се водел против Либон Друс (Drusus),[17] од фамилијата Скрибонии, кој во I век беше обвинет дека наводно подготвува **преврат** против тогашниот император Тибериј. Всушност, префриганиот сенатор Фирмиј Кат, кој бил близок пријател на Либон, свесно и злонамерно го наведувал младичот на непромисленост и лекоумност. Кога веќе изнашол доволно сведоци и робови против него, преку посредникот Флак Вескулариј, кој бил римски витезин и имал поблиски релации со Тибериј, побарал прием кај принцепсот. Тибериј не ја одбил доставата, но првично не сакал директна средба со доставувачот, а во меѓувреме – прикривајќи го својот гнев – дури и го унапредил Либон со тоа што го одликувал со претура (*praetura*) и срдечно го примал на своите гозби. Но, кога веста за наводната завера пристигнала до алчниот Фулкиниј Трион, тој веднаш го фатил 'виновникот', им се обратил на конзулите и барал истрага пред Сенатот. По ова, уплашениот Либон – облечен во траорна облека и придружуван од многу видни жени, одел од куќа до куќа, ги молел роднините, барал поткрепа од нив против гибелта што му се заканувала; сите го одбивале со разни изговори, плашејќи сè да не ги снајде истото. Сенаторите биле официјално повикани во Куријата, со укажување дека ќе се расправа за многу сериозна и страшна работа. Освен Кат и Трион, како обвинители во случајот настапиле уште и Фонтеј Агрипа и Гај Видиј кои се натпреварувале кому да му се даде последниот збор против обвинетиот. Но, нивните обвинениј биле безумни – на пример, дека наводно обвинетиот се распрашувал кај врачеви дали ќе има доволно средства за да го покрие со пари Апиевиот пат (*Via Appia*) до Бриндизиј!? И другите обвинениј биле слични и безначајни и, ако на тоа се гледало објективно, тие биле достојни за сожалување. На денот кога се одржувала сенатската седница Либон дошол без бранител, истоштен од страв и болка – а некои велат оти тој всушност се преправал дека е

[16] Puhan, op. cit., 85.

[17] Либон Друс бил правнук на Помпеј Велики (Gnaeus Pompeius Magnus / 106–48 год. пр.н.е.), а неговиот брат – истата година кога Либон бил обвинет – бил конзул во Рим.

болен и бил донесен на носилка до вратата на Куријата, по што влегол во неа потпирајќи се на неговиот брат:

> *Протегнал раце и упатувал молбени зборови кон [принцепсот] Тибериј, но овој го слушал тоа со скаменето лице. Потоа принцепсот ги читал списите со обвинението и [со] имињата на сведоците со толку воздржан глас, што се чинело дека ниту ги ублажува, ниту ги заострува обвиненијата... Сепак, обвинителот [Вибиј] приложил и еден спис со имиња на цезарите и на некои сенатори, со додадени белешки до нив, заканувачки и таинствени, напишани - според него - со раката на Либон. Бидејќи обвинетиот го одрекувал тоа, било одлучено на мачилиште да се испитаа робовите што го познавале неговиот ракопис. Но бидејќи, според една древна сенатска одлука, било забрането робовите да се изјаснуваат против својот господар, итриот Тибериј, пронаоѓачот на нови правни одредби, заповедал секој од нив [веднаш] да се продаде на службеникот на државната каса – секако, за да може [на овој начин да се изигра правото и] робовите да се испрашуваат против Либон, без притоа [формално] да биде повредена одлуката на Сенатот.*[18]

Поради овој развој на настаните, обвинетиот го искористил своето процесно право и побарал *одлагање* на судењето за следниот ден па, откако се вратил дома, му упатил последни молби на Принцепсот преку својот роднина П. Квириниј. Му било одговорено да се обрати до Сенатот, а во меѓувреме неговиот дом бил опколен со војници кои правеле огромна врева. Вечерта Либон организирал последна гозба на која, откако се опил, почнал да им довикува на војниците да го убијат и насилнички ги фаќал робовите за десницата и им давал меч во рацете за да го прободат. Тие, пак, престрашени од ваквото однесување на својот господар бегале од него и при тој метеж ја превртеле ламбата што била ставена на главната маса. Така Либон, во гробна темница, си забил два удара во слабините. Ослободениците притрчале на неговото јачкање и откако војниците се увериле дека тој е веќе мртов, се разотишле. И покрај ова, следниот ден судењето сепак продолжило во Сенатот со истата строгост. Тибериј, за да се оправда, се колнел дека каков и да бил исходот од спорот тој ќе барал да се поштеди животот на обвинетиот – иако бил виновен, да не избрзал самиот тој со доброволната смрт. По ова, имотот на Либон бил разделен меѓу обвинителите, а додворувачите побрзале со предлози од типот: „денот кога се самоубил Либон

[18] Cf. Tac., *Ann.*, II, 27–30; Такит, op. cit., 102–103.

да биде прогласен за празничен“, или „да се забрани ликот на Либон да се носи на погребот на неговите потомци“ и сл.[19]

б) Друг мошне специфичен судски случај на наводна **завера** против римската држава и против императорот Тибериј е оној кога синот Вибеј Серен, пред Сенатот, си го обвинил сопствениот татко, кој имал исто име, за наводно ковање заговорнички план за *пуч* и насилен воен удар насочен против тогашниот востановен поредок. Таткото-обвинет – кој уште поодамна, поради едно навредливо писмо, беше паднал во немилост на Принцепсот – бил довлечкан од егзил каде што престојувал веќе осум години и таков, сиот во валкани партали и окован во вериги, бил ставен наспроти синот-обвинител. Тогаш дрскиот младич, целиот накитен и со весело лице, истовремено зборувал и како потскажувач и како сведок – дека се спремала голема антидржавна завера и дека, во Галија (Galia), веќе се испратени провокатори и поттикнувачи на војна; додал уште и тоа дека бившиот конзул Сесилиј Корнут, не штедејќи средства, давал големи парични донации за тоа, но кога сфатил дека опасниот потфат може да му донесе гибел, не можејќи веќе да го поднесува стресот и секојдневните грижи – побрзал да умре и со своја рака си го одзел животот. Обвинетиот, претерано возбуден од лажните обвинениja и свртен кон синот, тресел со оковите и гласно негодувајќи ги повикувал боговите-одмаздници да го казнат неблагодарниот младич, а него да го вратат во прогонство каде ќе живее мирен и спокоен живот, далеку од секакви сплетки. Упорно тврдел и дека Корнут е невин, и прашувал како е можно тој да спремал убиство на принцепс само со еден содружник!?:

> *Тогаш [младиот и непресметлив] обвинител, за голем срам на Принцепсот, [ненадејно] ги именувал [и] Гн. Лентул и С. Туберон – кои биле првенци во државата и меѓу најблиските пријатели на Тибериј: Лентул во длабока старост, а Туберон со слабо здравје. Тие [дополнително] биле обвинети дека [наводно] поттикнувале непријателски бунтови и завера против државата, но веднаш биле ослободени од [овие несериозни и неиздржани] обвинувања. [По ова], против [првично] обвинетиот татко, на мачилиште биле испрашувани робовите, но истрагата завршила неповолно за синот-обвинител! Овој, пак, избезумен поради нанесениот злостор [и неправда кон татка си], а истовремено престрашен и од викотниците на насобраниот народ - кој [отворено] му се заканувал со подземна зандана, [со фрлање од] Торпејската карпа*[20] *и со [тешката]*

[19] Cf. Tac., *Ann.*, II, 30–32; Такит, op. cit., 103–104.

[20] Фрлањето во провалијата под озлогласената Торпејска карпа (*Rupes Tarpeia*, т.е. *Saxum Tarpeium*), која се наоѓала на северниот дел од светиот рид Капитол, недалеку од

казна за 'таткоубиство' (parricidium) - [побегнал и] го напуштил Рим. Но, [насила] бил довлечен од [градот] Равена и бил принуден да продолжи со обвинението [со цел да се доврши процесот]...[21]

На крајот било предложено Серен-таткото да се казни според обичајот на претците (*mores maiores*) во вакви случаи, односно да биде шибан до смрт и потоа да му биде отсечена главата – но, Тиберий се спротивставил кон оваа драконска казна и побарал нејзино смекнување. Така, Гај Асиниј предложил осуденикот да се заточи на островот Гијар или Донуса – но, принцепсот и ова го одбил, изјавувајќи дека „на оној кому веќе му е допуштено да живее, треба да му биде овозможено и да си спечали средства за живот". Па така, Серен бил повторно вратен на егејскиот остров Аморг.[22]

в) Трет мошне интересен судски случај кој се одвивал во времето на Тибериј, за наводен антидржавен **заговор**, е оној кој се водел помеѓу обајцата, тогаш сè уште актуелни, конзули – Трион и Регул. При крајот на нивниот мандат избувнала очигледна неслога меѓу колегите, која веќе долго тлеела и се зголемувала. Па така, конзулот Трион – кој лесно стекнувал користољубиви пријателства и кој, уште од претходно, бил извежбан како обвинител на Форумот – индиректно го нападнал својот колега Регул дека овој не е многу ревносен во гонењето и сотрувањето на служителите на озлогласениот Сејан – кој, пак, тогаш веќе паднал во немилост на принцепсот. По ова, вториот конзул Регул кој инаку бил скромен, доколку не е предизвикан, не само што го осуетил својот колега, туку повел и официјална истрага за него како за виновник во заговор! Иако ова било мошне невообичаено и многумина од сенаторите, за доброто на сите, ги молеле да престанат со меѓусебните непријателства, обвинувања, кавги и сплеткарења – оти тоа би можело да ја доведе државата до пропаст – сепак, тие си останале секој на своето и си се заканувале еден на друг, сè додека не го напуштиле конзулатот.[23]

Јупитеровиот храм, бил еден од старите церемонијални начини на изведување на смртната казна во Рим, предвиден уште во легендарниот *Закон на XII таблици*.

[21] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 28–29; Такит, op. cit., 206–207.

[22] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 30; Такит, op. cit., 207–208.

[23] Cf. Tac., *Ann.*, V, 11: „Exitu anni diu aucta discordia consulum erupit. nam Trio, facilis capessendis inimicitiis et foro exercitus, ut segnem Regulum ad opprimendos Seiani ministros oblique perstrinxerat: ille nisi lacesseretur modestiae retinens non modo rettudit collegam sed ut noxium coniurationis ad disquisitionem trahebat. multisque patrum orantibus ponerent odia in perniciem itura, mansere infensi ac minitantes donec magistratu abirent". Такит, op. cit., 245.

г) Се знае и тоа дека во надлежност на овој мешовит магистратско-аристократски суд спаѓаа и мошне контроверзните процеси за **велепредавство** (*perduellio*) и *колаборација* со римските непријатели: така, во време на принцепсот Тибериј, некој си Карсидиј Сакердот бил оптужен дека наводно со жито го помагал римскиот непријател – Афричкиот бунтовник и нумидиски водач Такфаринат (Tacfarinas / ум. 24 год.). Но, потоа тој бил ослободен од обвинението поради недостиг на докази, слично како и Г. Гракх кој бил оптужен за истото кривично дело:

> *Нему, татко му Семпроний, додека бил уште [детинест и] сосем млад го однел - како негов придружник - во неговото прогонство на островот Керкина. Тој таму и израснал, меѓу изгнаници и необразовани луѓе, а подоцна се издржувал со [трговија и] размена на проста стока низ Африка и Сицилија. Сепак, не ја избегнал опасноста поради својата висока положба, туку поради [ургенциите, залагањата] и заштитата која му ја пружиле Елиј Ламиј и Л. Апроний, кои [тогаш] биле намесници во Африка. Во спротивно ќе бил уништен поради срамотилакот на неговиот род, како и од татковата несреќна судбина*.[24]

2. Сенатот како меѓународен суд – за заштита на сојузниците

а) Римскиот Сенат во периодот на Републиката, а и подоцна во време на Принципатот, имаше значајни ако не и примарни ингеренции и при, условно речено, „меѓународните судења“ – бидејќи пресудувал во случаите кои се појавувале меѓу ***римските сојузници*** (*foedera*) или непријатели (*hostes*). Најчесто тоа било при меѓудинастичките **борби околу престолот** во околните вазални држави, каде што Римјаните ќе проценеа дека имаат интерес да фаворизираат или, пак, да потиснат одредена фракција која нив не им одговара.

Тука би ги вброиле и колективните **спорови со странски елемент**, каков што е, на пример, спорот кој – во време на принцепсот Тибериј – се појавил помеѓу *Лакедајмонците* и *Месенците*, околу тоа кој народ треба да ја има храмовската привилегија (*ius templi*) врз светилиштето на Дијана Лимнатида.[25] Пред Сенатот внимателно биле ислушани обете пратеништва и било пресудено во корист на Месенците чија аргументација била поубедлива:

[24] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 13; Такит, op. cit., 197.

[25] Некои од странските храмови уживале посебни привилегии, наречени *ius templi*, кои се состоеле во тоа да можат самите автономно да си ги бираат свештениците и да имаат право да задржуваат за себе дел од оставените дарови, како и самостојно да располагаат со остварените приходи.

[Први своето излагање го почнале членовите на делегацијата на] Лакедајмонците, [кои] тврделе дека, според историските записи и песните на поетите, Храмот [првично] бил посветен во нивната земја и од нивните претци, ама им бил насилно одземен од страна на Филип [Втори] Македонецот, со когошто тие војувале. Но, подоцна - по предлог на Цезар и Антониј - тој им бил вратен… [По ова започнало побивањето од страна на Месенците]. Спротивно на Лакедајмонците, Месенците тврделе дека […] Денталиското Поле, на коешто се наоѓа храмот, првично му припаѓало на нивниот крал, за што имало и дамнешен натпис исклесан во камен и врежан на бронза! … [Конечно, во своја полза го] навеле и тоа дека така пресудиле граѓаните на Милет, кои од државата биле одредени за судии; а најпосле имало и [веќе постоечка] пресуда [донесена] од самиот [римски] претор на Ахаја – Атидиј Гемин.[26]

Сличен бил случајот кога дури единаесет градови од Азија, со подеднаква желба но различни по сила, се натпреварувале и меѓусебно спореле околу тоа каде да биде изграден храмот во чест на принцепсот Тибериј. Самиот принцепс често присуствувал на овие сенатски седници и во текот на неколкуте денови, во кои се воделе жестоки расправи, со внимание ги слушал *пратеништвата* од градовите Хипајпена, Тралијан, Лаодикена, Магнесија, Илиј, Халикарнас, Пергам, Ефес, Милет, Сард и Смирна. Овие последниве се чинеле најубедливи, па изложувајќи ја својата аргументација пред Сенатот, прво ја спомнале својата древност, но набргу преминале на она во што имале најмногу верба – а тоа биле услугите кои низ историјата му ги имале направено на римскиот народ:

Зборувале за тоа како [на Римјаните] им испратиле голем број кораби кои ги издржале не само војните кои биле водени надвор, туку и оние што тие ги воделе во Италија [мислејќи притоа на Сојузничката војна (90–87 год. пр.н.е.); потоа споменале] дека тие биле првите што му изградиле храм на градот Рим уште за време на конзулството на М. Поркиј кога римската држава, иако била голема, сепак не се извишила до врвот оти сѐ уште постоел градот на Пуните [Картагина] и моќните кралеви низ Азија. Истовремено за сведок го повикувале Л. Сула, чијашто војска се нашла во многу тешка неволја, поради острата зима и недостигот на облека, па кога тоа било соопштено пред народот во [градот] Смирна, сите присутни веднаш ја симнале својата облека од себе и им ја испратиле на римските легии.

[26] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 43; Такит, op. cit., 217–218.

> *[После ова излагање] сенаторите, запрашани за мислење, им дале предност на Смирјаните... по што, со жрепка, бил испратен бившиот претор Валериј Насон [да ја преземе грижата околу изградбата на овој храм]*.[27]

б) во својата јурисдикција Сенатот имаше право да ги наградува или казнува и туѓите монарси, т.е. ***странските кралеви*** или племенски водачи кои, најчесто со римско посредство, биле назначувани во соседните држави како своевидни марионетски владари.[28] Така, на пример, од Тацит дознаваме за една ваква реваншистичка епизода поврзана со **кралот Архелај** кој педесетина години владеел со Кападокија. Принцепсот Тибериј му бил лут што овој не му обрнал некое поголемо внимание додека тој боравел на островот Родос, па откако станал император, со *писмо* од мајка си – која не криела дека син ѝ е навреден – му понудила прошка на Архелај ако овој дојде и го замоли за тоа:

> *Архелај, не знаејќи дека се работи за измама или, пак, плашејќи се од насилство [врз него] ако се поверува оти сфатил за што се работи, бргу заминал за Рим. Од [страна на] Принцепсот бил примен нељубезно, а во Сенатот бил обвинет не поради гревовите [што биле измислени], туку од скрб [и пакост]. Истоштен од староста, но и поради тоа што за кралевите не се вообичаени ниту справедливи, а камоли најдолни обвиненија, починал доброволно или, пак, таква му била судбината. Неговото кралство било претворено во провинција, а принцепсот објавил дека од приходите кои би се добивале од оваа провинција може да се намали данокот за еден процент, иако подоцна одлучил тоа да биде за 0,5%.*[29]

Во речиси исто време се случило и сенатското судење на тракискиот **крал Рескупорис**, братот на покојниот претходен крал Реметалк, кој заповедал да биде убиен неговиот внук од брат Котис, а лажел дека наводно се самоубил. Тацит нѝ раскажува дека стариот римски воин Помпоний Флак, кој бил назначен за пропретор над Мезија и кој негувал блиски пријателски врски со Рескупорис, бил одбран да го *намами* кралот на Тракија да дојде на римска почва:

> *Од тој момент, под привид на почест, кралот бил опкружен со силна [римска] чета; центурионите и трибуните потоа го уверувале и го убедувале, а тој колку подолго се повлекувал, му станувало сè појасно дека е под стража [и присмотра]. На крај,*

[27] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 55–56; Такит, op. cit., 225–227.
[28] *De L'éspirit*, II, 11, 18; Monteskje, op. cit., (Tom I), 197–198.
[29] Cf. Tac., *Ann.*, II, 42; Такит, op. cit., 111.

кога сфатил сѐ [веќе било доцна и] го одвлекле во Рим [да му се суди]. Таму, во Сенатот, бил обвинет од страна на сопругата на [убиениот] Котис[30] *и бил осуден на заточеништво далеку од неговото кралство. Тракија потоа била поделена меѓу неговиот син Ројметалкес, за кого се знаело дека се противел на татковите намери, и [меѓу] синовите на Котис. Ама бидејќи тие биле сѐ уште мали, вршителот на должноста претор – Требелен Руф, бил назначен во меѓувреме да управува со Кралството, според примерот на нашите претци кои го испратиле во Египет Марк Лепид како старател над децата на Птоломеј. Рескупорис [потоа] бил доведен во Александрија; таму, оти размислувал за бегство или поради [некоја друга] измислена вина – бил убиен.*[31]

в) Но, покрај странските кралеви имаше ситуации кога и цели ***народи*** или **покорени племиња** беа обвинувани пред Сенатот, од име на римската држава. Така на пример, за време на принцепсот Тибериј, беа обвинети Цизиците/Кизикјаните (Cyzicenis) поради *небрежност кон култот* на божествениот Август; а уште им се придодало и обвинение за *насилно однесување* кон римски граѓани. Откако биле колективно осудени, тие ја изгубиле слободата што ја заслужиле во војната со Митридат, кога застанале на страната на Рим и кога – иако биле опсадени од непријателот – го разбиле понтскиот крал колку со својата издржливост, толку и со поткрепата на Лукул.[32]

Постојат историски записи дека во истото ова време **провинцијата** Оностраната Хиспанија (*Hispania ulterior*) испатила една делегација свои пратеници во римскиот Сенат со *молба*, по примерот на Азија, и нејзе да ѝ се дозволи да изгради храм на принцепсот Тибериј и на неговата мајка Августа. Во оваа прилика принцепсот, кој бил одлучен во презирањето почести, проценил дека сега е моментот да поентира преку еден одржан *говор* во Сенатот (*orationes principis*) со кој јавно, преку збор и дело, ќе им одговори на сите оние кои неправедно го озборувале дека, со текот на годините, тој попуштил на суетата и славата – па почнал вака да зборува:[33]

[30] Таа била ќерка на Полемон и на кралицата Питодорис.

[31] Cf. Tac., *Ann.*, II, 64–67; Такит, op. cit., 127–128.

[32] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 36; Такит, op. cit., 212.

[33] Cf. Tac., *Ann.*, IV, 37–38: „Scio, patres conscripti, constantiam meam a plerisque desideratam quod Asiae civitatibus nuper idem istud petentibus non sim adversatus. ergo et prioris silentii defensionem et quid in futurum statuerim simul aperiam. cum divus Augustus sibi atque urbi Romae templum apud Pergamum sisti non prohibuisset, qui omnia facta dictaque eius vice legis observem, placitum iam exemplum promptius secutus sum quia cultui meo veneratio senatus adiungebatur. ceterum ut semel recepisse veniam habuerit, ita per omnis

Сенатори, знам јас дека [барателите] ја посакуваат мојата доследност, бидејќи кога државите на Азија неодамна ова истото го измолија, јас [на тоа] не се спротивставив. Значи, сега истовремено причините ќе ви ги откријам за молчењето преѓашно, како и тоа што за во иднина сум одлучил [да правам. Имено,] кога божественииот Август не се спротивстави да се подигне храм во Пергам – [посветен] нему и на градот Рим, а [нели] јас сите негови дела и зборови ги сметам небаре се закон, го следев поспремно овој добар пример, оти со мојот култ се врзува и почитта кон Сенатот. Впрочем, како што еднаш ми било допуштено да прифатам прошка, така би било суета и надменост - под ликот на божества низ сите провинции - да ми се искажува [божемна] почит. [Така и] почеста кон Август ќе исчезне, ако [таа] се дава секому поради додворување! Јас, сенатори, сум смртник и за мене е [сосем] доволно што вршам должност како смртен човек, ако [притоа успешно] ја исполнам задачата на принцепс; вие сте ми сведоци на ова, а сакам и потомците да се секаваат. Доволно, [та дури] и отповеќе ќе доделат на споменот за мене ако веруваат дека сум [бил] достоен за моите претци, дека сум се грижел за интересите ваши, дека сум бил истраен во опасностите и не сум бил страшливец пред непријателот, кога се работело за општото добро [на државата]. [Ете] тоа мене нека ми бидат храмови во вашите срца, тоа нека ми бидат најубави кипови, кои ќе останат [за вечни времиња]. Оти оние кои од камен се прават, ако мислењето на потомците се престори во омраза, тие се презираат како гробови. Затоа [сега] ги молам [и] сојузниците, [и] граѓаните, [а] и самите богови – тие да ми дадат, сè до крајот, спокоен живот и [непоматен] ум, што ги сфаќа човечките и божески права, а оние - кога ќе умрам - нека

provincias effgie numinum sacrari ambitiosum, superbum; et vanescet Augusti honor si promiscis adulationibus vulgatur. Ego me, patres conscripti, mortalem esse et hominum officia fungi satisque habere si locum principem impleam et vos testor et meminisse posteros volo; qui satis superque memoriae meae tribuent, ut maioribus meis dignum, rerum vestrarum providum, constantem in periculis, offensionum pro utilitate publica non pavidum credant. haec mihi in animis vestris templa, hae pulcherrimae effigies et mansurae. nam quae saxo struuntur, si iudicium posterorum in odium vertit, pro sepulchris spernuntur. proinde socios civis et deos ipsos precor, hos ut mihi ad finem usque vitae quietam et intellegentem humani divinique iuris mentem duint, illos ut, quandoque concessero, cum laude et bonis recordationibus facta atque famam nominis mei prosequantur“.

ги опсипуваат со фалби и [со] добар спомен моите дела и нека го слават името мое.[34]

Тибериј и потоа опстојал на овој став, та дури и во тајните и приватни разговори со неговите советници и пријатели продолжил да одбива таков *култ* кон својата личност. Некои ова го толкувале како скромност, многумина како малодушност и немање самодоверба, а трети пак како духовна изопаченост и отсуство на потребната царска величина. Но, како што заклучува Тацит „другите луѓе донесуваат одлуки ако сметаат дека тоа така им одговара, а судбината на принцепсите е поинаква – оти тие, кога станува збор за многу важни прашања, треба да водат сметка и за мислењето на јавноста".[35]

Р е з и м е

Сенатот во периодот на римската Република, посебно во времето на Пунските војни (средината на II и I век пр.н.е.), е најдоминантниот државен орган и најважниот фактор во римскиот уставен поредок. Неговите ингеренции не се засноваа на некакви пишани законски норми, туку главно на древните обичаи, како и на реалните политички констелации во даденият историски момент – па затоа, кон крајот на Републиката, позицијата на овој орган беше поприлично разнишана и деградирана, а тој станува инструмент за остварување на целите на моќните политички фигури и властољубци – пр. Сула, Цезар, Август. **Сенаторите** во времето на Принципатот веќе не беа оној благороден римски сталеж како што се претставуваа некогаш, затоа што од времето на Цезар и на Август многумина жители на муниципиите, колониите и провинциите кои немаа римско потекло се стекнаа со граѓанско право, со што им се отвори патот за стекнување почести кои дотогаш беа резервирани исклучиво за Римјаните, како и можноста за прием и непречен влез во Сенатот.[36] Впрочем, во Принципатот се оствари најголемиот страв на Римјаните од времето на Републиката, а тоа е – што ако некој се обиде да ја злоупотреби власта? Да биде иронијата поголема, самиот принцепс – било тој да беше добар, лош, способен или неспособен – беше најмалку крив за сево ова! Впрочем, токму сенаторите беа тие што, иако de iure не мораа, сепак de facto брзаа да изберат нов Принцепс

[34] Такит, op. cit., 213.
[35] Tac., *Ann.*, IV, 40; Такит, op. cit., 214–215.
[36] Cf. Tac., *Ann.*, III, 55.

на местото на стариот, а народот со интерес ја набљудуваше и само ја набљудуваше целата оваа претстава.[37]

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Класични дела

Tacitus, P. Cornelii. *Annales*.

Tacit, Kornelije. *Anali* (preveo: L. Crepajac). Beograd: 1970.

Во изминативе години, Судот на правдата на Европската унија (СПЕУ) бил критикуван за судски активизам и ваквата критика е далеку од нова. Оваа критика зема замав во период кога улогата на Европската унија (ЕУ) и нејзиниот судски систем се испитува во државите-членки. Се повеќе национални врховни и уставни судови го критикуваат СПЕУ, не само за својот активизам туку и за неговата слаба техничка компетентност во некои пресуди. Трудот има за цел да го разработи овој проблем, да ги утврди причините и притоа да даде свое видување за иднината на судскиот систем на ЕУ, кој по Договорот од Лисабон, претрпе неколку реформи, особено во начинот на избор на судиите, бројот на судиите во Генералниот суд, отстранувањето на специјализираните судови, итн. Иако постои малку основа за критиките за постоење на судскиот активизам, самиот СПЕУ внимава да не биде вклучен во такво нешто. Понатаму, критиките дека СПЕУ има недостаток и од техичка компетентност дава поголемо значење за активизмот, имајќи ги во предвид и некои национални пресуди или мислењата на Генералните адвокати. Ова прашање е врзано со реформа на организацијата и менаџментот на СПЕУ за подобро да се задоволат потребите на страните, националните судови и граѓаните. Трудот заклучува дека СПЕУ треба повеќе да се фокусира на својата основна функција преку концентрирање на суштинските прашања и евентуално враќање кон тристепениот судски систем.

Клучни зборови: *активизам, Суд на правдата, реформи, судски систем, стратегија*

Ivica Josifovic, PhD
Associate Professor
Faculty of Law, University of Goce Delcev – Stip
ivica.josifovik@ugd.edu.mk

JUDICIAL ACTIVISM WITHIN THE COURT OF JUSTICE OF THE EUROPEAN UNION: A USEFUL CRITICS OR OVERATED CONCEPT

Abstract
In recent years, the Court of Justice of the European Union (CJEU) was criticized for judicial activism and such critics are far from new. This criticism is gaining momentum when the role of the European Union (EU) and its judicial system is examined in member-states. More and more national supreme courts and constitutional courts have criticized the CJEU not only for its activity, but also for its poor technical competence in some judgments. The paper aims to elaborate this issue, to identify the reasons and to give its own perspective on the future of the EU judicial system, which under the Lisbon Treaty has undergone several reforms, especially in the way the judges are elected, the number of judges in the General Court, the dissolve of specialized courts, etc. Although there is little ground for criticism of judicial activism, the CJEU itself is careful not to be involved in such a thing. Furthermore, the criticism that the CJEU has a deficiency of technical competence gives greater importance to activism, having in mind some national judgments or the opinions of General Advocates. This issue is related to the reform of the organization and the management of the CJEU to better meet the needs of the parties, national courts and citizens. The paper concludes that the CJEU needs to focus more on its core function by concentrating on substantive issues and possibly returning to the three-tiered judicial system.

Key words: *activism, court of justice, reform, judicial system, strategy*

Вовед

Во изминативе години, СПЕУ во неколку наврати бил обвинуван за судски активизам, но поинтензивно денес кога судскиот систем во рамки на ЕУ се испитува во државите-членки (на пример, СПЕУ е едно од главните точки во преговорите за Брегзит). Како и да е, расте бројот на национални врховни и уставни судови кои се повеќе го критикуваат СПЕУ, не само за својот активизам туку и за неговата слаба техничка компетентност во некои пресуди.

Гледано во целина, постои малку основа за обвинувањата за активизам. Судскиот активизам, сам по себе, е прецењет концепт и, во секој случај, СПЕУ е доста внимателен да не биде вклучен во такво нешто.[1] Од друга страна, критиките дека СПЕУ има недостаток од техничка компетентност има поголема валидност доколку се разгледаат некои од националните пресуди или коментарите на Генералните адвокати. Ова прашање е врзано со реформа на организацијата и менаџментот на СПЕУ за подобро да се задоволат потребите на страните, националните судови и граѓаните.

Трудот упатува на тоа дека СПЕУ треба повеќе да се фокусира на својата основна функција за соочување со овие критики. Во сегашната поставеност, СПЕУ се обидува да задржи контрола на премногу работи, а мултитаскингот за еден сериозен судски систем, како тој на ЕУ, е лош принцип на управување. За подобрување на состојбата, постои потреба од поголемо значење на мислењата на Генералните адвокати, како и ИКТ инструментите. Потоа, организацијата на СПЕУ треба да се реформира за да овозможи соочување со суштинските прашања. Можеби звучни непотребно, но враќањето кон тристепен судски систем ќе помогне жалбите да се упатуваат до Генералниот суд, а специјализираните судови да бидат опширно користени. Ова според мое мислење ќе ја подобри персонализацијата, флексибилноста, ефикасноста, а ќе се отстранат одложувањата и ќе се намалат трошоците.

1. Судски активизам: да или не?

За почеток, може да се разгледаат некои од пресудите донесени во првите години од снованието на СПЕУ, а кои се однесуваат на принципите на супрематија и директно дејство: *Van Gend en Loos* и *Costa vs. Enel*.[2] Но, како овие пресуди се поврзани со критиките за судскиот активизам на СПЕУ?

За да се направи правилна процена, треба да се има во предвид тогашната поставеност и организација на Судот. Во тоа време, Судот имал седум судии, два Генерални адвокати и неколку правни секретари одговорни за

[1] Судски активизам претставува состојба во која судиите наместо да одлучуваат неутрално, одлучуваат на основ на сопствените преференци. Судскиот активизам најдобро може да се опише како одлучување водено од личните одлуки или политичките интересе на секој поединечен судија. На пример, наместо стриктно да се применува правото, судијата носи одлука во која се вклучени негови лични стојалишта за прашањето во случајот.

[2] Court of Justice, Judgment of the Court, Case 26/62 Van Gend en Loos v. Netherlands Inland Revenue Administration, 5 February 1963; Court of Justice, Judgment of the Court, Case 6/64 Costa v. Enel, 15 July 1964. Со овие случаи во постапка по претходно одлучување се воспоставени двата главни принципи околу важењето на правото на ЕУ во внатрешните поредоци на државите-членки. Тоа се принципот на супрематија и принципот на директно дејство.

интерпретација на Договорите. Во тоа време не постоел меѓународен судски систем кој би им давал право на поединците директно да преземаат судски дејствија. Понатаму, не постосел меѓународен судски систем составен од директна соработка меѓу меѓународен суд и судовите на државите-членки. Од една страна, на почетокот ваквата поставеност на Судот се сметала за ограниченост, но од друга страна тоа повлекло прашања околу исклучителните овластувања и процедури на Судот споредено со другите меѓународни спогодби. Сепак, повеќето судии сметале дека Договорот за ЕЗ требал да има директен ефект и некоја примарност со цел да ги постигне своите цели. Оттука, парадоксално е да се тврди дека постои некаков судски активизам од „интегративна" природа во интерпретацијата на „интегративен" договор.

СПЕУ, поради разлики во контекстот, во различни држави различно се перцепира во поглед на судскиот активизам. На пример, во Велика Британија договорите од нивното усвојување се презентирани како создавање на слободна трговска зона, која е доста некомплетна визија. Понатаму, не постои судска контрола на уставноста на законите, така што употребата на таква привилегија од страна на супранационален суд може да се покаже ризично. Истите критики се однесуваат и за Франција, но за различни причини. Франција, историски гледано, секогаш била воздржана во можноста да дозволи судска контрола на уставноста на законите. Уставот на Франција спомнува „авторитет", не „власт" и тоа не е случајност. Таков специфичен уставен контекст може да ги побие анализите на пресудите на СПЕУ.

Како и да е, постојат елементи на ниво на ЕУ кои може да создадат впечаток за судски активизам. Прво, ЕУ се смета за хетерогена „супер држава", со околу 500 милиони жители, со различни јазични и правни интерпретации. Поради тоа, изнаоѓањето судски компромис е тежок и процесот кон тоа може да се покаже како вид на судски активизам.

Второ, правото на ЕУ е во постојано менување. Од 1985 година до Договорот од Лисабон во 2009 година, Договорите пет ревизии со силен удар и на судската функција. ЕУ доби нови надлежности, на пример, во судската и полициската соработка; Повелбата за фундаменталните права (ПФП) и Европската конвенција за човекови права се уште не одат рака под рака; дел од легислативата постојано се менува и надополнува. Според членот 19 од ДЕУ само судовите може да ги интерпретираат и применуваат Договорите. Во вакви околности, многу работи може да се појават како нови и изненадувачки, но овие резултираат од промената во уставниот поредок или легислативната рамка, а не од судскиот активизам.

Трето, денес ЕУ е повеќе контрадикторна отколку порано. Ако се разгледува усвоената легислатива во последните години, ќе се забележи дека текстовите се се подолги, донекаде конфузни, а некаде и конфликтни. Кога СПЕУ го интерпретира правото на ЕУ, судиите изгледаат како активисти кога

се што прават е давање ефект на нејасната и контрадикторна волја на државите-членки и легислативата на ЕУ.

Четврто, создавачите на правото на ЕУ не се секогаш во состојба да изнајдат компромис меѓу разните актери кои учествуваат во законодавниот процес. Оттаму, на судиите им е оставена одговорноста за изнаоѓање на практични решенија. Судиите, по дефиниција се предвидени да ги дефинираат приоритетите меѓу конфликтните интереси и да го надополнуваат не само она што се интерпретира, туку и неговото значење. Во таков контекст, за некого тие секогаш ќе се појавуваат како активисти.

2. Судиите како активисти?

Судиите на СПЕУ во изминативе години при одлучувањето станаа повнимателни и ограничени во опсегот и значењето. Нема повеќе долги изјави и големи пресуди, како во минатото.

На пример, во случаите поврзани со борбата против организираниот криминал и тероризмот, СПЕУ се обиде да дефинира чувствителна линија меѓу потребата за заштита на основните слободи и права и гарантирање на безбедноста. Првите пресуди на Генералниот суд дадоа приоритет на безбедноста, но денес СПЕУ воспостави побалансиран пристап. Како и да е, погрешно е што СПЕУ наоѓа оправдување во предоминантниот *ad hoc* пристап.

Ситуацијата е слична со задржувањето на податоците од телекомуникациските оператори. На пример, во случајот *Tele 2 and Watson* од 2016 година СПЕУ воспостави принцип на заштита на личните податоци, за потоа да смета дека таквите исклучоци може да бидат толерирани.[3] Случаите произлегуваат од два одвоени правни системи и се однесуваат на допуштеноста да се задржуваат податоците vis-à-vis основните права и слободи Првиот, *Tele 2,* се однесува кога шведската компанија предложи запирање на задржувањето на податоци според домашното имплементирачко законодавство, а во однос со Директивата 2006/24 за задржување на податоците која во април 2014 година е укината од страна на СПЕУ поради повреда на основните слободи и права. Вториот, *Watson,* произлезе од оспорувањето на домашната легслатива усвоена за да обезбеди правна основа во Обединетото Кралство кога домашниот режим за спроведување на Директивата 2006/24 не успеа поради невалидност на истата. Во постапката по претходно одлучување, СПЕУ бил запрашан дали задржувањето на податоците или пристапот до нив од страна на националните власти потпаѓа под правото на ЕУ. Генералиот Адвокат бил подготвен да прифати дистинкција меѓу задржувањето податоци (задржување од страна на

[3] Court of Justice, Judgment of the Court, Joined Cases C-203/15 and C-698/15 Tele2 and Watson, 21 December 2016; Opinion of Advocate General Saugmandsgaard, Joined Cases C-203/15 and C-698/15 Tele2 and Watson, 19 July 2016.

комуникациските провајдери) и пристапот до истите (пристап од страна на националните власти). Сепак, Судот прифатил различен пристап со тврдење дека и пристапот потпаѓа под Правото на ЕУ, со што на некој начин му дава и поголем опсег на правото на ЕУ. СПЕУ не упатува дека задржувањето на податоци само по себе е недозволиво, туку потенцира околности кога задржувањето може да биде прифатливо, со што самиот Суд заземал поцврст став по ова прашање од Генералниот адвокат. Општо земено, анализата на Судот, споредено со мислењето на Генералниот адвокат, е помало во детали и структура, особено во поглед на потребата и пропорционалноста. Судот не ги адресира директно забелешките на Генералниот адвокат за законитоста, туку тоа го прави со упатување на забелешка дека условите за пристап до податоците треба да бидат обврзувачки во рамки на домашниот правен систем. Оваа потреба од воспоставување на привидна рамнотежа и натаму постои во судската практика на СПЕУ.[4]

Постапката по претходно одлучување во случајот *OMT (Outright Monetary Transactions)* нуди доста сличности. Овој случај, доста критикуван од Германските власти, се однесува на легалноста на програмата на ОМТ на ЕЦБ, објавена во септември 2012 година, но досега никогаш не користена, за купување на неограничени владини обврзници од страна на ЕЦБ од државите-членки кои се во финансиски потешкотии доколку не се во можност да стекнат одржливи каматни стапки на отворените финансиски пазари. Членот 123 од ДФЕУ забранува ЕЦБ да стекнува обврзници директно, но може да ги купува на секундарниот пазар. Иако ЕЦБ ова го има правено досега, со ОМТ програмата се додава формален елемент на условеност, а тое е засегнатата држава да обезбеди претходна финансиска помош. Апликантите пред Германскиот суд тврделе дека ЕЦБ ги надминала своите овластувања со создавање програма која треба да се смета за економска политика, наместо монетарна, како и тоа дека програмата ја прекршува забраната за монетарно финансирање. Германскиот уставен суд во постапката по претходно одлучување побарал програмата да се прогласи за нелегална и спротивна на правото на ЕУ или да обезбеди поограничена интерпретација на програмата во согласност со Договорите. СПЕУ ја сметал програмата за компатибилна со правото на ЕУ и покрај забелешките на Генералниот адвокат за условеноста на државите-членки со обезбедување на претходна финансиска помош (помош во која учествува и самата ЕЦБ), за што сугерирал дистанцирање на ЕЦБ при доделувањето на финансиска помош. Судот, фокусирајќи се на процедуралните потреби и примената на поедноставен преглед при проценувањето на пропорционалноста на програмата, не сака да биде сметан за субјект кој дава второ мислење за

[4] Поопширно во Woods, L., *Data retention and national law: the ECJ ruling in Joined Cases C-203/15 and C-698/15 Tele2 and Watson,* EU Law Analysis, 21 December 2016.

политичките одлуки на експертско тело како ЕЦБ. Теоретски, СПЕУ даде широка дефиниција на овластувањата на ЕЦБ, но практично, а како резултат на постоењето на судски активизам, истовремено повика дека тие овластувања мора внимателно да се користат.[5]

Попозната и понова е пресудата за случајот *Achbita v. G4S* од 2017 година за носењето религиозни симболи на работното место која ја следи истата балансирана стратегија.[6] Во случајот, СПЕУ разликува функции кои имплицираат контакт на вработените со потрошувачи за кои работодавачите може да забранат употреба на религиозни симболи, но ова мора да се однесува на сите и мора да биде воспоставено како општо и јасно правило. Според фактите на случајот, тужителот започнал со работа во G4S во 2003 година и се придржувал до непишаното правило за неносење на видлви знаци на политичко, филозофско или религиозно уверување на работното место. Во 2006 година, тужителот ги известува своите работодавачи дека има намера да носи исламска марама на работното место, при што му било забрането поради прекршување на правилото. Истата година, компанијата усвојува измена во работните правила правејќи ја забраната во пишана форма, а тужителот е отпуштен од работа поради намерата за носење на марамата на работното место. Судот во Белгија во постапка по претходно одлучување се обратил до СПЕУ за интерпретација на Директивата 2000/78 (еднаквост на работното место), со прашање дали забраната за носење религиозни симболи на работното место може да се смета за директна дискриминација (дискриминација исклучиво на религиозна основа) или индиректна дискриминација (дискриминација која не е на религиозна основа, но влијае на луѓе со псеонба религија повеќе од останатите). Прво, Судот одлучи дека носењето облека од религиозни причини е аспект на религиозно уверување, за потоа да заклучи дека не постои директна дискриминација, бидејќи работодавачот имал општа забрана за *секој* вработен во поглед на истакнувањето религиозни знаци на работното место. Потоа, Судот одлучувал дали постои било каква индиректна дискриминација. Таквата дискриминација може „објективно да се оправда со легитимна цел...доколку средствата за постигнување на таквата цел се соодветни и потребни“. Според Судот, националниот суд кој ги поставил прашањата треба да има во предвид дека политиката на неутралност на работодавачот е легитимна и е дел од неговата слобода за водење бизнис. Во принцип, одлуката значи дека работодавачите

[5] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-62/14 Outright Monetary Transactions (OMT), 16 June 2015; Opinion of Advocate General Cruz Villalón, Case C-62/14 Outright Monetary Transactions (OMT), 14 January 2015.

[6] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-157/15 Samira Achbita v. G4S Secure Solutions, 14 March 2017; Opinion of Advocate General Kokott, Case C-157/15 Samira Achbita v. G4S Secure Solutions, 31 May 2016.

може да им забранат на вработените носење на религиозни симболи, но *само* во одредени ситуации. Крајна цел е дека пресудата не создава забрана, но само им дозволува на работодавачите да воспостават ткава забрана, што може да се покаже како доста тешко за спроведување во пракса.

Накратко, СПЕУ сега е внимателен во својата јуриспруденција од повеќе причини: ЕУ е похетерогена, Договорите се изменија, легислативата која се размножува стана покомплексна и подетална. Оттука и легитимитетот на судската власт многу повеќе се оспорува отколку порано.

3. Проблеми во судската практика

а. Настрана од активизмот, читањето на разните национални пресуди покажуваат проблем поврзан со слабите образложенија на голем број пресуди на СПЕУ. Пресудите кои се ограничени во своите образложенија, генерираат чувство на активизам, бидејќи основата и влијанието на судските одлуки остануваат несигурни.

Прво, добар пример за ограничени образложенија е дадено преку дебатата околу допуштеноста на тужбите од приватните лица за оспорување на актите кои имаат општа примена. Во 2002 година, Генералниот суд ја донесе пресудата во случајот *Jego-Quere* во поглед на широка допуштеност.[7] Но, СПЕУ во својата пресуда по жалбата го задржа својот рестриктивен пристап во однос на допуштеноста на тужбите за поништување на актите, поднесени од приватни лица. Како и да е, аргументот на Судот бил дека: нема ништо во Договорот што налага дека концептот на индивидуална засегнатост треба да се толкува на рестриктивен начин ... Она што Судот го гледа како неизбежно ограничување наметнато од текстот на Договорот, всушност, не е повеќе од ограничувањето наметнато од сопствената интерпретација на диспозитивот.[8]

Во пресудата на СПЕУ во случајот *Zambrano,* спротивно на опширното мислење на Генералниот адвокат, правното аргументирање на СПЕУ е содржано

[7] Court of Justice, Judgment of the Court of First Instance, Case T-177/01 Jego-Quere v. Commission, 3 May 2002.

[8] Поопширно во: Tridimas, T., Poli, S., *Locus standi of individuals under Article 230(4): the return of Euridice?,* Continuity and Change in EU Law, 2008, p. 81. Сличен е примерот и со пресудата на СПЕУ во случајот *Regione Siciliana*, но во спротивна насока. Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-417/04 P Regione Siciliana v. Commission, 2 May 2006. Генералниот суд прво усвои рестриктивен налог за недопустливост (по жалба), а потоа пофлексибилна пресуда. СПЕУ го презеде случајот во Големиот совет и донесе кратка пресуда од 40 точки, со само три параграфи на правно аргументирање. Од друга страна, заклучоците на Генералниот адвокат даваат пообемно објаснување околу можните интерпретации и нивното влијание. Opinion of Advocate General Ruiz Jarabo Colomer, Regione Siciliana v. Commission, 12 January 2006, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62004CC0417&from=EN, пристапено на 10 јуни 2018.

во 10 параграфи, од кои шест се однесуваат на членот 20 од ДФЕУ кој се однесува на принципот на не-дискриминација и граѓанството на Унијата.[9] Во пресудата, Судот ниту објаснува што е суштината на доделеното право, ниту укажува како истата се вклопува во постоечкото прецедентно право, ниту пак опсегот на нејзиниот делокруг.[10] Понекогаш СПЕУ може да одлучи да ја отстрани целата дебата. Во пресудата по случајот *Полска против Советот* од 2007 година која се однесува на допуштеност на тужби против одлуките на ЕУ[11], во случајот Одлука усвоена пред проширувањето во 2004 година, Мислењето на Генералниот адвокат од вкупно 76 параграфи, 46 се однесуваат, идентично како и во поднесоците на државите-членки, на прашањето за допуштеност на тужбите.[12] Сепак, СПЕУ воопшто не обрна внимание по ова прашање, туку во пресудата наведе дека: „Судот смета дека е потребно да пресуди на почеток по суштината на случајот“.

Додека времетраењето на постапките по претходно одлучување по 2000 година се намали, истото се однесува и на правното аргументирање на СПЕУ. За да се постигне консензус во одлучувањето, потребно е согледување на колку што е можно повеќе мислења. Сепак, образложенијата на СПЕУ се ограничени на суштината. Иако ваквата констатација изгледа двосмислена, барањето консензус стана потешко по проширувањата, со 28 судии и ротирачки Големи совети.

б. Помалку критики се однесуваат на резултатите на СПЕУ отколку методот по кој се донесени пресудите. Некои делови од аргуменатациите на СПЕУ недостасуваат, се прескокнати или заобиколени, додека добар дел од пресудите се обемни изјави за резултатот, наместо причината за доаѓање до истиот.[13] Потребно е СПЕУ во својата практика да демонстрира дека националните чувства се земени во предвид и опширно да ги објасни и

[9] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-34/09 Zambrano v. ONEm, 8 March 2011 споредено со Opinion of General Advocate Sharpston, Zambrano v. ONEm, 30 September 2010, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62009CC0034&from=EN, пристапено на 10 јуни 2018.

[10] Hailbronner, K., Thym D., *Annotation of case C-34/09*, Common Market Law Review, No. 48 (4), 2011, p. 1259.

[11] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-273/04 Poland v. Council, 23 October 2007 споредено со Opinion of General Advocate Poiares Maduro, Poland v. Council, 21 June 2007, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62004CC0273&from=EN, пристапено на 10 јуни 2018.

[12] Поопширно во Bobek, M., *Of feasibility and silent elephants: the legitimacy of the Court of Justice through the eyes of national courts*, Judging Europe's Judges, No. 206, p. 29.

[13] На доста сеопфатен начин ова го објаснува претседателот на СПЕУ, Коен Ленартс. Види: Lenaerts, K., *The Court's outer and inner selves*, Judging Europe's Judges, Hart 2013, p. 46.

аргументира своите одлуки доколку тие треба да бидат авторитарни и авторитетни.[14]

Оваа слабост влијае на доста важни пресуди. Пресудата во случајот *Mangold* била суштинска во воспоставувањето на улогата на општите принципи на правото.[15] Во случајот СПЕУ не успеа да постигне рамнотежа меѓу правната сигурност и заштита на легитимните очекувања против забраната на дискриминацијата на основ на возраст. Целта на зајакнувањето на индивидуалните права е поразена на друг фронт како што индивидуите може да бидат оптоварени во нивните хоризонтални правни односи со обврски кои произлегуваат од непишани, судски создадени општи принципи, што го прави практично невозможно за нив разумно да ги предвидат пренесените права и обврски наметнати над нив од правниот поредок на ЕУ. Оттаму, случајот *Mangold* е карактеризиран со недостаток од правна сигурност и со колатерална штета на уставно доделените овластувања во рамки на правниот поредок на ЕУ.[16]

Овие критики земаа замав по пресудите во случаите *Viking* и *Laval* од 2007 година околу конфликтот меѓу слободното движење, давањето услуги и социјалните права, пресуди усвоени во ист ден.[17] Пресудите се некако двосмислени и создаваат ефект на одвраќање на колективното трудово дејствување што е резултат на нејасноста во размислувањето и недостаток од поврзаност со постоечката судска практика. Судот не успеа во обликувањето на колективната трудова политика, област во која има малку експертиза и во која има прифатено насока која ги фаворизира корпоративните интереси над заштитата на работниците. Притоа, не го следел моделот преферирaн во прецедентното право судирајќи ги економските наспроти социјалните и политички фундаментални права кои се појавуваат надвор од контекстот на трудовата расправа. Ова потоа има удар на општата кохерентност на судската пракса и легитимитетот на Судот. Судот усвои широк пристап на опсегот на правото на ЕУ, но во фазата на оправданост не остави било каков простор за

[14] Weiler, J., *Epilogue: the Judicial after Nice*, во G. De Burda, G., and Weiler, J., (eds.), *The European Court of Justice*, Oxford University Press, 2001, p. 215. Објаснувањето на Претседателот на СПЕУ Ленартс и на Вилер се две различни стојалишта кои од една страна го сметаат СПЕУ за повеќе или помалку „перфектен“ и „повеќе авторитарен отколку авторитетен“ од друга страна.

[15] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-144/04 Mangold v. Helm, 22 November 2005.

[16] Поопширно во: Mazak, J., Moser, M., *Adjudication by reference to general principles of EU law: a second look at the Mangold case law*, Judging Europe's Judges, Hart 2013, p. 85.

[17] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-438International Transport Workers Federation v. Viking Line, 11 December 2007; Court of Justice, Judgment of the Court, Case 341/05 Laval v. Swedish Building Workers Union, 18 December 2007.

дискреција за признавање на националните околности. Ова изгледа неконзистентно со претходната пракса и го остава одлучувањето чувствително на обвинувањата дека неговата наметлива природа го напрега легитимитетот на Судот. Иако усвоени во ист ден и за иста проблематика, гледани одвоено, пресудите упатуваат на разни заклучоци. Пресудата во случајот *Viking* изгледа добро структурирана со балансиран заклучок кој може да се применува од националните судии, додека во пресудата од случајот *Laval*, Судот е повеќе чувствителен на националниот и на Заедницата правен контекст и применува помала структурирана пропорционалност.[18]

Во друго суштинско поле, повторно поврзано со фундаменталните права, може корисно да се спореди мислењето на Генералниот адвокат[19] и пресудата на СПЕУ во случајот *Google Spain.*[20] Правото да се биде заборавен (*The right to be forgotten*) е веројатно најзначајно прашање во информатичкото општество. Генералниот адвокат предложи прецизно испитување на сите интернет учесници од една страна и различната примена на човековите права од друга страна. СПЕУ не само што не го следеше мислењето на Генералниот адвокат, не е обврзан на тоа, туку не објасни ниту зошто не го следел. Судот ги нагласува правата на индивидуите да ги отстранат нивните лични податоци од резултатите генерирани од пребарувачите, но многу малку спомнува за правото на слободно изразување и не се осврнува воопшто на членот 11 од ПФП (Слобода на изразување и информација). Исто така, потенцира дека правото на заштита на податоците генерално ги надгласува интересите на општата јавност во изнаоѓање на информации поврзани со податоци за името на субјектот, додека во исто време потенцира дека рамнотежата меѓу двете мора да зависи од специфичностите на секој случај поединечно. Пресудата бара од оние кои управуваат со податоците, властите за заштита на податоците и судовите да постигнат фер спогодба меѓу овие права, но не упатува на некој критериум како да се постигне такво нешто. Слабото образложение е резултат на слаба правна сигурност.[21]

Што значи сево ова? Од една страна, има многу критики за различни прашања за кои се доаѓа до исти заклучоци за недостаток од компетентност и/или прецизност во голем број на пресуди. Од друга страна, долго време има

[18] Ibid, para. 107.

[19] Opinion of General Advocate Jaaskinen, Google Spain v. AEPD, 25 June 2013, http://curia.europa.eu/juris/ document/document.jsf?docid=138782&doclang=EN, пристапено на 10 јуни 2018.

[20] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-131/12 Google Spain v. AEPD, 13 May 2014.

[21] Поопширно во: Kuner, C., The Court of Justice of EU's Judgment on the 'Right to be Forgotten': An International Perspective, European Journal of International Law, 20 May 2014.

дебата околу реформите на судскиот систем на ЕУ без да се посвети внимание на овие критики, без било каква процена и без никаков процес на консултација. Произлегува дека реформата на СПЕУ е целосна спротивност на пропагандата која ја презентира ЕУ како модел на отвореност, транспарентност, консултации и добро управување.

в. За подолг период, СПЕУ имал доста јасна позиција за повреда на судењето во разумен рок.[22] Странките со тврдења за неразумен рок од страна на Генералниот суд треба да се жалат пред СПЕУ. Одеднаш, во 2014 година, во пресудата по случајот *Gascogne*, Судот целосно ја смени својата судска практика.[23] Отсега самиот СПЕУ ќе го испитува постоењето на неразумен рок, иако тужителите сами ќе треба да поведат нова независна постапка за штета пред Генералниот суд. Ваквото решение за страните е да се отвори друга судска постапка, која исто така може да земе време и пари. Понатаму, овој правен лек оди спротивно на принципот на независност. Логиката на СПЕУ дека различниот состав на Генералниот суд ќе ја процени штетата нема да го побие објективното чувство на зависност, кое нема да биде отстрането кога составот на Судот ќе се измени. Понатаму, СПЕУ ги разделил различните услови на одговорност меѓу два различни суда. Она што може да биде интересно е дека слични погледи против причините на Судот за промени во сопствената судска практика беа изнесени и во мислењата на Генералните адвокати во други случаи.[24] Со пресудата СПЕУ не успеа да ги објасни причините за напуштање на пристапот претходно прифатен во неговата судска пракса. Повторно, отсуството на квалитетно објаснување може да создаде имресија на активизам.

Отсутството на квалитетно образложение покренува и други мотиви на страна на СПЕУ, сугерирајќи дека Судот ја модификувал својата јуриспруденција во насока на својот легислативен предлог за удвојување на Генералниот суд. Моментот на донесување на пресудата во случајот *Gascogne* му овозможи на СПЕУ да пристапи кон убедување на институциите на ЕУ од итноста на реформи во судскиот систем и релативно малиот трошок за тие реформи (28 милиони евра) споредено со потенцијалните трошоци од нерешените тврдења за штети.

[22] Ваквиот тренд бил воспоставен со случаите: Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-185/95 P Baustahlgewebe GmbH v. Commission, 17 December 1998; Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-385/07 Duales System Deutschland GmbH v. Commission, 16 July 2009.

[23] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-40/12 P., Gascogne v. Commission, 26 November 2013.

[24] На пример во: Opinion of General Advocate Wathelet, Case C-580/12 P Guardian Industries Corp. v European Commission, 29 April 2014

И покрај промените во судскиот систем (удвојување на бројот на судии на Генералниот суд, отстранувањето на специјализираните судови, измени во начинот на избор на судиите), претпријатијата навремено поднесоа нови барања за штети пред Генералниот суд. СПЕУ, како обвинета страна, тврдел дека барањата се неосновани на основ дека мора да почнат од почеток против Комисијата како административно-бирократска институција. Но, Генералниот суд навремено го одбил ваквиот аргумент, нагласувајќи дека членот 335 од ДФЕУ е доста јасен,[25] како и тоа дека СПЕУ утврдил одобрување во својот буџет за покривање на евентуални такви трошоци. СПЕУ потоа пристапи кон поднесување на жалба против ваквиот налог пред самиот себе, но по една година жалбата е повлечена, а нејзиното поднесување и повлекување се направени без никакво објаснување, и покрај екстремно невообичаената природа на постапката.[26]

Во своите тврдења, СПЕУ негирал дека е одговорен за било какви штети. Ова е контрадикторно со наводите на СПЕУ за удвојување на бројот на судиите на Генералниот суд, каде што нагласи дека трошоците се доста ограничени во споредба со потенцијалната обврска од неколку милиони евра кои произлегуваат од тужбите за штета поради одложување на постапките. Понатаму, како тужена страна, СПЕУ го негирал постоењето на неразумно одложување, иако како суд пронајде постоење на такво одложување во својата пресуда по случајот *Gascogne*.[27] Конечно, на почетоткот од 2017 година, Генералниот суд усвои нова пресуда по случајот *Gascogne* против СПЕУ[28] и додели штета во износ од 57.000 евра. СПЕУ повторно поднесе жалба за оваа пресуда пред самиот себе.[29]

[25] Според член 335: Во секоја држава-членка, Унијата има најшироко правно својство што им се признава на правните лица според нивните закони; таа, особено може да се здобие или да се ослободи од движен или недвижен имот и може да биде страна во судска постапка. За таа цел, Унијата е претставувана од Комисијата. Меѓутоа, Унијата е претставувана од секоја од институциите, преку нивната административна автономија, за прашања во врска со нивното работење.

[26] Поопширно во: Breuvart, C., Kye, C., *EU Court of Justice Battles with Itself on Delays at the General Court,* Jones Day Publications, April 2015.

[27] Одлично објаснување е дадено во: Alemanno, A., Pech, L, *Thinking outside the docket: a critical assessment of the reform of the EU's court system*, Common Market Law Review, No. 54, 2017, pp. 129-176.

[28] Court of Justice, Judgment of the General Court, Case T-577/14 Gascogne v. European Union, 10 January 2017.

[29] Court of Justice, Appeal by the Court of Justice C-138/17 P. against the judgment of the General Court, 17 March 2017. Она пто е конфузно е што жалбите против Комисијата, Советот или Парламентот се претставени како такви во скратена форма (на пример: C-584/10P, C-104/16P, C-583/11P), додека жалбите на СПЕУ пред Судот се претставени, на

Во целина, имаме суд кој ја сменил својата судска практика во момент на усвојување на легислатива која самиот ја предложил; имаме решение за компензација на неразумни судски одложувања кои ја зголемуваат должината на постапките и нивните трошоци; повторно имаме суд, кој како тужена страна поднесува жалби пред самиот себе кога неговите финансиски интереси се директно инволвирани. Вака гледано, СПЕУ се појавува во неколку својства: како суд, како административен авторитет, како тужена страна и како легислативен авторитет. Повторно, ваквите својства на СПЕУ може да создадат чувство на активизам. Тие, исто така, не се позитивни за сликата на институцијата. Ова е јасно наведено во препораките на Европскиот парламент во резолуцијата од 29 април 2015 година „дека институцијата треба да се реорганизира на начин кој ќе доведе до појасна поделба меѓу правните и административни функции, доведувајќи ја поставеноста во линија со членот 6 од ЕКЧП за судиите да немаат ризик да треба да одлучуваат по жалби против акти во кои тие како авторитети биле директно вклучени[30].“

г. Некои пресуди на СПЕУ предизвикаа реакции и од националните судови. Една од нив е пресудата погоре објаснета за случајот *OMT* за контроверзните операции на ЕЦБ. Оваа пресуда по претходно одлучување поднесено од Германскиот уставен суд го одобрува ОМТ механизмот, така што, Германскиот уставен суд за пресудата експлицитно го критикува начинот на судското преоценување на СПЕУ на актите на ЕЦБ.

Второ, во 2015 година, СПЕУ ја донесе пресудата по случајот *Taricco,* каде сметал дека продолжувањето на рокот (во интерес на финансиските интереси на ЕУ) не ја прејудицира кривичната одговорност на обвинетиот, бидејќи роковите се повеќе процедурални отколку суштински во природа. Ова одлучување има фундаментален удар на кривичниот систем и не посветува доволно внимание на фундаменталните права.[31] Во овој контекст,

пример, како “European Union v. Gascogne” (C-138/17P), што го прави потешко нивното пронаоѓање.

[30] European Parliament Resolution 2014/2080(DEC) of 29 April 2015, Section IV – Court of Justice, http://www.europarl.europa.eu/sides/getDoc.do?pubRef=-//EP//TEXT+TA+P8-TA-2015-0124+0+DOC+XML+ V0//EN&language=EN#BKMD-35, пристапено на 13 јуни 2018.

[31] Од друга страна, Судот сметал дека Италијанското право не треба да се применува „без да се бара или чека претходно укинување на тие одредби по законски пат или било која друга уставноправна постапка“ Ова покренува значајни прашања имајќи го во предвид фактот дека таквата неприменливост е спротивна на фундаменталните права на обвинетиот признаени со уставот.

Италијанскиот уставен суд упати прашање да СПЕУ за преиспитување на својата пресуда.[32]

Трето, Врховниот суд на Данска отиде подалеку во својата пресуда од 2016 година по случајот *Danske Industri* околу ефектите на ПФП и општите принципи на правото.[33] Овој случај го покрена прашањето за хоризонтална применливост на Повелбата и принципот на недискриминација како и нејзината примена да расправа помеѓу приватни страни во ситуации кога националното право е некомпатибилно со правото на ЕУ. Во својата пресуда по случајот, СПЕУ одговори на прашањата од Уставниот суд на Данска и го повика „каде што е потребно, да не ја применува било која одредба на националното право која е спротивна на општите принципи кои забрануваат дискриминација на основ на возраста".[34] Уставниот суд на Данска реагирал преку интерпретација на актот за пристапување на Данска во ЕУ заклучувајќи дека непишаните општи принципи на правото на ЕУ не се обврзувачки во правниот систем на Данска, исто така, презентирано и како реакција против активизмот на СПЕУ. Оттаму, не е за чудење што Врховниот суд на Данска не бил импресиониран при читањето на пресудата за *Danske Industri*.

Овдека имаме три национални суда каде, во една година, првиот го критикува СПЕУ за неговото слабо судско преоценување, вториот го прашува СПЕУ да ја разгледа својата одлука, додека третиот одлучува да ја занемари пресудата на СПЕУ. Земени заедно, нивното влијание е значително. Тие исто така може да придонесат кон фактот дека националните судии понекогаш се двоумат за покренување на постапка по претходно одлучување. Алтернативно, тие може да испратат нови прашања до СПЕУ доколку првата пресуда им се чини недоволна.

4. Можни решенија за намалување на судскиот активизам

Од погоре наведеното, јасно е дека судскиот систем на ЕУ се соочува со проблеми и треба да се преземат некои работи во оваа насока.

Прво, потребна е подобра употреба на мислењата на Генералните адвокати. Доста често, пресудите може да се поделат во две категории. Некои од нив ги земаат во предвид мислењата на Генералните адвокати, иако тоа не е задолжително за СПЕУ. Други пресуди се усвојуваат без никакво осврнување

[32] Order 24/2017, https://www.cortecostituzionale.it/documenti/download/doc/recent_judgments/O_24_2017.pdf, пристапено на 13 јуни 2018.

[33] Case 15/2014, Judgment 6 December 2016. http://www.supremecourt.dk/supremecourt/nyheder/pressemeddelelser/Pages/TherelationshipbetweenEUlawandDanishlawinacaseconcerningasalariedemployee.aspx, пристапено на 14 јуни 2018.

[34] Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-441/14 Dansk Industry v. Rasmussen, 19 April 2016.

на мислењата на Генералните адвокаит како и да не постојат, а тоа се едни од послабите пресуди.

Оттаму, подоброто користење на мислењата на Генералните адвокати ќе им помогне на странките и националните судови да го разберат размислувањето на судиите на СПЕУ. Понатаму, секогаш постоеле предлози за воведување на усогласени и спротивставени мислења во СПЕУ. Се додека се одржува постоечкиот систем на назначување, судиите ќе бидат видени како огледало на нивните држави-членки, впечаток силно интензивиран од усогласените и спротивставени мислења. Во контекст каде судиите треба да ги подржуваат националните влади за да бидат повторно назначени, усогласените и спротивставени мислења може да станат постојан дел од кампањите за повторно назначување. Како и да е, сфатени сериозно, мислењата на генералните адвокати може да понудат доста корисна (дури и објективна) замена.

б. ИКТ е, исто така, суштинско за коректна анализа за ефикасноста на СПЕУ. До сега, таквата анализа остана ограничена. Година по година, институциите на ЕУ објавуваат извештаи укажувајќи дека бројот на судските предмети расте. Сепак, апсолутните бројки не рефлектираат апсолутно ништо во поглед на продуктивноста. Напротив, тие генерираат погрешна перцепција. На пример, во 2017 година, Претседателот на Генералниот суд објави дека бројот на апликации „експлодирал“. Но, статистиката може да покаже различна анализа. Во 2003 година, Генералниот суд имал 15 судии и 30 правни секретари и добивал 466 апликации. Во 2004 и 2007 година, ресурсите на Генералниот суд беа удвоени, односно од 15 отиде на 27 судии и од 30 на 81 правен секретар. Во 2015 година, институциите на ЕУ одлучија повторно да го удвојат Генералниот суд. Во 2018 година се 47 судии и 137 правни секретари. Во 15 години, бројот на случаи се удвои, бројот на судии за три пати поголем, бројот на правни секретари за четири пати поголем.[35]

Понатаму, оптовареноста со случаи има тенденција на промена. СПЕУ годишно троши повеќе од 15 милиони евра во ИКТ. Овие инвестиции имаат за цел да ја намалат оптовареноста преку автоматизација на повеќето административни и аналитички функции. Ова се случи во некои од административните служби на СПЕУ. Продуктивноста во одделот за превод (број на страници преведени по единица персонал), на пример, значително се подобри. Во 2003 година, правен секретар се соочувал со 15.5 случаи годишно, додека во 2018 таа бројка спадна на 7.5 случаи.[36] Ова е далеку од рефлектирање на намалувањето на просечната преоптовареност по случај или редукција на работата со воведувањето на ИКТ инструментите. Парадоксално, повеќе ИКТ

[35] Seytre, D., *Le Tribunal européen explose-t-il? Justice européenne*, Le Jeudi, 11 May 2017, пристапено на 15 јуни 2018.
[36] Ibid.

инвестиции води кон помала и помала продуктивност по персонал. Ова е проценатa која Советот и Европскиот парламент требале да ја направат пред поддршката за удвојување на кабинетите на Генералниот суд. Генералниот суд, всушност, ја намали својата преоптовареност во 2015 година без ниту еден дополнителен судија, но со ангажирање на повеќе менаџерски мерки; парадоксално, резултатите во 2016 и 2017 година се полоши, поради два фактора: зголемувањето на Генералниот Суд и погрешното раководење на некои држави-членки при именувањето на судиите.[37]

в. Долгорочно, потребна е сеопфатна реформа на судскиот систем на ЕУ за да му се овозможи на СПЕУ да се концентрира на суштината, да обезбеди појасно и покомплетно размислување. Постои парадокс во легислативната стратегија на СПЕУ при сослушување на сите жалби (што е претставено како суштинска цел во укинувањето на Трибуналот за цивилна служба), истовремено барајќи разни начини за нивно забрзување, што не е најдобра гаранција за квалитет.[38] Ако жалбите се сериозно прашање, тие заслужуваат сериозно испитување. Во тој случај, СПЕУ ќе биде од поголема корист за страните во споровите доколку се врати структурата со специјализирани судови, каде Генералниот суд ќе се соочува со голем дел од жалбите.

Трослоен судски систем ќе му овозможи на СПЕУ да се фокусира подобро на својата мисија. Ќе се избегне удвојувањето на судии во Генералниот суд, кој ќе може да пресудува по жалбите на специјализираните судови. Процедурата за именување на судии може да се подобри со намалување на улогата на државите-членки. Може да се разгледува и предлог од единствен мандат од 9 години што сигурно ќе ја подобри независноста на судиите и ќе овозможи спротивставени и усогласени мислења. Доколку повторно се формираат специјализирани судови, бројот на судиите во истите може да се зголеми или намали според објективните потреби (наместо именување на дополнителни судии во Генералниот суд што е екстремно скапо). Може да се разгледа и потребата од укинување на правото на иницијатива на СПЕУ (која е полумонополска) за легислативна ревизија на статутот бидејќи оваа привилегија не постои во ниту една држава-членка, создава разни технички проблеми и притоа е во спротивност со принципот на поделба на власта.

[37] Alemanno A., Pech, L., *Thinking outside the docket*…, op.cit, pp. 152-155.

[38] До ваков заклучок имаат дојдено и некои судии на СПЕУ. Поопширно во: Van Der Woude, M., *In favour of effective judicial protection: A reminder of the 1988 objectives*, Concurrences, No. 4, 2014, p. 1; Collins, A., *The General Court: Enlargement or Reform?*, King's College Annual Law Conference, 11 March 2016, http://www.kcl.ac.uk/law/research/centres/european/index.aspx, пристапено на 16.06.2018

Заклучок

Како заклучок, критиките од националните судови потврдуваат дека СПЕУ треба подобро да се фокусира на својата основа, а тоа е уставната дебата. СПЕУ е една од најиновативните одлики на Договорите и едно од најзначајните измени во меѓународното право за време на втората половина на 20тиот век. Одигра значајна улога во минатото и придонесе за развојот на правото во Европа. Како и да е, сега е време да се прилагоди на некои аспекти. Во овој поглед, два суштински елементи треба да се имаат во предив.

Прво, доста работи се изменети и потребни се повеќе напори за соочување со новата улога на ПФП. Секоја организација која се зголемува (токму она што се случи со СПЕУ) треба да биде реструктуирана. Понатаму, со екстремна акумулација на овластувања доаѓа и екстремна потреба од внимание. Ниту еден суд во светот не ужива кумулативно толку многу судски улоги, екстремна административна автономија и полумонополство во легислативната иницијатива на судството. Ова има потреба од исклучителна претпазливост, инаку институцијата може да се перцепира како неконтролирана, дури и активистичка.

Второ, постои потреба од отворање на сериозна дебата околу иднината на судскиот систем во ЕУ. СПЕУ објави нова легислативна иницијатива со цел да биде потранспарентна. Сепак, зголемувањето на бројот на судиите во меѓувладина, бирократска и нестабилна структура треба да се напушти за поефикасни решенија. Треба да се реализира сериозна проценка на влијанието, по можност од независни експерти, на трошоците и придобивките од сите корисни решенија. ЕУ судството заслужува подобро, а со тоа и граѓаните на ЕУ.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Alemanno, A., Pech, L, *Thinking outside the docket: a critical assessment of the reform of the EU's court system*, Common Market Law Review, No. 54, 2017;

Bobek, M., *Of feasibility and silent elephants: the legitimacy of the Court of Justice through the eyes of national courts*, Judging Europe's Judges, No. 206;

Breuvart, C., Kye, C., *EU Court of Justice Battles with Itself on Delays at the General Court*, Jones Day Publications, April 2015;

Case 15/2014, Judgment 6 December 2016. http://www.supremecourt.dk/supremecourt/nyheder/pressemeddelelser/Pages/TherelationshipbetweenEUlawandDanishlawinacaseconcerningasalariedemployee.aspx, пристапено на 14 јуни 2018;

Collins, A., *The General Court: Enlargement or Reform?*, King's College Annual Law Conference, 11 March 2016, http://www.kcl.ac.uk/law/research/centres/european/index.aspx, пристапено на 16 јуни 2018;

Court of Justice, Appeal by the Court of Justice C-138/17 P. against the judgment of the General Court, 17 March 2017;
Court of Justice, Judgment of the Court of First Instance, Case T-177/01 Jego-Quere v. Commission, 3 May 2002;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case 26/62 Van Gend en Loos v. Netherlands Inland Revenue Administration, 5 February 1963;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case 341/05 Laval v. Swedish Building Workers Union, 18 December 2007;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case 6/64 Costa v. Enel, 15 July 1964;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-131/12 Google Spain v. AEPD, 13 May 2014;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-144/04 Mangold v. Helm, 22 November 2005;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-157/15 Samira Achbita v. G4S Secure Solutions, 14 March 2017;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-185/95 P Baustahlgewebe GmbH v. Commission, 17 December 1998;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-273/04 Poland v. Council, 23 October 2007;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-34/09 Zambrano v. ONEm, 8 March 2011;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-385/07 Duales System Deutschland GmbH v. Commission, 16 July 2009;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-40/12 P., Gascogne v. Commission, 26 November 2013;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-417/04 P Regione Siciliana v. Commission, 2 May 2006;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-438 International Transport Workers Federation v. Viking Line, 11 December 2007;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-441/14 Dansk Industry v. Rasmussen, 19 April 2016;
Court of Justice, Judgment of the Court, Case C-62/14 Outright Monetary Transactions (OMT) 16 June 2015;
Court of Justice, Judgment of the Court, Joined Cases C-203/15 and C-698/15 Tele2 and Watson, 21 December 2016;
Court of Justice, Judgment of the General Court, Case T-577/14 Gascogne v. European Union, 10 January 2017;
European Parliament Resolution 2014/2080(DEC) of 29 April 2015, Section IV – Court of Justice, http://www.europarl.europa.eu/sides/getDoc.do?pubRef=-//EP//TEXT+TA+P8-TA-2015-0124+0+DOC+XML+V0//EN&language=EN#BKMD-35, пристапено на 13 јуни 2018;

Hailbronner, K., Thym D., *Annotation of case C-34/09*, Common Market Law Review, No. 48 (4), 2011;

Kuner, C., The Court of Justice of EU's Judgment on the 'Right to be Forgotten': An International Perspective, European Journal of International Law, 20 May 2014;

Lenaerts, K., *The Court's outer and inner selves*, Judging Europe's Judges, Hart 2013;

Mazak, J., Moser, M., *Adjudication by reference to general principles of EU law: a second look at the Mangold case law*, Judging Europe's Judges, Hart 2013;

Opinion of Advocate General Cruz Villalón, Case C-62/14 Outright Monetary Transactions (OMT), 14 January 2015;

Opinion of Advocate General Kokott, Case C-157/15 Samira Achbita v. G4S Secure Solutions, 31 May 2016;

Opinion of Advocate General Ruiz Jarabo Colomer, Regione Siciliana v. Commission, 12 January 2006, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62004CC0417&from=EN, пристапено на 10 јуни 2018;

Opinion of Advocate General Saugmandsgaard, Joined Cases C-203/15 and C-698/15 Tele2 and Watson, 19 July 2016;

Opinion of General Advocate Jaaskinen, Google Spain v. AEPD, 25 June 2013, http://curia.europa.eu/juris/document/document.jsf?docid=138782&doclang=EN, пристапено на 10 јуни 2018;

Opinion of General Advocate Poiares Maduro, Poland v. Council, 21 June 2007, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62004CC0273&from=EN, пристапено на 10 јуни 2018;

Opinion of General Advocate Sharpston, Zambrano v. ONEm, 30 September 2010, https://eur-lex.europa.eu/legalcontent/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:62009CC0034&from=EN, пристапено на 10 јуни 2018;

Opinion of General Advocate Wathelet, Case C-580/12 P Guardian Industries Corp. v European Commission, 29 April 2014;

Order 24/2017, https://www.cortecostituzionale.it/documenti/download/doc/recent_judgments/O_24_2017.pdf, пристапено на 13 јуни 2018;

Seytre, D., *Le Tribunal européen explose-t-il? Justice européenne*, Le Jeudi, 11 May 2017, пристапено на 15 јуни 2018;

Tridimas, T., Poli, S., *Locus standi of individuals under Article 230(4): the return of Euridice?*, Continuity and Change in EU Law, 2008;

Van Der Woude, M., *In favour of effective judicial protection: A reminder of the 1988 objectives*, Concurrences, No. 4, 2014;

Weiler, J., *Epilogue: the Judicial after Nice*, во G. De Burda, G., and Weiler, J., (eds.), *The European Court of Justice*, Oxford University Press, 2001;

Woods, L., *Data retention and national law: the ECJ ruling in Joined Cases C-203/15 and C-698/15 Tele2 and Watson,* EU Law Analysis, 21 December 2016;

Јадранка Денкова
Вонреден професор
Универзитет Гоце Делчев, Правен факултет Штип
jadranka.denkova@ugd.edu.mk

УДК.351.941(497.7)
Original Research paper

Сузана Џамтовска Здравковска
Доцент
American University of Ras Al Khaimah, UAE
suzana.dzamtoska@hotmail.com

Бранка Денкова
Магистер, brankad_1@yahoo.com

ВОНСУДСКА КОНТРОЛА ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА- НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Апстракт
Од многубројните законски надлежности предвидени со Законот за Народен правобранител во Република Македонија овој труд е насочен кон надлежноста вршење контрола над законитоста, но и целисходноста на преземените дејства и донесените одлуки од страна на вработените во државните органи (јавната администрација). Целта на овој труд е да направи анализа на еден сегмент, од многубројните надлежности, а тоа е да се согледа кои дејства и активности ги презема Народниот правобранител како контролор на работата на државните органи, односно државната администрациија во Република Македонија. Во истражувањето се користи методот на анализа на законските и подзаконските акти, статистичките показатели, како и други релевантни показатели кои укажуваат на улогата на Народниот правобранител во Република Македонија како контролор на работата на јавната администрација. Резултатите од истражувањето одговараат на прашањето кои мерки и средствата ги презел Народниот правобранител при вршењето на Улогата заштита на правата и слободите на граѓаните при барање на услуги од страна на јавната администрација. Од анализата на релевантните податоци дојдено е до заклучок дека Народниот правобранител во Република Македонија не ја остварува во доволна мера улогата на контролор на работата на јавната администрација. Се јавува потреба Народниот правобранител во Република Македонија да иницира активности кои ќе дејствуваат превентивно

и ќе бидат корективни мерки за ефикасно работење на јавната администрација

Клучни зборови: *јавна администрација, ефикасност, контрола, државни органи, заштита*

Jadranka Denkova PhD,
Associate Professor
University"Goce Delcev" Faculty of law Stip
jadranka.denkova@ugd.edu.mk

Suzana Dzamtoska - Zdravkovska, PhD
Assitant professor in American University of Ras Al Khaimah
suzana.dzamtoska@hotmail.com

Branka Denkova, LL.M
brankad_1@yahoo.com

OUTSIDE COURT CONTROL OF THE WORK OF THE PUBLIC ADMINISTRATION –OMBUDSMAN

Abstract
From the numerous legal competencies envisaged by the Law on Ombudsmen, this reserch focuses on the competence of exercising control over the legality, as well as the expediency of the undertaken actions and the decisions made by the employees in the public authorties in the Republic of Macedonia (public administration). The aim of this reserch is analysis of one segment, from the numerous competencies, and observations of the activities undertaken by the Ombudsman as an investigator of the work of the public administration in the Republic of Macedonia. The survey uses the method of analysis of the laws and sublaws, statistical indicators, as well as other relevant indicators that indicate the role of the Ombudsman in the Republic of Macedonia as an investigator of the work of the public administration. The results of the survey portray the measures the Ombudsman has undertaken in it's role of performance in protecting human rights and freedoms when citizens are seeking services by the public administration. From the relevant data analysis, it can be concluded that the Ombudsman in the Republic of Macedonia does not sufficiently exercise the role of an investigator of the

work of the public administration. There is a necessity for the Ombudsman in the Republic of Macedonia to initiate activities that will act preventively and as corrective measures for efficient operation of the public administration

Key words: *public administration, efficiency, control, state authorities, protection*

ВОВЕД

Народниот правобранител е независен и самостоен во вршењето на функцијата, при што работите од својата надлежност ги врши врз основа на Уставот, законот и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Институцијата омбудсман или Народен правобранител претставува дополнително средство во делот на механизмите за заштита на правата на граѓаните, која е насочена кон вршењето на контрола над законитоста, а исто така и целисходноста на преземените дејствија и одлуките од страна на органите на државната администрација.

Народниот правобранител претставува независен самостоен орган кој за својата работа одговара пред законодавниот орган, односно Собранието и има должност да постапува по претставките на граѓаните како и по своја иницијатива во случај кога ќе забележи незаконитост во работењето на органите на администрацијата со што е сторена повреда на основните човекови права и слободи, а притоа да биле исцрпени сите правни средства за нивна соодветна заштита.

Улогата на народниот правобранигел во Република Македонија согласно Законот за Народниот правобранител јакне со цел за ефикасна заштита на правата на граѓаните во Република Македонија.[1] Ова се согледува во последните измени на Законот за народен правобранител каде што се гледа можноста да презема дејства пред обвинителството и судовите, како и можноста да обезбедува поддршка и заштита на жртвата/ите, нивните права и

[1] Народниот правобранител е орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби, (Член 2 од Законот за народен правобранител Службен весник на РМ, бр. 60/03 од 22.09.2003 година).

презентирање на нивните интереси во сите постапки кои се водат во органите на државната управа, како и можноста за ефикасно и транспарентно истражување на постапувањето од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција [2]. Покрај тоа, Народниот правобранител има право на пристап до класифицираните информации, увид во сите докази, податоци и информации без оглед на степенот на доверливост, како и можност да согледува како постапуваат лицата со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, може да врши ненајавени посети во органите, институциите и установите. Во последните измени од 2018 година во Законот значајно е да се споменат и измените кои се однесуваат на конгролата на работата на Народниот правобранител од страна на грѓаните преку избирање на преставници од здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството. Овие здруженија се бираат на транспарентен начин преку јавен оглас и истите номинираат по еден преставник со мандат од една година. Значењето на граѓанската контрола се согледува во одредеба од законот со која се наложува на Народнито правобранител да формира посебна организациска единица за граѓанска контрола. Во измените од 2016 година зајакнатата улога на народниот правобранител ја согледуваме во следната одредба „Заради заштита на човековите слободи и права кога странката или Народниот правобранител бара, судот му овозможува на Народниот правобранител да дејствува како пријател на судот (amicus curiae). Кога Народниот правобранител со цел заштита на човековите слободи и права дејствува како пријател на судот во тоа својство:-учествува во сите фази на постапката, со право да биде информиран за закажаните судски рочишта, да му биде овозможен увид во списи и активно да учествува во постапката, со право да бара и даде предлози и мислења. -судот ги зема предвид неговите барања и предлози, препораки или укажувања дадени до органите над кои надлежно постапува за постапките што се водени пред Народниот правобранител.“ Транспарентноста во остварување на својата функција претставува најмоќно оружје на Народниот правобранител при спроведувањето на својата заштитна функција. Така што тој во секое време може да изготвува посебни извештаи за сите недоследности попречувања од страна на органите на државната управа и други институции на кој му се доверени со закон.

Согласно ова, Народниот правобранител само предлага, укажува, иницира и советува, а не одлучува, а ниту пак пресудува, што пак значи дека овој орган е морален орган, а не е наредбодавен или судски орган.

Особено е силна неговата улога над органите на државната управа и државната и судска власт со обврската на истите да го известат Народниот правобранител за мерките кои биле донесени врз основа на неговите мислења и

[2] Закон за народен правобранител (“Службен весник на РМ” бр.25/2018)

предлози во рок од 30 дена. Народниот правобранител може да изврши увид во органите на државната управа и во други органи кои имаат јавни овластувања и тоа без предходна најава што претставува начин на следење на состојбите од областа на заштита на правата и слободите на граѓаните.

Народниот правобранител има законски овластувања да побара објаснувања и податоци од органите, да покани на разговор функционер или службеник од определена организација, или пак да побара мислење од научни институции за да добие комплетна слика за проблемот кој што го разгледува.

Народниот правобранител може да поднесе иницијатива и до Уставниот суд на Република Македонија на оценување на уставноста на законите и на другите прописи доколку во текот на вршењето на својата работа забележи дека не се во согласност со Уставот.

1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ТРУДОТ

Согласно Уставот на Република Македонија од 1991 година, Народниот правобранител има надлежност да презема дејства за заштита на уставните и законските права на граѓаните во случај кога им се повредени од органите на државната управа или од органите што имаат јавни овластувања.

Народниот правобранител ги презема дејствата за да ги заштити човековите права по своја иницијатива или по поднесена претставка на граѓаните чии што права им се повредени. Претставката всушност претставува барање на граѓанинот да се поведе истрага во случај кога тој ќе процени дека некое негово уставно или законско право му било повредено, како од страна на административните тела и органите на државната управа, така и од организациите со јавни овластувања.

Оттука предметот на истражување во овој труд се однесува на анализа на законската поставеност на Народниот правобранител во РМ, мерките и активностите што ги презема народниот правобранител, поврзани со неговата надлежност да врши контрола на органите на државната управа, како и претставките што се преземаат од страна на граѓаните кои се однесуваат на повреда на нивните права од страна на администрацијата.

Предметот на истражувањето се осврнува на улогата на Народниот правобранител како контролор на работата на државните органи, а на кој начин и во колку случаи истиот предложил до органот повторно да се спроведе одредена постапка, колку насоки дал за поведување управен спор, во колку случаи дал привремено запирање на извршување на акти, дали поднесол барања за поведување дисциплинска постапка против службеното лице во органот, дали повел барање за утврдување на прекршочна или кривична одговорност и колку предлози дал за подобрување на работењето и однесување со странките.

Целта на овој магистерски труд е да се согледа на кој начин Народниот правобранител ја контролира работата на државните органи, преку анализа на законските и подзаконските акти, поднесените преставки од граѓаните кои се однесуваааат на работата на државните органи, како и мерките и средставата што ги преземал Народниот правобранител спрема носителите на државни функции и администрацијата поради пропустите во своето работење. Несоимнено е значајно да се согледаат и иницијативите и превентивните активности на Народниот правобранител спрема државните органи за ефикасна заштита на правата и слободите на граѓаните во Република Македонија. Целта е да се покаже дека контролата над работата на државните органи извршена од страна на Народниот правобранител претставува потврда за значајната улога на овој орган, а исто така оваа контрола го докажува постапувањето на вработените во органите на државната управа и на другите органи и носители на јавни овластувања, при што треба да се докаже дека оваа вонсудска контрола претставува основа за мерењето на одговорноста на државните органи. Организциската поставеност и немањето на надлежност на Народниот правобранител да донесува конкретни одлуки при вршењето на контрола врз работата на државните органи, влијае врз ефикасната заштита на правата и слободите на граѓаните од страната на државните органи и другите носители на јавни овластувања. Целта на трудот произлегува од улогата на Народниот правобранител како контролор на работата на администрацијата, а тоа:

- да предложи органот, односно организацијата да спроведе одредена постапка во согласност со законот;
- да поднесе барање до надлежниот орган за поведување на управен спор;
- да поднесе барање до органот или организацијата за привремено запирање од извршување на актот;
- да даде предлог за поведување на дисциплинска постапка против службеното лице на органот или организацијата;
- да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за поведување постапка поради утврдување на кривична или прекршочна одговорност;
- или да им даде предлози на органите или организациите за подобрувањето на нивното работење со странките.[3]

Трудот се осврнува и на анализа на улогата на Народниот правобранител како контролор над законитоста, а исто така и целисходноста на преземените дејствија и одлуките од страна на органите на државната администрација. Што значи можноста да иницира измена и дополнување на

[3]Гризо, Гелевски, Давитковски, Павловска – Данева; (2011) Администартивно право. Скопје.

закони, како и оценување на уставноста и законитоста на нормативните акти во Република Македонија.

Отсуството на одлучувачка надлежност на Народниот правобранител во законските акти, влијае врз намалено прифаќање и следење на интервенциите на Народниот правобранител од страна на државните органи;

Отсуството на одлучувачка надлежност на Народниот правобранител во законските акти, влијае врз намалената активност и одговорност на органите на државната управа и другите органи и носители на јавни функции кои ги прекршиле правата на граѓаните;

Контролата извршена од страна на Народниот правобранител го докажува правилното или неправилното постапување на органите на државната управа и на другите органи и носители на јавни овластувања, при што оваа вонсудска контрола претставува основа за мерењето на одговорноста на државните органи за непочитувањето на правата на граѓаните и на другите лица.

Бројот на повреди на правата и слободите на граѓаните во Македонија од страна на државните органи, влијае на зголемување на бројот на претставки до Народниот правобранител.

2. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Од анализата на годишните извештаи на народниот правобранител од последните три години 2015, 2016 и 2017 година може да согледаме дека имаме минимално намалување на бројот на преставките од страна на граѓаните. Во извештајната година Народниот правобранител во 2017 година работеше по вкупно 4.185 претставки од кои во извештајниот период беа примени 3.223, а останатите 962 беа пренесени од претходната година. Што значи нема голема процентуална разлика во бројот на поднесените преставки за последните три години.Слика бр 1

Број на преставки за последните три години



Слика бр. 1

Доколку ги погледнеме областите на кои се однесуваат преставките во 2017 најголем број претавки во правосудството 576, на второ место се преставките кои се однесуваат на финансиите, споредбено со 2016 и 2015 најбројни беа преставките во финасиите. Може да кажеме дека има двојно намалување на бројот на преставките во областа на финнасиите од 2015 година, кога бројот на преставки во финансиите беше 1039. Преставките во правосудството иако се најбројни бројно се намалени во однос на претходните две години.

Претставките од правосудството според извештајот на Народниот правобранител за 2017 година[4] се најмногубројни, а скоро половината од истите се однесуваа за заштита на правата на граѓаните во постапките за извршување, кои ги спроведуваат извршителите. Останатите претставки се однесуваа на работата на јавното обвинителство, основните, апелационите, Врховниот суд на Република Македонија и другите правосудни органи и сосема мал број претставки за работата на адвокатите и нотарите. Народниот правобранител во овој сегмент од работењето ако се изземат претставките во кои граѓаните изразуваат незадоволство и сомнеж во начинот на кој се донесени правосилни судски одлуки, во поединечни предмети, во континуитет констатира одолжување на постапките и непочитување на принципот за судење во разумен рок и соодветните одредби од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи. Причините за таквата состојба, која е на штета на ефикасното остварување и заштита на правата на граѓаните за правично и фер судење, се од различен објективен и субјективен карактер.

Имено, согласно одредбите од Законот за парничната постапка, навремено да бидат процесуирани и решени, таквите предмети се чувале во фиоките на граѓанските судови. Најочигледен пример за вакво грубо прекршување на принципот за судење во разумен рок, Народниот правобранител утврди во Основниот суд во Струмица, каде воопшто не било постапувано од 5 до 10 години. Она, што загрижува е фактот што ниту една од надлежните институции, пред се Судскиот совет на Република Македонија, не ја забележале оваа појава иако станува збор и за долг временски период и за голем број на предмети. Ваквата констатација на Народниот правобранител упатува на злоупотреба на овластувањата на судиите, но освен што ова е констатирано во годишниот извештај на Народниот правобранител за 2017 година, не се забележани предлог мерки од Народниот правобранител за спроведување на дисциплински постапки, истиот не го искористил правото да достави посебен извештај до Собранието кој ќе се однесува само за работата на судските органи. Покрај ова, Народниот правобранител не ја искористил својата

[4] Годишен извештај од Народен правобранител 2017

моќ за транспарентност во случај на злоупотреба на функцијата, во случајот на судските органи така што пошироката јавност не е запознаена преку медиумите по принципот на постојано редовно и вонредно информирање за извршена злоупотреба што претставува најдобар начин за подигнување на свеста на извршителите, како и за морална одговорност на истите. Нефикасноста во судството е констатција на Народниот правобранител и во Годишниот извештај за 2016 година. Во овј контекст се надоврзува и неефикасното работење на управните судови и одолжување на постапките, поради немање квалитетна комуникација со органите на државната управа и странките и губење огромен временски период за комплетирање на предметите. Особено загрижува околноста што од управните судови и од органите на државната управа, со години воопшто нема иницијатива за имплементација на механизми за забрзување на меѓусебната комуникација, како што никој од засегнатите не презема ниту дејства за утврдување одговорноста зошто ефикасно и квалитетно не се постапува во управно-судската заштита на правата на граѓаните.

Народниот правобранител доби надлежност да дејствува како пријател на судот, со овластувања да учествува во сите фази од постапката, со право да дава предлози и мислења, кои судот треба да ги земе предвид. Народниот правобранител во неколку случаи побара да се вклучи во постапките, меѓутоа од страна на претседатели на судови и судии кои ги водат предметите не му беше дозволено да дејствува како пријател на судот. Имено, според нив Народниот правобранител на рочиштата може да присуствува само како јавност, а не како што предвидува Законот за народен правобранител со овластувања да учествува во сите фази од постапката, со право да дава предлози и мислења, кои судот треба да ги земе предвид. Нивно образложение е дека тоа не е пропишано во процесните закони - пракса која мора да престане, затоа што грубо ја попречува работата на Народниот правобранител. Со оглед на ваквото непочитување на Законот, Народниот правобранител постапил многу благо во борбата да му биде овозможено ова право. Освен исказите во годишниот извештај за 2017 година, за непочитување на ваквото право, Народниот правобранител не презел мерки за запирање на постапка или пак за повикување на дисциплинска одговорност на судовите, судиите или претседателите на судовите. Особено што измените во Законот овозможуваат високи глоби за прекршителите на Законот за народен правобранител, истиот не ги искористил неговите права за поведување постапки за изрекување мерки прекршочни казни за прекршителите на ова право.[5]

Од вкупно 3.223 примени претставки во 2017 година, најголем број од нив 1.496 или 46,42% се однесуваат на повреда на правата од страна на јавните служби и установи, 1.017 или 31,55% се однесуваат на повреда на правата од страна на

[5] Член 25 од измените на законот за Народен правобранител (“Службен весник на РМ” 181/16).

централната власт. Табела бр. 2. Во однос на овие бројки се укажува на потребата од преземање на мерки од страна на Народниот правобранител кои ќе упатуваат на одговорност. Така, констатацијата е дека од страна на Народниот правобранител не е искористена мерката за повикување на дисциплинска одговорност на вработени во јавните установи и централната власт кои ќе бидат корективни мерки за во иднина. Исто така, не се преземени и други мерки и активности што му стојат на располагање на Народниот правобранител да побара објаснувања и податоци од органите, да покани на разговор функционер или службеник од определена организација, или пак да побара мислење од научни институции за да добие комплетна слика за проблемот кој што го разгледува. Оваа година од областа на други права до Народниот правобранител беа доставени 240 претставки. Најголем дел од претставките поднесени од граѓаните до Народниот правобранител се однесуваа на непостапување на органите на државната управа по нивните барања, односно, недобивање на одговор на нивните барања. Народниот правобранител, постапувајќи по овие претставки од органите до кои беа поднесени барањата бараше да биде информиран за причините поради кои не постапуваат по барањата на граѓаните, укажувајќи им на обврската во законски определениот рок да се одговори на поднесеното барање.

Претставки кон јавни и државни институции 2017

Јавни служби и установи	1.496	46,42%
Централна власт	1.017	31,55%
Локална власт	279	8,66%
Правни лица	144	4,47%
Центр. и лок. власт	39	1,21%
Други субјекти	248	7,69%

Табела бр.2

Во однос на работата на државните органи во Извештајот од 2017 година Народниот правобранител дава сериозни забелешки за работата на органот за внатрешна контрола во Министерството за внатрешни работи дека постапува субјективно кон припадниците на полицијата како лица вработени во државните органи и не е видлива сериозна намера за откривање и соодветно санкционирање на оние полициски службеници кои ги прекршиле правилата на службата и човековите слободи и права. Тука се согледува заложбата на Народниот правобранител за повикување на одговорност за санкционирање. Сепак ова треба да биде конкретизирано со посебен акт до Миниистерството за внатрешни работи. Досега не се забележани информации во кои Владата повикува на

одговорност функционери како резултат на извештаи од страна на Народниот правобранител, а Законот за народен правобранител ја дава и оваа можност на Владата на РМ.[6]

Во однос на работата на прекршочните комисии ставот на Народниот правобранител е дека комисиите за прекршоци, се продолжена рака и во функција на самото Министерство за внатрешни работи, а не се во функција на граѓаните.

Народниот правобранител препорачува измена на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир при што прпорачува акцент да се стави на заштитата на мирот и правата на граѓаните, а не на заштитата на полициските службеници. Од тие причини, Народниот правобранител до Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика достави Иницијатива за итна измена на закони и други подзаконски акти, со кои ќе се гарантираат остварувањето на статусните права на граѓаните, особено на најранливите категории кои не можат да обезбедат докази кои ги бараат актуелните прописи за граѓанските состојби.

Во извештајот од 2017 година Народниот правобранител упатува на општина Чаир и градот Скопје како органи на локалната власт кои не одговараат на нивните барања или пак одговараат со големо задоцнување.

Карактеристично за 2017 година е тоа што пред Народниот правобранител не е поднесена ниту една претставка од вработени во општинските администрации, или јавните претпријатија основани од локалните власти. Оваа појава, според Народниот правобранител се должи не се уште присутниот страв на вработените за можноста истите да трпат поголеми последици од страна на раководните лица, доколку се обидат да бараат заштита на своите права од работен однос. Ваквиот став, Народниот правобранител го темели врз основа на посетите од вработени на Подрачните канцеларии, кога укажуваа на проблемите со кои се соочуваат, дека се под постојан притисок од раководните лица за начинот како да ги вршат работните задачи), учество во партиски митинзи, прераспоредување на пониски работни места, закани за дисцилински постапки или прекинување на договорите за работа.

Како напредок за работата на народниот преавобранител се измените и дополнувањата на Законот за народниот правобранител, донесени во 2016 г., за првпат се утврди Собранието на Република Македонија по разгледување на

[6] „Владата на Република Македонија по приемот на посебниот извештај за попречувањето на работата на Народниот правобранител расправа и зазема став со предлог-мерки, а за преземените мерки го известува Народниот правобранител во рокот утврден во посебниот извештај.“ Член 25 од измените на Законот за Народен правобранител (“Службен весник на РМ” 181/16

извештаите на Народниот правобранител да утврди мерки за спроведување на општите препораки содржани во нив. Па така, по разгледување на Годишниот извештај на Народниот правобранител за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2016 година, на 8 ноември, Собранието едногласно утврди мерки за спроведување на 75 препораки од 19 области, за надминување на констатираните состојби содржани во извештајот на Народниот правобранител. Согласно член 36 став 4 од овој закон, Владата на Република Македонија на секои шест месеци го информира Собранието за спроведувањето на препораките на Народниот правобранител. Во тој контекст, во периодот до изготвување на Годишниот извештај за 2017 година, Народниот правобранител е известен дека Извештај до Владата во однос на мерките за спроведување на препораките за надминување на констатираните состојби доставиле: Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за финансии, Министерство за внатрешни работи и Министерство за правда.

ЗАКЛУЧОК

Во однос на претходната анализа за улогата на Народниот правобранител како вонсудски орган за заштита на правата на граѓаните во Република Македонија, може да констатираме дека постои значителен напредок во однос на законската регулатива за јакнење на правата на Народниот правобранител. Така, како што споменавме неговата моќ е во можност да врши увид и контрола во работата на државните, судските и полициските органи. Особено е силна неговата улога во можноста да поведува постапки пред јавниот обвинител за заштита на правата на граѓаните, да присуствува на судењето и спроведувањето на целокупниот судски процес, како и да има пристап до класифицирани информации. Законите ја јакнат неговата улога и во можноста за екипирање и вопоставување на организациски единици како што е стручната служба и органите за граѓанска контрола. Од Народниот правобранител има забелешки дека иако се направени законските измени недостасуваат средства од буџетот за нивна реализација, односно нивно целосно екипирање. Така што во последниот извештај од 2017 година констатираат дека средствата се обезбедени и дека ќе се отпочнат постапки за нивно целосно екипирање. Народниот правобранител во последните години настапува со аргументирани препраки и дава сериозни забелешки за менување на законите. Во еден дел издејствувано е од негова страна и менување на критични одредби со кои се кршат правата на граѓаните односно за нив е поднесена преставка. Во однос на контролор на работата на државните и судските органи можеме да констатираме дека Народниот правобранител не ги користи своите законски можности кои се однесуваат на можноста да поднесе барање до надлежниот орган за поведување на управен спор; да поднесе барање

до органот или организацијата за привремено запирање од извршување на акт; да даде предлог за поведување на дисциплинска постапка против службеното лице на органот или организацијата; да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за поведување постапка поради утврдување на кривична или прекршочна одговорност. Исто така, Народниот правобранител не го користи медиумот како најмоќното средство за спроведување на неговите препораки. Особено значајно е да се истакне дека досегашните критични ставови на Народниот правобранител може да се согледаат само во годишните извештаи, а не се забележани поединечни ставови и критики кон надлежен министер или пак административни службеници, односно барање истите да бидат подведени на дисциплинска одговорност. Посебно треба да се засили улогата на Народниот правобранител во неговата превентивна функција, а тоа значи информирање на граѓаните за неговото значење, одржување на обуки, семинари и други трнспарентни медиумски информации кои ќе им го образложат значењето на Народниот правобранител и ќе ги охрабрат да бараат заштита на своите права кај истиот. Најновите измени кои овозможуваат формирање на граѓански сектор во рамките на Народниот правобранител како претставник на граѓаните треба јасно да се осмисли неговата функција да биде продолжена рака на граѓаните и истиот да овозможи заштита на граѓаните во права смисла на зборот. Заклучивме дека контролата извршена од страна на Народниот правобранител го докажува правилното или неправилното постапување на органите на државната управа и на другите органи и носители на јавни овластувања, при што оваа вонсудска контрола претставува основа за мерењето на одговорноста на државните органи за непочитувањето на правата на граѓаните и на другите лица. Отсуството на одлучувачка надлежност на Народниот правобранител во законските акти, влијае врз намалено прифаќање и следење на интервенциите на Народниот правобранител од страна на државните органи и другите органи и носители на јавни функции кои ги прекршиле правата на граѓаните. Народниот правобранител во Република Македонија не ја остварува во доволна мера улогата на контролор на работата на јавната администрација. Се јавува потреба Народниот правобранител во Република Македонија да иницира активности кои ќе дејствуваат превентивно и ќе бидат корективни мерки за ефикасно работење на јавната администрација.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Claes Eklundh. Svedski parlamentarni Ombudsman (Zbornik radova). Pravni Fakultet u Novom Sadu. 3-4. Novi Sad.

Drewry, G. (1990). Ombudsman u Ujedinjenom Kraljevstvu (Zbornik radova). Pravni fakultet u Novom Sadu.

Pimental J. (1996). Ombudsman and the European Convention on Human Rights, Prospects for Colaboration between Ombudsman and the Organs of the Council of Europe (Proceeding of the 5-th Round Table with European Ombudsmen). Council of Europe.

Prof. Dr. Günter Hirsch Insurance Ombudsman Mumbai Retired President of theGerman Federal Supreme Court of Justice October 2013 Retired judge at the European Court of Justice -The Ombudsman in Germany.

Флин, Н. (2010). Управување со јавниот сектор. Арс Ламина ДОО, Скопје.

Фромонт, М. (2010). Административното право на земјите од Европа. Арс Ламина ДОО, Скопје.

Stephen K. Bailey, "Objectives of Theory of Public Administration", in James C. Charlesworth, ed. Theory and Practise in Public Adminstration: Scope, Objectives and Methods (Philadelphia: American Academy of Political and Social Science, October 1968);

Закон за организација и работа на органите на државната управа("Службен весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02);

Законот за Владата на РМ("Службен весник на РМ" бр. 59/00 и 12/03);

Danielle Bossaert. Christoph Demmke, Koen Nomden, Robert Polet (2002) Civil services in the Europe of Fifteen - Trends and New development), Европски институт за јавна администрација;

Menzel, D.C," Teaching Ethics and values in Public Administration: are we making a difference;

Public Administration Review, May/June 1997, vol. 57, No.3;

S.C. Gilman, Public Service Ethics: a Global Dialogue". Public Administration Review, November/december 1996, vol. 56, No 6;Dramer, K. "Moral reasoning in the Public Service"

Закон за народен правобранител (Службен весник на РМ . 60/03 од 22.09.2003 година).

Измени на Закон за народен правобранител (Службен весник на РМ 181/16)

Измени на Закон за народен правобранител (Службен весник на РМ 25/18)

Годишен извештај 2015, 2016, 2017.

Деловникот на Народниот правобранител.("Службен весник на РМ' бр. 11/05

Уредба за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа Службен весник на РМ" бр. 93/2000, 14/2002, 105/07);

.М.Ристеска, (2006) Реформа на јавната администрација во Македонија и создавање јавна вредост, Политички мисла Скопје;

Tittle:Caf and Europe Authors: Snežana Mišić, MDP project manager Aleksandar Draganić, consultant, EDA Banja Luka. BIH, 2009.Изворот е електронски со адреса http://www.ba/text/CAF_article_eng.doc;

Tittle:Effective improvement as a result of the implementation of the CAF model in Europol

Author: Danny Janssen: Email / Fifth Public Conference of the publicadministration quality in Europe. Изворот е електронски со адреса http://www.eipa.eu;

Strategy Focused organization How Balanced scorecard companies thrive in the new business environment Robert **S.** Kaplan David P. Norton 2001 Harvard Business School Publish Cooperation Boston, Massachusetts;

Jasmina Dimitrieva
Assistant Professor,
Faculty of Law, Goce Delchev University
Jasmina.Dimitrieva@ugd.edu.mk, jasdim777@gmail.com

UDC.341.234-049.6:316.344.5
Original research paper

PROTECTION OF MINORITY RIGHTS – A PILLAR OF A DEMOCRATIC SOCIETY

Abstract

The purpose of this paper is to contribute towards heightened awareness about international and comparative systems for protection of minority rights, as a necessary element of integration in a democratic society, and towards avoidance of its shadow - a social fragmentisation. Sublimated best practices are offered not as legal transplants, but as a resource for possible solutions. The methodology encompasses legal analysis of hard and soft law applicable to minority rights, comparative analyses of best practices for integration of minorities from several states (Croatia, Denmark, France, Montenegro, the Netherlands, Serbia, Slovenia and the UK) as well as analyses of responses to questionnaires by state and non-state actors. The results are scrutinized via multi-disciplinary and human rights approaches; with an emphasis on the civil society's role as a cross-cutting issue. The results of the research show that the concept of a multi-ethnic integrated society needs to be constantly clarified and promoted by the Government institutions, which should underscore it as a strategic priority among majority and minority communities in the Republic of Macedonia; and that a cautious approach needs to be applied to avoid social fragmentisation on ethnic and cultural bases. The results will be disseminated and explained at the September International Conference of the Law Faculty in Stip. Communication of the results includes use of scientific repositories, press releases and use of social media.

Key terms: *minority rights, international standards, integration*

1. General overview

In a contemporary world, the population diversity in terms of ethnicity, religion, language, culture is perceived as an advantage; it stimulates a cross-fertilization of ideas and better utilization of the inter and intra-state resources. Globalization, wars, the world economy, migration enable distant cultures and civilizations to meet, and thus rules and norms for peaceful cohabitation of different groups of people are required. To strike a necessary balance for a prosperous society and social cohesion,

the states must protect the constitutional order, human rights and the rights of the minorities.

Segregation of smaller communities in fragmented states can create instability and conflict. Therefore, protection and fulfilment of the rights of minorities is considered a key question for the states not only from the human rights perspective, but also from the public and national security perspective at regional and international level. It is considered as a key for social integration.

According to the Special Rapporteur of the United Nations Sub-Commission on Prevention of Discrimination and Protection of Minorities *Capotorti* a minority is a group numerically inferior to the rest of the population of a State, in a non-dominant position, whose members, being nationals of the State, possess ethnic, religious or linguistic characteristics differing from those of the rest of the population and show, if only implicitly, a sense of solidarity, directed towards preserving their culture, traditions, religion or language. The Constitution of the Republic of Macedonia uses the term "communities", which is used in the text to refer to the non-majority communities in the country.

The Republic of Macedonia accepts the challenge of building a multi-cultural society.[1] The 2001 Ohrid Framework Agreement that ended the armed conflict with ethnic Albanian rebels prompted constitutional amendments IV - XVIII that strengthened the guarantees for non- discrimination, equal treatment and equitable representation in the government and administration; improved access to public funds and education in communities language(s); enhanced the use of the communities' languages in the state and local bodies; and stimulated development and protection of the culture, artistic expression and social values of the communities. A fragmentized structure of state and local bodies and institutions was set-up to implement, monitor and report on the protection of the communities in the Republic of Macedonia.[2] Enhancing the status and the rights of the second largest community in the Republic of Macedonia – ethnic Albanians has been placed high on the state political and security agenda even before Macedonia gained its independence from the former Yugoslavia. The Republic of Macedonia also has other non-majority communities that must enjoy equal treatment and protection of their rights in accordance with the international and European standards.

1.1. Purpose, scope and methodology

The research attempts to provide answers to the following questions:

[1] See the 2002 census at **http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=54** accessed 2 March 2018.

[2] The competencies are mainly divided between the Secretariat for the Framework Agreement, Ombudsperson, the Commission against discrimination, the directorates for enhancing education in the communities' languages and their culture and the Agency for realization of the rights of the communities.

- Does the Republic of Macedonia need to change its current system for social integration? If so, which European best practices in compliance with international standards for protection of minorities will contribute towards enhancing social integration in the Republic of Macedonia and avoid social fragmentation?

The purpose is to contribute towards heightened awareness about the international/regional standards and comparative systems for protection of minority rights as a pillar of a democratic society that reduces the risks of social fragmentisation. The scope of the research is limited to the examination of the institutional set-up that is tasked with execution of policies and legislation for protection of the minority rights in compliance with the relevant international and regional standards.

The article is based mainly on a qualitative research conducted by the methods of legal and comparative analyses. The sample of the states (Croatia, Denmark, France, Montenegro, the Netherlands, Serbia, Slovenia and the UK) for the comparative analysis was selected in accordance with the following parameters: geographical location, a diversity of models for social integration, a diversity of the population, the level of the institutional development and the EU integration perspective for the Republic of Macedonia. Teleological and human rights approaches were used to interpret international instruments and legislation. The limitations of the comparative analysis such as a difference in the percentages of the minority groups and the variety of legislative and institutional traditions have been taken into account in the formulation of the conclusions and recommendations.

Primary and secondary data are collected from the knowledge databases and websites of the Office of High Commission for Human Rights (OHCHR), respective bodies of the Council of Europe (CoE) and the Organization for Security and Cooperation in Europe (OSCE). State reports and replies to questionnaires submitted by the selected states and submissions by non-state actors in compliance with the requirements of the Framework Convention for the Protection of National Minorities provided a basis for the comparative analysis of the systems for protection of minorities in the selected states.

Information was further collected by way of conducting semi-structured interviews with the representatives from the Macedonian Ministry of Justice and the Agency for the realization of the rights of the communities in the Republic of Macedonia.

The article informs about the challenges and advantages of building a multi-cultural society in the Republic of Macedonia; highlights the applicable international and European standards in the area of the minorities' protection; details out states' best practices for protection of the minority rights seen from the institutional perspective; and proposes solutions to enhance social cohesion and to avoid fragmentisation.

2. International and regional standards for protection of minorities

A number of international instruments address the question of protection of the rights of minorities either as collective or individual rights, such as the Declaration on the Rights of Persons Belonging to National or Ethnic, Religious and Linguistic

Minorities, International Covenant on Political and Civil Rights (ICPCR), International Convention on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination (CERD)[3], the CoE Framework Convention for the Protection of National Minorities (the Framework Convention), the European Charter for Regional or Minority Languages, the European Convention on Human Rights (ECHR)[4] and OSCE political commitments[5] and guidelines.[6] They envisage, *inter alia*, the following:

Minorities are guaranteed active participation in all areas of public life, participation in a political decision-making and access to public office under equal conditions. They have the right to protect, develop and nurture their culture and establish cultural associations for this purpose. In the educational sphere, the minorities have the right to learn their mother tongue, their national history, culture and other characteristics important to nurture their identity.

The minorities have the right to use their language in the court and administrative procedures before the state and local bodies. They have also the right to maintain contacts with their community, with other communities and with the state to which they feel connected because of the mother tongue, ethnic origin or religion. Freedom of expression also encompasses the right to use the state and private media to nurture the minorities' language, culture, art, to learn news about the state where they live and about the state to which they feel connected. Enjoyment of their religious rights in a community or alone is also guaranteed.

The fulfilment of the above rights is balanced with the protection of a sovereignty and territorial integrity as the principles of the international law. Prohibition of discrimination and equal treatment regardless of the race, ethnicity, the colour of the skin, religion, gender, social status is the mantra considered to have magical powers that affords effective protection of the minority rights and contributes towards social integration. The right not to be discriminated against is non-derogable during war or natural disasters.

Few concrete examples of the application of the principle of non-discrimination and equal treatment to minorities are illustrated below. ICPCR was breached when the state funded the Catholic schools, but not the schools of other religious communities, and when solders with a different citizenship than of the state providing pensions, received a smaller pension in comparison to the solders with the citizenship of that state. The CERD was violated when the state bodies failed to carry out an investigation for the complaints filed by Roma alleging that they were not allowed to enter a discotheque

[3] At UN Treaty Office, official web site, **https://treaties.un.org** accessed 1 March 2018.

[4] At CoE Treaty Office, official web site, **https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list** accessed 5 March 2018.

[5] OSCE, *OSCE Human Dimension Commitments: Volume 1, Thematic Compilation (third edition)*, 2012, p. 149-239.

[6] OSCE, *The Ljubljana Guidelines on Integration of Diverse Societies*, 2012.

only because of their ethnic origin.[7] There was a breach of the ECHR in Sampanis v. Greece (2008) where Roma children were prohibited from attending regular schooling due to their ethnic origin. There was a breach of the ECHR in the case of Cyprus against Turkey (2001) when it was established that the Greeks in Cyprus were living under humiliating conditions only because of their ethnic origin, religion and race.[8] Discrimination was established in Timishev v Russia (2005) when the applicant was not allowed to enter a certain territory due to his ethnic Chechen origin. Discrimination in breach of the ECHR was also found in the case Remli v. France (1996) when a jury member declared himself a racist, while the accused was from Algeria.

The principles of non-discrimination, equal treatment and social integration are interlinked. Article 6 of the Framework Convention highlights the need to nurture the spirit of tolerance and inter-cultural dialogue in order to achieve and maintain social cohesion. The right to be part of the society belongs to all persons who are in the state territory regardless of their differences. Therefore, states must invest efforts into building social integration in all areas of public sphere. It is one of their tasks to provide effective protection from discrimination, hate speech and hate crimes for all persons with protected characteristics (e.g., ethnicity, religion, colour of the skin, race, language).

The OSCE Ljubljana Guidelines on Integration of Diverse Societies emphasize the need to include the minorities in a decision-making in order to avoid their marginalization and fragmentation of the society. State and public administration, educational, health and social institutions must reflect the diversity of the society. Excessive isolation/separation of minority communities must be avoided as it may be detrimental for social integration.

3. Comparative systems for protection of minorities and social integration

On one side of the spectrum there is the "Dutch model" where it is considered that the social fabric is consisted of several different threads, i.e., from different social groups that are distinguished in terms of culture, religion, political orientation, whose representatives are conducting a dialogue and negotiations in order to fulfil the group and general social interests. The "French model" is on the other side of the spectrum, based on individual rights enjoyed by the individuals who are equals[9]. Other models of social integration based on the protection of the rights of the minorities are positioned in-between.

Some of the minority communities in the Western European states settled down and started growing in size due to economic immigration, or due to historic reasons, e.g.,

[7] Communication no. 29/2003 against Serbia.

[8] European Court for Human Rights, *Factsheet on racial discrimination,* 2013.

[9] Michalowski, *What is the Dutch Integration Model and Has it Failed?*, Focus Migration, Policy Brief no. 1, 2005, p. 1-2.

imperialism and colonialism. In the Balkans, the history and changes of the borders naturally resulted in larger or smaller minority communities in each and every Balkan state. The history and the manner how and why there is a demographic variety in the states under examination has not been considered a limiting factor for the purpose of this analysis, because its main focus are the systems that develop and nurture minority rights with the aim to achieve social integration. The analysis of good practices from Croatia, Denmark, France, Montenegro, the Netherlands, Serbia, Slovenia and the UK show the following results:

1. All examined countries devote attention to the social integration of minorities, and have their own ways to afford protection of the minority rights in compliance with international and European standards.
2. The examined countries have at least one body that is in charge with a development of the minority rights, monitoring of their implementation and coordination. They are either positioned at the level of executive power (coordination, provision of technical assistance and project grants), or are advisory bodies (composed from the representatives of the minorities), or belong to academia (gathering information, performing analysis and drafting publications for policy and law-making relevant for social integration).
3. Some of the bodies from the analyzed countries (e.g., Denmark, Estonia, UK) were set-up with a goal to contribute towards integrated and functional society. Integrated society does not only need measures to be taken in respect of education, the use of languages or equitable representation, but also in respect of housing, economic and labour integration in the private sector.
4. Few of the countries under examination have set-up funds or foundations (e.g., Montenegro, UK and Estonia) to fund projects that aim to enhance social integration and cohesion. The funds come from the state, local self-government and private donations. Interesting example is the Croatian Fund for Promotion of Diversity and Pluralism in the Electronic Media, where private media can apply for funding for programmes addressed to minorities.
5. The states have set-up special institutes or consultative bodies (e.g., Denmark, Lithuania, the Netherlands) to examine causalities between the measures employed and their consequences, to monitor and report on the minority right, to draft analyses and conduct trainings on minority protection and social integration. Denmark implements national barometer for social integration to measure the success of the social integration by applying a set of specific indicators.[10] The data which are collected and analyzed focus on unemployment of persons from different ethnic origins (e.g., no. of unemployed persons, the length of unemployment in comparison with ethnic Danes), on the success in school of children of different

[10] http://integrationsbarometer.dk/, https://ec.europa.eu/migrant-integration/country/denmark.

ethnic origins, on the number of persons of different ethnic origin setting the exams for civil service compared with the number of successful candidates.

6. Countries are also actively involved in the capacity building activities regarding the sensitive question of integration of minority communities. For example, Lithuania offers free courses of the Lithuanian language to minorities.
7. The Netherlands has an inter-ministerial consultative committee for human rights, which represents a platform for consultation and coordination of various ministries in order to integrate human rights in the politics and legislation and to ensure adequate reporting to the international organizations about the human rights' situation.
8. Special awards for the municipalities that are contributing towards the advancement of social integration have been established, *inter alia*, by making the culture of the non-majority communities more accessible (e.g., Sweden).
9. The examined countries recognize the vital role of non-governmental actors in enhancing social integration and minority rights protection. They engage with the NGOs with mission to improve minority rights and inter-ethnic tolerance, provide funding and trainings and take into consideration the input of non-governmental actors when drafting and improving laws and polices (e.g., Croatia).

3.1. Orientation for the Republic of Macedonia

The Republic of Macedonia makes attempts to enhance social integration of majority and non-majority communities with the support of the international community in various areas including, but not limited to participation in public affairs, education, use of languages, media. This is an on-going process for the Republic of Macedonia as well as for other examined countries that must take into consideration the demographic changes and the spirit of the time, which brings respect for the multi-culturalism and for the minority rights.

Multi-culturalism has a prominent place in the Constitution of the Republic of Macedonia, which means that social integration is, *sine qua non*, condition for a functional and peaceful society. Public expression of the political will towards building stronger integration and cohesion of the Macedonian society by high representatives of majority and non-majority in the Republic of Macedonia and their political programmes is necessary. Public needs to understand that the spirit of cooperation, shared values and working together to achieve joint goals are replacing instability, conflicts and discrimination, which have to remain in the past.

Turning to the institutional framework that is necessary to implement the goal of social integration, it transpires that the Republic of Macedonia has much to learn from the

positive examples highlighted in the comparative overview and from the application of international and European standards. In particular:

1. Sound institutional framework is needed to strike a balance between protection of the rights of the minorities exercised in a community and to avoid their excessive isolation and separation, which increases the risk of social fragmentation. The risks for social fragmentation, such as geographic isolation or a lack of language skills should be thoroughly examined and effective measures should be taken to reduce them. The Republic of Macedonia may establish a central body specialized for social integration (e.g., coordinative council or a working group under the Prime Minister) that will include members of non-majority communities and experts. The main tasks would be to improve coordination, mainstream the principles of social integration into policies and activities, conduct monitoring, collect accurate data of all relevant institutions, report on the advancement of social integration, and maintain updated database of all projects aimed at enhancing social integration. It can also decide to advance social integration by targeting specific groups, such as rural women of all ethnic backgrounds.
2. In the Republic of Macedonia meagre resources are devoted to the collection of accurate data of importance for social integration, to scientific research and to drafting policy briefs and policy proposals. While nobody denies the need these processes to be performed by the Government and/or political parties' bodies, the examples of other countries demonstrate that there is a strong need for contributions coming from scientific and neutral institutions, e.g., academia, a think tank or an NGO. The latter can also help raise awareness about the need for social integration and clarify its concept and practical consequences to the public.
3. Children are an important target group for social integration measures. They can build bridges in a fragmented and self-interest centred communities. The Republic of Macedonia must develop appropriate educational policies and take measures to develop respect of the children towards their own cultural identity and language, as well as towards other, as well as increase understanding that identities may be multicultural multilayer and dynamic, while building tolerance and appreciation for the shared values in a common state.
4. While language rights of the non-majority communities must be respected, the state should offer free language courses in majority and non-majority languages for adults and children.
5. Media in non-majority languages must be accessible also to persons living in rural and distant areas. Appropriate funding should be provided to private media that broadcast programmes for the non-majority communities and brings news about the state where they live, as well as about states to which they feel connected.
6. All the outcomes regarding social integration in different fields must be based on a sustainability requirement and the feeling of local ownership for all

communities. This would require a regular follow-up and measuring of the effects of the social integration policies and measures by a central coordinative body in cooperation with neutral institutions e.g., the academia, think tanks, human rights NGOs.

7. There should be more funding available for NGOs and their platforms working towards tolerance, non-discrimination and social integration, as they can act not only as watchdogs, but can raise awareness of the target groups about social integration and various rights and possibilities that it entails (e.g., access to public offices, equitable representation in all levels, funding of projects, media and private sector) and are instrumental in applying measures favourable for social integration.

Conclusion

The results of the research show that the concept of a multi-ethnic integrated democratic society needs to be constantly clarified and publicly promoted, not only by the Government institutions, but also by the political parties, academia and NGOs. Social integration must be underscored as a strategic priority among the majority and non-majority communities in the Republic of Macedonia. Some of the above mentioned salient examples from the examined countries can be applied to Macedonian reality, not as legal/institutional transplants, but as an orientation for the Republic of Macedonia to achieve and enhance social integration. A cautious approach needs to be applied while working on social integration in order to avoid a risk of social fragmentisation on ethnic, language or cultural bases.

BIBLIOGRAPHY

Books, policy briefs, reports

CoE, *National minority standards*, 2007

CoE, *State Reports on Implementation of the Framework Convention for the Protection of National Minorities* with respect to Croatia, Denmark, France, Macedonia, Montenegro, the Netherlands, Serbia, Slovenia and the UK

Michalowski, *What is the Dutch Integration Model and Has it Failed?*, Focus Migration, Policy Brief no. 1, 2005

OSCE High Commissioner on National Minorities, *Bozen Recommendations on National Minorities in Inter-State Relations & Explanatory Note*, 2008

OSCE, *OSCE Human Dimension Commitments: Volume 1, Thematic Compilation (third edition)*, 2012

OSCE, *The Ljubljana Guidelines on Integration of Diverse Societies*, 2012

Vasilevich, *Lithuania's Minority-Related Legislation: Is There a Legal Vacuum?* ECMI #70, 2013

UN, *Pamphlet No. 4 of the UN Guide for Minorities*

Legislation, caselaw

CERD Communication no. 29/2003 against Serbia
Constitution of the Republic of Macedonia and its amendments, URL https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx
Declaration on the Rights of Persons Belonging to National or Ethnic, Religious and Linguistic Minorities, adopted by General Assembly resolution 47/135 of 18 December 1992
European Convention on Human Rights, 1950
European Charter for Regional or Minority Languages, European Treaty Series - No. 148, 1992
European Court for Human Rights, Factsheet on racial discrimination, 2013
Framework Convention for the Protection of National Minorities, H (95) 10, 1995
International Covenant on Political and Civil Rights, International Covenant on Civil and Political Rights, adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution 2200A (XXI) of 16 December 1966
International Convention on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination, adopted and opened for signature and ratification by General Assembly resolution 2106 (XX) of 21 December 1965
Law on Enhancement and Protection of the Rights of Communities That are Less Than 20%. Official Gazette of the Republic of Macedonia nos. 92/08, 42/14
Law on Institute for Human Rights of Denmark, Act no. 553 dated 18 June 2012
Strategy for Integration and Social Cohesion in Estonia "Integration of Estonia 2020", Annex III

E-resources

CoE Treaty Office, official web site, **https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list** accessed 5 March 2018.
The Danish Institute for Human Rights, Human Rights Our Work, **https://www.humanrights.dk/research** accessed 12 May 2018
Database of legislation on national minorities, Index of /NationalLegislation, **http://www.minelres.lv/NationalLegislation** accessed 15 May 2018
Equality and Human Rights Commission, **https://www.equalityhumanrights.com/en** accessed 29 March 2018
Framework Convention for Protection of National Minorities, CoE web minorities, **https://www.coe.int/en/web/minorities/monitoring** accessed 2 April 2018

Government Equality Office, official website, **https://www.gov.uk/government/organisations/government-equalities-office** accessed 21 April

Integration Foundation – Estonia, official website, **http://www.meis.ee/about-the-foundation** accessed 21 April

Ministry of Immigration and Integration - Denmark, official website, **http://uim.dk/arbejdsomrader/statsborgerskab/in-english** accessed 18 May 2018

Ministry for Human and Minority Rights- Montenegro, official website, **http://www.mmp.gov.me/ministarstvo** accessed 17 April 2018

Office of Statistics of the Republic of Macedonia, 2002 Census data, **http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=54** accessed 2 March 2018

Office of the High Commissioner for Human Rights, Internet High Commissioner-search for jurisprudence, **http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/TBSearch.aspx?Lang=en** accessed 20 April 2018

Office for Human and Minority Rights of the Republic of Serbia, ljudskaprava.gov.rs, **http://www.ljudskaprava.gov.rs/sr/nacionalne-manjine** accessed 20 April 2018

Office for National Minorities, the Government of Slovenia Office for National Minorities official web site **http://www.un.gov.si/en/**· accessed 10 April 2018

Swiss Centre for Expertise in Human Rights, official website, **http://www.skmr.ch/en/about/in-brief/index.html** accessed 10 May 2018

The Council of Ethnic Minorities – Denmark, official web site, **http://rem.dk** accessed 11 May 2018

The Netherlands Institute for Human Rights, official web site, **www.mensenrechten.nl** accessed 15 April 2018

UN Treaty Office, official website, **https://treaties.un.org** accessed 1 March 2018

Кристина Мишева, Доцент
Правен факултет, Универзитет Гоце Делчев –Штип
kristina.miseva@ugd.edu.mk

УДК.336.623(497.7)
336.623(497.11)
Original research paper

Сузана Димич, Доцент
Правен факултет, Универзитет во Приштина со седиште во Косовска Митровица, Србија
suzana.dimic@pr.ac.rs

АПОРИИ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕТО НА ЦРКВИТЕ И ЦРКОВНИТЕ ДАНОЦИ – ПРИМЕРИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА И Р. СРБИЈА

Апстракт
Црквите и останатите верски заедници од памтивек биле изземени од даночна јурисдикција на државата. Додека некои даваат оправдувања дека црквите треба да бидат даночно ослободени со цел да се задржи и заштити верската слобода, други мислења се дека црквите треба да бидат оданочени бидејќи даваат услуги и остваруваат приход, а трети дека физичките и правни лица треба да плаќаат црковен данок. Дали црквите и верските заедници, нивните објекти и услуги се јавно добро односно јавни услуги и се од јавен интерес? Или тоа се општествени принципи и активности кои се премногу важни и вредни за да било кој субјект се меша во нивниот идентитет и самостојност. Дали тоа се субјекти со право изземени од фискалниот систем на државата или се нејзини „миленици“? Дали црковните лица треба да бидат даночни обврзници како и секој граѓанин? Дали тие ужуваат само права од државата или за нив постојат и одредени обврски? И покрај сензитивноста на оваа тема авторите ќе се обидат да дадат одговор на дел од многубројните дилеми, согледано преку историски и компаративни методи и согласно современите практиките во македонскиот и српскиот правен поредок.

Клучни зборови : оданочување, цркви, држава, услуги

Kristina Miševa, PhD, Assistant Professor
Faculty of Law, Goce Delcev University in Stip
kristina.miseva@ugd.edu.mk

Suzana Dimic, PhD, Assistant Professor
Faculty of Law, University of Priština, Kosovska Mitrovica, Serbia
suzana.dimic@pr.ac.rs

APORIES OF THE CHURCH TAXATION AND THE CHURCH TAXES – ANALYZES IN MACEDONIA AND SERBIA

Abstract
Since "ever" the churches have been tax exempt organizations. There are many apories related to this sensitive topic. Some of them are favoring that this organization should be exempt because in that way protects the religious freedom, on the other hand others are against this privilege of this organizations. Thought the comparative analyze at the Macedonia and the Serbian legal order, the authors will try to give some of the answers in the context: Do the churches need to be tax exempt? Why this organizations have "golden standard". Should the preachers and the clerics be taxpayers? Do they enjoy only rights or they have some civil obligations as every citizen.

Keywords: *taxation, churches, state, services, church tax*

1. Вовед

Историски гледано, од робовладетелското општество па до денес, праксата континуирано покажува дека луѓето/даночните обврзници се стремат да плаќаат помалку данок, а некои дури и да не платат воопшто. Така и во времето на римската држава е присутна даночната дефраудација, што од една страна ја влошувало состојбата на државната каса, а од друга, тоа пак ја отежнувало економската положба на населението.[1]

Даночните обврски отсекогаш го терателе третиот сталеж (граѓаните). Имено во феудализмот, по мислење на владетелите, улогата на сталежите во државата биле различни, така што племството ја брани државата со меч, свештениците со

[1] Мангова Пољавиќ, К.: Јавните финансии и римската држава, Зборник во чест на Иво Пухан, Правен факултет –Скопје, 1996, стр. 197

молитва, а третиот сталеж со целокупниот свој имот.[2] Доминацијата на црквата одела до таму што се заканувала со екскомуникација на секој владетел што ќе реши да наметне даночна обврска на свештениците или ќе се обиде го одземе „имунитетот“ за плаќање на даноците.[3] Кога кардиналот Richelieu побарал од црквата да плаќа данок, надбискупот од Сенса (еден од највисоките црковни (католички) претставници во тој период) му одговорил дека свештенството и племството се изземени од плаќање на даноци од памтивек. Имено, уште со Јустинијановиот кодекс (Codex Justinianus) на црквата и свештениците им е забрането да плаќаат камати, царини или било какви годишни ренти.

Ниту развојот на индустријата, трговијата, прометот на стоки и услуги (кои диктираат брзо темпо на воведување нови даноци, особено директни даноци), не ја изместија позиционираноста на црквата и верските заедници према државата. Имено, најголем број од модерните демократски држави дотолку повеќе ги маргинализираа овие субјекти во однос на нивните „обврски“ према државата без никаков увид во нивниот годишен приход. Имено, модерните демократски држави спроведувајќи ја својата даночна политика во насока на перфектно оданочување[4] т.е “оптимално оданочување“, продолжија да го остваруваат својот фискален суверенитет без да навлегуваат во црковните односно религиските активности преку кои овие субјекти остваруваат највеќе приходи.

Меѓутоа, и покрај овој генерална и општо прифатена пракса во најголем број држави, сепак некои држави (Италија, Шпанија, Швајцарија)[5] преку својата даночна политика, го користат своето ексклузивно право (*jus imperium)* на своите даночни обврзници да им наметне фискални обврски во вид на т.н црковен данок. На овој начин Католичката црква во Циришкиот кантон е подведена под јавното право. Црковните даноци во Швајцарија се разликуваат од кантон до кантон. Имено, даночни обврзници може да бидат и физичките лица и/или правните лица. Па оттука, можеме да разликуваме црковни даноци на остварени лични приходи (Church tax at personal income) или на добивка

[2] Mann, F.K.: Steuerpolitische Ideale, str.67, prevzemeno od Financijsko pravo I finansicijska znanost, Narodne novine , Zagreb, 2008 , str.58

[3] Ibidem

[4] Ова е термин кој го користат еминентни теоретичари (Richard Musgrave, Alan J. Auerbach, James R. Hines etc.). За ова види повеќе во Public finance and public policy in the new century, MIT press Cambridge, London, 2003

[5] Во 20 кантони во Швајцарија се плаќа данок на црквата од данокот на приход и од данокот на добивка, со тоа што даночните стапки се разликуваат од кантон до кантон. Собраните пари, пропорционално се распоредуваат согласно бројот на регистрираните членови во црквата на кантонот. Види повеќе на https://www.swissinfo.ch/eng/empty-coffers- church-tax-issue-divides-swiss-catholics/36453132. Последен пат пристапено на 15.07.2018

(Church tax on companies /legal persons), и покрај тоа што во неколку кантони се јавува отпор од страна на правните лица за плаќање на овој данок, со аргументирање во насока на тоа дек, правните лица/компаниите треба да бидат ослободени од плаќање даноци за црковни цели, бидејќи тие многу често не се членови на црквата, како што е случај со физичките лица[6]. Сепак, влијанието на црквата и овде не изостанува и плаќањето на црковните даноци го оправдуваат на основ на тоа дека доброволните донации кои црквите ги добиваат не се доволни за нивно опстојување.[7] Швајцарија им дава право на регистрираните цркви (Католичките и Протестантските)[8] да располагаат со својот приход по одобрување на финансискиот извештај од посебно избран орган, составен од членови на административно тело од кантонот и црковно тело. На тој начин прибирањето на средствата и нивната распределба е под контрола на еден заеднички орган со различен состав.

Сепак акцентот на овој труд ќе биде даден на постоечките дилеми за црквите и религиозните заедници кои остваруваат приходи од нивните верници на доброволна основа, следејќи ги тековите во Македонија и Србија.

Современата држава не може да се замисли без почитување на еден од најважните принципи на демократијата- еднаквост на граѓаните пред законот. Во доменот на оданочувањето, она се обезбедува преку општоста на оданочувањето, што претпоставува дека сите лица мораат да плаќаат данок во границите на својата даночна обврска.[9] Оправданоста за општост на даноците произлегува од природата и карактерот на јавните услуги кои се нудат на заедничка и неделива основа за сите.[10] Државата обезбедува различни видови јавни добра. Од типот на одбрана и јавен ред и мир, кои се исклучиво во надлежност на државата, до оние кои можат да се обезбедат и во приватниот сектор. Финансиската доктрина разликува јавни од приватни добра на основ на конкуренција на потрошувачката и можност за исклучување (принцип на изземање). Кај јавните добра не постои конкуренција во потрошувачката, што значи дека нивното користење од страна на едно лице не ги спречува останатите лица да ги користат. Исто така, кај јавните добра не постои можност за

[6] Физичките лица кои се изјасниле дека не припаѓаат на ниту една религија немаат обврска да плаќаат данок за црква.

[7] https://www.cath-winterthur.ch/church-tax

[8] Авторите забележаа дека останати религиски заедници/ субјекти не се споменуваат, па се претпоставува дека ваквата поволност е дадена само на овие две религиски заедници /организации.

[9] Детаљније о једнакости грађана у пореском праву: Поповић, Д., Илић-Попов, Г., *Једнакост грађана у пореском праву*, Годишњак Правног факултета у Бањој Луци (139-158), 2011, стр.141.

[10] Анђелковић, М., *Јавне финансије и финансијско право,* Правни факултет Ниш, 2018, стр.121.

исклучување од користење на доброто, бидејќи се бесплатни и достапни за сите. Обезбедувањето на јавните добра не се заснова на пазарните принципи. Поради нивната природа (кај нив преовладуваат принципите општост, јавност, постигнување општо корисни цели и задоволување на ја јавниот интерес), пазарот не може да обезбеди нивна рационална понуда, затоа нивното обезбедување го презема државата. Поради тоа што не постои можност за негово исклучување од користење, се јавува ситуација на бесплатни корисници (*free – riders*). Имајќи во превид дека ова се бесплатни добра и достапни за сите под еднакви услови, поединци можат да уживаат во користа од пружањето на јавните услуги без давање на никаков надомест за тоа. Тие немаат поттик да ги плаќаат доброволно, па затоа мораат да бидат принудени да ги финансираат преку даноците.[11] Покрај овие добра кои ги имаат и двете основни карактеристики: неконкурентност на потрошувачката и неможност за исклучување, поради што се чисти јавни добра, постојат и други видови на јавни добра (на пр. полу јавни добра). Тука спаѓа образованието, здравството, сообраќај и др., кои можат да бидат пружени и од приватниот сектор, но поради општиот интерес за нивното обезбедување ги презема државата.

2. Апории за оданочувањето –општо

Од сите субјекти кои се под даночна јурисдикција на државата, со сигурност може да се каже дека оданочувањето на црквите е едно од најконтроверзните прашања. Према принципот општост при плаќање на даноците во денешните современи демократии, сите физички и правни лица се должни да плаќаат данок. Меѓутоа, традиционално, црквите и верските заедници се исклучени од даночните обврски. Во суштина, се работи за неколку видови на даноци, каде во улога на даночни обврзници можат да се најдат, а тоа се: данок на добивка, данок на промет (т.е данок на додадена вредност- ДДВ) и данок на имот. Иако црквите се појавуваат како непрофитни организации, истите многу често остваруваат приходи од продажба на производи и пружање на услуги. Поборниците за оданочување на црквите со данок на добивка, ова го истакнуваат како главен аргумент за постоење на даночна обврска како и кај останатите правни лица. Исто така, прометот на добра и услуги би можел да биде повод за оданочување на данокот на промет (односно ДДВ-то). И за крај, најверојатно како најсензибилно прашање, би било оданочувањето на имотот кој е во сопственост/ владение на црквите.[12]

[11] Stiglitz, J.E., *Ekonomija javnog sektora*, Ekonomski fakultet Beograd, 2008, str. 131

[12] Вистински пример за тоа е суспензијата на наплата на данокот на имот на црквата на Светиот гроб во Ерусалим во почетокот на оваа година. Според повеќе децениската спогодба, ерусалимската општина немала право да прибира данок на имот во

2.1 За оданочувањето на црквите, верските заедници и религиозните групи во Македонија

„Секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон “[13]

Денешните демократски држави одат дотаму што црквата и верските заедници уставно, а консеквентно на тоа и законски ги уредуваат верските заедници, позиционирајќи ги со посебен статус наспрема државата, здруженија, фондации и другите субјекти (даночни обврзници) кои вршат дејности од јавен интерес, а се под нејзина фискална јурсидикција. Македонскиот устав од 1991 година во чл. 19 укажува на секуларизацијата на државата со црквата “...Македонската православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и еднакви пред законот....“. [14] Но, дали тоа de facto е така ?

Согласно правната регулатива црквите, верските заедници и религиозни групи се непрофитни организации односно организации од јавен интерес кои самостојно располагаат со сопствени приходи,[15] поради што се изземени односно ослободени од било каков тип на даночна обврска.

Црквите, верските заедници и религиозни групи се стекнуваат со својство на правно лице со запишување во единствениот судски регистар на црквите, верските заедници и согласно законот[16], поточно целокупната документација за запишување се поднесува до основен суд –Скопје, а понатаму се проследува до Централниот регистар на Р. Македонија. Овој регистар на официјална веб страна на Централниот регистар не е објавен, но евиденцијата може да се најде на официјална веб страна на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на Р. Македонија.[17] Ова отвара дилема како и зошто црквите ги регистрираат државни органи, доколку се афирмира секуларизација на

сопственост на христијанските институции. Во февруари оваа година, по донесување на одлука од страна на градоначалникот да се оданочува црковниот имот кој се користи за комерцијални цели, поради што имало протести со затварање на црквите , заради пто отстапиле од спроведување на одлуката. https://www.dnevnik.rs/svet/izrael-obustavio-plan-da-oporezuje-imovinu-crkve-u-jerusalim-27-02-2018 .

[13] Чл. 33 од Уставот на Р. Македонија

[14] Во 2001- ва година, овој член беше изменет и дополнет со Амандман VII , со што таксативно ги набројува поголемите цркви и верски заедници во Р. Македонија. Види http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/UstavnaRmizmeni.pdf

[15] Ст. 2 Чл. 33 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, Службен весник на Р. Македонија, бр. 113/2007

[16] Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група, Службен весник на Р. Македонија 113/2007 .

[17] http://www.kovz.gov.mk/?ItemID=27C8DCB28B4E9C4AAFC8CD900BF4C310

државата од црквата и верските заедници. Се разбира на некој начин ова е можност државата да врши административна белешка на субјектите кои обавуваат богослужба, молитва и верски обреди и со тоа се задржува правото да се ограничи слободата на изразување на религијата или убедувањето доколку тоа е неопходно и е во интерес на јавната сигурност, поредокот, здравјето, моралот или заштита на правата и слободите на другите.[18]

"Даноците се давачки на даночниот обврзник кои мораат да бидат платени без противуслуги, кои служат за општото државно добро и кои на сите даночни обврзници им се наметнати со закон".[19] Данокот е главен извор на редовните приходи во една современа држава

Не е спорно дека државата го има даночниот суверенитет и дека за да определена услуга стане јавна услуга или добро односно дејност стане јавен интерес потребно е да биде опфатена во правен акт, донесен во соодветна постапка и процедура. Македонскиот устав не дефинира што е тоа јавен интерес, но неколку закони упатуваат на дефинирање на две категории јавен интерес и јавна дејност.[20] Согласно Законот за јавните претпријатија Чл.2 став 1 и 2 дејности од јавен интерес се дејностите или одделни работи од дејностите со кои се остварува јавен интерес. Дејностите од јавен интерес ги вршат јавните претпријатија или друштва на кои им е доверено вршењето на дејностите (услугите) од јавен интерес. Согласно законот за установите Чл. 2 т. 1 т.21 и член 3, установите вршат јавна услуга како дејност, која не е подведена под трговските дејности утврдени со закон (нестопанска дејност) и која може со закон да биде утврдена како дејност од јавен интерес. Согласно овој закон регулиран е и поимот јавна услуга и ја определува како дејност која ја вршат установите во областа на образованието, науката , културата, здравството социјалната заштита, детската заштита, инвалидската заштита како и во другите дејности кои со закон се утврдени како јавна услуга. Законот за здруженија и фондации во чл.74 таксативно ги набројува кои се дејности од јавен интерес, но остава можност со други закони да се определат и други дејности како јавни услуги. [21] Примената на аналогијата е една од можностите и методите за толкување на правото и често користен метод кога станува збор за т.н „правни празнини", меѓутоа во даночното право за т.н примена за слични правни

[18] Види член 8 -17 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, Службен весник на Р. Македонија бр. 113/07

[19] Пендовска, В. ,Максимовска-Велјановски, А., Мангова-Пољавиќ, К.,: Финансово право, Правен факултет- УКИМ, Скопје, 2010, стр. 232

[20] Тоа се неколку закони (Законот за јавни претпријатија, Законот за установите, Законот за здруженија и фондации и Законот за локална самоуправа)

[21] За ова види повеќе кај А. Николовски: Анализа на Законот за донации и спонзорства, во јавните дејности и на неговата примена, Скопје , 2011

прописи во случај на законски празнини сеуште е предмет на дискусија, бидејќи една од основните карактеристики на финансиско–правните норми е императивност и нивното ius strictum дејствување. Затоа актуелниот Закон за здруженија и фондации согласно чл. 2 изричито ги иззема црквите, верските заедници и религиозните групи од овој Закон.

Ништо што не е уредено со даночното право, не може да се спроведува extra или contra legem. Оданочувањето мора да е во склад со начелата на една правна држава кои ја карактеризираат одредени формални елементи (ограничување на државното самоволие и поделба на власта) и материјални елементи (даночна и социјална праведност, правна сигурност и уставно ограничување на оданочувањето).[22]

Современата држава остварува најмногу приходи од директните и индиректните даноци. Законот за персонален данок на доход, Закон за данок на добивка, Законот за данок на имот и Законот за додаден вредност се дел од правните акти со кои се воспоставува правната рамка на фискалниот систем на јавните приходи скоро во секоја држава гледано на глобално ниво.

Со ова се отвора нова дилема, дали црквите и останатите верски објекти треба да бидат изземени од даночните обврски, дали црквите и верските објекти треба да плаќаат данок на приходот кој го остваруваат и на услугите кои ги даваат? Или пак тоа може да се услуги кои ги даваат овие лица и како такви треба да се плати определен „надомест“ за конкретно дадената услуга т.е да се плаќаат како еден вид црковни такси? Во системот на фискални приходи, државните такси (административни, комунални, судски) имаат незначителен удел во јавните приходи, но сепак се прибираат од конкретни услуги претходно определени од државата и државните органи (јавна администрација, општинска, судска власт). И покрај тоа што не располагаат со фискалниот имериум, црквите наплаќаат црковни такси на своите верници за услугите кои ги бараат, тарифата на одредена услуга е претходно определена и јавно достапна на нејзините верски корисници кои најчесто се и даночни обврзници на директни и/или индиректни даноци. На пример, во македонска православна црква во источно-планскиот регион, црковната такса за извршување на услуга наречена Света Тајна на Крштение (крстење на дете) и изготвување на крштелно свидетелство изнесува 3400 денари (2,200 денари плаќа родителот и 1,200 денари плаќа кумот). Црковната такса за венчавка изнесува вкупно 5.800 денари (1,700 денари плаќа младоженецот, 500 денари невестата, 1.500 денари кумот, 1,300 старејкото, по 400 денари деверот и шаферката), за учество на повеќе свештеници се доплаќа по 500 денари од свештеник, со што оваа услуга може да достигне и поголема парична вредност од основна наведената, во зависност од тоа колку свештени

[22] За ова види повеќе кај O. Lovncaric- Horvat: *Oporezivawe u sklad s nacelima pravne drzave* u Financisjko pravo i finacijska znanost, Zagreb,2008. 526-570

лица се вклучуваат во извршување на самиот чин. Согласно финансиската теорија, таксата се наплаќа како против надомест за некој услуга којшто државниот орган му ја дава на обврзникот и таа е еден од главните видови фискални приходи на државата. Теоретски гледано, црковната такса ги има скоро сите елементи на државна таксата, со исклучок на принудниот карактер на воведувањето и наплатата.

Црквата и останатите верски заедници се регистрираат согласно законите[23], со што стекнуваат својство на правно лице. Државните органи во рамките на своите надлежности и овластувања создаваат услови за непречено извршување на активностите на црквата, верската заедница и религиозната група, но се одвоени од државата. Државата овозможува и религиозниот култ и да се практикува и во други простории и јавни места. [24]

2.2 Апории за оданочување на црквите и другите верски заедници во Србија

Па слично како и во македонското уставно уредување "Обврската за плаќање на данок и други давачки е општа и се заснова на економската способност на обврзникот"[25]. Српскиот Устав во чл. 44 од Уставот, наведува дека: "Црквите и верските заедници се рамноправни и одвоени од државата. Црквите и верските заедници се рамноправни и слободни самостојно да ја уредуваат својата внатрешна организација, верските работи , јавно да вршат верски обреди, да основаат верски школи, социјални и добротворни установи и да управуваат со нив, во согласно со законот. Уставниот суд може да забрани верска заедница само ако со нејзиното дејствување го загрозува правото на живот, правото на психичко и физичко здравје, правото на деца, правото на личен и семеен живот, правото на имот, јавна безбедност и јавен ред и мир или ако предизвикува, поттикнува верска, национална или расна нетрпеливост."

Во текот на претходната деценија, во Србија имало голем интерес помеѓу стручната и поширокатa јавност за ова прашање. Многу често поборниците за оданочување на црквите, од една страна, и претставниците на црквите од друга страна, изнесувале свои аргументи *pros and cons*. Според првите, сите даночни

[23] Види: Закон о црквама и верским заједницама, Службен гласник на Р. Србија 36/2006 и Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, Службен весник на Р. Македонија 113/2007

[24] Во Законот за верски заедници религиозни групи, Службен весник на РМ бр. 25/97 и Законот за верски заедници религиозни групи, службен лист на СРМ 39/77, црквите и другите верски заедници и нивните одговорни лица може прекршочно да одговараат со парични казни.

[25] Чл. 91 ст.2 , Устав Р. Србије

обврзници, вклучувајќи ги и верските заедници, треба да плаќаат данок. Според некои паушални проценки се работи за високи приходи од кои е скратен државниот буџет. Поради тоа што надлежните органи (Даночната управа / Управа за јавни приходи) никогаш немаат спроведено контрола, не постојат ни официјални податоци за тоа колку црквата ги подмирува своите даночни обврски во случаевите во кои, со закон, не е ослободена од плаќање данок. Во овој случај единствен загубар е државата, према овие проценки, кај ДДВ-то на продажба на стока помеѓу 4 и 10 милиони динара, а кај данокот на добивка околу 3,2 милиони динара.[26] Посебен проблем претставува одаочувањето на имот, бидејќи се проценува дека имотот на Српската православна црква (СЦП) е неколку стотици милиони евра. Последниве години, се води медиумски дијалог помеѓу претставниците на државата и претставниците на СЦП околу нивниот имот, Имено, додека СЦП одаочувањето на имотот го условуваше со комплетно враќање на имотот на црквата кој бил одземен после Втората светска војна, претставниците на државата истакнуваа дека постапката за реституција на црковниот имот е во завршна фаза и дека најголем дел од имотот е вратен.

Према важечките закони за данок, црквите и другите верски објекти целосно се ослободени од плаќање на ДДВ, данок на имот, и данок на добивка.

Од плаќање ДДВ без право на одбиток на претходниот данок, при промет на пари и капитал ослободени се сите регистрирани верски заедници и црковни објекти, како и промет поврзан со овие добра и услуги. [27] Основната разлика помеѓу ослободување од ДДВ без право на поврат на данок и ДДВ со право на поврат на данокот е дека даночниот обврзник кој ги испорачува овие добра и услуги не го пресметува данокот и не го плаќа, но истовремено тој нема право да бара одбиток на претходниот данок кој е вкалкулиран и платен од претходните обврзници во прометниот циклус, односно добавувачите. Даночниот обврзник, фактички го сноси даночниот товар кој е платен во претходната фаза на прометниот циклус, бидејќи е додаден во набавната цена на производот.

Во поглед на одаочување на имотот, пропишано е дека од одаочување се изземени недвижнините во сопственост на традиционалните цркви и верски заедници и други цркви и верски заедници регистрирани во склад со законот со кој се уредува правната положба на црквите и верските објекти кои се наменети и исклучиво се користат за обавување на богослужба.[28]

[26] https://www.blic.rs/vesti/drustvo/zasto-crkva-ne-placa-porez/91547rq

[27] Чл.25 ст. 2 тач.16) Закона о порезу на додату вредност Републике Србије ("Сл.гласник РС", бр. 84/04, 86/04, 61/05, 61/07, 93/12,108/13, 6/14, 68/14, 142/14, 5/15, 83/15, 5/16, 108/16, 7/17, 113/17, 13/18 и 30/18).

[28] Чл.12 ст.1 тач.3) Закона о порезима на имовину Републике Србије ("Сл.гласник РС", бр.26/01, 45/02, 80/02, 135/04, 61/07, 5/09, 101/10, 24/11, 78/11, 57/12, 47/13, 68/14).

Кај оданочувањето на добивка, како даночни обврзници се појавува секое правно лице кое е основано заради обавување дејност заради стекнување добивка. Но, и правно основано е заради постигнување на други цели утврдени во неговиот општ акт, ако остварува приходи преку продажба на производи на пазарот или вршење услуги (непрофитна организација.[29]

Анализирајќи ги наведените законски одредби, може да се заклучи дека во Србија постои адекватна нормативна рамка во однос на ова. Имено, услугите од верски карактер (како што се венчање, крстење, опел и сл.) не подлежат на плаќање на ДДВ. Исто така, од плаќање ДДВ изземан е и прометот на стоки и услуги поврзан со ова. Консеквентно на ова, нема да се наплаќа ДДВ ниту на промет на стоки, како што се свеќи, обредно масло, темјан, икони и сл. Согласно оваа одредба, сите останати производи кои не се непосредно поврзани со богослужбата нема да бидат ослободени/ изземени од плаќање ДДВ.

Црквите и другите верски заедници нема да плаќаат данок на имот за оние објекти кои се користат за богослужба. Тоа значи дека , на пример, стан во сопственост на црквата ќе биде оданочен ако служи за живеење/престојување на свештеник. Во поглед на оданочување на добивката на црквите и другите верски заедници има даночен третман на непрофитна организација. Ако остварува приход со продажба и вршење услуги надвор од својата богослужбена дејност, тогаш ќе мора да плати данок.

Во Србија, посилно даночно оптоварување на црквата и на другите верски објекти би било под знак прашалник, бар за сега. Проблемот кај нивното оданочување не преставува “благи,, законски одредби, туку потреба за нивна доследна приемна во пракса. Се работи за доста осетлива тема, право на исповед на вера, поради што неопходно е прецизно ограничување на случаевите во кои доаѓа до даночно ослободување. Предметите, услугите и објектите наменети за богослужба не се спорни, бидејќи не подлежат на оданочување согласно ниту еден законски акт (Закон за имот, Закон за добивка, Закон за додадена вредност). Останува дилемата за оние ситуации кои подлежат на оданочување (како што е плаќањето на ДДВ за црвени производи кои не се непосредно наменете за верско исповедување). Активноста на црквата и другите верски заедници е толку комплексна, што утврдувањето на даночната основица и утврдувањето на висината на данокот е пропратено со повеќе проблеми од техничка природа.

[29] Недобитном организацијом сматраће се и црква и верска заједница (вид.: чл.1 ст.3 и 4 Закона о порезу на добит правних лица Републике Србије (25/01, 80/02, 80/02, 43/03, 84/04, 18/10, 101/11, 119/12, 47/13, 68/14, 142/14, 91/15, 112/15 и 113/17)).

Заклучок

Согласно уставните и законските одредби, државата и црквата се држат до некаква секуларизација, што значи едниот од другиот субјект го исклучува право да се меша во работите (државата да не се меша во црковните работи, а црквата во државните работи), но праксата ни покажува дека овие два субјекта го негуваат "вечниот брак", што во поширока смисла на зборот би значело дека црквата ќе се меша во државната политиката кога ќе биде повикана, а за сметка на тоа ќе биде ослободена или изземена од обврската да плаќа давачки на државата при вршењето на јавните работи согласно законот и уставот. За таа цел, во даночни акти (Закон за персонален данок од доход, Закон за додадена вредност, Закон за добивка) државата ќе ја „регулира" привилегијата на црквите и останатите верски објекти. Имено, без разлика за кој период од развојот на една општествено –економска заедница говориме, без разлика за која модерна држава ќе говориме, анализирате укажуваат дека врската помеѓу државата и црквата останува нераскинлива. Црквата и верските заедници самостојно располагаат со своите стекнати приходи и државата нема увид во истите. Дури и при зголемување на јавните расходи, државата ги зголемува потребите за прибирање на „нови" државни приходи на постојните даночни субјекти, меѓутоа црквите и верските во ниту еден случај не ги фискализира и покрај тоа што одредени држави направиле обид да ги подведат во системот на јавни приходи. Алокацискатa, дистрибуцискатa и стабилизацискатa функција на државата зависат од нејзиното политичкото уредување, незиниот општествено-економски развој и развојот на финансискиот систем во целина. Сепак, најголем број држави ги изземат верските објекти и лицата кои вршат верска исповед од даночните обврски и покрај тоа што има *pros* аргументи за одаточување на црвите и останатите регистрирани верски субјекти. Со колкав имот располагаат, колкави годишни приходи остваруваат и каква е распределбата на тие средства останува мистичност.

Сепак, доколку државата сака да воспостави некаков систем на контрола, кој ќе биде прифатлив и за црквата и другите верски заедници можеби треба да се фокусира на воспоставување на "двоен систем" (dual system) каде одредбите од позитивното право, црковните закони и етички принципи ќе бидат доследно применувани, а бенефит ќе имаат сите инволвирани страни.[30] Или пак, би можеле да говориме за држави без даноци, што би било идеал за многумина. [31]

[30] За овој систем види повеќе:
http://www.buildingconservation.com/articles/ecclesiasticallaw/ecclesiasticallaw.htm

[31] Оваа идеја " држава без даноци" е создадена од плејада приврзаници на социјал-утопизмот.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Книги

Sijbren Cnossen and Hans-Werner Sinn editors: Public finance and public policy in the new century, MIT press Cambridge, Massachusetts London, 2003

Stiglitz, J.E., *Ekonomija javnog sektora,* Ekonomski fakultet Beograd, 2008

Анђелковић, М., *Јавне финансије и финансијско право,* Правни факултет Ниш, 2018

Мангова Пољавиќ, К.: Јавните финансии и римската држава, Зборник во чест на Иво Пухан, Правен факултет –Скопје, 1996

Пендовска, В. ,Максимовска-Велјановски, А., Мангова-Пољавиќ, К.,: Финансово право, Правен факултет- УКИМ, Скопје, 2010

Поповић, Д., Илић-Попов, Г., *Једнакост грађана у пореском праву*, Годишњак Правног факултета у Бањој Луци ,2011

Закони, подзаконски акти

Закон за данокот на добивка „Службен весник на Република Македонија" број 112/14

Закон за данокот на додадена вредност Службен весник на Република Македонија" број 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, Уставен суд бр. 93/00, 8/01, 21/03, Уставен суд бр. 17/04, 9/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12 , 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225 /15 , 23 /16 и 189 од 14.10.2016 година

Закон за донации и спонзорства во јавните дејности, Службен весник на Р. Македонија, бр. 47/2006, 86/2008, 51/11, 28/14, 153/15

Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, Службен весник на Р. Македонија 113/2007

Закон о црквама и верским заједницама , Службен гласник на Р. Србија 36/2006

Закона о порезима на имовину Републике Србије ("Сл.гласник РС", бр.26/01, 45/02, 80/02, 135/04, 61/07, 5/09, 101/10, 24/11, 78/11, 57/12, 47/13, 68/14)

Закона о порезу на добит правних лица Републике Србије (25/01, 80/02, 80/02, 43/03, 84/04, 18/10, 101/11, 119/12, 47/13, 68/14, 142/14, 91/15, 112/15 и 113/17)

Закона о порезу на додату вредност Републике Србије ("Сл.гласник РС", бр. 84/04, 86/04, 61/05, 61/07, 93/12,108/13, 6/14, 68/14, 142/14, 5/15, 83/15, 5/16, 108/16, 7/17, 113/17, 13/18 и 30/18)

Законот за верски заедници религиозни групи, Службен лист на СРМ 39/77

Законот за верските заедници и религиозни групи "Службен весник на Република Македонија" број 35/97

Веб страни

http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/UstavnaRmizmeni.pdf
http://www.ustavni.sud.rs/page/view/sr-Latn-CS/70-100028/ustav-republike-srbije
https://www.cath-winterthur.ch/dual-system
http://www.buildingconservation.com/articles/ecclesiasticallaw/ecclesiasticallaw.htm

Лазар Нанев **УДК.343.261-055.2:341**
Насловен вонреден професор,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет,
lazar.nanev@ugd.edu.mk

Олга Кошевалиска
Доцент,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет,
olga.gurkova@ugd.edu.mk

Елена Максимова
Асистент докторанд,
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет,
elena.ivanova@ugd.edu.mk

БАНГКОЧКИТЕ ПРАВИЛА – LEX FERENDA ЗА ЖЕНАТА ЗАТВОРЕНИК

Апстракт
Степенот на остварување на човековите права во едно општество би можело да се оцени по квантумот на права кој го уживаат затворениците во него. Сепак, реализирањето на предвидените права на затворениците, ширум светот, претставува особено сензибилна материја, што само го покажува глобалниот проблем во разбирањето на слободите и правата на човекот воопшто. Потребите условени од родовите диференцијали се она кое ги издвојува жените од масата затвореници и кое условува првичен предвиден засебен третман, пред целокупната индивидуализација. Жената долго време се наоѓа на маргините кога се во прашање истражувањата или решавањето на проблематиките врзани за ефикасноста на извршување на кривични санкции врз нив. Кога се забораваат жените во затворот, се смета дека се заборава и целокупната нивна општествена улога. Таа како дел од затвореничкото општество, во глобални размери, чини од 3-10%. Родовите специфики, кои пак од своја страна, изнудуваат и потреба за „уживање“ на засебни животни услови во пенитенцијарните установи, често се занемарувани, како при теоретското обработување на материјата, така и во реализацијата на самиот третман на затворениците. Институциите се моделирани така да ги задоволат потребите на примарните затвореници – мажите. Потребата од уважувањето на родови разлики, на меѓународно ниво се начнати уште во *Стандардните минимални правила на ОН за*

постапување со затворениците, но вистински прв меѓународен документ, кој се занимава со положбата на жената во системот на извршување на кривични санкции и кој вистински ја потенцира родовата разлика, се Бангкочките правила. Иако донесени во форма на Резолуција, без мандаторен карактер, тие сепак претставуваат сериозен насочник за подигнување на стандардите во затворот и целокупниот третман на жените затворенички.

***Клучни зборови**: пенитенцијарни установи, жени затвореници, меѓународни документи*

Lazar Nanev, PhD
Faculty of Law, Goce Delcev University in Stip

Olga Koshevaliska, PhD
Faculty of Law, Goce Delcev University in Stip

Elena Maksimova, LL.M
Faculty of Law, Goce Delcev University in Stip

BANGKOK RULES - LEX FERENDA FOR A WOMAN PRISONER

Abstract: The extent of the realization of human rights in a society could be judged by the quantum of rights that are enjoyed by prisoners in it. However, the realization of the foreseen rights of prisoners worldwide is a particularly sensitive matter, which only shows the global problem in understanding the freedoms and rights of a person in general. The needs conditioned by the gender differentials are those that distinguish women from the mass of prisoners and condition the initial prescribed treatment, before the overall individualization. For a significant period, woman has been on the margins, when it comes to investigating or resolving issues related to the effectiveness of applying the criminal sanctions over them. When women in prisons are forgotten, their entire social role is also forgotten. As a part of the prison society, on a global scale, women fulfil from 3-10%. Gender specifics, which in turn, necessitate the "enjoyment" of separate living conditions in penitentiary institutions, are often overlooked, both in the theory and in the realization of the treatment of prisoners themselves. Institutions are

modeled to recognize the needs of primary prisoners - men. The need to respect gender differences, in international dimensions, has been brought up into the UN Minimum Standard Rules for the Treatment of Prisoners, but a truly first international document that is dealing with the status of women in the penitentiary systems and that truly emphasizes the gender difference, are the Bangkok rules. Although adopted in the form of a resolution, without a mandatory character, they are still a serious guide to raising prison standards and the overall treatment of women prisoners.

Key words: *penitentiary institutions, women prisoners, international documents*

Воведни напомени – за жената затвореник и нејзините права

Жената како дел од затвореничкото општество, во глобални размери, чини од 3-10%. Токму и затоа често се занемаруваат нејзините родови специфики кои пак од своја страна, изнудуваат засебни животни услови. Самите институции се моделирани така да ги задоволат потребите на примарните затвореници – мажите. Затоа со сите родови обележја, до шеесетите години на минатиот век, жените се буквално невидливи и во правните документи, но и во самото општество при издржувањето на казната. Порастот на затвореничката популација е евидентиран од година во година, и иако не би можело да го окарактеризираме како драматичен, сепак го чини најбрзо растечкиот сегмент од затвореничкото општество[1], што не е за занемарување. Потребите условени од родовите диференцијали се она кое особено ги издвојува жените од масата затвореници и кое условува првичен предвиден засебен третман, пред целокупната индивидуализација.

Анревс (Anrews) и Довден (Dowden)[2] уште во 1999 година во своите метаанализи за третманското постапување со жените престапнички, заклучиле дека рецидивизмот кај жената се смалува, во зависност од квалитетот на стручната помош која ѝ се пружа. Помошта се смета дека би била делотворна доколку е прилагодена на степенот на ризик кај жената, ако е насочена кон криминогените потреби и ако служи на когнитивни – бихевиоралните стратегии. Биолошките особености кои треба да се земаат во предвид при испраќање на жената во затворот и нејзиното третирање во него, исто така доаѓаат до израз и

[1] Zaitzow, B., Thomas, J., Women in Prison: Gender and social control, Lynne Reinner Publishers, Inc., London, 2003;

[2] Цитирано според Šućur, Z., Žakman-Ban, V., Značajke života I tretmana žena u zatvoru, Hrčak – portal znanstvenih časopisa Republike Hrvatske, 2004, str.1057;

при нејзината адаптација на самиот затвор. Резилентноста која ја развива жената кон институцијата, можноста за прилагодување во средината и сл. имаат особен психички импакт врз жената, кој е значително поразличен одошто кај мажот. Депривациите се посилни, па жените го развиваат чувството на беспомошност и на страв во затворот многу повеќе од мажите, што остава простор за неверување и вообразена потреба од претпазливост во се и во секого што ја опкружува, почнувајќи од останатите затвореници, до медицинскиот персонал. Сите биолошки предиспозиции кои ја чинат жената и сите биолошки фази низ кои поминува или може да помине во затворот (како менструален циклус, бременост, постпородилна депресија, несакан абортус, доење и сл.) се доволно фрустрирачки и ментално деструктивни и за слободната жена. Фактот дека овие психофизички процеси треба да бидат минати во затвор, лишена од удобноста на домот и грижата од блиските која ѝ е најпотребна, го интензивира нивото на фрустрација и страв кај жената, што ја чини особено кревка, а напати и непресметлива. Затоа и често се забележува поголема алокација на антидепресивите како медицински средства кај женската затворенička популација отколку кај машката[3].

Парламентарното Собрание на Советот на Европа, во 2009 година[4] забележува дека на Европско тло е нотиран пораст на бројот на жените затворенички. Но, и покрај ваквиот пораст, жените го чинат малцинството во затвореничката популација во Европа, и принудени се да бидат лишени од слобода во институции дизајнирани согласно машките потреби. Согласно тоа, тогаш е забележано дека затворските режими, рехабилитацијата, едукативните програми и целокупното затворско опкружување не соодвествува со специфичните потреби на жената внатре. Поради малиот број на жени затворенички, државите од Европа не располагаат со доволен број на институции (по локација, не по капацитет!) и места каде жената би ја издржувала оваа казна или каде би била притворски сместена. Оддалечени се од семејствата со кои треба да се реинтегрираат, што влијае деструктивно во нивната рехабилитација. Во оваа насока, Советот на Европа во 2009 година им препорачува на државите членки да ги имплементираат Европските Затворски Правила и соодветно да ги применуваат, да внесат родова сензибилизација при казнувањето и издржувањето на казната затвор, да се внимава особено кога се суди на мајка на малолетни деца, а зајакнато доколку е самохрана мајка или

[3] Banks, C., Women in Prison: A Reference Handbook, 2003, https://books.google.mk/books?id=DpSjVQ0u9zwC&printsec=frontcover&dq=women+prison&hl=mk&sa=X&ved=0ahUKEwj608LohN3YAhXLKJoKHR63DvwQ6AEIODAC#v=onepage&q=women%20prison&f=false (последно пристапено на 16.01.2018);

[4] Resolutuion 1663, Women in prison, Parliamentary Assembly, Council of Europe, 2009, http://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/Xref-XML2HTML-en.asp?fileid=17733&lang=en ;

единствен финансиски издржувач на семејството, да се намали бројот на изречени затворски казни во овој случај и да се прибегнува кон нив само во крајна нужност и сл. Парламентарното Собрание на Советот на Европа става особен акцент за жените – мајки или бремени жени на кои им е изречена казната затвор, па, надоврзувајќи се на претходно донесените акти[5], потенцира да, во случај кога жената навистина мора да биде институционализирана, државите соодветно се погрижат децата да ја добијат целокупната потребна нега и дека ќе бидат овозможени одржување контакти со нив и ќе се работи на нивно повторно спојување. Посебните услови кои со оглед на положбата се наметнуваат за жените трудници и за жените мајки на малолетни деца кои се со нив во установата, како и на самите деца, е повторно алармирано да бидат доследно задоволени. Издвоени се останатите посебни потреби кои треба да бидат негувани од страна на државите, а кои произлегуваат согласно родот, како посебностите во поглед на здравствената заштита, посетите, едукацијата, постпеналниот третман, дигнитетот на жената и слично.

Жената неретко зад себе остава блиски лица кои ги лишува од својата грижа. Покрај негативните импликации кои настануваат кај лицата кои ги остава надвор, кај неа ова сознание создава значително позасилени депривации, одошто кај мажот - затвореник. Чувството на страв, неизвесност и вина знаат да бидат многу подеструктивни како во третманот за ресоцијализација, така и по излегувањето од затворот. Жената по природа е посензитивен пол, за кој, целокуната кревкост специфична за неа си има свој допринос и во нејзината улога на затвореник. Жените затворенички се често и претходно жртви на семејно насилство, сексуално насилство или на некаков друг облик на насилство. Поради тоа, кај нив треба особено да се внимава уште на самиот почеток, во фазата на пресудувањето и изрекувањето на затворската казна, со цел да не се создадат негативни ефекти и жената да не доживее секундарна виктимизација во институцијата во која е упатена. Доколку таа го сторила делото во нужна одбрана или во крајна нужда создадени по претходна континуирана виктимизација, самиот судски процес и самото затворање би го влошило веќе создаденото психичко нарушување. Досега не е вистински водено сметка за тоа дали жената во институцијата се нашла како вистинска жртва или како вистински сторител. Затоа потребен е пристап според кој жената би се нашла во самото средиште на нејзиното проучување, со сите свои особености и

[5] Recommendation 1469, Mother and babies in prison, Parliamentary Assembly, Council of Europe, 2001, http://semantic-pace.net/tools/pdf.aspx?doc=aHR0cDovL2Fzc2VtYmx5LmNvZS5pbnQvbncveG1sL1hSZWYvWDJILURXLWV4dHIuYXNwP2ZpbGVpZD0xNjgyMSZsYW5nPUVO&xsl=aHR0cDovL3NlbWFudGljcGFjZS5uZXQvWHNsdC9QZGYvWFJlZi1XRC1BVC1YTUwyUERGLnhzbA==&xsltparams=ZmlsZWlkPTE2ODIx;

потреби уште пред нејзиното упатување во затворот. Жената, не смее како досега, да биде маргинализирана во системот на кривичноправната реакција, односно да се занемари фактот дека многу од нив во затворот се нашле токму затоа што претходно биле жртви[6].

Родовата сензибилизација освен во поглед на првичниот третман, од страна на органите на прогонот, се апелира и за третманот кој се одредува за жената внатре во самиот затвор. Бидејќи поголемиот број на познати третмани се моделирани врз база на најзастапениот репрезентативен примерок во затворот - мажот, жените честопати не добиваат адекватен третман кој би постигнал кај нив посакува ефект, или соодветни услови за спроведување на потребниот третман за ресоцијализација. Со оглед на тоа дека на родовите потреби не се посветува доволно внимание, во затворите нема соодветни средства за обезбедување на соодветната, родово диференцијална, здравствена заштита, детска заштита, постпенален третман, како и соодветно креирана транзитна фаза која одговара на овој модел на затвореник. Контролата, внатре во затворите, често се сведува на контрола потребна да го сузбие агресивниот затвореник, па е прикажана преку тренирано обезбедување или ресурси кои претендираат да го контролираат мажот, кој е значително по виолентен и агресивен од жената по природа.

Нормално, не секоја жена подеднакво се носи до развиените депривации од одлежувањето на казната. Постојат разлики базирани на претходниот живот, возраста, расата, образоваието, изречената казна и нејзината должина, видот на делото кое го има извршено, а особено имотната положба. Одредени истражувачи сметаат дека жените кои се особено подобро имотно ситуирани, многу полесно ја „играат затвореничката игра“, како со персоналот така и останатите затвореници, одошто оние кои не се[7]. Но, иако индивидуализацијата, која подразбира земање во предвид на сите животни белези, олеснувачки или отежнувачки, е клучна за секој член од затвореничкото општество, мора да постои претходно почетно раздвојување кое се базира на родовата припадност. Движењата и студиите кои го потенцираат правото на жената во рамките на затворот не значат нејзино фаворизирање и дискриминирање на останатата затворенича популација. Едноставно, ја акцентираат суштинската разлика меѓу мажот и жената генерално, која како и во секојдневието така и во затвореничкото општество изнудува потреба од засебен, родово сензибилен, однос.

[6] Николич-Ристанович, В., Од жртве до затворенице: насиље у породици и криминалитет жена, Београд: ИКСИ, ВДС & Прометеј, 2000;

[7] Heffernan, E., Gender Perception of Dangerous and Dependent Women: “Gun Molls” and “Fallen Woman”, Women in Prison: Gender and social control, edited by Barbara Zaitzow and Jim Thomas, Lynne Reinner Publishers, Inc., London, 2003, pg.39-65;

За разлика од мажите, жените во затворите се евидентирани со многу поразлични ставови во однос на интерперсоналните односи, куќниот ред, казнувањата или наградувањата. Многу поактивно учествуваат во социјализацијата во рамките на институцијата (иако и овде се бележи тренд на оттуѓен однос на одреден процент на затворенички) пропратено со висока доза на емотивност и отворена комуникација. Интеракцијата која ја имаат со останатите во затворот се смета како многу по стабилна, одошто онаа на мажот затвореник, па се доживува како „псевдосемејна“ поврзаност. Со тоа, се потврдува идејата дека управувањето со казнено поправната установа за жени треба да биде помалку авторитативно, затоа што овде има значително помалку насилство, активност на затворски банди, послабо се изразуваат меѓеничките или меѓурасните тензии и слично. Од службениците во овие установи се очекува многу побудно слушање, трпение во објаснувањето на одредени правила и очекувања, свест за емоционалната динамика кај жената, спремност да се реагира праведно и конзистентно.

Сепак, клучен елемент во успешност на програмата за жената се индиидуализациските особености, сеопфатност на пристапот и почитување на интересот на затвореничката[8].

За Бангкочките правила

Битните родови разлики кои постојат и мора да се земаат предвид при третирањето на осудените лица, на меѓународно ниво се начнати уште во *Стандардните минимални правила на ОН за постапување со затворениците*[9], кои пред повеќе од половина век се донесени на Првиот Конгрес на ОН во Женева, во 1955 година. Овие Правила на ОН предвидуваат издвојување на машките од женските затвореници во посебни пенитенцијарни установи (член 8) и специфики околу тоа, потенцираат дека жените ќе бидат чувани и надгледувани само од службеници жени (член 53), потоа, пропишуваат посебни правила за бремени жени и жени со деца (член 23) и сл. Сепак, самите правила

[8] Цитирано според Šućur, Z., Žakman-Ban, V., Značajke života I tretmana žena u zatvoru, Hrčak – portal znanstvenih časopisa Republike Hrvatske, 2004, str.1061;

[9] Достапно на - http://www.healthrights.mk/pdf/Pravnici/Megjunarodni%20dokumenti%20i%20mehanizmi%20za%20zastita%20na%20covekovite%20prava/%D0%9EN/11-%20%D0%9C%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D0%BC%D1%83%D0%BC%20%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%B4%D0%BD%D0%B8%20%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D1%81%D0%BE%20%D0%B7%D0%B0%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8.pdf (последно пристапено на 10.01.2018);

недоволно го доловуваат родовиот аспект и сите подробности кои произлегуваат, кога станува збор за жените – затворенички.

Вистински прв меѓународен документ, кој детално се занимава со положбата на жената во системот на извршување на кривични санкции и кој вистински ја потенцира родовата разлика се Бангкочките правила.

Бангкочките правила се „*Правила на ОН за постапување со жените затворениици и не-затворски мерки за жените престапници*“[10] донесени со Резолуција 65/229 од страна на Генералното Собрание на ОН, на 21 декември 2010 година, и од тогаш претставуваат интернационален водич за третирање на жените кои сториле кривично дело, а кон кого сите нации би требало да се приклонуваат. Иако правилата се донесени во форма на Резолуција, па немаат мандаторен карактер, тие сепак претставуваат сериозен насочник за подигнување на стандардите во затворот и целокупниот третман на жените затворенички. Овој документ, ги препознава битните разлики меѓу криминалитетот на жената и криминалитетот сторен од мажите, и ја уважува посебната положба која осуденичките ја имаат во улога на мајка, а неретко и нивната првична улога на жртви на одреден облик на насилство.

Потребата од усвојување на еден ваков акт, како и ставовите за негово понатамошно детално доразработување, адаптирање и имплементирање пред сè, се должи на светското евидентирано, постапно зголемување на бројот на затворенички ширум светот. Иако добар дел од теоретичарите сметаат дека ваквото зголемување не е вистински и реален приказ на вистинското зголемување на криминалот, пред сè на обемот на тешките дела сторени од страна на жените, туку на зачестеното изрекување на затворска казна за дела кои не би можело да бидат окарактеризирани како тешки на прво место[11], сепак, самиот факт дека затворите постепено се повеќе и повеќе се полнат со жени осуденички изнудува потреба од нивно адекватно заштитување. Овој факт, на волја на вистината, се коси со меѓународните стандарди кои налагаат фаворизирање на неинституционалните санкции во сите ситуации во кои тоа е прифатливо.

Содржина на Бангкочките правила

Еден ваков севкупен документ, по природата на нештата, и се очекуваше да биде донесен од страна на организација како што се Обединетите Нации, земајќи го во обзир тоа што оваа организација, заедно со други меѓународни организации, во последните неколку децении координираат еден целокупен

[10] Достапни на http://www.un.org/en/ecosoc/docs/2010/res%202010-16.pdf (последно пристапено на 11.01.2018);

[11] Така кај Corston, J.,The Corston Report: A Review of Women with Particular Vulnerabilities in the Criminal Justice System. London: Home Office, 2007;

процес на реформирање на извршувањето на кривичните санкции, во чие средиште се наоѓа казната лишување од слобода поради високиот степен на ризик од кршење на човековите слободи и права при нејзиното изрекување и извршување[12].

Значајна улога за иницирање за носење на овој документ, во случајов, има Тајланд, на чело со принцезата *Bajrakitiyabha.* Оваа уставна монархија финансиски го поддржала целокупниот процес на изработката на текстот на документот[13]. Затоа и се очекува дека Тајланд ќе воспостави најдобра пракса во реализирање на документот. Од имплементацијата па до сега во Тајланд се направени големи промени и подобрувања во бројни аспекти од третманот на жените затворенички во затворите, а со цел услогласување со Бангкочките правила[14].

Во **Преамбулата** на документот се посочува дека истиот настанува како резултат на долгогодишна работа и долгогодишно истражување насочени кон изнаоѓање на адекватен модел за постапување со жените кои се наоѓаат во судир со законот. Правилата се концепирани со опсежно родово сензибилизирање на проблемот, односно со потполна свест за жената и нејзината положба во многу држави, насилството која таа го трпи како најчеста жртва, како и фактичката нееднаквост на жената пред мажот, но и земајќи ја во предвид улогата која ја има жената во грижата кон фамилијата и кон децата. Затоа и неминовно, правилата се однесуваат и на деца, во уредувањето на нивниот однос со мајките и гарантирањето на одредени права, а во врска со здравствената заштита и грижата кон најмладите.

Овој документ нема за цел судирање со досегашните акти донесени за регулирање на правата на затворениците, а особено со споменатите Минимални Стандарди, туку, напротив, значи навраќање на нив, оживување, дополнување и адаптирање кон потребите на жената. Донесен е со целосна свесност за постоењето на светскиот проблем со зголемување на бројот на жени

[12] Стевановиќ, 2012 цитирано според Ковачеви, М, Положај жена у систему извршења кривичних санкција према Бангкочким правилима, Темида – часопис о виктимизацији, људским правима и роду бр.4 Виктимилошко друштво Србије и „Прометеј“ 2012, стр. 26;

[13] Ова е повеќе од разбирливо ако се земе во предвид тоа што озгласеноста на тамошните затвори служеше како инспирација за повеќето филмски автори, автори на телевизиски и литературни остварувања, како и за австралиската мини – серија Bangkok Hilton од 1989. Поради иницијативата и огромната поддршка на државата, правилата неформално се именувани по тајландската престолнина;

[14] http://www.chulacriminology.com/bk-rules--the-implementation-of-the-bangkok-rules.html (последно пристапено на 11.01.2018);

затворенички кои казната затвор ја издржуваат во услови наменети првично за мажите, како и со разноликоста која постои во третманот на жената низ државите воопшто. Затоа, во самата Преамбула се наведува дека овој документ служи за да стимулира постојан напор за надминување на практичните тешкотии при апликацијата, бидејќи самите правила претставуваат светска аспирација за подобрување на исходите на жените затворенички, нивните деца и нивните заедници.

Текстот на Правилата опфаќа четири секции. Првата секција се однесува на сите општи принципи во постапувањето кон жените во пенитенцијарните установи, без оглед дали се притворени или осудени. Вториот дел опфаќа нормирање на положбата на посебни категории на жени. Поделен е во подточка А и подточка Б. Третиот дел се однесува на применување на неинституционални санкции и мерки према сите категории жени. Додека четвртиот дел е посветен на правила за истражување, планирање, евалуцаија подигање на јавната свест и споделување на информации во оваа област, а се однесува за сите категории на жени престапнички.

Првиот дел, делот гој ги опфаќа општите принципи, започнува на тој начин што нагласува дека со земањето во предвид и задоволувањето на посебните потреби на жената, кои произлегуваат од родот, нема да се изврши никакво дискриминаторско постапување, затоа што таквото постапување е неопходно за да жените ја остварат својата родова рамноправност на прво место. Понатаму, се нагласува дека треба да се обрати посебно внимание на целокупната состојба на жената, изразената ранливост како и неодложното овозможување на контакт со лица надвор од установата со цел згрижување на децата, па и ограничено одложување на почетокот на издржувањето на казната, доколку е неопходно и е во најдобар интерес на децата. Правилото број 4 од овој е особено предизвикувачко за многу држави низ светот, како и за нашата и за земјите од соседството. Имено, предвидува дека сместувањето на жените не треба да биде значајно оддалечено од нивното место на живеење, од местото каде се наоѓа нејзината фамилија и нејзините деца, се со цел уважување на нејзините обврски за грижа, индивидуалните преференси на жената и можностите за адекватен пристап до програми и услуги.

Натамошните правила се однесуваат на условите за лична хигиена кои треба да ги има жената во институцијата, а во предвид дека секогаш треба да се имаат нејзините посебни потреби и зголемените потреби при менструален циклус, доење или бременост, кои треба да бидат адекватно задоволени. Следни се правилата за здравствената грижа на затвореничките кои вклучуваат испитувања на постоење на сексуално преносливи болести, заболувања во крвта, ХИВ тест, проверка на менталното здравје, репродуктивната историја на жената, зависности од супстанци и сл.

Особено се важни правилата кои се однесуваат на утврдување на претходна сексуална злоупотреба или за останати форми на насилство кои можеби ги трпела во минатото. При утврдување на постоење на нејзина претходна виктимизација, или злоупотреба која се јавила во рамките на институцијата, наведено е дека затвореничката треба да се информира детално за нејзините легални права кои ги има, но без оглед на тоа дали таа би се подвргнала на една правна процедура или не, нејзе мора да ѝ биде овозможена специјализирана психолошка помош или советување. Доколку жената со себе има малолетно дете, и детето ги има истите права на прегледи како и мајката. Резолуцијата опишува и правила кои се однесуваат на родово - сензибилизирана здравствена заштита. Понатаму, а особено важно, се утврдува дека на жените кои имаат ментални заболувања или кои се едноставно трауматизирани, мора да им биде овозможено индивидуализарана, родово-сензибилна, сеопфатна ментална здравствена заштита со програми за рехабилитација кои би им биле достапни. Во рамките на здравствената заштита пропишани се правила за превенција од ХИВ – третман и поддршка, програма за зависности од супстанци, превенција на самоубиства и самоповредувања, превентивна здравствена заштита изразена преку обуки и информации и сл. Во врска со мерките за безбедност, предвидено е дека претресот смеат да го вршат само жени службенички, а притоа не смее да се нарушува достоинството на затвореничката, па препорачливо е соблекувањето при претрес, кое може да има неповолни последици по менталната состојба и физичкиот интегритет на жената, да се замени со скенирање или други подобри современи методи. Трудниците, доилките или жени кои штотуку родиле, не би требало, согласно Правилата, да се упатуваат во самица заради дисциплински престапи, како и тоа да ограничувањето или забранувањето контакти со фамилијата, особено со децата, не смее да се користи како дисциплинска санкција против жените затворенички.

Со оглед на огромниот степен на постоење злоупотреби на жените затворенички, Бангкочките правила стават акцент на заштита на жените во затворите од насилство. И предвидуваат дека доколку некоја жена се пожали на злоставување, веднаш да ѝ се обезбеди медицинска помош, поддршка и советување. Понатамошните правила (од 29-35) се посветени на работниот ангажман на жените во затворите, образованието и обуките. Се смета дека треба да се обрати посебно внимание во овој дел, адекватна упатеност на жените во нивните права во институцијата, како и нивно запознавање со правата на институцијата и општите човекови права, како и специфичните потреби на жената, развојните потреби на децата, затоа што дел од жените во затворите се со своето потомство. Првиот дел завршува со правила за малолетнички лишени од слобода, и нивната специфична положба со оглед на возраста. Нивните права се посебно нагласуваат, од причини што низ многу држави женските малолетни

престапнички се во толку мал број што често се занемаруваат, што влијае деструктивно на нивното образование.

Вториот дел од Правилата се однесува на посебни категории жени кон кои се применуваат институционални мерки. Пред сè се издвојуваат правила кои се однесуваат на притворени жени и на затворени жени, но и овде постојат правила применливи за сите категории на жени затворенички. Правилата во овој дел започнуваат со укажување од потребата на адекватна класификација на жените во затворите со цел постигнување на ефекти во понатамошната ресоцијализација. Се нагласува дека во овој дел треба да се води сметка дека жените генерално се помала закана за безбедноста на општеството од мажите. Да се земаат во предвид условите од кои потекнува жената, нејзините родителски обврски, претходна виктимизација и сл. (правило бр 40 и 41). Се нагласува особената потреба од овозможување на контакт со надворешната средина и членовите на фамилијата, а земајќи во предвид дека поголемиот дел од затвореничките се претходно злоставувани, да се врши надзор и контрола над тоа кој треба да ја посетува. Се препорачува давање на нужна помош во транзицискиот период пред излегување и овозможување на сите услови за потполна нејзина реинтеграција. Особено внимание се посветува на родилките и на правата на детето родено во текот на издржувањето на казната. Наведено е дека одлучувањето дали детето ќе биде одделено од мајката или не, да се раководи од аспект на најдобриот интерес за детето, а доколку се одвојува претходно да се преземат сите неопходни мерки за негово згрижување надвор од установата, како создавање на услови за овозможување на што почести контакти меѓу детето и мајката, доколку, нормално, истото не е на штета на детето и неговата безбедност.

Третиот дел го покрива извршувањето на не институционалните санкции и мерки, и, во согласност со Токиските правила, нагласуваат дека државите треба да се подвргнуваат што повеќе на алтернативно постапување со жените престапнички. Тука, се смета, дека треба да се земе во предид фактот што токму жената е онаа на која ѝ е оставена обврската да се грижи за други, како и тоа дека многу од жените кои сториле кривично дело претходно биле виктимизирани (правило бр. 57). Со правилата се препорачува и да се остави можност на судовите, како олеснувачка околност при индивидуализацијата на казната за жената престапничка, биде земено нејзината претходна неосудуваност, помалата општествена опасност и посебната природа на кривичното дело, како и тоа сето тоа да биде опсервирано од специфичните животни околности на жената, но и од аспект на нејзините потенцијални обврски за грижа за други лица. За трудници и мајки, се потенцира, пред сè да се користат неинституционални мерки и санкции и кон затворска казна да се посегне само

во случај на тешки кривични дела или кривични дела со елементи на насилство или во случаи кога женското однесување преставува сериозна закана за безбедноста на други лица. И секогаш да се води сметка за згрижувањето на малолетни деца доколку жената ги има.

Четвртиот дел се однесува на истражување, планирање, вреднување на постигнатите резултати и на подигање на нивото на јавната свест за проблемот на криминалитетот на жената. На државите им се препорачува да спроведат истражувања за причините, природата, структурата и динамиката на криминалитетот на жената, со цел средствата наменети за реагирање кон овој криминалитет да се адаптираат кон реалните карактеристики на појавата. Се смета дека јавноста и медиумите мора да бидат упатени во суштинските и вистинските причини поради кои жената се подвргнува на вршење на кривични дела, како и адекватно развивање на ефективни модалитети, методи и третмани за успешна реинтеграција на жената во општеството, нејзина ресоцијализација и социјална адаптација.

Сепак, овие правила се само еден мал почеток и надахнување за вистинскиот третман на жените во пенитецијарните установи. Иако не навлегуваат во никакви луксузи или, воопшто, поволности врзани за родот, во многу држави нивното остварување ќе биде значително отежнато. Во 2015, во склоп на серијата прирачници од казненото право, од страна на Правосудното одделение на ОН за дрога и криминал, во соработка со Институтот за човекови права и хуманиратно право – Raoul Wallenberg и Тајланскиот правосуден институт, концепирана е и Програма[15] за обука за развој назнаење и вештини на службените лица кои се занимаваат со казненото право и креирањето на политиките во согласност на Бангкочките правила. Програмата содржи 12 модули кои стават акцент на различни области од Правилата како утврдување на потребите на затвореничките и решавањето на дискриминацијата, хигиената и здравствента заштита, безбедноста, третман на трудници и жени со деца, незатворски мерки и сл. Програмата содржи и пет анекса кои се од значење при реализирање на работилници за обука на соодветниот работен кадар.

Депривации кај жените затворенички - показатели за потребата од усвојување и имплементирање на Бангкочките правила во светски размери

Потребата од носење на вакви акти во полето на пенологијата, кои ќе стават соодветен акцент над потребата на одвоено и внимателно третирање на

[15]Достапна на https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Zene_i_zatvor_HR.pdf (последни пристапено на 22.01.2018);

жената затвореник, во глобални размери, највоочлива е кога ги разгледуваме депривациите кои ги развива жената затвореник.

Разгледувањето на депривацискиот модел кај затворениците во теоријата е продукт на работењето на Клемер (Clemmer), Сикес (Sykes) и Гофман (Goffman) и ја објаснува адаптацијата воопшто, како и нивото на адаптација на затворените лица, а следено преку изразувањето на агресија, насилство, појава на анкциозност, депресија, стрес, како и самоповредувања или самоубиства[16]. Ваквите депривации се всушност фрустрации и често се нарекуваат и „болки на осуденикот", а се врзуваат со импактот кој го остава врз лицето затворот и затвореничкото општество.

Прва и највидлива депривација која ги погаѓа сите затвореници е губењето на слободата и намалување на слободниот простор за движење. Сепак, се смета дека овој проблем во понатамошниот престој е значително понебитен споредено со разделбата од семејството роднините и пријателите. Така, се јавува засилено чувство на страв, осаменост и досада кај затворениците.[17] Втората депривација која доаѓа е недостатокот од добра и услуги, односно неможноста за задоволување на одредени материјални потреби, како храна, облека, засолниште, можност за адекватен медицински третман , луксуз и поседување одредени вредни материјални добра и сл. Потоа следуваат проблеми кои настануваат како резултат на недостиг на редовна интимност и интимни односи со партнерот. Посетите на партнерот се кратки и под строга контрола што создава дополнителни фрустрации кај затвореникот. Потоа степенот на автономија кој го има во самиот затвор, исто така знае да создаде дополнителни проблеми и фрустрации кај лицето, а на крај и губењето на чувството на сигурност кое доаѓа со влегувањето во институцијата. Влегување во општество, каде добар дел од лицата се виолентни, зависници или опасни, особено придонесува за разнишување на сигурноста, и доколку не научи да живее со неа, во рамки на институцијата никогаш нема да се чувствува сигурно. Губењето на автономија врз сопствениот живот затворениците тешко го прифаќаат. Постојаниот надзор, животот во опасна средина, диктираниот распоред на активности, создаваат чувство на немање на контрола врз сопствениот живот. Последиците и ефектите од затворањето се различни во зависност од родот, возраста, расата или семејната структура на осуденикот. Самиот престој во затворот се смета дека создава дополнително, повисоко, ниво на стрес кај осуденикот, за што зборува и зачестеноста на самоубиства, самоповредувања, насилства, убиства во пенитенцијарната установа, кои се изразито зголемени во

[16] Huey, M., Deprivation, Importation and Prison Suicide: The Combined Effects of Institutional Conditions and Inmate Composition, Doctoral Disertation in philosphy, University of Georgia, Athens, Georgia, 2008, pg.12;

[17] Sykes, G. The Society of Captives, New Jersey: Princeton University Press, 1958;

однос на оние присутни кај општата популација. Се смета дека главни причинители на стрес се недостигот на семејството и пријателите, слободата, одредени активности, вознемирување создадено од еволуирање на спомени, загриженоста за иднината, досада, неадекватност на сместувањето, недостиг на поддршка, незадоволително ниво на медицинска услуга и сл.

Кога станува збор за жените затворенички, познато е дека тие се значително по вулнерабилни на стресогените околности во затворот, за разлика од мажот[18]. Изолацијата од семејството, неможноста за извршување на секојдневните семејни обврски кои жената ги имала на слобода, кај жените создава тага и вина кои прераснуваат во константен стрес. Традиционално, најголемиот дел осуденици насекаде во светот се мажи. Пенитенцијарната средина е прилагодена првенствено за задоволување на потребите на мажите, па не се води доволно сметка за специфичните потреби кои ги имаат жените - осуденички. Така, тие и во затворот се соочуваат со двојни проблеми – оние кои потекнуваат поради родовата припадност, а од друга страна, дискриминацијата која ја трпат поради тоа, која пак придонесува состојбата да се влошува во текот на затворската казна, а истата продолжува и по нивното ослободување од затворот. Па и самото третирање на жената мора да биде родово сензитивно, интервенциите треба да ги земат предвид психолошкиот дистрес и перспективата на животниот циклус во која жената во моментот се наоѓа. Она кое најмногу ги разликува жените од мажите, како надвор така и внатре, е мајчинството. Отуѓувањето кое го создава затворот за жената од своите, а особено од децата е еден од најголемите причинители на стрес, а веројатно, и најтешкиот аспект на престојувањето во затворот е одвоеноста од децата[19].

Соочувањето на стресот е особено важен за постигнувањето на целите за затворањето, особено рехабилитацијата. Потребно е рана интервенција за превенирање на атипичното однесување на жената, покажување на знаци на стрес и депресивност и пред се, овозможување на соодветен третман кој би одговарал на нејзиното ниво на стрес, агресија или анксиозност. Овозможувањето на жената да се адаптира во средината во која се наоѓа е особено битно и е показател за нејзино успешно снаоѓање во средината надвор,

[18] Перлин, Шулер и Кеслер, цитирано според Мојаноски, Ц., Бачановиќ, О., Аќимовска – Малетиќ, И., Батиќ, Д., Стефановска, В., Миленковска, М., Илијевски, И., Јованова, Н., Димитровска, А., Положбата на осудените лица во пенитенцијарните установи во Македонија, Истражувачки извештај, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, 2014, стр.249;

[19] Мојаноски, Ц., Бачановиќ, О., Аќимовска – Малетиќ, И., Батиќ, Д., Стефановска, В., Миленковска, М., Илијевски, И., Јованова, Н., Димитровска, А., Положбата на осудените лица во пенитенцијарните установи во Македонија, Истражувачки извештај, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, 2014, стр.249-250;

по завршувањето на издржувањето на казната затвор, како и степенот на ризик од повторништво. Редуцирањето на досадата, осаменоста и агресијата, е нешто кое треба да започне со првиот третман на жената внатре, а кое би придонело за унапредување на менталното здравје на жената.

Степенот на адаптацијата на затворот и на затвореничкото општество ги води затворениците во две насоки, кон зголемување на индивидуалната опозиција и склоност кон самоповредување и насилства или развивање на затворенички субкултура преку која сакаат да го намалат негативното чувство кое го имаат од затворот. Како модели на прилагодување на лицето во затворското опкружување се јавуваат физичкото бегство, психолошкото повлекување, бунтот, настојувањата по мирен пат да се изменат животните услови, конформизмот, манипулацијата и ритуализмот. Согласно вијанието и степенот на афект на депривациите и се изродуваат најразлични улоги, поделби и хиерархии меѓу самите затвореници, внатре во установата, како кај мажите така и кај жените. Според Гофман (Goffman) начинот на кој затворениците го одлежуваат осудениот период варира, односно се движи во две крајности – или стануваат целосно опфатени од општетсвото и претопени во него или целосно се повлекуваат со цел да преживеат во него. Земајќи ја во предвид сензибилноста на жената, кај неа доаѓа до нагласување на овие две крајности. Особено опасно е занемарување на двете, бидејќи како едната така и другата крајност можат да бидат деструктивни за самата затворенички, но и за останатите. Депривациите кои се занемрауваат и не се третираат соодветно можат да се претопат во видно изразена агресија по животот и телото на самата осуденичка или на останатите осуденички во установата. Континуирани разговори со психолози и воспитувачи се од круциелно значење за преживување во установата и постигнување на минимално ниво на ресоцијализација.

Постои континуирана потреба од понатамошно подобрување и усовршување на пенитенцијарните системи ширум светот, и нивно адаптирање согласно современите текови и трендови од областа на извршување на санкциите, а особено со споменативе Бангкочки правила. Во таа насока, како неопходна се јавува потребата од сеопфатна анализа за идентификување на позитивните и негативните аспекти на функционирање на затворскиот систем во државите и врз основа на постоечките состојби да се постават конкретни цели и да се понудат реални решенија за подобрување на состојбата во затворите. Уважувањето на ваквите акти од страна на државите и усогласување на домашната легислатива и пракса со нивните препораки, е почетен стадиум за намалување на деструктивните депривации кои ги развиваат затвореничките во пенитенцијарните установи низ светот. Правилната индивидуализација при казнувањето е исто толку важна колку и определувањето на соодветниот третман во установата, кој потполно ќе соодвествува со индивдуалните и родово сензибилизираните обележја на жената. Само на тој начин казната затвор може

да добие позитивна насока кон посакуваната ресоцијализација и социјална адаптација.

Заклучок

Институционалниот третман кој го добиваат жените во рамките на пенитенцијарната установа е далеку од задоволувачки, а посебно во насока на, преку него, создавање свест кај жените за одвраќање од криминалитетот. Условите кои ги има осуденичката на казна затвор, во многу земји ширум светот, се далеку од идеални, што повеќе, и далеку од базични. Самата просторна оддалеченост од семејството, која е реалност во голем дел од земјите, е неспоива со успешен третман и ресоцијализација, а е принудна поради постоење на само една установа за издржување на затворска казна за жени (присутно кај нас и во соседството). Базичните здравствени услуги кои ги добиваат жените во реалноста се косат со предвиденото во меѓународните акти и минималните стандарди и се оскудни. Нередовните прегледи, несоодветната терапија за кои слушаме секојдневно, се само дел од проблемите со кои секојдневно се соочуваат. Не е воспоставен ниту адекватен однос и механизам за развивање и определување на соодветен третман на затвореничките, а истиот е клучен за нивната ресоцијализација. Постојат многу повеќе биолошки, социолошки, психолошки аспекти кои треба да бидат уважени, а кое е случај со Бангкочките правила. Затоа, без никаква доза на дискриминација или повластување, сметаме и препорачуваме, дека се вкупните услови за затворениците мораат да бидат подобрени час поскоро, а со тоа и за жената како дел од нив. Третманот мора да го добие соодветното место за вистинска ресоцијализација на затворениците, а особено реализирањето на когнитивно – бихејвиорални[20] пристапи во третманот за жените затворенички, со цел

[20] Со појавата на когнитивната терапија почнува да се осветлува значењето на свесните мисли и идеи и нагласување на значењето на здравиот разум како важен фактор во човековата борба со психолошките проблеми. Привлечноста на когнитивната терапија е истакнувањето на рационалната компонента на човековото битие. Целта на терапијата е да се менуваат погрешните премиси, да се исправат грешките и заклучоците и да се насочува човекот кон објективната реалност. Неадекватните проценки, согласно когнитивната-бихејвиорална психотерапија, се последица на когнитивните дисторзии, кои водат до емоционални потешкотии. Ваквите проценки се јавуваат во форма на идиосинкратични когнитивни содржини, кои се засновани на негативни автоматски мисли, дисфункционални претпоставки и ирационална когнитивна шема. Дисфункционалните верувања и правила со слична содржина се асоцираат со меморијата и на тој начин формираат когнитивна структура од повисок ред -когнитивна шема. Шемата поврзана со една или повеќе специфични ситуации се нарекува

намалување на нагорната тенденција на женскиот криминалитет, како и за создавање на клима на соодветна ресоцијализација и социјална адаптација. Третманските програми за жената затвореник треба да ја вклучуваат околината, која треба да им обезбеди сигурност, односно да биде ослободена од секој облик на насилство, да поттикнува поврзаност со останатите и да ја зајакнува самата затворенички. Самите третмански интервенции треба да бидат насочени на когнитивно, афективно и бихејвиорално ниво. Во обликувањето на третманот за жената треба да бидат земени во предвид и општите начела за успешната пракса на подрачјето на рехабилитацијата, со претпазливост кон проблемите кои можат да се појават при примената на тие начела на третман и рехабилитација врз жената. За жал, денес жените од затворите излегуваат значително по „оштетени" одошто тоа биле во средината од која го сториле кривичното дело. Затоа, само со вистински постпенален модел и третман за ресоцијализација и социјална адаптација е можно ублажување на острината на последиците и одвраќање од рецидивизам. Затворената жена, со нарушени семејни односи поради стореното, може да покаже лошо и асоцијално поведение уште во рамки на затворенички општество.

Сепак вистинските последици жената ја стигаат надвор од установата, на што мора да се работи. Периодот од три години по одлежувањето на затворската казна за сторено кривично дело се смета за најчувствителен. Истиот период треба да се зема за релевантен и тогаш кога е досудена инаква казна. Институициите во овој период треба да обратат поголемо внимание врз жените престапнички воопшто, а секогаш истото да го прават поврзано со побудите поради кои го извршила првичното кривично дело. Грижата за деца е параметар кој скоро и да не се користи во прогнозата и забележување на постоење на

когнитивен сет, а општата шема когнитивен модус. Основата за јавување на дисфункционални претпоставки се наоѓа во логичките грешки-дисторзии. Бихевиоралната терапија ја нагласува важноста на мислењето во она што чувствуваме и како се однесуваме. Доколку доживуваме чувства кои не ги посакуваме или се однесуваме на начин кој не го сакаме, важно е да се идентификуваат мислите кои го предизвикуваат тоа однесување или тие чувства, да научиме како да ги замениме со мисли кои водат кон посакувани реакции. Основната претпоставка на бихевиораната терапија е е дека можно е да се менува однесувањето со помош на психолошки средства, тие промени се одвиваат низ процесс на учење. Терапијата подразбира специфичен програм за секоја сеанса, специфични техники и концепти кои се учат. Фокусирана е да помогне во остварување на цел која лицето само си ја поставило. Бихевиоралната терапија е директивна, но сепак на лицата не им се зборува што да прават, туку се учат како да прават. Улогата на терапевтот е да слуша, подучува, охрабрува, а на лицето да зборува, учи и го применува научено. Подетално на: http://www.institut-alternativa.com.mk/index.php/psihoterapija/skoli-i-pravci/kognitivna;

„чисто поле“ за криминалот кај мажите и прогнозата за ризик од рецидивизам. Кај жената пак е клучна, особено во поглед на начинот на кои таа ги одгледува своите деца, во партнерство или сама. Жените кои се самохрани родители имаат повисок ризик за запаѓање во повторништво. Тргајќи од ваквите сознанија за прогноза на рецидивизмот, значително може да се олесни идното негово превенирање и адекватно реагирање на истиот.

[29]In 2016, this body was addressed by about 20,000 citizens, which is one third more than the previous annual average (for the period 2007-2015). In 2016, citizens filed 6, 272 complaints to the Protector of Citizens, which is almost 88%, more complaints annually than the annual average measured during the period of nine years. In 2016, the Protector of Citizens submitted 1, 340 recommendations to the competent bodies. The percent of compliance with these recommendations is 88, which represents an increase to the previous years. See more: Regular Annual Report of the Protector of Citizens for 2016, http://www.ombudsman.org.rs/attachments/article/134/Introduction_2016%20Annual%20Report.pdf

Lee H. P. , *Judiciaries in Comparative Perspective,* Cambridge University Press, 2011
Nastić Maja, *The relationship between the Constitutional court and Regular court: a commentary on a decision of the Constitutional Court of Serbia*, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Nišu, br. 65, 2013,
Treneska Deskoska Renata, Constitutional protection of human rights (with reference to the Republic of Macedonia), Ustavne i međunarodne garancije ljudskih prava, Niš, 2008, p
Pejić Irena, *Garancije ljudskih prava u nacionalnom poretku:ustavnosudska zaštita*, Ustavne i međunarodne garancije ljudskih prava, Niš, 2008,
Stojanović Dragan, *Ustav Republike Srbije* (pogovor), Niš, 2006
Stojanović Dragan, Ustavno pravo (prva knjiga) Niš, 2004
Constitution of the Republic of Serbia (''Official Gazette of the RS'', no. 98/2006
Case of Vinčić and others v. Serbia, judgment Strasbourg 1 december 2009
European Commission for democracy through law (Venice Commission): Opinion on the Constitution of Serbia, adopted by the Commision at its 70 th plenary session (Opinion No. 405/2006)
The Judgment of the Constitutional Court of Serbia Už 2663/2009, Už 2371/2009, Už 2371/2009, Iuz 97/2012,
Screeing report Serbia: chapter 23- Judiciary and fundamental rights, https://ec.europa.eu/neighbourhoodenlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2014/140729-screening-report-chapter-23-serbia.pdf
Law on Protector of Citizens ('Offical Gazette', No. 79/2005, 54/2007

Марија Амповска
Доцент,
Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев" Штип
E-mail: marija.ampovska@ugd.edu.mk

УДК.347.964.3(497.7)

ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ИЗВРШИТЕЛОТ ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО

Апстракт
Во трудот централно место зазема осигурувањето од одговорност на извршителот во македонското право, од аспект на задолжителното осигурување предвидено со правните прописи. Со оглед на тоа дека предмет на осигурувањето е законски уредената одговорност на извршителот за штета што ќе ја причини на трети лица при вршење на својата дејност, трудот дава приказ и на граѓанско-правната одговорност на извршителот, како специфичен вид на професионална одговорност, од аспект на нејзина уреденост со lex specialis, како и од аспект на правната теорија. На тој приказ се надоврзува анализата на осигурувањето од одговорност на извршителот, преку призмата на нејзината правна природа, правни извори и правна уреденост. Имајќи во предвид дека подетална уреденост на овој вид осигурување од одговорност е содржана единствено во посебните услови на осигурувачот, фокусот ќе биде ставен на нивните одредби, со цел да се направи анализа на нивната усогласеност со законските одредби, како и меѓусебната усогласеност. Крајната цел е преку анализа на спецификите на осигурувањето на одговорноста на извршителот да се одговори на прашањето дали истото ги исполнува целите на своето постоење – дали претставува правно исполнет предуслов за остварување заштита на оштетените лица, а во исто време да го социјализира ризикот од вршење на професионални дејности, без притоа да се изгуби чуството на одговорност и да се умртви степенот на внимание кај осигуреникот – извршителот.

Клучни зборови: *осигурување од одговорност, професионална одговорност, извршител, надомест на штета.*

Marija Ampovska
Assistant Professor, Faculty of Law in Shtip, University "GoceDelchev" Shtip, Republic of Macedonia
E-mail: marija.ampovska@ugd.edu.mk

ENFORSMENT AGENT'S LIABILITY INSURANCE IN MACEDONIAN LAW

Abstract
The focal point in this paper is the enforcement agent's liability insurance in the Macedonian legal system, analyzed from the aspect of mandatory insurance. Having in mine that the subject of this insurance is legal liability for personal injury or property damage sustained by third parties arising during the course of the activities, this paper, firstly, shows the civil liability of the enforcement agent as a specific kind of professional liability, from the aspect of lex specialis legal regulation and legal theory. This analysis builds on the enforcement agent's liability insurance, through the prism of its legal nature, legal sources and legal regulation. Bearing in mind that a more detailed regulation of this type of liability insurance is contained solely in the specific terms of the insurer, the focus will be placed on their provisions in order to analyze their compliance with the legal provisions as well as with one another. The ultimate goal is: analyzing the specifics of the insurance should answer the question whether it meets the goals of its existence - whether it is suitable to provide protection of the damaged persons, while at the same time to socialize the risk of performing professional activities, without losing the sense of responsibility and without reducing the degree of attention of the insured person - the enforcement agent.

Keywords: *liability insurance, professional liability, enforcement agent, compensation of damage.*

1. Воведни напомени

Во правната теорија среќаваме продлабочено разликување помеѓу три поими – занимање, професија и слободна прафесија. Истите се дефинираат како сложени категории кои во себе содржат социолошка, политичка, економска, правна и

техничко-технолошка димензија.[1] Се смета дека поимот занимање е поширок поим од поимот професија и настанува како резултат на општествената поделба на трудот, а престанува да постои како резултат на општествениот развој.[2] Разликувањето на професијата од занимањето е обележје на современиот облик на општествена слоевитост и истото е структурално, инструментално и идеолошки оправдано и втемелено.[3]

Во денешно време од општиот поим професија, како дејност со која некој се занимава и остварува приходи, се издвојува поимот слободна прафесија која се врзува со вршењето на одредена интелектуална дејност, па може да се сретне во литературата и како интелектуална професија. За припадници на интелектуалните професии се сметаат вршителите на правно регулираните професии, односно адвокати, извршители, нотари, судии, јавни обвинители, стечајни управници, како и сите медицински и сродни професии, архитекти, овластени градители, ревизори, сметководители и слично, а во голем дел од правните системи овој поим се проширува и на припадниците на уметничките професии.[4] Иако во правната теорија сé уште не постои општо прифатен поим на интелектуална професија, ниту пак постои потполна согласност за тоа кои професии спаѓаат под овој поим, несомнено е постоењето на причината за ваквото изделување од општиот поим професија. Се работи за развивањето на посебни, истовремено суштествени, карактеристики по кои интелектуалните професии битно се разликуваат од останатите професии.[5]

2. Поим на извршители

Извршител е лице именувано од Министерството за правда согласно одредбите на Законот за извршување[6] кое врши јавни овластувања, како што се извршување на извршни исправи на судот, нотарот или органот чие седиште е

[1] Dragana Knežić-Popović, Ljubiša Dabić, *Slobodne profesije-pravni aspekt*i, Beograd, 2009, str. 31.

[2] Đukić Ostoja, Profesionalna etika I njen značaj, *Srpska pravna misao*, Banja Luka br. 1-4/1995, str. 345 spored D. Knežić-Popović, Lj. Dabić, *Slobodne profesije-pravni aspekt*i, Beograd, 2009, str. 33.

[3]Повеќе за разликувањето на овие поими кај D. Knežić-Popović, Lj. Dabić, *Slobodne profesije-pravni aspekt*i, Beograd, 2009, str. 35.

[4]Silvija Petrić, Odgovornost odvjetnika za savjet i mišljenje, *Zbornik Pravnog fakulteta u Sveučilišta u Rijeci,* Rijeka, 2010, 24.

[5]Повеќе за овие карактеристики кај S. Petrić, Odgovornost odvjetnika za savjet i mišljenje *Zbornik Pravnog fakulteta u Sveučilišta u Rijeci,* Rijeka,2010, 25.

[6]"Службен весник на Република Македонија" бр. 72/2016.

на подрачјето за коешто е именуван, а врши и други работи утврдени со закон.[7] Законот за извршување ја регулира правната професија извршител од неколку аспекти: преку позицијата и опфатот на професионално делување, преку условите за вршење на професијата, одговорноста за штета и осигурувањето на извршителите од одговорност за штета. Дејноста на извршителот е регулирана и во акти на Комората на извршители на Република Македонија. Најпрво, тоа е Статутот на Комората на извршители на Република Македонија од 20.06.2016 година.[8] Во него се содржани низа одредби од членот 60 до членот 81 со кои се уредуваат правата и должностите на извршителите, замениците на извршителите, помошниците на извршителите и приправниците кај извршителите. Согласно Статутот на Комората на извршители на Република Македонија извршителот ги спроведува извршните дејствија независно, самостојно, непристрасно и слободно врз основа на закон. [9] Самиот Статут упатува на примената на другиот акт на Комората на извршители на Република Македонија, а тоа е Кодекс на професионална етика на извршителите.[10] Зборуваме за членот 66 од Статутот на Комората на извршители на Република Македонија според кој: *"Однесувањето на извршителите при нивната работа, меѓу себе како колеги, како и спрема странките, се регулира со Кодексот на професионална етика на извршителите. Непочитувањето на одредбите од Кодексот за професионалната етика на извршителите претставува дисциплинска повреда."* На овој начин индиректно се упатува на сите дејствија на извршителот, дефинирани и уредени како дисциплински повреди, кои во исто време можат да се јават и како штетни дејствија во смисла на општиот услов за настанување граѓанско-правна одговорност за штета. За ова прашање значајна е одредбата од Кодексот за професионална етика на извршителите која е содржана во членот 3 и според која извршителот е должен стручно и совесно да ги применува одредбите на законот за извршување и подзаконските акти и да се однесува на начин што ќе го штити и придонесува за угледот на професијата извршител и на Комората на извршители на Република Македонија. Исто така овој акт содржи определување на должностите што извршителот ги има спрема странките во извршувањето, што воедно го дефинира опфатот на неговата одговорност за штета во секој случај на повреда на оваа должност. Уште еден акт на Комората на извршители е од значење за професионалната одговорност на извршителите, а тоа е Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка од 29.05.2018 година.[11] Истиот е значаен бидејќи во него

[7]Член 32 од Закон за извршување.
[8]Достапен на http://kirm.mk/?page_id=39 пристапено на 07.04.2018.
[9]Член 61 од Статутот на Комората на извршители на Република Македонија
[10]Достапен на http://kirm.mk/?page_id=39 пристапено на 07.04.2018.
[11]Достапен на http://kirm.mk/?page_id=39 пристапено на 07.04.2018.

се разработува стандардот на внимание со кое треба да постапува извршителот при вршење на своите овластувања. Во членот 5 од Правилникот за дисциплинска повреда и дисциплинска постапка се вели дека извршителот одговара дисциплински за своето нестручно и несовесно работење, ако со своето однесување при спроведување на извршувањето врши повреда на службената должност, предвидена во Законот за извршување, подзаконските акти и актите на Комората, со кои се уредува работењето на извршителот. Притоа како нестручно постапување се смета секоја повреда на законот, со која при спроведувањето на извршувањето извршителот предизвикува повреда на правата на странките во постапката или на трети лица. Несовесно постапување, пак, е постапување спротивно на етичките норми, професионалните стандарди и правила на извршителската должност. Во случај кога со ваквиот начин на постапување извршителот воедно ќе причини штета на трети лица, освен дициплинската одговорност настанува и одговорност за причинетата штета.

3. Правна природа на одговорноста на извршителот

Најопшто зборувајќи, професионалната одговорност постои секогаш кога носител на одредена професија ќе ги повреди обврските кои за него произлегуваат во постапката на давање на професионални услуги на неговите корисници. Секоја професија содржи одредени посебности па затоа прашањето за професионалната одговорност се поставува одделно за секоја од овие професиите. Така на пример, медицинската дејност како слободна професија строго се разликува од дејноста на носителите на било која друга професија, од причина што таа содржи во себе многу специфични елементи кои се својствени само за неа.[12] Професионалната одговорност може да настане со повреда како на законска, така и на договорна обврска на носителите на одредена слободна професија во рамки на вршењето, односно пружањето на професионални услуги на навните корисници. Понатаму, професионалната одговорност може да се јави како граѓанско - правна одговорност, дисциплинска одговорност и кривична одговорност. Секоја од одговорностите на носителите на професија претпоставува постоење на посебни правни правила со кои се утврдуваат условите за настанување на одговорност, постапката во која тие се утврдуваат и органите надлежни за утврдување и изрекување на санкции. Предмет на интерес за нас е единствено граѓанско - правната одговорност на вршителите на правна професија за штета причинета при вршење на нивната дејност и осигурувањето од истата. Граѓанско-правната одговорност се одразува во односот на носителот

[12]Види повеќе за слободните професии кај D. Knežić-Popović, Lj. Dabić, *Slobodne profesije-pravni aspekt*i, Beograd, 2009, str. 153.

на професијата и корисникот на неговите услуги, а целта на нејзиното постоење е да се обезбеди обесштетувањена лицата кај кои ќе настанат штетни последици како резултат на професионална грешка.

Приказот на граѓанско-правната одговорност на извршителот преку анализа на неговата природа и правна уреденост е од значење за овој труд бидејќи истата е предмет на договорот кој произлегува од задолжителното осигурување на извршителите и затоа во кратки црти ќе биде изложена пред да се премине на анализа на осигурувњето од одговорност.

Посебното правило за одговорност на извршителот во нашето право се наоѓа во Законот за извршување. Според посебното правно правило извршителот е одговорен за целата штета што ја причинил на странката или спрема трети лица, со незаконито спроведување на извршните дејствија и со неисполнување на должностите што ги има како извршител според овој закон.[13] Освен за своите дејствија, извршителот е одговорен и за штетата која ќе произлезе од извршување на поединечни дејствија што ги предизвикале заменикот на извршителот или полномошникот на извршителот.[14] Во првиот случај не е спорно дека станува збор за лична одговорност на извршителот заснована на негова вина. Иако законската одредба не зборува конкретно за видот на вина што е потребен за настанување на одговорноста, сепак, на основ на примената на општите правила на облигационото и отштетното правило може да се заклучи дека одговорност настанува во случај на обично невнимание, односно однесување спротивно на правниот стандард "добар стручњак". Уште повеќе одговорност на извршителот ќе постои и кога штетата ја причинил со некој од потешките видови на вина – крајно невнимание или намера. Разлика ќе постои во поглед на докажувањето односно претпоставувањето на вината бидејќи според општата теорија на отштетното право обичното невнимание се претпоставува, а намерата и крајното невнимание ги докажува оштетениот.[15]Стандардот добар стручњак се определува и со помош н одредбите на законот според кои се дефинира нестручно постапување и несовесно постапување.[16]

Во вториот случај зборуваме за правна ситуација во која едно лице се јавува како фактички штетник, а тоа се заменикот на извршителот или полномошникот на

[13]Член 43 став 1 од Закон за извршување.

[14]Член 43 став 3 од Закон за извршување.

[15]Гале Галев, Јадранка Дабовиќ Анастасовска, *Облигационо право* ЦЕППЕ, Скопје, 2009, 683.

[16]Притоа нестручно постапување е повреда на законот со кое при спроведувањето на извршувањето извршителот причинил штета или предизвикува повреда на правата на странките во постапката или на трети лица додека несовесно постапување е постапување спротивно на Кодексот за професионалната етика на извршителите и обврските предвидени во Статутот и другите општи акти на Комората

извршителот, а друго лице се јавува како правен штетник, а тоа е извршителот. Во најширока смисла на зборот тука зборуваме за одговорност за друг[17] иако не е посебно уредена во нашиот ЗОО така што не можеме да зборуваме за евентуална правна импликација што оваа категоризација би ја имала врз уредувањето на одговорноста во овие случаи.[18]Законски е регулирана обврска за регрес на исплатен надомест што ја има извршителот спрема осигурувачот во случај кога штетата е причинета по вина на извршителот.[19] Од друга страна односот на извршителот со заменик извршителот и со полномошникот не е регулиран со Закон за извршување.

4. Правни извори на осигурувањето од одговорност на извршителот

Во правната литература се среќаваме со поимното определување на осигурувањето од професионална одговорност како правен однос на осигурување кој настанува врз основа на договор, односно кога е задолжително, врз основа на закон и склучен договор, помеѓу осигурувачот и осигуреникот кое има две функции: примарна функција, односно заштита на лицата кои можат да бидат оштетени при користење на професионални услуги и секундарна функција, односно заштита на давателот на услуги од товарот на надоместот на штета што може да го причини на корисниците на услуги.[20]

По својата правна природа осигурувањето од одговорност на извршителот е договор за осигурување од одговорност, па оттаму и основниот правен извор за негово регулирање е Законот за облигационите односи (во натамошниот текст ќе се користи кратенката ЗОО)[21]. Во прв ред применливи се одредбите на овој закон за осигурување од одговорност[22] а со оглед на тоа што осигурувањето од одговорност се смета за подвид на осигурување на имот, применливи се и

[17]Одговорност за штета во правната професија, доцент д-р Неда Здравева, Правен факултет Јустинијан Први Скопје, http://www.jpacademy.gov.mk/upload/materijali%202015/PPP%20Doc.dr%20Neda%20Zdraveva.pdf, пристапено на 06.03.2018.

[18]Македонскиот Закон за облигационите односи познава одговорност за друг, како посебен вид на одговорност под кој одредбите ги подведуваат одговорноста за лица без деликтна одговорност и одговорноста врз основа на справедливост како посебни случаи на одговорност (членовите 151-157).

[19]Член 43 став 4 од Закон за извршување.

[20]Slavnić Jovan, Osiguranje od profesionalne odgovornosti danas, *Revija za pravo osiguranja broj 3/006*, 23-37, str. 24.

[21] Закон за облигационите односи, "Службен весник на Република Македонија" број 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009 и 123/130.

[22]Содржани во членовите 996 и 997 од Законот за облигационите односи.

општите одредби за осигурување на имот[23], како и заедничките одредби[24] за имотни осигурувања и осигурување на лица.[25]Сепак, предност пред примената на сите овие одредби имаат одредбите од Закон за извршување како lex specialis во оваа материја. Осигурувањето од одговорност за штета причинета спрема трети лица според овој закон е задолжително. Ова произлегува од членот 35 став 5 според кој:"*Комората веднаш, а не подоцна од три дена од денот на изготвувањето на мислењето од претседателот на Комората за утврдување на просторните услови и склучениот договор за осигурување од одговорност за штета сторена на трети лица, ќе го определи и објави во „Службен весник на Република Македонија“ датумот на почетокот со работа на извршителот*." Извршителот е должен до Комората да достави доказ за секој склучен договор за осигурување од одговорност од штета веднаш по склучување на истиот. Во случај извршителот да не ја исполни оваа законска обврска, Претседателот на Комората го известува Министерството за правда, во рок од 30 дена по истекот на полисата за осигурување.[26] На овој начин Министерството за правда врши надзор над работата на извршителот, следејќи дали тој има уредно осигурување од одговорност за штетата што може да ја причини при своето работење.[27] Доколку извршителот не ја доставил полисата за осигурување од одговорност за штета до Комората во рокот определен со овој закон, согласно член 65 од Законот за извршување може да му се изрече дисциплинска мерка парична казна или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител. Освен што постоењето на договорот е услов за почеток со работа, истиот е предвиден и како услов за разрешување на извршителот, доколку извршителот не го продолжува уредно своето осигурување од одговорност[28], а може да се јави и како причина за изречување глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на претседателот на Комората за прекршок, доколку извршителот не доставува податоци за полисите за осигурување до Министерството за правда.[29]

Сепак, подеталното уредување на осигурувањето од одговорност на извршителот во нашето право го наоѓаме во општите услови за осигурување од одговорност на осигурителните компании[30] и во посебните услови за

[23]Содржани во Оддел 2 Отсек 1 од член 980-985 од Законот за облигационите односи.
[24]Од член 953 до член 979 од Законот за облигационите односи.
[25]Loris Belanić, Osiguranje od odgovornosti odvjetnika, *Zbornik Pravnog fakulteta u Sveučilišta u Rijeci*, Rijeka, 2010, 265.
[26] Член 43 став 7 и став 8 од Закон за извршување.
[27] Член 54 став 1 од Закон за извршување.
[28] Член 73 став 1 точка д од Закон за извршување.
[29] Член 253 став 1 од Закон за извршување.
[30]Општи услови за осигурување од одговорност на Кроација осигурување http://w.crosig.mk/%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8-%D0%B8-

осигурување од одговорност на извршители.[31] Општите услови за осигурување од одговорност се применуваат според генералната одредба која гласи:"*Овие услови се применуваат за осигурување од одговорност, а во колку одговорноста се осигурува со некој друг вид осигурување, овие Услови се применуваат ако тоа го предвидуваат условите за тој вид на осигурување*."[32] Со оглед на тоа дека во практиката на осигурителните компании е познат посебен вид на осигурување од одговорност, а тоа е осигурувањето од одговорност на извршителите и за истиот се креирани посебни услови, истите имаат приоритет при примена. Во случај на склучување на договор за осигурување според одредени посебни услови за осигурување на извршителите, како составен дел на договорот се јавуваат и општите услови за осигурување од одговорност, а доколку нивната содржина е спротивна на посебните услови, се применува соодветната одредба од посебните услови.[33] Токму затоа анализата ќе се фокусира на посебните услови за осигурување од одговорност на извршителите, односно на карактеристиките на осигурувањето од одговорност на извршителот кои произлегуваат од регулативата содржана во тие посебни услови.

%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%BD%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8, пристапено на 10.06.2018; Општи услови за осигурување од одговорност од дејност на Триглав Осигувување АД, https://www.triglav.mk/wps/wcm/connect/52ea7cbe-7833-4594-8d7b-bfdce20e20a3/Posebni+uslovi+na+dejnost.pdf?MOD=AJPERES&CACHEID=52ea7cbe-7833-4594-8d7b-bfdce20e20a3, пристапено на 10.06.2018.

[31]Посебни услови за осигурување одговорност на извршители на Еуролинк осигурување АД Скопје, http://www.eurolink.com.mk/uploads/13-08.pdf, пристапено на 15.06.2018; Посебни услови за осигурување одговорност на извршители на Кроација осигурување АД Скопје http://w.crosig.mk/%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8-%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%BD%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8 пристапено на 15.06.2018; Посебни услови за осигурување одговорност на судски извршители на Уника осигурување, http://www.uniqa.mk/repository/media_cnt/UNIQA-Macedonia-2018/34.Posebni~20uslovi~20za~20osiguruvanje~20odgovornost~20na~20sudski~20izvrsiteli_hcm0105150.pdf, пристапено на 15.06.2018;Услови за осигурување од одговорност на извршители на Винер – Виена Иншуренс Груп Скопје, http://www.winner.mk/wp-content/uploads/2017/02/%D0%A3%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%98%D0%B7%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8.pdf, пристапено на 15.06.2018.

[32] Член 1 од условите наведени во фуснота 31.

[33]Посебни услови за осигурување одговорност на извршители на Еуролинк осигурување АД Скопје, http://www.eurolink.com.mk/uploads/13-08.pdf, пристапено на 15.06.2018.

5. Карактеристики на осигурувањето од одговорност на извршителот

5.1. Склучување на договор за осигурување од одговорност на извршителот

Согласно одредбите на ЗОО и нашата правна теорија, во македонското право, во однос на прашањето за моментот на настанување на договорот (перфекција на договор) е прифатена теоријата на прием, според која договорот е склучен во моментот кога понудувачот го примил писменото или телеграмата со која понудениот дава изјава за прифаќање на понудата.[34]

Од друга страна, во рамки на посебните услови на осигурувачите се среќаваме со одредбата дека договорот за осигурување се склучува врз основа на усна или писмена понуда, а склучен е кога договорните страни ќе потпишат полиса за осигурување, [35] односно кога согласно законот за вршење на дејноста судски извршител, извршителот или комората ќе поднесат барање за осигурување.[36] Според истите, обврската на осигурувачот започнува по истек на 24 часот од денот кој во договорот за осигурување е означен како почеток на осигурувањето, а престанува со истекот на 24 часот од денот кој во договорот за осигурувањето е наведен како ден на истек на осигурувањето. Од една страна постои неусогласеност меѓу законската регулатива и содржината на посебните услови во поглед на моментот на склучување на договорот, а од друга страна постои дополнителна конфузија што ја создава одредбата во посебните услови која зборува за два посебни моменти, како моменти на склучување на договорот – потпишување на полисата и поднесување барање за осигурување. Ова понатаму може да резултира во двострука покриеност со осигурување или "дупка" во покриеноста, што за извршителот може да биде негативно како од аспект на

[34]Види Г. Галев, Ј. Дабовиќ Анастасовска, *Облигационо право* ЦЕППЕ, Скопје, 2009, 462 и членовите 23 став 1:" *Договорот е склучен оној момент кога понудувачотќе ја прими изјавата од понудениот дека ја прифаќа понудат*а" и 32 став 1:"*Понудата е прифатена кога понудувачот ќе ја прими изјавата од понудениотдека ја прифаќа понудата*" од ЗОО.

[35] Член 6 од Посебни услови за осигурување одговорност на извршители на Еуролинк осигурување АД Скопје, http://www.eurolink.com.mk/uploads/13-08.pdf, пристапено на 15.06.2018.

[36] Член 7 од Посебни услови за осигурување одговорност на судски извршители на Уника осигурување, http://www.uniqa.mk/repository/media_cnt/UNIQA-Macedonia-2018/34.Posebni~20uslovi~20za~20osiguruvanje~20odgovornost~20na~20sudski~20izvrsiteli_hcm0105150.pdf, пристапено на 15.06.2018 и член 6 од Посебни услови за осигурување одговорност на извршители на Кроација осигурување АД Скопје http://w.crosig.mk/%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8-%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%BD%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8 пристапено на 15.06.2018.

потенцијалната одговорност за штета, така и од аспект дисциплинската одговорност спрема Комората на извршители.[37]

5.2. Субјекти кај договор за осигурување од одговорност на извршителот

Како субјекти кај договорот за осигурување се јавуваат осигуреникот, осигурувачот, договорувач на осигурувањето, оштетеното лице и други лица кои се опфатени со осигурувањето. Како осигурувач се јавува друштво за осигурување, во согласност со законските одредби. Како осигуреник се јавува извршителот. Извршителот како осигуреник има посебни својства кои влијаат непосредно на содржината на правниот однос кој се воспоставува кај осигурувањето од одговорност. Тој однос се воспоставува помеѓу осигурувачот и осигуреникот со цел извршителот да се ослободи од последиците на неговата одговорност, односно од обврската за надомест на штета спрема корисникот на професионалните услуги.[38] Постои и категоријата "други лица опфатени со осигурувањето" каде се јавуваат заменикот на извршителот и помошникот на извршителот. Во посебните услови ова е уредено со одредбата дека предмет на осигурувањето е и законската одговорност на заменикот и помошникот на извршителот за причинети штети кои ќе ги предизвика при обавување на основната дејност, во време кога со договор или одобрение го заменува отсутниот извршител,[39] односно со незаконито спроведување на извршни дејствија и со неисполнување на должностите кои согласно Законот за извршување и овластувањата кои им се дадени од страна на извршителот се должни да ги спроведат и извршат.[40] Замениците и полномошниците не се договорни страни на договорот за осигурување од одговорност, но ако некое од овие соосигурени лица причини штета на корисникот на професионалните

[37]Ema Menđušić Škugar, Obavezno osiguranje od odgovornosti odvjetnika, *Zbornik radova s međunarodne znanstveno-stručne konferencije Hrvatski dani osiguranja 2017,* Zagreb, 2017, 83-84. Во нашето право истата конфузија се јавува и кај осигурувањето од одговорност на адвокатот види Marija Ampovska, Lawyer's professional liability insurance in Macedonian law, *Зборник радова Универзално и особено у право,* Косовска Митровица, 2018, pp. 377-395, стр. 382.

[38]D. Knežić-Popović, Lj. Dabić , *Slobodne profesije-pravni aspek*ti, Beograd, 2009, str. 235.

[39] Член 1 став 2 од Посебни услови за осигурување одговорност на судски извршители на Уника осигурување, http://www.uniqa.mk/repository/media_cnt/UNIQA-Macedonia-2018/34.Posebni~20uslovi~20za~20osiguruvanje~20odgovornost~20na~20sudski~20izvrsiteli_hcm0105150.pdf, пристапено на 15.06.2018.

[40] Член 1 став 2 од Посебни услови за осигурување одговорност на извршители на Еуролинк осигурување АД Скопје, http://www.eurolink.com.mk/uploads/13-08.pdf, пристапено на 15.06.2018.

услуги, осигурувачот е должен да ја надомести, ако кај него не постои причина за исклучување на осигурувањето, дури и во случај кога причината за исклучување го погодува носителот на слободна професија во својство на договарач на осигурувањето – осигуреник.[41]

Во правната теорија се вели дека во современото право, кај осигурувањето од професионална одговорност, посебно значење се дава на корисникот на професионални услуги, кој се јавува во својство на оштетено лице. Оваа посебна положба се гледа во привилегирана положба во поглед на другите доверители на осигурувачот, како и во воспоставување на правото на директна тужба спрема осигурувачот.[42] Во посебните услови корисникот на осигурувањето се среќава под поимот трето лице, односно лице кое ќе претрпи штета од извршителот. Од аспект на општата теорија на граѓанско-правната одговорност тука би истакнале една поинаква категоризација на субјектот трето лице. Имено, денеска во правната теорија не е спорно дека граѓанско-правната одговорност на извршителот може да се јави и како договорна и како деликтна одговорност. Без разлика за кој вид на одговорност се работи, традиционалните разлики помеѓу овие два вида на одговорност ќе постојат и во случај на одговорност на извршителот. Истите се гледаат преку обврска за надомест на предвидлива штета кај договорната одговорност, можноста за воведување на клаузулата за ограничување или исклучување на одговорноста, последиците кои настануваат поради пашање во задоцнување, застареноста, надлежноста.[43] Трето лице како оштетено во смисла на општата теорија за граѓанско-правната одговорност е лицето кое не е во договорен однос со штетникот и основот на одговорност на штетникот се правилата за деликтна одговорност. Во случај на осигурување од одговорност на извршителот како трето лице, односно како корисник на осигурувањето ќе се јави секое лице кое ќе претрпи штета од извршител, без разлика дали било во договорен однос со него или не.

5.3. Предмет на осигурување и вид на штета што се надоместува со задолжителното осигурување од одговорност

Во посебните услови за осигурување од одговорност на извршители се среќаваме со одредбата дека предмет на осигурување е законската одговорност на извршителите, на заменикот и помошникот на извршителот за причинети штети кои ќе ги предизвикаат на трети лица при вршење на работи за кои се со закон овластени (за извршителите), односно при обавување на основната

[41]D. Knežić-Popović, Lj. Dabić, *Slobodne profesije-pravni aspekt*i, Beograd, 2009, str. 235.
[42]Ибид, str. 231.
[43]Предраг Шулејић, Осигурање од одговорности давалаца услуга, *Анали Правног факултета у Београду*, Београд, 1984, стр. 1011-1032, стр. 1013.

дејност во време кога со договор или одорение го заменуваат отсутниот извршител (за заменик и помошник на извршителот).[44] Во правната литаратура се среќаваме со мислењето дека кај осигурувањето од одговорност редовен случај е покривањето на штети кои како резултат на вршење на одредена дејност се причинети на некое лице (смрт, повреда на тело или здравје) или на некоја ствар (оштетување или уништување).[45]

Кај осигурувањето од одговорност како карактеристичен вид на штета се јавува "чисто имотната штета", поим кој не е познат во рамки на институтот граѓанско-правна одговорност. Со овој поим се означува имотната штета која не е последица на оштетување или уништување на ствари, ниту на телесни повреди, повреди на здравјето или смрт на лица. До овој вид на штета доаѓа во случај кога поради дејствието на штетникот на оштетениот му е оневозможено нешто да направи или може да превземе нешто но со зголемени трошоци, што за него претставува штета. Овој поим се користи воглавно во рамки на осигурувањето од одговорност со цел да ги одреди потесните или пошироките граници на обврската на осигурувачот, во поглед на штетата што ја покрива осигурувањето.[46] Во таа смисла, професионалните пропусти на извршителот, како што е пропуштањето на рокови, пропусти во врска со составување на полноважни правни акти итн., по правило имаат за последица настанување на чисто имотна штета. Во посебните услови за осигурување од одговорност на извршителот недостасуваат одредби за видот на штета кој е покриен со осигурувањето. Истите содржат само одредби кој го уредуваат начинот на утврдување и процена на штета, роковите во кои осигурувачот е должен да ја исплати штетата, како и највисокиот износ на штетата која се надоместува со осигурувањето, кој неможе да биде поголем од осигурената сума, по еден штетен настан. Со оглед на тоа дека составен дел на договорот за осигурување се и општите услови за осигурување од одговорност, доколку нивната содржина не е спротивна на содржината на посебните услови, во поглед на определувањето на видот на штета што е предмет на надоместување ќе се применат одредбите од општите услови. Во општите услови се вели дека:"*Ако посебно се договори... или ако тоа е предвидено со посебни одредби од овие Услови, осигурувањето се однесува на одговорноста за "чисто имотни штети"*

[44] Член 1 од посебните услови наведени во фуснота 32.

[45]П. Шулејић, Осигурање од одговорности давалаца услуга, *Анали Правног факултета у Београду*, Београд, 1984, стр. 1011-1032, стр. 1024.

[46]П. Шулејић, Осигурање од одговорности давалаца услуга, *Анали Правног факултета у Београду*, Београд, 1984, стр. 1011-1032, стр. 1021. На истиов начин поимот чисто имотна штета е определен во Општи услови за осигурување од одговорност на Кроација осигурување http://w.crosig.mk/%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8-%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%BD%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8, пристапено на 10.06.2018.

т.е. штети кои не настанале ниту со повреда на телото или здравјето на некое лице, ниту со оштетување, односно уништување на ствари."[47] Со ваквото дефинирање на предметот и обемот на покритие на осигурувањето од одговорност неможат да се одредат во доволна мера границите на обврската на осигурувачот. Поради ова видот на штета што осигурувачот е должен да го надомести подетално се одредува преку набројување на случаите на штета што се исклучени од осигурувањето. Во посебните услови посебно се уредува прашањето кои штети се исклучени од осигурувањето. Имено, од осигурувањето се исклучени сите штети кои се настанати а не се оквалификувани со одлука од страна на надлежен претседател на суд како штети настанати поради незаконито спроведување или неисполнување на должности определени со законот за извршување, како и штети причинети со кривично дело.[48] Понатаму, се среќаваме со одредбите дека од осигурувањето се исклучуваат штети кои се предизвикани: со намера, измама и грубо невнимание на извршителот, заменикот и помошникот на извршителот, од вработени лица кои не се опфатени со осигурувањето, штети настанати поради договорно проширување на одговорноста на осигуреникот и на случаи кои по законот не спаѓаат во вршење на законските активности на извршителот, во случај на водење на постапки спротивно на одредбите од Законот за извршување, за грешки кои биле познати во време на склучување на договорот за осигурување или неможеле да останат непознати, поради престанок на вршење на функција односно разрешување на извршителот кој не е запишан во комората, во сите случаи кога неможе да се утврди одговорност на извршителот во согласност со Законот за извршување и условите на осигурувачот, штета во вид на смрт или телесна повреда на лица и за оштетување и исчезнување на ствари, вклучувајќи и кражба на ствари на трети лица, штети на ствари и лица поради загадување на воздух, тло и вода, штети настанати од сите други ризици кои не се опфатени со посебните услови.[49] Одредени исклучувања имаат за цел да ја стават обврската

[47] Член 7 од Општи услови за осигурување од одговорност на Кроација осигурување http://w.crosig.mk/%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8-%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%BD%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8, пристапено на 10.06.2018;
и член 7 од Општи услови за осигурување од одговорност од дејност на Триглав Осигувување АД, https://www.triglav.mk/wps/wcm/connect/52ea7cbe-7833-4594-8d7b-bfdce20e20a3/Posebni+uslovi+na+dejnost.pdf?MOD=AJPERES&CACHEID=52ea7cbe-7833-4594-8d7b-bfdce20e20a3, пристапено на 10.06.2018.

[48] Член 5 од Посебни услови за осигурување одговорност на извршители на Еуролинк осигурување АД Скопје, http://www.eurolink.com.mk/uploads/13-08.pdf, пристапено на 15.06.2018.

[49]Член 5 од Посебни услови за осигурување одговорност на извршители на Кроација осигурување АД Скопје

на осигурувачот во рамките на граѓанско-правната одговорност регулирано со отштетното право (исклучување на договорното проширување на одговорноста на осигуреникот за случаи за кои спред закон не е одговорен), други исклучувања имаат за цел да исклучат посебно опасни ризици кои можат да доведат до катастрофални штети, а постои и група на исклучувања чија цел е да се зачува алеаторноста на договорот, како и потребата за почитување на јавниот поредок и морал – исклучувањето на намерата. Исклучувањето од осигурувањето на штета причинета со намера е во согласност и со законските одредби од ЗОО според кои осигурувачот не одговара за штетата што осигуреникот, договарачот на осигурувањето или корисникот на осигувурањето ја причинил намерно, па ништовна е секоја одредба во полисата која би ја предвидувала неговата одговорност и во тој случај.[50] Исклучувањето на штета причинета со намера е оправдано и од аспект на фактот дека намерата е неспоива со природата на осигурениот ризик, кој мора да биде независен од волјата на заинтересираните лица.[51] Но посебните услови предвидуваат исклучување на одговорноста и во случај кога штетата е причинета со крајно невнимание – грубо невнимание. Во правната теорија се среќаваме со сфаќањето дека*:"За разлика од другите видови на осигувурање, токму кај осигурувањето од одговорност крајното невнимание по правило е покриено со осигурувањето. Кај овој вид на осигурување субјективниот фактор при реализирање на штета е од такво значење, што исклучувањето на крајното невнимание би го лишило осигурувањето од значајната улога на заштита која тоа ја има."*[52] Споредбеното право, пак, покажува дека кај осигурувањето на професионална одговорност во начело се прифаќа покривање и на крајното невнимание. Единствено кај осигурувањето од одговорност на нотарот крајното невнимание

http://w.crosig.mk/%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8-%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%BD%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8 пристапено на 15.06.2018; член 5 од Посебни услови за осигурување одговорност на судски извршители на Уника осигурување, http://www.uniqa.mk/repository/media_cnt/UNIQA-Macedonia-2018/34.Posebni~20uslovi~20za~20osiguruvanje~20odgovornost~20na~20sudski~20izvrsiteli_hcm0105150.pdf, пристапено на 15.06.2018 и член 5 од Услови за осигурување од одговорност на извршители на Винер – Виена Иншуренс Груп Скопје, http://www.winner.mk/wp-content/uploads/2017/02/%D0%A3%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%98%D0%B7%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8.pdf, пристапено на 15.06.2018.

[50] Член 985 став 2 од ЗОО.

[51] D. Knežić-Popović, Lj. Dabić, *Slobodne profesije-pravni aspekt*i, Beograd, 2009, str. 235.

[52] П. Шулејић, Осигурање од одговорности давалаца услуга, Анали Правног факултета у Београу, Београд, 1984, стр. 1011-1032, стр. 1027.

воглавно не е покриено со осигурувањето. Причина за прифаќање на тој построг режим во поглед на степенот на одговорност се наоѓа во фактот што на нотарот државата му пренела јавни овластувања, па според тоа од него се очекува зголемен степен на внимание.[53]

5.4. Минимални износи на осигурена сума кај осигурување од одговорност на извршителот

Осигурена сума претставува износ определен со договор или со закон која се смета за горна граница на обврската на осигурувачот при надоместување на штети во опфатот на осигурувањето, односно осигурувачот е должен да исплати надомест само до висината на износот на осигурената сума. На овој начин осигурената сума неможе да послужи ниту како претпоставка ниту како доказ за висината на причинетата штета. Сумата на осигурување од професионална одговорност, генерално зборувајќи, може да биде договорена посебно за секој вид на покриен ризик или единствено за сите видови штети опфатени со осигурувањето. Освен тоа, како и кај сите имотни осигурувања, и кај осигурувањето од одговорност на извршителот се применуваат правилата за подосигурување, надосигурување и забрана за кумулирање на права по основ на осигурување и права по основ на граѓанско-правна одговорност.[54] Од друга страна, минималниот износ на осигурување претставува износ кој законски е пропишан како најнизок износ на кој мора да гласи осигурената сума при склучување на договор за задолжително осигурување од одговорност. Со посебен договор или со општи услови на осигурување може да се договори и поголем износ на осигурената сума, но не и понизок од најнискиот износ пропишан со закон.[55] Тој најнизок износ пропишан со Законот за извршување е 100. 000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на склучувањето на полиса за осигурување.[56] Единствено во Условите за осигурување од одговорност на извршители на Винер – Виена Иншуренс Груп Скопје во член 2 став 2 предвидена е оваа минимална сума на осигурување под која не може да се склучи договор за осигурување од одговорност. Во останатите анализирани посебни услови се вели дека:"*Најниската сума на осигурување се определува*

[53] D. Knežić-Popović, Lj. Dabić, *Slobodne profesije-pravni aspekt*i, Beograd, 2009, str. 236.
[54] D. Knežić-Popović, Lj. Dabić, *Slobodne profesije-pravni aspekt*i, Beograd, 2009, str. 236.
[55]Види L. Belanić, Osiguranje od odgovornosti odvjetnika, *Zbornik Pravnog fakulteta u Sveučilišta u Rijeci*, Rijeka, 2010, 285.
[56] Член 43 став 6 од Закон за извршување.

согласно одредбите од законските акти за назначување на извршители и истата изнесува најмалку 50.000 Еур во денарска противвредност."[57]

Споредбеното право укажува на фактот дека законски предвидениот износ на минималната сума на осигурување во нашата држава е релативно понизок во споредба со европската практика на осигурување од професионална одговорност. Имено, минималната сума за осигурување на адвокатот во Франција изнесува 305.000 евра по еден осигуран случај, во германското право 250.000 евра за адвокати, а 500.000 евра за нотари.[58] Секој јавен извршител во Република Срија е должен да склучи договор за осигурување од одговорност во висина од најмалку 100. 000 евра за штета што би можел да ја причини на трети лица при вршење на својата дејност.[59] Во Репулика Бугарија[60] минималната сума на осигурување од одговорност варира помеѓу вредностите 90 000 лева и 1 200 000 лева, во зависност од износот на наплатена такса во претходната година. Во Црна Гора минималниот износ на осигурување се утврдува во износ од најмалку 120 просечни примања во Црна Гора според податоците на органот администрација одговорна за статистички прашања.[61]

[57]Член 2 став 3 од Посебни услови за осигурување одговорност на извршители на Кроација осигурување АД Скопје http://w.crosig.mk/%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8-%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%BD%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8 пристапено на 15.06.2018; член 2 став 3 од Посебни услови за осигурување одговорност на судски извршители на Уника осигурување, http://www.uniqa.mk/repository/media_cnt/UNIQA-Macedonia-2018/34.Posebni~20uslovi~20za~20osiguruvanje~20odgovornost~20na~20sudski~20izvrsiteli_hcm0105150.pdf, пристапено на 15.06.2018.

[58] D. Knežić-Popović, Lj. Dabić, *Slobodne profesije-pravni aspekt*i, Beograd, 2009, str. 236.

[59] Член 3 став 3 точка 1 од Правилник о општим условима за закључивање уговора о осигурању јавних извршитеља („Службени гласник РС“, бр. 62/2016*):"... Договорот за осигурување посебно содржи:... сума на осигурување по осигурен случај за рокот на траење на осигурувањето која изнесува: кај осигурувањето од одговорност на јавниот извршител најмалку 100.000 евра во денрска протвивредност ..."*

[60] Наредба № 2 от 6 февруари 2006 г. за задължителното застраховане на частните съдебни изпълнители, заснована на член 25 од Закон за частните съдебни изпълнители, В сила от 01.09.2005 г., Обн. ДВ. бр.43 от 20 Май 2005г., изм. ДВ. бр.39 от 12 Май 2006г., изм. ДВ. бр.31 от 13 Април 2007г., изм. ДВ. бр.59 от 20 Юли 2007г., изм. ДВ. бр.64 от 7 Август 2007г., изм. ДВ. бр.69 от 5 Август 2008г., изм. ДВ. бр.97 от 10 Декември 2010г., изм. ДВ. бр.82 от 21 Октомври 2011г., изм. и доп. ДВ. бр.49 от 29 Юни 2012г., изм. и доп. ДВ. бр.86 от 27 Октомври 2017г., доп. ДВ. бр.103 от 28 Декември 2017г., достапни на https://www.lex.bg/laws/ldoc/2135516677, пристапено на 01.08.2018.

[61] Член 15 став 3 од Zakon o javnim izvršiteljima ("Sl. list CG", br. 61/2011 i 22/2017).

Заклучни согледувања

- economic resources available to the Balkans (labor - relatively cheap and qualified), and natural resources are of importance to the EU economy and its economy prosperitet;
- transport corridors that connect the EU with Asia and the Mediterranean are crossing The Balkans are in function of its economies.

Bosnia and Herzegovina is still undergoing a pervasive transition path, which we must successfully complete by implementing reforms and thus bring closer to the door of the family of European democratic countries, that is, European integrationist streams. On this path, we will strengthen our position in regional processes and create a more favorable place on the global stage.

Conclusion

Globalization as a modern phenomenon can be viewed from several aspects but through this paper is presented one of them, the economic one which observes

[12] Božić, M., op.cit., p. 96.
[13] Ibid., p. 98.

the impact and role of global financial institutions and multinational companies and their role at global economic stage (linkage of financial, productive and market activities at the global level). Regionalization and its economic aspect is also important part of globalization process. It is analyzed through regional integration with special focus on Balkan region. There is a question all the time about the relationship between the small and undeveloped countries and regions in the world within the existing process of globalization? The answer requires a lot of time and space, but the fact is that these countries and regions can not isolate themselves in the global economy, whatever it was. They have to meet globalization, or have an active attitude towards it. Regionalization, viewed from the economic point of view, succeeds in realizing local and regional interests and goals. It facilitates interconnection between countries, which ensures better utilization of economic resources, as well as easier solving of economic and other problems. Less developed countries have to use globalization in different and better way by using global trade and its benefits. The economy is expanding without borders and it is operating as if there are no economic and political barriers. Globalization is driven by the economy, but the economy is governed by politics, and it is very clear how the process of globalization is shaped and that we can't expect some visible and concrete changes in the future.

LITERATURE

Armstrong H. i Taylor J., Regional economics and policy, 3rd ed., Blackwell, Oxford, 2000.

Božić , M., *Regionalization i economically development Balkans* , Collection works Cultural and Ethnically Identity in the Process of Globalization and Regionalization of Balkan , p. 92-101, Philosophical Faculty Niš , 2002.

Čolaković-Prguda, N., *Procesi regionalizacije i globalizacije – pojam i trendovi razvoja*, Međunarodna naučna konferencija: Bosna i Hercegovina i Euroatlantske integracije: Trenutni izazovi i perspektive, Bihać, 2014.

Dicken, P., *Global Shift: Reshaping the Global Economic Map in the 21st Century*, SAGE,Thousand Oaks, 2003.

Galović, T., *Putevima krupnog kapitala i globalizacije*, I izdanje, Ekonomski fakultet Sveučilišta u Rijeci, 2017.

Grgić M., Bilas V., *Međunarodna ekonomija*, Lares plus, Zagreb, 2008.

Grubiša, D., *Globalna kriza i Europska unija: izazovi i policy reakcija*, zbornik radova Kriza i okviri ekonomske politike, str. 197-210, Zagreb, 2009.

Jaksic, M., *World System and Globalization* ; www.ekof.bg.ac.rs

Maksimović, M., *Unemployment and Global Crisis*, Monograph Crisis and Globalization, Center for Economic Research, p. 244- 255, Institute of Social Sciences, Belgrade, 2009.

Marković, D. Ž., *Planetarna ekonomska kriza i regioni*, Regionalni razvoj i demografski tokovi zemalja Jugoistočne Evrope, str. 17-25, Ekonomski fakultet u Nišu, 2009.

Radošević, D., *Hrvatska gospodarska diplomacija u globaliziranom svijetu*, Ekonomski pregled, 53 (11-12), str. 1070-1086, Zagreb, 2002.

Slijepčević, Đ. i Ivanić, M., *Teorijska shvatanja globalizacije*, Acta Economica, god. VII, br. 10, str. 219-235, Ekonomski fakultet Banja Luka, 2009.

Sunkel, O., Inotai, A., *Globalism and the New Regionalism*, Springer, Berlin, 2016.

Novak Krstić
Assistant Professor, Faculty of Law,
University of Niš, Serbia
e-mail: novakkrstic@yahoo.com
novak@prafak.ni.ac.rs

УДК.347.65/.68-055.2(497.11)
Original research paper

SOME DILEMMAS ABOUT THE SURVIVING SPOUSE'S LOSS OF THE RIGHT TO INHERIT THE DECEASED SPOUSE

Abstract

In contemporary succession law spouse's right to inherit the deceased spouse is well protected. With the exception of the general conditions prescribed for all heirs, the basic condition for the possibility of mutual intestate succession of spouses is that they were married at the time of the death of one of them. However, inheritance law regulates that surviving spouse may lose the heritage in certain occasions, although the marriage between spouses has ended by the death of the deceased spouse. There are some substantial and procedure legal issues about conditions for the loss of inheritance right of surviving spouse and the way of it's realization before the court of law. Discussing about them, the author indicates the failures in regulation and seeks to resolve some dilemmas concerning the possibilities of the deceased spouse's heirs to obtain a loss of inheritance rights of surviving spouse before the court of law.

Key words: *Spouses, Right to Inherit, Life Community, Divorce, Null and Void Marriage.*

Новак Крстиќ
Доцент, Универзитет Ниш, Правен факултет
e-mail: novak@prafak.ni.ac.rs

НЕКОИ ДИЛЕМИ ОКОЛУ ГУБЕЊЕТО НА ПРАВОТО ЗА НАСЛЕДУВАЊЕ НА НАДЖИВЕАНИОТ БРАЧЕН ДРУГАР*

Вовед

Во Република Србија бракот е дефиниран со закон како уредена животна заедница на жена и маж.[1] Со векови се третира како единствена легитимна основа за создавање на семејство, "како круна на еден од основните односи во историјата на човечкот род".[2] Историски гледано, наследноправната положба на брачните другари била многу неповолна. Со текот на вековите, положбата на брачните другари се подобрувала, какои современото наследноправно уредување покрај крвното и граѓанското (адоптивно) сродство, фактите на брачната врска ѝ даваат првокласно значење во конструкцијата на правилата на редовното законско наследување. Брачните другари имаат привилегирана наследноправна положба, бидејќи во повеќето права го наследуваат починатиот брачен другар рамноправно со децата на оставителот, најчесто имаат поповолна наследноправна положба во однос на родителите на оставителот и нивните потомци, додека подалечните сродници на оставителот, по правило, се исклучуваат од наследувањето.

Надживеаниот брачен другар за да може според правилата на законското наследување да го наследи починатиот брачен другар, тој мора да ги исполни сите услови кои се бараат и за останатите законски наследници: да е жив во моментот на смртта на оставителот, да е способен и достоен да наследи, да е повикан да наследи и да не се откажал од наследството. Покрај

*Трудот е резултат на истражувањата на проектот: „*Заштита људских и мањинских права у европском правном простору*“ (бр. на проектот 179046), кој го финансира Министерството за образование, наука и технолошки развој на Република Србија.

[1]Чл. 3, ст. 1 од Семејниот закон на Србија (*"Сл. гласник РС"*, бр. 18/2005, 72/2011 – др. закон и 6/2015; понатаму: СЗ). Неколку милениуми наназад, под брачни другари се подразбирале исклучително маж и жена кои склопиле брак. Од почетокот на овој милениум, меѓутоа, дефиницијата на бракот во повеќе од 20 држави во светот е промената, бидејќи дозволиле и склопување на брак меѓу личности од ист пол (на пр. Белгија, Холандија, Канада, Германија, Франција, Шпанија, Шведска, Данска, Финска, Аргентина, Бразил и др.).

[2]М. Вучковић, *Наследноправни положај супружника у савременом српском праву*, Зборник радова Правног факултета у Нишу, бр. 66/2014, стр. 310.

наведените за брачниот другар се бара уште еден дополнителен услов: неопходно е во моментот на смртта на брачниот другар да бил со него во брак, т.е. бракот да престанал со смртта на првопочинатиот брачен другар.[3] Притоа, потполно е ирелевантно колку бракот траел – неколку децении или сè на сè неколку саати или минути, затоа што за надживеаниот брачен другар правото на наследство потекнува од самиот факт дека бракот е склучен и завршен со смртта на брачниот другар.

Меѓутоа, ни оваа околност некаде не е доволна надживеаниот брачен другар да го наследи починатиот. Со посебни правила на законското наследување, имено, пропишани се причините покрај кои преживеаниот брачен другар сепак може да го изгуби правото врз основа на законот да го наследи умрениот брачен другар. Во трудот ќе ги разгледаме причините кои ги пропишува српскиот легислатор, со краток осврт на законодавствата на просторите на поранешна Југославија, ќе укажеме на пропустите и регулативите и на некои отворени материјалноправни и процесноправни прашања кои се однесуваат на можноста на губење на правото на наследување на брачните другари и начинот на нивно остварување пред судот. Ќе се обидеме да разрешиме и некои дилеми, кои се однесуваат на можноста наследникот на починатиот брачен другар да резултираат со губењена правото на наследување на надживеаниот брачен другар пред судот.

1. Утврдување на основаноста на тужбеното барање за развод на бракот како основа за губење на правото на наследување на брачниот другар

Постапката за развод на бракот може да биде покренатa со тужба од страна на еден од брачните другари, како и со спогодбен предлог за развод на бракот. Ако судот утврди постоење основа за развод на бракот, ќе донесе пресуда со која бракот се разведува. Може, меѓутоа, да се случи во текот на бракоразводната парница еден од брачните другари да умре. Кога е во прашање постоењето на основа за развод на бракот по смртта на едниот брачен другар, како причина за губењето на правото на наследување на надживеаниот,

[3]Ако бракот за животот на (поранешните) брачни другари престанал со развод или со поништување, правото на наследување се гаси. Српскиот нормотворец тоа не го регулира одречно, за разлика на пр. од хрватскиот, црногорскиот и македоснкиот законодавец (чл. 25, ст. 1 Zakona o nasljeđivanju Hrvatske ("*Narodne novine*", бр. 48/2003, 163/2003, 35/2005, 127/2013 и 33/2015; понатаму: ЗНХР), чл.25, ст. 1 Zakona o nasljeđivanjuCrne Gore ("*Službeni list CG*", бр. 74/2008; понатаму: ЗНЦГ) и чл. 26, ст. 1 Закон за наследувањето на Македонија („*Службен весник на РМ*“, бр. 47/1996 и 18/2001 – др. закон; понатаму: ЗНМК)), но овој заклучок несомнено се изведува од законските регули со кои се уредува наследноправната положба на брачните другари.

Законот за наследувањето на Србија[4] ја регулира само ситуацијата кога тужбата за развод на бракот ја поднел починатиот брачен другар. Случаите кога тужбата ја поднесува надживеаниот брачен другар, а туженият брачен другар умре во текот на постапката, како и водењето на постапката за развод на бракот по спогодба на брачните другари во која еден од брачните другари почине, овој законски текст не го разгледува како причина за губење нанаследувањето на надживеаниот брачен другар. Според тоа, неопходно е да се анализираат сите овие ситуации и да се утврди дали и во кој случај, законодавецот направил пропуст во регулативата.

1.1. Починатиот брачен другар како тужител

Првата основа за губење на правото на наследување на брачниот другар, кој го пропишува српскиот законодавец, е утврдување на основаноста на тужбеното барање за развод на бракот по смртта на починатиот брачен другар, кој тој го истакнал во тужбата за развод на бракот.[5] Два основни услови кои мораат да бидат остварени за да престане од оваа законска причина правото за наследување на надживеаниот брачен другар се: првиот е дека тужбата за развод на бракот ја поднел починатиот брачен другар, и вториот, ако по неговата смрт се утврди дека тужбеното барање било основано.[6]

Тужбата за развод на бракот може да ја поднесат само брачните другари, самостојно или преку полномошници.[7] Ова право е поврзано со нивната личност и по смртта не преоѓа на нивните наследници.[8] Тие не се активно процесно легитимирани за поднесување тужби и не можат да докажат дека постоеле причини за развод на бракот во време на смртта на оставителот. Тоа е и логично затоа што бракот, кој престанал со смртта, не може постхумно да се разведе. Затоа тужбата за развод на бракот може да се поднесе само за

[4]*"Сл. гласник РС"*, бр. 46/1995, 101/2003 – одлука УСРС и 6/2015; понатаму: ЗНРС.
[5]Чл. 22, ст. 1, точ. 1 ЗНРС.
[6]Во литературата со право се указува на правно-техничка грешка која му се скрила на законодавецот, затоа што е нормирано на сопружникот да му престане наследничкото својство "ако тужбата била основана". Д. Ђурђевић, *Институције наследног права*, Београд, 2015, стр. 113, фус. 99. Овој пропуст не е отсранет во текот на новелирањето на ЗНРС, како ни во Преднацртот на Граѓанскиот законик на Република Србија (чл. 2616, ст. 1, точ. 1). Со оглед на тоа дека само тужбеното барање може да биде основано, односно неосновано, во текот на идните редакции на наследноправните регули би требало оваа неточност да се коригира.
[7]Во случај кога сопружникот е деловно неспособен, тужбата за развод може да ја поднесе неговиот старател, но потребна му е претходна согласност од органот на старателство (чл. 220, ст. 4 СЗ).
[8]Чл. 219 и чл. 220, ст. 1 СЗ.

време на животот на двата брачни другари, а за основаноста на тужбеното барање одлучува судот во парнична постапка и доколку најде дека барањето за пресудата е основано,[9] ќе донесе конститутивна пресуда со која бракот се разведува.

Меѓутоа, може да се случи во текот на бракоразводната парница едниот или двата брачни другари да умрат. Во тој случај првостепениот суд донесува решение со кое постапката се прекинува, односно дефинитивно завршува.[10] *Ratio* на оваа одлука е во тоа што повеќе места во разводот на бракот нема, затоа што тој престанал пред судот да бил во можност да одлучи за основаноста на барањето за развод.

Со тоа, сепак, не се допира во правата на наследниците па и покрај неговата смрт да ја продолжат постапката. Имено, СЗ ги овластува универзалните сукцесори на починатиот брачен другар (биле тие законски или тестаментални наследници), да ја продолжат започнатата постапка поради утврдување дека постоела основа за развод на бракот истакната во тужбеното барање,[11] при што, да е завршена бракоразводната парница за време на

[9]Со член 41 СЗ пропишано е дека бракот по тужба може да се разведе ако се: а) брачните односи сериозно и трајно се нарушени или б) ако заедницата на животот на сопружниците објективно не може да се оствари. Подетаљно, за тоа кога постои сериозна, а кога трајна нарушеност на односите, како и кои се случаите поради кои постои објективна невозможност на оставарување на заедницата на животот: М. Драшкић, *Породично право и права детета*, Београд, 2011, 148–150. Инаку, со ова модерно нормативно решение српскиот законодавец се откажал од набројување на можните причини за развод на бракот.Таквиот концепт се оправдува со фактот дека практично е невозможно да се набројат во законот сите можни причини кои доведуваат до развод на бракот, како и со тоа дека често е тешко да се утврди само една причина која довела до нарушување на односите, туку најчесто се работи за сплет на повеќе околности. Причината, според тоа, губи на значење, а тежиштето се става на последицата (З. Поњавић, *Породично право*, Крагујевац, 2007, стр. 148–149). Исто така, се укажува и на тоа дека сфаќањата за развод на бракот еволуирале, па современите права тежнеаат да овозможат ефикасен и правичен престанок на бракот со развод. Г. Ковачек Станић, С. Самарџић, М. Ковачевић, *Развод брака и заједничко родитељско старање као последица развода брака у теорији и пракси*, Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, бр. 4/2017, стр. 1287.

[10]Чл. 228, ст. 1 СЗ. Според правилата на општата парнична постапка, во случај на смрт на една од странките, постапката не се прекинува, туку судот утврдува прекин на постапката со решение, која ќе продолжи кога наследниците или старателот на оставината ја преземе постапката, или ги повика на суд тоа да го направат на предлог на спротивната странка. Видете: чл. 222, ст. 1, тач. 1 и чл. 225, ст. 1 Законот за парничната постапка на Србија (*"Сл. гласник РС*", бр. 72/2011, 49/2013 – одлука УС, 74/2013 – одлука УС, 55/2014; даље: ЗПП).

[11]Чл. 220, ст. 2 СЗ.

животот на брачниот другар, би довела до развод на бракот. Притоа, не е важно во која фаза на бракоразводната постапка тужителот починал (во постапката на помирување, во постапката на спогодба или подоцна). Правото да ја продолжат започнатата постапка го имаат наследниците и доколку нивното право на наследување не е утврдено со правосилно решение за наследување,[12] туку само ако во конкретен случај бидат повикани на наследување.[13] Ваква процесна активноста на наследникот е неопходна за да се оствари другиот услов за губење на правото на наследување на надживеаниот брачен другар, па несомнено е тие да имаат интерес да ја продолжат постапката. Дали наследниците ќе ја преземат постапката или не, единствено е во нивната диспозиција.[14] Доколку повеќе наследници ја презеле постапката, тие имаат положба на материјални и единствени сопарничари. Доволно е, сепак, и само еден од наследниците на починатиот сопружник да посака постапката да биде продолжена, затоа што наследниците овде немаат положба на нужни сопарничари – во тој случај само тој ќе се најде во улога на тужител. Ако, пак парничната постапка се заврши со одлука со која се утврдува постоење основа за развод на бракот и надживеаниот брачен другар го изгуби својството на законскиот наследник, таа пресуда ќе биде од корист на сите наследници, затоа што нивниот наследен дел ќе се зголеми поради фактот дека брачниот другар не наследува.

Овде се поставува прашањето дали е неопходно наследниците да го преименуваат тужбеното барање, затоа што судот веќе не може да го усвои барањето за пресуда кој е со конститутивен карактер и врз основа на кој би донел пресуда дека бракот се разведува. На мислење сме дека во постапката која наследниците ја преземаат, тие треба објективно да го преименуваат тужбеното барање[15] и да истакнат декларативно барање – судот само да ја

[12]Така: одлука на Врховниот суд на Србија, Гж. 1048/89, од 23.11.1989. година (извор: *Билтен Окружног суда у Београду*, бр. 33-34/1990, стр. 116).

[13]На пр. Наследниците на вториот наследен ред не можат да ја продолжат постапката, доколку оставителот има потомци како наследници на првиот наследен ред. Видете: одлука на Врховниот суд на Србија, Гж 788/85 (извор: И. Бабић, *Коментар Закона о наслеђивању*, Београд, 2005, стр. 70).

[14]Наследниците на оставителот никој не може да ги присили да ја продолжат постапката, ако од било која причина тоа не го сакаат, така што тогаш надживеаниот сопружник ќе стане наследник. Овие случаи се мошне чести кога децата на оставителот од бракот со надживеаниот сопружник сакаат да ги заштитат неговите наследноправни интереси, како и правата од доменот на пензиско-инвалидското осигурување (на пр. правото на семејна пензија). С. Сворцан, *Коментар Закона о наслеђивању са судском праксом*, Крагујевац, 2004, стр. 66.

[15]Преименувањето на тужбата е можно до заклучување на главната расправа. По литиспенденцијата, за преименувањето е потребна согласност од туженият, со тоа што

утврди основаноста на барањето за развод на бракот, т.е. дека брачните односи биле сероизно и трајно нарушени или дека објективно не можела да се оствари заедницата на животот,[16] и да констатираат дека надживеаниот брачен другар го губи законското право на наследување.[17] Дејството на оваа пресуда е *ex tunc* – се третира дека надживеаниот брачен другар никогаш не станал наследник. Секако, со ова не се навлегува во правото на брачниот другар да бара утврување на својот удел во заедничкиот имот кој го стекнал со работа со брачниот другар во текот на траењето на брачната заедница (овде првенствено се мисли на имотот кој во јавните книги се води на починатиот брачен другар), бидејќи тој имот не влегува во оставината на оставителот.[18]

Со законот не се пропишани рокови во кои наследниците можат да ја продолжат постапката. Тие тоа можат да го направат независно од тоа дали оставнинската постапка по смртта на оставителот правосилно е завршена или е сè уште во тек. Имено, судот или јавниот бележник кои ја водат постапката за расправана оставината не се должни да ја прекинат постапката, ако со тек на неговото траење никој од наследниците на оставителот не продоложил да ја започне паричната постапка за развод на бракот, која е прекината по смртта на

судот може да дозволи преименување и покрај противењето на тужениот, кога смета дека тоа би било целосходно за конечното решение меѓу странките и ако оцени дека постапката по преименувањето на тужбата нема значајно да го продолжи траењето на парницата (чл. 199, ст. 1 и 2 ЗПП). Повеќе за условите за објективното преименување на тужбата: Г. Станковиħ, *Грађанско процесно право, прва свеска Парнично процесно право*, Ниш, 2010, стр. 350–351.

[16]При оценувањето дали се исполнети условите за развод на бракот судот треба да ги цени сите околности на случајот. Така, во еден предмет, судот нашол дека постоела основа за развод на бракот на брачните другари, од кои тужителот починал, ако нивните односи во подолг временски период биле сериозно и трајно нарушени, кога меѓусебно не комуницирале, живееле во посебни станбени единици од ист семеен објект, а тужената покренала постапка за заштита од насилство во семејството и за поделба на заеднички стекнатиот имот. Видете: пресуда на Апелациониот суд во Ниш, Гж2 269/2017, од 06.07.2017. година (извор: *Paragraf Lex*). Според стојалиштето во јудикатурата, дури и непостоењето на фактичка заедница се третира како доволна причина за развод на бракот, па тужителот не мора да докажува дека односите се трајно и сериозно нарушени. Видете: пресуда на Апелациониот суд во Белград, Гж2 118/2014(1), од 10.03.2014. година (извор: *Paragraf Lex*).

[17]Слично: О. Антиħ, З. Балиновац, *Коментар Закона о наслеђивању*, Београд, 1996, стр. 152. Во таа смисла и: решението на Вишиот суд во Крагуевац, Гж2 3/2012, од 27.02.2012. година (извор: *Paragraf Lex*), со која е одбиена жалбата на адвокатот на наследникот на тужителот на првостепената одлука на судот со која е одбиена како неуредна тужба на полномошникот натужителот, во која го истакнал барањето за развод на бракот.

[18]Чл. 171, ст. 1 СЗ.

тужителот. Ако со правосилното решение за наследувањето надживеаниот брачен другар биде прогласен за наследник, останатите наследници на починатиот брачен другар можат дополнително да ја продолжат постапката по тужба за развод на бракот и ако се утврди основаност за тужбеното барање, со таа пресуда судот ќе утврди престанување на правото за наследување на брачниот другар. Судот во пресудата, која ќе има корективно дејство во однос на донесеното решение за наследување, воедно може да ги утврди и наследните делови на сите останати наследници, доколку такво барање истакнат наследниците на починатиот. Идентично дејство може да се постигне и со донесување на пресудата во нова парнична постапка, покрената откако е завршена постапката во која е утврдено губењето на својствата на починатиот наследник на брачниот другар.

Секако, ако наследниците во текот на траењето на оставинската постапка ја продолжиле постапката за развод на бракот, постапката за расправа на оставината ќе биде прекината со решение. Бидејќи оставинската постапка не е завршена, предмет на преименуваното тужбено барање ќе биде само утврдување на постоењето основа за развод на бракот. По завршување на парничната постапка, во зависност од содржината на пресудата, ќе се расправа и за оставината на оставителот. Доколку парничниот суд го усвои тужбеното барање, оставинскиот суд, односно нотарот, *ex officio* ќе поведе сметка за губењето на наследното право на сопружникот,[19] засновувајќи го своето решение за наследување врз парничната пресуда.

1.2. Надживеаниот брачен другар како тужител

Многу спорно прашање кое се поставува во врска со можноста за губењето на правото за наследување на брачниот другар е дали надживеаниот брачен другар, кој ја поднел тужбата за развод на бракот, може да го наследи својот брачен другар кој починал во текот на бракоразводната постапка? Оваа ситуација не ја регулира српскиот законодавец. Од законска причина за губење на наследничкото својство, кое сме го анализирале во претходното поглавје, произлегува дека надживеаниот брачен другар, кој сакал да се разведе од починатиот и поднел тужба за развод на бракот, сепак има право да го наследи оставителот затоа што бракот престанал со неговата смрт, а не со разводот, иако причините за развод истакнати во тужбата биле основани.

Наследниците на починатиот брачен другар секако имаат интерес бракоразводната постапка да се продолжи и основаноста на тужбеното барање да биде утврдена, затоа што тогаш надживеаниот брачен другар-тужител останува без наследство. Меѓутоа, ако тие стапат во парница на местото на

[19]Б. Благојевић, *Наследно право СФРЈ*, Београд, 1969, стр. 152.

туженият, би требало да докажуваат дека наводите за тужбата за развод на бракот се неосновани. Затоа и стојалиштето на судската пракса е такво што кога во постапката за развод на бракот умре туженият, постапката се прекинува, затоа што ниту е тужителот овластен да ја продолжи постапката против наследникот на туженият, ниту наследниците можат да ја продолжат постапката како би докажале дека тужбеното барање е основано.[20] Истовремено, поради престанокот на бракот со смртта, тужителот веќе нема интерес постапката да продолжи и тужбеното барање да биде усвоено, затоа што би го изгубил својството на наследник. Во случај кога наследниците на туженият би стапиле во парница во негова процесна улога, тужителот би можел да ја повлече тужба до заклучување на главната расправа, за што, според семејноправните прописи, не му е потребна согласност од туженият.[21]

Се чини, од сето наведено, дека наследниците на туженият брачен другар во постапката за развод на бракот можат да ја продолжат постапката само ако оставителот поднел противтужба. Во тој случај, тие би можеле да докажуваат дека барањето од противтужбата, насочено на разводот на бракот, е основано, и дека надживеаниот брачен другар-тужител би требало да го изгуби правото на наследство. Во теоријата се укажува дека наследниците на туженият не би можеле сами да поднесат противтужба, затоа што воведувањето на наследничката противтужба по смртта на туженият би "претставувало недозволено влијаниена наследноправни прописи во семејното законодавство".[22]

Според мислењето изнесено во правната доктрина, можноста надживеаниот брачен другар – тужител да биде законски наследник на туженият починат брачен другар (кога не е поднесена противтужба) има оправдување во фактот дека тужбата, по долготрајното шиканирање во бракот, токму ја поднесува оној брачен другар кој веќе не можел да го истрпи таквото однесување на другиот брачен другар. Ако туженият умре до правосилноста на пресудата, тој и треба да го наследи.[23] Иако овие ситуации се најчести во пракса, не можеме а да не забележиме дека во поединечните случаи наведениот исход може да издишува созначајна доза на неправилност. Имено, тужбата за развод на бракот може да ја поднесе и сопружникот кој е "виновен"[24] за

[20]Одлука на Врховниот суд на Војводина, Гж. 622/74, од 06.06.1974 година.

[21]Чл. 223, ст. 1 СЗ. Согласноста на туженият се бара само кога тужителот сака да ја повлече тужбата по заклучување на главната расправа, а до правосилното завршување на постапката.

[22]О. Антић, З. Балиновац, *op. cit*, стр. 152.

[23]*Ibid*, стр. 152–153.

[24]Вината на еден од брачните другари не е основа за развод на бракот, така што бракот може да се разведе и доколку тужбата ја поднел брачниот другар кој е виновен што

разводот (на пр. разводот се бара како тужителот по завршувањето на бракот би можел да се венча со новиот партнер/партнерка, со која стапил во неформална врска во текот на траењето на бракот). Во вакви и други случаеви, кои можат да се наведат *exempli causa* брачниот другар, кој е по сѐ иницијатор на престанокот на бракот ќе има двострана корист од смртта на туженият брачен другар – ќе може да го наследи, а потоа и да стапи во посакуваниот нов брак. Многу неправично, но причината е едноставна: правото не е совршено, со законските регули не можат да се предвидат сите можни ситуации, а процесните норми кои ја уредуваат бракоразводната постапка се такви што во овие ситуации крајноги штитат инересите на надживеаниот брачен другар-тужител.

1.3. Предлог за спогодбен развод на бракот

Кога постои обострана волја кај брачните другари да се разведат, можат да склучат пишана спогодба за развод на бракот, која задолжително мора да содржи спогодба за вршење на родителското право и спогодба за поделба на заедничкиот имот.[25] Нивната согласна волја, меѓутоа, не е доволна да доведе до престанување на бракот, туку мораат да се обратат до парничниот суд да донесе пресуда за престанување на бракот, затоа што е единствен со право уреден начин за остварување на правото за развод на бракот.[26]

Законот за наследување на Србија не регулира ситуација каде е поднесен предлог за спогодбен развод на бракот, а во текот на постапката еден од предлагачите да умре. Дали надживеаниот брачен другар тогаш го губи правото за наследување? Ставот на македонското и хрватското законодавство е дека во овој случај на преживеаниот брачен другар му престанува наследничкото својство.[27]

Со членот 200 и со ставот 3 од Семејниот закон на Србија се овластени наследниците на брачниот другар, починат по поднесувањето на предлог за спогодбен развод на бракот, да ја продолжат започнатата постапка за да се утврди дека постоела основа за развод на бракот.[28] Ваквото решение несомнено ја имплицира идејата на законодавецот дека и во случајот да се

односите во бракот се сериозно и трајно нарушени. Во таа смисла и: Ј. Видић, *Наследноправни положај брачног друга*, Правни живот, бр. 10/2002, стр. 186.

[25]Чл. 40, ст. 1 и 2 СЗ.

[26]Г. Станковић, *op. cit,* стр. 38.

[27]Чл. 26, ст. 2, точ. 1 *in fine* ЗНМК и чл. 25, ст 2, точ. 1*in fine* ЗНХР.

[28]Доколку брачните другари склучиле пишана спогодба за развод на бракот, но пред поднесувањето на предлогот пред судот еден од нив починал, сметаме дека неговите наследници не можат по смртта да иницираат постапка за спогодбен развод на бракот, како наследници на потенцијалниот предлагач.

утврди причина за развод на бракот, една од последиците би требало да биде дека на надживеаниот брачен другар му престанува наследничкото својство. Според тоа, на мислење сме дека со цел да ги усогласиме семејните и наследните прописи би требало да се пропишат и нормите кои во идната кодификација на граѓанското право ќе ги уредат наследноправните односи, дека на надживеаниот брачен другар му престанува правото на наследување кога, после поднесување на предлогот за спогодбен развод на бракот, другиот брачен другар починал, а се утврди дека основа за развод постоела.

2. Поништување на бракот по смртта на првопочинатиот брачен другар како основа за губење на правото за наследување на надживеаниот брачен другар

Бракот на брачните другари може да биде поништен за време на нивниот живот или по смртта на еден од брачните другари – значи и постхумно. Кога бракот е поништен по смртта на оставителот, ЗОН на Србија бара исполнување на уште еден услов надживеаниот брачен другар за даго изгуби својството на наследник – ако причините за правна невалидност на бракот му биле познати за време на склучувањето на бракот.[29]

Семејниот закон на Србија пропишува причини за ништовности нарушеност на бракот.[30] Ништовен е оној брак кај кој во моментот на склопување не биле исполнети законските претпоставки за неговата полноважност. Правото на поднесување на тужба за поништување на ништовниот брак не застарува, а активна легитимација имаат брачните другари, јавниот тужител и лицата кои имаат правен интерес бракот да биде поништен.[31] Според одредбите на СЗ, правото на тужба за поништување на бракот не поминува на наследниците на починатиот брачен другар и тие не можат самостојно да ја поднесат,[32] но можат да ја продолжат започнатата

[29]Чл. 22, ст. 1, точ. 2 ЗНРС. Идентично решение пропишуваат и македонскиот, црногорскиот и хрватскиот законодавец. Видете: чл. 26, ст. 2, точ. 2 ЗНМК; чл. 25, ст. 2, точ. 2 ЗНЦГ и чл. 25, ст. 2 точ. 2 ЗНХР.

[30]Причините за ништовност стипулирани се со чл. 31–36 СЗ, а причините за нарушеност со чл. 37–39 СЗ.

[31]Чл. 212 СЗ.

[32]Чл. 218, ст. 1 СЗ. Така и: Г. Станковић, *op. cit,* стр. 551; З. Поњавић, *op. cit,* стр. 133. Во теоријата има и мислења дека наследниците на брачните другари спаѓаат во редот на лицата кои имаат правен интерес бракот да биде поништен, па дека и ним им припаѓа правото на поднесување на тужба по смртта на брачниот другар. О. Антић, З. Балиновац, *op. cit,* стр. 153; С. Сворцан, *op. cit,* стр. 68. Сметаме дека законското решение е јасно, така што на наследницитена брачниот другар не им припаѓа правото на самостојна тужба по неговата смрт.

постапка по смртта на брачниот другар. Во тој случај, тужбеното барање насочено на поништување на бракот останува, по правило, непроменето, затоа што нема причина за неговото преименување. Единствено наследниците можат да побараат судот да утврди дали преживеаниот брачен другар бил несовесен во моментот на склопување на бракот, за да може во оставинската постапка, која се прекинува додека не се утврди невалидностана бракот, можат да издејствуваат престанување на наследничкото својство на брачен другар. Ништовниот брак може да се поништи и по неговото престанување со развод или со смртта на еден од брачните другари.[33]

Правото да бараат поништување на нарушениот брак, во законот со пропишани преклузивни рокови има само брачниот другар кој го склопил бракот во заблуда или под дејство на принуда; брачниот другар кој во моментот на склопување на бракот не бил способен за расудување, а подоцна станал способен за расудување, како и брачниот другар кој го склопил бракот без дозвола на судот додека бил малолетен, под услов да е постар од 16 години (единствено во последниот случај и родителите, односно старателот на малолетниот брачен другар можат да поднесе тужба за поништување на бракот се додека тој не стане полнолетен).[34] Во случај на смрт на брачниот другар кој ја поднел тужбата, неговите наследници можат да го преземат водењето на парницата.

За губење на наследното право на преживеаниот брачен другар не е од значење дали е постапката за поништување на бракот покрената за време на животот на починатиот брачен другар или по неговата смрт, ниту кој ја поднел тужбата. Важно е само по смртта на брачниот другар бракот да е поништен поради некои со закон предвидени причини. Пресудата со која бракот се поништува има конститутивен карактер, без оглед дали е тужбата поднесена за поништување на бракот од причина на неговата ништовност или

[33]Правниот интерес да се бара поништување на бракот кој веќе престанал да постои само во случај кога бракот престанал со смрт, за да се осуети преживеаниот брачен другар да го оствари правото да го наследи починатиот. Ако бракот престанал со разводот, многу е мала практичната вредност на поништување на така завршениот брак. З. Поњавиќ, *op. cit,* стр. 133.

[34]Лицето кое малолетно стапило во брак може тужбата да ја поднесе во рок од година дена од стекнување на полнолетството; лицето кое го склучило бракот поради мана на волјата, може да ја поднесе тужбата во рок од година дена од престанокот на принудата или во очувањето на заблудата, а брачниот другар кој не бил способен за расудување има рок од една година од престанокот на неспособноста за расудување, односно од правосилноста на одлуката за враќање на работната способност, да поднесе тужба за поништување на бракот. Видете: чл. 215–217 СЗ.

нарушеност, затоа што со тужбата се бара брачниот однос да престане поради правната невалидност.[35]

Сепак, иако е бракот поништен, дури и во случај да бил апсолутно ништовен, надживеаниот брачен другар може да го оствари правото на наследување ако во моментот на склопување на бракот не знаел или не можел да знае дека бракот е правноневалиден. Прашањето за совесноста на надживеаниот брачен другар се цени само според моментот на склопување на бракот. Неговата подоцнежна несовесност нема да му наштети, па без оглед што во некој момент по склучување на бракот дознал дека бракот *ab initio* бил правно невалиден, ќе може да го наследи брачниот другар ако бракот не бил поништен за време на животот. Притоа, ирелеватно е дали починатиот брачен другар бил совесен, или и нему му бил познат фактот дека склопениот брак е правноневалиден.[36]

Значи, законодавецот го штити совесниот брачен другар, признавајќи му го правото да го наследи починатиот брачен другар ако незнаел дека бракот во кој стапил не е полноважечки. Ваквата концепција е критикувана во домашната теорија. Како аргумент се наведува дека наведеното решение е директно спротивно на случајот кога оставителот ја поднел тужбата за развод, а по неговат смрт судот открил дека барањето е основано, затоа што тогаш брачниот другар го губи правото за наследување без оглед на вината.[37] Совесноста на брачниот другар не може да биде релевантна, затоа што бракот не е правно валиден – бидејќи ако не постои полноважечки брак, не постои ни брачен другар. Затоа не е допуштено некој од ништовниот брак да го извлекува правото за себе, користејќи се со околноста дека неважноста е утврдена по смртта на оставителот.[38]

Од друга страна стојат приврзаници на правната мисла кои оправдуваат концепт за кој законодавецот се определил, наоѓајќи дека тој е во согласност со моралните начела дека чесното вршење на правото не може да доведе до штетни последици. Се наглсасува дека кога не постои основа која стекнувањето на некое право го чини правно совршено, фактот на совесноста има креативна улога во признавањето на правото.[39] Исто така, се укажува дека

[35]Г. Станковић, *op. cit,* стр. 551; М. Драшкић, *op. cit,* стр. 134.

[36]Така, во еден случај судот открил дека бракот кој брачните другари го склучиле не со цел да ја остварат животната заедница, туку сопругот да си обезбеди за себе право на издржување, а сопругата право на семејна пензија – е ништовен (Пресуда на Вишиот суд во Ваљево, Гж 1021/2015, од 03.03.2016. година; извор: *Paragraf Lex*).

[37]М. Митић, *Престанак наследног права брачних другова*, Зборник Правноекономског факултета у Нишу, Ниш, 1966, стр. 114.

[38]В. Ђорђевић, *Наслеђивање брачних другова*, Београд, 1988, стр. 109.

[39]M. Kreč, Đ. Pavić, *Komentar Zakona o nasleđivanju*, Zagreb, 1964, стр. 67.

со овие макар се штитат имотните односи на брачниот другар кој без своја вина и без свест за тоа стапил во ништовниот брак.[40]

На мислење сме дека доминираат аргументите кои го признаваат правото за наследување на совесниот брачен другар. Принципот на совесноста е еден од основните принципи во правото, и правните норми секогаш треба да ги штитат лицата кои се однесуваат во духот *bona fides*. Освен тоа, прашањето за совесноста на лицата во брачното право има посебна димензија поради специфичноста на семејноправните регулативи. Имено, поништувањето на бракот е еден од начините за престанување на бракот, а не укинува нешто што од самиот почеток било правно невалидно. И ништовниот брак, сè до неговото поништување, произведува исти правни последици како и полноважечкиот брак, па поништувањето на бракот делува само за во иднина, *ex nunc*,[41] за разлика од договорот на облигационото право каде поништувањето на договорот има ретроактивно дејство, *ex tunc*. Поради тоа, ако бракот е поништен по смртта на првопочинатиот брачен другар , т.е. ако надживеаниот брачен другар стекнал право да биде наследник затоа што го надживеал оставителот и бил со него во брак кој до моментот на смртта не е поништен, нему тоа право треба и да му се признае. Единствениот исклучок од ова правило всушност е ситуацијата кога надживеаниот брачен другар знаел или морал да знае дека бракот во кој стапил не е правно валиден. Кога постоела таа иницијална несовесност, а бракот биде поништен, правично е да таквиот брачен другар не го наследи починатиот, затоа што правото не ги штити несовесните лица. Таквиот брачен другар, иако го надживеал починатиот, не би смеел да ги изведува своите наследноправни овластувања повикувајќи се на својот срам, во согласност со римската максима *Nemo auditur propriam turpitudinem allegans*.

3. Трајно престанување на животната заедница на брачните другари како основа за губење на правото на наследување на надживеаниот брачен другар

Бракот за да биде полноважен, мора да се склучи со намера за остварување на животната заедница. Отсуството од таа намера бракот го чини ништовен.[42] Животната заедница е суштина, есенција на бракот и подразбира "взаемно остварување на емотивните, интелектуалните, културните,

[40]Б. Благојевиќ, *op. cit,*стр. 151.
[41]З. Поњавиќ,*op. cit,* стр. 128; М. Драшкиќ, *op. cit,* стр. 134.
[42]Чл. 31, ст. 1 СЗ. Бракот нема да се поништи ако дополнително биде воспоставена животната заедница.

економските и другите потреби".[43] Ако ја нема, ако престанала и повеќе не се остварува – бракот е гола форма, постои само на хартија, како привид. Поради тоа со наследноправните прописи е регулирано, иако брачните другари биле во брак во моментот на смртта на едниот од нив, надживеаниот брачен другар да може да го изгуби правото на наследување ако животната заедница меѓу нив престанала.

Постојат два услова за да дојде до престанување на наследничкото својство на брачниот другар во текот на престанувањето на животната заедница: првиот, дека животната заедница *трајно* престанала и вториот, алтернативно поставен – дека до нејзиното трајно престанување дошло или поради вина на надживеаниот брачен другар или спогодбено.

Воопшто, за да се постави прашањето за можноста на губење на наследното право на брачниот другар, неопходно е животната заедница да престанала трајно. Во врска со тоа постојат неколку дилеми: кога се смета дека животната заедница престанала трајно, во кој момент треба да не постои животна заедница за да на брачниот другар му престане наследничкото својство, што доколку животната заедница престанала, па подоцна се воспоставила, дали е можно да наспроти тоа што брачните другари живеаат заедно меѓу нив нема животна заедница...?

Привременото престанување на животната заедница меѓу брачните другари не доведува до гаснење на правата на наследување. Престанувањето на заедницата е привремено ако постои реална можност таа повторно да биде воспоставена. За трајно престанување се работи кога веќе не постојат никакви изгледи животната заедница повторно да се воспостави,[44] како последица на тешко нарушување на односите меѓу брачните другари. Бракот фактички бил мртов иако правно сè уште е во живот. Притоа, не е важна должината на траењето на состојбата во која немало заеднички живот (недели, месеци или години), туку карактерот на неговот престанување – дека престанувањето било конечно и трајно.[45] Ако, сепак, животната заедница подоцна се воспоставила и

[43]Пресуда на Апелациониот суд во Белград, Гж2 83/2010, од 21.04.2010. година (извор: *Paragraf Lex*).

[44]Според ставот заземен во јудикатурата, повременото гледање на брачниот другар заради постигнување на договор за воспитување на заедничкото дете, како и заедничките одења на прослави, кога отсуствуваат сите останати неопходни елементи кои ја чинат животната заедница (наклонетост и љубов, почитување, солидарност, взаемно помагање), не може да се третира како повторно воспоставување на животната заедница кога брачните другари се раздвоени без оправдана причина. Пресуда на Апелациониот суд во Крагуевац, Гж 2959/2013, од 21.07.2014. година (извор: *Paragraf Lex*).

[45]N. Gavella, V. Belaj, *Nasljedno pravo*, Zagreb, 2008, стр. 195, фус. 12.

постоела во моментот на смртта на брачниот другар, нема услови за губење на наследното право на надживеаниот.

Меѓутоа, постои можност брачните другари и да живеаат заедно (поради заедничките деца или од други причини), а животната заедница (како емотивна, сексуална, материјална заедница) да не се остварува.[46] Од друга страна, можно е брачните другари и да не живеат заедно (поради работа или поради некоја друга причина), а животната заедница се остварува, наспроти постоењето на просторна дистанца, која најчесто е привремена. Во првиот случај, постои основа за губење на наследното право на брачниот другар и покрај тоа што живееле заедно, додека во вториот случај не дошло до трајно престанување на животната заедница, па брачниот другар има право да наследи.

За разлика од разводот на бракот, каде вината е ирелевантна и каде правото на наследство го губи и брачниот другар врз кој не лежи одговорноста за развод на бракот, законодавецот вината за престанување на заедничкиот живот ја третира за важна во врска со прашањето за признавање на наследноправните овластувања на надживеаниот брачен другар.[47] Бидејќи бракот постои, не престанал, брачниот другар кој не е виновен за престанувањето на заедничкиот живот има право да го наследи починатиот брачен другар.

Наследноправната санкција, која се огледува преку губењето на наследното право, претставува некаков вид на казна за преживеаниот брачен другар поради неговата вина за трајното престанување на животната заедница.[48] Бидејќи поради неговото своеволно однесување бракот во суштина не се остарувал повеќе, не би ни било правично да го наследи починатиот брачен другар, затоа што вината со текот на времето не престанува. Утврдувањето на вината е многу сложено прашање за судот, особено ако брачниот другар кој иницијално бил виновен за престанувањето на заедницата, подоцна презел чекори во правец на неговото повторно воспоставување. Начелно може да се каже дека е виновен оној брачен другар кој "презема такви постапки кои се неспојливи со природата на брачната заедница и содржината на односот".[49]

Тука се поставува прашањето и дали идентичната санкција го погодува преживеаниот брачен другар и кога вината е обострана. Бидејќи степенот на

[46]В. Ђорђевић, *op. cit,* стр. 111; С. Сворцан, *op. cit,* стр. 70.

[47]За значењето на поимот вина и начинот на нејзиното поимање кај трајното престанување на животната заедница на брачните другари, повеќе: В. Ђорђевић, *op. cit,* стр. 113.

[48]Б. Благојевић, *op. cit,* стр. 151.

[49]С. Сворцан, *op. cit,* стр. 71.

вината често е тешко да се измери, односно тешко е да се утврди "кој е повеќе виновен", треба да се земе предвид дека во случај кога ќе се утврди постоење на вина и за надживеаниот брачен другар за престанувањето на животната заедница, неговото право на наследување се гаси.

Исто дејство на наследноправна вокација на брачниот другар ќе има и спогодбеното престанување на животната заедница во текот на траење на полноважечкиот брак. За овој вид на трајното престанување на заедницата законодавецот не бара посебна форма – доволна е и усна согласност на брачниот другар. Се смета дека брачните другари можат не самоизрично,[50] туку и премолчано да се спогодат – она штое круцијално е постоењето на согласност на волјата која судот мора да ја утврди.[51]

Барањето за губењето на наследното својство на надживеаниот брачен другар поради трајното престанување на животната заедница наследниците редовно ја истакнуваат во оставинската постапка.[52] Доколку спор нема, т.е. доколку брачниот другар се согласи со ова барање, решението за наследување на оставината ќе биде расподелена меѓу останатите наследници. Тоа, по правило, не е случај, затоа што брачниот другар редовно го оспорува таквото барање на наследникот. Заради решение на спорот, учесниците на оставинската постапка се упатуваат на парница. Бидејќи бракот е полноважен

[50]Во поновата судска пракса наидуваме на став дека спогодбата мора да биде изрична, како и да може да се содржи и во предлогот за спогодбен развод на бракот кој брачните другари го сочиниле или го поднеле пред судот поради развод пред смртта на оставителот. Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев 3451/2001, од 11.04.2002. године (извор: *ibid.* стр. 71).

[51]*Ibid*, стр. 70. Идентично стојалиште заземено е и во постарата судска пракса, во случај кога оставителот ја повикал сопругата повторно да ја воспостават животната заедница, која што таа ја одбила, па одвоениот живот траел следните 27 години до смртта, а ниту еден од брачните другари не презел нешто таа повторно да се воспостави. Видете: Пресуда на Врховниот суд на Србија – оделение во Нови Сад, Гж 1401/1965 (наведено според: В. Ђорђевић, *op. cit,* стр. 112).

[52]Во тероијата се поставува прашањето дали судот, односно сега и нотарот, треба по службена должност да води сметка за постоењето на причина за губење на наследството на брачниот другар. Според еден став, треба да се води сметка *ex officio* само во случај на поништување на бракот или кога тужбата за развод на бракот ја поднел починатиот тужител (Б. Благојевић, *op. cit,*стр. 152), додека според друго гледиште за сите причини судот/нотарот треба да води сметка по службена должност (M. Kreč, Đ. Pavić, *op. cit,* стр. 64; М. Митић, *op. cit,* стр. 127). Ние сме на мислење дека самата суштина на причината за престанувањето на наследничкото својство на брачниот другар укажува на тоа дека на нивното постоење во текот на оставинската постапка треба да укажат заинтересираните лица, чија наследноправна положба ќе се подобри поради губењето на наследното право на брачниот другар. Така и: В. Ђорђевић, *op. cit,* стр. 115–116.

и егзистира, во парницата во улога на тужител се упатуваат наследниците кои сметаат дека на надживеаниот брачен другар не треба да му се признае својството на наследник, затоа што неговото право е помалку веројатно, и им се остава рок не подолг од 30 дена да ја покренат парницата.[53]

Тужбата може да се поднесе во текот на траењето на оставинската постапка, во кој случај доаѓа до прекин на постапката за расправа на оставината, или пак по завршување на оставинската постапка. Ако тужбата се поднесе пред решението за наследување да стане правосилно, таа ќе има декларативен карактер. Со тужбата се бара да се утврди постоењето на две групи факти: дека животната заедница трајно престанала и дека до тоа дошло или поради вина на надживеаниот брачен другар или со меѓусебан спогодба. Наследниците, како тужители, мораат да докажат дека животната заедница престанала за време на животот на брачниот другар, дека се работи за трајно, не привремено престанување, дека таа до смртта не е повторно воспоставена, т.е. дека во моментот на смртта не егзистирала, и алтернативно: да докажат дека престанала со согласност на волјата на брачните другари или дека за нејзино престанување е виновен (макар и делумно) брачниот другар кој се јавува како потенцијален наследник.

Тужбата може да се поднесе и по завршување на оставинската постапка, доколку оставинскиот суд/нотар пропуштил да ги испрати наследниците на парница или ако наследниците не покренале парница на која биле упатени во предвидениот рок, па судот/нотарот сам го реши спорното прашање. Бидејќи оставинскиот суд, односно нотар не се надлежни да го решат спорот за правнорелевантни факти, тужителот нема да биде врзан со рокови за повторување на постапката која ја пропишале со чл. 428 од ЗПП.[54] Кога тужбата се поднесува по завршувањето на оставинската постапка, со неа се бара и судот да одлучи за престанување на наследничкото својство на надживеаниот брачен другар. Пресудата тогаш ќе има и конститутивен карактер, затоа што, доколку судот утврди дека брачниот другар го губи правото на наследување, ќе има корективно дејство во однос на правосилното решение за наследување со кое надживеаниот брачен другар е прогласен за наследник.

Во текот на утврдувањето дали заедницата за време на животот навистина трајно престанала, парничниот суд ќе мора да ги земе предвид сите околности на конкретниот случај, како и претходното однесување на брачниот

[53]Во согласност со чл. 23, ст. 2 и чл. 24, ст. 1 од Законот за вонпарнична постапка на Србија ("*Сл. гласник СРС*", бр. 25/82 и 48/88 и "*Сл. гласник РС*", бр.46/95 – др.закон, 18/2005 – др. закон, 85/2012, 45/2013 – др. закон, 55/2014, 6/2015 и 106/2015 – др. закон).

[54]О. Антић, З. Балиновац, *op. cit*, стр. 155.

другар.[55] Особено проблем ќе претставува околноста на повеќекратното завршување па повторно воспоставување на заедницата за време на животот, затоа што за судот ќе биде тешко да оцени дали животната заедница, која во моментот на смртта на починатиот брачен другар повеќе не постоела, навистина се завршила трајно, или и тој пат престанувањето на заедницата било само краткотрајно и привремено. Тоа со сигурност го знаат само брачните другари, па судот ќе мора да се раководи според надворешните манифестации[56] и правилно да ги оцени, затоа што преживеаниот брачен другар секогаш ќе се држи до тврдењето дека заедницата не престанала трајно, затоа што тоа е во негов интерес. Освен тоа, прашање е како судот ќе го цени однесувањето на брачниот другар кој е иницијално виновен за престанувањето на животната заедница, а подоцна ќе преземе чекори кон воспопставување на животната заедница, која другиот брачен другар ја одбил. Стојалиштето на теоријата е дека брачниот другар кој не е виновен, наспроти одбивањето повторно да ја воспостави животната заедница, не го губи правото да го наследи брачниот другар кој е виновен што дошло до престанувањето на заедницата.[57]

Заклучок

Смислата за пропишување на условите за губење на наследното право на надживеаниот брачен другар, иако бракот е завршен со смртта на првопочинатиот, е во тоа што правото за наследување на брачниот другар се поврзува со постоење на *стварниот* брак – значи, бракот не само како правна творба, туку и за постоење на фактичкиот брак, т.е. за остварување на неговата полна содржина.

Законските норми, несовршени како што инаку се, често оставаат простор за различно толкување и разбирање. Законодавецот не се потрудил тоа да го избегне ни вотекот на нормирањето на причините за губење на правото на наследување на брачниот другар, правејќи извесни пропусти во регулативата. Така, не се пропишани рокови во рамка со кои наследниците

[55]На пр. дали претходно доаѓало до разидување меѓу брачните другари, а потоа до повторно воспоставување на животната заедница, така што новото престанување на заедницата може да има само привремен карактер; дали се водени преговори за смирување, како и колку траел прекинот на заедницата; кои биле причините за прекинот и слично. Во таа смисла и: Б. Благојевиќ, *op. cit,*стр. 151.

[56]С. Сворцан, *op. cit,* стр. 69.

[57]В. Ђорђевиќ, *op. cit,* стр. 114.

можат да бараат престанување на наследникото својство на брачниот другар. Оставањето на временски неограничени можности за останатитие наследници да го продолжат започнатиот процес по тужба за развод или поништување на бракот, односно да бараат утврдување на престанувањето на животната заедница со спогодба или совина на надживеаниот брачен другар, директно ја загрозува правната сигурност. Врз основа на наследноправните прописи нејасно е дали наследниците имаат самостојно право на тужба за поништување на бракот по смртта на оставителот. Законодавецот требал да вложи и минимум напор да пропише дали врз причините за престанување на наследното својство на брачниот другар судот или нотарот, кои ја водат оставинската постапка, ќе внимаваат по службена должност, или, како што нам ни се чини правилно, по барање на заинтересираните лица.

Во поглед на причините за губење на правото на наследување легислаторот потполно пропуштил да го регулира и случајот кога брачните другари поднеле предлог за спогодбен развод на бракот. Несомнено е дека и тогаш на наследниците треба да им се признае правото да ја продолжат постапката, за да се утврди основаноста на причината за развод на бракот. Поништувањето на бракот, по смртта на првопочинатиот брачен другар, не доведува само по себе до губење на наследничкото својство, туку се бара несовесностна преживеаниот брачен другар во поглед на полноважноста на бракот. Спорна е, меѓутоа, и подоцнежната несовесност на брачниот другар затоа што е со закон санкциониран само оној кој иницијално, во моментот на склопувње на бракот, знаел за причините на неговата невалидност. Треба да се размисли за тоа дали и на несовесниот брачен другар, кој во текот на траењето на бракот дознал за неговата ништовност, треба да му се одземе правото на наследување. Конечно, заслужува да се прецизира што се третира за трајно престанување на животната заедница и како да се разграничи од привременото, за да се избегнат различните поимања во пракса, особено во случај кога животната заедница меѓу брачните другари повеќе пати е прекинувана и повторно воспоставувана. На судовите, освен тоа, им се остава многу простор за процена на вината за трајното престанување на животната заедница. Како што таа е често обострана, треба јасно да се пропише дека кога виновни си ѝ двајцата брачни другари, без оглед на тоа "кој е повеќе виновен", на надживеаниот сопружник не треба да му се признае правото да наследи.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

M. Kreč, Đ. Pavić, *Komentar Zakona o nasleđivanju*, Zagreb, 1964;
N. Gavella, V. Belaj, *Nasljedno pravo*, Zagreb, 2008;
Б. Благојевић, *Наследно право СФРЈ*, Београд, 1969;
В. Ђорђевић, *Наслеђивање брачних другова*, Београд, 1988;

Г. Ковачек Станић, С. Самарџић, М. Ковачевић, *Развод брака и заједничко родитељско старање као последица развода брака у теорији и пракси*, Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, бр. 4/2017;
Г. Станковић, *Грађанско процесно право, прва свеска Парнично процесно право*, Ниш, 2010.
Д. Ђурђевић, *Институције наследног права*, Београд, 2015;
З. Поњавић, *Породично право*, Крагујевац, 2007;
И. Бабић, *Коментар Закона о наслеђивању*, Београд, 2005;
Ј. Видић, *Наследноправни положај брачног друга*, Правни живот, бр. 10/2002;
М. Вучковић, *Наследноправни положај супружника у савременом српском праву*, Зборник радова Правног факултета у Нишу, бр. 66/2014;
М. Драшкић, *Породично право и права детета*, Београд, 2011;
М. Митић, *Престанак наследног права брачних другова*, Зборник Правноекономског факултета у Нишу, Ниш, 1966;
О. Антић, З. Балиновац, *Коментар Закона о наслеђивању*, Београд, 1996;
С. Сворцан, *Коментар Закона о наслеђивању са судском праксом*, Крагујевац, 2004;

Прописи:

Zakon o nasljeđivanju Crne Gore ("*Službeni list CG*", бр. 74/2008);
Zakon o nasljeđivanju Hrvatske ("*Narodne novine*", бр. 48/2003, 163/2003, 35/2005, 127/2013 и 33/2015);
Законот за вонпарнична постапка на Србија ("*Сл. гласник СРС*", бр. 25/82 и 48/88 и "*Сл. гласник РС*", бр. 46/95 – др. закон, 18/2005 – др. закон, 85/2012, 45/2013 – др. закон, 55/2014, 6/2015 и 106/2015 – др. закон);
Законот за наследувањето на Македонија ("*Службен весник на РМ*", бр. 47/1996 и 18/2001 – др. закон);
Законот за наследувањето на Србија (*"Сл. гласник РС"*, бр. 46/1995, 101/2003 – одлука УСРС и 6/2015);
Законот за парничната поступка на Србија (*"Сл. гласник РС*", бр. 72/2011, 49/2013 – одлука УС, 7472013 – одлука УС, 55/2014);
Преднацртот на Граѓанскиот законик на Република Србија;
Семејниот закон на Србија (*"Сл. гласник РС"*, бр. 18/2005, 72/2011 – др. закон и 6/2015).

Судска одлука:

Одлука на Врховниот суд на Војводина, Гж 622774, од 06.06.1974.
Одлука на Врховниот суд на Србија, Гж 1048/89, од 23.11.1989.
Одлука на Врховниот суд на Србија, Гж 788/85.

Одлука на Врховниот суд на Србија, Рев 3451/2001, од 11.04.2002.
Пресуда на Апелациониот суд во Крагуевац, Гж 2959/2013, од 21.07.2014.
Пресуда на Апелационот суд во Белград, Гж2 118/2014(1), од 10.03.2014.
Пресуда на Апелационот суд во Белград, Гж2 83/2010, од 21.04.2010.
Пресуда на Апелационот суд во Ниш, Гж2 269/2017, од 06.07.2017.
Пресуда на Вишиот суд во Ваљево, Гж 1021/2015, од 03.03.2016.
Пресуда на Врховниот суд на Србија – оделение во Нови Сад, Гж 1401/1965.
Решението на Вишиот суд во Крагуевац, Гж2 3/2012, од 27.02.2012.

Олга Кошевалиска **УДК.343.622(091)**
Доцент, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
Правен факултет
olga.gurkova@ugd.edu.mk

Елена Максимова
Асистент докторанд, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
Правен факултет, elena.ivanova@ugd.edu.mk

КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УБИСТВОТО НА ДЕТЕ ПРИ ПОРАЃАЊЕ ВРШЕНО ОД СТРАНА НА ЖЕНА

Апстракт
Присуството на жената во казнената евиденција во улога на престапник, неминовно изнудува потреба од детално анализирање на криминолошките карактеристики на секој појавен облик каде е присутна како сторител. Евидентен е и трендот на зголемување на ваквата нејзина застапеност, како во глобални размери, така и на локално ниво. Еманципацијата повлекува свои негативни ефекти во насока на зголемување на јавувањата на жената како престапник. Нормално, обликот, динамиката структурата и зачестеноста се менуваат согласно добата на живеење, но одлучноста на жената за впуштање во недозволено поведение се зацврстува. Анализирајќи го типот на кривични дела кои денешната жена ги врши, мораме да споменеме дека истите задолжително ги делиме во две основни групи, земјаќи ја во предвид и оштата поделба на кривични дела врз база на субјектот. Односно delicta communia и delicta propria. Тргнувајќи од вториве, односно од специјалните казнени дела, мораме да започнеме со феноменолошка анализа на кривичните дела кај кои, согласно нашето законодавство, како сторител може да се јави исклучиво жената, во случајов мајката. Убиството на дете при пораѓање (или народски попознато како чедоморство) е појава која датира уште од античка епоха, а која менувајќи го обликот, причините или начинот на вршење, опстојува до ден денес. Навлегувајќи во криминолошките карактеристики на појавата, во нејзината феноменологија и етиологија, овозможуваме подетално запознавање со истата и поставување на можности за нејзино превенирање и третирање во пракса.
***Клучни зборови**: мајка, дете, чедоморства, растројство, казнување*

Olga Koshevaliska, PhD
Elena Maksimova, LL.M

CRIMINOLOGICAL ASPECTS OF THE KILLING A CHILD AT BIRTH COMMITED BY A WOMAN

Abstract
The presence of a woman in the criminal records inevitably requires the need for a detailed analysis of the criminological characteristics of every crime in which she is registered as a perpetrator. The trend of increasing such representation is evident both on a global scale and on a local level. Emancipation entails its negative effects in the direction of increasing women's presence as offenders. Normally, the shape, dynamics, structure and frequency change according to the lifetime, but the determination of the woman to engage in illicit behavior is strengthened. Analyzing the type of criminal acts that a today woman performs, we must mention that they are obligatory divided into two basic groups, accordingly the separation of criminal acts on the basis of the subject. They are, delicta communia and delicta propria. Starting from the second ones, that is, from the special offenses, we must start with a phenomenological analysis of the crimes in which, according to our legislation, only the woman can appear as a perpetrator, in this case the mother. The killing of a child at birth (or more commonly known as infanticide) is an occurrence dating back to the ancient epoch, and along with changing the shape, causes, or way of practicing, it persists to this day. Analyzing the criminological aspects of the phenomenon, in its phenomenology and etiology, we provide a more detailed introduction to it and we are setting the possibilities for its prevention and treatment in practice.

Key words*:* *mother, child, infanticide, disorder, punishment*

Вовед

Убиствата како кривични дела котираат високо меѓу популарните криминалитети каде жената фигурира како сторител. Историскиот осврт

сведочи за кривични дела извршени од жените во улога на сериски убијци[1] и бројни нерешени случаи во големи благороднички семејства каде се надѕирала женската позадина, кои ги споменавме и претходно. Уште од античкиот историчар Тит Ливиј стои забележан случај од VI век п.н.е кога ќерката на претпоследниот римски крал Сервиј Тулиј, Тулија, иницирала и поддржала убиство на сопствениот татко[2].

Со оглед на телесната конституција на жената повеќето автори сметаат дека единствен начин жената да се јави како убиец би било ако ја нагласиме подмолноста во карактерот која ја има и која своевремено би ја преточила во начинот на нивно реализирање. Сепак и не постои разидување во мислењата дека жената и покрај сензитивната природа била и е застапена како сторител на ова кривично дело против животот и телото, иако во значително помал обем од мажите. И дека најголем процент од извршените убиства се темелат врз база на нивната емотивна наклонетост кон жртвата, односно, како и сè друго што вршат жените и овие се поттикнати од нивните чувства.

Убиствата како злодела се неделиви од човековата природа. Мирот и хармонијата по кои тежнееме, ослободени од лошата мисла кон ближниот или соседот се утопија уште од самите човечки корени, и Библиските и Дарвиновите. Со убиствата се напаѓа животот како најголемо и ненадоместиво универзално добро, се остваруваат особено штети последици како врз поединците така и врз општеството во целост[3]. Сепак дополнителен предвизик

[1] Nannie Doss – the giggling nanny позната по убиства на свои блиски пет сопрузи, сопствената мајка, сестра, свекрва и внук; Elizabeth Bathory – the Blood Countess унгарска благородничка која во периодот меѓу 1585 и 1610 измачувала и убила скоро 650 девојки главно тинејџерки; Amelia Dyer – the reading baby farmer која во Викторијанска Англија вдомувала и чувала новороденчиња, но наместо вистинско чување ги земала парите и оставала да починат од негрижа; Jane Toppan – Jolly Jane признала 31 убиство, медицинска сестра која експериментирала со морфин и атрофине на нејзините пациенти, Miyuki Ishikawa – the demon midwife во крајот на четириесетите години на дваесетиот век во Јапонија убива околу 103 деца „спасувајќи ги од подоцнежни мизерии“ децата ос сиромашни семејства; Aileen Wuornos убива седум мажи во Флорида во периодот од 1898 до 1990 година под изговор на самоодбрана од силување кое не се докажува на суд; Leonarda Cianciulli – типична Италијанска домаќинка која во периодот од 1939 и 1940 правела чајниколачиња и сапуни од човечко месо. Кога нејзиниот син бил приморан да се вклучи во Италијанската армија, таа сметала дека единствен начин е доколку прави постојани човечки жртви. Убивала жени, претходно дрогирајќи ги преку понудена чаша сомнително вино, а потоа ги убивала со секира. Колачите ги нудела на фамилијата и пријателите а сапуните ги користеле за капење со сопругот.

[2] Апасиев, Д., Римско Судско Право, книга прва, Правосудниот систем во времето на Кралството, Европа 92, Скопје, 2016, стр.41;

[3] Сулејманов, З., Криминологија, Графохартија, Скопје, 2009, стр.72-73;

претставува разбирањето на неговата етиологија. Корисна точка при разгледување на феноменологијата во обид на разбирање на самото убиство како такво е полот – и не само поради тоа што степенот и начинот варираат значително во зависност од полот на сторителот. На пример, над 90% од убиствата се извршени од мажи, околу 70% од жртвите на убиствата се мажи и над половина од сите убиства се случуваат меѓу мажи. Многу поверојатно е дека машките сторители би убиле непознаник или пак случаен познаник отколку некој близок, но кај жените имаме сосем спротивен случај.[4]

Женските убиства и насилства, најчесто не се иницирани од потребата за некаква добивка или за воспоставување контрола или надмоќ како мажот. Самата манифестација на насилничко однесување кај жената најмногу се должи на сопствената перцепција за доживеан „неуспех“ на одредено животно поле. Па, нејзините изливи на насилство се всушност резултат на губење на контрола, наспроти успешното преземање на контрола во насилни случаи карактеристична за мажот убиец[5].

Кај жените, во најголем број случаи, навистина постојат сентиментални побуди за извршување на кривичното дело убиство, што се поврзува и со најчестиот профил на жртва кој се среќава, а тоа е интимниот партнер, сегашен или поранешен. Во психологијата се посочува дека во интимните хетеросексуални врски каде постои насилство, не ретко завршницата може да биде фатална поради претходната долговремена виктимизација на жената. Врзани со вакви интимни односи се и оние каде настануваат колатерални убиства, односно убиства од жена извршени врз новиот партнер на нивниот претходен интимен партнер, негово дете, странец или присутен полициски службеник кој би се нашол на местото на настанот или е одговорен за претходен настан, доколку станува збор за посложена и продолжена ситуација. И тука може да станува збор за комплекса ситуација во која жената која резултира со положба на сторител на кривично дело претходно била жртва.[6]

Методите и начините кои ги користи жената за да изврши убиство се исто така помалку разновдни. Литературата досега потврдила дека жените кои вршат убиства најмногу се разликуваат од мажите по начинот и средствата за нивно извршување. Низ овие начини и средства жената се свети на жртвата, таа на еден итар и подмолен начин ги бира средствата со кои загарантирано би

[4] Meguire, M., Morgan, R., Reiner, R., The Oxford Handbook of criminology fourth edition, Oxford University Press, 200, pg. 716;
[5] Ibid, pg. 717;
[6] Belknap.J, Larson, D.,L., Abrams, M.,L., Garcia, C., Anderson-Block, K., Types of intimate partner homicides commited by women: self-defense, proxy/retaliation, and sexual proprietariness, Homicide Studies, SAGE Publication,2012, pg.359-379;

ја уништила жртвата. Отровот од секогаш се сметал за женско орудие, па криминолозите најмногу внимание посветиле изучувајќи ги ваквите убиства. Како останати начини кои ги користи жената се среќаваат: убиства сторени со примена на тупа сила, истрел, давење и гушење и ретко, но присутно, убиство сторено со употреба на електрична енергија. Се заклучува дека начинот кој жената би го применила за вршење на вакво кривично дело, главно зависи од самата жртва и ситуационите прилики. Имено, ако таа е физички послаба, пример дете, членови на семејството, немоќно лице или сл. жената би применила физичка сила на наједноставен начин. Во афектна состојба на која ѝ претходи вербална расправија, го користи првото најсоодветно средство до кое би дошла (кујнски нож, ноќица, лопата, мотика и сл.) притоа повеќепати повторувајќи ја акцијата со која нанесува смртни повреди.

Покрај споменатите облици на убиства застапени кај жената престапник, еден буди особено внимание низ годините, а тоа е чедоморството. Конекцијата мајка – дете, сентименталноста која постои и треба да постои во односот и општествените (не)прилики го прават овој криминалитет особено тежок за разбирање и за разрешување, па компаративно и историски гледано, се среќаваме со различни начини на третирање и восприемање. Подробното проучување на овој криминалитет, од аспект на жената како сторител, е особено важно за разбирањето на целокупниот криминалитет кој жената го вршела и го врши.

1. Историски и компаративен осврт на чедоморство

Чедоморството е сè поприсутно во денешни рамки, паралелно со огромниот стрес под кој претходно живееле девојките и жените и кои им се рефлектира како постпородилна депресија. Несаканата бременост особено кај малолетничките исто така е во пораст, што слободно можеме да кажеме, дека се должи пред сè на сфаќањата за еманципацијата на младите девојки, на бунтовниот карактер кој преовладува кај тинејџерките што придонесува за раното впуштање во незаштитени сексуални односи. Прикривајќи ја, и негирајќи ја претходно бременоста, се впуштаат во вршење на кривично дело непосредно по породувањето. Овде најголем фактор за причинување на ваков криминалитет од страна на жената се низата биофизички промени кои ги доживува, но кои пак, поттикнати од социјално-економски параметри и домашното и општественото опкружување го зајакнуваат чувството на несигурност, стравот од отфрлањето и слично[7]. Општеството во кое живееме ги има поместено рамките на достигнување на семејна зрелост кај жената, а со

[7] Spinelli, G., M., Infanticide, Psychosocial and Legal Perspectives on Mother Who Kill, American Psychiatric Publishing, Washington, London, 2005, pg.4

тоа и на развивањето на мајчински инстинкт, значително. Ако возраста од 15-20 години порано била идеална за една девојка да стане мајка, денес забременувањето на оваа возраст, во повеќето подрачја, се доживува како личен неуспех. Дури и да ја заобиколиме темата за абортусот, не можеме, а да не ја споменеме несигурноста која една млада девојка ја носи со себе заедно со забременувањето и лабилноста која ѝ ја внесува во карактерот.

Појавата датира уште од античката епоха. Без сомнение, женското чедоморство го имало и повеќе се практикувало во хеленистичка одошто во класична Грција. Финансиската состојба на родителите и севкупната општествена политичка клима веројатно биле и главните одредници дали женските новороденчиња ќе се одгледуваат. А уште повеќе, слабото здравје кое било резултат на полошата исхрана за разлика од онаа на машките деца. Дискриминирачките распределби на детска издршка во Рим, проследено со породување на незрела возраст, довеле до намалување на женскиот просечен век за отприлика пет до десет години споредено со машкиот[8]. Сепак во стар Рим и стара Грција не се работи за специјално крвично дело и мајката не е единствениот сторител кој се посочува. Pater familias е оној кој имал апсолутна власт во домашните работи, а причините за погубувањето на новороденчињата кои ги вршел се движеле од незаконски до евгенички. И општествените гледишта кон чедоморството не биле отсекогаш осудувачки, земајќи го во предвид фактот дека кон новороденчињата не се гледало секогаш како кон човечки суштества. Антиката кон децата до седмиот ден од нивниот живот гледала како кон растенија или животинчиња[9]. Во Средниот век се сметало дека децата родени со физички абнормалности или пореметувања во однесувањето не се човечки суштества туку продукт на злото и супранационални сили. Затоа и убивањето на вакво дете не се доживувало како сторено зло, ниту од самата жена ниту од страна на општеството. Во раното муслиманство пак и предисламската култура во XVII век во Арабија убиството на женски новороденчиња била честа пракса, особено нивното убиство од страна на мајките со цел да ги заштитат од мизерниот живот кој би ги чекал, или од едноставна причина што сакале да допринесат кон фамилијата единствено со машки пород[10]. Сепак било строго забрането и изедначувано со убиство на возрасен човек. Сличен случај познавал и кинескиот народ. Женски новороденчиња се убивани под изговор дека се помалку вредни и не смеат да

[8] Подетално – Pomeroy, S., B., Goddesses, Whores, Wives & Slaves, Woman in Classical Antiquity, Pimlico, An imprint of Random House, London, 1975, pg.296;
[9] http://www.encyclopedia.com/social-sciences-and-law/anthropology-and-archaeology/customs-and-artifacts/infanticide (Последно пристапено: 02.03.2017);
[10] Spinelli, G., M., Infanticide, Psychosocial amd Legal Perspectives on Mother Who Kill, American Psychiatric Publishing, Washington, London, 2005, pg.4 ;

го носат презимето на фамилијата[11]. Дури и во денешни услови, тргнувајќи од популационата политика на Кина за едно дете по фамилија која беше на сила до 2015 год., заменета со политика за две деца по фамилија и конфучијанизмот, ваквите чедоморства се чест случај онаму каде се очекува само машки породи, дури и зголемени. Владата во Кина поради тоа во насочниците за изработка на законите со цел спречување на овие појави, абортуси, чедоморства, а во согласност со популационата политика, вели дека законите за семејството и бракот треба да ги забрануваат чедоморства врз женски деца, законот за заштита на жените пак да забранува дискриминација врз жена која задржува женско дете, а законот за мајчина здравствена заштита да забранува користење на технолошките напредоци, како ултра-звук машини, преку кој се открива полот на фетусот, во насока на спречување на селективен абортус[12]. Сепак и Кина и Индија го имаат проблемот на оптирање на пол кај детето, со цел задржување само машки деца, особено во руралните подрачја, а како одраз на тоа зголемување на стапката на бројност на машко население спрема женско. Сè до XIX век, вклучувајќи го и периодот на ран XX век, општествениот одговор индицирал дека чедоморството било вршено главно од очајни, неморални жени. Жени кои не биле во брак, а останале блажени. Пресвртот во стручните сфаќања за причините кај сторителите на делото следи непосредно, кога се започнува со поинакви, драматични, разбирања за престапничките, па вршењето на ова дело општетството почнува да го „оправдува“ и поврзува со здравствената состојба на жената, односно болеста - постпородилна депресија. Почетоците на ваквите учења се поврзани со истражувањата на двајца француски психијатри Jean - Etienne Esquirol и Victor Louis Marcè, кои први ја откриле и објасниле конекцијата меѓу бременоста, пораѓајот и последователната мајчина ментална состојба, влошена од претходните настани. Брзината на распространетоста на ова учење и неговата примена е евидентна. Со оглед на леснотијата во докажувањето на ваквата состојба, набргу повеќе од дваесет земји го пресликале актот на Британија за посебен пристап кон ваквите сторители на кривични дела и се одлучуваат за полесно казнување на жената која ќе стори убиство на дете при пораѓање или до навршена една година од животот, односно наместо смртна казна или казна затвор, се досудува пробацијата, односно условната осуда. За разлика од споменатово, Америка е далеку понеоптмистична во медицински објаснуваната постпородилна депресија и нејзиното поврзување со чедоморство. Единствено на што се согласни медицинските експерти таму, е

[11] Schwartz, L., L., Isser, K., N., Endangered children, neonaticide, Infanticide and Filicide, CRC Press, 2000, pg.26;

[12] http://www.bbc.co.uk/ethics/abortion/medical/infanticide_1.shtml (Последно пристапено: 02.03.2017);

постоењето на постородилна психоза, која значи исклучување од реалноста во придружба со халуцинации и илузии. Ниту еден акт досега во САД, федерален или државен, не го предвидува чедоморството како привилегиран вид на кривично дело[13]. Напротив, на став се дека не постои толкава акумулација на стрес, општествени или финансиски проблеми кои би резултирале со тоа да се убие сопственото дете. Ваквите мајки ги сметаат за чудовишта, приклонувајќи се кон тезата дека во случајов постои сериозен проблем со индивидуата[14] и треба сериозно да се казни.

1. За појавата и нејзините обележја

Во однос на застапеноста на појавата и нејзината динамика, анализирајќи ги светските статистички податоци на темава, кон кои мораме да пристапиме со доза скептицизам во контекст на темната бројка, можеме да ги констатираме следниве факти:

Во периодот од 2005 год до 2015 година (нешто што е застапено и во претходниот период, а во одредена мера намалено се рефлектира и во периодот потоа поради укинувањето на популационата политика за едно дете во семејство) женските новороденчиња во Кина имаат двојно поголеми шанси за смртност отколку машките новороденчиња. Ризикот за смртност, од аспект на чедоморство, на второто девојче е трипати поголем отколку на првото во фамилијата. Исто така, и ризикот за смртност на девојчиња родени во рурални фамилии е трипати поголем отколку во урбани[15]. Во Индија во периодот од 2001 до 2011 година се смета дека популацијата на девојчиња од 0-6 години бележи стапка на опаѓање за 3 милиони девојчиња, што се товари на страната на чедоморството[16]. Во Британија и Велс, евидентираната годишна стапка на убиства на деца до една година старост од 45 на милион жители, останала релативно константна од 1957 година и донесувањето на Законот за убиства до крајот на дваесетиот век, во контраст на прогресивниот пад на стапката на смртност кај новороденчињата[17]. За почетокот на дваесетиот век, се смета дека годишно од 30 до 40 бебиња се убиваат веднаш по раѓањето на ова подрачје,

[13] Spinelli, G., M., Infanticide, Psychosocial and Legal Perspectives on Mother Who Kill, American Psychiatric Publishing, Washington, London, 2005, pg.9 ;

[14] Spinelli, G., M., Infanticide, Psychosocial and Legal Perspectives on Mother Who Kill, American Psychiatric Publishing, Washington, London, 2005, pg.10;

[15] http://www.allgirlsallowed.org/infanticide-china-statistics (последно пристапено на 03.03.2017);

[16] http://www.thehindu.com/news/national/India-loses-3-million-girls-in-infanticide/article12551293.ece (последно пристапено на 03.03.2017);

[17] Marks, M., Kumar, R., Infanticide in England and Wales, US National Library of Medicine, national Institutes of Health, 1993;

но сепак се нагласува огромниот процент на неоткриени случаи на вакви чедоморства. Дури се смета и дека од 2 до 10% од регистрираната наводна природна смртност на новороденчиња се должи всушност на нивно убиство, главно од мајката. Она што ова подрачје го прави поразлично од претходно наведените е дека не познава разлика за смртност на бебињата земајќи го во предвид полот. Сепак во овие подрачја, жената како сторител на кривично дело се јавува најмногу во случај на неонатицид. Од аспект на инфантицид, скоро подеднакви се статистиките кога како сторител се јавува мајката или таткото, со тоа што, согласно важечките закони, жената се казнува секогаш поблаго од мажот[18]. Во САД смртноста на децата пред навршена година е запрепастувачка. Истражувањата на непрофитната истражувачка организација „Child trends“[19] покажуваат дека периодот на последните две децении од дваесетиот век стапката била 687 на 100000, која во почетокот на дваесет и првиот век, до 2005 година бележи значително покачување на 710 на 100000 новороденчиња. По овој период до 2015 година се враќа на претходно бележаната стапка, односно на 588-600 на 100000 новородени бебиња. И ако темната бројка ја поврзиме со ваквиот податок на смртност и со фактот дека значителен процент од наведените отпаѓа на лошите услови во кои се родиле децата или во кои живееле непосредно по раѓањето, можеме да резултираме со приближен податок на чедоморства предизвикани од запуштеност, негрижа и небрежност, и покрај тоа што САД не го познава како засебно кривично дело туку го изедначува со убиствата воопшто.

1.1 Појавни облици

Феноменолошки анализирано, теоријата разликува и подоблици на чедоморството за подобро разбирање на појавата. Имено, согласно начинот на кои се вршени, се смета дека постојат следниве неколку појавни облици на чедоморство или подоблици:

- ***убиство на дете при пораѓање***, односно во првите 24 часа од раѓањето **(неонатицид),** кое најчесто е поврзано со млади девојки и нивно претходно негирање на бременоста. Во останатите случаи се смета дека децата имаа барем еден ден старост, но не повеќе од една година **(инфантицид).**

[18] Spinelli, G., M., Infanticide, Psychosocial amd Legal Perspectives on Mother Who Kill, American Psychiatric Publishing, Washington, London, 2005, pg.185 -192 ;

[19] https://www.childtrends.org/indicators/infant-child-and-teen-mortality/(последно пристапено на 03.03.2017);

- ***Присилено, асистирано чедоморство*** – кога во истото се вклучува и машкиот, предоминантен, партнер, најчесто како поттикнувач. Жените во случајов се инволвирани во врски исполнети со насилство и се плашат од своите партнери.

- Потоа ***чедоморства поврзани со негрижа и несовесност***, каде новороденчињата умираат од запуштеност и негрижа од страна на мајката.

- Потоа, ***чедоморства поврзани со злоупотреби и насилство***, каде причина за смрт кај новороденчето е токму злоупотребата.

- ***Чедоморства поврзани со ментална болест кај мајката, акутна или хронична***, каде значајна депресија или психотична епизода во овие случаи резултира со смрт на новороденчето, бидејќи подразбира неможност на жената за грижа на детето без надворешна дополнителна помош.[20]

Во поглед на начинот на кој се сторени, чедоморствата најчесто се извршување преку напуштање и изложеност на детето на глад, студ или напад од животни, задушување, давење и веќе споменатите, негрижа или злоставување[21].

1.2 За состојбата во Рапублика Македонија

Во Република Македонија, за среќа, чедоморството не бележи зачестеност, напротив, сепак секогаш кога ќе се детектира ваков случај, жестоко ја разбранува јавноста, па овде само накратко би се задржале на него. Законската регулатива го покрива како привилегиран вид на убиство, инкриминирано како „убиство на дете при пораѓање“, како резултат на преземаните придобивките од светското влијание на учењето на споменатите француски психијатри Jean-Etienne Esquirol и Victor Louis Marcè и пресликување на идеите поттикнати со актот на Велика Британија каде во предвид за одредување како приивичигиран вид се зема влошената психичка состојба на мајката по чинот.

[20] Spinelli, G., M., Infanticide, Psychosocial amd Legal Perspectives on Mother Who Kill, American Psychiatric Publishing, Washington, London, 2005, pg.12-14 ;
[21] http://www.encyclopedia.com/social-sciences-and-law/anthropology-and-archaeology/customs-and-artifacts/infanticide (Последно пристапено на: 02.03.2017);

Нашиот законодавец вели дека „мајката што ќе го лиши од живот своето дете за време на пораѓањето или непосредно по пораѓањето во состојба на растројство предизвикана со пораѓањето, ќе се казни со затвор од три месеци до три години“[22]. Специјалистот по судска медицина Алексеј Дума дава податок[23] дека согласно опсегот на неговата работа, во Република Македонија зачестеноста на ова кривично дело ја има во рурални рамки, што ја должи на процентуално, поголема стапка на несакана бременост кај девојките од руралните подрачја отколку во урбаните подрачја. Како податок за нашево поднебје, адвокат Svонко Давидовиќ изнесува[24] дека прв ваков случај регистриран овде бил во 1962 година за кого следело поблагто казнување на мајката и дека одтогаш се следи таквата пракса, за што сведочи и самиот Кривичен Законик. Од тогаш до сега, во периодот пред 2005 година, забележани се неколку случаи на регистрирани чедоморства, или според статистиките на МВР, а репродуцирани од дневниот весник „Дневник“, шест случаи на чедоморство се регистрирани во периодот од 2000 до 2005 година, а три се случиле во 2005 година[25]. Според податоците на Државен завод за статистика, официјалните евидентирани случаи каде имаме осудени жени сторители на ова кривично дело по години се распределени вака: во периодот од 2005-2015 година имаме само четири регистрирани случаи на убиство на дете при пораѓање, односно два за кои постапката е поведена и завршена во 2006 година, еден во 2007 година, обвинета и осудена мајка, и еден во 2011, исто обвинета и осудена. Други формални податоци нема, што наведува на можен сомнеж за присуството на темна бројка кај ова кривично дело, особено

[22] Види член 127 од КЗ на РМ, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17;

[23] http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetail?title=%D0%A1%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%BE%D1%82-%D0%BE%D0%B4-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B0--%D0%B5-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D1%87%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%87%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%87%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D1%80%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE&id=e191bd0c-a52b-4e4d-97a4-c46dc859fcd5 (последно пристапено на 24.02.2017);

[24] http://vecer.mk/chedomorstvo-smrt-od-majchina-raka (последно пристапено на 24.02.2017);

[25] http://star.dnevnik.com.mk/default.aspx?pbroj=1463&stID=2147480475 (последно пристапено на 09.04.2017);

во наведените рурални средини. Според Марциќик[26] ова кривично дело на нашите простори најчесто го вршат жени кај кои мајчинскиот инстикт воопшто не е созреан. Мајката по пораѓајот ја насочуваат агресијата кон детето бидејќи тоа за неа е главниот виновник за нејзината положба, па ваквата ментална состојба во која се наоѓа жената ја именува како *малигна примитивна агресивност* на човекот. Анализирајќи ги случаите и профилот на жената сторител, тука најчесто како мајка која го врши ова дело се јавува дете на возраст од 16-18 години, некогаш дури и помало, и не свесно за бременоста воопшто, или е свесно но е немарно кон сопствената состојба. Детето кое доаѓа често како изненадување за мајката по добиените болки, мајката сама го пораѓа и го убива[27]. Судската пракса покажала дека вакви случаи каде постои небрежност кај мајката, ги подведуваат под член 126 од Кривичниот законик или „убиство од небрежност“, а друг дел пак, со оглед на околностите и под член 135 од Кривичниот законик или „напуштање немоќно лице“.

2. Профилирање на сторител преку разбирање на изворот на побуди за вршење на кривичното дело

Вршењето на овој криминалитет од страна на жената и неговото разбирање, односно осознавање на причините поради кои се подвргнува на истото и последиците од дејание, најдобро го опфаќа биолошко – психолошката теорија. Имено, едностранo, и изолирано од надворешните влијанија, оваа теорија тргнува од ставовите дека учеството на жената во криминалот се разбира само доколку се стави во корелација со биофизичките промени кои ги претрпува жената. Имено, се смета дека учеството на жената во криминалот зависи од душевниот живот на жената кој е условен од влијанието на телесните кризи кои ги трпи менструалниот циклус, бременоста, пораѓајот, доењето и менопаузата. Потоа, кон ова се препишуваат и плашливиот карактер кој го има, отсуството на склоноста кон уживање на алкохол, пасивноста, помалата агресивност и слаба самодоверба, чувството на

[26] д-р Александар Марцикиќ, психијатар-специјалист во "Евромедика";

[27] Последен ваков евидентиран случај во Македонија кој ја разбранува јавоста е по поднесената кривична пријава во 2016 година за 23-годишна девојка која во поодминатa бременост тргнува на апсолвенстка ексурзија и за време на пасошката контрола кај граничен премин Табановце, добива породилни болки и самата се пораѓа во тоалетот. Детето го фрла во канта за отпадоци и продолжува на патувањето. Истрагата покажала дека доколку детето е родено во соодветни болнички услови би преживеало. Подетално на http://a1on.mk/archives/611935,http://sitel.com.mk/studentka-od-skopje-se-porodila-na-apsolventska-na-tabanovce-i-bebeto-go-frlila-uapsena-e-i-obvineta (последно пристапено на 09.04.2017)

акцесорност и беспомошност како и помалата способност за прилагодување на своите злосторства[28].

Од друга страна пак, надоврзувајќи се на ваквата теорија Хентиг (Hentig) дава малку поразлично објаснување за постоењето на чедоморството. Имено тој смета дека телесните манифестации кои ја чинат жената жена, се јавуваат како поттикнувачи на одредени криминални дејанија. Така, според неговите тврдења, *менструалниот циклус* кај жената доведува до поголема нејзина раздразнетост кои водат кон вршење на злосторства против личноста, подметнување на пожари, и до појава на клептоманија. Во овој период, тој смета, дека жената е склона кон вршење на настрани дејствија или пропуштања на нејзините интимни односи, па често е жртва која често поттикнува напад и која го заведува заводникот. *Бременоста*, пак, ја поистоветува со постојана психоза на поспаност, која изродува посебни желби и реакции, како ситни кражби и сл. За *пораѓајот*, Хентиг смета дека истиот не е од големо значење за криминална настроеност на жената, освен кај убиство на дете при пораѓање, кое пак според него е се поретко, од причини што жената е исцрпена, губи многу крв, има зголемена телесна температура и доживува целосна телесна криза. *Доењето* го смета како фаза на restitution in integrum кога жените со епилептични и хистерични диспозиции можеле да станат крајно незауздливи. За времето на *менопаузата*, тој смета дека жената е склона кон запаѓање во депресија и вршење самоубиство. Бидејќи овој период од животот жената го врзува со замор, раздразливост, нарушување на мислењето и моморијата, смета дека истите се клучни за семејни раздори и насилства во семејството, па голем дел од кривичните дела кои ги врши се или во овој период или периодот кој му претходи.[29] Како и да е, биолошките проучувања на причините за застапеноста на жената во вкупниот криминал, иако се навистина едностран, и не ги земаат во предвид социолошките фактори, културните, економските и ситуационите влијанија, или во духот на феминистичките учења, овие тврдења се „навредливи во одредена мера и сексистички“[30] сепак даваат некаква почетна слика за специфичната положба која ја има жената во одредени животни доби и како истите се рефлектираат врз нејзините активности. Па, врзувајќи ги со понатамошните длабински етиолошки учења, можеме да го „извајаме“ профилот на жени кои се подвргнуваат на вршење на вакво кривично дело.

[28] Hans von Hentig, 1959, цитиран според Сулејманов, З., Македонска криминологија, Графохартија, Скопје, 2000, стр. 440;
[29] Ibid
[30] Smart, 1976 цит. според Хајденсон, Френсис, Гелсторп, Лорен, Половите и Криминалитетот, Оксфордски прирачник за криминологија, Нампрес, Скопје:2010, стр.383

Социолозите од друга страна, за вкупното учество на жените во криминал, поретко од она на мажите и во постеснат корпус на облици, зборуваат дека истото е продукт на интензивната социјална контрола која ја трпат од самото раѓање[31]. Очекувањата кои ги наметнуваат општествените маргини врз девојките дејствуваат заузудвачки во однос на нејзините општествени манифестации. Оттаму, девојките во поголем дел се движат во насоките кои им се поставуваат уште во детството, плашејќи се од општествената осуда доколку не ги задоволат очекувањата. Затоа, според социолошките концепции, и е очигледната помала инволвираност на жената во вкупниот криминалитет. Или пак, пресликано за чедоморствата, многу посмело се решаваат на сокривање на несакана или рана бременост и „средување на последиците од истата“, одошто на соочување со истата и донесување на вистински одлуки во вистинско време, а со цел да ја заобиколат општествената стигматизација. Социјалната инклузија и социјалната ексклузија знаат да имаат огромна стимулативна улога во градењето на менталната стабилност на личноста како и во оформување на нејзините ставови кон криминалитетот. Засилено, кога се работи за несакана бременост од една страна, и млада девојка која се наоѓа на непознат терен од друга.

Сумирано, профилот на мајките кои се оддаваат на вршење вакви кривични дела зборува за тоа дека истите потекнуваат од различни класни и општествени нивоа, од рурални, приградски или урбани подрачја. Дека најчесто се воспитувани во духот на принципиелноста и религијата, па трпат страв од морални осуди. Исто така дека се девојки кои се чувствуваат осамени, изолирани и незаштитени, а кое чувство со самото пораѓање се зголемува. Проучувањата на појавата во минатото и во денешни услови индицира дека, додека од една страна убиството на дете при пораѓање и чедоморството (земајќи ја во предвид поделбата која ја споменавме погоре) имаат ист краен резултат, од друга страна психолошките и општествените услови нашироко вариираат, заедно со периодот во кои околностите се одиграле. Комбинирајќи ги современите студии на социобилозите со истражувањата за перцепцијата на убиствата на децата, гледано низ историска Европа, Азија и во помала мера во САД, се обезбедуваат податоци за силна конекција на историјата на ова кривично дело и неговото постоење до денес. Сè уште се присутни религиозните влијанија, социјалните неодобрувања, општествениот поглед кон самохраните мајки, како и општетствените конфликти воопшто при справување со жените кои вршат вакви дела. Сепак, она коа навистина боди в очи како заклучок е фактот дека, за жал, не се работи за нешто ново и досега не видено, и многу од причините и притисоците кои ги наведувале младите

[31] Schneider, 1987 цитиран според Кајзер, Г., Криминологија, Александрија, Скопје, 1996, стр.376

мајки да станат сторители на вакво кривично дело сè уште се тука и сè уште постојат, како впрочем и проблемите кои последователно се предизвикуваат од појавата – како општеството да се справи со нив? Не би можеле да посочиме одредена општествена доба во која постои зачестеност или претежност за вршење на ова кривично дело од страна на жената. Откако постои во улога на мајка, жената е во можност за вршење на вакво дело. Темната бројка е онаа која може да варира, но сепак не и појавата како таква, која бележи определена константа. Истата најчесто е предизвикана од не следена бременост и нерегистрирани новороденчиња непосредно по раѓањето, што постои како обврска, а биваат убивани, како и прикривањето на убиството под изговор на мртвородено дете. Затоа земајќи ја во предвид темната бројка можеме да наведеме дека евидентираните податоци за појавата се поголеми и пообемни од почетокот на дваесетиот век па наваму, отколку порано. Што не зборува и не сведочи за поактивно учество на жената во вршење на вакво кривично дело денес, туку за оскудноста на систематизирани официјални податоци од претходните општествени доби.

Заклучок

Криминолошката анализа на кривичните дела кои ги врши жената, е суштински неопходна за вистинско разбирање на целокупната криминологија, а не само онаа која во фокусот го има примарниот сторител, а тоа е мажот. Постеснетиот корпус на кривични дела каде жената пројавува криминогени активности, неминовно нè води до проучување на едно од нив, каде најчесто, а некаде и единствено, таа се јавува како сторител, како чедоморството. Причините зошто жената врши вакво кривично дело се особено широко поле за разгледување, и не само од правен аспект, што повеќе и од психофизички. Судирот на два силни нагона – мајчинскиот, нспроти нагонот за убиство, кои резултираат со усмртување на штотуку родено дете, или дете кое е сосем немоќно и зависно од мајката, отвораат простор за дискусија од неколку агли.

Од она кое е презентирано погоре и она кое го знаеме, е дека жената минува низ одредена специфична фаза од животот токму по пораѓањето и која, согласно со сите надворешни и внатрешни влијанија може да остави простор за пројавување на криминогени дејствувања. Жената која го врши делото, најчесто не е криминалец, ниту пак претходно осудувана, најчесто е лабилна личност која или не знае што прави, или она кое го прави го гледа како единствен излез од, навидум, безизлезната ситуација. Вистинското следење на темата овозможува да се осознаат причините кои ги наведуваат жените да ги убиваат своите новороденчиња, како и придонесување кон намалување на темната бројка, која, споредено со евидентираните случаи, е запрепастувачка. Тоа што појавата се задржала толку долг временски период, во кој не само што не дошло до нејзино сузбвање, туку не се ниту пронајдени начини за нејзино

превенирање, е фрапантно и алармантно за длабинско проучување. Вистинското законско дефинирање е само еден мал дел од процесот. Третманот на ваквите престапнички е нешто на кое мора сериозно да се работи. Нивното препознавање за превенирање, е пак уште побитно. Со ваквото почетно проучување на жената како сторител на ова кривично дело, ја отвораме вратата за криминолошко засебно анализирање на жената како престапник воопшто. Убиството кое го врши таа во случајов, апсолутно се разликува од убиство кое би го извршил маж врз новороденче, за што јасно зборуваат и повеќето законски уредености на материјата. Што значи, се оддава уште овде „признание“ дека кривичното дејствување на жената не смее да се третира исто како она на мажите, за добар дел од кривичните дела каде се јавува како престапник. Постои сериозна потреба од негувањето на родовата сензибилност и во кривичното право и кривичната и пеналната постапка, која пак родова сензибилност на своја страна знае да изроди значајни диференцијали. Надвор од сите феминистички проучувања, но не и игнорирајќи ги, алармираме на посуптилно проучување на феноменологијата и етиологијата на криминалитетот на жената, а особено на засметување на виктимолошкиот елемент кој најчесто постои притоа. Најпластичен и учебникарски егземплар за ваквата потреба, е криминолошкото проучување на убиството на дете при пораѓање.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Домашна литература:

Апасиев, Д., Римско Судско Право, книга прва, Правосудниот систем во времето на Кралството, Европа 92, Скопје, 2016;

Арнаудовски, Љ., Криминологија, Печатница 2-ри Август - Штип, Скопје, 2007

Кајзер, Г., Криминологија, Александрија, Скопје, 1996;

Камбовски, В., Казнено право, Општ дел, 2-ри Август- Штип, Скопје, 2006,

Сулејманов, З., Криминологија, Графохартија, Скопје, 2009;

Сулејманов, З., Македонска криминологија, Графохартија, Скопје, 2000

Кривичен законик на РМ „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17

Странска литература

Banarjee, S., Khatun, N., Theories of Female Criminality: A criminological analysis, International Journal of Criminology and Sociological Theory, Vol. 7, No. 1, 2014

Belknap.J, Larson, D.,L., Abrams, M.,L., Garcia, C., Anderson-Block, K., Types of intimate partner homicides commited by women: self-defense, proxy/retaliation, and sexual proprietariness, Homicide Studies, SAGE Publication, 2012;

Britton, M., D., The Gender of Crime, Rowman & Littlefield publisher, inc., 2011,

Daly, Lind, C., Women and Crime: The Female Offender, 1986

Heidensohn, Frances, Gender and Justice, New concepts and approaches, Willan Publishing, Portland, 2006

Marks, M., Kumar, R., Infanticide in England and Wales, US National Library of Medicine, national Institutes of Health, 1993;

Meguire, M., Morgan, R., Reiner, R., The Oxford Handbook of criminology fourth edition, Oxford University Press, 2007;

Pomeroy, S., B., Goddesses, Whores, Wives & Slaves, Woman in Classical Antiquity, Pimlico, An imprint of Random House, London, 1975;

Schwartz, L., L., Isser, K., N., Endangered children, neonaticide, Infanticide and Filicide, CRC Press, 2000;

Spinelli, G., M., Infanticide, Psychosocial amd Legal Perspectives on Mother Who Kill, American Psychiatric Publishing, Washington, London, 2005;

Хајденсон, Френсис, Гелсторп, Лорен, Половите и Криминалитетот, Оксфордски прирачник за криминологија, Нампрес, Скопје:2010

Консултирани интернет страници

http://a1on.mk/archives/611935 (последно пристапено на 09.04.2018)

http://sitel.com.mk/studentka-od-skopje-se-porodila-na-apsolventska-na-tabanovce-i-bebeto-go-frlila-uapsena-e-i-obvineta (последно пристапено на 09.04.2018)

http://star.dnevnik.com.mk/default.aspx?pbroj=1463&stID=2147480475 (последно пристапено на 09.04.2017);

http://vecer.mk/chedomorstvo-smrt-od-majchina-raka (последно пристапено на 24.02.2018);

http://www.allgirlsallowed.org/infanticide-china-statistics (последно пристапено на 03.03.2017);

http://www.bbc.co.uk/ethics/abortion/medical/infanticide_1.shtml (Последно пристапено: 02.03.2017);

http://www.encyclopedia.com/social-sciences-and-law/anthropology-and-archaeology/customs-and-artifacts/infanticide (Последно пристапено: 02.03.2018);

http://www.encyclopedia.com/social-sciences-and-law/anthropology-and-archaeology/customs-and-artifacts/infanticide (Последно пристапено на: 02.03.2018);

http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetail?title=%D0%A1%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%BE%D1%82-%D0%BE%D0%B4-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B0--%D0%B5-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D1%87%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%87%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%87%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BC%D0%BE%D1%80%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE&id=e191bd0c-a52b-4e4d-97a4-c46dc859fcd5 (последно пристапено на 24.02.2018);
http://www.thehindu.com/news/national/India-loses-3-million-girls-in-infanticide/article12551293.ece (последно пристапено на 03.03.2018);
https://www.childtrends.org/indicators/infant-child-and-teen-mortality/(последно пристапено на 03.03.2018);

Ристо Илиоски
Доктор на правни науки
ristoi@yahoo.com.

УДК.347.4/.5(497.7)

Марија Амповска
Доктор на правни науки, доцент,
Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Правен факултет,
marija.ampovska@ugd.edu.mk

ВИДОВИ НА СТЕКНУВАЊЕ БЕЗ ОСНОВА

Апстракт
Иако според одредбите на нашиот Закон за облигационите односи стекнувањето без основа може да настане на било кој начин, сепак во практиката се јавуваат неколку најчести начини на стекнување без основа кои станале типични случаи на овој вид на облигационен однос. Идентификувањето и анализата на типичните случаи на стекнување без основа во македонското право и во правната теорија се наметна како природен следбеник на претходниот труд на авторите во рамки на кој се направи проучување на стекнувањето без основаа, почнувајќи од самата терминолошка поставеност, поимно определување, неговите дилеми, потребните услови за настанување, и дејството, односно содржината на облигацијата. Во овој труд акцентот ќе биде ставен токму на прашањето за случаите на стекнување без основа, поконкретно на исплата на недолгувано, исполнување на обврска чиј основа не се остварил, исполнување на обврска чиј основа подоцна отпаднал, употреба на ствари во туѓа корист, употреба на туѓи ствари во своја корист и стекнување без основа со дејство на трето лице или надворешен настан.

***Клучни зборови**: стекнување без основа, збогатување, имот, облигационен однос, збогатено лице, осиромашено лице.*

Risto Ilioski, PhD in Law
ristoi@yahoo.com

Marija Ampovska
Assistant professor Faculty of Law University Goce Delchev Shtip
marija.ampovska@ugd.edu.mk

TYPES OF ACQUIRING WITHOUT GROUND

Abstract
Although according to the provisions of our Law on Obligations, the acquiring without ground can occur in any way, however in practice there are several most common ways of acquiring without ground that have become typical cases in this type of obligational relationships. The identification and analysis of the typical cases of acquiring without ground in the Macedonian law and in the legal theory have been imposed as a natural follower of the authors' previous work which contained the study of the acquiring without ground, through the terminology itself, the definition, its dilemmas, the necessary conditions for the occurrence, and the content of the obligation. In this paper, the emphasis will be placed precisely on the issue of cases of acquiring without ground, in particular the payment of non - existing obligation, fulfillment of an obligation whose basis was not realized, fulfillment of an obligation whose foundation was subsequently dropped, use of items in another's favor, enrichment due to a third party action or vis major.

Key words: *Acquiring, ground, enrichment, property, obligation, enriched person.*

Вовед

Кога во општествено правните односи меѓу физички и правни субјекти ќе дојде до премин на имотот на едно лице, вклучувајќи го тука и стекнувањето корист со извршено дејствие, на било кој начин во имотот на некое друго лице, а тоа преминување нема свој основ во некоја правна работа или во закон се создаваат општите претпоставки за настанување на посебен вид на облигационен однос, познат како стекнување без основа. Основната обврска која за должникот произлегува од овој вид на облигационен однос е да се врати тој дел од имотот, ако тоа е можно или да се надомести вредноста на

постигнатата корист од страна на стекнувачот без основа.[1] Иако одредбата на законот укажува дека до стекнување без основа може да дојде на било кој начин, сепак во практиката и во правната теорија се диференцирале неколку видови, односно типични случаи на стекнување без основа чиј приказ и продлабочена анализа ќе бидат предмет на овој труд. Во нашата правна теорија[2] се среќава една генерална поделба на стекнувањето без основаа на три основани видови: стекнување без основа со дејствие на осиромашениот, стекнување без основа поради дејствие на збогатениот и стекнување без основа поради дејствие на трет или надворешен настан. Ваква поделба среќаваме и во компаративната правна теорија, каде воедно се истакнува дека класификацијата на случаите на стекнување без основа се прави со оглед на причините за стекнувањето без основа, а секој од случаите на стекнување без основа има свои посебни претпоставки кои претставуваат конкретизација на општите претпоставки што ја прави потребата од класификација уште поизразена.[3] Оваа поделба ќе биде појдовна основа за структурирањето на нашиот труд и следејќи ја истата ќе бидат анализирани овие три посебни видови на стекнување без основа. Сепак, самата природа на материјата бара понатамошно структурирање на основните видови преку одредени посебни ситуации или подвидови. Како посебни ситуации во кои може да дојде до стекнување без основа со дејствие на осиромашениот се сметаат: исплата на недолгувано, исплата во однос на основа што не се остварил и исплата на недолгувано во однос на основот кој престанал да постои. Понатаму, како посебни ситуации во кои доаѓа до стекнување без основа поради дејствие на збогатениот е случајот на употреба на туѓа ствар во своја корист и на крајот кај стекнувањето без основа поради дејствие на трет или надворешен настан се среќаваме со една посебна ситуација, случајот на мешање и спојување ствари на различни сопственици поради дејствие на трет или надворешен настан.[4] Сите овие видови и посебни ситуации ќе бидат претставени преку призмата на нашата правна теорија, нашиот законодавец, како и компаративната правна теорија.

[1]Член 199 од Закон за облигационите односи *"Службен весник на Република Македонија"* бр. 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013.

[2]Галев Гале, Дабовиќ Анастасовска Јадранка, *Облигационо право*, Скопје, 2008 стр.772-773.

[3]Радишиќ Јаков, *Облигационо право, општи део*, Београд, 2004, стр. 295.

[4] Галев Г., Дабовиќ Анастасовска Ј., *Облигационо право,* Скопје, 2008, стр. 775.

1. Стекнување без основа со дејствие на осиромашениот

Во правната литература се среќаваме со мислењето дека стекнувањето без основа најчесто настанува како резултат на дејствие на самиот осиромашен, а дејствието може да се состои во пренос на право на ствар, владение на ствари или во давање услуга.[5]Се смета дека стекнување без основа постои и кога одредено лице ќе го пренесе само владението врз стварта, било да е тоа поради природата на правниот однос или поради тоа што и тој не е сопственик на истата, како и во случаите кога дејствието се состои во вршење одредени услуги, а договорот е прогласен за ништовен, бидејќи недостатокот на основаот не може ниту да ја спречи ниту да ја намали користа од услугата.[6] Во рамки на стекнувањето без основа со дејствие на осиромашениот ќе разгледаме неколку посебни случаи. Се работи за исплата на недолгувано, исплата каде основаот не се остварил и исплата каде основот подоцна отпаднал.

1.1. Исплата на недолгуваното (condictio indebiti)

Исплата на недолгуваното се смета за една од најзначајните типични случаи на стекнување без основа.[7]Се смета дека оној кој во заблуда или поради незнаење на друг ќе му даде одредена ствар или ќе стори нешто што не бил должен да го стори, може да бара од стекнувачот да се врати применото, односно да се даде одреден надомест за стореното. Притоа, во правната теорија се напоменува дека "давањето на ствари" треба да се сфати во најшироко значење, кое ја опфаќа и исплатата на паричен износ и преносот на одредени права.[8] Но, стекнување без основа не настанува во секој случај, туку само при исполнетост на одредени претпоставки. Во правната литература се зборува за исполнетост на три услови: плаќањето да е направено solvendi causa (solvendi causa ја претставува намерата на едно лице кое врши исплата да исполни свој долг – animo solvendi, каде што под исплата се подразбира не само плаќање на паричен износ, туку и предавање на ствари или извршување на одредени дејствија), да е платен привиден долг, односно долг кој не постои било од причина што никогаш не постоел, или поради тоа што во времето на исплатата

[5]Радишић Ј., *Облигационо право, општи део*, Београд, 2004, стр. 295.
[6]Ibid.
[7]Jakšić Stevan, *Obligaciono pravo opšti dio,* Sarajevo, 1960, str. 367.
[8]Ibid.

престанал да постои поради претходна исплата, компензација и слично [9] и третиот услов е осиромашениот да бил во заблуда.[10]

Од друга страна, во компаративната правна теорија се среќаваме и со класификација на четири елементи кои ги содржи овој посебен случај на стекнување без основа, а воглавно содржината и опфатот и на двете поделби е исти. Зборуваме за следниве елементи:[11]

А) верување дека долгот постои, каде се вброени и случаите кога едно лице ќе исплати туѓ долг во заблуда, при погрешно уверување дека е должен да плати. Во врска со значењето на заблудата за постоењето на стекнување без основа, во споредбената судска практика се среќаваме со одлуката дека не постои стекнување без основа кога договорните страни утврдиле ориентациона цена за купопродажба на одредена ствар, а по извесно време продавачот му испорача на купувачот технолошки усовршена ствар по повисока цена, а купувачот ја платил разликата во цената, согласувајќи се со промената на цената, по подобрување на стварта. Од друга страна, во судската практика се смета дека стекнување без основа ќе постои ако купувачот, на денот на испораката на возилото ја платил разликата во цената, верувајќи во заблуда дека продавачот се придржувал до редоследот на испораката, ако докаже дека зголемувањето на цената не би настанало доколку продавачот се држел до редоследот на испораката.[12]

Б) постоење на сознанието кај осиромашениот дека не е должен да направи исплата, но сепак исплатата е направена, а правото на поврат на исполнувањето е задржано, или ако платил со цел да избегне принудно извршување или некоја друга принуда. [13]

В) исплата пред рок или пред исполнување на услов не претставува стекнување без основа бидејќи се смета дека тој платил постоечки долг.[14]

Г) извршување на некоја природна обврска или морална или општествена должност не претставува стекнување без основа. Така, не се смета за исплата на недолгувано ниту извршувањето на некоја природна или натурална

[9]Đurović Radomir, Dragišević Momir, *Obligaciono pravo sa poslovima prometa*, Savremena administracija, Beograd, 1980, str. 200.

[10]Види за овие три услови кај Галев Г., Дабовиќ Анастасовска Ј., *Облигационо право,* Скопје, 2008 исто и Радишиќ Ј., *Облигационо право, општи део*, Београд, 2004, стр. 296 и Bikić Abedin, *Obligaciono pravo,opći dio*, Sarajevo, 2007, стр. 251.

[11]Антиќ Оливер, *Облигационо право*, Београд, 2009, стр. 534-535.

[12]Се работи за одлука на Врховен суд на Босна и Херцеговина, Рев. 333/88 од 16.06.1988, според Bikić A., *Obligaciono pravo,opći dio*, Sarajevo, 2007, стр. 252.

[13]Во член 200 од ЗОО е содржано истото решение според кое:"*Тој што ќе изврши исплата знаејќи дека не е должен да плати, нема право да бара враќање, освен ако го задржал правото да бара враќање или ако платил за да ја избегне принудата.*"

[14] Bikić A., *Obligaciono pravo,opći dio*, Sarajevo, 2007, стр. 252.

облигација или она што е дадено или направено на име на извршување на некоја морална или општествена должност.[15]Во поглед на законодавните решенија во нашето право можеме да кажеме дека истото решение е содржано во член 202 од нашиот ЗОО според кој:"*Не може да се бара она што е дадено или сторено на име извршување на некоја природна обврска или некоја морална или општествена должност."*

1.2. Исплата каде основот не се остварил (condictio causa data, causa non secuta)

До стекнување без основа доаѓа во случај кога се исполнува одредено дејствие со оглед на основ кој се очекува да се оствари во иднина, но подоцна основот нема да се оствари.[16]Притоа, во правната теорија се истакнува едно правило во споредбеното право според кое не може да се бара враќање доколку остварувањето на целта од почетокот било невозможно и ако лицето кое го извршило дејствието го знаело ова или ако тој го спречил остварувањето на целта, спротивно на начелото на совесност и чесност.[17] Во овие случаи не може да се бара враќање на даденото, но во теоријата се среќаваме со мислењето дека може да се бара враќање на даденото ако:*"... исплатата е извршена во очекување дека и другата страна ќе ја изврши својата обврска, а тоа извршување стане невозможно поради дејство на виша сила. Со оглед на тоа дека кај товарните и двостранообврзувачките договори постојат два заемно условени основи, а еден не се остварил, купувачот има право на поврат на купопродажната цена со оглед на основот кој не се остварил"*.[18]

И во нашата правна теорија се среќаваме со мислењето дека во овој случај – кога исполнувачот го спречил настанувањето на основот тој нема

[15]Đurović R., Dragišević M., *Obligaciono pravo sa poslovima prometa,* Savremena administracija, Beograd, 1980, str. 200, исто и Bikić A., *Obligaciono pravo,opći dio*, Sarajevo, 2007, стр. 251 каде е прикажан случајот од судската практика според кој право на поврат на средства врз основаа на стекнување без основа нема сопругата која носела храна, средства за лична хигиена и слично на супругот додека бил на рехабилитација, бидејќи ваквите постапки имаат значење на морален чин.

[16] Примери за вакво стекнување без основаа кои ги среќаваме во правната литература се следниве: една од страните на договорот почне со исполнување на договорените обврски, на пример однапред плати износ на име на закупнина, а договорот воопшто нема да се склучи, или кога некој ќе предаде меница за иден заем па заемот нема да се оствари, според Đurović R., Dragišević M., *Obligaciono pravo sa poslovima prometa*, Savremena administracija, Beograd, 1980, str. 201.

[17]Đurović R., Dragišević M., *Obligaciono pravo sa poslovima prometa,* Savremena administracija, Beograd, 1980, str. 201.

[18] Milošević Ljubiša, *Obligaciono pravo*, Savremena administracija, Beograd, 1982, стр. 208.

право на враќање, туку може да се примени правилото според кое се смета дека условот е остварен ако неговото остварување, спротивно на начелото на совесност и чесност, го спречи страната врз чиј товар е определен. [19]Ова правило е содржано во членот 66 став 4 од нашиот ЗОО.[20]

Овој вид на стекнување без основа има одредени сличности со исплата на недолгуван долг, бидејќи самиот случај е случај кога се исплаќа недолгувано, но со една суштинска разлика, а тоа е: лицето што исплаќа долг знае дека плаќа недолгувано, тој не се наоѓа во заблуда дека долгот постои, но неговата заблуда се однесува на околноста дека долгот подоцна ќе настане. Во правната теорија се смета дека овој вид на стекнување без основа настанува и во случај кога лицето кое исплаќа без основа не очекува помеѓу него и примателот на исплатата да настане облигационен однос, туку има само убедување дека примателот на исплатата ќе исплати ветена исплата на доброволна основа, а на крајот до такво исполнување нема да дојде. [21] Во оваа група на случаи вообичаено се вбројува и случајот кога некој даде подарок на друг поради брак што даропримателот треба да го склучи, а до склучување на брак нема да дојде, иако постојат и спротивни размислувања според кои ова е случај на отпаѓање на основ, поради што договорот може да се отповика, па дури подоцна да се бара враќање на исплатеното.[22]

Од друга страна, во правната литература се среќаваат и размислувања дека во овие случаи постои правен основ на кој е засновано сторувањето, давањето и слично, односно постои правна врска помеѓу двете лица. Тој правен основ, односно правната врска во овој случај е договорот за подарок, но тој однос постои само поради некој друг, очекуван правен основ, за кој постои верба дека ќе настане. Па така се вели дека *"... заснованиот правен однос постои условно, и тоа под раскинлив услов. Имено ако не дојде до очекуваниот правен однос, заснованиот правен однос ја губи својата смисла т.е. престанува да постои, а она што на основа на него е дадено или сторено претставува правно неосноваано осиромашување за лицето кое нешто дало или сторило..."*[23]

---

[19] Галев Г., Дабовиќ Анастасовска Ј., *Облигационо право*, Скопје, 2008, стр. 774.

[20] Според чл. 66 од став 4 на ЗОО:" *Се смета дека условот е остварен ако неговото остварување, спротивно на начелото на совесност и чесност, го спречи страната врз чиј товар е определен, а се смета дека не е остварен ако неговото остварување, спротивно на начелото на совесност и чесност, го предизвикува страната во чија корист е определен."*

[21]Радишић Ј., *Облигационо право, општи део*, Београд, 2004, стр. 298.

[22]Ibid, стр. 299.

[23] Đorđević Živomir, Stanković Vladan, *Obligaciono pravo opšti deo*, Beograd, 1980, стр. 450.

Во правната теорија се истакнува потребата кај овој вид на стекнување без основа да се прави разлика помеѓу основ на договор и основ на стекнување без основа, како два поими кои почнувајќи од римското право па сé до ден денес не се докрај разграничени во правната теорија и правната практика.[24] Тука пред сé теоретичарите ги наведуваат случаите на двостранообврзувачки договори во кои едната страна ја извршила својата обврска во очекување дека и другата страна ќе ја изврши својата обврска, пример поради пропаѓање на предметот на обврската кој е индивидуално определена ствар или поради одбивање на другата страна да ја изврши обврската. За овие случаи се истакнува дека или воопшто не претставуваат стекнување без основа или не спаѓаат во категоријата на збогатување со оглед на основ кој не се остварил. [25]

1.3. Исплата каде основот подоцна отпаднал (condictio ob causam finitam)

Во правото се можни ситуации кога едно лице ќе направи одредено исполнување со оглед на основ кој постои, а подоцна истиот основ отпаднал или престанал да постои. Во овие случаи едно лице на друго лице ќе му даде ствар која бил обврзан да ја даде, но правото му дава можност да ја бара стварта (исполнувањето) назад доколку престанал правниот основ примателот на стварта и понатаму да ја држи. Како пример во правната литература се среќава плаќањето на закупнина за стан за 6 месеци однапред, по што доаѓа до договорно раскинување на договорот пред истек на овој период. Се смета дека осиромашениот во овој случај треба да докаже кое дејствие довело до ваква ситуација, кој е правниот основ за таквото дејствие и отпаѓањето на правниот основ по преземање на дејствието.[26] Се вели дека овој вид на стекнување без основа е многу сличен со стекнувањето без основа до кое доаѓа поради ненастапување на успех (condictio causa data causa non secuta) каде претпоставки се едната страна да ѝ дала нешто на другата страна со намера да постигне некој успех, односно во редовни случаи тоа е дргуата страна да ја исполни својата обврска, како и претпоставката дека тој успех изостанал и другата страна не ја исполнила својата обврска.[27]

Овој вид на стекнување без основа најчесто настанува кога едната страна ќе изврши обврска од договор кој подоцна ќе се поништи, договорно или едностранo ќе се раскине или неговото неисполнување ќе стане невозможно поради дејство на виша сила, па страната има право да бара

[24] Ibid, стр. 450.
[25] Ibid, стр. 450.
[26] Jakšić S., *Obligaciono pravo opšti dio*, Sarajevo, 1960, стр. 370.
[27] Ibid, стр. 370.

враќање на она што е исплатено.[28]Овие институти поврзани со стекнувањето без основа во современите правните системи се законски регулирани со правни правила за ништовност, раскинување на договор и невозможност за исполнување. Истите се уредени во нашиот ЗОО. Општото правило за ништовност на договорите гласи дека: "*Во случај на ништовност на договорот секоја договорна страна е должна да и го врати на другата сето она што го примила врз основаа на таквиот договор, а ако тоа не можно, или ако природата на она што е исполнето му се спротивставува на враќањето, ќе се даде соодветен надомест во пари, според цените во време на донесувањето на судската одлука, доколку законот не определува ништо друго."*[29]Ако врз основа, пак, на рушлив договор кој е поништен било нешто исполнето, ќе се изврши враќање, а ако тоа не е можно или ако природата на тоа што е исполнето му се противи на враќањето, ќе се даде соодветен надомест во пари, а надоместот во пари се дава според цените во време на враќањето, односно донесувањето на судската одлука.[30] Овие две одредби се извор на стекнувањето без основа во случај на отпаѓање на правниот основ. Во овие случаи, доколку страната што треба да изврши враќање на стекнатото без основа не ја исполни својата обврска доброволно, другата страна има право на правна заштита согласно правилата за стекнување без основа. Во случајот кога примена наоѓа институтот раскинување на договор, основаното дејство што го има раскинувањето на договорот е тоа што со раскинувањето на договорот двете страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета. Стекнувањето без основа настанува во случајот кога една страна го извршила договорот целосно или делумно и истата има право да ѝ се врати она што го дала. Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.[31] Правилата за стекнување без основа се применуваат и во случаите на невозможност за исполнување на обврска за која не одговара ниту една од страните. Имено на ова изрично упатува и одредбата од членот 126 од ЗОО според која:"*Кога исполнувањето на обврската на едната страна во двостран договор станало невозможно поради настан за кој не е одговорна ни едната ни другата страна, се гаси и обврската на другата страна, а ако оваа исполнила нешто од својата обврска, може да бара враќање според правилата за враќање за стекнато без основа.*" Ситуацијата е поинаква во случаите кога невозможноста за исполнување се должи на субјективна одговорност на одредено лице, и тогаш правната уреденост на односот и

[28] Галев Г., Дабовиќ Анастасовска Ј., *Облигационо право*, Скопје, 2008, стр. 774.
[29] Член 96 став 1 од ЗОО.
[30] Член 105 од ЗОО.
[31] Член 121 од ЗОО.

поинаква и различна од настанувањето на стекнување без основа како облигација.[32]

Во споредбеноправната судска практика се среќаваме со стојалишта дека стекнувањето без основа не се јавува во сите случаи во кои правниот основ отпаднал или судот го поништил. Имено во компаративната судската практика[33] се среќаваме со случај каде тужителот - правно лице бара поврат на уплатени средства од туженият – електродистрибуција, по основа на стекнување без основа. Помеѓу нив бил склучен договор за испорака на електрична енергија, а висината на надоместот ила одредена според одлука на туженият, одлука која подоцна ила укината од Уставен суд бидејќи не била објавена на начин пропишан за објавување на општ акт. Тужителот барал враќање на платеното врз основаа на укинатата одлука, но судот го одбил неговото барање, сметајќи дека во конкретниот случај не постои стекнување без основа од страна на туженият, туку дека туженият наплатил за испорачаното, а основот на наплатата бил договорот склучен со тужителот, а не одлуката.[34]

2. Стекнување без основа со дејствие на збогатениот

Во случајот на стекнување без основа поради дејствие на збогатениот, по правило се работи за недозволени дејствија со кои едно лице не стекнува права, туку неосновано присвојува туѓ имот.[35] Се смета дека најзначаен случај на овој вид стекнување без основа е употреба на туѓи ствари во своја корист.[36] Во судската практика се среќаваме со ставовите дека под употреба на туѓа ствар се подразбира такво користење на стварта при што таа се претвара во нешто друго или престанува да постои, а користа која е остварена со таквата употреба на стварта, дури и совесниот стекнувач е должен да му ја надомести на имателот на стварта.[37]

---

[32] Според член 127 од ЗОО:" *Кога исполнувањето на обврската на едната страна во двостран договор станало невозможно поради настан за кој одговара другата страна, нејзината обврска се гаси, а таа гозадржува своето побарување спрема другата страна, со тоа што се намалува за онолку колку што таа можела да има корист од ослободувањето од сопствената обврска. Таа страна е должна да и ги отстапи на другата страна сите права што би ги имала спрема трети лица во врска со предметот на својата обврска чие исполнување станало невозможно."*

[33] Vs. FBiH, Pž.309/97, од 27.01.1998 година, Bilten SPVs FBiH1/98-30.

[34] Bikić A., *Obligaciono pravo,opći dio*, Sarajevo, 2007, стр. 253.

[35]Радишић Ј., *Облигационо право, општи део*, Београд, 2004, стр. 295.

[36]Ibid.

[37] Се работи за Заклучок од советувањето на највисоките судови во бивша СФРЈ од 13 и 14.06.1984 година, според Чавдар Кирил, Чавдар Кимо, Закон за облигационите

Дејствието превземено од збогатениот може да биде противправно штетно дејствие кое повлекува граѓанско-правна одговорност за надомест на штета или дејствие од друг вид.[38] Доколку до збогатување дошло со дејствие што повлекува граѓанско-правна одговорност, а воедно се исполнети и останатите услови за настанување на одговорност за штета, осиромашениот има можност да избере дали ќе бара надомест на штета или ќе бара примена на правилата за стекнување без основа.

Во правната теорија се зборува за две ситуации кои можат да настанат кај стекнувањето без основа по пат на недозволено дејствие на збогатениот: првиот случај е кога помеѓу осиромашениот и збогатениот не постоел никаков правен однос, а вториот случај е кога помеѓу нив постоел одреден правен однос, но збогатениот немал овластување или право врз основа на постоечкиот однос да го превземе дејствието со кое се збогатил. Во вториот случај осиромашениот има право да бара враќање само на она што збогатениот го прибавил со правно неоснованото дејствие, а не и на она што осиромашениот го дал на основа на правниот однос кој постои меѓу нив – на пример да бара враќање на надоместот кој го платил за чување на стварта. Осиромашениот во овој случај треба прво да го прекине правниот однос, со раскин или на друг начин, па дури потоа да го постави барањето за стекнување без основа.[39]

Одредбата од нашиот ЗОО која го уредува овој вид на стекнување без основа е членот 208 според кој:" *Кога **некој ќе употреби туѓ предмет во своја корист,** имателот може да бара, независно од правото на надомест на штетата или во отсуство на таа, да му ја надомести овој користа што ја имал од употребата.*" Во оваа одредба се доведуваат во корелација правото на надомест на штета и стекнувањето без основаа како два различни облигациони односи. Во конкретен случај, непостоење на правото на надомест на штета може да биде резултат на настапување на застареност. Оваа правна можност се заснова и во одредбата на ЗОО според која по настапувањето на застареност на правото да бара надомест на штетата, оштетениот може да бара од одговорното лице, според правилата кои важат во случај на стекнување без основа, да му го отстапи она што го добил со дејствието со кое е причинета

односи, коментари, објаснувања, практика и предметен регистар, Агенција Академик, Скопје, 2008, стр. 422. Имено, во овој заклучок се прави разликување помеѓу поимот користење на туѓа ствар во облигационоправна смисла – од аспект на стекнување без основа со ористење на туѓа ствар од една страна и користење на туѓа ствар од аспект на стварноправните односи. Во вториот случај се смета дека овој поим опфаќа употреба при која идентитетот на стварта останува сочуван со можност смалување на вредноста поради употребата и совесниот држател, односно стекнувач не е должен да плати надоместок за таквото користење на стварите за времето додека бил совесен.

[38] Đorđević Ž., Stanković V., *Obligaciono pravo opšti deo*, Beograd, 1980, стр. 451.

[39]Ibid.

штетата, а правото на оштетениот да бара од одговорното лице да му го отстапи она што го добило со дејствието со кое е причинета штетата застарува со истекот на последниот ден на општиот рок на застареност.[40]

Според правната теорија, за користење на туѓа ствар во своја корист се смета и преработување на туѓи ствари, градење со туѓ материјал на свое земјиште под услов оној **кој ја употребил туѓата ствар да стекнал право на сопственост на новата ствар**.[41] Стекнувањето на сопственост според македонското право е уредено во нашиот Закон за сопственост и други стварни права (во натамошниот текст, ЗСИДСП).[42] Од интерес за стекнувањето без основа, поконкретно за овој вид, се законските одредби за стекнување на сопственост врз основа на закон според кои правото на сопственост се стекнува со создавање нова ствар, со мешање и спојување, со градење на земјиште, со одржување, со одвојување на плодовите, со стекнување сопственост од несопственик, со окупација и во други случаи определени со закон.[43]

Со оглед на гледиште во правната теорија дека во овие случаи облигацијата настанува под услов збогатениот да се стекнал со право на сопственост на новата ствар, можеме да заклучиме дека како страна на збогатен во овој случај на стекнување без основа може да се јават[44]:

- лицето кое од туѓ материјал изработил со свој труд нова ствар. Согласно закон таа ствар му припаѓа нему, во случај кога бил совесен и ако вредноста на трудот е поголема од вредноста на материјалот, но тој е должен да ја надомести вредноста на материјалот
- дотогашните сопственици на ствари што им припаѓаат на различни сопственици кои се измешани или споени, така што не можат да се раздвојат без значителна штета или без несразмерни трошоци, и тоа сразмерно со вредноста што одделни ствари ја имале во моментот на мешањето или спојувањето. На новата ствар настанува право на сосопственост
- совесниот сопственик во случај на мешање и спојување на ствари од различни сопственици од кои едниот бил несовесен. Совесниот сопственик може да бара, во рок од една година од денот на мешањето или спојувањето наствариte, целата ствар да му припадне во

[40] Член 198 од ЗОО.
[41] Радишић Ј., *Облигационо право, општи део*, Београд, 2004, стр. 299.
[42] Службен весник на Република Македонија" број 18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/2010.
[43] Член 113 од ЗСИДСП.
[44] Член 114 И 115 од ЗСИДСП.

сопственост или истата ствар даму припадне на несовесниот сопственик, а тој да му ја надомести вредноста на неговата ствар.

- ако од двете измешани или споени ствари едната има незначителна вредност во однос на другата, сопственикот на другата ствар стекнува право на сопственост на новата ствар со обврска да му ја надомести вредноста на лицето кое со тоа го загубило правото на сопственост настварта.
-

3. Стекнување без основа со дејствие на трет

Постојат случаи во кои имотот на едно лице ќе се зголеми како резултат на дејствие на трето лице. Нашиот ЗОО ги регулира овие случаи со одредбата во членот 206 според која:" *Ако некој употребил свој или туѓ предмет во корист на трет, а нема услови за примена на правилата за работоводство без налог, третиот е должен да го врати предметот, односно ако не е можно тоа, да ја надомести неговата вредност.*" Во правната литература како примери за овој вид на стекнување без основа се наведува и случајот кога некој ќе помеша или спои движни ствари на различни сопственици,[45] или кога трето лице sида или сади на туѓо земјиште, користејќи туѓ материјал, кој не припаѓа ниту на него, ниту на сопственикот на земјиштето, или кога едно лице ќе изврши туѓа работа, со туѓи средства.[46] Во правната теорија се смета дека за постоењето на овој вид на стекнување без основа не е од значење дали постои правен основ или не постои правен основ на кој третото лице го превземало дејствието. Единствено од значење за постоење на стекнување без основа со дејство на трето лице е да не постои правна основа помеѓу лицата кои се доведени во ситуација на неосновано збогатување – збогатениот и осиромашениот.[47] Во одредени случаи на стекнување без основа со дејствие на трето лице, односно во слуачите на мешање, спојување, sидање или садење, на стекнувањето без основа му претходи едно стварноправно прашање – кој е сопственик на новосоздадената ствар. Значењето е суштествено бидејќи на овој начин се определуваат страните на облигациониот однос, односно кој е осиромашен а кој е збогатен, а со тоа се определува и лицето кое има право да бара реституција според правилата за стекнување без основа. Ова претходно прашање не постои единствено кога овој вид на стекнување без основа настанува кога трето лице извршило туѓа работа, со туѓи средства.[48]

[45]Радишић Ј., Облигационо право, општи део, Београд, 2004, стр. 300.
[46] Đorđević Ž., Stanković V., *Obligaciono pravo opšti deo*, Beograd, 1980, стр. 453.
[47] Ibid, стр. 453.
[48] Ibid, стр. 453.

Овој вид на стекнување без основа е многу сличен со стекнувањето без основа со користење на туѓа ствар во своја корист, посебно кога се работи за случаеви на мешање и спојување на ствари. Иако постои суштествена разлика – а тоа е појавата на трет субјект, односно дејствие на трето лице, сепак и во двата случаи настанувањето на стекнување без основа е условено од непостоењето на правен основ помеѓу збогатениот и осиромашениот, независно со чие дејствие е причинето збогатувањето/осиромашувањето. Уште повеќе што и во двата случаи кога се работи за мешање, спојување, градење, садење, потребно е најпрво определување на сопственичкоправниот однос согласно стварноправните прописи, за да може да се определат страните на облигацијата стекнување без основа – кој е збогатен, а кој е осиромашен.

4. Стекнување без основа со надворешен настан

Во правната теорија како пример за овој вид на стекнување без основа се наведува и случајот кога до помешување и спојување на ствари на различни сопственици, ќе дојде како резултат на надворешен настан (природна непогода како поплава, земјотрес, олуја и слично). [49] Се работи за настан кој не спаѓа во човечки дејности. Во случај кога ќе дојде до мешање и спојување на ствари најпрво треба да се одговори на прашањето – кој е сопственикот на новата ствар.[50] Сопственикот на новата ствар ќе се определи според одредбите на нашиот ЗСИДСП. Имено нашето стварно право регулира неколку случаи на помешување и спојување на ствари како резултат на надворешни настани и тоа: промена на речно корито, отцепување на земјиште, припојување и таложење и создавање на остров. Сите овие случаи се регулирани како стварниправни односи во рамките на стекнувањето на право на сопственост врз основа на закон. Содржината на односот кој тие го регулираат е создавање на стварни права и овластувања кои произлегуваат од нив. Истите треба да се разликуваат од содржината на облигационоправниот однос кој исто така настанува на овој начин. Во правната теорија и во некои закони овој случај на стекнување без основа се сведува на употреба на туѓи ствари во своја корист.[51]

Лицето на кое ќе му припадне стварта во смисла на облигацијата за која зборуваме претставува стекнувач без основа, односно лице кое се збогатило без основа и истото има обврска да ја надомести вредноста на своето стекнување без основа. Во правната теорија се смета дека во ваков случај осиромашениот има право на condictio sine causa во потесна смисла на зборот.[52]

[49]Радишић Ј., Облигационо право, општи део, Београд, 2004, стр. 300.
[50]Đorđević Ž., Stanković V., *Obligaciono pravo opšti deo*, Beograd, 1980, стр. 453.
[51]Milošević Lj., *Obligaciono pravo*, Savremena administracija, Beograd, 1982, str. 209.
[52]Ibid стр. 300.

Со оглед на фактот дека за овој вид на стекнување без основа во нашиот ЗОО не постојат посебни одредби, за содржината на облигациониот однос ќе се применат општите правила за стекнување без основа.

Заклучок

Анализата на видовите на стекнување без основа преку призмата на правната теорија, законодавството и судската практика покажа дека се работи за облигационен однос кој им е познат на правните системи уште од најстари времиња, облигација која уште во римското право била изделена од останатите општествени и правни односи и уредена посебно. Како општествен однос стекнувањето без основа допира, а во одредени случаи и се преклопува со останатите облигациони односи – облигационите односи што настануваат со причинување на штета и работоводство без налог, како и со стварно-правните односи, поточно со одредени случаи на стекнување на право на сопственост врз основа на закон. Целта на постоењето на стекнувањето без основа е да послужи како еден супсидијарен извор на облигациите кој ќе се применува во случаите кога побарувањето на едно лице неможе да се изведе од сопственоста, одредено правно дело, работоводството ез налог, граѓанско-правната одговорност за штета. Крајната цел на стекнувањето без основа е корегирање на повреда на начелото на еквивалентност во поширока смисла на зборот и враќање на материјалните вредности на оној субјект на кој му припаѓаат според правото. И покрај ваквото суштествено значење на стекнувањето без основа за субјектите во правниот систем, како и покрај долговековната традиција на постоење како правно уреден облигационен однос, нашата анализа покажа дека се работи за подзаборавен облигационен однос, како од правната теорија, така и од законодавецот. Правната теорија која беше предмет на анализа прави одредени класификации на видовите на стекнување без основа, но нивното проучување е далеку од детално и сеопфатно. Таквиот доктринарен пристап е недоследен и несоодветен на тежината и конфузноста кои во себе ги содржат различните видови на стекнување без основа, посебно во поглед на случаите кои тешко се разликуваат или кај кои постои преклопување меѓу одделни видови на стекнувања без основа, или меѓу нив и сличните стварноправни односи. Ваквата состојба на доктринарен терен е само отежната со пристапот на законодавецот, кој содржи минимален број на одредби кои ги уредуваат видовите на стекнување без основа, а одредени случаи, како што е стекнувањето без основа со надворешен настан, воопшто и не се регулирани. При непостоење на посебни одредби за одделен вид на стекнување без основа применливи се општите правла за стекнување без основа, но истите неможат да понудат олеснување на ситуацијата и отстранување на целата конфузност што се создава при уредување на овие

односи бидејќи во законот се содржани во мал број со уште помал опфат на уредување.

Како резултат на сето изложено погоре сметаме дека законодавецот, како и правната теорија воопшто не нудат доследна подршка за судската практика и правната практика при остварување на видовите на стекнување без основа, што остава простор за понизок степен на заштита на осиромашените лица, односно лицата кои имаат право на враќање на стекнатото без основ.

ЛИТЕРАТУРА

Bikić Abedin, *Obligaciono pravo,opći dio*, Sarajevo, 2007;

Đorđević Živomir, Stanković Vladan, *Obligaciono pravo opšti deo*, Beograd, 1980;

Đurović Radomir, Dragišević Momir, *Obligaciono pravo sa poslovima prometa*, Savremena administracija, Beograd, 1980;

Jakšić Stevan, *Obligaciono pravo opšti dio*, Sarajevo, 1960;

Milošević Ljubiša, *Obligaciono pravo,* Savremena administracija, Beograd, 1982;

Perović Slobodan, Stojanović Dragoljub, *Komentar Zakona o obligacionim odnosima*, Novi Sad, 1980

Антић Оливер, *Облигационо право*, Београд, 2009;

Галев Гале, Дабовиќ Анастасовска Јадранка, *Облигационо право*, Скопје, 2008;

Закон за облигационите односи *"Службен весник на Република Македонија"* бр. 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013;

Закон за сопственост и други стварни права *"Службен весник на Република Македонија"* број 18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/2010;

Радишић Јаков, *Облигационо право, општи део*, Београд, 2004;

Чавдар Кирил, Чавдар Кимо, *Закон за облигационите односи, коментари, објаснувања, практика и предметен регистар*, Агенција Академик, Скопје, 2008.

Татьяна Бялкина Михайловна
Доктор юридических наук, доцент;
Заведующий кафедрой конституционного и муниципального права ФГБОУ ВО «Воронежский государственный университет»; Россия,
tbyalkina@yandex.ru

УДК.352.071.2(470+517)
Original research paper

НЕКОТОРЫЕ АСПЕКТЫ РАЗВИТИЯ МЕСТНОГО САМОУПРАВЛЕНИЯ В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ НА СОВРЕМЕННОМ ЭТАПЕ МУНИЦИПАЛЬНОЙ РЕФОРМЫ

Аннотация
Конституция Российской Федерации закрепляет местное самоуправление как одну из основ конституционного строя России, форму народовластия, в рамках которой население в формах непосредственной или представительной демократии самостоятельно решает вопросы местного значения. Органы местного самоуправления не входят в систему органов государственной власти.
За время, прошедшее после принятия Конституции РФ в 1993 году, институт местного самоуправления неоднократно подвергался реформированию. В статье анализируются актуальные проблемы местного самоуправления, обусловленные проведением очередного этапа муниципальной реформы. Анализируются вопросы народного представительства в современном российском самоуправлении; тенденции развития структуры органов местного самоуправления и вопросы их формирования; проблемы территориальной организации местного самоуправления в связи с появлением новых видов муниципальных образований; новые подходы к правовому закреплению и осуществлению компетенции местного самоуправления.

Ключевые слова: *местное самоуправление, народное представительство, выборные органы местного самоуправления, представительный орган местного самоуправления, выборное должностное лицо местного самоуправления, глава муниципального образования, высшее должностное лицо муниципального образования, преобразование муниципальных образований; вопросы местного значения, перераспределение полномочий.*

Byalkina Tatiana Mikhailovna
Head of the Department of constitutional and municipal law, doctor of law, Professor; (Voronezh state University); Russia, Voronezh

SOME ASPECTS OF DEVELOPMENT OF LOCAL SELF-GOVERNMENT IN THE RUSSIAN FEDERATION AT THE PRESENT STAGE OF MUNICIPAL REFORM

Abstract
The Constitution of the Russian Federation enshrines local self-government as one of the foundations of the constitutional system of Russia, a form of democracy in which the population in the forms of direct or representative democracy independently solves issues of local importance. Local self-government bodies are not included in the system of public authorities.
Since the adoption of the Constitution of the Russian Federation in 1993, the Institute of local self-government has been repeatedly reformed. The article analyzes the current problems of local government, due to the next stage of municipal reform. The questions of people's representation in the modern Russian self-government are analyzed; trends in the development of the structure of local self-government bodies and issues of their formation; problems of territorial organization of local self-government in connection with the emergence of new types of municipalities; new approaches to the legal consolidation and implementation of the competence of local government.

Key words: *local self-government, people's representation, elected bodies of local self-government, representative body of local self-government, elected official of local self-government, head of municipal formation, the highest official of municipal formation, transformation of municipal formations; questions of local value, redistribution of powers.*

Введение

Местное самоуправление в Российской Федерации весь период своего существования находится в ситуации перманентного реформирования. За

относительно короткий по историческим меркам срок оно переживает уже четвертый этап своего реформирования[1].

Несмотря на различие целей, задач, особенностей каждого из этапов муниципальной реформы, их все объединяет одна общая черта. В рамках каждого этапа происходит коррекция роли субъектов Российской Федерации в отношении местного самоуправления, меняется представление о возможностях и пределах воздействия на него со стороны региональных органов государственной власти, в том числе об объеме и направлениях правового регулирования самоуправленческих отношений нормативными правовыми актами субъектов РФ.

Создание местного самоуправления в России как самостоятельного института публичной власти в начале 1990-х годов само по себе было составной частью реформирования всей российской государственности. Принятие в 1991 году закона РСФСР «О местном самоуправлении в РСФСР»[2] и последующие закрепление в Конституции РФ 1993 года[3] идей и принципов местного самоуправления стало констатацией того факта, что местное самоуправление в Российской Федерации де-юре имеет место быть. Конкретизация, детализация конституционных положений о местном самоуправлении, закрепление правовых механизмов их реализации было осуществлено в Федеральном законе «Об общих принципах организации местного самоуправления в Российской Федерации» от 28 августа 1995г. № 154-ФЗ[4]. Этот закон относил к полномочиям органов государственной власти субъектов российской Федерации довольно внушительный перечень вопросов в области местного самоуправления, по которым они принимали свои законы.

Недоследностите кои беа увидени во однос на безбедноста на храната и заштитата на потрошувачите, нè поттикнаа да направиме споредба со недоследностите во меѓународните односи, конкретно со она што се случува со Република Македонија и нејзините евроинтегративните процеси во Европската унија. Тргнувајќи од ова, а сè со цел да потврдиме дали навистина постојат двојни стандарди на Европската унија во рамките на нејзината надворешната односно политика за проширување, ќе ги истражиме следните три примери и тоа: приемот на Кипар и на Хрватска во Европската унија, и претпристапните процеси на Република Македонија во ЕУ.

1. Кипар

Кипар како една од земјите кандидати која влезе во Унијата со големиот блок на проширување од 2004 год., и пристапи кон Унијата со нерешено територијално прашање за Северен Кипар, кое сè уште го држи отворено.[5] Пристапните процеси на Кипар започнаа некаде во 1990 год. И покрај фактот што Европската унија се обидуваше да ги помири двата делови на островот во посредство со Обединетите нации, настојувајќи и двата да бидат дел од Унијата, сепак тоа не се случи. Имено, во претпристапните преговори Европската унија се залагаше да се врати во сила Уставот од 1960 година и да се обединат двата дела од островот пред нивниот влез во Унијата. Ваквиот став, Европската унија го потврди во неколку наврати, и тоа особено со Хелсиншкиот европски совет од 1999 г.[6] и Копенхашкиот состанок на

забрани дистрибуција на храна на исти производи од исти компании со различни состојки до крајот на 2018г.

[5] Прашањето за Северен Кипар е дел од Кипарскиот конфликт којшто датира некаде од 60 години на минатиот век. Воглавно настанува како последица на заладување на грчко-турските односи, и во 1983 г. делот од Кипар населен со турско население, прогласува независност и формира нова држава т.н. Северен Кипар. Но, со оглед на тоа што спорот со Кипар е тема на посебна обработка, истиот ќе биде изоставен од овој труд. Но, повеќе за таа проблематика може да се најде кај авторите Demetriou Olga. "Catalysis, catachresis: The EU's impact on the Cyprus conflict", in Diez, Thomas and Albert, Mathias and Stetter, Stephan (eds): *The European Union and Border Conflicts. The power of Integration and Association*, Cambridge University Press, Cambridge, 2009, pp. 64-93, and Neill Neugent, *Cyprus and the European Union: The significance of being small*, Ocassional Paper 1 – 2003, Centre for Small state studies, Institute for International Relations, University of Iceland, URL = https://ams.hi.is/wp-content/uploads/old/CYPRUS72%20ENDANLEGT-_0.PDF (accessed on 23 Apr 2018)

[6] **Presidency Conclusions, Helsinki European Council, 10 and 11 December 1999 URL= http://www.europarl.europa.eu/summits/hel1_en.htm (accessed on 15 Apr 2018)**

Европскиот совет од 2002 г.[7], како и со усвојувањето на Десеттиот протокол кон Актот на пристапување во април 2003 г.[8], во кои нагласи дека преферира постигнување на решение за конфликтот пред пристапувањето односно нивното влегување како целосна единка, и дека е согласна да пружи помош за економски развој во северниот дел од Кипар, со цел за негово доближување до Унијата. Но, во овие документи стоеше една забелешка, а тоа е дека доколку помирувањето не се случи, односно доколку одговорноста за нерешавање на конфликтот не падне врз грчко-кипарската страна односно падне на товар на турско-кипарската страна, тогаш Унијата ќе му овозможи влез на Кипар пред да го реши конфликтот. Ова укажува на фактот дека Унијата претпочита кипарскиот конфликт да се реши пред влезот на Кипар во Европската унија, но дека, истата е волна да му овозможи прием доколку конфликтот не се реши по вина на турските кипарци.

По интензивни преговори на европските претставници со двете конфликтни страни, заедно со напорите на Обединетите нации за разрешување на конфликтот, на 24 мај 2004 г., се одржа референдум кој се спроведе на целиот остров, една недела непосредно пред официјалниот влез на Кипар во ЕУ. Со референдумот се бараше одобрување и прифаќање на предложениот план на Обединетите нации, т.н. „план на Анан“ за ставање крај на поделеноста и за разрешување на долгогодишниот конфликт. Референдумот имаше контрадикторен исход односно „планот на Анан“ од една страна беше потврден со консензус од 65 % од населението во Северен Кипар, но, од друга страна, тој беше одбиен со негативен одговор од 76% од населението од Јужниот дел на Кипар. Овој резултат ги покоси очекувањата на Европската унија и на ООН за обединувањето на Кипар и дотолку повеќе беше спротивен на она што Унијата го декларираше во однос на приемот на Кипар во ЕУ. Така, со референдумот се докажа дека вината за неразрешницата на кипарскиот конфликт, падна врз грчко-кипарската страна, а не врз турско-кипарската, што со други зборови требаше да ги затвори вратите за прием на Кипар во Европската унија. Но, спротивно на она што Унијата го декларираше дотогаш во своите документи, и извештаи, како и спротивно на изјавите за повреда на европските вредности, таа сепак на 1 мај 2004 г. го дочека Кипар во своето големо европско семејство.

[7] Presidency Conclusions, Copenhagen European Council, 12 and 13 December 2002 <https://www.cvce.eu/content/publication/2004/4/20/ff7ff228-fa3b-4f89-b552-808f7eb2c-5b3/publishable_en.pdf (accessed on 23 Apr 2018)

[8] ***Act concerning the conditions of accession of the Czech Republic, the Republic of Estonia, the Republic of Cyprus, the Republic of Latvia, the Republic of Lithuania, the Republic of Hungary, the Republic of Malta, the Republic of Poland, the Republic of Slovenia and the Slovak Republic and the adjustments to the Treaties on which the European Union is founded - Protocol No 10 on Cyprus.*** **URL** = https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX%3A12003T%2FPRO%2F10 (accessed 10 Jan 2018)

Оттука, решавањето на конфликтот се пролонгира на неодреден период, како и се суспендира процесот на усвојување на европското право во оние делови од островот Кипар кои се надвор од контрола на авторитетите на Републиката.

1. Хрватска

Република Хрватска стана земја членка на Европската унија во 2013 г., но како и во случајот со Кипар, таа влезе во Унијата со отворени неразрешени територијални прашања (поморска граница на заливот на Пирин, земјена граница на реката Драгоња, земјена граница на Света Гера, демаркација на реката Мура), со својот сосед Словенија – држава која веќе беше земја членка на Унијата.[9] Хрватска ги започна евроинтегративните процеси во 2003 г., додека веќе во 2004 г. доби статус на земја кандидат. Во нејзините евроинтегративни процеси, таа во неколку наврати наиде на отпор и кочење од страна на нејзиниот сосед Словенија, токму заради наведените спорови. Дури, во 2008 г. Словенија го блокираше продолжувањето на преговарачкиот процес на Хрватска со Европската унија, заради нејзината спротивставеност во однос на 7 преговарачки поглавја содржани во Извештајот за напредок на Европската комисија за Хрватска од 2008 г. [10] Унијата пак, од друга страна во нејзините извештаи кон Република Хрватска, постојано наведуваше во рамките на регионалните прашања и добрососедските односи, дека територијалниот спор мора да се реши, односно дека регионалната соработка и добрососедските односи се есенцијален дел и клучен приоритет во процесот на пристапување кон Унијата.[11]

---

[9] Бидејќи територијалниот спор помеѓу Хрватска и Словенија е тема на посебно истражување, истиот ќе биде изоставен од трудот. Повеќе детали околу истиот може да се најдат Vasilka Sancin, *Slovenia-Croatia border dispute: from 'Drnovšek – Račan' to to 'Pahor – Kosor' Agreement, European Perspectives*, Journal of European Perspectives on the Western Balkans Vol.2, No.2, pp. 99-111, October 2010. URL = http://stara.cep.si/dokumenti/CEP%20revija_sancin.pdf (accessed on 10 Apr 2018)

[10] Поглавјата ги опфаќаат областите на земјоделство, безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, даночна политика, инфраструктура, регионална политика и структурни инструменти, правдата, слобода и внатрешни работи и животна средина, а засегаат елементи кои допираат во хрватско-словенските погранични прашања. Види повеќе во *Croatia 2008 Progress Report* (SEC/2008/2694), European Commission, 5.11.2008, Brussels. URL = https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement-/sites/near/files/pdf/press_corner/key-documents/reports_nov_2008/croatia_progress_report-_en.pdf (accessed 1 Mar 2018)

[11] *Croatia 2006 Progress Report*, European Commission (SEC/2006/1385), Brussels, 08.11.2006. Стр. 17. URL = https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2006/nov/hr_sec_1385_en.pdf ; и

После одредени неуспешни обиди на француското претседателство за разрешување на поморските и земјените граници помеѓу Словенија и Хрватска и откочување на евроинтегративните процеси, Европската комисија во јануари 2009 г. формираше специјален комитет составен од тројца членови кои требаа да најдат предлог за решавање на спорот.[12] По неколку разидувања од двете конфликтни страни, конечно Словенија и Хрватска се сложија спорот да го решат под предложеното Европско патронство, преку создавање на посебен арбитражен трибунал којшто би го водел нивниот случај. Така, кон крајот на 2009 г. беа финализирани последните верзии на арбитражниот договор, и во 2011 г. истиот беше регистриран во Обединетите нации.[13] Со оглед на тоа што конечната разрешница на конфликтот требаше да следи во годините што доаѓаат, како основа всушност за откочување на евроинтегративните процеси беше земена токму заложбата на двете страни да го решат конфликтот (заложба, која денес во 2018 г., има завршница која оди во прилог на Словенија, но истата не е прифатена од страна на Хрватска).[14] Освен ова, Хрватска изгласа ѝ уште еден документ во 2011 г., т.н. *Декларација за промоција на европските вредности во Југоисточна Европа*, со кој всушност дава дополнителна потврда дека билатералните прашања нема да ги опструираат пристапните процеси на земјите кандидати за влез во Европската унија.[15] Тргнувајќи од тоа, пристапните процеси на Хрватска кон Унијата продолжија, така што во 2011 год. Европската комисија објави позитивно мислење за завршување на преговорите со Хрватска[16], но ѝ покрај тоа што територијалниот спор немаше

понатамошни (2007:16, 2008:16, 2009:17 и 2010:16). Целосните веб адреси се наведени во библиографијата. (accessed 11 Mar 2018)

[12] *EU moots special body to solve Slovenia, Croatia border row: report.* EU Bussiness, 22 January 2009. URL = http://archive.li/F8PuM#selection-1169.0-1169.19 (accessed 15 May 2018)

[13] Повеќе за договорот и за целиот арбитражен процес помеѓу Словенија и Хрватска може да се најде на следната веб страница URL = http://www.vlada.si/-en/projects/arbitration/ (accessed 10 June 2018)

[14] На 29 јуни 2017 г., Арбитражниот суд донесува пресуда во врска со демаркацијата на земјената и поморската граница помеѓу двете земји. Но, заради претходни скандали поврзани со замешаност на словенската влада со судиите од судот, Хрватска во 2015 г. се повлекува од спорот и врз основа на тоа не ја признава пресудата на Судот. Види повеќе на URL = http://www.vlada.si/en/projects/arbitration/history/#c16765 (accessed 13 May 2018)

[15] *Declaration on promotion of European values in Southeastern Europe*, 21 October 2011, Croatian Parliament. URL = http://www.sabor.hr/Default.aspx?art=47289&sec=765 (accessed 10 May 2018)

[16] *Commission Opinion of 12 October 2011 on the application for accession to the European Union by the Republic of Croatia.* URL = https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32012A0424%2801%29 (accessed 15 Apr 2018)

конечна разрешница, спротивно на она што дотогаш и самата Комисијата го наведуваше во извештаите, сепак Хрватска стана членка на Европската унија во 2013 г. [17]

2. Република Македонија

Република Македонија ги започна своите пристапни процеси во 2001 г. со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската унија, по што во 2005 г., доби статус на земја кандидат за влез во Унијата. Веќе во 2009 г., истата доби позитивна оценка од Европската комисија за отпочнување на процесот на преговори[18], но слично како и во случајот со Хрватска - кога Словенија ѝ го блокираше преговарачкиот процес, така и во овој случај, Грција се спротивстави на предлогот од Комисијата, токму заради неразрешениот спор за името[19]. Не само тоа, туку одејќи во друга крајност, Република Грција ѝ го блокираше влезот на Македонија во НАТО - за што доби покана за членство на Самитот на НАТО во Варшава во 2008 г. По овие препреки, кои беа спротивни на Привремената спогодба од 1995 г.[20], Република

[17] Тековната расправа за територијалниот спор, Словенија ја префрли на ниво на Европската унија, односно на Европската комисија и Европскиот суд на правдата, со тоа што веќе почна да ја смета како материја од областа на Европската унија. Така, базирајќи се на член 259 од Договорот за функционирање на Европската унија, врз основа на кој може да се покрене постапка пред споменатите институции за повреда на обврските коишто произлегуваат од договорите, Словенија покрена постапка против Хрватска пред Европската комисија. Види повеќе на URL = http://www.mzz.-gov.si/en/newsroom/news/39787/ (accessed 10 Jun 2018)

[18] Види во *Republic of Macedonia 2009 Progress Report*, European Commission (SEC(2009)1335), Brussels, 14.10.2009. URL = https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2009/mk_rapport_2009_en.pdf (accessed 1 Mar 2018) ; Истата препорака за отпочнување на преговори се повторува и во извештаите од 2010, 2011, 2012, 2013, 2014 г. (види целосни веб адреси во библиографијата), додека во 2015, 2016 и 2017 г. (*ibid*), Македонија добива условена препорака за отпочнување на преговори, доколку ги исполни обврските од Договорот од Прижино и реформските приоритети поставени од Експертската група од Европската комисија во 2015 г.

[19] Спорот за името датира уште од 1991 г., по прогласувањето на независност на Република Македонија. Повеќе за спорот за името види во: Шкариќ, Светомир, Апасиев, Димитар и Патчев, Владимир (уредници), *Спорот за името меѓу Грција и Македонија* (2004), ЈП Службен весник на Република Македонија – Скопје, „Европа 92', Кочани.

[20] Привремената спогодба претставува договор помеѓу Република Македонија и Грција склучена во 1995 г. во рамките на Обединетите нации, со која и двете земји се обврзаа Република Македонија да ја користи привремената референца Поранешна

Македонија во 2008 г. покрена тужба против Грција пред Меѓународниот суд на правдата, заснована на член 11 од *Привремената спогодба*[21], по што Судот во 2012 г., позитивно се огласи во прилог на Република Македонија, подвлекувајќи дека Грција постапила спротивно на одредбите *id est* на меѓународното право[22]. Но, иако постои правна разрешница на блокадите, сепак пресудата не е прифатена од страна на Грција и истата не предизвика никакви правни последици ниту во НАТО ниту пак во структурите на Европската унија. По ова се случија серија на настани и политички пресврти во Република Македонија, меѓу кои и политичката криза од 2015-2016 г., кои од периоди на периоди заради перформансите на Републиката, доведуваа до различни заклучоци во рамките на извештаите за напредок на Европската унија.[23] Но, промената на власт во Република Македонија како и промената на климата во однос на водењето на добрососедските односи со земјите од Балканот, делуваше во насока на добивање на позитивни критики во однос на евроинтегративните процеси. Така, последната новост што ја доби Република Македонија од Европската унија е Извештајот за напредок за 2018 г. во кој Европската комисија заради условно добрите перформанси на државата ѝ додели на Македонија т.н. „чиста препорака“ за членство[24], но се разбира „кристално чистата препорака“ зависи од многубројните „ако“ и „доколку“ содржани во самиот извештај, меѓу кои и оние дека .. *‘Спорот за името’ мора да се реши со највисок приоритет.* ..[25] Во меѓувреме, на 17 јуни 2018 г., Грчката и Македонската влада потпишаа т.н. договор со кој се прави обид да се стави

Југословенска Република Македонија при приемот во меѓународните организации, додека пак Грција се обврза да не ѝ го попречува нејзиниот влез во истите.

[21] Целиот текст од Спогодбата може да се најде на следнот линк: URL = https://-peacemaker.un.org/sites/peacemaker.un.org/files/MK_950913_Inter-im%20Accord%20between%20the%20Hellenic%20Republic%20and%20the%20FYROM.pdf (accessed 16 May 2018)

[22] Целосниот текст од Пресудата може да се најде на следниот линк: URL = http://www.icj-cij.org/files/case-related/142/16841.pdf (accessed 16 May 2018)

[23] Види повеќе во *Извештај за Република Македонија за 2015 година*, Европска комисија, Брисел, 10.11.2015 URL = https://www.sobranie.mk/-content/%D0%9D%D0%A1%D0%95%D0%98/i-zveshtaj_-na_evropskata_komisija-_za_republika_makedonija_2016_godina-mk2-raboten_prevod.pdf (accessed 14 Apr 2018) *; Извештај за Република Македонија за 2016 година*, Европска комисија, Брисел, 9.11.2016. URL = https:-//-www.sobranie.mk/content/%D0%9D%D0%A1%D0%95%-D0%98/PR2015_All_CK_FF_MK_16.11.2015.pdf (accessed 14 Apr 2018)

[24] *Republic of Macedonia 2018 Report*, European Commission (SWD (2018) 154 final), Strasbourg, 17.04.2018. URL = https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20180417-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-report.pdf (accessed 10 June 2018)

[25] *ibid*, стр.5.

крај на долгогодишниот спор за името[26], по што Унијата на Самитот на Европскиот совет во Брисел на 28 јуни 2018 г., ги усвои предлозите на Советот на ЕУ од 26 јуни 2018 г., и го потврди датумот за отворање на преговорите за членство на Република Македонија закажан за јуни 2019 г. Но, повторно и во овие предлози, Унијата наведува дека пристапните процеси зависат од степенот на остварување на договорот со Грција, како и од остварувањето на другите преземени обврски на Македонија во рамките на регионалните и добрососедски односи.[27]

Анализа и заклучок

На почетокот си го поставивме прашањето за постоење на двојни стандарди на Европската унија во нејзината политика за проширување, особено во однос на Република Македонија и нејзините евроинтегративните процеси. Освен тоа, си поставивме за цел да ја истражиме кохерентноста на европската надворешна политика. Ги земавме како примери приемот на Кипар во Европската унија, приемот на Хрватска во ЕУ и пристапните процеси на Република Македонија во ЕУ. Од она што го изложивме, и во трите случаи

[26] Договорот кој го склучија претседателите на Владите на двете земји, а го потпишаа нивните министри за надворешни работи, е договор со кој Република Македонија се обврзува да го смени името во Северна Република Македонија. Договорот е критикуван од двете страни, особено од македонската, најпрво како договор кој е противуставен и е во спротивност со интересите на граѓаните, со што дозволува целосно бришење на македонскиот идентитет, јазик, култура, историја и државност, доведувајќи ја државата во целосна потчинетост на друга држава - Грција, како и постапките за неговото склучување и ратификување се незаконски и се косат со домашните и меѓународните норми. Види повеќе: Димитар Апасиев, *Смртните прани пречки поради кои т.н. Преспански договор е клинички мртов*, Res Publica blog, 26 јуни 2018. URL = http://respublica.edu.mk/blog/2018-06-26-08-25-04 (accessed 27 Jun 2018); Страшко Стојановски, *Што потпишавте вчера?* (фејсбук статус репордуциран во Express.mk), 18.06.2008. URL = http://expres.mk/prof-stojanovski-do-zaev-nikoj-dosega-ne-ne-dovede-do-samounishtuvanje-kako-vas/ (accessed 20 Jun 2018)

[27] Тука влегува и не помалку важниот договор склучен меѓу Македонија и Република Бугарија на 1 август 2017 г. И овој договор, како и оној со Грција, се смета за договор кој е штетен за интересите на граѓаните на Република Македонија, особено во делот што се однесува на идентитетот на македонскиот народ, јазикот, културата, историјата како и заштитатата на македонското малцинство кое живее во Бугарија. Види повеќе во Стојко Стојков, *'Кога веќе не продаде, Македонија барем требаше да си ја дигне цената'*, Press 24, 28.06.2017. URL = https://press24.mk/stojko-stojkov-koga-vekje-ne-prodade-makedonija-barem-trebashe-da-si-ja-digne-cenata (accessed 01.07.2018); Интервју со проф. д-р Стојко Стојков претседател на партијата на Македонците ОМО „Илинден" – Пирин, Macedonia Info Diaspora, 29 Maj 2018. URL = https://mkdinfodiaspora.mk/index.-php/mk/2017-10-19-09-09-50/mnm/213-intervju-so-prof-d-r-stojko-stojkov-pretsedatel-na-partija-na-makedoncite-omo-ilinden-pirin (accessed 15 Jun 2018)

увидовме дека Европската унија постапува спротивно на своите вредности, принципи и стандарди, односно спротивно на она што претходно го има декларирано.

Конкретно, во однос на приемот на Кипар во Европската унија, иако Унијата напати декларираше дека ќе го прими Кипар во европското семејство под услов да влезе како унифицирана единка заедно со Северен Кипар, сепак таа постапи спротивно на тоа, и го прими Кипар без исполнување на пред условот и спротивно на ставовите кои ги заземаше.

Во однос на приемот на Хрватска во Европската унија, повторно Унијата отстапи од доследноста во својата политика и примени двојни стандарди. Ова го стори на начин што ѝ овозможи влез на Хрватска во ЕУ, без да има крајна разрешница на спорот, што беше спротивно со она што Комисијата го застапуваше, дека решавањето на билатералните спорови е есенцијално прашање за пристапувањето на Унијата.

И на крај, во поглед на пристапниот процес на Република Македонија кон Европската унија, Унијата постапи недоследно наспроти вредностите и принципите кои самата ги промовира. Имено, иако Унијата себе си се промовира како заштитник и застапник на меѓународното право и принципи особено во своите односи со трети земји, таа од друга страна постапува во спротивност со тоа. Ова го прави не земајќи ја предвид и не почитувајќи ја пресудата на Меѓународниот суд на правдата, во која се наведува дека Грција е виновна за кршење на Привремената спогодба со Република Македонија. Оттука произлегува дека Европската унија применува двојни стандарди кога не го испочитува мислењето на Меѓународниот суд на правдата, а со тоа ги негира меѓународните норми и принципи, кои оваа институција како највисок авторитет во рамките на Обединетите нации, ги штити и промовира на ниво на целата меѓународна заедница.

Дотолку повеќе, Унијата применува двојни стандарди кога не ги почитува основните норми на меѓународното право, кои се однесуваат на правото на самоопределување на народите и на принципите на владеење на правото, на начин што ги промовира и дури се јавува како покровител на билатералните договори што Македонија ги има склучено со Грција и Бугарија, кои пак од друга страна, се покажаа дека се противуставни, противзаконски и против принципите на меѓународното право. Освен тоа, тие се спротивни на забраната за мешање во внатрешните работи на земјите – *domestic juristiction* (чл. 2 (7) од Повелбата на Обединетите нации), затоа што договорот со Грција наметнува користење на друго име – Република Северна Македонија (чл. 3 (а) од Спогодбата)[28], кое е спротивно на веќе определеното име на националниот

[28] *Конечна Спогодба за решавање на разликите опишани во Резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на*

референдум кој се одржа во 1991 г. - Република Македонија, засновано на основното право на самоопределување на народите – *self-determination of people* (чл. 2 (1) од Повелбата на Обединетите нации). Истото се однесува и на договорот склучен со Бугарија, врз основа на кој Република Македонија се откажува од заштитата на своето малцинство во Бугарија (чл. 11 (5 и 6) од Договорот) и ѝ се наметнува мешање во внатрешните работи на земјата, преку формирање на т.н. Заедничка мултидисциплинарна комисија која ќе треба да толкува образовни и историски факти и прашања (чл. 8 (2) од Договорот).

Постапувајќи на овој начин, Унијата постапува во спротивност со основните меѓународни норми и принципи поврзани со почитувањето на основните демократски вредности на современото општество, како што е самоопределувањето на народите, слободата, почитувањето на човековите права, демократијата, владеењето на правото и мирот во меѓународните односи, кои и таа самата ги има зацртано во своите основачки договори [чл. 2 и чл. 21 (1 и 2) од Договорот за Европската унија].

Тргнувајќи од ова, а без да навлегуваме во детална анализа на надворешната политика на Европската унија (заради комплексноста на прашањето, кое може да биде тема за ново истражување), ќе се обидеме да дадеме одговор на прашањето „Зошто Европската унија применува двојни стандарди кон овие земји“, и „Кои се главните причинители“?

Имено, од наведените случаи може да се дедуцира дека сите три случаи имаат еден заеднички именител, а тоа е инволвираност на една земја членка на Европската унија во споровите со пристапните држави. Така, во првиот случај со Кипар, Грција е земјата членка која го наметнува неговото влегување во Европската унија како разединет, не-обединет Кипар, заради низата на спорови коишто Грција ги има со Турција, и заради зајакнатата позиција на Грција, која би ја добила во иднина во однос на преговарачките процеси со Турција. Во вториот случај со Хрватска, Словенија е земјата членка на Европската унија која се противи на влегувањето на Хрватска, заради неразрешениот меѓусебен спор, и тоа токму заради поволната положба во којашто самата се наоѓа, што ја користи за да ги реши споровите во нејзина полза. И во третиот случај со Република Македонија, повторно Грција се јавува како земја членка која ги наметнува своите интереси врз интересите на мноштвото земји членки на Европската унија, со цел да ги оствари свои стратешки и национални цели поврзани со ништење на македонската нација и прекинување на континуитетот на македонската држава како таква.

важноста на Привремената спогодба од 1995 г. и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, 17 јуни 2018, Нивици. Целосниот текст од договорот може да се најде на следниот линк: URL = http://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/konechna_spogodba_makedonija_grcija.pdf (accessed 20 Jun 2018)

Summa summarum, кога би зборувале со зборовите на Бојко Борисов кога говореше за примена на двојните стандарди во прехрамбената индустрија, тој ги нарече двојните стандарди т.н. „*food apartheid"* или „апартхајд во храната". Со други зборови, кога говориме за примена на двојните стандарди во меѓународните односи поконкретно во политиката за проширување неговиот став би можел да се ослови како *„interstate aparheid"* или „меѓудржавен апартхајд" кој означува доведување во состојба на потчинетост на една нација/држава во однос на друга". Парафразирајќи го реченото и пресликувајќи го во нашиот контекст, може да се заклучи дека Европската унија не е кохерентна во нејзината надворешна политика, односно дека таа применува двојни стандарди во политиката за проширување. Ова го прави како последица на фактот што поединечните интереси на земјите членки се наметнуваат и преовладуваат за сметка на „далекусежни цели" на Европската унија, и со тоа Унијата ги доведува во состојба на потчинетост пристапните држави во однос на неа *vis-à-vis* поединечните-засегнати земји членки.

Препорака

На почетокот споменавме дека Европската унија се обидува да го надмине прашањето за двојните стандарди во прехранбената индустрија, со тоа што ќе се обиде да направи измени во секундарното законодавство во насока на подобрување на легислативата и практики со цел да обезбеди пропорционална заштита на потрошувачите – темелот на Европската унија. Унијата, ова планира да го оствари преку основање на експертско тело коешто ќе ја биде задолжено да изврши ревизијата на засегнатите регулативи и директиви. По овој пример, би можело да се постапи и во рамките на политиките за проширување, со што би се формирало едно контролно или експертско тело надвор од Европската комисија, кое би се јавило во улога на усогласувач на политиките на Европската унија со меѓународното право, и тоа тело би било одговорно за доследно спроведување на политиките на Европската унија во рамките на институциите на Унијата и меѓу нејзините земји членки. Ова би придонело да се отстранат двојните стандарди во оваа политика, и би довело до почитување на принципите од меѓународното право. Постапувајќи на тој начин, Нутела заслужно би ги задржала квалитетите на Нутела, и Република Македонија би си останала Република Македонија, а не ФИРОМ или некоја друга Македонија, и се разбира заслужно би влегла во европското семејство, онаму каде што и е местото.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Croatia 2007 Progress Report, European Commission, SEC(2007) 1431, Brussels, 6.11.2007. URL = https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2007/nov/croatia_progress_reports_en.pdf (accessed 1 May 2018)

Croatia 2008 Progress Report, European Commission, SEC(2008) 2694, Brussels, 5.11.2008. URL = https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/press_corner/keydocuments/reports_nov_2008/croatia_progress_report_en.pdf (accessed 10 May 2018)

Croatia 2009 Progress Report, European Commission, SEC(2009) 1333, Brussels, 14.10.2009. URL = https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2009/hr_rapport_2009_en.pdf (accessed 6 May 2018)

Croatia 2010 Progress Report, European Commission, SEC(2010) 1326, Brussels, 09 November 2010. URL = https://ec.europa.eu/neighbourhoodenlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2010/package/hr_rapport_2010_en.pdf (accessed 12 May 2018)

Republic of Macedonia 2010 Progress report, European Commission, SEC(2010)1332, Brussels, 9 November 2010. URL = https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2010/package/mk_rapport_2010_en.pdf (accessed 25 may 2018)

Republic of Macedonia 2011 Progress report, European Commission, SEC(2011) 1203 final, Brussels, 12.10.2011. URL = https://ec.europa.eu/neighbourhoodenlargement/sites/near/files/pdf/key_documents-/2011/package/mk_rapport_2011_en.pdf (accessed 25 May 2018)

Republic of Macedonia 2012 Progress report, European Commission, SWD(2012) 332 final, Brussels, 10.10.2012 URL = https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2012/package-/mk_rapport_2012_en.pdf (accessed 1 Jun 2018)

Republic of Macedonia 2013 Progress report, European Commission, COM(2013)700 final. URL = https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2013/package/brochures/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia_2013.pdf (accessed 1 May 2018)

Republic of Macedonia 2014 Progress report, European Commission, COM(2014)700 final, Brussels, 8.10.2014. URL = https://ec.-europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/-2014/20141008-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf (accessed 4 Jun 2018)

Дејан Маролов
Доц. д-р, Правен Факултет при УГД-Штип,
dejan.marolov@ugd.edu.mk

УДК.342.51(497.7)

Страшко Стојановски
Вон.проф. Правен Факултет при УГД-Штип
strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

ПОСТИЗБОРНИ УСТАВНИ ДИЛЕМИ И ФОРМИРАЊЕТО НА ВЛАДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Апстракт
Последните парламентарни избори во Република Македонија резултираа со скоро изедначен број на пратеници помеѓу коалициите предводени од најголемата опозициона и најголемата позициона партија. Ваквиот тесен резултат беше иницијатива за различни толкувања на уставните одредби во врска со давањето на мандатот за формирање на влада и што во случај да мандаторот не успее да формира влада во уставно предвидениот рок. Особено вториот дел од претходното прашање побудува интерес зошто македонскиот устав нема предвидено таква ситуација. Трудов ќе направи преглед на мислењата соодветни експерти, ќе ја анализира воспоставената пракса, детално ќе го анализира највисокиот македонски правен акт и ќе го компарира со уставите на Србија и Хрватска (во делот на избор на влада). На база на претходново ќе се обидеме да дадеме конкретни препораки како треба да се постапи во конкретната ситуација , нешто што може да влијае врз создавањето на новата но и на било која идна влада во Република Македонија.

***Клучни зборови**: мандат, устав, влада, претседател, парламент, политички партии*

AFTER ELECTIONS CONSTITUTIONAL DILLEMAS AND THE CREATION OF THE GOVERNMENT IN REPUBLIC OF MACEDONIA

Abstract
The last parliamentary elections in the Republic of Macedonia resulted in almost equal number of members in the parliament between the coalitions led by the biggest op-position and position party.This close result was an initiative for different interpretations of the constitutional

regulations regarding the mandate to form a new government and in case if the mandator does not succeed in forming a government in the constitutionally provided period. Especially the second part of the previous question attracts an interest why hasn`t the Macedonian constitution have foreseen that situation. This article will make a summary of the opinions of adequate experts; it will analyze the established practice; it will analyze in detail the highest Macedonian legal act and it will compare it to the constitutions of Serbia and Croatia (in the part of government election). On the basis of the previously said we will try to give concrete recommendations for what should the reaction be in the concrete situation, something that can influence the creation of the new and of any other future government in the Republic of Macedonia.

Key words: mandate, constitution, government, president, parliament, political parties

Вовед

Последните парламентарни избори одржани на 11 Декември 2016 год. резултираа со скоро изедначен резултат помеѓу коалициите предводени од најголемата позициона и најголемата опозициона партија. Кратка историска ретроспектива на изборните резултати покажува дека Република Македонија немала толку тесен изборен резултат на ниту едни претходни избори. Токму овој тесен резултат отвори бројни толкувања на одредбите од Уставот кои се однесуваат на формирањето на постизборната влада. Овој труд ќе ги анализира искажаните толкувања на професори по однос на сет од прашања кои истиве толкувања ги отворија. Сетот на прашања ги опфаќа дилемите околу тоа на кого треба да му биде доделен мандатот за состав на нова Влада; што во случај да мандаторот не успее да формира влада во уставно предвидениот рок; што во случај да формирањето на владата не е возможно? … При ова особено внимание ќе посветиме и на веќе воспоставената практика во слични ситуации. Исто така ќе се обидеме да направиме и компаративна анализа на соодветни членови на уставите на Србија и Хрватска. При ова ќе го дадеме нашето мислење во однос на изнесените толкувања од страна на ценетите професори кое во комбинација со анализата на воспоставената практика и согледувањата од компаративната анализа треба да резултира во конкретни препораки за тоа на кој начин сметаме дека би било исправно да се интерпретира Уставот и ќе го изнесеме нашиот став за потребата од евентуални негови измени и допрецизирања. Овој труд обработува исклучително сензитивна и важна тема од областа на уставното право од чие толкување може директно да зависи

формирањето на новата македонска влада после последниве но и на било кои наредни избори.

1. Историско приказ на изборните резултати и искуствата со формирање влада

Република Македонија како млада демократија во своето 25 годишно постоење како независна држава до сега има организирано вкупно 9 парламентарни избори. Од овие 9 парламентарни избори 5 биле редовни, а 4 предвремени. Како последни во серијата последователни предвремени парламентарни избори беа изборите одржани на 11.Декмври 2016 год. На овие избори им претходеше сериозна двогодишна политичка, права па и безбедносна криза. Политичката криза беше иницирана од објавувањето на прислушуваните разговори на лица од владејачката ВМРО ДМПНЕ а од страна на шефот на опозицијата. Овие настани резултираа со оставка на неколку министри и Премиерот на РМ. За скоро целиот двегодишен период имаше повремени но и релативно постојани протести и контрапротести. Протестите се одвиваа пред различни државни институции како Владата, Собранието, Канцеларијата на Претседателот но и државната Македонска Телевизија, Уставниот Суд, Јавното обвинителство и пред се на скопските улици[1]. Создавањето на Специјално Обвинителство, прашањата за независност на судството, самораспуштањето па повторното свикување на Собранието, давањето на помилувањата па нивното повлекување од страна на Претседателот отворија серија на правни дилеми и контроверзии. На сето ова Македонија имаше и страшен безбедносен инцидент во градот Куманово каде поголема терористичка група навлезена од Косово практично војуваше со македонската полиција речиси два дена[2]. Секако дека сето ова имаше и негативен импакт врз македонската економија.

Одредени, политичари, аналитичари но и добар дел од граѓаните се надеваа дека изборите одржани на 11 Декември ќе значат и крај на двогодишната криза. Меѓутоа како и за периодот во самата изборна кампања така и после завршувањето на изборите се отворија нови како политички така и правни прашања и дилеми.

Претходниот вовед се дава со цел да се долови исклучително тешката ситуација во која Република Македонија ги дочека овие избори. Секако дека за третирање на сите политички и правни дилеми кои се отворија во

[1] Секојдневните протести на пред се, скопските улици, дури добија и назив „шарена револуција„ заради тоа што протестирачите фрлаа боја врз државните објекти и споменици

[2] За повеќе види Marolov (2015) и Marolov (2016)

Македонија во последниве 2 години ќе биде потребно многу повеќе од еден труд. Токму затоа овој труд ќе ги третира само прашањата наведни во воведот и тоа од правен аспект зошто од начинот на нивното одговарање и толкување, директно зависи изборот на новата влада но исто така и ќе може биде користено како практика во формирањето на идните влади. Како најекспонирано се постави на маса прашањето за тоа кој треба да го добие мандатот за состав на новата влада? Ова прашање се актулизраше како никогаш до сега од проста причина што никогаш претходно во плурална Македонија изборниот резултат помеѓу власта и опозицијата не бил волку изедначен. Имено, според Државната изборна Комисија (ДИК) досегашната владејачка партија ВМРО ДПМНЕ (ВМРО-Демократска Партија за Македонско Национално Единство) освои 51 пратенички мандати, додека пак опозиционата партија СДСМ (Социјал Демократски Сојуз на Македонија) освои 49 пратенички мандати. Да биде ситуацијата уште посложена ДИК одлучи да има прегласување на едно избирачко место што пак ја отвори можноста од целосно изедначен резултат[3]. Како и да е, изборите сега се конечно завршени и просто математички гледано победник е ВМРО ДМПНЕ со 2 пратеника повеќе, но проблемот се јави заради тесниот изборен резутлат и се отвори прашањето за тоа кој има право да го добие мандатот за фомриање на влада. Ако направиме историска ретроспектива на резултатите од сите парламентарните избори ќе можеме да го забележиме следново:

- на првите парламентарни избори одржани во 1990 год. ВМРО ДПМНЕ освои 38 додека СДСМ[4] 31 пратеници,
- на вторите парламентарни збори во 1994 година СДСМ освои 87 пратеници а ВМРО ДПМНЕ 0 пратеници[5],
- на третите парламентарни избори одржани во 1998 година победи ВМРО ДПМНЕ со освоени 49 наспроти СДСМ кој освои 27 пратеници,
- на четвртите парламентарни избори во 2002 година СДСМ имаше убедлива победа со освоени 60 наспроти ВМРО ДПМНЕ 27 пратеници,
- на петтите парламентарни избори одржани во 2006год. ВМРО ДПМНЕ доби 45 додека пак СДСМ со 33 пратеника,
- на шестите парламентарни избори (и први предвремени) одржани во 2008 год. ВМРО ДПМНЕ имаше убедлива победа со освоени 63 наспроти СДСМ со освоени 27 пратеника,

[3] Интересно е да се напомене дека додека ДИК одлучуваше по изборните преговори пред нејзините канцеларии имаше протести.

[4] Тогашното име на партијата беше СКМ-ПДП

[5] Овие избори беа специфични заради фактот дека тогаш опозициската ВМРО ДПМНЕ ги бојкотираше

- на седмите парламентарни (втори предвремени) избори во 2011 год. ВМРО ДПМНЕ доби 56 додека пак СДСМ 42 пратеника,
- на осмите парламентарни (трети предвремени) избори во 2014 год. ВМРО ДПМНЕ освои 61 додека пак 2014 СДСМ со 34 пратеника,
- конечно на последните осми парламентарни (четврти предвремени) избори во 2016 год. ВМРО ДПМНЕ освои 51, додека пак СДСМ 49 пратеника.

Табеларно тоа изгледа вака:



Ако направиме анализа на претходниве резултати ќе дојдеме до заклучокот дека во целокупната историја на независна Македонија разликата во пратеничките мандати помеѓу победничката партија и партијата која оди во опозиција најчесто била поголема од 20 (изборите во 1994, 1998, 2002, и 2014) или барем десетина и повеќе пратеници (изборите во 2006 и 2011) . Единствено изборните резултати од изборите во 1990 год. дале разлика од само 7 пратеници. Значи, можеме да заклучиме дека на ниту едни избори до сега резултатот не бил волку изедначен.

Токму тој изедначен резултат го постави прашањето кому треба да му биде доделен мандатот за составување на идната македонска влада. Согласно Уставот на Република Македонија, Претседателот на Републиката е тој кој го доделува мандатот за формирање на нова влада. Ако анализираме било кои претходни избори во Македонија ќе забележиме дека мандатот редовно му бил даван на Претседателот на партијата (односно предизборна коалиција) која освоила најголем број на пратеници. Интересен е и примерот од 1992 год. кога по падот на експертската влада мандатот беше доделен на лидерот на најголемата партија во тогашното собрание ВМРО ДПМНЕ. Меѓутоа нејзиниот лидер Љупчо Георгиевски истиот го врати по само 10тина дена со образложение дека не е во состојба да формира влада односно да обезбедени мнозинство во собранието. Тогашниот Претседател на Републиката Киро Глигоров во таа ситуација го додели мандатот на втората по големина партија во македонското Собрание а тоа беше СДСМ која успеа да формира влада.

По парламентарните избори од 1994 год. Претседателот Киро Глигоров го даде мандатот на Бранко Црвенковски како Претседател на СДСМ како победничка партија[6]. На изборите во 1998 год. победува ВМРО ДПМНЕ по што Претседателот Глигоров го доделува мандатот на нејзиниот Претседател Љупчо Георгиевски. Наредните парламентарни избори се одржаа во 2002 год. по што победничката партија на СДСМ го доби мандатот за формирање на влада од тогашниот Претседател Борис Трајковски. Во 2006 год. ВМРО ДПМНЕ ги добива парламентарните избори со 10 пратеници повеќе од СДСМ по што Претседателот Бранко Црвенковски го доделува мандатот на Никола Груевски кој успева да формира владата. Истиот случај се повторува и на предвремените избори во 2008, 2011 и 2014 год. каде ВМРО ДПМНЕ остварува значајно поголема разлика од СДСМ (види ја претходната табела).

Инаку, треба да се наведе дека сите досегашни влади во независна и плурална Република Македонија биле коалициони. Најчесто деветте најголеми партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ предводеле предизборни коалиции, а по добивањето на мандатот редовно, дури и кога самите имале мнозинство[7] за формирање на влада, правеле постизборна коалиција со албанска партија (обично победничката партија од условно кажано албанскиот блок во РМ[8]) а заради етничката хетерогеност која постои во РМ. Претходново може да се анализира посуштински преку теоријата на консоцијационализам и интеграција но не претставува предмет на овој конкретен труд.

Оттука можеме да заклучиме дека според воспоставената праската Претседателот на Републиката редовно го давал мандатот на лидерот на победничката партија (онаа која има освено најголем број на пратеници) а во случај да не можело да се формира владата, мандатот се давал на втората по број на освоени пратници најголема партија.

2. Различни толкувања

И покрај постоењето на претходново, релативно скромно, искуство, денес во 2017 год. Македонија повторно е исправена пред определни слични дилеми како и во 1992 год. Професорот Фрчковски[9] на пример излезе со став дека „*Уставот е многу јасен и, во делот на формирање влада, е единствено заинтересиран за тоа кој има мнозинство, а не кој смета дека победил на*

[6] Овие избори беа атипични по тоа што СДСМ го доби практично без учество на опозицијата коа ги бојкотираше

[7] Како на пример СДСМ во 1994 год. или пак ВМРО ДМПНЕ во 2008 год.

[8] Иако не секогаш, така на пример ВМРО ДПМНЕ влезе во коалиција со Демократската Партија на Албанците по изборите во 2006 год. иако Демократската Унија за Интеграција имаше освоено повеќе пратеници

[9] Инаку еден од пишувачите на уставот

избори. Затоа е даден тој период од десет дена пред доделување на мандатот за партиите да се обидат да соберат мнозинство. Тогаш, мандатот го добива партијата која има обезбедено најмалку 61 пратенички глас. Другите дваесет дена се за договарање на составот на кабинетот и за дефинирање на програмата на владата.“ (Митевска, 2017) Според Фрчковски мандатот за формирање на влада треба да го добие партијата која што обезбедила мнозинство во парламентот без разлика дали е тоа партијата која ,,*смета дека победила*”. Претходнава формулација ја вклучува и партијата која освила најголем број на пратеничи мандати. Согласно оваа логика на размислување мандатот за состав на владата може да се даде само на партијата која обезбедила подршка од најмалку 61 пратеник[10]. Значи ВМРО ДПМНЕ не би требало по автоматизам да го добие мандатот за состав на нова влада зошто мандаторот може да дојде и од СДСМ ако обезбеди мнозинство од 61 пратеник во Собранието. Според него Претседателот на РМ Горѓи Иванов избрзал со доделувањето на мандатот на ВМРО ДПМНЕ. На сличен став е и професорот Кекеновски според кого Претседателот требало најпрвин да свика состанок со лидерите на политичките партии и од нив да побара гаранции дека некој од нив може да обезбедени мнозинство.(ALSTAM, 2017) Во овој дел уште пожесток е професорот по Уставно право Светомир Шкариќ спред кого Претседателот со овој потег го прекришл уставот. (Мишевска, 2016) Како поткрепа на овие свои размислувања Фрчковски го посочува примерот од неодамнешните парламентарни избори во Хрватска. ,,*Претседателката на Хрватска не и' го даде мандатот на својата партија - ХДЗ се' додека партијата, која оствари водство со дури 15 мандати, не приложи пратенички потписи како доказ дека има мнозинство.*” (Митевска, 2017)

Во однос на несомнено авторитетно мислење на професор Фрчковски, во делот на доделувањето на мандатот, сепак можеме да констатираме дека целокуната досегашна практика оди наспроти ова. До сега секогаш мандатот се давал на партијата (односно предводникот на предизборната коалиција) која ќе освои најголем број на пратенички места па оттука и сега не би требало да биде поинаку. Разбирливо е да ,,честа” да формира влада најпрвин биде дадена на партијата која освоила најголем број на пратеници и на овој начин да се испочитува изборната волја на гласачите. Инаку ретко се случувало да една партија (или предизборна коалиција) сама освои над 61 пратеник, односно владите во РМ најчесто се формираат со постизборни коалиции. Секако дека постизборните преговори и комбинаторики постојат цело време но како ќе гласаат пратениците, а впрочем формално правно тоа е единствената работа која е битна, се знае на самата седница на која се бира влада. Оттука барање на

[10] Македонското собрание најчесто е составено 120 пратеници иако на пр. по парламентарните избори во 2011 год. бројот се зголемил на 123 пратеници.

доказ е преку претходно потпишување или било какво изјаснување би било тешко изводливо зошто истиот „доказ" не е правно релевантен односно правно релевантно е самото гласање за новата влада на која макар теоретски пратениците самостојно одлучуваат како ќе гласаат со можност да се премислат и да ја повлечат претходно дадената поддршка. Секако дека одредени состаноци и консултации на Претседателот со лидерите на парламентарните избори, на кои средби би се увидела фактичката состојба, се посакувана опција и покрај фактот дека таква обврска не е изречно наведена во македонскиот устав. Можеби затоа македонските претседатели во досегашната практика едноставно се решавале да го доделат мандатот на партијата која има освено најголем број на пратенички места.

На сосема спротивни позиции од Фрчковски е професорката по Уставно право Татјана Каракамишева според која *„Ако коректно и без политичко-партиски навивања се чита членот 90 од Уставот, може да се види точната намера на уставотворецот кога ја напишал на конкретниот начин. А намерата е во ниту еден случај, макар и теоретски, да не се остави правна можност да се заобиколи изборниот победник и да се навлезе во водите на политичкиот волунтаризам. Не случајно членот 90 не регулира поинаква ситуација од единствената логична и можна. Не случајно Уставот не содржи уште една уставна одредба каде што ќе биде регулирано што во случај ако мандатарот не успее да состави влада во уставно утврдениот рок од 20 дена. Уставотворецот намерно не оставил простор да се формираат некакви вештачки постизборни мнозинства преку кои би се изиграла изборната волја на мнозинството граѓани во државата. Ставот 1 од член 90 прецизно регулира кој е мандатар во државата.* ***Согласно Уставот, може да има само еден мандатар. Уставот не предвидел резервен, или втор мандатар. Ниту Уставот, ниту Законот за влада, ниту Деловникот на Собранието, ниту кој било друг правен акт во земјата не регулира резервна варијанта која би се применила ако мандатарот не успее да состави влада во уставниот рок од 20 дена****. Во членот 90 од Уставот прецизно е уредено дека Претседателот на РМ е должен во рок од десет дена од конституирањето на Собранието мандатот за состав на Владата да го довери на кандидат на партијата, односно партиите што имаат мнозинство во Собранието. Од овој член, како и од сите натамошни членови јасно може да се согледа дека Уставот не регулира резервна постапка која би настанала ако мандатарот не успее да состави Влада во рокот од 20 дена. Тоа значи дека постапката мора да се врати од почеток и согласно Уставот истиот мандатар да проба повторно да состави Влада. На изборниот победник мора да му се остави толку време колку што е потребно за да се договори владина коалиција која ќе одговара на изборните резултати*." (Чавески, 2017)

Повторно, ценејќи ги ставовите на професорката сепак една критичка анализа на нејзините толкувања може да ни го открие следново. Имено, според Каракамишева намерата на уставотворецот била да се оневозможи да се заобиколи изборниот победник (партијата која освоила најголем број на пратеници) да формира влада. Како поткрепа на ваквите тврдења Каракамишева го зема членот 90 од Уставот и тврди дека уставотворецот намерно изостави да регулира што во случај да мандатарот не успее да состави влада во рокот од 20 дена. Согласно изнесеното нема резервно сценарио и нема резервен мандатар, односно после уставниот рок од 20 дена а во случај да не се состави влада постапката ќе отпочне одново и мандатот повторно ќе биде даден на партијата победник. Меѓутоа, сметаме дека сепак токму членот 90 кој Каракамишева го зема како суштински за нејзиното толкување е спротивен на нејзиното тврдење. Имено во самиот член е наведено дека мандатарот има рок од 20 дена за да состави влада. Оттука и покрај тоа што постои очигледен пропуст на Уставот да регулира што во случај да мандатарот не успее да формира влада во зададениот рок, самиот факт дека Уставот пропишал рок значи дека мандатор би требало да го врати мандатот ако рокот помине а владата не е формирана. Иако Уставот нема одредби за тоа самата досегашна практика тоа го утврдила, мандатот би требало да биде доделен на втората по големина парламентарна партија (или предизборна коалиција). Инаку согласни сме со тврдењето на Каракамишева дека мандатарот е еден, односно дека не постои втор или резервен мандатар и тоа е така зошто кој и да го има добиено мандатот единствено тој е мандатор во точно определен момент, што секако не ја исклучува можноста мандатот да му биде доделен и на друг во случај на неформирање на влада во уставниот рок од 20 дена.

Во контекст на претходната расправа прилично интересна е анализата и на професор Темелко Ристески. Следи исечок од неговото интервју. „*Покрај тезата за повторно давање мандат на Груевски, во јавноста почна на големо да се турка и идејата доколку ВМРО- ДПМНЕ не формира влада да се оди на нови избори, притоа не спомнувајќи ја можноста за доделување мандат на СДСМ како втора по големина партија со освоени пратеници. Според Ристевски нови избори треба да се одржат единствено кога ќе се исцрпат можностите за формирање нов владин кабинет, но организирани од концентрациона Влада. Во овој случај ако и коалицијата предводена од СДСМ не успее да формира влада, треба да се оди на концентрациона влада составена од толкав број на министри кој ќе биде пропорционален со освоените мандати во Собранието" - вели Ристевски."* (Унковска, 2017*)*

Во претходниот исечок од интервју новинарот се осврнува на определени теоретски можности според кои доколку лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски не успее да формира влада во уставниот рок од 20 дена пак би требало да добие повторно можност но и доколку ВМРО ДПМНЕ

сепак не успее да формира влада тогаш би требало да има нови избори. Ставот на Ристески по однос на овие тези е дека ако Никола Груевски не успее да формира влада, мандатот треба да се даде на втората по големина партија а тоа е СДСМ. На истиот став е и професорот Осман Кадриу. (Васиќ, 2017) Сепак според Ритески ако и СДСМ не успее да формира влада тогаш би требало да се формира концентрациона влада составена од сите парламентарни партии која ќе спроведе нови избори. Според Ристески нови избори би требало да се одржат само ако бидат ,,исцрпени" можностите за формирање на владата. Токму ова тврдење отвара нова дилема. Имено, кога можеме да сметаме дека се исцрпени сите можности за формирање на нова влада? Дали е тоа после вториот обид за составување на влада? Зошто да не се даде шанса и на трета по големина парламентарна партија, дали има логика да се даде и на четвртата по големина партија итн.?

Во овој дел исто таа би прокоментирале и на определени сега засега, новинарски тези кои се повикуваат на анонимни изври според кои доколку Претседателот на ВМРО ДМПНЕ не успее да формира влада, мандатот ќе му биде доделен повторно на ВМРО ДМПНЕ но на друга личност. (Божиновска, 2017) Како правна поткрепа на ова би можело (погрешно) да се наведе примерот од 1992 година кога тогашниот Претседател Глигоров го додели мандатот на партијата СДСМ два пати по ред. Првиот пат на Петар Гошев а вториот пат на Бранко Црвенковски. Сметаме дека ова не треба да се смета за воспоставена пракса од причина што стануваше збор за специфична ситуација која сега не е соодветна. Имено, СДСМ излезе на избори и пратеничките места ги доби кога на чело на партијата беше Петар Гошев. Во меѓувреме Претседател на партијата постана Бранко Црвенковски. Без разлика на мотивите на тогашниот Претседател Глигоров неговиот потег може да се правда преку постењето на ова специфична ситуација која сега не е случај.

3. Компаративна анализа

Ако го анализираме Уставот на Република Македонија лесно ќе дојдеме до заклучок дека клучен член кој ја тангира проблематиката од овој труд е членот 90 кој вели: "*Претседателот на Република Македонија е должен во рок од десет дена од конституирањето на Собранието мандатот за состав на Владата да го довери на кандидат на партијата, односно партиите што имаат мнозинство во Собранието. Мандаторот во рок од 20 дена од денот на доверувањето на мандатот, на Собранието му поднесува програма и го предлага составот на Владата. Владата, на предлог на мандаторот и врз основа на програмата, ја избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници."* (член 90, Устав на РМ)

Токму овој член пропишува должност на Претседателот на Републиката во рок од 10 дена од конструирањето на Собранието да го довери мандатот на

кандидат од партијата (или партиите) кои имаат мнозинство во собранието. Согласно член 90 Претседателот на републиката има должност да го додели мандатот на кандидат на партијата која има мнозинство. Терминот „кандидат на партијата„ не мора секогаш да значи и постојниот Претседател на таа партија иако тоа го кажува досегашната практика. Иако правно издржано, сепак евентуално постапување на Претседателот надвор од утврдената практика би требало да биде прилично добро образложено зошто несомнено ќе се искористи и во иднина. Понатаму, во истиот член се вели дека мандатот треба да биде доделен на партијата (или партиите) кои имаат мнозинство во Собранието. Тргнувајќи од претпоставката дека мандатарот ќе обезбеди и мнозинство во собранието (што формално правно е услов за да се добие мандатот) оваа правна дефиниција воопшто не беше пречка да во досегашното функционирање се воспостави пракса да мандатот всушност се дава на кандидат од партијата која има најдобар изборен резултат (најголем број на пратеници). Во однос на мандаторот пак, член 90 наведува дека истиот има рок од 20 ден од добивањето на мандатот да го предложи составот на идната владата и да предложи програма до Собранието на РМ. Нормално, Собранието треба да се произнесе по овој предлог преку гласање по што ќе се знае дали мандаторот всушност има мнозинство во Парламентот.

Можеме да констатираме и дека Уставот на Република Македонија нема одредби за тоа што во случај да мандатарот не успее да формира влада во рокот од 20 дена. Истата ситуација ја имаме и во Изборниот Законик на РМ.[11] Тука имаме еден вид на правна празнина но досегашната практика покажува дека мандатот би требало да се даде на втората по големина парламентарна партија. Сепак немаме никаква пракса што во случај да и втората по големина партија не успее да формира влада. Логиката вели дека мандатот би требало да се даде на третата најголема партија во Собранието. За да не оди ова во недоглед логично би било дека во ваква една ситуација Претседателот на државата би требало да одржи состанок со останатите парламентарни партиите за да види дали некоја од нив смета дека може да добие мнозинство во парламентот. Секако дека ако стане јасно дека формирањето на влада не е возможно тогаш би требало да се распишат нови избори. Инаку македонската пракса исто така познава и формирање на таканаречена надпартиска или екпсертска влада во ситуации кои кога не било можно формирање на политичка влада а немало согласност или услови за нови избори.

Сметаме дека особено корисно би било да се направи и компаративна анализа на уставните решенија и во други држави кои произлегоа од поранешна Југославија. Како пример ги земаме Србија и Хрватска (која од

[11] Види изборен законик на РМ (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.54 од 14.04.2011 година), особено член 74

неодамна е и држава членка на ЕУ). Така, согласно Уставот на Република Србија, поточно член 127, мандатарот за составување на новата влада, односно кандидатот за Претседател на Владата (согласно терминологијата на српскиот Устав) го добива мандатот од Претседателот на Република Србија. Мандатарот е должен да изготви програма и да го преложи новиот состав на идната влада по што Парламентот треба да гласа. За да биде успешно завршен процесот на формирање на влада потребно е мнозинство гласови во Српскиот Парламент (Скупштина). (член 127, Устав на РС). Според ова постои огромна сличност помеѓу уставните решенија на Република Македонија и Србија во однос на конкретната проблематика. Сепак постојат и очигледни разлики. Така членот 127 од Уставот на Србија, за разлика од членот 90 од Уставот на Македонија пропушта да наведе било какви рокови. Од друга страна пак во членот 127 јасно е наведено дека Претседателот на Републиката пред да го додели мандатот за состав на новата владата потребно е најпрвин да ги сослуша претставниците на избраните партии нешто што е изоставено да се спомене изречно во Македонскиот Устав. Воедно треба да се спомне дека Уставот на Србија не спомнува услов за тоа дека мандатот треба да биде доделен на партијата која има мнозинство во парламентот но логична претпоставка е дека токму тоа би била целта на задолжителното сослушување кое Претседателот на Републиката мора да го има пред да го додели мандатот.

Ако ги анализираме хрватските уставни решенија пак, ќе забележиме дека има сличности со македонските иако генерално можеме да кажеме дека хрватскиот Устав е значително попрецизен. Една од основните сличности е тоа што и во Хрватска, мандатот за составување на влада го дава Претседателот на Републиката и тоа на личноста која ужива мнозинство во хрватскиот парламент (Сабор) (член 98, Устав на РХ). Сепак прва воочлива разлика е тоа што член 110 став два од Уставот на република Хрватска остава подолг рок на мандаторот за формирање на влада и тоа од 30 дена што е за 10 дена подолг од оној пропишан со македонскиот Устав. (член 110, Устав на РХ) Уставот на Хрватка оди и чекор понатаму и пропишува можност на Претседателот на Републиката да го продолжи рок за максимум уште 30 дена. (член 111, устав на РХ) Ова практично значи дека покрај основните 30 дена мандаторот може да добие уште 30 дена за состав на нова влада или максимум 60 дена. Она што е особено вредно да се истакне за Уставот на Р. Хрватска е тоа што уставотворецот предвидел и признал ситуација да мандаторот сепак не може да успее да создаде влада. Претходново оди во прилог на нашето тврдење дека иако е предвидено дека мандатот се дава на онаа партија која има мнозинство во парламентот сепак тоа не се знае со сигурност се до моментот на самото гласање. Така како што веќе споменавме, Претседателот на републиката може да го продолжи рокот за состав на влада но ако и повторниот обид биде неуспешен тогаш согласно член 111, став два од хрватскиот устав,

Претседателот има право да го додели мандатот на друга особа. Како што рековме, Уставот на Хрватска е прилично попрецизен во регулирањето на можни ситуации од Уставите н РМ и Србија, па така во член 112 предвидел можност да владата сепак не бие формирана и покрај дополнителниот рок и/или покрај давањето на мандатот на втор мандатар. Согласно член 112 во таков случај ќе бидат распишани нови избори а истите ќе ги спроведе непартиска влада именувана од Претседателот на Републиката. (член 112, Устав на РХ)

Заклучок и препораки

Одредбите од Уставот на Република Македонија кои се однесуваат на доделувањето на мандатот и изборот на нова влада се исти од прогласувањето нејзината независност до ден денес. Меѓутоа на ниту едни претходни парламентари избори немало некоја дилема околу истите. Причината за ова е пред се фактот што изборните резултати биле такви да една партија (или коалиција од партии) остварувала значајна предност со освојување на поголем број пратеници во македонското Собрание. Токму изедначениот резултат на последните одржани избори отвори сет на прашања кои добиваа различни одговори заради различните интерпретации на одредбите од Уставот. Заради определени недореченост во македонскиот устав трудот се повикува на досегашната воспоставена пракса а таа вели дека мандатот за состав на нова влада редовно се давал на партијата која има освоено најголем број на пратеници (што е спротивно на тврдењата на Фрчковски). Претходново било случај и покрај уставната одредба според која Претседателот на државата до го доделува мандатот на партијата која има мнозинство во Парламентот. Праксата исто така ни покажува да во мандаторот не успее да формира влада во уставниот рок тогаш мандатот се дава на втората партија која освоила најголем број на пратеници (што е во спротивност со ставот на Каракамишева). Оттука сметаме дека во недостиг на попрецизни уставни норми односно непостоење на никакви норми за можен случај да мандаторот не состави влада, правилно би било да се почитува веќе воспоставената практика зошто истата веќе станала обичајно право. Секако дека секое поинакво постапување би требало да биде добро образложено и би воспоставило преседан која би можел да биде користен за формирање на било која идна македонска влада. Во случај да и втората по големина партија не успее да формира влада логично би било мандатот да се додели на третата по големина парламентарна партија. Бидејќи за една ваква хипотетичка ситуација немаме никакви уставни одредби а ниту воспоставена пракса сметаме Претседателот би требало да изврши консултации со преостанатите партии за да види дали некоја од нив може да обезбеди мнозинство. Ако такво мнозинство не е возможно тогаш би требало да се оди на нови избори – решение кое е предвидено во хрватскиот Устав. Во однос на прашањето кој би требало да ги организира таквите избори сметаме решението

за партиска влада составена од пропорционален број на министри согласно бројот на освоени пратеници кое го предлага Ристески е теоретски добро но тешко справедливо во македонскиот случај. Ова особено зошто може да се очекуваат многу тешки преговори за тоа која партија кое министерство би го добила во таква една влада. Оттука сметаме дека хрватското решение за натпартиска влада е практично подобра варијанта но адаптирано во македонска верзија што практично би значело дека истата влада би требало да биде подржана од сите клучни партии а не назначена од Претседателот како што е тоа случај во Хрватска. Конечно, можеме да заклучиме дека воспоставената пракса ги надополнува најпрецизните решенија на Уставот но доколку иста биде прекршена тогаш веројатно ни се потребни дополнувања на Уставот налик на одредбите од хрватскиот Устав но адаптирани на македонските услови.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Aleksandra M. Mitevka, Формирањето на влада 1992 и во 2017 - тешка равенка, утрински весник,*URL=http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=2296044B0BA24F4992C7297B4AE65D3C*. пристапено на 07.01.2018 год.

ALSTAM editorial team, Професори: Ако Груевски не состави влада, редот му е на СДСМ, ALSATM, *URL= http://www.alsat-m.tv/mk/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D1%84%D0%B5%D1%81%D0%BE%D1%80%D0%B8-a%D0%BA%D0%BE-%D0%93%D1%80%D1%83%D0%B5%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BD%D0%B5-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D0%B8-%D0%92%D0%BB%D0%B0%D0%B4/*, Пристапено на 06.01.2018 год.

Dejan Marolov, A perfect storm: Macedonia's political chaos and the refugee crisis, EUROPP – Londons School of Economics and Politics blog, *URL=http://blogs.lse.ac.uk/europpblog/2016/01/28/a-perfect-storm-macedonias-political-chaos-and-the-refugee-crisis/*, пристапено на 08.02.2018 год.

Dejan Marolov, The EU must take its share of the blame for the political crisis in Macedonia, EUROPP – Londons School of Economics and Politics blog, *URL=http://blogs.lse.ac.uk/europpblog/2015/05/26/the-eu-must-take-its-share-of-the-blame-for-the-political-crisis-in-macedonia/*, пристапено на 09.02.2018 год.

Ustav Republike Hrvatske, Narodne novine, br. 56/90, 135/97, 8/98 – pročišćeni tekst, 113/2000, 124/2000 – pročišćeni tekst, 28/2001, 41/2001 – pročišćeni tekst, 55/2001 – ispravak

Габриела Димковиќ Мишевска, Иванов го прекрши Уставот? – избра мандатар без мнозинство во парламентот, Tv21, *URL*=http://tv21.tv/mk/?p=115309, пристапено на 10.01.2018 год.

Жана Божиновска, Нема да не изненади ако по Груевски, Иванов го даде мандатот на друг Никола, па на трет Никола од ВМРО-ДПМНЕ, MKD, *URL=http://www.mkd.mk/makedonija/politika/nema-da-nje-iznenadi-ako-po-gruevski-ivanov-go-dade-mandatot-na-drug-nikola-pa*, пристапено на 10.02.2018 год.

Игор Чавески, Каракамишева*:* Согласно Уставот, може да има само еден мандатар,нема резервен или втор, Telegraf.mk, *URL= http://telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-karakamiseva-soglasno-ustavot-moze-da-ima-samo-eden-mandatar-nema-rezerven-ili-vtor.nspx*, пристапено на 06.02.2018 год.

Изборен законик на РМ Сл. Весник на Р. Македонија, бр.54 од 14.04.2011 година

Сања Васиќ,, Сценарија за крај на правната држава, Телма, *URL=http://telma.com.mk/vesti/scenarija-za-kraj-na-pravnata-drzhava*, пристапено на 15.02.2018 год.

Светлана Унковска, Роковите течат - Кој ќе состави нова влада?, 24 вести, *URL=http://24vesti.mk/rokovite-techat-koj-kje-ja-sostavi-novata-vlada*, пристапено на 07.02.2018 год.

Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, број 52/199 и амндманите I- XXXII

Устав Републике Србије, Службени гласник РС,бр. 98/2006

Зоран Јовановски **УДК.341.123:341.7**
вонреден професор, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип,
Воена академија - Скопје, придружна членка
zoran_te_jovanovski@yahoo.com

Билјана Каровска-Андоновска
доцент Универзитет „Гоце Делчев” - Штип,
Воена академија - Скопје, придружна членка
biljana.k.andonovska@morm.gov.mk

МУЛТИЛАТЕРАЛНА ДИПЛОМАТИЈА И НЕЈЗИНАТА ПОСТАВЕНОСТ СПРЕМА МЕЃУНАРОДНОТО И ДИПЛОМАТСКОТО ПРАВО

Апстракт
Мултилатералната дипломатија полека, но сигурно, води кон демократизација на меѓународното општество, развивајќи своја машинерија, техники, свој карактеристичен „јазик“ и професионална етика.
За придобивките од мутилатералната дипломатија несомнено говори фактот што настојува да оствари задачи кои се од големо значење за сите нас како поединци, а притоа остварувајќи ја својата најголема придобивка помеѓу речиси сите меѓународни субјекти надминувајќи ги меѓусебните разлики помеѓу истите.

Клучни зборови: *Мултилатерална дипломатија, преговори, заеднички интереси, меѓународни организации, Организација на обединети нации.*

Zoran Jovanovski
associate professor
Univrsity "Goce Delcev" Stip,
Military Academy - Skopje asociate member
zoran_te_jovanovski@yahoo.com

Biljana Karovska-Andonovska
assistant professor, Univrsity "Goce Delcev" Stip,
Military Academy - Skopje asociate member
biljana.k.andonovska@morm.gov.mk

MULTILATERAL DIPLOMACY AND ITS POSITION ACCORDING INTERNATIONAL AND DIPLOMATIC LAW

Abstract

Multilateral diplomacy slowly but surely leads us to democratization of international society, developing its own machinery, techniques own characteristic "language" and professional ethics.
The undoubtedly fact that multilateral diplomacy seeks to accomplish tasks that are of great importance to all of us as individuals, while achieving its greatest benefit among almost all international subjects, overcoming the differences between them, show us the benefits of multilateral diplomacy.

Keywords: *Multilateral diplomacy, negotiation, mutual interests, International organizations, Organization of the United Nations.*

Вовед

Корените на дипломатијата допираат до најстарите времиња. Харолд Николсон, еден од најплодните теоретичари на полето на дипломатијата, сметал дека дипломатијата во рудиментирана форма постоела уште во првобитната заедница, каде првобитните луѓе се договарале околу поделбата на територииte за лов и местата на живеење. За првите држави во историјата (Кина, Египет, Индија) било карактеристично испраќањето на претставници кои воделе преговори меѓу нив, што говори за користењето на дипломатијата од страна на најстарите цивилизации. Од тие времиња, до денес, дипломатијата развила своја машинерија, техники, свој карактеристичен "јазик", професионална етика и најважно, станала еден од најбитните инструменти за успешно владеење. Постојат два основни вида на дипломатија и додека едниот

вид, билатералната дипломатија, е веќе длабоко востановен, другиот, својот зародиш го имал не многу одамна. Станува збор за мултилатералната дипломатија, која овде ќе се обидеме да ја разработиме бидејќи сметаме дека токму овој вид на дипломатија го носи на својот грб товарот на новото време и дека е вистински предизвик да се биде дел од неа. Задачите кои мултилатералната дипломатија денес настојува да ги оствари се застрашувачки по своето значење и консеквентно на тоа, често е навистина тешко да се постигне напредок. Но, како што во едно свое обраќање истакна поранешниот генерален секретар на Организацијата на обединетите нации (ООН), Кофи Анан, "повеќе од сигурно е дека без инструментите на мултилатералната дипломатија, но и на дипломатијата воопшто, и без вештината и волјата да се користат истите, светот би бил далеку полошо место за живеење". Она што настојуваме да го постигнаме со овој научен труд е да ја лоцираме мултилатералната дипломатија, како важен сегмент во дипломатското право и преку анализа на нејзината дефиниција, карактеристики, нејзината поставеност согласно меѓународното право и досегашните искуства, користејќи го историскиот метод, да ги констатираме квалитетите и предностите кои мултилатералата ги нуди денес.

1. Поим и дефиниција на мултилатералната дипломатија

Државата, како субјект во меѓународните односи, дејствува во односите со надворешниот свет на два начини - поединечно, во рамките на билатералните односи со останатите субјекти на меѓународната заедница, и, истовремено преку т.н. повеќестран, мултилатерален однос спрема група на држави или поинаку речено спрема останатите субјекти на меѓународните односи, т.е. со меѓународната заедница во целина[1]. Ако едната страна од дипломатијата на една држава е серија од поединечни односи со повеќе слични субјекти, со кои се воспоставени дипломатски односи, другата страна е, без сомневање, дејствувањето во односите на заедницата која тие субјекти ја сочинуваат. На ниту една држава, не и е сеедно, како на глобален план ќе се решаваат прашањата од заеднички интерес, почнувајќи од оние најважните, како одржување на меѓународниот мир и безбедност, па до прашања од типот како да се заштити редок животински вид на кој му се заканува истребување, како да се обезбеди заштита на археолошките богатства или она што денес е особено важно, како ќе се справи човештвото со климатските промени. Секоја држава, не само што ќе покаже интерес за сите прашања од заеднички интерес, туку и активно ќе учествува во нивното решавање, настојувајќи усвоеното решение да биде што поповолно за нејзиниот индивидуален, национален

[1] Опширно за поимот на дипломатија видиво глава VII *Дипломатско и конзуларно право* во Фрчковски, Љ., Тупорковски, В., Ортаковски, В., Меѓународно јавно право, Скопје, 1995

интерес. Ваквото заедничко дејствување, во рамки, кога често се создава поголема група на држави кои поради своите исти или слични интереси работат заеднички, ваквото обезбедување на поддршка и сојузништво во однос на решението кое се сака и ваквиот збир на односи кој има исход во една земја и претставува важен вид на нејзината надворешна политика, се нарекува мултилатерална дипломатија на некоја држава. Гледана во целина, мултилатералната дипломатија на глобално ниво претставува збир од сите видови на надворешно делување на секоја од членките на меѓународната заедница. Горенаведеното, всушност, претставува појмовно определување на мултилатералната дипломатија во класична смисла. Со настанувањето на владините меѓународни организации како што е ООН, овој поим е проширен со два нови моменти, а тоа се делување на самите меѓународни установи како активни чинители на мултилатералната дипломатија, од една страна, и делувањето на државата внатре, во рамките на тие институции. Во современата епоха, мултилатералната дипломатија поприма два вида на делување. Првиот вид е дејствување на државата на меѓународната сцена во рамките на, ако може така да се рече, *ad hok* акција како што од секогаш се правело, а другиот е нивно континуирано, паралелно дејствување внатре, во меѓународните институции. Имајќи го во предвид сето ова, се согласуваме со општа дефиниција на мултилатералната дипломатија според која мултилатералната дипломатија претставува збир на начини и средства со кои државите, како субјекти во повеќестран однос, се служат за да ги ускладат своите меѓународно - политички програми со заедничките интереси на меѓународната заедница, за да остварат општо прифатливи решенија согласно начелата и одредбите на меѓународното право.[2] Сепак, потребно е, оваа најширока, генерална дефиниција на мултилатералната дипломатија да се расчлени, како би ги дефинирале двата вида на мултилатерална дипломатија. Првиот е оној кој ја означува мултилатералната дипломатија на државите, земени поединечно. Овој вид на мултилатерална дипломатија би го дефинирале како збир на средства и начини, со кои државата, по пат на овластени органи, се користи во остварувањето на односи со повеќе други држави, меѓународни организации и меѓународната заедница во целина. Посебен вид на мултилатерална дипломатија е оној кој се одвива во меѓународните организации.[3] Овој вид на мултилатерална дипломатија би го дефинирале како дипломатија која се води во рамките на органите на меѓународната организација, по пат на меѓународни конференции под закрила на организацијата или по пат на собири на ниво на шефови на држави или влади на државите членки на организацијата, а кои се одвиваат

[2] Ортаковски, В., *Дипломатско и конзуларно право*, Скрипта, Правен Факултет „Јустинијан први" - Скопје 2008

[3] Фрчковски, Љ., Тупурковски, В., Ортаковски, В., *Меѓународно јавно право*, 1995

внатре, во самиот систем на таа организацијата. Во понатамошното излагање ќе ги разработиме двата посебни видови на мултилатералната дипломатија, значи оној кој се одвива надвор од меѓународните институции и оној во рамките на тие установи, притоа задржувајќи се на мултилатералната дипломатија во рамките на ООН. Сметаме дека ваквата разработка е потребна заради остварување на сеопфатна анализа на мултилатералната дипломатија, како целина.

2. Дипломатија по пат на меѓународни собири (историски развиток)

Овој дел би го започнале со краток историски осврт на настанокот и корените на практикувањето на меѓународните дипломатски собири. Имено, несомнено е дека во определена форма ваквите дипломатски собири имаат длабоки корени. Во своето дело "Историја на пелопонеските војни", Тукидид детално опишува како Спарта, во рамките на Пелопонескиот сојуз, ги собрала своите сојузници со цел да одлучат дали Атина ги прекршила своите меѓународни обврски од договорите со тогашните градови - држави или не, и дали треба, во случај на позитивен одговор, Атина да се казни со војна. Состанокот на Пелопонескиот сојуз е одржан во Спарта во 432 година пред новата ера. Според описот кој го дава Тукидид, најпрво делегациите на Мегара и Коринт, пред собранието, ги изнеле своите обвинувања против Атина, а потоа биле замолени да се повлечат додека не се донесе одлука. Одлуката, или како денес би рекле резолуцијата, прво била донесена со акламација, за потоа да биде потврдена поединечно, со тајно гласање на секој од делегатите. Атина не учествувала на собирот бидејќи не била член на Сојузот, но една нејзина делегација случајно се нашла во Спарта, па не само што била повикана да присуствува во работата на оваа, ако може така да се рече, меѓународна конференција, туку и било дозволено рамноправно да учествува и да ги изнесе своите гледишта. Она што може да се заклучи од ова дело на Тукидид, кое има несомнена историска вредност, е постоење на демократска пракса на дејствување на мултилатералната дипломатија уште во времето на античка Грција, што претставува несомнен доказ за постоењето на повеќестраните контакти меѓу државите уште во таа рана доба од цивилизацискиот развој. Може да се каже дека прибегнувањето кон мултилатералната дипломатија е нормална и вообичаена постапка, која се наметнува сама по себе во секоја меѓународна заедница во која постојат повеќе од два независни и суверени субјекти. Прашањата од заеднички интерес не можат да се решат исклучиво по билатерален пат, па во нивното регулирање во одреден момент мора да се пристапи кон барање решение на заедничка основа. Мултилатералната дипломатија, на овој или оној начин е присутна во целокупната човекова историја и е една од незаменливите придобивки со кои државите се служат од секогаш. Разликите се воочуваат во поглед на техниката, во различните историски епохи, но, целта и суштината остануваат исти.

3. Меѓународна конференција како типичен облик на мултилатералната дипломатија

Со оглед на тоа дека основен предмет на секоја, па и на мултилатералната дипломатија се преговорите, јасно е дека процесот на повеќестраната дипломатија не мора да се одвива исклучиво во конференциската сала, каде на "зелената" маса седат сите делегации на заинтересираните држави за даденото прашање. Серијата од билатерални контакти кои некоја земја ги одржува со повеќе други земји, паралелно преговарајќи за едно исто прашање, е без сомнение вид на мултилатералната дипломатија, иако се одвива на билатерален план. Но, без оглед на постоењето на различни варијанти на билатерални договарања во однос на едно прашање од заеднички интерес, кога проблемот ќе "созрее", ќе биде неопходно, на овој или на оној начин, да се седне на маса заеднички и на тој начин да се продискутира за прашањето и да се усвои решение кое ќе биде прифатливо за сите, ако е тоа воопшто можно. Не е битно дали таквиот состанок ќе биде неформален собир на претставници на неколку земји, кој ќе трае само неколку часа или пак ќе биде формална конференција од универзален карактер во која ќе учествуваат практично сите држави од светот и ќе трае со месеци, а записниците, одлуките и документацијата ќе бројат илјадници страници. Битно е дека собирањето на меѓународна конференција и во едниот и во другиот случај е единствениот начин да се дојде до заедничко решение. Друга можност и нема, па оттука сметаме дека меѓународната конференција е типичен облик на мултилатерална дипломатија и средство со кое заинтересираните страни неизбежно мораат да се послужат, за да го остварат ефективното регулирање на прашањата од заеднички интерес. Почнувајќи од втората половина на 19-от век, а посебно на преминот во 20-век, врските меѓу државите се зајакнуваат и се разгрануваат во дотогаш непознати правци, па, во зависност од развојот на науката и технологијата расте и улогата на мултилатералната дипломатија, а пропорционално се зголемува и бројот на меѓународните конференции. Во периодот по Првата светска војна тие ќе станат дел од меѓународното секојдневие, а по 1945 година бројот на меѓународни собири изнесувал околу 1000 годишно, што покажува пораст со геометриска прогресија. Можеме да констатираме дека меѓународната конференција, како средство за постигнување на целите на мултилатералната дипломатија, денес во потполна смисла е константа во процесот на меѓународното договарање, а самиот феномен се одвива по определена општоприфатена и идентична техника. Инаку самите меѓународни конференции меѓусебно битно не се разликуваат, освен што извесни разлики постојат во однос на учесниците, карактерот на конференцијата и предметот на расправа. Првиот критериум, за разликување на конференциите според својството на учесниците не се однесува толку на нивниот ранг (шефови на држави, министри, амбасадори) колку на природата

на овластувањето кое го имаат делегатите. Ако делегатите на државата се овластени да донесуваат одлуки (политички или правни) се работи за одржување на дипломатска конференција, а самите претставници по правило се политичари или дипломати. Доколку се работи за учесници кои се експерти од дадената област и материја, било со задача да го подготват теренот за дипломатска конференција, било да разработат решенија кои биле усвоени на таква, конференцијата се нарекува експертска. Според карактерот меѓународните конференции можат да се поделат на кодификациони и останати. На кодификациона конференција се усвојуваат определени правила на меѓународното право чија цел е да го регулира однесувањето на субјектите на меѓународното право во иднина, а како резултат настанува кодификационен акт од определена област (повеќестран договор или конвенција). Најдобар пример за ваков вид на акт, според теоретичарите е Виенската конвенција за дипломатски односи[4] усвоена на кодификационата конференција во Виена. Поимот останати ги покрива сите други меѓународни собири кои немаат кодификациона природа, но и тука може да се направат извесни разлики. Во едната група спаѓаат оние конференции на кои се решава некој спор или друго прашање кое настанало поради нарушување на односите меѓу државите, на пример војна, а кои Французите ги нарекуваат конференции чија цел е "de clore la passé" ("да се заклучи минатото"). Во другата група спаѓаат конференциите на кои се подготвува иднината ("preparer l'avenir"), а на кои се донесуваат решенија за иден развој или дејствување на група на држави, од некој регион или, дури и меѓународната заедница во целина. Типичен пример за таква конференција е основачката Конференција на ООН, во 1945 година во Сан Франциско[5]. Конечно конференциите можат да се разликуваат и според предметот кој е на дневен ред. Според овој критериум тие се делат на политички (пр. состаноци на шефови на држави или влади) и неполитички, а овие последниве, пак, можат да бидат економски, социјални, здравствени, административни, итн. Сепак, на крај би напомнале дека ваквата типологија има повеќе упатувачки карактер и дека не треба да и се придава некое посебно значење бидејќи во практиката не постојат некои битни разлики меѓу конференциите кои се погоре споменати. Кога станува збор за иницијаторот и организаторот на повеќестрани состаноци можно е да се внесе уште еден, дополнителен критериум. Тие денес се организираат врз основа на одлука донесена најчесто во форма на резолуција од страна на надлежен орган во меѓународната организација или пак во "режија" на една или повеќе држави,

[4]Стапила на сила на 24.04.1964. Текстот на конвенцијата е достапен на веб локацијата: http//untrety.un.org/ilc/tehts/instruments/English/conventions

[5] Luard, E., *A History of the United Nations,* Volume 1: The years of Western Domination 1945-1955, Palgrave Macmillan, UK, 1982

кои покрај постоечките меѓународни институции, исто така можат да имаат улога на свикувач и иницијатор, односно организатор на меѓународни собири. Овој начин кога конференцијата ја свикуваат државите претставува класична, изворна пракса, врз основа на која и настанала установата "меѓународна конференција". Ова е разбирливо, имајќи предвид дека меѓународните организации се појавиле не многу одамна. Иако денес е широко распространета праксата меѓународна конференција да свикуваат меѓународните установи, што е разбирливо имајќи ја во вид општата тенденција кон институционализација и организација на меѓународното општество, сепак ни класичниот метод не се изгубил потполно. Без разлика дали конференцијата е организирана во рамките на меѓународна организација или надвор од неа, на организаторите им престои исполнување на низа работни обврски кои следат едни на други, во рамките на една работна фаза, а кои се неопходни за да се овозможи меѓународниот собир и успешно да ги исполни задачите кои се поставени пред него. Една таква работна обврска која претходи на одржувањето на секоја конференција е одржувањето на претходни консултации меѓу помал или поголем број на држави кои се најзаинтересирани за нејзино свикување. Тие консултации редовно се вршат по дипломатските канали, во рамките на билатералната дипломатија, но можно е и испраќање на специјални мисии во државите за кои се претпоставува дека се заинтересирани за свикување на конференција. Во ООН често ваквите консултации се остваруваат преку постојаните мисии или, пак, во текот на редовното заседавање на генералното собрание, за време на општата дебата во моментот кога во седиштето на светската установа се присутни шефовите на дипломатијата и премиери на голем број држави членки. Откако ќе се утврди постоењето на интерес да се одржи меѓународна конференција се пристапува кон покренување на формална иницијатива за нејзино одржување. Потоа следи врачувањето на покани и утврдени термини по што може да се пристапи кон одржување на конференцијата.

4. Меѓународните организации како нови појавни облици на мултилатералната дипломатија

Во овој дел нема да се осврнуваме на причините кои довеле до институционализација на меѓународната заедница и создавање на меѓународните организации[6]. Нив ги опфативме повеќе или помалку во делот за настанокот на мултилатералната дипломатија и меѓународната конференција. Тоа се истите тие причини кои довеле до придвижување на

[6] Подетално во Фрчковски, Љ., Тупурковски, В., Ортаковски, В., *Меѓународно јавно право*, глава IX: Меѓународни организации, 1995

човековата цивилизација кон едно повисоко развојно ниво и остварување на поквалитетни меѓународни односи. Меѓународните организации се, со договор основани, повеќестрани и трајни облици на институционализирана комуникација меѓу три или повеќе држави со посебен статус и постојани органи, во рамките на кои, на начин предвиден со статутот и другите основни документи на организацијата, се одвиваат процеси на мултилатерално преговарање и заедничко одлучување на државите-членки во дадена област од меѓународната соработка. За да настане и да дејствува една меѓународна организација потребни се државите, со чија одлука и зачленување настанува организацијата. Меѓународните организации се создавале согласно со принципот на суверена еднаквост, а тоа е случај и денес. Формално гледано тие почиваат на тој принцип. Нивните членови се рамноправни во правата и должностите и тие ја насочуваат нивната работа кон создавање на одлуки кои се резултат на нивната меѓусебна согласност. Меѓутоа, јасно е тоа дека меѓу државите постојат големи разлики почнувајќи од големината и бројот на жители, преку степенот на достигнатиот економски развој, нивната моќ и влијание во светот, до општествено - економското и политичкото уредување. Сите овие фактори ја определуваат политиката која што определена држава ќе ја води. Политиката, пак, спрема светот, го определува и дејствувањето на државата во определена организација. Ваквата фактичка нееднаквост меѓу државите има свое влијание врз нивното дејствување во меѓународните организации. Во секоја од нив постои постојана борба меѓу членките за обезбедување на што поголемо влијание врз работата на организацијата, а таа борба односно помирување на таквите различни интереси е во извесна смисла суштината на мултилатералната дипломатија која се одвива во рамките на меѓународните организации, и со чија помош, единствено, може да се дојде до какво такво усогласување на горенаведените различни интереси. Различните меѓународни организации имаат различни функции и цели, но без оглед со што се занимава организацијата и кој вид на проблеми настојува да го реши, нејзиното дејствување е насочено во правец на остварување на две општи цели. Едната е да се осигури заштита и унапредување на индивидуалниот интерес на државите кои ја основале организацијата, а другата е да се осигури остварување на некој општ интерес или група на интереси. На прв поглед може да се добие впечаток дека овие две цели се спротивставени, а судирот меѓу нив нерешлив. Имено, ако секоја држава има свој интерес, спротивен на интересите на другите членки, тогаш како да се задоволи тој различен збир на интереси, а истовремено да се обезбеди и заедничкиот односно општиот интерес? Сепак, ако едно прашање поблиску се разработи, проблемите од ваков вид не се непремостливи. Напротив, секоја меѓународна организација се основа токму со целта, некако, да се усогласат различните интереси. Кога не би постоел некој заеднички интерес на сите држави кои се одлучиле да се здружат во некаква организација,

логично е дека тие не би ни пристапиле кон нејзино основање, бидејќи тоа би бил бесмислен потфат. Но, со оглед дека заедничките интереси постојат, државите ги основаат организациите, однапред свесни дека таа организација и нејзиното дејствување нема никогаш во потполност да биде во можност да ги задоволи сите нивни индивидуални интереси. Со меѓусебното преговарање тие обезбедуваат остварување на барем дел од тие нивни лични интереси, но и тоа делумно остварување на индивидуалните интереси е сосема доволно за државите. Притоа, имајќи го предвид и општиот интерес поради кој организацијата постои, индивидуалните интереси се приспособуваат во правец на постигнување на заедничката цел, односно остварување на општиот интерес. Основното поле за дејствување на мултилатералната дипломатија во меѓународните организации е токму ускладувањето на сопствениот интерес со интересите на другите, од една страна, а од друга, дејствувањето во правец на остварувањето на заедничкиот, општиот интерес. Тука би напоменале дека мултилатералната дипломатија се одвива исклучиво во рамките на т.н. „владини меѓународни организации", иако на некој начин се манифестира и во работата на „невладините меѓународни организации". Како и да е, нејзиното дејствување денес, во меѓународните организации е од исклучителна важност за функционирањето на самите организации и карактеристично е што овој вид на дипломатија постојано пронаоѓа нови патишта за своето дејствување, навлегувајќи во сфери во кои порано не била присутна. Според мене, токму ваквото ширење на полето на дејствување на мултилатералната дипломатија е предуслов за напредок во различни области од меѓународните односи.

5. Мултилатералната дипломатија во Организацијата на обединетите нации

Во рамките на ООН мултилатералната дипломатија се манифестира во три посебни видови на активности:

- Меѓусебната дипломатија на државите-членки и акцијата на секоја од нив во однос на самата организација;
- Дејствувањето на организацијата во однос на своите членки, но и на меѓународната заедница во целина;
- Меѓусебната дипломатија во поглед на односите помеѓу самите меѓународни институции.

Во случајот кој го одбравме за предмет на анализа станува збор за односите меѓу ООН и нејзините специјализирани агенции. Во понатамошниот текст на кратко ќе ја разработиме мултилатералната дипломатија на државите-членки во однос на ООН. Во постапката на проценување што преставува дипломатска активност на државата во меѓународна организација треба да се тргне од целите на организацијата и начелата на кои таа почива, претпоставувајќи дека државите кои учествуваат во работата на организацијата дејствуваат по дипломатски пат во правец на реализација на целите и начелата

на организацијата за која станува збор. Овој општ пристап се применува и на дипломатијата на државите во ООН, па накратко би ги навеле целите и принципите на оваа организација. ООН е создадена во еден исклучително деликатен, пресвртен момент од светската историја, после глобална светска војна чиј резултат бил потполно рушење на претходниот систем на меѓународни односи кој, почнувајќи од Француската револуција, бил присутен во светот цели 150 години. На урнатините на овој систе кој исчезнал засекогаш, на потполно нови основи, бил изграден нов систем кој требало да се развива во рамките на едно уредена и организирана меѓународна заедница заснована на правдата, правичноста и заедничкиот просперитет. Организацијата на обединетите нации била замислена како инструмент со чија помош ќе се изгради и околу кој ќе се вообличи новото меѓународно општество. Целта на ООН е најопшто изнесена во Преамбулата на Повелбата на ООН, а тоа е забрана на војната како начин на решавање на меѓудржавни спорови, почитување на човековите права и еднаквоста меѓу луѓето, создавање потребни услови за живот преку правдата и меѓусебните обврски, потпомагајќи го на тој начин општествениот напредок и воспоставувањето на подобри услови за живот за сите. Меѓу многуте цели на ООН како најзначајни се издвојуваат следните: одржување на меѓународниот мир и безбедност, развивање на пријателски односи меѓи нациите засновани на меѓусебната еднаквост и почитување на правото на народите на самоопределување, остварување на сестрана меѓународна соработка, развивање и унапредување на правата на човекот и основните слободи, вообличување на организацијата како центар во кој ќе се сретнуваат заедничките напори за остварување на вака утврдените цели, еднаквост меѓу членките изразена преку принципот на суверена еднаквост, bona fides исполнување на меѓународните обврски преземени со Повелбата, решавање на споровите со мирољубиви средства, напуштање на употребата на сила или заканата со сила, укажување поддршка и помош на ООН во сите акции кои ги превзема и воздржување од било каква поддршка на земјите против кои оваа организација превзема превентивни и принудни мерки, дејствување на Организацијата на начин кој ќе обезбеди и државите кои не се членки да дејствуваат во согласност со овие принципи во мера која е неопходна за одржување на меѓународниот мир и безбедност и немешање во внатрешните работи на државите. Целта на основањето и целите кои се поставени пред Организацијата претставуваат патоказ за дипломатијата на државите-членки и ООН, чија основна задача е да придонесе за остварување на целите, како со индивидуална, така и со колективна акција. Меѓутоа, ако се остане на ваквата констатација би се добила непотполна слика за карактеристиките на мултилатералната дипломатија на државите во ООН. Имено, покрај наведената основна задача на дипломатијата во областа на мултилатералата има уште една, не помалку значајна, а тоа е заштита на интересите на самите држави, кои не

Дугин, Ал., *Евразия превьше всего. Манифест современного евразийского движения,* ОПОД „Евразия", Москва, 2000.

Комлев, Н. А., *Гибридная война: сущность и специфика,* Философия Политики и Политология, vol. 13, 2016.

Майноло, А.В., *Роль цветных революций в демонтаже современных политических режимов,* Национальная безопасность, 2014.

Хейвец, Б., *Трансрегиональное переформатирование глобального экономического пространства. Вызовы для России,* Институт Икономики РАН, vol. 1, 2017.

Јорданка Галева
Насловен доцент,
Правен Факултет „Јустинијан Први“- Скопје
dance.galeva@gmail.com

УДК.321(497.7:494)
316.723-021.463(497.7:494)

МОДЕЛИ НА ПОЛИТИЧКО УРЕДУВАЊЕ И МУЛТИКУЛТУРАЛНИ АСПЕКТИ ВО ШВАЈЦАРСКОТО И МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО

Апстракт

Предмет на анализа на овој труд се швајцарското и македонското општество и уставните уредувања во однос на политичкиот систем и прашањата поврзани со мултикултуралноста. Целта на истражувањето е да се увидат концептуалните разлики во однос на политичкото уредување, конститутивниот елемент во двете држави, моделите на определување на службеноста на јазиците и политичката партиципација на јазичните/немнозински заедници. Во двете општества политичката организација и јазикот игра голема улога за развој и промоција на мултикултуралните аспекти заради што, посебен акцент е ставен на нивната анализа.

***Клучни зборови**: Швајцарија, Македонија, мултикултурализам, јазик, политички уредувања*

Abstract

The subject of this analysis paper is the Swiss and the Macedonian society and the constitutional arrangements regarding the political system as well as some issues related to the multiculturalism. The focus of the research is to see the conceptual differences in terms of political order, the constitutive element in both countries, the models for determining the linguistic access service and the political participation of linguistic/ non-majority communities. In both societies, the political organization and the language plays a major role in the development and promotion of multicultural aspects and that is why a particular emphasis is put on their analysis.

***Key words:** Switzerland, Macedonia, multiculturalism, language, political order*.

Вовед

Швајцарскиот модел на соживот и на мултикултурно општество многу често се споменува во позитивна конотација како модел за пример од кој треба да се извлечат поуки. Меѓутоа ако се направи анализа на настанувањето на швајцарската држава и политичкото уредување како и на нормативата врз која се засноваат прашањата поврзани со мултикултурноста се воочува дека истиот може да е валиден само за швајцарското општество. За цел на ова истражување ќе биде направена компаративна анализа на швајцарското и македонското општество со крајна цел да се види дали постојат заеднички нишки и дали и што би можела Македонија да научи од Швајцарија.

1. Историски осврт на државното конституирање, политичкото уредување и партиципација

1.1. Швајцарија

Швајцарија е сместена во централниот дел на Европа и се состои од 20 кантони и 6 полукантони кои претставуваат независни и суверени единици конституирани во заедничка конфедерација. Создавањето на оваа конфедерација се темели на првото сојузништво склучено помеѓу трите „шумски„ кантони Ури, Швиц и Обвалден, кои се здружуваат со цел взаемно да си помогнат и пружат отпор на надворешните насилства[1]. Ваквото здружување се реализира преку обновување на вечниот сојуз и склучување на Федералниот пакт[2] од 1291 година. Во текот на следните столетија, на овие кантони им се придружуваат уште десет соседни, достигнувајќи бројка од вкупно 13 кантони[3]. Ваквиот состав на конфедерацијата ќе опстане се до француската револуција и Наполеоновите освојувања, а самиот Наполеон во 1798 година ќе ја преимени во Хелветска република како унитарна и неделива. Со Актот за Медијација од 1804 година пак, ќе биде воведено федералното уредување и територијална поделба на 19 кантони[4]. По падот на Наполеон Бонапарта, во 1815 година на најголемиот собир на големите сили на кој се

[1]Andre Vieusseux, *The history of Switzerland; from the irruption of the barbarians to the present time, Society for the diffusion of useful knowledge*, London, 1840, p.42; **https://books.google.mw/books?id=ZCGRCUXKvGcC&printsec=frontcover&hl=it#v=onepage&q&f=false,** Accessed 26.04.2018

[2] The Swiss Confederation**; https://www.admin.ch/gov/en/start/federal-council/history-of-the-federal-council/federal-charter-of-1291.html;** Accessed 26.04.2018

[3] Швиц, Ури, Обваледен, Луцерн, Цирих, Цуг, Берн и Гларус и последователно уште Солотурн, Фрибург,Шафхаузен, Базел и Апенцело, Andre Vieusseux, *Ibid*, pp.60, 111

[4] Andre Vieusseux, *Ibid*, note 1, p. 252

прекројува мапата на Европа - Виенскиот конгрес, со новиот Федерален пакт[5] на сега веќе 22 кантони како интегрален дел од Конфедерацијата ќе им биде признаена еднаква независност[6]. Во 1848 година пак ќе биде усвоен првиот устав со кој се конституира Швајцарската конфедерација, со заедничка монетарна и царинска унија и забрана за било какво делење или формирање на сојузи[7]. Во 1978 година со осамостојувањето на кантонот Јура и подоцна со поделбата на кантоните Базел, Апенцел и Обвалден, бројот на кантони достигнува до вкупно 26. Денес, според Номенклатурата на статистички територијални единици на ЕУ[8], Швајцарија е составена од 7 големи региони, 26 кантони, 148 дистрикти и 2.255 општини. Терминот кантон означува автономна политичко-административна единица или конфедеративна држава. Според политичкото уредување Швајцарија е парламентарна Република со федерално уредување, кое предвидува поделба на суверенитетот помеѓу институциите на центарот и периферијата, односно на национално и кантонално ниво, па дури и на општинско. Надлежностите на федерацијата се уредени со Федерален устав, додека секој кантон за внатрешното уредување има свој сопствен устав. Конфедерацијата има надлежност во надворешната политика, се залага за добросостојбата и независноста на земјата и ги заштитува интересите на кантоните. Иако кантоните всушност се постари од самата федерација и имаат различна историја на настанување и организација, нивната сувереност е потврдена од страна на федералниот устав. На национално ниво власта е поделена на законодавна, извршна и судска власт[9]. Законодавната власт припаѓа на Народното собрание кое е составено од два дома: Долен дом или Национален совет кој го претставува народот и е составен од 200 претставници од сите кантони и Горен дом или Совет на државите кој ги претставува кантоните и е составен од 46 члена. Застапеноста во Националниот совет по кантон зависи од бројот на населението на кантонот, меѓутоа на секои 40.000 жители е загарантирано едно место во советот. Во Државното собрание без разлика на бројноста на населението, кантоните

[5] Со Декларацијата од 20 март 1815 од страна на осумте потписнички на договорот од Париз; Giglielmo Ferrero, *Il Congresso di Vienna 1814-1815, Talleyrand e la ricostruzione d'Europa*, Vol.II, Casa editrice Corbaccio, Milano, 1999, p.345

[6] Andre Vieusseux, Ibid, note 1, p. 258

[7] Federal Assembly-The Swiss Parliament;**https://www.parlament.ch/en/%C3%BCber-das-parlament/how-does-the-swiss-parliament-work/Rules-governing-parliamentary-procedures/federal-constitution/federal-constitution-1848** Accessed 26.04.2018;

[8] European Commission; **http://ec.europa.eu/eurostat/web/nuts/background;** Accessed 03.06.2018

[9] The Swiss Confederation; **https://www.eda.admin.ch/aboutswitzerland/en/home/politik/uebersicht.html;** Accessed 26.04.2018

испраќаат по два претставници, додека полукантоните по еден претставник. Извршната власт му припаѓа на Федералниот совет кој е составен од 7 члена избрани од страна на Народното собрание. Овие членови се шефови на седум департмани (за внатрешни работи, за надворешни работи, за правда и полиција, за одбрана, граѓанска заштита и спорт, за финансии, за економски работи, образование и истражување, за животна средина, транспорт, енергија и комуникација), кои заедно со федералната канцеларија ја сочинуваат федералната администрација. Членовите на Федералниот Совет се бираат на 4 години без ограничување на реизбор, додека Потпретседателот се бира од редовите на министрите, односно седумте члена на Советот, според ротирачки систем со времетраење на функцијата од една година. Претседателот на Советот не претставува шеф на државата, туку за него важи правилото *primus inter pares* - прв меѓу еднаквите, со функција е да ги води сесиите на Советот и во случај на несогласувања да преземе заштитни мерки. Покрај Претседател на Советот постои и Федерална канцеларија која има за цел да го подржува и советува Федералниот Совет. Федералниот канцелар присуствува на сесиите на Советот и ги подготвува извештаите за Федералното собрание.

На кантонално ниво секој кантон поседува своја влада, парламент и судство и ужива еднакви надлежности и автономија во внатрешните работи[10]. Под кантонална надлежност се полицијата, здравството, средното и високото образование, како и подготовката на буџетот, уредување на политичкиот систем и даночните прашања. На општинско ниво постојат влада и парламент кои одлучуваат во областа на предучилишното и основното образование, како и за прашања поврзани со локалната инфраструктура и комуналните работи, даночни работи и енергетско снабдување.

Во однос на донесувањето на политички одлуки, она што е карактеристично за швајцарскиот случај е примената на директната демократија (народна иницијатива, факултативен и облигаторен референдум) која овозможува директно учество на граѓаните во донесување на политички одлуки, како на пример: измена или проширување на Уставот, гласање на закон од страна на народот кој е усвоен од Собранието или за приклучување на Швајцарија во некои од меѓународните организации[11]. Во однос пак на застапеноста на сите јазични заедници во политичките органи може да се наведат неколку примери поврзани со методите за избор на пратениците од

[10]The Swiss Confederation; **https://www.eda.admin.ch/aboutswitzerland/en/home/politik/uebersicht/kantone.html;** Accessed 26.04.2018

[11]The Swiss Confederation; **https://www.eda.admin.ch/aboutswitzerland/en/home/politik/uebersicht/direkte-demokratie.html;** Accessed 26.04.2018

мешаните кантони Фрибург, Берн и Вале[12]. Од кантонот Фрибург, за претставници во Долниот дом секогаш се бираат еден француски и германски претставник, иако мнозинството од населението се Французи, а Германците претставуваат малцинство. Друг пример е изборот на членовите на владата на Берн, каде на француските граѓани им се овозможува да изберат еден од седумте членови, меѓутоа тој член треба да добие мнозинство од гласовите како од Французите така и од Германците, односно од мнозинскиот дел на населението. Во Кантонот Вале пак од 5 члена, гласачите од три региона бираат три членови, додека два члена мора да бидат изберени од сите гласачи на кантонот, меѓутоа само еден член треба да биде од истиот округ, така да се обезбедува избор на еден германски член.

1. 2. Македонија

Македонската држава за прв пат како државен правен субјект и рамноправна федерална единица на Демократска Федеративна Југославија се конституира на првото заседание на АСНОМ одржано на 2 август 1944 година. Во рамките на федерацијата ќе остане до 1991 година, кога ја прогласува својата независност од Југославија и го донесува својот прв Устав[13] во ноември истата година. Во Уставот се одредува унитарноста на државата чија територија е неделива и неотуѓива, а постојната граница неповредлива (член 3). Македонија е парламентарна демократија, чиј уставен поредок се темели на поделба на државната власт на: законодавна власт чиј носител е Собранието, извршна власт која е во надлежност на Владата (ефективна извршна власт) и на Претседателот на државата и судска власт во надлежност на Судовите. Парламентот е составен од 120 – 123 пратеници, кои се избираат според пропорционален изборен модел во 6 изборни единици на територијата на Републиката, додека 3 пратеници се избираат во една изборна единица надвор од територијата на Македонија. Владата се избира од победничката опција која го добила парламентарното мнозинство и е составена од Претседател на влада и министрите. Судската власт ја вршат судовите кои се самостојни и независни. Во однос на изборот на Претседател на државата, истиот се врши на секој 5 години во една изборна единица според мнозински модел.

[12] Миодраг Митиќ, Миодраг Митиќ, *Националне мањине, права припадника мањине и заштита територијалног интегритета државе*, Службени лист СРЈ, Београд, 1998, p.81

[13] Устав на Република Македонија, Службен весник на РМ, бр.52 од 22 ноември 1991, Скопје
Службен весник на РМ**; http://www.slvesnik.com.mk/content/Ustav%20na%20RM%20-%20makedonski%20-%20FINALEN%202011.pdf;** Accessed 02.05.2018

Претседателот е самостоен државен орган, носител на извршната власт, шеф на државата, односно нејзин претставник во меѓународните односи и врховен командант на вооружените сили. Покрај овие органи постои и Комитет за односи меѓу заедниците, во рамките на Парламентот, составен од сите етнички заедници, чии членови се 7 македонци, 7 Албанци и по еден претставник од другите заедници. Овој комитет ги разгледува прашањата кои директно ги засегаат правата на заедниците.

На локално ниво, единици на локалната самоуправа се општините на чие чело стои Градоначалник и општински совет. Пропорционалниот изборен модел дозволува застапеност на сите заедници во општинските совети и избор на градоначалник од редовите на најзастапената заедница во општината. Општините се самостојни во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на нивната работа го врши Републиката. Во единиците на локалната самоуправа и во градот Скопје граѓаните непосредно, преку своите политички претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон. Покрај другото постојат и Комисии за односи меѓу заедниците, составени од претставници на сите етнички заедници од општината кои дискутираат прашања поврзани со културата, јазикот, симболите и др. Според Законот за територијална организација на локална самоуправа донесен во 2004 година, како резултат на одредбите од Охридскиот Рамковен договор (ОРД), првичните 123 општини беа намалени на 84 и градот Скопје, а дополнително во 2013 година со припојување на неколку мали општини кон општината Кичево, бројката на општини се намали на 80 и градот Скопје. Покрај ова, со ОРД врз кои се темелат амандманите од 2001 година, се одредува дека суверенитетот, територијалниот интегритет и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се сочуваат и дека не постојат територијални решенија за етнички прашања. За статистички и административни цели и според номенклатурата на класификација на територијални единици на ЕУ, Македонија е поделена на осум региони: скопски, североисточен, источен, југоисточен, вардарски, пелагониски, југозападен и полошки регион.

1.3. Споредба на двата модели со примери (*државно конституирање и политичко уредување и партиципација)*

Од гореизнесеното се увидува дека двете држави се разликуваат како во историскиот тек на државното конституирање, така и во политичкото уредување. Додека во Швајцарија постои долговековна историја на

здружување на различни кантони кои од секогаш делувале автономно, но сплотени во конфедерација, Македонија е млада држава конституирана во 20-тиот век, најпрвин како дел од југословенската федерација, а потоа како независна држава со унитарен карактер. Разликите се воочуваат и во однос на политичкото уредување. Во швајцарскиот модел постои дводомно собрание, додека во македонскиот систем еднодомно. Собранието на Швајцарија е составено од членови кои го претставуваат како народот така и кантоните, додека во македонскиот случај имаме политичко претставување на народот, кој покрај по идеолошка припадност, партиски е определен и по етничка припадност. Во однос на застапеноста во законодавните и извршни органи во Швајцарија по јазична припадност, не постои посебна федерална регулатива, меѓутоа на национално ниво германската јазична заедница која претставува скоро 70% од населението најмногу е застапена како во Националното собрание, така и во Државниот совет, благодарение на мнозинскиот статус како во севкупниот број на населението, така и на кантонално ниво. Меѓутоа иако оваа заедница е најмногубројна да се напомене е дека кантоните секако се грижат за обезбедување на учество и на малцинските јазични заедници во политичките органи. Во Федералниот совет пак ситуацијата е по различна. За изборот на Советот се применува консенсуалниот принцип (формулата 2 плус 2 плус 2 плус 1 од најсилните политички партии) кој овозможува учество на 7 претставници што значи дека не секој кантон има свој претставник во владата[14].

Застапеноста на немнозинските заедници во политичките органи во Македонија пак е уредена на поразличен начин. После примената на мнозинскиот изборен модел и мешаниот изборен модел кои не овозможија застапеност на сите партиски учесници, посебно на помалите партии, со усвојување на пропорционалниот модел се загарантира константно учество на македонците, Албанците и Ромите во парламентот, додека учество на претставниците на другите заедници се овозможува преку коалиции со големите партии. Иако не постои формално правило, албанските политички претставници секогаш се дел од владата заедно со една од големите македонски коалиции. Уште од првите избори спроведени во Македонија па се до денес, победничката македонска коалиција, за формирање на влада секогаш влегува во коалиција со една од албанските партии, преку што се овозможува активно учество не само во законодавната и извршна власт туку и во другите државни, управни и административни органи. Помалите етнички заедници, како Турците, Србите, Ромите, Власите и Бошњаците, скоро секогаш влегуваат во предизборни коалиции со една од двете големи македонски партии, со што се овозможува и нивно учество во политичкиот

[14] Цит: Миодраг Митиќ, р. *Ibid,* p.80

живот. Покрај ваквото учество битно е да се напомене дека она што е уникатно во македонскиот случај е темелната одредба која предвидува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, во органите на државната власт и во другите институции на сите нивоа. Во однос на директното учество на граѓаните во донесување на политички одлуки, она што е карактеристично за швајцарскиот модел е директната демократија, меѓутоа не постојат посебни правила за одлучување за прашања кои се однесуваат на мултикултурноста, односно мултијазичноста. Во македонскиот случај, за разлика од Швајцарија, за одредени прашања кои ги засегаат културата, употреба на јазиците, образованието, личните документи и употреба на симболи, се дискутира во мешаните Комитети и Комисии, а за усвојување на закони и одлуки поврзани со овие прашања воведен е и услов за примена на *Бадентеровото правило* кое предвидува неопходност од мнозинство од присутните пратеници, при што мора да има гласови од пратениците кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинство во Република Македонија[15].

2. Мултикултурален состав на населението и конститутивниот елемент

2.1. Швајцарија

Според последните податоци од 2018 година во Швајцарската конфедерација живеат 8.492.956 жители од кои 24,6% се странци[16]. Според одредбите на Федералниот устав[17], Швајцарскиот народ и кантоните се оние кои ја конституираат швајцарската конфедерација и како такви се спомнуваат и во Преамбулата и во член 1 од Федералниот устав. Целта на Конфедерацијата е да ги заштитува правата на народот и независноста и безбедноста на земјата и да го промовира културниот плурализам (чл.2). Членот 18 ја гарантира слободата на јазик, членот 4 одредува дека национални признаени јазици се германскиот, францускиот, италијанскиот и ретороманскиот, додека членот 70 одредува дека службени јазици на Конфедерацијата се германскиот, францускиот и италијанскиот, додека ретороманскиот е службен јазик во

[15] Се воведува со амандманот 10 со кој се заменува членот 69 од Уставот на РМ.

[16] Според последните податоци (26.06 2018 година), од истражувањето кое опфаќа граѓани со постојано и непостојано живеалиште, од вкупно 8.492.956 жители, 6.360.306 се швајцарци, 2.132.650 се странци а 73.634 немаат постојано живеалиште. The Swiss Confederation;
https://www.bfs.admin.ch/bfs/it/home/statistiche/popolazione.gnpdetail.2018-0273.html; Accessed 05.05.2018

[17] Федерален Устав на Швајцарската Конфедерација;
The Swiss Confederation; **https://www.admin.ch/opc/it/classified-compilation/19995395/index.html#a74;** Accessed 26.04.2018

комуникација со оној кој го зборува. Според пописот од 2000[18] година, од жителите со постојано живеалиште 63,7% се изјаснило дека германскиот јазик е нивен прв јазик (на кој размислуваат и сметаат дека го знаат најдобро), 20,4% се изјасниле за францускиот јазик, 6,5% за италијански јазик, 0,5% за ретороманскиот јазик и 9% за други јазици кои не се национални јазици. Во однос пак на швајцарското население со постојано живеалиште состојбата покажува дека 72,5% односно 3/4 од швајцарската популација го употребуваат германскиот јазик, 21% или 1/5 од швајцарското население го употребува францускиот јазик, 4,3% италијанскиот јазик, 0,6% ретороманскиот јазик и 1,6% употребуваат друг јазик. Кантоните се оние кои ги одредуваат своите службени јазици, а за да се гарантира јазичниот мир, се почитува традиционалниот јазичен состав на регионот и се земаат во предвид автохтоните јазични малцинства. Конфедерацијата промовира разбирање и взаемна размена помеѓу јазичните заедници и ги подржува плурилјазичните кантони во извршување на своите посебни задачи и подржува преземање на мерки кои се однесуваат на промоција и зачувување на ретороманскиот и италијанскиот јазик во Кантоните Граубинден и Тичино. Во членот 62 и 63 се уредува прашањето за образованието. Училишниот сектор е под надлежност на кантоните, додека високото образование е под надлежност на Конфедерацијата која го уредува прашањето за федералните политехнички универзитети и може да основа и води и други универзитетски и академски институции, ги подржува кантоналните универзитетски школи и може да подржува отворање на други академски институти. Конфедерацијата и кантоните соработуваат во координација на образованието, склучуваат спогодби и даваат надлежности на заеднички органи. Во однос на прашањето за културата членот 69 одредува дека конфедерацијата може да подржува културни активности од национален интерес, дека во спроведување на своите задачи води сметака за културниот и јазичен плурализам, меѓутоа овој сектор е под надлежност на кантоните. Слободата на вера е загарантирана со членот 15 од Уставот од 1999 година, според кој секој има право слободно да ја избере сопствената религија и да пристапи кон одредена религиозна заедница. Членот 72 пак, одредува дека односот Држава - Црква е во надлежност на кантоните и изрично се одредува забрана за градење на минарињa. Статистичките податоци покажуваат дека 38% од населението во Швајцарија се католици, 26% протестанти, 5,7% припаѓаат на други христјански вери (православни, лутерни, англикани), 5% се муслимани, 1,7% припаѓаат во групата на други

[18] Georges Ludi, Iwar Warlen, *Censimento federale della popolazione 2000, Paesaggio linguistico in Svizzera,* Ufficio federale di statistica, Neuchatel, april 2005; pp.7-8; The Swiss Confederation; **https://www.bfs.admin.ch/bfsstatic/dam/assets/342038/master;** Accessed 01.06.2018

евангелисти (методисти, баптисти, анабаптисти, адвентисти и др), 1,5% припадници на други религии (евреи, будисти, индуси, сики) и 22% се оние кои се изјасниле дека не припаѓаат на ниедна религија[19].

2.2. Македонија

Според последниот попис одржан во 2002 година во Република Македонија вкупниот број на населението изнесува 2.144.550 жители, кое според етничкиот состав се состои од 64,18% македонци, 25,17% албанци, 3,85% турци, 1,78% срби, 2,66% роми, 0,84% бошњаци, 0,48% власи и 1,04% припадници на други етнички групи[20]. Во Преамбулата на Уставот на Република Македонија од 1991 година[21] се тргнува од историското културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање своја држава, а посебно од државно-правните традиции на Крушевската република и историските одлуки на АСНОМ и уставно-правниот континуитет на македонската држава како суверена република во Федеративна Југославија. Манифестот на АСНОМ содржи обраќања до: *македонскиот народ, македонци и македонки, браќа арнаути, турци и власи*, слично како на оној на Крушевската Република од 1903 година каде се употребуваат термините: *браќа земјаци, мили комшии, турци, арнаути и муслимани*, повикувајќи на соживот, како браќа на оваа земја, која постои од времето на дедовците и прадедовците, и заедничка борба за ослободување на Македонија од отоманската империја. Во првиот донесен Устав во 1946 година[22], во рамките на федерална Македонија, освен *македонскиот народ* се спомнуваат и *националните малцинства* (кои имаат право на слободен национален живот, право на заштита на културниот развој и користење на сопствениот јазик). Во текот на следните децении, ќе бидат донесени уште неколку устави и тоа: Уставот од

[19] Amelie de Flaugergeus, *Politiche e credenze religiose e spirituali in Svizzera, Primi resultati dell'indagine sulla lingua, la religione e la cultura 2014*, Ufficio federale di statistica (UST), 2016, p.6
https://www.bfs.admin.ch/bfs/it/home/statistiche/popolazione/rilevazioni/esrk.assetdetail.350459.html; Accessed 01.06.2018

[20] Статистички годишник на Република Македонија 2013, Државен завод за статистика на РМ; **http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PDFGodisnik2013/03-Naselenie-Population.pdf;** Accessed 02.05.2018

[21]Устав на Република Македонија од 1991 година;

[22] Член 2,Устав на Народна Република Македонија од 1946, Службен весник од НРМ, бр.32 од 25 ноември 1946;
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/7199AF77C28E4E0395A947EE0F996E00.pdf; Accessed 02.05.2018

1963 година со кој се воведува референцата *народности - национални малцинства* и се прошируваат нивните права во однос на застапеноста во државните органи, употребата на јазиците, развој во образованието, медиумите и друго. Потоа Уставот од 1974 година во кој се прави разлика помеѓу *народ, народности и етнички групи*, и се прецизираат и дополнуваат одредени права во однос на албанската и турската народност и правата и слободите на етничките групи[23]. Во Преамбулата на овој Устав се декларира дека македонскиот народ заедно со народностите ја создаваат Социјалистичка Република Македонија како *национална држава* на македонскиот народ и на албанската и турската народност во неа[24]. Оваа одредба претрпува измена со амандманот од 1989 година, според кој Македонија се конституира како држава на Македонскиот народ, во која се гарантира еднаквост, траен и мирен соживот со албанците, турците, ромите, власите и другите националности кои живеат во Македонија. Со донесување на Уставот од 1991 во Преамбулата се одредува дека Македонија се конституира како *национална држава* на македонскиот *народ* во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите *националности* кои живеат во Република Македонија, а со цел меѓудругото да се обезбеди мир и сожителство на македонскиот народ со националностите кои живеат во Република Македонија. Овој дел на Преамбулата беше изменет во 2001 година, со амандманот 4, со кој припадниците на малцинствата се дефинираат како *граѓани* кои живеат во границите на Македонија и се дел од албанскиот народ, турскот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ и бошњачкиот народ, кои заедно со македонскиот народ ја конституираат независна и суверена Македонија.

Во рамките на граѓанските и политички права и слободи, Уставот од 1991 година обезбедува еднаквост на правата и слободите на сите граѓани на Република Македонија, независно од полот, расата, бојата на кожата, социјалното и националното потекло, како и еднаквост пред Уставот и законите (член 9). Една од темелните вредности на Уставот е изразувањето на националната припадност (член 8), додека развојот и негувањето на сопствениот идентитет и националните особености се гарантира преку правото за слободно изразување и правото на настава на сопствениот јазик во основното и средното образование, како и преку правото на припадниците на националностите да основаат институции за изразување, негување и развој на

[23] Светомир Шкариќ, Споредбено и македонско уставно право, Матица, Скопје, 2004, p.399

[24] Светомир Шкариќ, Уставно право на СФРЈ, прва книга, Македонска книга, Скопје, 1986, p.138

сопствениот идентитет и култура (член 48). Со амандманот 8, со кој се замени членот 48, терминот националности се замени со терминот *заедници*, додека со амандманот 6 се дополни алинејата 2 од членот 8 со кој се воведе нова темелна вредност која се однесува на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и во другите институции на сите нивоа.

Во однос на јазикот членот 7 одредува дека македонскиот јазик и кирилско писмо е службен јазик во Република Македонија, но дека во единиците на локалната самоуправа во кои, како мнозинство живеат припадниците на националностите, во службена употреба покрај македонскиот јазик и кирилското писмо, можат да се користат и јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон. Овој член беше заменет со амандманот 5 кој одредува дека на целата територија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговотот кирилско писмо, а друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик покрај македонскиот јазик (за издавање на лични документи, во комуникација со министерствата, во органите на државната власт).

Во однос на верското прашање член 19 ја гарантира слободата на вероисповест и ја спомнува Македонската православна црква и други верски заедници и религиозни групи, без набројување на кои. Со точка 1 од амандманот 7 се заменува ставот 3 од членот 19 кој сега гласи: Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-Методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон. Во согласност со податоците од последниот попис од 2002 година, 64,8% од населението во Македонија се православни христијани, 33,3% се муслимани, 0,35% се католици, 0,03% се протестанти и 1,5% припадници на други верски заедници[25].

2.3. Споредба на двата модели (*конститутивен државен елемент и службеност на јазикот)*

Во швајцарскиот случај, иако во федералниот устав се сретнува терминот *Швајцарски народ*, истиот нема национално значење, туку се води од граѓанскиот принцип. Во уставот не постои етничка идентификација на населението туку само јазична. Се сретнува терминот *јазични заедници* и *автохтони јазични заедници* или *малнцинства* кои се однесува на помалку застапените јазични заедници: италијанската и ретороманската. Во македонскиот случај од уставната хронологија се забележува дека македонскиот народ е носител на конститутивниот елемент и дека Македонија

[25] Статистички годишник на Република Македонија 2013, *Op.cit*., note 19

е национална држава на македонскиот народ, со што се алудира на етничката припадност на населението и национално поврзување со државата. Секако дека од уставот не е занемарено и населението со друга етничка припадност кое во различни наврати е дефинирано како *народности, националности, етнички групи*, дури и со прецизирање дека македонската држава е *национална држава и на турската и албанската народност*. Со амандманите од 2001 година Уставот го промовира како граѓанскиот елемент, (граѓаните на Република Македонија) така и етничкиот елемент на припадност (народ и делови од народи), што значи дека се одредува точната етничка припадност на граѓаните на државата. Покрај ова се сретнуваат термините заедници, мнозински и немнозински заедници, кои се однесуваат на повеќезастапените односно македонскиот народ и помалку застапените односно деловите од народи.

Во однос на јазикот, швајцарскиот устав прави разлика помеѓу национални и службени јазици. Уставното одредување на национални јазици укажува кои се јазиците кои ги употребува швајцарскиот народ, па дури и за прибирање на статистички податоци не се поставува прашање *кој е вашиот мајчин јазик*, туку *на кој јазик се размислува и кој јазик најдобро се познава.* Со дефинирањето на службените јазици пак, се одредува кои јазици може да се употребуваат во комуникацијата во законодавните, извршните и судски федеративни органи, екстрапарламентарни комисии и за издавање на документи на федерално ниво[26]. Во однос на образованието на мајчин јазик и изучување на другите национални јазици, во швајцарскиот случај на национално ниво е усвоена јазична стратегија за изучување на два странски јазици во основното училиште, односно на англискиот јазик и еден од националните јазици кој не е мајчин. Стратегијата е усвоена од 22 кантони од вкупно 26 и секој кантон самостојно одлучува во изборот кој од двата странски јазици ќе отпочнат да се изучуваат во трето и петто оделение[27].

Во македонскиот случај постои еден службен јазик како за интерна употреба така и за употреба во меѓународните односи. За употреба на друг службен јазик постои услов од 20% застапеност како на нацинално ниво, така

[26] Федерален закон за националните јазици и разбирање помеѓу јазичните заедници, во сила од 01.01.2010; The Swiss Confederation; **https://www.admin.ch/opc/it/classified-compilation/20062545/index.html;** Accessed 26.04.2018

[27] Да се напомене дека во неколку наврати во Цирих, Тургау, Базел провинција, и Граубинден постоеше граѓанска иницијатива за отфрлање на изучувањето на два странски јазици во основното училиште, односно изучување на англискиот и отфрлање, заменување или поместување на изучување на јазикот во погорните одделенија на другиот конфедерален јазик. Ниедна од овие иницијативи не е изгласана позитивно.

и во единиците на локалната самоуправа[28]. Основното образование се одвива на македонски, албански турски и српски јазик, додека ромскиот и влашкиот јазик се изучуваат како дополнителни или факултативни предмети во паралелките каде постои интерес. Освен англискиот јазик кој се изучува од прво одделение од страна на сите ученици, изучување на македонскиот јазик е облигаторен за ученици припадници на заедниците кои наставата ја остваруваат на јазик различен од македонски и отпочнува од четврто одделение. Во средните училишта покрај настава на македонски јазик, постојат училишта и паралелки каде наставата се одржува на албански и турски јазик. Во високото образование на државно ниво наставата е обезбедена на македонскиот јазик и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од населението, односно на албански јазик.

3. Мултикултуралноста и улогата на јазикот на локално ниво

3.1. Мултијазични кантони и кантонот Тичино во Швајцарија

Од вкупно 26 кантони, во 17 кантони како службен јазик се употребува само германскиот јазик (кој е застапен во просек од 79,3% до 93,5% во различни кантони) во 4 кантони францускиот јазик (кој е застапен во просек од 75,8% до 90% во различни кантони), во 3 кантони германскиот и францускиот јазик (во Берн: 84% се употребува германски јазик, 7,6% француски јазик; во Фрибург 29,2% германски јазик, 63,2% француски јазик; во Вале 28,4% германски јазик, 62,8% француски јазик), во 1 кантон само италијанскиот јазик (кој е зборуван од 83,1% од населението), додека 1 кантон е тријазичен, во кои службени јазици се германскиот (68,3%), италијанскиот (10,2%) е ретороманскиот јазик (14,5%)[29]. Според статистичките податоци на истражувањето за *јазикот, религијата и културата* спроведено во 2014 година од страна на Федералната канцеларија за статистика[30], 39% од населението се изјасниле дека познава два јазици, 19% три јазици, 5% четири јазици, 1% пет јазици, додека остатокот од 36% употребуваат само еден јазик.

[28] Според овие одредби, покрај македонскиот јазик, како службени јазик се употребува и албанскиот јазик и тоа во Собранието, при комуникација со министерства, во управна и судска постапка, изборен процес, издавање на лични документи, водење на матична дејност, во радиодифузна дејност и во други области, како и јазиците на помалите заедници во општините каде се усвоени како службени

[29] Georges Ludi, Iwar Warlen, *Op.cit.*, note 17, p.23

[30] Amelie de Flaugergeus, *Pratiche linguistiche in Svizzera, Primi risultati dell'indagine sulla lingua, la religione e la cultura 2014*, Dipartimento dell'Ufficio federale di statistica, 2016, p.8; **https://www.bfs.admin.ch/bfs/it/home/statistiche/popolazione/rilevazioni/esrk.assetdetail.1000181.html;** Accessed 01.06.2018

3.1.1. Кантон Берн

Кантонот Берн е двојазичен кантон во кој национални и службени јазици се германскиот и францускиот јазик. Вкупното население на овој кантон изнесува 1.017.483 жители, (од кои 15,5% се странци) кои живееат во 351 општина[31]. Во Преамбулата на уставот на Берн[32] се вели дека *Народот* на кантонот Берн го носи Уставот, а во првиот член дека власта е во народот. Членот 48 одредува дека кантонот и општините ја промовираат културата и културните размени и во таа насока водат сметка за потребите на сите слоеви од населението и *мултиклултуралноста* на кантонот. Во членот 4 од Уставот кој е именуван „*малцинства„,* се вели: потребите на *јазичните, културните, регионалните малцинства* се земаат во предвид, и истите може да добиваат посебни придонеси. Членот 15 ја гарантира слободата на јазик, додека членот 6 одредува дека национални и службени јазици се германскиот и француски јазик и точно ги дефинира двојазичните административни региони и општини[33]. Според кантоналните одредби секој граѓанин во комуникацијата со надлежните органи на територијата може да се обрати на службениот јазик кој ќе го избере, а кантонот и општините водат сметка за посебни ситуации кои произлегуваат од двојазичноста.

3.1.2. Кантон Фрибург

Кантонот Фрибург е двојазичен кантон со вкупно население од 311.914 жители (од кои 22,4% се странци) кои живееат во 136 општини[34]. Во Преамбулата на Уставот на Кантонот Фрибург[35] се вели: „ние *народот* на

---

[31] Canton de Berne; http://www.be.ch/portal/fr/behoerden/gemeinden.html; Accessed 05.06.2018

[32] Устав на Кантон Берн во сила од 1 јануари 1995 година
The Swiss Confederation; **https://www.admin.ch/opc/it/classified-compilation/19930146/index.html#fn2;** Accessed 05.06.2018

[33] Службени јазици се: француски јазик во административниот регион Бернес Јура, германски и француски јазик во административниот регион Зеланд и во Биел/Биен, германскиот јазик во другите административни региони од Зеланд. Службени јазици во општините во административниот регион на Зеланд се: германски и француски за Општините Биел/Биенн и Леубрингне /Евилард, германски за останатите општини.

[34] Annuaire statistique du canton de Fribourg, 47 edition, Service de la statistique Sstat, декември 2017, стр.13
Etat di Fribourg; **http://www.fr.ch/sstat/files/pdf96/annuaire_internet_2018.pdf;** Accessed 05.06.2018

[35] Устав на Кантонот Фрибург; The Swiss Confederation; **https://www.admin.ch/opc/fr/classified-compilation/20042129/index.html;** Accessed 05.06.2018

кантонот Фрибург, понесени од желбата да ја живееме нашата *мултикултуралност* со взамено разбирање...„. Членот 17 ја гарантира слободата на јазик и употреба на било кој од службените јазици во комуникација со надлежните власти. Член 6 одредува дека францускиот и германскиот јазик се службени јазици и дека нивната употреба е уредена преку принцип на територијалност, дека државата и општините се грижат за традиционална територијална поделба на јазиците и ги земаат во предвид *автохтоните јазични малцинства*. Државата ги промовира односите помеѓу националните *јазични заедници*, размената, разбирањето и двојазичноста. На општинско ниво службен јазик е или францускиот или германскиот, а во општините каде постои значајно автохтоно јазично малцинство, двата јазици и францускиот и германскиот јазик може да се употребуваат како службени јазици.

3.1.3. Кантон Вале

Кантонот Вале е двојазичен кантон со вкупното население од 339.176 жители, (од кои 23% се странци) кои живееат во 141 општини[36]. Уставот на Вале[37] почнува со: „Во име на семоќниот Господ„„ додека во членот 1 се одредува дека суверенитетот припаѓа на народот. Членот 12 одредува дека германскиот и францускиот јазик се признаени како национални јазици и дека истите треба да имаат еднаков третман како законски, така и административно. Уставот обврзува познавање на двата службени јазици од страна на судските членови на кантонот (член 62).

3.1.4. Кантон Граубинден

Вкупното население на кантонот Граубинден изнесува 196.610 жители (од кои 18,3% се странци) кои живееат во 158 општини[38]. Преамбулата на Уставот на Граубинден[39] почнува со: „Ние *народот* на Кантонот Граубинден... со намера да ја промовираме тријазичноста и различноста на културите, да ги

[36]Canton du Valais; **https://www.vs.ch/web/acf/tableau;** Accessed 05.06.2018

[37] Устав на Кантон Вале во сила од 2 јуни 1907 година; The Swiss Confederation; **https://www.admin.ch/opc/it/classified-compilation/19070006/index.html;** Accessed 05.06.2018

[38] Cantone di Grigioni; **https://www.gr.ch/IT/Seiten/welcome.aspx;** Accessed 05.06.2018

[39] Устав на Кантон Граубинден, во сила од 1 јануари 2004 година; The Swiss Confederation; **https://www.admin.ch/opc/it/classified-compilation/20032486/index.html#a9;** Accessed 05.06.2018

зачуваме како дел од историското наследство...го донесуваме Уставот". Членот 3 од Уставот го уредува јазичното прашање одредувајќи дека три рамноправни и службени јазици во кантонот се германскиот, италијанскиот и ретороманскиот, дека се води сметка за традиционалниот јазичен состав и автохтоните јазични малцинства, дека кантонот и општините ги поддржуваат и ги преземаат неопходните мерки за заштита и промовирање на ретороманскот и италијанскиот јазик и воедно дека се промовира разбирањето и вземната размена меѓу јазичните заедници. Општините ги утврдуваат службените јазици како и јазиците кои се употребуваат во образованието. Од 1996 година ретороманскиот јазик е парцијално службен јазик во Конфедерацијата. Членот 90 одредува дека кантонот промовира културна размена земајќи ги во предвид мултијазичноста и регионалните карактеристики.

3.1.5. Кантон Тичино

Тичино службено не е мултијазичен кантон и за разлика од другите кантони во него се употребува само италијанскиот јазик. Вкупното население на кантонот Тичино изнесува 351.946 жители (од кои 27,7% се странци) кои живееат во 130 општини, во 5 региони, односно 8 дистрикти[40]. Населението на овој кантон изнесува 4,2% од вкупното население. Преамбулата на Уставот на Тичино[41] почнува со: „Тичинскиот *народ*...верен на историската задача да ја интерпретира италијанската култура во Хелветската конфедерација...го донесува следниот Устав,,. Членот 1 од Уставот одредува дека Тичино е демократска република со италијанска култура и јазик. Членот 2 одредува дека суверенитетот е во универзалноста на граѓаните, додека членот 7 одредува дека никој не треба да биде привилегиран или запоставен врз основа на потекло, раса, социјална, позиција, религиско, филозофско и политичко убедување или заради здравствена состојба.

3.2. Мултикултурни општини во Македонија

Во Македонија 832.184 жители или 41,14% од вкупното население живеаат на една третина од територијата во општини со мешан етнички состав. Мнозинство од населението во овие мешани општини е составено од

[40] Annuario statistico ticinese 2017, 78ma annata, Ufficio di statistica, 2017, стр.23 Repubblica e Cantone Ticino; **https://www3.ti.ch/DFE/DR/USTAT/allegati/volume/131821annuario_2017_20170313.pdf;** Accessed 07.06.2018

[41] Устав на Република и Кантон Тичино, во сила од 1 јануари 1998 година; The Swiss Confederation; **https://www.admin.ch/opc/it/classified-compilation/20012210/index.htm;** Accessed 05.06.2018

припадниците на албанската заедница кои претставуваат 57,5%, додека македонците се застапени со 28,44%, припадниците на турската заедница со 5,94%, припадниците на ромската заедница со 3,53%, припадниците на српската заедница со 1,85%, припадниците на влашката заедница со 1,39% и припадниците на бошњачката заедница со 0,25%[42]. Со донесувањето на Законот за територијална организација на локалната самоуправа на РМ, кој произлезе како резултат на одредбите на ОРД, територијата беше поделена на 84 општини и градот Скопје, од кои 32 општини се со мешано етничко население. Во 16 од овие општини според територијалната поделба од 2004 година мнозинството на населението беше составено од припадниците на албанската заедница, во 2 општини од турската заедница, а во 1 општина од ромската заедница. Според Законот за употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на РМ и во единиците на локалната самоуправа во 24 од овие општини и 4 од градот Скопје, покрај македонскиот јазик, како службен јазик е признаен и албанскиот јазик. Турскиот јазик како втор службен јазик се употребуваше во 4 општини, ромскиот јазик беше трет официјален јазик, заедно со македонскиот и албанскиот во 1 општина, додека српскиот јазик беше трет официјален јазик, после македонскиот и албанскиот во 1 општина. Во 2013 година бројот на општини беше намален на 80, како резултат на инкорпорирање на 4 општини во општината Кичево. Оттука бројот на мешани општини се намали на 31, од кои во 27 албанскиот јазик се употребува како службен јазик, покрај македонскиот јазик. Законска обврска за употреба на турскиот јазик е предвидена во 3 општини, но истиот е дополнително воведен како службен во 5 општини. Српскиот јазик е службен јазик во 1 општина, а е воведен уште во 1 општина. Ромскиот јазик е во службена употреба во 1 општина, а дополнително иако законски не обврзувачки заедно со српскиот е воведен уште во 1 општина. Влашкиот и Бошњачкиот јазик, иако законски не обврзувачки се воведени како службени во 1 општина секој. Оттука тоа значи дека од вкупно 31 општини, во 22 се употребува јазик од една немнозинска заедница, во 7 се употребуваат јазици од две немнозински заедници, а во две општини се употребуваат дури три јазици од немнозинските заедници[43]. Во 8 општини пак како службени се воведени и јазиците на немнозинските заедници кои се помалку од 20% од населението во тие општини. Службеноста на јазиците различен од македонскиот подразбира негова употреба во советите, во комуникација на

[42] Јован Близнаковски, *Локални јазични политики за немнозинските заедници, можности за поефективна имплементација*, Институт за демократија Социетас Цивилис-Скопје, Април 2014, Институт за развој на заедницата; **http://komz.mk/uploads/ljp-nemnozinski-zaednici-mkd.pdf;** Accessed 03.05.2018

[43] Ibid, стр.23-24

граѓаните со органите и телата, јавните претпријатија, при публикување на службени гласници, јавни известувања, пишување на табли на општински згради, патни знаци, имиња на улици и инфраструктурни објекти.

3.3. Споредба на двата модели (*мултикултурноста и улогата на јазикот на локално ниво*)

Во Швајцарија постои кантонална поделба со автономно управување и посебни устави и закони во секој кантон, додека во македонскиот случај постои територијална општинска поделба со локална самоуправа. Конституирањето и управувањето на кантоните се води од Уставното уредување и законски регулативи, додека во македонскиот случај општините се водат од законските регулативи. Уставот на кантоните одредува кој е народот на кантоните и најчесто го поистоветува со името на кантонот не правејќи разлика по етничка припадност. Во уставите точно се одредува кои се службени јазици на кантонално ниво, но во однос на нивната употреба не постојат строго дефинирани принципи за одредување на вториот или третиот службен јазик. Во Уставот на Берн на пример точно се определува кои општини и административни региони се двојазични, додека во уставот на Фрибург се вели дека нивната употреба е уредена преку принцип на територијалност. Од процентуалната застапеност во мешаните кантони може да се забележат различни соодноси: на пример во Берн само 7,6% од населението зборува француски наспроти 84% кое зборува германски, во останатите два двојазични кантони соодносот е скоро двоен помеѓу францускиот и германскиот јазик, додека во три јазичниот кантон најзастапен е германскиот јазик, додека италијанскиот е ретороманси со помала процентуалност од 10 и околу 15%. Во кантонот Тичино иако мнозинството на населението се Италијанци, кантонот се конституира како кантон на Тичинскиот *народ* кој има задача да ја интерпретира италијанската култура во Швајцарската конфедерација итн.

Во македонскиот случај територијалната организација на локалната самоуправа спроведена во 2004 година, иако формално не се водеше од етничкиот елемент, за идниот состав на општините, во предвид беа земени и се почитуваа одредбите од Охридскиот рамковен договор за создавање на мултикултурни општини, а со цел учество на сите заедници во политичкиот живот и употреба на мајчините јазици и развој на културата на немнозинските заедници. Основните закони по кои се уредува локалната самоуправа се оние кои се однесуваат на локалната самоуправа, локални избори, територијалната организација, употреба на јазиците и други. Мешаноста на општините се определува преку процентуалната застапеност на населението што претставува и услов за употреба на службените јазици во општината и

Не менее важен и показатель времени принятия решения об отказе от участия в голосовании — заранее — задолго до даты выборов, за несколько дней, непосредственно в день голосования. Если вспомнить о классической «воронке причинности», предложенной «мичиганской четверкой», то легко соотнести первый вариант с устойчивой моделью абсентеизма, а два последних — с ситуативным, когда значимыми причинами отказа от голосования оказывается список участников выборов, ход избирательной кампании (ее «чистота», наличие избирательной интриги, удовлетворяющего избирателей списка участников выборов, особенностей политической коммуникации в малой социальной группе избирателя и т.д.)

Абсентеизм студенческой молодежи

По итогам проведенного опроса с учетом поправочных коэффициентов наиболее вероятная явка студентов СПбГУ на выборы в марте 2018 г. составила только 39%. 61% проигнорировали эти выборы. Конечно, не всех этих людей следует относить к устойчивым абсентеистам. В качестве устойчивых абсентеистов можно обозначить тех, кто проигнорировал не только выборы 2018 г., но не ходил на выборы и раньше, имея право голосовать. Таких — 36,5% от числа опрошенных. Таким образом, к устойчивым абсентеистам следует отнести не менее трети студенческой молодежи. Наибольшую электоральную активность проявляют студенты, изучающие социальные науки (политология, социология, международные отношения, журналистика и PR). Самая низкая электоральная активность у студентов, представляющих естественные и точные науки (математики и прикладные математики, физики, биологи, медики, стоматологи), а также искусствоведческие специальности. Более активны в электоральном плане девушки, те, кому только что исполнилось 18 лет, студенты младших курсов бакалавриата, проживающие в настоящее время со своими родителями в отдельной квартире в Санкт-Петербурге. Наибольшую склонность к электоральному абсентеизму проявляют наименее обеспеченные в

материальном отношении студенты, приехавшие в мегаполис из другого региона Северо-Запада России и проживающие в общежитиях.

Вопреки существующим теориям «активности первого голосования» (согласно этой теории, электоральная активность людей, которые первый раз получили возможность выполнить свой гражданский долг, более высока, чем во время второго или третьего голосования), студенты, которые только первый раз получили такое право, отнюдь не склонны им воспользоваться; они склонны говорить, что не пойдут на выборы или затрудняются ответить. Эта закономерность не касается тех, кому исполнилось 18 лет совсем недавно. У нас есть все основания полагать, что студенты с разным уровнем электоральной активности — и активные избиратели, и абсентеисты — не чувствуют себя «изгоями» (эффект «спирали молчания», согласно теории Э. Ноэль-Нойман), не имеющими группу поддержки; наоборот, они ощущают себя людьми, типичными для «своей» группы. Эти группы сформировались, они устойчивы.

В сознании студентов мотивы отказа других людей от участия в голосовании (вопрос задавался о «третьих лицах») четко локализуются в трех группах (выделены на основе результатов факторного анализа, расположены по степени убывания значимости): а) недоверие к существующей политической системе, неспособной представлять личные интересы граждан; б) индифферентное отношение к личному участию в голосовании на фоне в целом лояльного отношения к политической системы своей страны; в) отсутствие интереса к политике и выборам в частности.

В отношении мотивов электорального абсентеизма студентов необходимо говорить о комплексности причин отказа студентов от голосования. Анализ показал, что самым значимым мотивом отказа от голосования у студентов является недоверие процедуре выборов и результатам подсчета голосов. Наблюдается демонстративный абсентеизм как способ декларации: негативного отношения граждан к проводимой в стране политике; неверия в возможность изменить хоть что-то; отсутствия возможности проголосовать за «своего» политика; убежденности в абсолютном игнорировании политиками интересов и потребностей простых людей; осознания того, что «их» партия или политик не имеет шансов на прохождение.

Самым мощным является фактор, фиксирующий целый комплекс осознанных мотивов отказа от голосования. Он включает, во-первых, осознание максимального отчуждения политической элиты страны от граждан, во-вторых, недоверие институционализированным практикам голосования, в-третьих, ощущение особенности своих политических предпочтений, которые не разделяет большинство населения страны. Второй фактор объединил стандартные отговорки равнодушных к политике людей,

зацикленных на своей частной жизни: плохое самочувствие, отсутствие времени и достаточной информации о выборах, убежденность в том, что за «нужных» партию или кандидата и так проголосует достаточно людей. Эта группа мотивов явно типична для архаичного типа политического сознания. Третий фактор объединяет такие мотивы отказа от голосования, как прямое признание отсутствия интереса к политике, непонимание значения выборов или убежденность в том, что институт выборов России в принципе не нужен.

Полученные результаты важны, поскольку методические эксперименты показывают, что люди чаще всего, говоря о третьих лицах, переносят на них свои собственные убеждения. Таким образом, с высокой степенью вероятности можно утверждать, что абсентеизм студентов СПбГУ является осознанным и связан с неприятием сложившихся в стране политических практик и с негативным восприятием студентами моделей публичного поведения политической элиты.

Что в таком случае толкает людей участвовать в выборах? При выполнении факторного анализа удалось выявить 2 основных фактора, связанных с оппозициями отношения к изменениям в стране («реформизм» – «традиционализм») и собственно мотивом прихода на избирательные участки («интерес» – «долг»). Наличие оппозиций в рамках одного фактора фиксирует осознание одинаковой значимости компонентов этих факторов. Первый фактор (он наиболее существенный) объединил такие мотивы, как голосование в соответствии с традицией своей семьи или «за кампанию» против осознанного стремления проголосовать за «своего кандидата» и устраивающего избирателей политика. Второй фактор зафиксировал «уходящую натуру» — голосование из чувства долга как антипод отношения к выборам как некой игре с неизвестным результатом, где интересен сам процесс противоборства, или как к «модной», популярной модели поведения.

11,5% опрошенных студентов убеждены, что у них нет никаких политических взглядов. Еще 14,6% предпочли уклониться от ответа на вопрос, что фактически может интерпретироваться как отсутствие саморефлексии по этому поводу. Таким образом, каждый четвертый студент СПбГУ политически индифферентен. Самый частотный ответ — либеральные политические взгляды — 24,7%, тоже почти каждый четвертый. 21,9% полагают, что у них смешанные политические взгляды, 10,3% — социал-демократические, 5,3% — консервативные, 3,3% — коммунистические, 3,2% — анархистские. Еще 3,7% попытались обозначить свои взгляды иным образом.

Представленные в таблице данные свидетельствуют, что считающие себя аполитичными студенты игнорируют выборы. Б*о*льшую склонность к участию в выборах проявляют молодые люди, которые оценивают свои взгляды как консервативные и социал-демократические. Считающие себя носителями смешанных политических взглядов студенты относятся к группе

колеблющихся по поводу своего участия в выборах; они принимают участие в голосовании непосредственно перед выборами, т.е. их можно охарактеризовать как неустойчивую в электоральном отношении группу, скорее, пассивную. Самый интересный случай — студенты с самооценкой своих взглядов как либеральных. Поскольку они пропорционально представлены во всех группах — среди тех, кто пойдет и не пойдет голосовать, — то здесь мы имеем дело также с «ситуативным» электоратом, которые могут игнорировать на выборы, но также и принять в них участие, голосуя за любого кандидата или партию, которые позиционируют себя как либералов.

Таблица. Самооценка политических взглядов студентов и их намерение участвовать в президентских выборах 2018 г. (% по строке)

	Анархистские	Коммунистические	Консервативные	Либеральные	Националистически	Социал-демократические	Смешанные (из названных выше)	Не имею политических	Затрудняюсь ответить	Другие	Всего
Я точно пойду голосовать	1,3 -2,4	3,6	7,9 2,6	27,2	0,8	13,6 2,4	23,4	4,9 -4,5	12,9	4,3	100,0
Я, скорее всего, пойду голосовать	3,5	3,8	5,5	24,6	1,3	10,7	24,9 1,6	10,4	12,1 -1,6	3,2	100,0
Скорее всего, я голосовать не пойду	2,7	2,2	5,2	27,6	2,0	9,2	20,0	13,2	15,7	2,2 -1,6	100,0
Я точно не пойду голосовать	4,9 2,2	3,2	3,6 -1,7	25,9	2,3	8,7 -	16,7 -2,5	16,9 3,7	12,0 -1,6	5,7 2,3	100,0
Затрудняюсь ответить	3,7	3,1	3,9	16,2 -3,3	1,0	8,4	24,3	13,1	23,5 4,5	2,9	100,0

Всего	81	82	13 4	621	37	259	552	290	368	94	2518

Примечание: Вторая цифра в ячейке — статистически значимые стандартизованные остатки, которые показывают предрасположенность групп действовать определенным образом.

В ходе опроса был задан открытый вопрос о политиках, которые выражают взгляды респондента. 59,3% опрошенных респондентов просто не дали никакой ответ на этот вопрос. В данном случае отсутствие ответа можно интерпретировать как представление об отсутствии персонифицированной политической идентичности у студентов или неактуальность данного вопроса для них, отсутствие саморефлексии по этому поводу. Кроме того, около 7% студентов специально подчеркнули отсутствие таких близких и значимых политиков. Итак, практически 2/3 студентов не имеют в своем сознании образа политика, который выражал бы их интересы, был бы близок по политическим взглядам.

Треть опрошенных все же назвала «своего» политика. Среди названных фамилий присутствовали почти все кандидаты на пост президента РФ в 2018 г., хотя упоминания М. Сурайкина и С. Бабурина были единичными. Самый частотный ответ среди кандидатов на пост президента — В.В. Путин (вторая позиция среди кандидатов — у К. Собчак, третья — у П. Грудинина). С учетом того, что эти фамилии называли преимущественно те студенты, которые высказали готовность участвовать в выборах, можно говорить о сформированной, устойчивой модели электорального поведения и выраженных политических предпочтениях. Однако представлять эти данные в процентном отношении нецелесообразно. Но самым частотным среди названных фамилий был ответ, не связанный с образом кандидатов на пост президента, а А. Навальный (в том числе использовались и эвфемизмы типа «желтая уточка»). Частотность всех других ответов, за исключением Лимонова, была единичной. Назывались как реальные политики федерального и регионального уровня (Лавров, Гудков, Амосов, Вишневский, Лимонов, Милонов, Баков, Ройзман, Прохоров), так и персоны, имеющие отношение к сфере религии (Будда, Далай Лама), к миру бизнеса (Илон Маск, Прохоров), к профессиональной журналистике (Парфенов, Светов), к шоу-бизнесу (Шнуров, Бузова).

Отдельной исследовательской задачей было обнаружение социальных сетей, связанных с коммуникацией по поводу выборов и электоральными намерениями студентов. Анализ показал очень неравномерное использование различных социальных сетей и интернет-ресурсов, которые могут быть как источником коммуникации, так и распространения информации на

политические предвыборные темы. Самыми популярными являются следующие: Вконтакте (88,9%) — лидер; далее следуют YouTube (66,1%), Instagram (59,7%), WhatsApp (58,9), Telegram (55,5%). Затем со значительным отрывом идут Skype (43,3%), Facebook (32,3%), Viber (27,9), Twitter (24,7%). Массмедиа-аутсайдерами являются Tumblr (7,7%), Мой мир (5,5%), Linkedln (4,4%), Одноклассники (3,6%), Flickr (1,7%). В полученных результатах неожиданно низкими оказались показатели использования Twitter и Facebook. Следует обратить особое внимание на закрытый канал Telegram, который используют больше половины студентов и который исключительно подходит для оперативной передачи информации без возможности перехвата ее третьими лицами.

Многомерное шкалирование (Рисунок) показало типичные совместное использование различных интернет-ресурсов и каналов связи студентами СПбГУ. Вконтакте является самым популярным ресурсом, его чаще всего используется совместно с YouTube и Skype. Чаще всего студенты, использующие Facebook, одновременно используют и Viber. Очень часто используются одними и теми же студентами WhatsApp, Telegram, Instagram.



Рисунок. Многомерное шкалирование использования студентами интернет-ресурсов и каналов связи

Попытка установить зависимость между участием в выборах и использованием каналов с использованием процедуры расчета стандартизованных остатков для комбинированных таблиц показала наличие связи лишь для некоторых из них, а именно: Telegram (13,3% студентов используют этот канал и проявляют высокую электоральную активность; стандартизованный остаток равен +2,5), Instagram (14,5% студентов используют этот канал и проявляют высокую электоральную активность; стандартизованный остаток равен +2,8), Skype (10,3% студентов СПбГУ

используют этот канал и активно участвуют в выборах; стандартизованный остаток равен +2,0), Twitter (6,0% студентов СПбГУ используют этот канал и ходят на выборы; стандартизованный остаток равен +1,8).

В отличие от думских выборов 2011 г. и президентских выборов 2012 г., сеть Вконтакте перестала быть доминирующей средой электоральной мобилизации/демобилизации студентов. Вопреки ожиданиям, уровень коммуникации в открытых и закрытых интернет-сообществах не влияет существенным образом на намерение студентов прийти на выборы. Число студентов, предпочитающих обсуждать предвыборную тематику в закрытых или открытых сообществах, различается несущественно; не выявлено статистических связей, которые говорили бы о влиянии этих групп на электоральное поведение. Вероятнее всего, это связано со стереотипным представлением студентов о понятии «открытые» и «закрытые» группы в привязке к сети Вконтакте. Просмотр канала YouTube (а именно он очень популярен с точки размещения различного рода демотиваторов в предвыборный период) не определяет намерения студентов прийти на выборы или проигнорировать их.

Однако следует признать, что интернет-среда является важным каналом для коммуникации на предвыборную тему и электоральной мобилизации; те, кто читают материалы в интернете и/или читают и обсуждают их, склонны точно участвовать в выборах. Среди тех, кто совершенно определенно заявил о своих намерениях проголосовать 18 марта, только 17% не интересуются материалами на политическую тематику в сети, все остальные получают информацию или обсуждают ее онлайн.

Вместо заключения

Проблема абсентеизма молодежи активно обсуждается в научной литературе. Однако повышенное внимание к определенной практической или теоретической политической проблеме не только способствует глубинному ее изучению, но может порождать и массу спекуляций вокруг конкретной темы. Проблема абсентеизма молодежи в этом смысле не исключение. Наивно думать, что разъяснение онлайн или офлайн значения института выборов для функционирования политической системы государства, равно как и попытка отождествить наличие института выборов с демократическим характером политического режима, столь привлекательным для молодежи, может быть эффективно использовано как средство повышения явки на выборы студентов.

Столь же наивными представляются и взгляды некоторых исследователей, которые пытаются соотнести участие в голосовании с показателями высокой политической/электоральной культуры. Достаточно

вспомнить характеристики политических субкультур в не отвергнутой до сих пор научным сообществом теории Г. Алмонда и С. Вербы, а также в ее модификациях, в которых наряду с архаичной, партисипантной и активистской субкультурами выделяется субкультура наблюдателей и еще нескольких вариантов, чтобы понять, насколько несостоятельными являются заявления о том, что только люди с низкой политической культурой пополняют ряды электоральных абсентеистов.

В российских политологических журналах появился пул статей с практическими рекомендациями по повышению явки молодежи на выборы, такими как, например, проведение яркой предвыборной кампании, использование технологии драматизирующей альтернативы («голосуй или проиграешь»)[4] и т.д. Более эффективными методами могут стать изменение федерального закона о выборах (возможность формирования предвыборных блоков, увеличение числа прямых выборов на локальном и региональном уровнях (отказ от назначения сити-менеджеров и практики избрания главы исполнительной власти в регионе депутатским корпусом, уменьшение числа «фильтров» в процедуре выдвижения кандидатов на пост губернатора)), создание действующей системы обратной связи «народ–власть», усиление политической конкуренции и возможность реального выбора избирателями в электоральных кампаниях.

ЛИТЕРАТУРА

Алексеев Р.А., Абрамов А.В. Электоральный абсентеизм в России и способы его преодоления (на материалах президентских выборов 2000–2012 гг.) // Вестник Московского государственного областного университета (электронный журнал). 2016. № 4. С. 1–18.

Баскакова Ю.М. «Мы эту власть не выбирали»: абсентеизм на выборах 2011–2012 гг. // Мониторинг общественного мнения. 2012. № 5. С. 5–15.

Lijphart A. Unequal participation: democracy's unresolved dilemma // American Political Science Review. 1997. N 91 (1). P. 1–14.

[4] Алексеев Р.А., Абрамов А.В. *Электоральный абсентеизм в России и способы его преодоления (на материалах президентских выборов 2000–2012 гг.)* // Вестник Московского государственного областного университета (электронный журнал). 2016. № 4. С. 10.

Tilly C. Inequality, democratization and de-democratization // Sociological theory. 2003. Vol. 21. N 1. P. 37–43.

Петар Поп-Арсов
М-р, Амбасадор
Постојана Мисија на Република Македонија
при Советот на Европа во Стразбур
ppoparsov@yahoo.com

УДК.341.645:341.231.14.071.2(4-672ЕУ)

ВЛИЈАНИЕТО НА РЕФОРМИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВРЗ ЗАЈАКНУВАЊЕТО НА ЕФИКАСНОСТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Апстракт

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) е најпознатата и можеби најуспешната институција на Советот на Европа (СЕ). Во рамки на СЕ постои неформално мислење дека Судот претставува „жртва“ на сопствениот успех. ЕСЧП во континуитет се соочува со зголемен прилив на апликации од страна на европските граѓани, во кои се посочува на повреди на човековите права. Ваквата појава наметна потреба од спроведување на ефикасни реформи, како во самата Европска конвенција за човекови права (ЕКЧП), така и во начинот на функционирање на ЕСЧП. Овој труд ги анализира ефектите од реформите кои се спроведуваат години наназад во однос на основниот текст на ЕКЧП, со фокус на модалитетите и ефикасноста во функционирање на Судот, како и во однос на целокупниот систем поврзан со заштитата на човековите права. За таа цел, посебен осврт е направен на содржината на декларациите кои произлегуваат од Конференциите на високо ниво, организирани од страна на одредени земји членки за време на нивното претседавање со Комитетот на министри. Во тој контекст, овој труд ги анализира декларациите кои што произлегуваат како резултат на Конференциите на високо ниво во Интерлакен, Измир, Брајтон, Брисел и Копенхаген. Исто така, трудот ја посочува и конференцијата од Скопје, организирана за време на македонското претседателство со Комитетот на министри. За истата цел и во истиот контекст, трудот ги користи дополнителните протоколи на ЕКЧП, особено нивната содржина, процесот на нивното усвојување и стапување на сила, како и значењето и ефектите што го имаат врз зголемувањето на ефикасноста во работењето на ЕСЧП и целокупниот систем на заштита на човековите права.

***Клучни зборови**: ЕКЧП, ЕСЧП, Декларација, Протокол, Ефикасност.*

Petar Pop-Arsov, MSc
Ambassador
Permanent Mission of the Republic of Macedonia to the Council of Europe in Strasbourg
ppoparsov@yahoo.com

THE IMPACT OF THE REFORMS OF THE EUROPEAN CONVENTION ON HUMAN RIGHTS ON STRENGTHENING THE EFFECTIVENESS OF THE EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS

Abstract
The European Court of Human Rights (ECtHR) is the most famous and perhaps the most successful institution of the Council of Europe (CoE). Within the CoE, there is an informal opinion that the Court is a "victim" of its own success. The ECtHR has been continuously facing an increasing influx of applications by European citizens pointing to human rights violations. This phenomenon has necessitated the implementation of effective reforms, both in the European Convention on Human Rights (ECHR) and in the modalities of functioning of the ECtHR. This paper analyzes the effects of reforms that have been implemented over the years, with regard to the basic text of the ECHR, with a focus on the efficiency of the functioning of the Court as well as the overall system related to the protection of human rights. To that end, a special review is made of the content of the declarations arising from high level conferences organized by certain Member States during their chairmanship of the Committee of Ministers. In this context, this paper analyzes the declarations that arise as a result of high-level conferences in Interlaken, Izmir, Brighton, Brussels and Copenhagen. Also, the paper points to the conference in Skopje, organized during the Macedonian Chairmanship of the Committee of Ministers. For the same purpose and in the same context, the paper uses the additional protocols to the ECtHR, in particular their content, the process of adoption and the entry into force, as well as the importance and effects they have on increasing the efficiency of the functioning of the ECHR and the entire system of protection of human rights.

***Key words**: ECHR, ECHR, Declaration, Protocol, Efficiency.*

Вовед

По основањето на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП или Судот)[1] во 1959 година, земјите членки на Советот на Европа (СЕ)[2] усвоија бројни протоколи кон Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП или Конвенцијата)[3], со цел подобрување и зајакнување на нејзиниот надзорен механизам. Во 1998 година, Протоколот 11[4] ја замени[5] оригиналната двостепена структура на ЕКЧП, со што беше овозможено директно поднесување на жалби (апликации) до ЕСЧП.

Позитивните резултати кои што го постигна Судот, придонесе истиот да стане жртва на сопствениот успех. Значителното зголемување на бројот на апликации, како и големиот број на заостанати апликации (pending application) пред Судот, ја наметна потребата од втората голема реформа. Оваа реформа суштински започна уште во 2004 година со усвојувањето на Протоколот 14[6], а можност за имплементација доби со неговото влегување во сила во 2010 година. Суштинската цел на оваа реформа се состоеше во потребата од намалување на бројот на заостанати предмети, постигнување на рамнотежа помеѓу бројот на поднесените апликации со бројот на пресудите и ефикасно извршување на судските пресуди. Со Протоколот 14 се продолжува мандатот на судиите на 9 години; се воведува Регистар на Судот; се востановуваат структури на Судот како што се судијата поединец, одбори, судски совети и голем судски совет; воспоставува нови, заострени критериуми за прифатливост на жалбите; овозможува Комесарот за човекови права (КЧП)[7] да учествува како трета страна во судските процеси; поттикнува постигнување на пријателско решение на споровите; укажува на задолжителното извршување на пресудите и овозможува враќање на предметот од страна на Комитетот на министри (КМ)[8] на СЕ на повторно разгледување од страна на Судот за утврдување дали земјата членка ги исполнила сопствените обврски; овозможува ЕУ да пристапи кон ЕКЧП.

[1] ЕСЧП. (04.05.2018)https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=home&c=
[2] СЕ. (04.05.2018)https://www.coe.int/en/web/portal/home
[3] ЕКЧП. (04.05.2018)https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf
[4] Протокол 11. (04.05.2018)
https://www.echr.coe.int/Documents/Library_Collection_P11_ETS155E_ENG.pdf
[5] Boyle. K., The European Experience: The European Convention on Human Rights, Victoria University of Wellington Law Review, 40, 2009, pg. 170-171. (04.05.2018) http://www.austlii.edu.au/nz/journals/VUWLawRw/2009/10.pdf
[6] Протокол 14. (04.05.2018)
https://www.echr.coe.int/Documents/Library_Collection_P14_ETS194E_ENG.pdf
[7] КЧП на СЕ. (04.05.2018)https://www.coe.int/en/web/commissioner/the-commissioner
[8] КМ на СЕ. (04.05.2018)https://www.coe.int/en/web/cm/home?desktop=true

Во 2010 година започна Интерлакен процесот[9] и од тогаш се одржаа пет конференции на високо ниво за иднината на Судот. Конференциите беа свикани за да се идентификуваат средствата за гарантирање на долгорочната ефективност на системот на Конвенцијата и подобрување на ефикасноста на Судот. Овие конференции доведоа до усвојување и стапување во сила на Протоколите 15 и 16.

Протоколот 15[10], усвоен во 2013 година, упатува на принципот на супсидијарност и доктрината на маргината на проценка во преамбулата на Конвенцијата. Исто така, го намалува од 6 до 4 месеци времето во кое треба да се поднесе жалба до Судот по конечната пресуда на националните судови. Истата година беше усвоен и Протоколот 16[11], кој стапува на сила на 1ви август 2018. Протоколот 16 ќе им овозможи на највисоките домашни судови да побараат од ЕСЧП да даде советодавни мислења за прашања кои се однесуваат на толкувањето или примената на правата и слободите дефинирани во Конвенцијата и дополнителните протоколи.

1. Конференции и декларации

1.1. Конференција во Интерлакен

Првиот значаен чекор во спроведувањето на процесот на реформи е одржувањето на Конференцијата на високо ниво во Интерлакен на 18 и 19 Февруари 2010 година, на иницијатива на Швајцарија за време на нејзиното Претседателство[12] со КМ. Целата на Конференцијата беше да се иницира дискусија која ќе го детерминираат правецот во кој што треба да се движи СЕ, со цел подобрување на ефикасноста на ЕСЧП, како и на механизмите за ефективна имплементација на обврските од ЕКЧП од страна на земјите членки на СЕ.

На Конференцијата беше изразена длабока загриженост поради зголемување на бројот на индивидуални апликации поднесени пред Судот, а особено поради разликата помеѓу поднесените апликации и апликациите по кои се постапува. Беше констатирано дека ваквата состојба предизвикува

[9] Интерлакен процес. (04.05.2018)http://www.europewatchdog.info/en/court/interlaken-process/
[10] Протокол 15. (04.05.2018)
https://www.echr.coe.int/Documents/Protocol_15_ENG.pdf
[11] Протокол 16. (04.05.2018)
https://www.echr.coe.int/Documents/Protocol_16_ENG.pdf
[12] Швајцарско претседателство со КМ. (05.05.2018)
http://www.europewatchdog.info/en/council-of-europe-and-switzerland/swiss-chairmanship/

сериозна штета на ефективноста и кредибилитетот на ЕКЧП и нејзиниот надзорен механизам. Ова претставува закана, како за квалитетот и конзистентноста на праксата, така и за авторитетот на ЕСЧП. На Конференцијата беше заклучено дека е неопходно да бидат превземени мерки со цел:

- да се постигне рамнотежа помеѓу бројот на поднесените апликации со бројот на пресуди и одлуки донесени од страна на ЕСЧП;
- да се овозможи ЕСЧП да го намали заостатокот на предмети и да одлучува по нови случаи во разумен рок, особено за оние кои се однесуваат на сериозни повреди на човековите права;
- да се обезбеди целосно и брзо извршување на пресудите на Судот проследено со ефикасно следење на процесот на извршување од страна на КМ.

Декларацијата[13] која што беше усвоена воспостави патоказ за процесот на реформи со цел обезбедување долгорочна ефективност на Системот на конвенции. Со Декларацијата беше потврдена посветеноста кон правото на индивидуална жалба. Беше повторена обврската на земјите членки да обезбедат почитување на правата и слободите поместени во ЕКЧП на национално ниво. Со Декларацијата беше упатен повик за јакнење на принципот на субсидијарност, нагласувајќи дека овој принцип подразбира споделена одговорност меѓу земјите членки и ЕСЧП. Исто така, беше нагласена важноста за обезбедување на јасност и конзистентност на судската пракса на ЕСЧП, а особено на потребата од еднообразна и ригорозна примена на критериумите кои се однесуваат на допуштеноста на апликациите, како и на надлежноста на Судот.

Значајно е да се каже дека се нагласува потребата од ефективни мерки за редуцирање на бројот на очигледно недопуштени апликации, потребата од ефективно филтрирање на овие апликации, како и потребата за изнаоѓање решение за справување со апликациите кои се повторуваат. Декларацијата од Интерлакен ја нагласува и неопходноста од целосно, ефективно и брзо извршување на судските пресуди, како и на системот на следење на нивното извршување. Се реафирмира потребата запазување на независноста на судиите, и зачувување на непристрасноста и квалитетот на ЕСЧП.

Интересно е да се одбележи податокот што со Декларацијата беше изразено задоволство за стапувањето на сила на Лисабонскиот договор на ЕУ, кој овозможува пристапување на ЕУ кон ЕКЧП. И покрај почетниот оптимизам и изразено задоволство, ЕУ се уште нема пристапено кон ЕКЧП.

Конференцијата иницираше процес на реформи и други активности кои одеа во иста насока. Следеа конференции на високо ниво, но и

[13] Декларација од Интерлакен. (05.05.2018)
https://www.echr.coe.int/Documents/2010_Interlaken_FinalDeclaration_ENG.pdf

конференции од понизок формат[14]. Започна процес на подготовка, усвојување и пристапување кон протоколи кон ЕКЧП како правни алатки за имплементација на идеите и заклучоците од споменатите конференции, со крајна цел зајакнување на ефикасноста на ЕСЧП. Целокупниот овој процес е познат под името Интерлакен процес.

Акциониот план содржан во Декларацијата опфаќа осум точки кои претставуваат основа за решавање на идентификуваните проблематични прашања, и тоа:

- Правото на поднесување на индивидуална жалба пред ЕСЧП;
- Имплементација на Конвенцијата на национално ниво;
- Филтрирање на жалбите во ЕСЧП;
- Повторувачките жалби;
- Улогата на ЕСЧП;
- Надзорот над извршувањето на Пресудите на ЕСЧП;
- Поедноставување на процедурите за дополнувања на Конвенцијата.

Со Декларацијата се реафирмира темелната важност на правото на индивидуална жалба, како камен темелник на системот на ЕКЧП, која гарантира дека наводните повреди, кога не биле ефективно разрешени од страна на националните власти, може да бидат изнесени пред ЕСЧП. Со оглед на големиот број на недопуштени жалби, со Декларацијата се поканува КМ да разгледа мерки кои би овозможиле ЕСЧП да се фокусира на својата суштинска улога на гарант на човековите права, и да одлучува со неопходната брзина по основани жалби, а особено по жалби кои се однесуваат на сериозни повреди на човековите права.

Декларацијата ги потсетува земјите членки дека тие ја гарантираат примената и имплементацијата на ЕКЧП и оттука ги повикуваат да се посветат на:

- продолжување на јакнењето на свеста на националните власти;
- целосно извршување на судските пресуди;
- да ја земаат во предвид праксата на ЕСЧП која постојано се развива;
- обезбедување на ефективни правни лекови за овозможување на соодветен надомест во случај на повреда на правата, итн.

Во врска со механизмите на филтрирање, Декларацијата препорачува ЕСЧП да воспостави механизам во рамки на моменталните услови, кој може

[14] Конференцијата во Скопје, "Зајакнување на принципот на супсидијарноста - интегрирање на судската пракса на ЕСЧП во националното законодавство и праксата", одржана на 1-2 октомври 2010 година. (05.05.2018) http://www.pravda.gov.mk/documents/broshura%204%20finalna1.pdf

да обезбеди ефективно филтрирање. КМ се задолжува да испита можност, надвор од оние кои што ги нуди Протокол 14[15], за поставување на механизам за филтрирање во ЕСЧП, кој го надминува актуелниот начин на постапување.

Во однос на повторувачките жалби, Декларацијата ги повикува земјите членки да го олеснат пријателското спогодување и да соработуваат со КМ по добивање на конечна пилот пресуда, со цел да се усвојат и применат во пракса општи мерки способни за ефикасно отстранување на структурните проблеми кои потекнуваат од случаите кои се повторуваат. Декларацијата ја нагласува потребата ЕСЧП да развие јасни и предвидливи стандарди за процедурата на „пилот пресуда“[16] во однос на селекцијата на пријавите, постапката што треба да се следи и третманот на одложените случаи, како и да се оценат ефектите од примената на такви и слични постапки[17]. КМ се повикува да разгледа дали повторувачките случаи можат да бидат разгледувани од судии одговорни за филтрирање, како и да обезбеди соработка меѓу сите релевантни делови на СЕ, со цел да се презентираат можните опции кон земјата членка од која е побарано да ги поправи структурните недостатоци детектирани во пресудите кои што се однесуваат на неа.

Со цел да се зголеми ефикасноста на ЕСЧП, Конференцијата го повикува Судот да продолжи да ја подобрува својата внатрешна структура и методи на работа. Во овој контекст, се охрабрува ЕСЧП да побара од КМ да се намали бројот на судиите на коморите на пет члена, онака како што е предвидено со Протокол 14. Исто така, се потсетуваат земјите членки дека треба да номинираат квалитетни кандидати со познавање на меѓународното јавно право и најмалку еден од службените јазици на ЕСЧП. Се нагласува супсидијарната улога на ЕСЧП и истиот е повикан да го спроведе на дело одредбите од Протокол 14 кои се однесуваат на новите критериуми на прифатливост на жалбите. Повикувајќи се на принципот на споделена одговорност, се повикува ЕСЧП да се воздржи од оценување на факти кои што се однесуваат на националното право, посочувајќи дека ЕСЧП не е четврта судска инстанца.

---

[15] Мојсиловиќ, М., Реформа Европског суда за људска права, во „Зборник радова Правног факултета у Новом Саду“, Нови Сад, 2013, стр. 379. (05.05.2018)
http://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0550-2179/2013/0550-21791301371M.pdf

[16] The Pilot-Judgment Procedure. (05.05.2018)
https://www.echr.coe.int/Documents/Pilot_judgment_procedure_ENG.pdf

[17] Fyrnys, M., Expanding Competences by Judicial Lawmaking: The Pilot Judgment Procedure of the European Court of Human Rights, German Law Journal, vol. 12, no. 05, 2011, pg. 1231-1259. (05.05.2018)
http://static1.squarespace.com/static/56330ad3e4b0733dcc0c8495/t/56b70e6ccf80a12820a592ca/1454837357686/GLJ_Vol_12_No_05_Fyrnys.pdf

Во однос на зајакнување на надзорот, Конференцијата го повикува КМ да го зајакне надзорот со давање поголем приоритет и видливост, не само на случаи кои бараат итни индивидуални мерки, туку и на оние кои имаат потреба од спроведување на генерални мерки[18].

Со цел поедноставување на постапка за изменување и дополнување на Конвенцијата, Конференцијата го повикува КМ да ги испита можните начини за измени и дополнување на ЕКЧП. Во Декларацијата се споменуваат можностите за усвојување на Статут на ЕСЧП или вметнување на нова одредба во Конвенцијата, слична на онаа утврдена во член 41г. од Статутот на СЕ.

1.2. Конференција во Измир

Конференцијата во Измир, одржана на 26 и 27 април 2011 година, претставува продолжување на процесот започнат со конференцијата во Интерлакен. Декларацијата[19] ја потврди решеноста да се одржи континуитетот на започнатите реформи, при што дополнително се надградува и продлабочува реформата на ЕСЧП. Иако се поздравува конкретниот напредок постигнат после конференцијата во Интерлакен, констатирано е дека бројот на поднесени апликации до ЕСЧП постојано расте. Исто така, заклучено е дека е пораснат бројот на т.н. "pending applications"[20], во периодот меѓу двете конференции. Изразена е загриженост што во истиот период е забележано зголемување на бројот на барања за изречување на времена мерка, согласно правилото 39 од Деловникот за работа[21] на ЕСЧП, со што дополнително се отежнува работата на Судот.

Со Декларацијата се потсетува дека супсидијарниот карактер на механизмот на ЕКЧП претставува фундаментален и трансверзален принцип кој ЕСЧП и земјите членки мора да го земат предвид. Исто така, се потсетува на заедничката (споделена) одговорност на ЕСЧП и на земјите членки во гарантирањето на одржливоста на механизмот на Конвенцијата. Конференцијата во Измир наоѓа за сходно да потенцира дека колку и да се

[18]Спроведувањето на генералните мерки се бара заради отстранување на недостатоците во законодавствата на земјите членки во однос на одредбите на ЕКЧП, со цел одбегнување на опасноста од повторување на повреди на човековите права, констатирани во пресудите. (05.05.2018) https://www.coe.int/en/web/execution/presentation-of-the-department

[19]Izmir Declaration. (06.05.2018) https://www.echr.coe.int/Documents/2011_Izmir_FinalDeclaration_ENG.pdf

[20]Статистика која се однесува на предметите во ЕСЧП. (06.05.2018) https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=reports&c

[21] Rules of Court. (06.05.2018) https://www.echr.coe.int/Documents/Rules_Court_ENG.pdf

охрабрувачки досегашните резултати постигнати со одредбите од Протоколот 14, истите нема да обезбедат трајно и сеопфатно решение за проблемите со кои се соочува системот на Конвенцијата.

Во рамки на текстот на Декларацијата беше усвоен план на понатамошни активности кој се надоврзува на Акциониот план усвоен со Декларацијата од Интерлакен. Овој план се фокусира на неколку основни прашања:

- Правото на индивидуална жалба пред ЕСЧП;
- Имплементација на Конвенцијата на национално ниво;
- Системот за филтрирање на жалбите во ЕСЧП;
- Советодавни мислења на ЕСЧП;
- Повторувачките жалби;
- Поедноставување на процедурите за дополнувања на Конвенцијата;
- Надзорот над извршувањето на пресудите на ЕСЧП.

Правото на индивидуална жалба претставува основен темелник на ЕКЧП, при што е неопходно да се преземат неопходни мерки за елиминирање на јасно видливите недопуштени апликации, но притоа да не се попречува разгледувањето и постапувањето по основаните жалби. Под имплементација на ЕКЧП на национално ниво се подразбира обезбедување на ефикасни правни лекови во земјите членки, соработка со Комитетот на Министри во правец на примена на новите методи за извршување на пресудите на ЕСЧП, како и обезбедување на програми за професионален тренинг на судиите, обвинителите и извршните власти за стандардите на ЕКЧП и праксата на ЕСЧП. Во однос на системот за филтрирање на жалби се поздравуваат досегашните успешни резултати, при што се повикува ЕСЧП да направи евалуација на краткорочните ефекти од досегашната примена на системот. Притоа се повикува ЕСЧП да продолжи да ги истражува можностите за филтрирање без да има потреба од дополнителни измени на ЕКЧП. Паралелно со ова, со Декларацијата се задолжува КМ да продолжи со размислувањето за изнаоѓање на поефикасни механизми на филтрирање на подолг рок, со можност да бидат предложени и евентуални измени на ЕКЧП. Во овој контекст, Декларацијата потенцира дека конкретните предлози за таков механизам за филтрирање, кој ќе бара измени на ЕКЧП, треба да бидат подготвени до април 2012 година.

Делот кој што посочува на потребата од советодавни мислења, кои ЕСЧП би ги презентирал на барање на највисокиот суд во земјите членки, заради интерпретација и примена на ЕКЧП со цел избегнување на идни повреди на Конвенцијата, претставува основа за подготовка, усвојување и ратификација на Протоколот 16. Во однос на повторувачките жалби, се заклучува дека и понатаму го оптоваруваат ЕСЧП поради што земјите членки

се повикуваат да им дадат приоритет на ваквите случаи и истите да ги решаваат по пат на пријателски спогодби и едностранн декларации.

Со Декларацијата се повикува ЕСЧП на конзистентна и целосна примена на критериумите за допуштеност на жалбите, како и на новите заострени критериуми за допуштеност воведени со Протоколот 14. Судот се повикува да воспостави јавно достапни правила во врска со примената на членот 41 од ЕКЧП, вклучувајќи го и нивото на правичен надомест. Во однос на поедноставувањето на процедурите за дополнувања на ЕКЧП, се повикува КМ да продолжи со подготвителните работи за разработка на поедноставени процедури за измена на одредбите кои се однесуваат на организациски прашања, вклучително и мислење за примена на средства за нивно воведување, како што е на пример создавање на Статут на ЕСЧП или нови одредби во ЕКЧП.

Надзорот над извршувањето на пресудите на ЕСЧП претставува исклучително важен дел од целокупниот процес на примена на одредбите од ЕКЧП. Од тие причини со Декларацијата од Измир се повикува КМ да ја зајакне процедурата на извршување до крајот на 2011, како и целосно да го применува принципот на субсидијарност со кој на земјите членки им се остава можноста за избор на средствата за извршување на пресудите.

Како и со Декларацијата од Интерлакен, така и со Декларацијата од Измир беше споменато пристапување на ЕУ кон ЕКЧП, при што беше поздравен постигнатиот напредок во преговорите за пристапување.

1.3. Конференција во Брајтон

Следен чекор во процесот на реформи е Конференцијата на високо ниво во Брајтон, одржана на 19 и 20 април 2013 година, за време на претседателството со КМ на Обединетото Кралство. На Конференцијата се реафирмира приврзаноста на земјите членки кон ЕКЧП и правото на индивидуална жалба пред ЕСЧП. Со Декларацијата[22] се потврдува ставот за споделена одговорност меѓу земјите членки и ЕСЧП, поддржани од начелото на субсидијарност. Се повторува дека Конвенцијата е склучена врз основа на суверената еднаквост на земјите членки, кои мора да ги почитуваат правата и слободите гарантирани со ЕКЧП, при што се подвлекува дека ЕСЧП постапува како гарант во случај на повреди.

И покрај конкретниот напредок нотиран на Конференцијата во Измир, како и досега постигнатите резултати со примена на Протоколот 14 во поглед

[22] Brighton Declaration. (07.05.2018)
https://www.echr.coe.int/Documents/2012_Brighton_FinalDeclaration_ENG.pdf

на решавањето на недопуштените жалби, Конференцијата во Брајтон констатира дека постои пораст на бројот на потенцијално добро засновани жалби. Надоврзувајќи се на заклучоците од Интерлакен и Измир, Конференцијата во Брајтон констатира дека примената на Протоколот 14 нема да биде доволна за долгорочно и сеопфатно решавање на проблемот со кој се соочува системот на Конвенцијата. Поради тоа неопходно е да се преземат дополнителни мерки и активности.

За таа цел, со Декларацијата од Брајтон се посочуваат неколку клучни области на кои треба да се обрне внимание, и тоа:

- Имплементација на ЕКЧП на национално ниво;
- Интеракција меѓу ЕСЧП и органите на национално ниво;
- Поднесување на апликации до ЕСЧП;
- Работа по поднесените апликации;
- Судии и судската пракса;
- Извршување на пресудите;
- Долгорочната иднина на системот на Конвенцијата и Судот.

Имплементацијата на Конвенцијата на национално ниво како прашање претставува надоврзување на претходните две конференции. Покрај повторување на барањето за целосно спроведување на ЕКЧП на национално ниво, Декларацијата од Брајтон ги повикува земјите членки да:

Разгледаат можност за основање на независна државна институција за човекови права и воведување на нови домашни правни лекови;

Спроведат практични мерки во правец на усогласување на политиката и законодавството со Конвенцијата;

Да овозможат и да ги охрабрат националните судови да ги земаат во предвид важните начела на Судот, имајќи ја во предвид праксата на ЕСЧП;

Да доставуваат релевантни информации од нивна сфера на интерес до државните службеници, судиите, адвокатите, обвинителите, тужителите и можните апликанти;

Да направат превод на значајните одлуки на ЕСЧП и Прирачникот за работа на Судот.

КМ и Генералниот Секретар (ГС) се повикуваат да подготват и обезбедат соодветна техничка помош, додека ЕСЧП се повикува да ги означи оние пресуди кои ги препорачува за превод на јазиците на земјите членки.

Конференцијата, осврнувајќи се на интеракцијата меѓу ЕСЧП и органите на национално ниво, го поздравува напредокот на Судот во делот на развојот на начелото на субсидијарност. Во тој контекст заклучува дека Преамбулата на Конвенцијата треба да упатува на начелото на субсидијарност, при што го задолжува КМ, до крајот на 2013 година, да усвои инструмент за

измени на Преамбулата[23]. Конференцијата го поздравува и охрабрува дијалогот на ЕСЧП со највисоките судови на земјите членки, државните застапници пред ЕСЧП и со КМ. Забележува дека оваа соработка може да се зајакне доколку кон Конвенцијата содржи опција за давање на советодавно мислење на Судот, на барање на највисоките судски институции на земјите членки. Конференцијата го задолжува КМ, до крајот на 2013 година, да подготви нацрт текст на дополнителен протокол и потоа да одлучи дали истиот ќе биде усвоен[24]. Исто така, со Декларацијата се повикува КМ да процени дали дошло до значително смалување на бројот на жалби.

Правото на поднесување на жалби е камен темелник на системот на Конвенцијата. Во тој контекст, со цел зголемување на ефикасноста на Судот, со Декларацијата се поздравува предлогот[25] на ЕСЧП за намалување на временската рамка за поднесување на жалба од шест на четири месеци[26]. Важно е да се спомене дека во почетните предлози е побарано овој рок да се намали на два или три месеци[27]. Понатаму се заклучува да се изземе дел од членот 35, став 3б[28] и се потврдува дека жалбата би требало да се смета за очигледно неоснована, во случај истата да била целосно и во согласност со Конвенцијата разгледана од домашните судови. Се повикува судот да направи дополнителни одредби во Деловникот на Судот за одлуки кои би требало да се донесуваат во однос на допуштеноста на барање на тужената влада. Исто така се повикува ЕСЧП да развие пракса на правни лекови достапни до граѓаните, странки во судските процеси, кои ќе укажат на повреда на Конвенцијата пред домашните судови.

Во однос на можноста за воведување на нови критериуми за допуштеност, Судот смета дека ревизијата на постојните услови за допуштеност би можела да биде оправдана. Сепак, Судот не е убеден дека

[23] Ова претставува основа за почеток на подготовка, усвојување и ставање во процедура на усвојување на Протоколот 15. (07.05.2018)
https://www.echr.coe.int/Documents/Protocol_15_ENG.pdf

[24] Ова претставува продолжување на заложбите од Конференцијата во Измир со што КМ експлицитно се задолжува за подготовка на дополнителен протокол, кој што подоцна ќе биде дефиниран како Протокол 16. (07.05.2018)
https://www.echr.coe.int/Documents/Protocol_16_ENG.pdf

[25] Содржано во точка 37 од „Прелиминарно мислење на Судот во подготовката за Конференцијата во Брајтон“. (07.05.208)
https://www.echr.coe.int/Documents/2012_Brighton_Opinion_ENG.pdf

[26] Вградено во членот 4 од Протокол 15.

[27] Мојсиловиќ, М., Реформа Европског суда за људска права, во „Зборник радова Правног факултета у Новом Саду“, Нови Сад, 2013, стр. 383.

[28] Содржано во членот 5 од Протоколот 15.

прилагодувањето или дополнувањето на критериумите за допуштеност ќе има значително влијание врз оптоварувањето на работата на Судот[29].

Работа по поднесените апликации е всушност основата и причината заради која започна Интерлакен процесот, во кој спаѓа и конференцијата во Брајтон. Бројот на апликации, поднесени секоја година пред ЕСЧП, е двојно зголемен од 2004 до конференцијата во Брајтон. Еден од проблемите со кои што се соочува Судот е големиот број на повторувачки апликации, кои всушност се одговорност на земјите членки и истите треба да ги решаваат во рамки на ефикасното извршување на пресудите. Судот треба да биде фокусиран на потенцијално добро засновани нови жалби. Конференцијата го поздравува напредокот постигнат од ЕСЧП во постапувањето по апликациите при што ја одобрува проценатa на Судот дека до почетокот на 2015 година би можел да ги отфрли очигледно недопуштените апликации и да го намали вкупниот број на т.н. "pending applications". Со Декларацијата се повикува и КМ, во консултации со ЕСЧП, да процени дали планираните мерки ќе се покажат за доволни до 2015 година или ќе бидат потребни дополнителни мерки во иднина.

Конференцијата подвлекува дека авторитетот на Судот зависи од квалитетот на судиите и донесените пресуди. За исполнување на овој услов е неопходно земјите членки да номинираат квалитетни кандидати, при што се поздравува основањето на Советодавен панел на експерти [30] за кандидатите за судија. Конференцијата заклучува дека е потребна измена на членовите 23 и 30 од ЕКЧП[31].

[8] Герасимов, Валерий. Мир на гранях войны. Военно-промышленный курьер. № 10 (674),15 март 2017 г. https://vpk-news.ru/articles/35591

Gerasimov admits that in the beginning of XXI century the transformation of the military conflicts is a fact. It is clear that the border between war and peace is blurred. The other side of the "hybrid war" is its perception in peace time, when there is no open military aggression against a country, but its national security and sovereignty are threatened and can be destroyed. In the same time the spectrum of reasons for use of military force is being expanded. Today more and more we can see how wars are being fought for economic interests of specific country or countries, but under the disguise of "defense of democracy" or democratic values. The non-military forms of war, through the technological advancement, become formidable and very dangerous means. The use of these means can lead to collapse of the bank system, economy, information, electricity or other systems, which are essential for any country. As example gen. Gerasimov gives the cyber-attacks on the Iranian energetic infrastructure in 2015. According to him, however, there is still no reason to give up on the use of military force in the wars, as in all of the upper mentioned conflicts the military force was used at some point, to some extent.

As we can see, the Russian understanding for hybrid wars has still a lot of undetermined points. One possible question is if the first article of Gerasimov can be regarded as fundamental, does it really promote a new military doctrine. Even if many Western scholars tend to agree with this point of view, we should still ask if the hybrid war of Russia is not a misunderstanding of its military efforts (Artyukh) or even a shock from Russia's military might, which surprised the West (Hramchihin) or if "hybrid war" is not artificially constructed term which is interpreted outside of the specific cultural and historical context of the Russian army and society.

In my opinion the articles of Gerasimov might not represent necessary a new military doctrine, but the hybrid war conducted by Russia is a fact, that shall be demonstrated in next chapters. As we have noted in this chapter, ever since Yeltsin period, there is a trend towards denial of the values of the West and the perception of being a victim of the West, perception which can probably be related to the weakening of Russia after the dissolution of the USSR and the loss of its uncontested position as world power, but these processes are outside of the scope of this analysis.

Case study: Internet research agency (IRA)

As it was already said, based on the analysis of IRA I will try to demonstrate the application of the main principles of hybrid activity against technologically advanced country like USA.

What do we know about the Internet research agency?

The first data in the Russian press about the “Trolls factory” in Petersburg and Moscow, which worked on demand, in order to influence public opinion, appeared in 2013. In a journalistic investigation by Novaya Gazeta, it is claimed that in August, the same year, there were already recruitment announcements. The duties of people working there were limited to "raising the index of some articles" that present events or products. Who determined the tasks? "There will be orders. And we still know. There are a lot of events going on in politics and in business. Whatever they say, we do it."[9]

According to US Deputy Prosecutor Rod Rosenstein, the agency is a structured organization that has a multi-million-dollar budget, hundreds of employees and many “shell” companies through which it operates. Again, according to the same source, the organization has a graphic and financial department as well as departments for research and information optimization.[10]

In 2014, the organization created a US-oriented project, and in 2016 more than 80 people were involved in it. In turn, Russian media wrote that the agency is engaged in open-air propaganda, and that it is unofficially called the "Ministry of Truth" or "Troll Factory".

The agency was involved in internet propaganda and the staff was strictly controlled. Supervisors constantly watched the employees and discouraged them from talking with each other, cameras were everywhere. The work was organized in two shifts 12 hours each, seven days a week.

The allegations of the US Justice Department

On February 16, 2018, the US department of Justice accused for interference in the presidential election in 2016 13 Russian citizens and three companies. The US department of Justice emphasized that the interference in the presidential election is part of a larger operation - Project Lahta, which is not only limited to the United States.[11] They are charged for eight cases: the first is a conspiracy for fraud

[9] Александра Гармажапова. 07 сентября 2013. Где живут тролли. И кто их кормит. https://www.novayagazeta.ru/articles/2013/09/07/56253-gde-zhivut-trolli-i-kto-ih-kormit

[10] Годовой бюджет "Агентства интернет-исследований" составлял миллионы долларов – замгенпрокурора США. 16 февраля, 2018 http://gordonua.com/news/worldnews/godovoy-byudzhet-agentstva-internet-issledovaniy-sostavlyal-milliony-dollarov-zamgenprokurora-ssha-232253.html

[11] "Фабрика троллей" Пригожина похищала личные данные американцев и устраивала митинги во Флориде. Главное из обвинений минюста США. http://gordonua.com/publications/fabrika-trolley-prigozhina-pohishchala-lichnye-dannye-

against all individuals and organizations. The second - a "conspiracy of mischief" against some officials and the agency as a whole. They open accounts with US banks using the personal data of real Americans without their consent (birth date, address, insurance number) and these accounts are used for money transfers between Russia and US for holding the shares. Six more cases concern the theft of personal data and are filed against other employees of the holding.

In October 2016, the United States officially blamed Russia for interference in the country's elections. In the "Joint Statement of the Department of Homeland Security and the Office of the Director of National Intelligence on Election", it was said: "The U.S. Intelligence Community (USIC) is confident that the Russian government has directed recent compromises of e-mails from US people and institutions, including from US political organizations. The recent disclosures of alleged hacked emails on sites like DCLeaks.com and WikiLeaks and the Guccifer 2.0 online persona are consistent with the methods and motivations of Russian-directed efforts. These thefts and disclosures are intended to interfere with the US election process. Such activity is not new to Moscow - the Russians have used similar tactics and techniques across Europe and Eurasia, for example, to influence public opinion there. We believe, based on the scope and sensitivity of these efforts, that only senior Russian officials could have authorized these activities. CIA came to the conclusion that Russia has really intervened in order to help Trump to achieve victory. Kremlin spokesman Dimitriy Peskov stated that these accusations are laughable.[12]

The US Treasury Department has expanded its sanctions against Russia, which was announced on March 15 on the official website of the agency.

How did they act?

The agency created accounts of fictional people on social networks, turning them into leaders of public opinion in the United States. They entered in contact with real Americans and ran in different cities campaigns in support of both Donald Trump and Hillary Clinton. The task was to shape the agenda of the Americans, to influence their opinion, to be involved in discussion. According to one of the associates, "Primitive arguments are not accepted. That's why we need to know all the US issues - taxes, gay, sexual minorities, weapons. .... They give you a list of media you need to comment on and on which you should be monitoring. New York Times, Washington Post - there are hundreds of thousands of posts. You need to

amerikancev-i-ustraivala-mitingi-vo-floride-glavnoe-iz-obvineniy-minyusta-ssha-232350.html

[12] "Joint Statement from the Department Of Homeland Security and Office of the Director of National Intelligence on Election". https://www.dhs.gov/news/2016/10/07/joint-statement-department-homeland-security-and-office-director-national

review everything and to understand the general tendency, about what people argue about. And then you have to enter a dispute yourself by trying to “shake the boat”. For Russia you shouldn’t talk at all. Neither Russia nor Putin should be mentioned. Because Americans do not talk about it. They don’t care about Russia and Putin. We did not aim to turn the Americans against Russia. We aimed to turn them against their own government. To cause disorder, discontent, to lower Obama's rating. When elections began, we had instructions who is the better president for Russia, and who should be avoided”[13]

According to the US Justice Department, the agency’s main goal is "creating disagreement in the US and undermining public confidence in democracy."

The influence is done through social media, but without revealing the real nationality of the perpetrators - for this purpose, American IPs are used and VPNs are created.

Russians register hundreds of accounts on Facebook, Twitter and Instagram, using stolen or forged US documents or fictitious bank accounts. They position themselves as "politically and socially active Americans," create network groups, buy advertising, and recruit real Americans and pay them to participate in political campaigns and other related activities. These Americans do not realize that they are actually communicating with Russian citizens. On behalf of these Americans, Russians write posts on economic and foreign political issues concerning the United States. The work is done in two shifts to post everything in time, according to the time zone. The calendar of American holidays is used to write up-to-date texts. Activist groups are created in Facebook, Instagram and so on for migration, such as Secured Borders, for minorities rights Black Lives Matter (Blacktivist), United Muslims of America, Army of Jesus, and for regional activism – e.g South of Heart of Texas.

By 2016, many of groups created by the agency had a dozen members. The Russians also created tweeting accounts that are masked behind real people and NGOs from the United States. For example, the agency registers the TEN_GOP account, which is similar to the Republican branch of Tennessee - its true account is TNGOP. This fake account collected more than 100 000 subscribers. That same year, the intervention in the presidential campaign with material to support Trump and Clinton had begun. The slogans range from "Ohio wants a prison for Clinton" to "Hilary is Satan, her crimes and lies prove how evil she is." In the second half of 2016, the Russians were working to prevent minorities from

[13] Годовой бюджет "Агентства интернет-исследований" составлял миллионы долларов – замгенпрокурора США. 16 февраля, 2018 http://gordonua.com/news/worldnews/godovoy-byudzhet-agentstva-internet-issledovaniy-sostavlyal-milliony-dollarov-zamgenprokurora-ssha-232253.html

voting under influences such as "The noise and hatred for Trump mislead people and force blacks to vote for Hillary. We cannot choose the lesser of the two evils. It is better for us not to vote at all." Or "American Muslims boycott the current election, most of the US Muslims refuse to vote for Hillary Clinton because she wants to continue the war with Muslims in the Middle East and voted for the invasion of Iraq." (United Muslims of America, November.) Another method is to hold demonstrations in the United States. This kind of activity started in 2016. In order to hide their background, they presented themselves as activists who couldn't attend the event personally. In order to attract people, they used their own developed pages and ads. So, with the help of the account March_for_Trump, the Russians connected with real volunteer of Trump's campaign in New York City, who agreed to give them posters for their demonstration. An action to support Clinton was also held on July 9, 2016. The demonstration is rising with a poster, which is supposedly a Clinton quote: "I think the Shariah will be the new powerful direction of freedom for women." The Russians carried out events in support for the Trump in Florida, New York and Pennsylvania - the announcement of the event in the Florida was seen by 59 000 people, real Americans who paid for the presence, as well as for the purchase of megaphones and the production of printed materials. After the win of Trump, two more demonstrations were being held - one in his support and one against him - on November 12 in the NY. At the very end of July 2018, the FB identified and removed from the network 32 pages and accounts dealing with coordinated attempts to influence political processes in the United States. They reported on this on their official blog. „Today we removed 32 Pages and accounts from Facebook and Instagram because they were involved in coordinated inauthentic behavior. This kind of behavior is not allowed on Facebook because we don't want people or organizations creating networks of accounts to mislead others about who they are, or what they're doing. We're still in the very early stages of our investigation and don't have all the facts — including who may be behind this. But we are sharing what we know today given the connection between these bad actors and protests that are planned in Washington next week. We will update this post with more details when we have them, or if the facts we have change."[14]

In order to get idea about the impact of the trolls, I will again quote Facebook: About two weeks ago we identified the first of eight Pages and 17 profiles on Facebook, as well as seven Instagram accounts, that violate our ban on coordinated inauthentic behavior. We removed all of them this morning once we'd completed our initial investigation… In total, more than 290,000 accounts followed

[14] Removing Bad Actors on Facebook. 31.07.2018
https://newsroom.fb.com/news/2018/07/removing-bad-actors-on-facebook/

at least one of these Pages, the earliest of which was created in March 2017. The latest was created in May 2018.

The most followed Facebook Pages were "Aztlan Warriors," "Black Elevation," "Mindful Being," and "Resisters." The remaining Pages had between zero and 10 followers, and the Instagram accounts had zero followers.

There were more than 9,500 organic posts created by these accounts on Facebook, and one piece of content on Instagram.

They ran about 150 ads for approximately $11,000 on Facebook and Instagram, paid for in US and Canadian dollars. The first ad was created in April 2017, and the last was created in June 2018.

The Pages created about 30 events since May 2017. About half had fewer than 100 accounts interested in attending. The largest had approximately 4,700 accounts interested in attending, and 1,400 users said that they would attended

Conclusions

On the basis of the above mentioned, the next conclusions could be drown:

1. The main principles of Gerasimov's doctrine: undeclared war, implementation of new information technologies; fake news; intervention in election process of other states, are strictly applied in the hybrid activities against a technological developed country.
2. They challenge national security of an attacked states as far as disorient the population, influence public opinion and manipulate popular people's actions.
3. They challenge the international security as far as can effect changes in international system that could undermine peace, cooperation and development
4. Hybrid actions of Russia aim the erosion of the confidence of voters to their government
5. Hybrid actions of Russia eventually are directed against values of Western civilization

Discussion

The current volume contains some shortages that hardly could be avoided. First of all, the case study has to do with only one country: USA. Second, there are almost no analytical materials on the topic, what means that I don't have the chance to compare my conclusions with the conclusions of other authors. Third, the topic of new wars is quite new as a research topic, so, it is possible that my methodology is not the prefect one. Nevertheless, the theme of hybrid threats and wars will

become even more important in the future, thus any contribution to it could be seen as valuable.

REFERENCES

"Фабрика троллей" Пригожина похищала личные данные американцев и устраивала митинги во Флориде. Главное из обвинений минюста США. http://gordonua.com/publications/fabrika-trolley-prigozhina-pohishchala-lichnye-dannye-amerikancev-i-ustraivala-mitingi-vo-floride-glavnoe-iz-obvineniy-minyusta-ssha-232350.html

"Joint Statement from the Department Of Homeland Security and Office of the Director of National Intelligence on Election". https://www.dhs.gov/news/2016/10/07/joint-statement-department-homeland-security-and-office-director-national

Cited by Владимир Артюх, *Туман «гибридной войны»: почему вредно мыслить гибридно*, Международен журнал September, http://september.media/archives/294, accessed on 9 July 2018.

Cited by Profile: *Russia's new military chief Valery Gerasimov*. BBC, http://www.bbc.com/news/world-europe-20270111, accessed on 9 November 2012.

https://newsroom.fb.com/news/2018/07/removing-bad-actors-on-facebook/

McDermott Roger. *Does Russia Have a Gerasimov Doctrine?* Parameters, 2016, vol. 1, pg. 46.

MCKEW, MOLLY K. *The Gerasimov Doctrine.* Politico Magazine, September/October 2017. https://www.politico.com/magazine/story/2017/09/05/gerasimov-doctrine-russia-foreign-policy-215538 ,accessed on 9 July 2018.

Removing Bad Actors on Facebook. 31.07.2018

Translation from Russian taken from *"The 'Gerasimov Doctrine' and Russian Non-Linear War"*, Dr. Mark Galeotti's blog, https://inmoscowsshadows.wordpress.com/2014/07/06/the-gerasimov-doctrine-and-russian-non-linear-war/ , accessed on 9 July 2018.

Герасимов, Валери. *The Value of Science Is in the Foresight*, Military-Industrial Kurier https://vpk-news.ru/sites/default/files/pdf/VPK_08_476.pdf , accessed on 9 July 2018.

Герасимов, Валерий. *Гибридная война требует высокотехнологичного оружия и научного обоснования*. 08.03.2016. Lifejournal. http://alexandr-palkin.livejournal.com/4734100.html ,accessed on 9 July 2018.

Герасимов, Валерий. *Мир на гранях войны. Военно-промышленный курьер.* № 10 (674), 15 март 2017 г. https://vpk-news.ru/articles/35591 , accessed on 9 July 2018.

Годовой бюджет "Агентства интернет-исследований" составлял миллионы долларов – замгенпрокурора

Маргажапова, Александра. 07 сентября 2013**.** Где живут тролли. И кто их кормит. https://www.novayagazeta.ru/articles/2013/09/07/56253-gde-zhivut-trolli-i-kto-ih-kormit

SOCIETY

Драган Стефановски
Доцент, самостоен истражувач
draganstefanovski@hotmail.com

УДК.316.334.56:316.728-027.511(497.7)
Original research paper

УРБАНИОТ НАЧИН НА ЖИВОТ И СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ (СЛОЕВИ) РАЗЛИКИ ВО ГЛОБАЛНОТО ОПШТЕСТВО

Апстракт

Урбаниот простор е локација во која се одвива најзначајната општествена еволуција под влијание на процесот на глобализација. Анализата на градот во ера на глобализација интегрира сет од прашања поврзани со урбаниот простор во современиот глобален град и градот во услови на глобализација. Глобалните тенденции повторно го реактуелизираат прашањето на урбаниот начин на живеење како на поединецот така и на групата. Тежиштето на трудот е насочено кон детектирање на глобализацијата токму во сферата на урбаното, следејќи ги при тоа промените и функционалноста на просторот. Урбаниот простор е сцена на стратификациони процеси, но и сцена на испреплетување на различни култури, резултат на мултикултурализмот и мултиконфесионалноста. Од друга страна, слоевитата припадност остава дополнителен белег и препознатливост. Урбаното живеење е повеќедимензионален феномен кој би можел да се согледа од повеќе аспекти. Истото во себе интегрира манифестации и урбани спектакли, кои ја градат динамично еволутивната компонента на просторот. Со еден збор просторот е единственото место во кое се доживуваат сите позитивни но и негативни искуства со кои се соочува поединецот и групата. Урбаниот простор претставува вистински полигон за човековата креативност, делување и користење на слободното време.

***Клучни зборови**: глобализација, урбан простор, глобален град, стратификациони процеси, слободно време.*

Dragan Stefanovski
Associate professor, Independent researcher
draganstefanovski@hotmail.com

THE URBAN WAY OF LIFE AND SOCIOECONOMIC DIFFERENCES IN GLOBAL SOCIETY

Abstract

The Urban space is a location where the most significant social evolution is taking place under the influence of the processes of globalization. The city's analysis in the era of globalization integrates a set of issues related to urban space in the modern global city and the city in conditions of globalization. Global tendencies are re-actualizing the issue of the urban lifestyle of both the individual and the group. The focus of the paper is directed towards detecting globalization precisely in the sphere of the urban, following the changes and the functionality of the space. The urban space is a scene of stratification processes, but also a scene of interweaving different cultures, a result of multiculturalism and multi-confessionalism. On the other hand, layered affiliation leaves an extra mark and recognition. Urban living is a multidimensional phenomenon that can be perceived in many aspects. It is integrating manifestations and urban spectacles, which build a dynamically evolutionary component of space. In a word, the space is the only place in which all the positive but also the negative experiences are being felt by the individual and also by the group. Urban space is a real site for human creativity, acting and using leisure time.

***Keywords**: globalization, urban space, global city, stratification processes, leisure time*.

Вовед

Градот историски гледано низ времето физички опстојува на еден простор, но сосема разбирливо доживува видливи промени, кои се резултат токму на лицата, поединците и генерациите во него, кои оставаат свои траги, соодветно надоградувани низ времето. Градот е едно големо јадро на кое му се потребни креативни поединци и менаџери кои градејќи го имиџот на градот, истиот го прават и подобро место за живеење. За да може да кажеме дека градот живее, истиот треба да победи низа предизвици со кои секојдневно се соочува. Во таа смисла токму постсоцијалистичките градови кои направиле своевиден микс на глобалното со локалното успеале да прикажат позитивни показатели поврзани со одржливиот развој. Секој град на посебен начин се соочува со

предизвиците кои ги носи глобализацијата. Градот кој ја имал таа „судбина“ покрај со глобализацијата да се соочи и со транзицијата ја имал „привилегијата“ двојно повеќе да вложи труд како би можел да се бори за својот опстанок. Токму ние што се бавиме со проблемите на урбаната социологија, не би требало да правиме поделба на мали или големи градови, особено ако при разгледување на истите поаѓаме од единката, односно поединецот. Градот живее доколку во него се испреплетени креациите со кои располагаат поединците. Разбирливо е дека урбаното ткиво го креираат поединци, кои просторот го прават таков што ќе биде пристојно место за живеење на себе и другите, со изграден имиџ на чист, атрактивен и културен град, кој ја има моќта да привлече токму преку можностите што истиот ги нуди. Човекот низ историјата гаи една константна потреба за самодокажување и креативност. Во таа смисла со големо внимание пристапува при градењето и осмислувањето на просторот во кој живее, со што истиот би го направил пристојно место не само за живеење и работење, туку и за креативно и духовно исполнување на слободното време.

Една од видливите промени во градот е константното слабеење на роднинските, во корист на пријателските врски, не само од реалниот, туку и од т.н. „виртуелен свет“ со кој комуницира на сајбер просторот. Современите технички помагала го доведуваат поединецот во ситуација, во краток временски интервал да остварува повеќе средби со најразлична содржина. Поединците, но и групите во урбаниот простор сé повеќе живеат по „наметнатите инструкции“ од западниот и високоразвиен свет. Па оттаму, придобивките или „мааните“ од истиот ќе претставуваат предмет на идните пред сé социолошки, психолошки и економски истражувања.

1. За урбаниот начин на живот

Наследството од чикашката социолошка школа е несомено големо како квантум од знаења поврзани со урбаното општество и градот, градот кој го претставува најјасниот симбол на современата западна цивилизација. Вирт, опишувајќи го градскиот живот укажува на бројни познанства кои се мошне површни односно сегментирани, високо ниво на сегментација на професиите, високо ниво на економска развиеност, зависност од контакти со поголем број на индивидуи, групирање во групи од различен интерес, поорганизиран живот кој се одвива во поголем број на општествени групи. Во овој контекст, истражувајќи го урбаното живеење, Вирт укажува на три круцијални базични елементи: бројот на населението, хетерогеноста како и густината на населеност во градовите, при што особено се задржува на карактеристиките на урбаното живеење во американскиот град. Така истиот вели: „Урбанизмот повеќе не означува само процес кој луѓето ги привлекува на местото наречено град, во чиј

систем на живот се вклучуваат. Тоа исто така се однесува и на нагласување на очигледните карактеристики на начинот на живот поврзан со развојот на градот, и конечно, на промените во погледот на начинот на живот признат како градски, кој се одразува на луѓето, без оглед каде тие особини се развиваат под влијание кое градот го врши со помош на моќта на своите институции и личности кои делуваат по пат на комерцијалните и транспортните средства[1]".

2. За слободното време

Многу често си го поставуваме прашањето што е слободно време, дали и колку го имаме, како истото го користиме, и дали тоа е привилегија само на добро ситуираните слоеви? Одговорот е комплексен и заслужува многу повеќе простор од можноста во овој труд. Говориме за поимот време, поточно слободно време. Време за кое самите ние одлучуваме како и со кои активности истото ќе го потрошиме (активно, или пасивно), во зависност од нашите афинитети, склоности, расположение, како и од своите економски можности. Вториот момент кој можеби е и поважен од претходниот е дали урбаниот простор во кој опстојуваме е функционално и креативно поставен такашто да одговара на барањата на поединецот или групата за активно користење на слободното време. Разбирливо е дека глобалните процеси кои со огромна брзина навлегоа и во постсоцијалистичките земји, битно влијаеа на промените на однесување на поединецот, независно од средината во која живее. Разликата е само во висината на интензитетот и слободното време кое е во корист на поединецот кој живее во урбана средина.

3. Градот и глобализацијата

Секој град временски доживува подеми и падови, и токму тука лежат предизвиците на неговите жители да се борат со истите како би оставиле место за подобар развој на генерациите што следат. Градот се бори со економски кризи, социјални проблеми, невработеност, епидемии, безбедност и слично. Се бори со единствена цел да остане во кондиција со која би можел да се натпреварува со градовите слични на себе. Многу ендогени и егзогени фактори влијаат градот да биде препознатлив, да има свој идентитет, да биде посакуван како од граѓаните кои живеат во него, така и од туристите кои го посетуваат.За сето тоа потребен е град кој пулсира, кој дава живост, простор кој привлекува не само по својот физички изглед предизвикан од урбанистичката фантазија, туку и од духот и гостопримството на неговите жители. Тоа пулсирање не треба

[1] Virt,L vo Vujovič ,S i Petrovič, M.*Urbana sociologija.*Zavod za udzbenike i nastavna sredtva,Beograd,2005,p.113-114 .

да се гледа само во централните подрачја туку и во нивната периферија. Културата на живеење е предизвик за секој општествен слој. Секој сегмент на културното живеење го практикуваме сите, а на тоа не „потсетуваат" највисоките државни акти како и низа на меѓународни конвенции за човекови права и слично.

Богатството на градот е дотолку поголемо, доколку истиот пулсира во текот на целото денонoќие. Разбирливо тоа е привилегија само на глобалните градови и метрополи. За истото се потребни големи финансии, и повеќе од тоа, добра организација и безбедност на јавниот простор. Притоа не мислиме само на физичкото присуство на јавната безбедност, туку многу повеќе на психолошкото чувство кое поединецот го има кога се движи низ јавниот простор, особено ноќе.

4. Градот и урбаните манифестации

Урбанизмот како да е привлечен со некоја магнетна сила во централните делови на градот, кадешто од оној мал преостанат дел во централните појаси, се обидува да создаде места за лесно и брзо „трошење" на времето а со тоа и парите, на рекреација и забава.

„Динамичната градска политика станува дел од имиџот на градот и служи како катализатор на неговата симболична економија"[2]

Надоврзувајќи се на краткиот цитат, треба да напомнеме дека одредените манифестации ја предизвикуваат моќта на еден брендиран производ кој со текот на времето станува препознатлив и во симболичниот капитал. За било која форма на манифестација која се организира на јавниот простор свој приоритет претставува и дијалогот со граѓаните, односно добиената согласност од месното население, пред сé од детектирањето на евентуално негативните последици што би можело да се рефлектираат во вообичаеното традиционално и нормално живеење.

Градот Скопје со десетлетија наназад претставува мултикултурен и мултиконфесионален град. Секој ентитет во него протежира своја традиција која ја манифестира на просторот. Обичаите и традицијата доведуваат до своевидна сегрегација по повеќе основи, а сé со цел послободно придржување и искажување на своите животни стилови. Се добива впечаток дека вклученоста на севкупното население во институционалното функционирање на градот доведува до поголема толеранција како и дијалог со различните од себе, збогатувајќи го на тој начин и креирањето и пулсирањето на животот во градот. Мултикултуралноста лесно се препознава и доживува ако барем малку во текот на денот го доживееме амбиентот на јавниот простор. Движењето по

[2] Ričards,G; Palmer,R.*Uzbudljivi gradovi.*Clio, Beograd,2013, p. 22-23.

Камениот мост, во правец на Старата чаршија го доловува амбиентот на мултикултуралноста, препознатлива во различноста на јазиците, кои говорат за различната култура. Се доловува специфичниот тип на градби како и уличниот живот, поставеноста на угостителските објекти (ресторани, кафулиња и чајџилници) кои говорат за градење на една традиција за надминување на некои форми на сегрегирање.

Не само градот Скопје, туку и други градови во Македонија сé почесто го користат јавниот простор за организирање на фестивали од широк спектар, кои разбирливо придонесуваат за поголема општествена и културна интеграција меѓу населението. Повеќе од јасно е дека меѓукултурното разбирање е клучниот момент за било каков прогрес, за што веќе со години укажуваат и низата проекти организирани од страна на ЕУ. Со ваквите манифестации се создава свеста за заедниците што се различни од нас, а се рушат и одредени стереотипи кои даваат позитивни резултати. Со манифестациите, фестивалите, спортските натпревари, музиката, се овозможува раѓањето на дијалогот, толерантноста и приближувањето, кон различните од себе. Ваквото, успешно функционирање во градот би било невозможно без традиционално веќе постојната креативна класа во која сé повеќе се вклучуваат лица од најразлични профили.

5. Улогата на поединецот во јавниот простор

За градот може да кажеме дека вистински живее кога поединците кои управуваат со него имаат сила и желба јавниот простор така да го урбанизираат што буквално ќе „предизвикува“ кај конзументот да создаде потреба да излезе од својот дом, а со цел да ја наметне својата креативност, да ја покаже својата специјалност, но и демократски да ги искаже сфаќањата и идеите по одредено прашање.

Без оглед на видот на градот (дали истиот е глобален, мегалополис, метропола или најобичен град во регионов) како заеднички момент може да забележиме дека значајните, пред сé големи манифестации, кои привлекуваат поголема посетеност, по правило се одржуваат во централните подрачја. Тоа е случај и со градот Скопје. Самата локација на музеите, театарот, операта, балетот, и слично лоцирани се во централното подрачје, со што го наметнува проблемот на лицата кои се подалеку од градското јадро, без поголем напор притоа не занемарувајќи го и финансискиот, да присуствуваат на истите. Социоекономските причини се вистинскиот показател за хомогеноста на публиката која присуствува на одредени културни настани.

Затоа Ричардс говори за ,,аргументи за дисперзија на културата, т.е. ширење на културните установи и манифестации по целиот град, со цел на сите да им се овозможи полесен пристап до културните содржини[3] ".

Секоја индивидуа во текот на својот живот се обидува да го подобри квалитетот на живеење. Ваквиот план истата не може сама да го реализира, па покрај поединецот свое влијание има и семејството, образованието како и целата општествена заедница. Културата на живеење, создавањето на базата за истата која постојано се надоградува претставува вистинска умешност и предизвик. Таа е постојана борба и трка со промените, што воедно значи и селекција што да се прифати или отфрли, а што да се надогради на она што значи идентитетска база, неподлежна на промени.

Секогаш застапувам став дека не треба да правиме делби на големи и мали нации, големи и мали култури, дека секоја нација и култура на било кој ентитет е вистинско богатство кое треба да се негува независно од тоа во каква средина живее поединецот. Многу поважно од било какви поделби е на поединецот да му се даде можност, време и простор каде што би можел да покаже, што мисли, умее и знае, но и да може да ја долови културата на која припаѓа. Само тогаш ќе нема периферии, ќе нема ,,заборавени" на маргините на градот, а стереотипите ќе загубат од своето значење. Така поединецот и групата ќе бидат горди што можат да бидат слушнати.

Градот низ вековите доживувал карактеристични промени својствени на потребите на времето. Но градот живее со оставштината од претходните генерации, ја има можноста не толку за негово ширење колку за негова надоградба, градот живее со својот дух. Спомнувајќи го духот на градот би се повикал на Парк кој вели: ,,градот пред сé е состојба на духот, збир на обичаи и традиции, ставови и чувства кои се поврзани со овие обичаи и се пренесуваат со традицијата"[4].

Градот во зависност од својата атрактивност постојано привлекува нови членови, едни си заминуваат, а други доаѓаат создавајќи своевиден баланс. Карактеристично е што најчесто новодојдените се доселуваат во населби на маргините на градот, пред сé во средини кои за нив се поблиски до начинот на нивното живеење. Со еден збор просторот во градот е како шаховско поле на кое секоја фигура го зазема своето поле и се движи по правилата кои одамна ги создале генерациите пред нив. Но што е она што е карактеристично?

,,Со време секој дел и секоја четврт од градот презема нешто од карактерот и лицата на своите жители"[5].

[3] Ibid.,p.279.

[4] Vujovič ,S i Petrovič, M.*Urbana sociologija.*Zavod za udzbenike i nastavna sredtva,Beograd,2005,p.78 .

[5] Ibd.,p.81.

Кај научната јавност која се бави со урбаната социологија постојано е отворено прашањето дали, кога и колку континуираното зголемување на населението особено во поголемите градови доведува до зголемување на разликите. Се разбира дека истото зависи од составот на населението кое доаѓа во градот, особено од социоекономските показатели, пред сé степенот на образование, вработеноста, како и културните обележја кои ги носат со себе.
Во овој контекст со неколку збора би се задржал на размислите на Џејн Џејкобс во смисла што истата подразбира под град на „отворени очи“. Иако овие размисли ги детектира во првата деценија на дваесеттиот век, и век подоцна остануваат истите претпоставки за креативниот, културниот но и безбедниот живот во градот. Суштината се состои во едно, а тоа е единственото прашање, за безбедноста на домицилниот жител на градот, но и оној што го посетува, секој дел од јавниот, но и физичкиот простор, што фактички го обезбедува нормалното функционирање на градот. Во овој контекст Џејн Џекобс вели: „не мораат случаите на насилство на улица да бидат честа појава, за луѓето да се плашат од улица, затоа што се плашат луѓето се помалку ја користат, што улиците ги прават уште понесигурни места“[6] .

Впечатокот дека просторот по кој се движиме е безбеден во секој сегмент, најдобро би можеле да го изградиме, доколку, пред себе, зад себе и насекаде околу нас гледаме енергични лица кои брзаат до своите планирани дестинации.
Поединците се повеќе слободното време сакаат да го минат активно по пат на урбано рекреирање, додека оние од побогатите слоеви се повеќе преземаат „предизвици“ блиски на западниот високоразвиен свет.

6. За уличната уметност и индивидуата

Дел од современиот начин на живеење секако дека претставува и уличната уметност. Таа дава свој шмек особено на планот на реализација на културното живеење. Истата значи поместување во развојот на самата уметност но и своевидна забава, што воедно значи и анимирање и дружење на поголема група на луѓе што дополнително придонесува за живеење односно пулсирање на градот. Сите улични манифестации се само дополнителен импулс на урбаното живеење. Животот во градот не може да се сведува само на бесцелно шетање и гледање по излози. Поединецот станувајќи дел од одредена манифестација доживува одреден перфоманс. Со самото учество се помага токму на младите кои со креативната уметност го трасираат својот пат.

[6] Džejkobs,Dž. *Smrt I Zivot velikih američkih gradova.* Mediteran Publising,Novi Sad, 2011, p.42.

Модерниот човек, кој го прифатил, современото урбано живеење сака пред сé активно да го користи времето во просторот, богат со содржини особено на јавниот простор. Тука особено белег оставаат не само музичарите, туку и ликовните уметници кои цртаат портрети за минувачите. Свој белег секако дека оставаат и фестивалите во градот кои се значајни особено за привлекување на туристи. На овој план со својата активност привлекуваат Скопскиот маратон, баскерфест, пивофест, џез фестивалот, мајски оперски вечери, виноскоп како и манифестацијата сите на точак, од кои повеќето од нив се веќе традиционални манифестации.

7. Внатрешниот простор како урбана оаза

Современиот град мора да има доволен простор за зелени површини. Скопје е соочен со еден феномен на несразмерност. Додека дел од градот има огромни зелени појаси(пример Аеродром), центарот на градот се соочува со значително мали јавни простори, кои што би се гордееле со зелени површини. Причината за ваквата појава би можеле да ја детектираме во фактот што развојот на градот се гледа само во физичкото градење на објекти, што меѓу останатото ја зголемува не само густината на населеноста, туку и предизвикува одреден хаос во севкупната комуникација на просторот. Централниот појас на своевиден начин е дефицитарен, тука би нагласил еден конструктивен момент. Имено, што се случува во центарот на градот? Разбирливо тука не пречат новите објекти на чие место, во минатото и претходно биле лоцирани станбени или општествени згради и институции. Проблематични се новоизградените објекти кои буквално го гушат плоштадот на градот, одземајќи го од него, добро познатиот зелен појас, користен како шеталиште за сите генерации. Од друга страна иако не можеме да се пофалиме со поголеми зелени површини, или пак со патеки за велосипедизам и пешачење, сепак делови од градот и повеќе општини кои гравитираат долж кејот на Вардар имаат солидни пешачки како и велосипедски патеки кои даваат свој импулс на развивање на културата за велосипедизам, и пешачење.

Урбанистите сé почесто говорат за создавање на тн. „отворени приземја“, тоа значи приземјата да овозможуваат отворени површини што создаваат јавен простор, кој би бил користен пред сé од жителите на оближните блокови. На ваков начин се создава „урбана оаза“. Скопје има вакви внатрешни простори, но за жал наместо да претставуваат зелени површини истите се пред сé поплочени.

8. Урбаниот начин на живот и градот Скопје

Урбаниот начин на живот претставува повеќедимензионална општествена појава, за која на просторот што следи ќе ја понудам перцепцијата за повеќедимензионалната реалност на урбаното живеење во градот, преку резултатите добиени од емпириското истражување спроведено во периодот мај-јуни 2018 година. Општата хипотеза во истражувањето е дека: Социо-економскиот статус на поединецот влијае на квалитетот на урбаното живеење кое индивидуата го практикува во градот во услови на глобализација. Во текстот што следи ќе ги прикажеме и протолкуваме добиените резултати од истражувањето. Притоа анализирани се повеќе сетови на прашања поврзани со: социо-економските аспекти, влијанието на процесот на глобализација, како и прашања поврзани со културата и уметноста во градот, со што се овозможи да го согледаме влијанието на социо-економските фактори и на глобалните процеси врз урбаното живеење на поединецот.
Анализата ќе ја започнам со добиените податоци за влијанието на процесот на глобализација над урбаното општество и животот во него.

Став	Проценти
Целосно се согласувам	38.5
Се согласувам	57.1
Немам мислење	2.2
Не се согласувам	2.2
Воопшто не се согласувам	/
Вкупно	100

Табела 1
Процесот на глобализација влијае на креирањето на животните стилови
Извор:Емпириско истражување

Глобалните влијанија ги забележуваме во секој сегмент на општественото живеење, но особено интензивни промени се детектирани во промената на општествените вредности, кај групите и поединците, кои се најзабележителни токму во урбаните средини. Во овој контекст се движат и добиените резултати од кои се забележува дека 95.6% од анкетираните се на мислење дека процесот на глобализација активно влијае на промените во урбаното живеење, односно на промена на животните стилови кај поединците. Воедно дополнително ја поттикнува општествената стратификација која експлицитно се забележува во градот кадешто разликите се најочигледни.

Став	Проценти
Целосно се согласувам	38.5
Се согласувам	49.5

Немам мислење	6.6
Не се согласувам	5.5
Воопшто не се согласувам	/
Вкупно	100

Табела 2 Слоевата припадност влијае на можностите да се оствари посакуваниот начин на живот

Извор:Емпириско истражување

Надоградувајќи ја анализата на сетот од прашања поврзани со социо-економските фактори и нивното влијание на урбаниот начин, анализата ја продолжувам преку прашањата сврзани со финансиските средства и урбаниот начин на живот. Системски но и логично надоврзувајќи се на добиените податоци за влијанието на слоевата припадност и остварувањето на пожелниот начин на живеење, мнозинството анкетирани сметаат дека се потребни големи финансиски средства за остварување на посакуваниот животен стил.

Во согласност со претходните ставови поврзани со начинот на урбаното живеење и слоевата припадност најголемиот дел од анкетираните поточно 88% сметаат дека припадниците на различните општествени слоеви практикуваат различен модел на урбано живеење, пред сé како резултат на разликата во финансиите со кои истите располагаат.

Животот во градот подразбира динамичност и брза циркулација на луѓето и информациите па во тој контекст анализата ќе ја надополнам со сет на прашања сврзани со користењето на превоз до дестинации во градот.

Став	Проценти
Јавен превоз	35.2
Сопствено возило	30.8
Велосипед	18.7
Пешачење	14.3
Моторцикл	1.1
Вкупно	100

Табела 3 Најчесто користен начин на превоз
Извор:Емпириско истражување

Во градовите кои припаѓаат на големи, или градови од среден обем секогаш актуелен проблем претставува начинот на кој населението се превезува низ градот, особено низ централното градско подрачје.Ова секако е значајно и од аспект на појавата на зголемено загадување во градските средини. Спроведената анкета покажува дека најчесто користен начин на превоз е јавниот превоз 35.2 %, по што следува користењето на сопствено возило 30.8%,

велосипед 18.7%, пешачење 14.3 % и 1.1% користење на моторцикл. Ваквиот процентуален однос говори за будење и развивање на еколошката свест помеѓу анкетираните, но истото може да е резултат и на тешката економска состојба во која се наоѓа дел од населението. Од друга страна користењето на велосипедот како превозно средство го конектираме со еколошка свест, желбата за здрав живот и спортување, како животен стил кај се поголем број поединци не само кај машката туку и кај женската популација. Евентуалното омасовување се поврзува пред сé со постојната инфраструктура од велосипедски патеки, која сеуште е далеку од задоволителна.

Став	Проценти
Целосно се согласувам	6.6
Се согласувам	33.0
Немам мислење	22.0
Не се согласувам	36.3
Воопшто не се согласувам	2.2
Вкупно	100

Табела 4 Дали во Скопје има доволно патеки и објекти во кои жителите можат да ги задоволат потребите за чист воздух и спортување Извор:Емпириско истражување

Говорејќи за инфраструктурата како значаен сегмент од кој зависи урбаниот начин на живот во еден град во анализата ги интегрирам добиените податоци поврзани со инфраструктурата за спортување, велосипедските патеки како и патеките за џогинг. Во овој контекст, мнозинството од анкетираните сметаат дека во градот Скопје не само што има недостаток од велосипедски патеки туку истите се и недоволно безбедни. Анализата на податоци ја продолжувам со сетот на прашања сврзани со културата и уметноста како начин на живеење и користење на слободното време.

Еден од столбовите на современиот начин на живеење во постмодерното општество претставува културната програма на градот. Од големо значење за имиџот на еден град секако дека се и традиционалните урбани манифестации.

Став	Проценти
Целосно се согласувам	19.8
Се согласувам	56.0

Немам мислење	11.0
Не се согласувам	8.8
Воопшто не се согласувам	4.4
Вкупно	100

Табела 5 Колку сте задоволни од културната програма во градот
Извор:Емпириско истражување

Во веќе споменатиот контекст мнозинството од анкетираната популација поточно 75.8% делумно се задоволни, додека 13.2% не се задоволни од културната програма што ја нуди градот. Ваквото мислење поврзано со културниот живот, остава простор за дополнително подигнување на нивото на културните настани како и збогатување со нови. Следниот сет на прашања е поврзан со бројот на посета на културни манифестации од страна на анкетираните.

Став	Проценти
Еднаш	39.6
Два до три	24.2
Повеќе од четири	6.6
Не ги посетувам	29.7
Вкупно	100

Табела 6. Посета на културно-уметничките манифестации во текот на еден месец
Извор:Емпириско истражување

Мнозинството од анкетираните поточно 39.6% еднаш во текот на месецот посетуваат манифестации од доменот на културата. Загрижувачки е податокот дека дури 29.7% воопшто не посетуваат ваков тип на манифестации, а интересно е што 6.6% од анкетираните повеќе од четири пати посетуваат вакви манифестации. Се добива впечаток за потребата од дополнително афирмирање на вредностите на културата, иако како значаен момент е проблемот на сиромаштијата и високиот процент на невработеност, токму кај онаа структура на лица која би требало да биде ,,декорот“ на ваквите манифестации.

Став	Проценти
Ми се допаѓа во целост	19.8
Делумно ми се допаѓа	46.2
Немам мислење	18.7
Не ми се допаѓа	14.3

Воопшто не ми се допаѓа	1.1
Вкупно	100

Табела 7 Уличната уметност зазема значајна позиција во урбаната култура и е составен дел на современото општество Извор:Емпириско истражување

Уличната уметност зазема значајна позиција во урбаната култура и е составен дел на современото општество. Истата поседува сопствени локации во урбаниот јавен простор, а пред сé, плоштадите, шеталиштата, парковите, шопинг моловите, со еден збор во централната бизнис зона, кадешто и се одвива најголемата циркулација на луѓе. На најголемиот дел од анкетираните поточно 46.2% делумно им се допаѓа уличната уметност, на 19.8% целосно им се допаѓа, 18.7% немаат мислење, на 14.3 % не им се допаѓа , а на 1.1% воопшто не им се допаѓа уличната уметност во градот.

Став	Проценти
Ми се допаѓа во целост	22.0
Делумно ми се допаѓа	44.0
Немам мислење	29.7
Не ми се допаѓа	4.4
Воопшто не ми се допаѓа	/
Вкупно	100

Табела 8 Дали ви се допаѓаат градските фестивали
Извор:Емпириско истражување

Градот ја надоградува својата перцепција за културата во која свое место им е отстапено и на градските фестивали. На мнозинството анкетирани 44%, делумно им се допаѓаат градските фестивали, како и културната програма на градот која се спроведува во континуитет, на 22% од анкетираната популација им се допаѓаат во целост градските фестивали. Во отсуство на мислење по прашањето на градските фестивали се изјаснија 29.7% , а на 4.4% истите воопшто не им се допаѓаат. Се забележува дека мнозинството од анкетираните се изјасниле дека урбаното живеење претставува нивни предизвик, и начин на живеење.

Начин на користење на слободното време	Проценти
Дружење со пријателите	52,7

Градските манифестации и фестивали	11
кино или театар	8.8
спортски манифестации	6.6
Посета на музички концерти	4.4
посета на галерии	1.1
друг начин	15.4
Вкупно	100

Табела 9 Креирањето и користењето на слободното време Извор:Емпириско истражување

Интересни се и резултатите добиени од прашањата сврзани со креирањето и користењето на слободното време. Имено, мнозинството од анкетираните поточно 52,7%, слободното време го користи за излегување и дружење со пријателите, што укажува на дружељубивоста на Скопјани како еден од препознатливите сегменти на живеење во градот, 11% од анкетираните слободното време го користат за посета на градските манифестации и фестивали, додека 8.8% посетуваат кино или театар, а 6.6% спортски манифестации, 4.4% посетуваат музички концерти, а само 1.1% слободното време го користат за посета на галерии. Карактеристично е дека дури 15.4% од анкетираните се изјасниле дека слободното време го користат на друг начин .
На прашањето колку анкетираните се задоволни од урбаното живеење во градот, дури 72.5% се изјасниле дека делумно се задоволни од она што градот им го нуди на своите резиденти.

Став	Проценти
Задоволен сум во целост	11.0
Делумно сум задоволен	72.5
Немам мислење	6.6
Не сум задоволен	8.8
Воопшто не сум задоволен	1.1
Вкупно	100

Табела 10 Дали сте задоволни од урбаниот начин на живот во градот
Извор:Емпириско истражување

Точно 9.9% не се, или воопшто не се задоволни од урбаното живеење во градот. Видно е дека слободното време најчесто се минува во ресторани, кафулиња и слично. Во оваа смисла најголемиот број на анкетираната популација 29.7% два до три пати во текот на еден месец ги посетуваат истите, по што следуваат

анкетирани кои воопшто не посетуваат вакви објекти 27.5%, 26.4% од анкетираните кои повеќе од четирипати ги посетуваат истите. 16.5% од анкетирани еднаш во текот на месецот посетуваат угостителските објекти. Наведените податоци посочуваат на два момента: имено за прифатениот стил на живеење кај дел од анкетираните, но и за нивниот економски статус кој видно ги попречува во некои сегменти на организирање и користење на слободното време.

За очекување е дека припадниците на различни генерации, практикуваат различен стил на живеење.

Став	Проценти
Целосно се согласувам	40.7
Се согласувам	33.0
Немам мислење	3.3
Не се согласувам	23.1
Воопшто не се согласувам	/
Вкупно	100

Табела 11 Степенот на образование влијае врз изборот на животниот стил
Извор:Емпириско истражување

При изборот на животниот стил во урбаниот простор секако покрај економскиот фактор, активна улога зазема како етничката така и културната припадност, но свое место при градењето на животните стилови игра и степенот на завршено образование. Мнозинството од анкетираната популација 73.7 % смета дека при изборот на животниот стил во урбаниот простор активна улога игра и степенот на завршеното образование на индивидуата, а 23.1% од анкетираните не се согласуваат дека степенот на завршено образование влијае на изборот на животниот стил. Значајно помала е групата на анкетираната популација која смета дека завршеното образование не влијае при изборот на начин на живот во урбаното општество.

Поголемиот број од современите градови во постмодерното општество се мултикултурни, па оттаму само по себе се наметнува и прашањето сврзано со мултикултурализмот и животните стилови во градот.

Став	Проценти
Целосно се согласувам	39.6
Се согласувам	54.9
Немам мислење	2.2
Не се согласувам	2.2
Воопшто не се согласувам	1.1

Вкупно	100

Табела 12 Мултикултурните урбани општества се богати со различни културни модели и урбан начин на живот
Извор:Емпириско истражување

Мнозинството од анкетираната популација 94.2% смета дека мултикултурните урбани општества се богати со различни културни модели и карактеристичен стил на урбано живеење во просторот. Во тој контекст урбаниот начин на живот не би бил целосон доколку во него не се интегрирани урбаните спектакли и манифестации. Како интегрален дел од оваа анализа е и мислењето на анкетираните за урбаните спектакли и манифестации.

Став	Проценти
Целосно се согласувам	37.4
Се согласувам	40.7
Немам мислење	5.5
Не се согласувам	16.5
Воопшто не се согласувам	/
Вкупно	100

Табела 13. Урбаните спектакли и манифестации се значаен сегмент на начинот на живот во градот Извор:Емпириско истражување

Мнозинството од анкетираната популација поточно 78.1% смета дека урбаните манифестации и спектакли се составен дел од начинот на живот не само во Скопје, туку и во останатите градски средини, висок е процентот од 16.5% на анкетирани кои сметаат дека урбаните манифестации и спектакли не се значаен сегмент на урбаното живеење.
Во согласност со последната еволутивна форма на процесот на глобализација како и системот на вредности и влијанија кои ги остварува, и напредната информатичко информациска технологија сопственото место во општеството и урбаниот начин на живот го земаа и социјалните мрежи.

Став	Проценти
Целосно се согласувам	41.8
Се согласувам	41.8
Немам мислење	9.9
Не се согласувам	5.5
Воопшто не се согласувам	1.1
Вкупно	100

Табела 14.Социјалните мрежи се интегрирани во урбаниот начин на живот
Извор:Емпириско истражување

Во анализата претставуваат значаен чинител, односно спојувањето на виртуелното општество, масовната комуникација и урбаниот начин на живот гледано во една целина. Мнозинството од анкетираните 83.6% сметаат дека социјалните мрежи се интегриран дел од урбаното живеење во градот односно сé што се случува во урбаното живеење се пресликува преку слики, видеа, локации и присутни лица на одреден настан и на социјалните мрежи.Во епохата на глобализација современите медиуми ја достигнаа сопствената кулминација, програмите од најразличен карактер сé повеќе станаа дел од човековото секојдневие.
Забавната индустрија ја достигнува кулминацијата на сопствената комерцијализација. Во тој контекст ќе ја заокружам оваа фаза со добиените податоци поврзани со слободното време и урбаниот начин на живеење.

Став	Проценти
Целосно се согласувам	40.7
Се согласувам	48.4
Немам мислење	4.4
Не се согласувам	5.5
Воопшто не се согласувам	1.1
Вкупно	100

Табела 15. Поединецот е се повеќе конзумент на индустријата на забава
Извор:Емпириско истражување

89.1% од анкетираната популација смета дека поединецот е сé помалку организатор на слободното време, а сé повеќе конзумент на индустријата на забава и на содржини кои истата ги нуди. Незначителен дел 5.5% не се согласуваат со ставот, 4.4% немаат мислење додека 1.1% воопшто не се согласува со ставот.
Од емпириското истражување слободно може да кажеме дека процесот на глобализација влијае на креирањето на урбаното живеење кај секој поединец. Видливо е дека младите се ,,побогати“ гледано временски, при што слободното време го користат поразновидно, додека постарата популација слободното време најчесто го користи пасивно, или во прошетка со своите врсници. Заедничко за сите возрасни категории е мислењето дека истите би промениле одредени сегменти во начинот на урбаното живеење и користењето на слободното време, но во истото се попречени поради социо-економската ситуација со која се соочуваат веќе подолг период.

Заклучок

Сумирајќи ги резултатите од истражувањето може да ги сублимираме следниве круцијални поенти сврзани со урбаниот начин на живот и процесот на глобализација. Во тој контекст видливи се социо-економските разлики како и глобалните влијанија кои доведуваат до промени на урбаното живеење не само во Скопје, туку и пошироко. Процесот на глобализација најинтензивно влијае во сферата на урбаното, во духот на современите општествени тенденции остварувајќи активно влијание на урбаното живеење, промената во животните стилови на групите и поединците, како и промени во користење на јавниот простор. Видливо е дека населението во градот користи различни модели на урбано живеење што соодветствува на квалитетот на општественото живеење, како резултат на социо-економските можности на населението. Гледано од аспект на урбаната социологија се наметнува размислувањето дека во моментов Скопје мора да продолжи со одреден интензитет на градби, но на објекти кои со своите габарити не би пречеле како на воздухот во градот, така и на било какви проблеми сврзани со одредена инфраструктура. Урбаната сцена е локацијата на која најлесно се препознава општественото раслојување, и дистинкцијата помеѓу општествените слоеви, разликата во можностите помеѓу припадниците на различните општествени слоеви и можноста да се практикува пожелниот модел на урбаното живеење. Културниот живот во градот остава простор за дополнително подигнување на нивото на културните настани збогатени со нови содржини од спектарот на уметноста. Во овој контекст уличната уметност зазема значајна позиција во урбаната култура и е составен дел од урбаното пулсирање на градот, препознатлив по своите локации. На ова се надополнуваат и традиционалните фестивали во градот кои буквално остваат не само белег туку и имиџ на градот. Плоштадот од секогаш претставувал место за контакти, забава и концерти. Сé се прави за човекот, за неговите потреби, истите да бидат по негова мерка. Просторот треба да е анимиран со неговите случувања, бидејќи само така може да се задржат поединците да „гледаат“ во него.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Ацески,И. *Социологија.* Филозовски факултет, Скопје, 2013.
Džejkobs,Dž. *Gradovi I bogatstva nacija.* Mediteran Publising, Novi Sad, 2010.

Džejkobs,Dž. *Smrt I Zivot velikih američkih gradova.* Mediteran Publising, Novi Sad, 2011.

Mamford,L. *Kultura Gradova.* Mediteran Publising, Novi Sad, 2010.

Pušič,Lj. *Grad društvo prostor.* Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1997.

Pušič,Lj. (2009).*Grad bez lica.* Mediteran Publising, Novi Sad, 2009.

Ričards,G.&Palmer,R. *Uzbudljivi gradovi.* Clio:Beograd, 2013.

Stupar,A. *Grad globalizacije-izazovi, transformacije, simboli.*Beograd:Arhitektonski fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd, 2009.

Vujovič ,S i Petrovič, M.*Urbana sociologija.*Zavod za udzbenike i nastavna sredstva,Beograd,2005.

Македонка Радуловиќ
Доцент, Институт за семејни студии,
Филозофски Факултет-Универзитет Св. "Кирил и Методиј"
radulovic@fzf.ukim.edu.mk

УДК.316.644:[316.356.2:2
Original research paper

СЕМЕЈСТВОТО И РЕЛИГИСКИТЕ ВРЕДНОСТИ

Апстракт

Религијата претставува составен дел од животот на верниците. На нашите простори таа е длабоко испреплетена со традицијата, семејните вредности и културното наследство. Истражувањата покажуваат дека најголем дел од граѓаните во Република Македонија се дефинираат себе си како верници (91%), меѓутоа ако навлеземе во детална анализа ќе видиме дека најчесто, станува збор за традиционални верници, кои не немаат стручни познавања за религијата, ниту пак целосно се придржуваат кон религиските начела и практики. Разбирањето на религијата кај треадиционалните верници се сведува на почитување на традицијата и религиските обреди и ритуали кои се негуваат со генерации. По осамостојувањето на Република Македонија, започнува долг период на ревитализација на религијата, која се карактеризира со промена на религискиот систем, секуларизација на религијата, зближување на политичката и религиската елита, обидите за воведување на религиско образование итн. Во овој период се забележува пад на моралноста кај младите генерации која се манифестира со зголемување на девијантните појави во македонското општество: алкохолизам, наркоманија, проституција, малолетничка деликвенција, насилство итн. Во јавноста се добива впечаток дека младите не се се заинтересирани за религијата и не се придржуваат кон основните религиски начела, односно дека слабеат религиските и воопшто семејните вредности. Овој труд има за цел да ги оцени ставовите на младите луѓе поврзани со нивните религиски вредности, да дојде до сознанија за влијанието на семејството врз религиските вредности и практики. За таа цел е спроведено истражување врз шеесет испитаници кои се православни и припаѓаат на три различни генерации (од 18 до 36 години).

***Клучни зборови**: Семејство, религија, традиција, религиски вредности, семејни вредности.*

Makedonka Radulovic
Teaching Assistant, Institute of family studies, Faculty of Philosophy, Ss. Cyril, and Methodius University,
radulovic@fzf.ukim.edu.mk

FAMILY AND RELIGIOUS VALUES

Abstract
Religion is an integral part of the life of believers. In our society religion is intertwined with tradition, family values and cultural heritage. The research shows that most of the citizens in the Republic of Macedonia define themselves as believers (91%), but if we go into a detailed analysis, we will see that they are traditional believers without expert knowledge in the field of religion, but do not fully adhere to religious principles and practices. Understanding the religion among the traditional believers comes down to respecting the tradition and religious rituals and generosity rituals, nurtured with ages. After the Republic of Macedonia declared its independence, a long period of revitalization of religion began, that was characterized by a change in the religious system, the secularization of religion, the rapprochement of the political and religious elite, the attempts to introduce religious education. During this period, there is a decline in the morality of the young generations, which is manifested by the increase of the deviant phenomena in the Macedonian society: alcoholism, drug addiction, prostitution, juvenile delinquency, violence, etc. The public gets the impression that young people are not interested in religion and do not adhere to the basic religious principles, that is, religious and family values are weakening. This paper aims to assess the attitudes of young people related to their religious values, to find out about the influence of the family on religious values and practices. For this purpose, research on sixty subjects who are Orthodox and belong to three different generations (18 to 36 years of age) was conducted.

Keywords: *family, religion, tradition, religious values, family values.*

Вовед

Македонија како држава е пример за мултиетничка, мултикултурна и мултиконфесионална средина, држава во која функционираат и егзистираат

различни националности, различни култури и различни заедници - држава во која успешно се испреплетуваат меѓукултурните и националните традиции и обичаи кои ги почитуваат верниците во својата религија.

Религијата претставува комплексен облик на човековото однесување. Таа се однесува на сите аспекти на човековото постоење кои се ужасни и со кои не можеме да се справиме.[1]

Секојдневниот живот на човекот е соочен со многу предизвици што предизвикуваат страв, загрозеност, сиромаштија, несигурност, отсуство на перспектива. Во таа ситуација, религијата претставува една од практичните и проверени одговори на последиците што реално се очекуваат од тие состојби што се најчесто непријатни за човекот.[2] На човекот му е потребна утеха која религијата може да му ја пружи и затоа религијата е во некој облик присутна во животот на луѓето, влијае на ставовите, одлуките и го организира животот на верниците.

Во Република Македонија доминираат христијанската и исламската религија. Најголем дел од верниците се православни христијани, оттаму овој труд е посветен на семејствата кои се припадници на оваа конфесија.

Православно – христијанската религија е застапена уште од најраните почетоци односно од средината на првиот век. Христијанството е една од трите најголеми религии која настанала на просторот на некогашното Римско царство. Религијата е заснована на учењето на Исус Христос од Назарет во Галилеја, опишана во новиот завет. Сите кои се свртеле кон Исус, веруваат во него и го следат неговото учење се негови следбеници и се нарекуваат Христијани. Сите Христијани заедно ја сочинуваат Христовата црква која, по новиот завет на светото писмо, го сочинува Исусовото тело. Поради се што проповедал Исус, а што е доста опширно опишано во четирите евангелија, бројот на Исусовите следбеници брзо растел, посебно помегу сиромашните луге. Во христијанството, Бог го слави животот, преку верата и евангелието со посебни церемонии, кои се вршат во посебно место, во текот на црковната година, недели и државни празници. Христијански најважниот ритуал се нарекува литургија или богослужба. На територијата на република Македонија има 191 манастир и 1502 цркви и параклиси. Во организациски поглед е поделена на 10 епархии од кои седум во република Македонија и три во дијаспората: Европска, Американско – Канадска и Австралиска епархија.[3]

[1]Ацевски, И., *Културна Антропологија-Поглед на свет, Религија 225-257*, Филозофски Факултет, Скопје, 2015.

[2] Свадлер, Л., и Мојзес, П., *Изучување на Религијата во ерата на глобалниот дијалог*, 2005,pp.16.

[3] Ристески, Љ., *Христијанството и народната култура во Република Македонија-Културно историски аспект*, Етнолог, Скопје, 2004.

Вредностите на кои се темели православието се убедувањата за: мир, слога, љубов, да се помага на болните, слабите и сиромашните, да не се нанесува болка на луѓето околу нас, да постои толеранција и разбирање. Основни двигатели за верниците се десетте божји заповеди и стравот од казната во задгробниот живот се двигатели кон моралот и етиката на верниците.За христијанскиот живот воопшто, постот, молитвата, литургијата и причеста се најзначајни во совладување на сите тешкотии со кои се соочува еден човек.[4]

Наспроти религијата и религиските вредности, стои семејството кое преку процесот на социјализација и образовната функција има голема улога во учењето за религијата, наследувањето и усвојувањето на религиските вредности кои ги имаме. Всушност, семејството е најзначајната заедница за создавање и одржување на моралот на неговите членови. Првото морално воспитување, првите морални норми човекот ги добива во семејството.[5] Верскиот морал (како и самата вера), по правило е многу традиционален, па и конзервативен, така што тешко се менува.[6]

Истражувањата покажуваат дека најголем дел од граѓаните во Република Македонија се дефинираат себе си како верници (91%), меѓутоа ако навлеземе во детална анализа ќе видиме дека најчесто, станува збор за традиционални верници, кои немаат стручни познавања за религијата, ниту пак целосно се придржуваат кон религиските начела и практики. Разбирањето на религијата кај традиционалните верници се сведува на почитување на традицијата и религиските обреди и ритуали кои се негуваат со генерации. Промените кои се случуваат по осамостојувањето на Република Македонија, а кои кулминираат со радикални драстични промени во речиси сите сфери на општествениот живот, нужно имаат влијание и врз односот и ставот на луѓето кон религијата, верата и црквата.[7] По осамостојувањето на Република Македонија, започнува долг период на ревитализација на религијата, која се карактеризира со промена на религискиот систем, секуларизација на религијата, зближување на политичката и религиската елита, обидите за воведување на религиско образование итн.[8] Во овој период се забележува пад на моралноста кај младите генерации која се манифестира со зголемување на

[4] Ацевски, И., *Културна Антропологија-Поглед на свет, Религија 225-257*, Филозофски Факултет, Скопје, 2015.
[5] Лукић, Р., *Социологија морала*, Српска Академија наука и уметности, Београд, 1974, pp.429.
[6] Ibid., pp.560.
[7] Ацевски, И., *Социологија-Религија, поглавје 19*, Филзофски факултет, Скопје 2013, pp.755.
[8] Матевски, З., *Семејството и религијата-Авторизирани предавања,* Филозофски Факултет, 2015.

девијантните појави во македонското општество: алкохолизам, наркоманија, проституција, малолетничка деликвенција, насилство итн. Денес настанува процес на распаѓање на големите религиски системи, се случува процес на губење на идентификација со колективното, се случува процес на индивидуализација и религијата ја губи привлечноста.[9] Во јавноста се добива впечаток дека младите не се се заинтересирани за религијата и не се придржуваат кон основните религиски начела, односно дека слабеат религиските и воопшто семејните вредности. Причините за ова истржување се токму тврдењата на многу автори кои сметаат дека модернизацијата во денешно време влијае на намалувањето на религијата и религиозноста и почитувањето на традициите на целото општество, првенствено на младите лица. Социолозите сметаат дека прилагодувањето кон модернизацијата носи со себе и еден вид на предавство на традиционалните принципи и вредности..

Во таков општествен амбиент се наметнуваат многу дилеми и произлегуваат мноштво прашања. Дали сликата за младите како непослушна млада генерација е последица на слабеењето на религиското влијание? Кои се новите и современи вредности со кои се соочуваат младите? Дали религиските вредности на младите се условени од религиозноста на нивните родители? Дали семејствата и понатаму претставуваат темел на нашите разбирања за религијата и играат клучна улога во почитувањето и негувањето на религиските и моралните вредности.

Овие прашања се појдовна точка за истражувањето во кое главната цел е да се направи споредба на почитувањето на традициите и семејните вредности меѓу три различни генерации. Целна група е младата популација.

Истражување

Во истражувањето се опфатени 60 испитаници од православна вероисповед. Испитаниците се поделени во три групи и тоа: 1 група - испитаници до 26 години, 2група -испитаници од 27 до 55 години и 3 група – испитаници од 56 до 76 години. За а потребите на истражувањето беше користена квантитативна техника, како инструмент се користеше анкетен прашалник. Анкетирањето беше теренски спроведено, во периодот на месец мај 2016-та година. Испитаниците одговараа на прашања кои ја опфаќаа нивната религиозност, нивните религиски ставови, нивното мислење колку религија придонесува во нивните лични морални вредности, практикувањето на традициите во нивното семејство и колку тие семејни религиозни традиции се

[9] Ацевски, И., *Културна Антропологија-Поглед на свет, Религија 225-257*, Филозофски Факултет, Скопје, 2015, pp.225-257.

важни за нив самите како и за нивните семејства. Прашалникот е составен од 10 прашања, 9 од прашањата се со заокружување односно на испитаникот му се понудени два можни одговори – да или не и по сопствена волја заокружува едно од понудените одговори. Десетото прашања му дава можност на испитаникот да одбере од понудените одговори. Прашалниците се пополнуваа анонимно.

Анкетирани се вкупно 60 исптаници од православна вероисповед од кои 10 испитаници од машки пол и 10 испитаници од женски пол на возраст до 26 години, 11 испитаници од машки пол и 9 испитаници од женски пол на возраст од 27 до 55 години и 8испитаници од машки пол и 12 испитаници од женски пол на возраст од 56 до 76 години.

На првото прашање кое гласи „ **Дали себеси се сметате за голем верник на вашата религија** “ се понудени два одговори: **да** и **не**. Кај испитаниците до 26 години од православна вероисповед , 6 испитаника од женски пол одговориле **да** и 4 испитаника одговориле **не**. Во машката група до 26 години од православна вероисповед 8 испитаника одговориле **да** и 2 испитаника одговориле не. Табеларно прикажано:

Слика бр.1

	1. Дали себеси се сметате за голем верник на вашата религија?	
	ДА	НЕ
Машки пол до 26 год	8	2
Женски пол до 26 год	6	4

Од испитаниците од машки пол 9 одговориле **да** на првото прашање и 2 испитаника одговориле **не**. Кај испитаниците од женски пол 7 одговориле **да** и 2 испитаника одговориле **не**. Вкупно 20 испитаника .Табеларно прикажано:

Слика бр.2

20 испитаници од	1. Дали себеси се сметате за голем верник на вашата религија?	

православна вероисповед	ДА	НЕ
Машки пол од27 -55 год	9	2
Женски пол од27-55 год	7	2

Од возрасната група 55-76 год, од испитаниците од машки пол сите 8 испитаника одговориле **да** и кај испитаниците од женски пол сите одговориле **да** на првото прашање. Вкупно 20 испитаника.Табеларно прикажано:

Слика бр.3

20 испитаници од православна вероисповед	1. Дали себеси се сметате за голем верник на вашата религија?	
	ДА	НЕ
Машки пол од56 -76 год	8	/
Женски пол од56-76 год	12	/

На првото прашање од вкупно 31 испитаник од женски пол 25 испитаника одговориле дека себеси се сметаат за големи верници, односно одговориле со **да** на прашањето и 6 испитаника одговориле дека себеси не се сметаат за верници, односно со **не** на **првото пра**шање .Кај испитаниците од машки пол од вкупно 29 испитаника, 25 одговориле **да** и 4 одговориле **не.** Графички прикажано:

Слика бр.4

Според добиените резултати од вкупно 60 испитаници, 50 испитаници се сметаат за големи верници на православната вероисповед и 10 испитаници себеси не се сметаат за верници на православната вероисповед односно 84% одговориле **да** на прашањето и 16% одговориле **не**.

На второто прашање кое гласи „**Дали сметате дека денес е можно да се биде верник од една страна а од друга страна модерен човек во современо општество во кое религијата нема централно место?**“ се понудени два одговори: **да** или **не**. Кај испитаниците до 26 години од православна вероисповед, од вкупно 10 испитаника од женски пол, 5 одговориле **да** и 5 испитаника одговориле **не**. Кај испитаниците од машки пол од вкупно 10, 6 одговориле **да** и 4 одговориле со **не** на прашањето.

Слика бр.5

2.Дали сметате дека денес е можно да се биде верник од една страна а од друга страна модерен човек во современо општество во кое религијата нема централно место?



	Машки испитаници од православна вероисповед до 26 год.		Женски испитаници од православна вероисповед до 26 год.	
не	4		5	
да	6		5	

Кај испитаниците на возраст од 27 до 55 години од православна вероисповед, од вкупно 11 машки испитаници, 7 одговориле **да** и 4 одговориле **не**. Кај женските испитаници на возраст од 27 до 55 години од православна вероисповед, од вкупно 9 испитаници, 8 испитаници одговориле **да** и 1испитаник одговорил **не.** Графички прикажано:

Слика бр.6


2.Дали сметате дека денес е можно да се биде верник од една страна а од друга страна модерен човек во современо општество во кое црквата нема централно место?
Машки испитаници од православна вероисповед - 27 до 55 год
Женски испитаници од православна вероисповед - 27 до 55 год.,
Не
4
1
Да
7
8

Кај испитаниците од 56 до 76 години од православна вероисповед, од вкупно 8 испитаници од машки пол 2 одговориле **да** и 6 испитаника одговориле **не**. Кај испитаниците од женски пол на возраст од 56 до 76 години, 2 испитаника одговориле **да** и 10 испитаника одговориле **не**. Табеларно представено:

Слика бр.7



Споредбата меѓу испитаниците до 26 години и испитаниците од 56 до 76 години покажува дека од вкупно 20 испитаници на возраст до 26 години, 11 одговориле **да** и 9 одговориле **не**. Кај испитаниците на возраст од 56 до 76 години, 4 одговориле **да** и 16 одговориле **не**. Графички прикажано:

Слика бр.8



Според резултатите 27 % од постарите генерации сметаат дека е возможно во исто време да се биде верник и модерен човек а додека пак 73 % од младата генерација до 26 години сметаат дека е можно да се биде во исто време и верник и модерен човек во современото општество.

Слика бр.8

На третото прашање кое гласи „ **Дали мислите дека религијата придонесува за хармонија во семејството?**“ понудени се два одговори: **да** или **не**. Кај испитаниците од машки пол на возраст до 26 години од вкупно 10, 7 испитаника одговориле **да** и 3 одговориле **не**. Кај испитаниците од женски пол од православна вероисповед од вкупно 10, 7 одговориле **да** и 3 одговориле **не.** Графички прикажано:

Слика бр.9



,

Кај испитаниците од машки пол на возраст од 27 до 55 години од православна вероисповед, сите 11 испитаници одговориле **да** на прашањето и кај испитаниците од женски пол на возраст од 27 до 55 години сите одговориле **да** на прашањето. Според резултатот 100% од испитаниците од 27 до 55 години сметаат дека религијата придонесува за хармонија во семејството.

Кај испитаниците од машки пол на возраст од 56 – до 76 години, сите 8 испитаници одговориле **да** на прашањето. Исто така, сите испитаници од женски пол одговориле **потврдно** на прашањето. ,

Според добиените резултати од вкупниот број на испитаници (60), 90% сметаат дека религијата придонесува за хармонија во семејството и 10% од испитаниците (до 26 години) сметаат дека религијата не допринесува за хармонија во семејството. Не постои разлика во мислењето на испитаниците од 27 до 55 години и испитаниците од 56 до 76 години и сите сметаат дека религијата придонесува за хармонија во семејството за разлика од испитаниците до 26 години каде 10 % од нивниот вкупен број сметаат дека религијата не допринесува за хармонија во семејството. Графички прикажано:

Слика бр.10

На 4 прашање кое гласи: „ **Дали сметате дека со воведувањето на предмет – религија во училиштата ќе се помогне на младите да се изградат во личности со многу појаки морални карактеристики?**“ се понудени два одговори: **да** или **не.** Кај испитаниците од машки пол на возраст до 26 години, 6 одговориле **да** и 4 испитаника одговориле **не** – дека не е потребно на воведување предмет – религија во училиштата. Кај испитаниците од женски пол на возраст до 26 години, 7 одговориле **да** и 3 испитаника одговориле **не**.

Слика бр.11

Кај машките испитаници на возраст од 27 до 55 години од православна вероисповед, 9 се изјасниле со **да** на прашањето и 2 со **не**, додека пак кај женските испитаници на возраст од 27 до 55 години, 8 се изјасниле со **да** и 1 испитаник со **не**.

Слика бр.12

4.Дали сметате дека со воведувањето на предметот - религија во училиштата ќе се придонесе младите да се изградат во личности со појаки морални карактеристики?



	Испитаници од машки пол на возраст од 27 до 55 години		Испитаници од женски пол на возраст од 27 до 55 години	
не	2		1	
да	9		8	

Кај испитаниците од машки пол на возраст од 56 до 76 години од православна вероисповед, 3 се изјасниле со **да** и 5 испитаника со **не**, додека пак кај испитаниците од женски пол сите 12 испитаника се изјасниле со **не** на прашањето.

Слика бр.13

Дали сметате дека со воведувањето на предметот - религија во училиштата ќе им се помогне на младите да се изградат во личности со појаки морални карактеристики?



	Испитаници од машки пол на возраст од 56 до 76 години		Испитаници од женски пол на возраст од 56 до 76 години	
Не	5		12	
да	3		0	

Споредбата на резултатите на испитаниците до 26 години и испитаниците од 56 до 76 години – вкупно 40 испитаници, го дава следниов приказ:

Слика бр.14

Дали сметате дека со воведувањето на предметот - религија во училиштата ќе се помогне на младите да се изградат во личности со појаки морални карактеристики?

На 5-тото прашање- Дали ја имате прочитано библијата и ги почитувате законите кои се напишани во неа? “ се понудени два одговори:

да или **не**. Кај испитаниците до 26 години од вкупно 20, 2 испитаника одговориле **да** и 18 испитаника одговориле **не**. Кај испитаниците на возраст од 27 до 55 години од вкупно 20 испитаника, 11 одговориле **да** и 9 одговориле **не.** Кај испитаниците на возраст од 56 до 76 години од вкупно 20 испитаника, 6 одговориле **да** и 14 испитаника одговориле **не**. Графички прикажано:

Слика бр.14



Според добиените резултати направив споредба меѓу испитаниците до 26 години и испитаниците од 27 до 55 години.

Слика бр.15

Испитаници од 27 до 55 години
Да
Не
45%
55%
Испитаници до 26 години
Да
Не
10%
90%

Според добиените резултати може да се утврди дека само 10% од испитаниците до 26 години ја имаат прочитано библијата и ги почитуваат законите кои се напишани во неа. Кај испитаниците од 27 до 55 години, 55 % ја имаат прочитано библијата и ги почитуваат законите кои се напишани во неа. Значи, заинтересираноста за библијата драстично е поголема кај испитаниците од 27 до 55 години.

На 6 прашање кое гласи: „**Дали често се молите и присуствувате на литургија?“** дадени се два можни одговори: **да** или **не.** Кај испитаниците од машки пол на возраст до 26 год, 3 испитаници одговориле **да** и 7 испитаника одговориле **не**. Кај испитаниците од женски пол до 26 години, 5 одговориле **да** и 5 испитаника одговориле **не**.

Кај испитаниците од машки пол на возраст од 27 до 55 години, 5 испитаника одговориле **да** и 6 испитаника одговориле **не.** Кај испитаниците од женски пол на возраст од 27 до 55 години, 8 испитаника се изјасниле со **да** и 1 испитаник со **не**.,

Кај испитаниците од машки пол на возраст од 56 до 76 години, 6 испитаника се изјасниле со **да** и 2 испитаника се изјасниле со **не**. Кај испитаниците од женски пол на возраст од 56 до 76 години, 9 испитаника одговориле **да** и 3 испитаника одговориле **не**.

Слика бр.16

6.Дали често присуствувате и се молите на литургија?



	Испитаници од машки пол до 26 год	Испитаници од женски пол до 26 год	Испитаници од машки пол од 27 до 55 год	Испитаници од женски пол од 27 до 55 год	Испитаници од машки пол од 56 до 76 год	Испитаници од женски пол од56 до 76 год
не	7	5	6	1	2	3
да	3	5	5	8	6	9

Од вкупниот број на испитаници 36 испитаници се изјасниле дека често се молат и присуствуваат на литургија и 24 испитаници дека често не се молат и не присуствуваат на литургија. Најголем е бројот на испитаници од женски пол на возраст од 56 до 76 години кои одговориле да – 9 испитаници а најмал е бројот на машки испитаници на возраст до 26 год кои одговориле да -3 испитаници.

На 7 прашање кое гласи: „ **Дали ги почитувате 10-те божји заповеди**?“ понудени се два можни одговори: да или не. Кај испитаниците на возраст до 26 години, 19 испитаници одговориле **да** и 1 испитаник одговорил **не**. Кај испитаниците на возраст од 27 до 55 години, сите 20 испитаници одговориле **да** на прашањето дали ги почитуваат 10 те божји заповеди. Кај испитаниците на возраст од 56 до 76 години,сите 20 испитаници одговориле **да** на прашањето. Од вкупно 60 испитаници од православна вероисповед, 99% одговориле дека ги почитуваат 10 те божји заповеди. На ова прашање не постои разлика во размислувањето меѓу трите генерации на испитаници.,

На 8 прашање кое гласи: „ **Дали верувате во казна доколку направите грев или награда за добро дело на оној свет?“** има два понудени можни одговори: **да** или **не**. Кај испитаниците до 26 години, 16 одговориле **да** и 4 испитаници одговориле **не**. Кај испитаниците од 27 до 55 години, 19 испитаника одговориле **да** и 1 испитаник одговорил не. Кај испитаниците од 56 до 76 години, сите 20 испитаника одговориле **да** на прашањето. Не постои голема разлика мегу трите генерации на испитаници од православна вероисповед на ова прашање. Испитаниците од 56 до 76 години 100% се изјаснија со **да** на ова прашање за разлика од младите генерации (до 26 год) од кои 80% веруваат во награда или казна додека пак 20% од нив не веруваат во постоење на награда или казна на оној свет. Графички претставено:

Слика бр.17

Деветото прашање се однесува на тоа дали испитаникот го практикува 40- дневниот период на пост пред најголемиот христијански празник Велигден. И на ова прашање има понудени два можни одговори: **да** или **не**. Кај испитаниците од машки пол на возраст до 26 години, 1 испитаник одговорил **да** и 9 испитаници одговориле **не**. Кај женските испитаници на возраст до 26 години, 2 испитаника одговориле **да** и 8 испитаника одговориле **не**.

Кај испитаниците од машки пол на возраст од 27 до 55 години, 1 испитаник одговорил **да** и 10 испитаници одговориле **не**, додека пак кај испитаниците од женски пол на возраст од 27 до 55 години, 4 одговориле **да** и 5 испитаници одговориле **не**.,

Кај испитаниците од машки пол на возраст од 56 до 76 години, 2 испитаника одговориле **да**, 6 испитаника одговориле **не**. Кај испитаниците од женски пол на возраст од 56 до 76 години 2 одговориле **да** и 10 испитаника одговориле **не**.

Слика бр.18

Според тоа, не постои голема разлика на одговорите помеѓу трите генерации на испитаници од православна вероисповед.

10 –то прашање се однесува на тоа кој најмногу влијае на религиските ставови на испитаниците. На ова прашање испитаниците одговараа со набројување. Кај испитаниците до 26 години најбројни се одговорите каде се наведени родителите (18одговори) кои влијаат на религиските ставови на младите, потоа околината во која живеат (9 испитаника) и два испитаника додале дека црквата влијае на нивните религиски ставови.

Слика бр.20



Кај испитаниците на возраст од 27 до 55 години, на прво место се вбројуваат родителите (15 испитаници ги наброиле родителите), 8 испитаници ја наброиле и околината, 1 испитаник ја истакнал својата свест за стекнување на своите религиски ставови, 2 испитаници го наброиле и црковното лице – поп како поттикнувач на религиските ставови, 1 испитуник ја истакнал и литературата со религиска содржина како поттикнувач на религиските ставови.

Слика бр.21



Кај испитаниците на возраст од 56 до 76 години, сите испитаници на прво место ги набројале родителите како поттикнувачи на религиските ставови, а на второ место ги набројуваат црквата и црковното лице – поп.

Слика бр.22





Заклучок

Анализата на одговорите на испитаниците, покажува дека припадниците на постарата генерација се идентификуваат како верници, меѓутоа, голем е и бројот на млади луѓе кои одговориле дека се верници.

Ставовите и мислењата на младите генерации се разликуваат во споредба со постарите генерации само во неколку насоки. Младите настојуваат да бидат во тек со модерните времиња на живеење и глобалните процеси кои се случуваат насекаде во светот, но при тоа не забораваат на своите корени и традиции. Настојуваат да го задржат својот религиски идентитет, својата автентичност и религиски вредности. Младите во голем процент сметаат дека е возможно да останат верници, а при тоа да бидат модерни граѓани на ова современо општество. За разлика од нив, постарите генерации сметаат дека не може во исто време да се задржат религиските традиционални вредности и да се биде модерен човек.

Голем е процентот на испитаниците кои веруваат дека религијата придонесува за хармонијата во семејството. Православието го застапува мислењето дека религиозните вредности се во основата на личните, меѓусебните и семејните односи во едно семејство. Според испитаниците тие вредности се клучни за хармонија во семејството, дури 90 проценти од вкупниот број испитаници веруваат во оваа претпоставка.

Во однос на потребата за воведување на предмет – религија, кој се наметна како идеја по осамостојувањето на Република Македонија и беше најмногу иницирана од црквата, мислењето беше поделено. Голем дел од младите луѓе веруваат дека со проучувањето на самиот предмет – религија би се постигнала поголема толерантност и взаемно почитување на верниците од една вера, а истовремено ќе се зголеми толеранцијата и почитувањето кон другите религии, ќе се зголеми моралноста кај младите луѓе итн. Интересно е што испитаниците од постарите генерации во поголем број се против воведување предмет – релгија. Дополнителните разговори со оваа популација застапена во примерокот, покажаа дека повозрасните, како причина против религијата како училишен предмет, ја наведуваат преоптовареноста на учениците и непостоењето на доволно квалификуван кадар кој ќе ги учи младите на етничко – верска трпеливост и толеранција. Многу од нив како аргумент против воведувањето на предметот наведоа дека верската определба е лично чувство, личен став и мислење и државните институции и училиштата немаат право да го наметнуваат проучувањето на религија како задолжителен предмет.

Библијата низ вековите била и останала непресушен извор на верата, духовните богатства и мудрости. Таа, пред се, ја претставува мудроста и за православните христијани е еден вид на приватна школа за моралот, етиката, универзалноста и безвременоста на божјите заповеди, оттаму несомнено беше дел од прашалникот. Испитаниците од 27 до 55 години сметаат дека токму библијата не насочува кон верата во религијата, кон бога, кон внатрешниот духовен мир додека пак младите до 26 години сметаат дека современиот начин на живот не им дозволува да се посветат на духовното, на проучувањето и читањето на светите книги. Најголем дел од испитаниците ги почитуваат десетте божи заповеди и веруваа во казна или награда на оној свет.

Семејството има влијание врз религиските определби на испитаниците, врз нивниот поглед на светот и религиските вредности кои ги имаат. Испитаниците без разлика на која генерација припаѓаат, ги набројуваат родителите како поттикнувачи на нивните религиски ставови. Веруваат дека религијата сама по себе носи голем број на морални пораки за младите, посредно или непосредно влијае врз формирањето на морални ставови, влијае врз доброто однесување меѓусебно почитување, но за да се стекнат тие религиски ставови, потребно е насочување на младата личност и тоа најчесто

се случува во кругот на семејството. Колку се родителите порелигиозни, толку повеќе им ја пренесуваат религиозноста на своите деца.

Генералниот заклучок е дека наспроти мислењето дека религијата нема важно место во животот на младите луѓе изненадуваат заклучоците од анализата која ја опфати ова истражување. Младите испитаници се препознаваат како верници. Младите настојуваат да бидат во тек со модерните времиња на живеење и глобалните процеси кои се случуваат насекаде во светот, но сеуште е присутно влијанието на корените и традицијата. Религиски идентитет е присутен кај најголемиот дел од испитаниците како и почитувањето на религиските вредности. Поголемиот дел од младите се ритуални верници и ги практикуваат оние традиции кои ги извршуваат нивните родители. Од добиените резултати може да се констатира дека не постојат големи разлики помеѓу ставовите на трите генерации во однос на религиозноста и религиските вредности. Семејството останува да биде клучниот факор во религиската определба на испитаниците и стекнувањето на религиските вредности. Сепак, остануваат отворени многу прашања кои бараат дополнителна анализа. Дали младите се привидни верници кои се изјаснуваат како верници, а не ја познаваат вистински својата религија? Колку често се служат со ритуалните активности? Какво е влијанието на религијата во нивниот секојдневен живот? И доколку строго се придржуваат на религискиот морал и етика, зошто постојано се зголемува бојот на аморални појави кај младите луѓе во нашето општество?..... Овие прашања остануваат како предизвик за понатамошна анализа и продлабочување на ова истражување со помош на квалитативни инструменти.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Kuburić, Z., *Religija porodica I mladi,* Ćigoja Štampa, Beograd, 2008.

Ацевски, И, *Културна Антропологија-Поглед на свет, Религија 225-257*, Филозофски Факултет, Скопје, 2015.

Ацевски, И., *Социологија-Религија, поглавје 19*, Филзофски факултет, Скопје 2013.

Лукић, Р., *Социологија морала*, Српска Академија наука и уметности, Београд, 1974.

Матевски, З., *Семејството и религијата-Авторизирани предавања,* Филозофски Факултет, 2015.

Митревски, Т., *Православна христијанска апологетика,* Православен Богословски Факултет „Свети Климент Охридски", Скопје ,1983.

Пандовски, С., *Македонската религија преточена во Христијанството,* Битола, 2001.

Ристески, Љ., *Христијанството и народната култура во Република Македонија- Културно историски аспект*, Етнолог, Скопје, 2004.

Свадлер, Л., и Мојзес, П., Изучување на Религијата во ерата на глобалниот дијалог, 2005.

Никола Амбарков
д-р на политички науки
ambarkov_nkl@yahoo.com amvelbares@gmail.com

УДК.342.725:341.24(497.7:497.2)
329.17:341.24(497.7:497.2)

ЈАЗИК И НАЦИОНАЛИЗАМ. БУГАРСКО-МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИЧЕН СПОР ВО КОНТЕКСТ НА ПОТПИШАНИОТ ДОГОВОР ЗА ДОБРОСОСЕДСТВО МЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ

Апстракт

Во теориите за нацијата и национализмот јазикот се смета за една од важните детерминанти што ја чинат основата на нацијата. Јазичниот спор меѓу Македонија и Бугарија не е од денес. Во многу остра форма постои уште од втората половина на XIX кога се искристализираа две гледишта: едното кое подразбираше заеднички јазичен стандард за Македонците и Бугарите и ставот на т.н *македонисти* кои инсистираа на самостоен јазичен развој на македонската нација. Со кодификацијата на македонскиот јазичен стандард, по 1944, јазичниот спор со Бугарија доби друга димензија. По прогласувањето на независноста на Р.Македонија и нејзиното признавање од страна на Бугарија, во 1992, редица двострани договори остануваат непотпишани поради јазичниот спор. Пробивот е направен во 1999 со Декларацијата за добрососедство која беше потпишана на македонски јазик во согласност со Уставот на РМ, и на бугарски јазик во согласност со Уставот на Бугарија, формулација која е антиципирана и при потпишување на Договорот за добрососедство од 2017. Целта на овој труд е со користење на историскиот и експликативниот приод да се објасни генезата на македонско-бугарскиот јазичен спор, особено неговата ескалација по кодификацијата на македонскиот јазичен стандард од 1944/45. Преку компаративниот приод е направена анализа, вклучително и со користење на аналогии во други национални јазични контексти, за неодржливоста на бугарската теза за непостоење на самостоен македонски јазик. Посебен осврт ќе се направи на дилемата дали со формулацијата од Договорот „јазик согласно Уставот“ Бугарија се обидува да го девалвира и да му ја одрече автохтоноста на македонскиот јазик, како важен маркер за идентитетот на македонската нација. Главната цел на овој труд е да покаже дека тезата за непостоење на македонскиот јазик е неодржлива особено во светло на современите методи, техники и научни достигнувања на современата (социо)лингвистичка наука, кои ќе бидат наведени во овој труд, и несомнено се во македонска корист.

Клучни зборови: *национализам, јазичен спор, Македонија, Бугарија, добрососедство*;

Nikola Ambarkov
M.Sc. in European Studies, Ph.D. in Political Science
ambarkov_nkl@yahoo.com amvelbares@gmail.com

LANGUAGE AND NATIONALISM. BULGARIAN-MACEDONIAN LANGUAGE DISPUTE IN THE CONTEXT OF THE SIGNED TREATY OF GOOD NEIGHBOURSHIP BETWEEN TWO COUNTRIES

Abstract

Theories of nations and nationalism consider language as one of the important factors that define the basis of a nation. The language dispute between Bulgaria and Macedonia is not a recent issue. In its very sharp form it exists since the second half of 19th century when the two views were determined: one which embraced a common linguistic standard for Macedonians and Bulgarians; and the position of the so called *makedonisti*, who insisted that a separate linguistic development for Macedonian nation must be introduced. With the codification of the Macedonian linguistic standard in 1944, the language dispute with Bulgaria reached another dimension. Following the proclamation of the Macedonian Independence and their recognition by Bulgaria in 1992, a number of contracts of mutual cooperation remained unsigned due to the linguistic dispute. A breakthrough was made in 1999 when the Declaration for Good Neighbourship was signed in Macedonian language in accordance with the Constitution, and Bulgarian language in accordance with the Bulgarian Constitution, and a formulation which was also accepted when the Treaty of Good Neighbourship was signed in 2017. The purpose of this paper is to use the historical and explicative approach to explain the genesis of Bulgarian - Macedonian language dispute, especially its escalation following the codification of the Macedonian standard language in 1944/1945. Analysis was performed with the comparative approach, which included analogies with other national linguistic contexts for the unsustainability of the Bulgarian thesis for non-existence of an independent Macedonian language. A special review was carried out due to the dilemma on whether the formulation from the Treaty "Language in accordance to the Constitution" was Bulgaria's attempt to devalue and deny the autochthony of the Macedonian language as an important marker of the Macedonian nation.

The main goal of this paper is to show that the thesis of a non-existing separate Macedonian language is unsustainable, especially in light of modern methods, techniques and scientific achievements of the contemporary (socio) linguistic science, which will be outlined in this paper, and which are undoubtedly in the Macedonian favour.

***Key words**: nationalism, linguistic dispute, Macedonia, Bulgaria, good-neighborliness;*

Вовед

Заедничкиот јазик, во теориите за нацијата и национализмот, се смета дека е една од „клучните детерминанти што ја чинат основата на нацијата.“[1]

Јазикот е важен, ако не и најважна одлика на идентитетот на еден етницитет, но во светот имаме ситуации кога еден јазик е говорен исклучиво од една нација (Јапонци, Чеси, Албанци, Унгарци), или политички нации кои се служат со повеќе јазици (Белгијци, Швајцарци, Канаѓани), но и обратно, кога еден јазик опслужува повеќе нации (англиски, шпански, француски).[1]

„Почетоците на јазичното планирање во Македонија датираат од 19 век, преку значајната 1903, кога од печат излезе делото ‘За македонцките работи’ од Мисирков, се до 1945, кога македонскиот јазик го доби вистинскиот статус.“[2]Во југословенската федерација, Македонија „за првпат имаше можност да го изрази, негува и развива својот национален и културен индивидуалитет.“[3] Јазикот како столб на таквиот културен индивидуалитет го доживеа, во овој период, своето златно време и процут, за по дисолуцијата на некогашната Југославија, и етаблирање на независната македонска држава го зацврсти својот статус на единствен службен јазик, статус кои траеше се до 2001-та.[4]

Со конституирањето на современата македонска држава, како федерална единка на Југославија, и прогласувањето на македонскиот јазик за одделен и различен од бугарскиот, на 2 август 1944 г. од страна на Првото заседание на АСНОМ, во Софија со текот на годините се искристализира гледиштето дека „македонската нација е ‘вештачки создадена’ врз основа на

[1]Климовски, С.; Каракамишева, Т.; Дескоска, Р.; *Уставно право и политички систем*, Просветно дело, Скопје, 2012, стр. 951.

[1]Груевска – Маџоска, С., *Статусот на македонскиот јазик во Република Македонија*, Спектар, бр. 58, Том II, 2011, стр. 544.

[2]Ibid.,

[3]Младеновски, Ѓ., *Република Македонија: Во потрага за една нова мултикултурна конфигурација*, Предавања на XLI меѓународен семинар за македонски јазик и култура, Охрид, Универзитете „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2009, стр. 222.

[4]Груевска – Маџоска, С., *op cit.*, стр. 544.

бугарското етничко мнозинство во (...) југословенска Македонија. Според истото ова гледиште, македонскиот јазик, истоветно како и нацијата, е 'вештачки' и е создаден со политички декрет: всушност станува збор за дијалект, видоизменет преку едно водено од политички мотиви 'србизирање'(...) и дека Словените од Македонија секогаш биле Бугари, а денешните 'етнички Македонци' се нивни наследници."[5]

Овие тези на бугарската политика го имаат својот рефлекс и неколку месеци по прогласувањето на македонската независност на 8 септември 1991, особено кога во 1992 Бугарија прва ја призна прогласената независност, но од страна на тогашниот претседател Жељу Желев беше потенцирано дека тие ја признаваат политичката реалност – Република Македонија, но дека никогаш нема да прифатат постоење на самобитна македонска нација и јазик.[6] Германскиот историчар Штефан Требст ќе констатира дека бугарската балканска политика по промените и падот на комунизмот во 1989 го поддржуваше осамостојувањето на Република Македонија и релативно брзо ја призна државата, но:

> голем дел од политичката елита во Бугарија е на мислење дека потенцијалното членство на Македонија во НАТО и ЕУ треба да се искористи како средство на притисок за да се обезбеди еден вид договор со Скопје во врска со дефинирањето на македонскиот јазик, историјата на Македонија (...) Затоа и лесно може да се претпостави дека од македонска страна, по ова прашање, нема да има подготвеност за компромис, зашто невообичаено е работите како јазикот, историјата и сл., вака да се третираат. Тие не се категории на кои еден народ може да има право или не. Во најмала рака не може еден јазик туку така да се означи. Јазиците меѓународно не се признаваат, туку тие се едноставно тука, постојат. Се признаваат или не државите.[7]

Бидејќи Софија продолжи да се спротивставува „на постоењето на македонски словенски национален идентитет, различен од бугарската националност и јазик (…) и како резултат на разгорените спорови меѓу бугарските и македонските политичари, научници и медиуми, кон крајот на 90-те години над дваесет двострани договори остануваат непотпишани."[8]

---

[5]Маринов, Ч., *В защита на родната реч: стандартизирането на македонският език и българско-македонските лингвистични полемики*, във Румен Даскалов и Чавдар Маринов (ред.), Преплетените истории на Балканите. Национални идеологии и езикови политики, Том 1, Нов български универзитет, София, 2013, стр. 419.

[6]Ibid., стр 418-19.

[7]Требст, Ш., *За јазикот и историјата не може да се преговара*, интервју за Дојче Веле на македонски јазик, **http://www.dw.com/mk**, 09.07.2013.

[8]Маринов, Ч., *op cit.*, стр. 419.

Пробивот сепак беше направен на 22 февруари 1999 година, кога премиерите на двете земји ја потпишаа заедничката Декларација за пријателство и соработка меѓу Македонија и Бугарија, каде формулата и за двата јазика беше - македонски јазик, според Уставот на Македонија и бугарски јазик, според Уставот на Бугарија. На 1 август 2017, текстот на оваа Декларација беше окосница на сега веќе доразработениот Договор за пријателство, добрососедство и соработка меѓу двете земји каде беше применета истоветна формулација за јазикот.

Сепак, јазичниот спор меѓу двете земји останува да биде неразрешен и се наметнува дилемата дали истиот ќе биде засегнат во Заедничката мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања, на паритетна основа, која двете Влади ја комплетираа во средината на месец мај 2018 година, согласно членот 8 (2) од Договорот за добрососедство и пријателство. Судејќи според составот на бугарскиот дел од Комисијата, во кој е вклучен филолог, специјалист за „старобугарска и преродбенска литература“, за претпоставување е дека на некои од предвидените тематски круг-разговори на Комисијата може да биде покренато ова прашање, независно од фактот што самата Комисија е формирана, во прв ред, за објективно и засновано на автентични докази и историски извори, научно толкување на историските настани, а не на лингвистичките процеси меѓу двете држави.

1. Генезата на македонско-бугарскиот јазичен спор

„Јазичниот спор не е од денес. Тој постои во многу остра форма и во текот на втората половина на XIX век.“[9] Ова е периодот на „заедничките напори на македонската и на бугарската граѓанска интелигенција, кои воделе кон заедничка кауза, која по извесно време довела до судир. Имено, бугарскиот јазик, кој е заснован врз источнобугарското наречје, во лик на бугарски учебници, не можел да најде соодветна почва во македонските училишта.“[10] Затоа од 60-тите година на XIX век западномакедонскиот говор веќе рапидно почна да се налага во пишаната реч и учебниците, особено на Зографски, Шапкарев, Македонски, Узунов.[11] Познат е ставот на Партенија Зографски од 1858[12]:„Македонското наречие не толко не требет и не может да бидет

[9]Шклифов, Б. *За разширението на диалектната основа на българския книжовен език и неговото обновление,* вестник Новинар, 26.09.2003 г., стр 1.

[10]Тантуровска, Л., *Во потрагата по идентитетот на македонскиот јазик,* Спектар, бр. 58, Том II, 2011, стр 540.

[11]Ристовски, Б., *Периодизацијата на македонскиот литературно-културен развиток,* Филолошки студии, Број 1, 2008.

[12]Сепак, бугарската историографија и наука за јазикот ги негира ваквите ставови на македонските колеги, тврдејќи дека Партеній Зографски кој велел дека „нашиот јазик,

искључено от обштијот писмениј јазик. Подобро ќа беше да се примаше за главна негова основа; по таја причина што оно е полнозвучно, поплавно и постројно, и во много отношенија поплно и побогато.“[13]Токму во оваа смисла и преродбеници како Кузман Шапкарев не се согласуваат со доминацијата на источниот бугарски говор и развиваат теза дека истиот е неразбирлив во Македонија, па оттука во 1868 ја лансира идејата за пишување на јазик, достапен за неговите сонардоници во Македонија, идеја која треба да биде доразработена во проект - речник, кој ќе содржи преводи од македонски на бугарски и обратно.[14] Бугарските печатени изданија ја осудуваат идејата на Шапкарев[15] и го обвинуваат: „па каква полоша мисла од таа треба да има господин Шапкарев, тој знае каде пипа, денеска букварче, утре други учебни книги и туку ќе го видиш ти извадил и ти составил и некоја историја на македонскиот народ.“[16] Во истата година 1868, учителот Никола Поп Филипов, во своето писмо објавено во весникот „Македонија“, вели: „Учебните книги преведени на бугарско наречје (балкански) јазик досега многу малку биле поразбирливи за нас Македонците од оние на црковно словенски јазик: затоа и корист сосем мала сме имале од нив.“[17] Четири години подоцна слична реакција, како Шапкарев, провоцира учителот и унијатски свештеник Венјамин Мачуковски кој објавува решение да напише граматика според македонските говори, кое предизвикало гневна реакција кај бугарскиот преродбеник П.Иванов кој меѓу другото ќе одбележи: „од кого го зедовте примерот да правите провинцијална граматика. Нема Русите да имаат граматика за Великорусите и Малорусите (...) т.н македонско наречје многу се расипа под влијание на арнаутското, српското, цинцарското и грчкото наречје. Тоа наречје

како што е познато се дели на две главни наречија, од кои едното се говори во Бугарија и Тракија, а пак другото во Македонија“, се залагал за општ бугарски јазик, а не за компромис меѓу две нации и два јазика, но според Чавдар Маринов херменевтичката анализа на текстот на Зографски од 1858, ја усложнува фактот што и српскиот јазик во него е означен како наречје. Види: Маринов, Ч., *op cit.,* стр. 439.

[13]Цитирано во: Тантуровска, Л., *op cit.,* стр.541.

[14]Маринов, Ч., *op cit.,* стр. 440.

[15]Во 1870 Шапкарев, слично како и една деценија претходно Зографски, се залага за источно-западен дијалектен компромис при изградбата на заедничкиот јазик со Бугарите, критикувајќи го притоа монодијалектниот пристап на Марин Дринов (од Бугарското книжевно друштво) и потенцирајќи во цариградскиот весник Македонија дека „без македонските говори кои кријат толкаво богатство, книжевниот јазик ќе ни претставува една полна јазична Вавилонија.“ Цитирано во: Шклифов, Б., *op cit.,* стр.1

[16]Оваа реакција е на редакцијата на Цариградскиот весник *Ден*. Цитирано во: Блаже Ристовски, *Столетија на македонската свест*, Скопје, 2001.

[17]Стаматоски, Т., *Никола Поп Филипов, ран претходник на Мисирков*, Македонскиот јазичен идентитет, Култура, Скопје, 2004.

треба да се сведе по правилата на досега отпечатените бугарски граматики. Ако не ви се допаѓаат Груевата, Момчиловата, Војновата и други граматики, направете подобра, но не македонска..."[18]Бугарската историографија и наука за јазикот, ваквите дебати меѓу автори од Источна и Централна Бугарија и Македонија во текот на 60-те и 70-те години на XIX век не ги определува како конфликт помеѓу два национални табора, но останува фактот дека бугарското јазично планирање на ги антиципира македонските говори.[19] Српскиот научник, политичар, државник, дипломат, Стојан Новаковиќ, кој бугарската наука и до денес го обвинува како катализатор на т.н *македонизам*,[20] ни посочува во своето дело *Балканска питања* (1886- 1905), дека македонско-бугарскиот јазичен судир во рамките на образовниот процес во училиштата во османлиска Македонија, кои работат под егидата на Бугарската егзархија,[21] продолжил со несмален интензитет и во последниот четврт од XIX век:

> Најпослем има уште една појава која неможе да се испушти од очите. Тоа е тежнеењето на Македонците да останат сами за себе (...) и ова тежнеење нарочно почна да се буди од спротивставеноста помеѓу бугарските и македонските говори, и меѓу бугарскиот и македонскиот карактер, од времето кога бугарската пропаганда почна со се поголема наглост и острина да удира по македонските особини во името на пан-бугаризмот. Дури и меѓу платените професори во бугарските средни училишта, по Македонија, се наоѓаат луѓе кај кои се будат овие тежненија, точно како што се гледа кај Малорусите против униформитетот руски.[22]

Новаковиќ нагласува дека оваа ситуација е особено карактеристична за Егзархиската гимназија во Солун каде „неуредениот и нејасниот бугарски книжевен јазик, со кои гимназијата работи против македонскиот народен дијалект, наидува на препреки и предизвикува отпор, со кои бугарската

[18]Весник *Право*, г. 7, бр. 34, Цариград, 30 октомври 1872 г.

[19]Маринов, Ч., *op cit.,* стр. 440.

[20]независно од фактот што „терминот 'македонизам' директно го преземал од познатиот бугарски општественик Петко Рачев Славејков. За разлика од П. Славејков, кој со тоа сакал да ја покаже 'антиисториската', а со тоа и 'антибугарската' природа на македонските преродбенски процеси, С. Новаковиќ, во процесот на навлегувањето на српската пропаганда во османлиска Македонија, по Источната криза, се обидел да го искористи терминот 'македонизам' и да го претвори во свој сојузник."Митрова, М.; Пандовска, М.; *„Македонизмот" на Стојан Новаковиќ: Еден поглед кон „другоста"*, Спектар, бр. 57, Том I., 2011.

[21]која „била востановена со султански ферман на 28 февруари 1870 г." Котлар – Трајкова, Н*., Македонското прашање во балканскиот контекст (1856 – 1875),* Спектар, бр. 57, Том I, 2011, стр. 168.

[22]Новаковић, С., *Балканска питања*, Државна штампарија Краљевине Србије, Београд, 1906, стр. 267.

пропаганда ќе има се повеќе работа него што си мисли, а на што на почетокот не се сметаше.“[23] За Бугарите, како што забележува Маринов, е изненадувачки фактот што прв застапник на тезата за специфичен карактер на македонскиот јазик е етничкиот Бугарин од Бесарабија – Петар Драганов, кој по покана од Бугарската егзархија, од 1885 до 1887 година работи како професор токму во Солунската машка гимназија.[24] Поради ваквите негови ставови, кои биле во директен судир со теориите на неговите бугарски работодавачи, Драганов се враќа во Русија каде преку бројни написи и предавања ги поставува темелите на македонистиката во Русија. Ваквата дејноста на Драганов, од ***крајот на XIX век и почетокот на XX век,*** дополнително коинцидира со периодот кога „во славистиката започнува да си пробива пат една друга идеја – тезата дека словенскиот македонски говор не е ниту српски, ниту бугарски, а одделен словенски јазик.“[25]По однос на оваа прашање предничела една од најсилните филолошки и лингвистички школи – Петроградската, чиј претставници Лавров и Бодуен де Куртене гледале на македонските наречија како одделен претставник во словенската фамилија на јазици.[26]Тука треба да се посочи и естонецот Леонард Мазинг, кој во 1890 година на Универзитетот во Тарту ја одбранил докторската дисертација насловена како: „За јазиковната оценка на Македонските Словени“.[27]

Во овој период треба да се посочи и активноста на *Младата македонска книжевна дружина* во Софија, основана во 1891 г., која од 1892 – 1894 година го издава сп.„Лоза” во кое „тие ги согледуваат недостатоците на новобугарскиот книжевен јазик, создадени единствено над источнобугарска основа, кое е пречка за негово масовно усвојување во Македонија.“[28]За јазикот на лозарите, кои добар дел од нив подоцна ќе станат и активни дејци на Македонската револуционерна организација, академик Блаже Ристовски ќе забележи дека „јазикот на првите четири броја на ‘Лоза’ и не може да се нарече македонски, но тој содржи многу македонизми во лексиката, фонетиката, но и во морфологијата.“[29]

[23]Ibid., 271.
[24]Маринов, Ч., *op cit.*, стр. 428.
[25]Ibid.,
[26]Пандев, Д., *Крсте Петков Мисирков*, документарен филм, во продукција на Film-trick editing и МРТ, 2016.
[27]Булатова, Р. В., *Првиот истражувач на јазикот на Македонските словени Л. Г. Мазинг (1845–1936)*, 1982.
[28]Шклифов, *op cit.*, стр. 2.
[29]Ристовски, Б., *Македонската национална свест од лозарството до другарството*, во: Ослободителните борби на Македонија от Источната криза до балканските војни, МАНУ, Скопје, 2008, стр. 31.

Теорија за засебен македонски јазик, која започна да се пробива од крајот на XIX век и почетокот на XX век, продолжува да се развива и во ***периодот помеѓу двете светски војни***, а особено е прегрната од некои француски, полски и советски лингвисти. Во Франција тоа ќе бидат веќе познатите слависти, што подоцна ќе станат најзначајни француски македонисти, Андре Мазон и Андре Вајан. „Тие се беа оформиле во време кога меѓу најзначајните слависти делуваше прочуениот лингвист - индоевропеист, Антоан Меје (...) Во рамките на проучувањата на индоевропските јазици, Меје ќе го вклучи и македонскиот јазик и ќе третира и македонистичка проблематика. Познат е неговиот став дека лингвистот треба да умее да се дистанцира од пристрасните дневно-политички полемики и притоа да расудува како лингвист и 'кога се работи за научно опишување на посебните карактеристики на македонските говори во Македонија'.“[30]

Што се однесува до Полска, треба да се посочи активноста на професорот од Краков, Мјечислав Малецки, кој на прашањето дали македонските говори се српски или бугарски, одговара дека „не се ни исклучиво српски, ни бугарски, ами повеќето од нив претставуваат индивидуален дијалектен тип (којшто може да се нарече и македонски јазик), поврзан со силни јазли на сродство со двата спомнати јазици. Македонскиот е премин меѓу српскиот и бугарскиот, и неговото приклучување само кон еден од тие јазици е од лингвистичка гледна точка неосновано.“[31] Од Советскиот сојуз треба да се истакне статијата во Големата советска енциклопедија за македонскиот јазик изработена од Самуел Бренштајн (инаку специјалист и за бугарски јазик), во која ќе констатира: „јазикот на Јужните Славјани, што живеат на територијата на денешна Македонија, без оглед на значителната дијалектна разнообразност, претставува единство од македонски говори кои забележливо се разликуваат од народните говори на Тракија, Родопите, Мизија и на Стара Планина.“[32]

Лингвистите и историчарите во Скопје, како што посочува бугарскиот автор Антони Стоилов, направиле огромен напор да се истражат творби, настани, но и ставови на научници кои по некаков можен начин се поврзани со поддржувањето на тезата за постоење на одделен македонски јазик.[33] Од друга

[30]Тодорова, Л., *Славистичките проучувања во Франција за македонскиот јазик и литература*, Мираж, електронско компаратистичко списание, 2013.
[31]Malecki, M., *Z zagadnien dijalektologii macedonskiej*, Rocznik Slawistuczny XIV, Krakow, 1938, str. 142.
[32]Бернштейн, С., *Македонский язык*, Большая Советская Знциклопедия, Том 37, Москва, 1938, стр. 743 – 744.
[33]Стоилов, А., *Крайно време е за сътрудничество*, Култура - Брой 28 (2908), от 21 юли 2017.

страна, конкретно за периодот меѓу двете светски војни, бугарската наука, како контрапункт на ставовите на Меје, Вајан, Бренштајн, Малецки, се повикува на *Етнографија на Македонија* од 1924, на германскиот лингвист Густав Вајганд, во која македонските говори се посочени како дијалектна верзија на бугарскиот јазик, но треба да се нагласи дека тој е специјалист за балкански романски јазици, додека сите погоре посочени автори се специјалисти-слависти, што дава поголема тежина на нивната гледна точка.

Но, кодификацијата на македонскиот јазик по 1944, само ја репотврдува тезата на погоре наведените автори, дека со неговото стандардизирање дефакто се искристализира еден неутрален трет јазичен појас во јужнословенскиот дијалектен континуум помеѓу српско-хрватскиот и бугарскиот.

2. Бугарско-македонскиот јазичен конфликт по кодификацијата на македонскиот јазик 1944/5

„На 2 август 1944г., на Првото заседание на АСНОМ, македонскиот јазик официјално е прогласен за службен јазик во македонската држава. На 3 мај 1945 г. е усвоена македонската азбука, а на 7 јуни 1945г. е усвоен македонскиот правопис. Со ова е извршена конечната стандардизација на македонскиот јазик.“[34]Ваквата релативно доцна кодификација на македонскиот јазик е една од причините поради која кај бугарските научни работници, во полето на лингвистиката, како што правилно забележува Маринов, буди сомнеж за неговата долга историска развојност, но и тезите дека тој возникнал од ништо, или дека е плод на Титовото јазично планирање во СР Македонија е неодржлива.[35]

За Људмил Спасов стандардизацијата од 1944/5, ги синтетизира напорите на Мисирков изразени во неговото дело *За македонцките работи* „каде тој ја искажува потребата од забрзан развој на македонските културни институции во секој поглед, како и потребата македонскиот јазик да го издигне својот статус на рамниште на службен јазик.“[36] Неслучајно дејноста на Мисирков, Чуповски и другите членови на Македонското научно-литературно другарство во Петроград, како што забележува Стоилов, во Р.Македонија е објавена „за ‘прва кодификација на современиот македонски литературен

[34]Спасов, Љ., *Периодизација на историјата на македонскиот писмен јазик и неговата стандартизација во дваесеттиот век*, Филолошки студии, Том. 1., 2007, стр 232.
[35]Маринов, *op cit.,* стр. 444-5.
[36]Спасов, Љ., *op cit.,* стр. 232.

јазик', која со најмалку 40 години го испреварува неговото реално кодифицирање.“[37]

Бидејќи некои од авторите во Македонија од XIX век својот јазик го нарекуваат бугарски, лингвистите од Бугарија овие автори ги вбројуваат во нивниот национален преродбенски процес, но „дали делата на Мисирков и на другите 'македонисти' може да се прибројат кон историјата на бугарскиот јазик? Позитивен одговор на оваа прашање би изгледал чудно: овие први обиди за изградба на македонска норма очигледно се насочени против бугарското јазично господство над Словените во османлиска Македонија.“[38] Ова важи и за делата, од 30-те години на XX-от век, на драматурзите Васил Иљовски, Ристо Крле, Антон Панов, за поезијата на Кочо Рацин и Радослав Петковски, но и на Коле Неделковски и на другите претставници на Македонскиот литературен кружок во Софија,[39] кои за германскиот филолог Кристијан Фос не се просто 'литература на дијалект'.[40] Дополнително, Људмил Спасов, но и Торстен Зобрис ја нотираат важноста на весниците, административниот материјал и билтените издавани од македонската војска во текот на НОВ/НОБ (1941-45) во поглед на прогресот на јазичната стандардизација на македонскиот.[41]

Најважното достигнување на кодификацијата од 1944/5 е усвојувањето на централниот или централнозападниот словенски говор во Македонија, кој се претвора во македонски *par excellence* бидејќи: 1) е распространет на доста голема територија – од Скопје на север до Лерин на југ, а во него спаѓаат реони како Прилеп, Кичево, Битола; 2) вклучува важни градски центри и е доста хомоген бидејќи преовладувачкото население е првенствено словенско; 3) ја следи историската традиција востановена уште од Мисирков, за издигнување на велешко-прилепско-битолското-охридското наречје до степен на литературен јазик и 4) во најдобар дел од делата на погоре посочените автори од 30-те години на XX век, се напишани на ова наречје.[42] Па така, овој супрадијалект според Божидар Видоевски се претвора во *vehicular language* по природен пат,[43] а за Виктор Фридман со фундирање на македонскиот јазик врз

[37]Стоилов, А., *op cit.,*
[38]Маринов, *op cit*., стр. 442-3.
[39]Спасов, Љ., *op cit.*, стр. 234.
[40]Voss, Ch., *Sprach- und Geschichtsrevision in Makedonien*, Osteuropa 8, 2001, st. 953-967.
[41]Спасов, Љ., *op cit.,* стр. 234; Szobries, T., *Sprachliche Aspekte des nation building in Mazedonien: Die Kommunistische Presse in Vardar-Mazedonien (1940–1943)*, Steiner, Stuttgart, 1999.
[42]Види кај Маринов, *op cit.,* стр. 443.
[43]Vidoeski, B., *Five Decades Since the Codification of the Macedonian Language*, International Journal of the Sociology of Language, No. 131, 1998, p. 23.

базата на западно-централниот дијалект за официјален – просто се озаконува една веќе постоечка состојба.[44]

Со кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, напоредно започнува процес на негово дискредитирање од страна на бугарската академска заедница. Еден од таквите аспект е тврдењето за политичкото решение за негово кодифицирање, кое сепак може да се открие и при политичките резолуции, основачките конгреси и комисии во редица други јазични национални контексти.[45] Но, некои бугарски јазиковеди, како Кирил Мирчев,[46] не ја негираат легитимноста на новопојавената македонска норма,[47] повикувајќи се на Сталиновата теза дека дијалекти маргинализирани при кодификацијата на даден јазик можат при благопријатни социо-економски услови да родат различен јазик.[48]

Сепак, најголема негација за самостојниот развој на македонскиот стандарден јазик бугарските лингвисти ќе сублимираат во брошурата на Институтот за бугарски јазик при БАН „Љубомр Андрејчин“ од 1978 која излегува под наслов „Единството на българския език в миналото и днес“. Особена критика ќе изнесат кон статијата на академик Блаже Конески, од 1968, *Македонскиот јазик во развојот на словенските литературни јазици.* Бугарите најповеќе ги напаѓаат неговите аналогии за кодификацијата на македонскиот јазик со оние на словачкиот спрема чешкиот (кај западнословенските јазици) и украинскиот и белорускиот спрема рускиот (кај источнословенските јазици). Па така, учените од Институтот Андрејчин при БАН ќе забележат дека неможе да се бара аналогија помеѓу појавувањето на македонската писмена норам и појавата на украинскиот и белорускиот книжевен јазик бидејќи „помеѓу бугарските Словени во текот на XIX век не се забележува процес на диференцијација на говорите во Мизија, Тракија и Македонија, ниту пак стремежите именувањето Бугари да се замени со Тракијци или Македонци. Освен тоа, за разлика од положбата во царска Русија за време на Преродбата,

[44]Friedman, V., *Macedonian: Codification and Lexicon*, in István Fodor and Claude Hagège (ed.), Language Reform. History and Future, vol. 3, Buske Verlag Hamburg, 1989, p. 300-4.
[45]Маринов, *op cit.*, стр. 480.
[46]Треба да се потенцира дека самиот битолчанец Кирил Мирчев, специјализант од Јагелонскиот универзитет во Краков, е еден од консултираните специјалисти при кодификацијата на македонскиот јазик од страна на Лазар Колишевски, кој својата прва сопруга Лилјана Чаловска (воедно и член на президиумот на АСНОМ и раководител на Агитпроп-от при Комунистичката партија на Македонија), ја праќа во Софија кај нејзиниот вујко, брат од мајка – Кирил Мирчев. Види: Стоилов, А., *op cit.,*
[47]Како што е случајот на пример со Благој Шклифов, кој исто е по потекло од Македонија, од костурското село Черешница, за кого „‘Македонската’ азбука и литературна норма са нелегитимни.“ Шклифов, *op cit.,*
[48] Маринов, *op cit*., стр. 461.

во епохата на формирање на европските нации, не постои организирана бугарска сила, која може насилно да го наложува бугарското име и бугарскиот јазик, така што учебникарите и населението на Македонија можеле слободно да го наведат своето национално име и својот јазик.“[49] Но, бугарската наука не само во овој случај, тука и во многу други ситуации, како што забележува белгискиот специјалист за филологија и историја Рајмонд Детрез, продолжува да ги одмолчува „имињата на поголем број на македонски општественици, кои уште во 70-те години на XIX век, јасно објавуваат дека има македонски народ и македонски јазик години пред Мисирков. Има текстови, кои покажуваат, дека некои луѓе, макар продолжуваат да се сметаат за Бугари, развиваат некаков македонски партикуларизам. Има сведоштва од тоа време за прости селани, кои не сакаат да бидат нарекувани Бугари, а тврдат дека се Македонци и говорат македонски. Има убедливи документи, дека во последната четвртина на XIX век се распространува македонската национална идеологија и дека има луѓе со македонско национално сознание...“[50] И помладото поколение бугарски историчари, како Стефан Дечев, ќе забележат дека „бугарската историографија очевидно дека треба да престане да го одмолчува и маргинализира еден добро познат и документиран во ‘историските извори’ ран македонизам.“[51] Што се однесува до непостоењето на организаирана бугарска сила, која може насилно да го наложува бугарското име и бугарскиот јазик, во погоре посочената статија на бугарските лингвисти, се одмолчува улогата на Бугарската егзархија, која самата бугарска историска и лингвистичка наука ја смета за важна културно-образовна и религиска автономија на бугарскиот народ во османлиска Македонија. Токму Бугарската егзархија, според Мисирков, е институцијата која на Македонците ќе им го подари бугарското име и е една од причините поради која Македонија не добила автономни права според членот 23 од Берлинскиот договор 1878.[52]

Статијата *Единството на българския език в миналото и днес,* која продолжува да биде канонска (референтна) за бугарската лингвистичка наука во поглед на негирањето на самобитноста на македонскиот јазик, со индигнација ги одбива споредбите на академик Блаже Конески помеѓу чешко-словачката и бугарско-македонската јазична ситуација. Тие посочуваат дека

[49]*Единството на българския език в миналото и днес*. Българска Академия на Науките. Институт за български език, София 1978. Отделен отпечатък от сп. Български език, год. XXVIII (1978), кн. 1.

[50]Детрез, Р., *По отношение на Македония българите още са махмурлии*, Култура - Брой 10 (2537), 13 март 2009.

[51]Дечев, С., *Да се остави историята на историците! Но на кои?*, Дискусии – Европа във Либерален Преглед, 01 август 2017.

[52]Мисирков, К. П., *За македонските работи*, ИКП Родина, Софија, 2007, стр. 45.

цела плејада словачки писатели, меѓу кој го наведуваат и името на Људовит Штур, создале и творат богата литература на словачки јазик, притоа нагласувајќи дека словачкиот јазик бил и со долга лингвистичка традиција бидејќи првата словачка граматика била напишана 1790 г. од Бернолак, кој го создава и шесттомниот речник на словачкиот јазик во периодот 1825-1827.[53]

Сепак, академик Блаже Конески во истат оваа статија од 1968 лаконично ќе заклучи дека констатацијата за непостоење на словачки јазик од оваа историска еквидистанца звучи сосема анахроно. „Словачкиот јазик се има наполно афирмирано и славистиката веќе го третира како посебен јазик, како и никогаш да не бил оспоруван неговиот статус (...) Паралелата што може да ја подвлечеме со нашиот развиток покажува дека не во се ние сме имале посложена ситуација од Словаците.“[54]

Во втората половина на XX век веќе и македонскиот јазик си го пробива својот пат во светската славистика. Харвардскиот славист Хорст Лант во 1952 ја изработува првата академска граматика на македонскиот јазик. Како увертира на истата, една година претходно ја пишува важната статија за морфологијата на македонскиот глагол. Лант практично ја втемелува македонистиката во Северна Америка (Чикаго) и Канда (Торонто). Воспитаничката на Самуел Бренштајн (автор на статијата за посебноста на македонскиот јазик во Големата советска енциклопедија), Рина Усикова, држи курсови на Московскиот универзитет и создава специјалисти – македонисти. Македонските лингвисти се рамноправни учесници на светските славистички конгреси, а поканети се да учествуваат во изработката на *Општословенскиот*

[53] Но, бугарските специјалисти, не ги побиваат следниве тези на академик Блаже Конески, искажани во статијата *Македонскиот јазик во развојот на словенските литературни јазици*:

-„Обидот на Антон Бернолак, направен при крајот на XVIII век, да го постави словачкиот литературен јазик на западнословачка основа, не успеа меѓу другото и поради тоа што таа основа беше премногу блиска до чешкиот јазик“(стр, 26, 27);

-„Генерацијата на Људовит Штур, која се афирмира на општествено поле во триесетите и четириесетите години на XIX век (...) во првите години на својата дејност пишуваа на чешки јазик, додека особено од 1844 година не ја засноваа широко својата акција за оформување на словачкиот литературен јазик врз среднословачкото наречје (...) Поразот на револуцијата од 1848 доведе до отстапување на движењето за самостоен словачки јазик“(стр, 28);

- Половина век по Штуровската акција констатацијата на славистиката спрема словачкиот јазик беше дека не е посебен јазик, одделен од чешкиот, ами само посебен говор на единствениот чешки јазик (Ibid.,);

-„Уште во првата Чехословачка република официјалното становиште беше дека постои еден чехословачки јазик во две звучења – чешко и словачко“(Ibid.,).

[54]Ibid.,

јазичен атлас и *Општокарпатскиот дијалектен атлас* од 1958 и 1973, кои се изработуваат под егидата на Меѓународниот комитет на славистите и Советската академија на науките. Бугарските специјалисти го бојкотираат учеството во двата проект-атласи – таму картата на Бугарија е бело петно. Не сакаат да работат заедно со македонскиот (Божидар Видоевски) и српскиот дијалектолог (Павле Ивиќ),[55] како ангажирани специјалисти од Југославија. Не им се допаѓа фактот што советската славистика на овој начин продолжува да го признава постоењето на македонскиот јазик како самостоен во словенскиот *commonwealth* и одбива да се сообрази со бугарските барања старословенскиот да го именува како старобугарски, а советските специјалисти дури ја афирмираат тезата дека во основата на старословенскиот се македонските дијалекти.[56] „Глобалниот успех на македонските јазиковеди ги растројува бугарските колеги.“[57]

Таквиот глобален успех, во меѓународното афирмирање на македонскиот јазик, беше надополнет во 1977, кога на Третата конференција на ОН за стандардизација на географските имиња, одржана во Атина, за првпат во официјален документ на Конференција, која работи под егидата на ОН, беше наведена македонската кирилична азбука, која е еден од важните белези на македонскиот јазик. Според Резолуцијата на Конференцијата, системите кои се дадени во Анексот треба да бидат прифатени како меѓународни системи за транскрипција на латиница, на географските српско-хрватски и македонски имиња во Југосалвија, кога тие се напишани на соодветните кирилични азбуки.[58] Ова достигнување на македонската страна, беше реафирмирано во член 1, став 3, алинеја (ц) од потпишаниот конечен Договор за решавање на разликата околу името помеѓу Р. Македонија и Грција, потпишан на 17 јуни 2018, во кој се вели дека официјалниот јазик на Втората страна ќе биде македонскиот јазик, како што е признаено токму од страна на Третата

[55]Неговата хипотеза по однос на македонските говори е следна: „словенските племиња, кои ја населиле Македонија, се од различно јужнословенско потекло и дошле по различни патишта. Како резултат на мешање на бугарското и српското влијание на македонската територија денес се покажуваат ‘богатство од преодни нијанси’ и претставува мост меѓу западнојужнословенските (српскохрватските) и источнојужнословенските (бугарските) говори“. Цитирано во: Единството на българския език в миналото и днес, 1978. Ивиќевите тези не им се по волја на бугарските учени и истите ги критикуваат во посочената брошура.

[56] За повеќе види: Маринов, *op cit.,* 457-8; 465-6; 470.

[57] Ibid., 458.

[58] Third United Nations Conference on the Standardization of Geographical Names. Vol. I. Report of the Conference, Athens, 17 August - 7 September 1977, pp. 29, 31. https://www.eki.ee/wgrs/v3_0/rom1_mk.pdf

конференција на ОН за стандардизација на географските имиња, одржана во 1977 во Атина.

3. Неодржливоста на бугарската теза за непостоење на самостоен македонски јазик во светло на современите (социо)лингвистички методи и критериуми

Ваков став зазема Кристијан Фос, професор по јужнословенски јазици, еден од најплодотворните автори проучувачи на состојбата со словенските - македонски говори во Егејска Македонија, кој забележува дека бугарската лингвистичка наука „упорно ги пренабрегнува социолингвистичките методи и терминологија во стремежите да го овековечи 'единството на сите бугарски дијалекти'."[59] Во погоре посочената брошура за единството на бугарскиот јазик – македонскиот јазик е определен како „писмено – регионална норма на бугарскиот јазик, која се користи во СР Македонија и се основа на југозападниот бугарски А-дијалект."[60] Бугарската наука со ова имплицира дека бугарскиот јазик е полицентричен и дека еден од центрите на неговата кодификација е Р.Македонија,[61] а притоа нагласува дека македонскиот е и социорегионална разновидност, т.е регионалект на бугарскиот јазик.

Бугарскиот јазик vs. македонскиот јазик, интерпретиран низ призмата на современите (социо)лингвистички критериуми не е полицентричен од проста причина што полицентричен јазик имаме кога „на ист дијалект е заснован стандардниот јазик кај различни нации, и кога внатре кај него постојат препознатливи национални специфичности,"[62] т.е имаме „две варијанти на ист стандарден јазик каков што е српско-хрватскиот, молдавскиот и романскиот, потугалскиот во Бразил и Португалија."[63] Кроатистот Сњежана Кордиќ, во нејзиното капитално дело *Јазик и национализам,* ќе подвлече дека „теоријата за

[59]Voss, Ch., *op cit.,*

[60]Единството на българския език в миналото и днес, *op cit.,*

[61]Другиот центар на кодификација на бугарскиот јазик, според истата брошура, се говорите на Бугарите во Банат. Хорст Лант, авторот на првата академска граматика на македонскиот јазик, ја определува споредбата на ефемерниот говор на неколку села во Банат, со македонскиот јазик, како јазик на образованието, на средствата за јавно општење, на институциите во рамките на општествено-политичкото уредување и на науката во Р.Македонија како произволна и неадекватна. Lunt, H., *Some Sociolinguistic Aspects of Macedonian and Bulgarian*, in Benjamin Stolz et al. (ed.), Language and Literary Theory: In Honor of Ladislav Matejka, University of Michigan, Ann Arbor, 1984, p. 87-88.

[62]Stewart, W. A., *A Sociolinguistic Typology for Describing National Multilingualism*, in J. A. Fishman (ed.), Readings in the Sociology of Language, The Hague/Paris, 1968, p. 529–545.

[63]Kordić, S., *Jezik i nacionalizam*, Durieux, Zagreb, 2010, str. 77.

полицентричноста значи ги опфаќа оние ситуации кога некој јазик се кодифицира на повеќе места и притоа постојат разлики меѓу центрите на кодификацијата, но тие разлики не се толкави да може да се говори за различни стандардни јазици.“[64] И еден од бренд авторите на современата социолингвистика, Хајнц Клос, ќе сублимира дека полицентричниот јазик „почива на ист дијалект или на два многу сродни дијалекти.“[65]

Следствено на ова „паровите како чешки и словачки, бугарски и македонски, дански и шведски, претставуваат случаи на книжевни стандарди базирани на различни дијалекти.“[66] Сите овие примери се познати како аусбау јазици бидејќи паровите на овие стандардни јазици се изградени на различна дијалектна основа.[67]

Оттука, врз основ на количеството на јазична идентичност „корисно е да се разликуваат три степена на јазична дистанца: **мала** (типична за стандардните варијанти на ***ист*** *полицентричен јазик*), **средна** (минимална јазична оддалеченост помеѓу стандардните *варијетети на* ***различни јазици*** пр. Ausbau – јазик) и **голема** (доволна да било кој од двата варијетета претставува ***различен јазик*** пр. Abstand јазик).“[68]

Погоре споменатиот водечки светски социолингвист, Хајнц Клос, во својата теорија за Abstand и Ausbau јазици од 1967 ги „разгледува бугарскиот и македонскиот јазик како две стандардни норми, кои – во нивниот ‘предлитературен’ период може да се категоризираат како еден јазик (...) истото се однесува и на чешкиот и словачкиот.“[69] Неговата теорија од 1967, со една година ја испреварува статијата на академик Блаже Конески од 1968 за *Македонскиот јазик во развојот на словенските литературни јазици*, (на која со сета жестина се нафрлија бугарските лингвисти во 1978), во која тој развива слична теза како Клос, за дублетите македонски vs. бугарски и чешки vs. словачки.[70] Сепак, некои автори како Андре Вајан, не го споделуваат

[64]Ibid., 94.
[65]Kloss, H., *‘Abstand Languages’ and ‘Ausbau Languages*’, Anthropological Linguistics 7, 1976, p. 310
[66]Cooper, R. L., *Language planning and social change*, Cambridge, 1989, p.139.
[67]Kordić, *op cit.*, str 158.
[68]Ammon, U., *Pluricentric and Divided Languages*, in U. Ammon at all. (ed.), Sociolinguistics, Vol. 2, Berlin/New York, 2005, p 1538.
[69]Маринов, *op cit.*, 441.
[70]Согласно современите социолингвистички критериуми ако Словаците ја следеа логиката на Бернолак и го стандардизираа нивниот јазик на западнословачката дијалектна основа, која е блиска до чешкиот, овие два јазика всушност ќе беа два центра на еден ист полицентричен јазик, како што сега е случајот со српската и хрватската варијанта базирани на новоштокавскиот супра-дијалект. Но, бидејќи Словаците останаа верни на Штуровската акција од 1844, која подразбираше словачки стандард базиран

гледиштето дека македонскиот јазик нема предлитературен развој тврдејќи дека тој во својата книжевна форма постои уште од XIX век.[71] Слична теза развива и Виктор Фридман, кој смета дека македонскиот јазик со неговата кодификација од 1944/5, само заокружува процес кој е започнат најмалку еден век пртходно.[72]

Од сето ова може да се заклучи дека тезите на бугарските учени кои сакаат бугарскиот јазик да биде ем *полицентричен* (каде македонскиот е еден од центрите на неговата кодификација), а македонскиот ем и *региолектен*, остануваат непотврдени од бренд авторите на светската (социо)лингвистика. Дури и „кај полицентричните јазици (а бугарскиот vs. македонскиот не е тој пример како што погоре беше посочено), варијантите се потполно рамноправни, и секоја национална заедница во која се говори поединечната варијанта самостојно одлучува како ќе се кодифицира.“[73] Но, со тоа што бугарската лингвистика упорно настојуваат македонскиот да биде регионалект во нивната проектирана полицентрична теорија, евидентно е дака на тој начин македонскиот сакаат го доведат во подредена, поттчинета положба (како регионален, провинцијален јазик), што е во разрес дури и со самата теорија за полицентричноста каде двете варијанти, како што Амон погоре посочува, се потполно рамноправни.

4. Македонски јазик „според Уставот“ и ISO стандардот

Со потпишување на Договорот за добрососедство меѓу Македонија и Бугарија, каде таа дефакто признава македонски јазик „според Уставот“, се создаде мнение дека Бугарија на овој начин сака меѓународно да го девалвира македонскиот јазик, одрекувајќи му ја неговата автохтоност. Сепак, потребно е да се потенцира дека „кога Уставот би бил критериум за постоење на јазик, тогаш оние околу 98% јазици на светот кои со уставот не се прогласени за службени не би ни постоеле. Не би постоел на пр. унгарскиот јазик бидејќи во унгарскиот Устав не постојат одредби за службеноста на јазикот. Такви

на среднословачкиот говор, кој е поодалечен од чешкиот, тие денеска имаат аусбау јазик спрема чешкиот, што е идентично со јазичната состојба меѓу Македонците и Бугарите и нивните соодветни стандардни јазици, ситуација која е потврдена од погоре посочените водечки светски (социо)лингвисти.

[71]Vaillant, A., *Le Problème du slave macédonien*, Bulletin de la Sociėtė de linguistique de Paris 39, 1938, p. 194-210.

[72]Friedman, V. *The Modern Macedonian Standard Language and Its Relation to Modern Macedonian Identity*, in Victor Roudometof (ed.), The Macedonian Question: Culture, Historiography, Politics, Boulder, CO: East European Monographs, 2000, p. 193-4.

[73]Ammon, U., *Die deutsche Sprache in Deutschland, Österreichund der Schweiz: das Problem der nationalen Varietäten*, Berlin/NewYork, 1995, st. 496.

одредби во Уставот немаат ниту скандинавските земји Данска, Норвешка, Шведска.“[74]Дополнително, ваквите примери „потврдуваат дека уставното прогласување за службен јазик е одвишна – наведените држави сосема добро функционираат без тоа, било да се работи за еднојазична или повеќејазична земја.”[75]

Бугарите сепак сметаат дека и со признавање на уставно прогласениот македонски јазик за службен им остава простор да негираат дека тој јазик реално постои. Но, „потребно е да се потсети дека прогласување на службен јазик во некоја држава не е критериум за постоење или непостоење на некој стандарден јазик.“[76] Исто така „припишување на различните идиоми на статус со помош на одредбата за службеност на јазиците не може да конкурира со лингвистичките и социолингвистичките критериуми. Тоа произлегува од фактот што преку 98% јазици на светот немаат никаков службен статус.“[77] Во овој контекст, и автори како Сњежана Кордиќ правилно забележуваат дека „Уставот може да се промени преку ноќ, но постоењето на некој стандарден јазик не може (...) Имено, не само што стандардниот јазик е (социо)лингвистички поим, а службениот јазик политички, туку стандардниот јазик е поширок поим од службениот.“[78] Важно е да се нагласи дека „прогласување на некој јазик за службен не е потребно со цел да се заштити тој јазик.“[79]

Купер, правилно забележува дека, и покрај сето ова „и уставно прогласените службени јазици понекогаш се игнорираат.“[80] Бугарскиот однос кон македонскиот јазик, прекрасно ја портретира оваа Куперова теза, бидејќи Бугарите со Договорот, дефакто, се согласуваат Р.Македонија да има свој службен јазик „согласно Уставот“, но сепак истиот продолжуваат да го игнорираат бидејќи „тој не се предава во ниту еден универзитет[81] или друга

The problem in Syria for elementally real and objective American strategists, ideologists and politicians is certainly not unexpected. Surely they saw the limiting factors for the success of Syrian political, diplomatic and military operation. In addition to transforming the global structure and constellation of power as multi - polar, it must be known that Syria, however, as a geopolitical factor, is something substantially more than Afghanistan, Iraq, and Libya. Syrian geopolitical importance does not consist primarily of wealth with natural resources. They are not for underestimation, and they can make profitable businesses, but the essential and fundamental geopolitical importance of Syria in the region is political and military. Syria is an obstacle to establishing an American order in the region, above all with its failure to accept all US plans based on the formulas territories for peace (following the example of the Treaty of Camp David) and the formation of two states on the historic territory of Palestine, that is Syria refuses to recognizes Israel's right to exist. It does along with Iran and therefore Iran's destruction in the US project for the New Middle and Near East was envisaged as the next and final phase.[11] However, the turning point in the Syrian war, especially through Russia's intervention, is due to the importance of the Syrian territory for the construction of a gas pipeline, which will depart from the fields of gas in the Persian Gulf, primarily in Qatar, and which can really be serious competition and alternative for Russian gas pipelines destined for Europe. Gas pipelines placed on the Caspian / Azerbaijan gas fields (Shah Deniz 1 and Shah Deniz 2) are not such a competition because these gas fields do not have sufficient capacity. Both father and son Assad persistently refused US requests for cooperation contrary to Russia's interests. At the same time, its military bases in Syria,

[11] More at: Sasajkovski S. , Micanovska L. (2012) : *ISRAELI – PALESTINIAN CONFLICT – THE GENESIS, DEVELOPMENT, CURRENT CHALLENGES, International Scientific Conference "Faces of the Crisis" ,* European University Republic Macedonia – Skopje, Skopje, 2012.

including and naval bases, are priceless for Russia, because they are the only Russian bases outside its borders built on hot seas.[12]

Just as the United State led political, diplomatic and military operation in Syria, while not underestimating other factors - for example, the background of the military coup in Turkey, they rejected Turkey, the state with the most combatant operational military in NATO after the US Army. The most realistic analyzes show that Turkey is a major regional geopolitical factor and rival in the Middle East region, including in the Near East region, along with Syria and Iran. Therefore, at the beginning of the Syrian war, Turkey was actively engaged in the destruction of Bashar Assad's power. Turkey even openly, in various ways, supported the Islamist opponents of the government of Assad, even those clearly ideological, political and militant profiled as a radical. But Islamist walking in radical extremes, primarily through the formation of the caliphate, has put Turkey, just like the United States, in the position of having to confront the forces that they have so far supported. In this way, the Kurds became the only serious regional factor on which the United States has effective control. Indeed, they have control over some groups of relatively moderate Islamists who are enjoying US protection in the part of Syria still in control of the United States. These are generally marginalized groups in terms of their power and are located in a space that is quite small - in the south of Syria, 20 kilometers north of the Syrian - Jordan border. Kurds have a state in a state in Iraq and control almost a third of the territory of Syria - the entire belt east of the Euphrates River to the Syrian - Turkish border. The realization of the Kurdish statehood for Turkey is a red line that the Kurds must not cross, and she basically inevitably a cause for war. The United States and its diplomacy apparently do not know or really can not play on two sides - and support the Kurds, their national statehood aspirations and rights, and maintain alliances with Turkey in the region. The latest US attack in Syria, among other things, is extremely obvious an attempt to return them and to impose themselves as a player in Syrian and regional solution, which is now primarily in the hands of the group from Astana - Russia, Turkey and Iran. Macron it has very clearly state it, and he himself and France put themselves in that new group which would have solved the Syrian and regional geostrategic and geopolitical puzzle.[13]

[12] More at: Sasajkovski S. , Cacanoska R. , Micanovska L. (2016) : *THE WAR IN SYRIA AS A CHALLENGE AND INSPIRATION FOR FEW POLITICAL – SOCIOLOGICAL AND SOCIOLOGICAL – RELIGIOUS CONSIDERATIONS EXPRESSED*, Third International Scientific Conference "Social Change in the Global World" , Goce Delchev University in Shtip, Faculty of Law, Shtip, 2016.

[13] More at: Ulutas U. , Inat K. , Kilic B. , K. (2017) : *Turkish Foreign Policy after April 16*, SETA PERSPECTIVE No. 27 may 2017, https://setav.org/en/assets/uploads/2017/05/27_Perspective.pdf

Conclusion

One much more extensive text than this is needed to explicate, elaborate, analyze and explain the geopolitical structure and constellation of power in the region of the Middle and Near East at this moment. And all this is focused through the point of perceiving and understanding the US state's interest, that is, the success of its promotion, its realization and its materialization. Starting from the indisputable conclusion that all US administrations, starting with the administration of G. W. Bush, indeed with different political, diplomatic and military - political approaches, did not give up on achieving the key and cardinal geopolitical goal in this region: the establishment of a regional geopolitical order set on the basis of US state interests and, of course, in the function of his implementation and realization.

And regardless of whether political, diplomatic, and military efforts are being implemented and realized as unilateral, as in the time of G. W. Bush, or multilateral (the United States together with its global and regional like - minded and prolonged hands) , as in Obama's time. That multipolar reality determines and shows that Trump's specific forced unilateralism cannot be successful. Forced unilateralism determined by and through expressive internal political dictates, needs and goals. Trump can, in such diplomatic and political circumstances, and internal American and regional, undertake moves that will additionally and in a certain sense completely destabilize the region, in the hope that in such degraded regional circumstances you can draw maximum benefit to the US state interest - like, for example, moves with the transfer of the US embassy to Israel in Jerusalem, the collapse of an agreement with Iran, further destabilizing Syria with undisguised purpose of the United States to join or return to the process for deciding the future of the state. Process launched by the triangle Russia - Turkey - Iran, which is way exceptional importance to regional geopolitics in many ways. As other possible geopolitical moves.

In any case, the geostrategic and geopolitical region of the Middle and Near East can not be integrated according to and on the basis of US state interests. Optionally can be divided into spheres of interest with other global and regional geostrategic and geopolitical players.

REFERENCES

Al Sarhan A. (2017) : *United States Foreign Policy and the Middle East*, Open Journal of Political Science, 2017, 7, 454-472, https://file.scirp.org/pdf/OJPS_2017090816443838.pdf

Bocco R. , Belhadj S. (2014) : *Middle East*, The Geneva Peacebuilding Platform, http://graduateinstitute.ch/files/live/sites/iheid/files/sites/admininst/shared/doc-professors/WP_UN%20Middle%20East.pdf

Brzezinski Z. (2011) : *Strategic Vision: America and the Crisis of Global Power*, Published by Basic Books, AMember of the Perseus Books Group 387 Park Avenue South NewYork,NY10016,

Cordesman A. H. , Coughlin - Schulte C. , Yarosh N. (2013) : *The Underlying Causes of the Crises and Upheavals in the Middle East and North Africa: An Analytic Survey*, Centre for Strategic & International Studies, https://csis-prod.s3.amazonaws.com/s3fs-public/legacy_files/files/publication/130821_MENA_Stability.pdf

Ottaway M. , Brown N. J. , Hamzawy A. , Sadjadpour K. , Salem P. (2008) : *THE NEW MIDDLE EAST*, 2008 Carnegie Endowment for International Peace, https://carnegieendowment.org/files/new_middle_east_final1.pdf.

Kissinger H. (2014) : *World Order, Reflections on the Character of Nations and the Course of History*, Penguin Press, New York, https://is.muni.cz/el/1423/podzim2017/MVZ253/um/H_Kissinger_-_World_Order.pdf

Preble C. (2005) : *THE RICE DOCTRINE*, FEBRUARY 2005/FOREIGN SERVICE JOURNAL, https://object.cato.org/sites/cato.org/files/articles/preble_rice_doctrine.pdf

Sasajkovski S. , Micanovska L. (2012) : *ISRAELI – PALESTINIAN CONFLICT – THE GENESIS, DEVELOPMENT, CURRENT CHALLENGES, International Scientific Conference "Faces of the Crisis" ,* European University Republic Macedonia – Skopje, Skopje, 2012.

Sasajkovski S. , Cacanoska R. , Micanovska L. (2016) : *THE WAR IN SYRIA AS A CHALLENGE AND INSPIRATION FOR FEW POLITICAL – SOCIOLOGICAL AND SOCIOLOGICAL – RELIGIOUS CONSIDERATIONS EXPRESSED*, Third International Scientific Conference "Social Change in the Global World" , Goce Delchev University in Shtip, Faculty of Law, Shtip, 2016.

Sasajkovski S, Micanovska L. (2018) : *THE CHALLENGE OF THE MULTIPOLAR INTERNATIONAL ORDER FOR THE ADMINISTRATION OF DONALD TRAMP*, 9th International Scientific Conference "SECURITY SYSTEM REFORMS AS PRECONDITION FOR EURO - ATLANTIC INTEGRATIONS" , Faculty of Security - Skopje - "St. Kliment Ohridski" University - Bitola and Hanns Seidel Foundation, Ohrid, Republic of Macedonia 4 - 5 June 2018.

Vaisse J. (2007) : *Transformational diplomacy*, Institute for Security Studies, European Union, Paris, www.culturaldiplomacy.org/.../pdf/.../Transformational_Diplomacy_-_Justin_Vaisse.p..

Ulutas U. , Inat K. , Kilic B. , K. (2017) : *Turkish Foreign Policy after April 16*, SETA PERSPECTIVE No. 27 may 2017, https://setav.org/en/assets/uploads/2017/05/27_Perspective.pdf

Страшко Стојановски
Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Р. Македонија
strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

УДК.314.15-053.6(497.7:100)”1988/2016”

Јадранка Денкова
Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Р. Македонија
jadranka.denkova@ugd.edu.mk

МИГРАЦИИ НА МЛАДИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ДЕМОГРАФСКИ ПОКАЗАТЕЛИ И ПЕРЦЕПЦИИ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ[1]

Апстракт

Во трудот се анализираат основните демографски показатели за популациското движење во Република Македонија, со фокус на одредени податоци за миграциските движења. Интензивната миграција, во прв ред на младо население до 40 годишна возраст, со различни интензитети се одвива во последните две декади. Ова е особено карактеристично за постконфликтниот период, но во прв ред се базира на различни социо-економски индикатори. Преку анализа на две анкетни истражувања спроведени во 2014 и 2018 година на Правниот факултет во Штип се вклучуваат различни категории на млади, во прв ред од Источниот дел на Република Македонија. Бидејќи секоја претопставка за иден развој во различни општествени сфери (економија, образование, наука и сл.) се поврзани со демографските потенцијали на младото работноспособно население, преку спроведените истражувања можат да се генерираат одредени претпоставки за потенцијалите на развојот на општеството во иднина.

Клучни зборови: *млади, демографија, миграции, Македонија, Европа.*

[1] Трудот е резултат на проектот „Детерминанти за образовна мотивација и миграција на младите во источниот и југоисточниот регион на Република Македонија“, кој се реализира на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

MIGRATION OF YOUTH FROM REPUBLIC OF MACEDONIA: DEMOGRAPHIC INDICATORS AND PERCEPTIOS OF PUBLIC OPINION

Abstract

In this paper we are analyzing basic demographic indicators for the population movement in Republic of Macedonia, with focus on migration movements. The intensive migration, basically including young population up to 40 years of age, with different intensity, is characteristic for the last two decades. This is typical for the post conflict period, and based on different socio-economic indicators. Through analyses of two surveys conducted in 2014 and 2018 on Faculty of Law in Shtip, are included different categories of youth from the East part of Republic of Macedonia. Every produced theses for future social development (economy, education, science etc.) are dependent from demographic indicators of the youth population, and through the conducted research we can generate assumptions for the potential of general social development.

Keywords: *youth, demography, migration, Macedonia, Europe.*

Вовед

Демографскиот потенцијал на една држава, регион, или населено место, е главниот предуслов за креирање на било какви политики и проектирање на евентуален иден развој (економски, политички, образовен, здравствен и сл.). Оттука, генералните тенденции на демографска депопулација поврзана со нискиот степен на наталитет, во земјите на источна Европа е надополнета со механичка миграција на населението. Дури и членството во Европската Унија и во НАТО, на дел од земјите од бившиот комунистички блок, не ги понуди очекуваните резултати за брз економски развој. Напротив, отворените граници и можноста за мобилност на населението во Бугарија, Романија и Хрватска, на пример, придонесе за масовен одлив на работоспособно младо население. Слични се процесите и во земјите кандидати, како што е случајот со Република Македонија.

Но генеричката анализа на ваквите процеси, во најмала рака истите ги релативизира и сведува на циклични процеси на движене на населението. Во историјата постоеле масовни придвижувања на населението, од големи преселби на народите, миграции во земјите од новиот свет по големите географски откритија, па се до принудните миграции кои настануваат како резултат на распадот на големите империи и војните во 19 и 20 век. Се разбира, економската миграција исто така има свои континуитет, особено доколку зборуваме за земјите од источна и југоисточна Европа. Ваквите тенденции, во

главно ги имаат истите карактеристики и во бранови последните два века се одвиваат од исток кон запад.

Основни карактеристики на миграциските движења на младите

Миграциските движења како процес на алокација на населението во глобални размери, дополнително стимулирано од економската диспропорционалност, политичката нестабилност, воените конфликти, но и генереалниот глобализирачки тренд на мобилност се интензивира во последните неколку декади. Така бројот на мигранти во светски размери е во пораст од 154 милиони во 1990 година, 175 милиони во 2000 година, па се до 223 милиони мигранти во 2013 година.[2] Притоа јасно се забележува трендот на миграција на младите категории на население од 18 до 35 годишна возраст дури и во високо развиените земји како што се Данска, Германија, Холандија, Италија, Норвешка, Шведска или Словенија (Cortina, Taran and Raphael (ed.), 2014).[3]

Покрај економските претпоставки, движечки фактор за миграција кај младите е и образованието, особено на секундарно и терцијално ниво.[4] Овој фактор за миграција најчесто се однесува на категоријата од 15 до 25 годишна возраст, почесто опфаќајќи ја машката наспроти женската популација и средно-високите сицијални слоеви. Урбано-руралниот карактер на образовните миграции се однесува на повисоките образовни институции, придвижено од избегнување на мануелниот труд во руралните средини и желбата за миграција во урбаните центри кои истовремено се и образовни центри. Во оваа насока, се разбира, значаен е и факторот на надворешна миграција предизвиката од желбата за

[2] Според Извештајот на Меѓународната организација за миграции во 2015 година бројот на мигранти изнесува околу 244 милиони. Или бројот на мигранти во 1970 година изнесува 2, 3 % од светското население, во 1990 година 2, 9 %, а во 2015 година 3, 3 % од вкупниот број на светското население (World Migration Report, 2018).

[3] Во земјите од централна и западна Европа неповолните демографски процеси дополнително се поврзани со нискиот наталитет, зголемувањето на старосната граница на населението и мобилноста на младото население. Проценките се дека до 2050 година, земјите членки на Европската Унија би изгубиле повеќе од 70 милиони население. Притоа, на механичката имиграција кон Унијата се гледа како на фактор кој само може да ја ублажи ваквата неповолна состојба (Muenz, 2007).

[4] Кога се зборува за меѓународниот трансфер на човечки капитал, особено за категориите на младо население кое се стекнува со високо образовни компетенции, многу чето се користи терминот „одлив на мозоци“ (brain drain Eng.). Во овој контекст, јасно е забележлива тенденцијата на придвижување на населението од земјите во развој кон високо развиените земји во светот, а можноста за трајна миграција директно е поврзана со понискиот социјален статус во земјите на потекло. Сепак, проценката е дека дека ваквата миграција е оптимална и изнесува околу 10 проценти од младите високообразовни кадри во земјите во развој (Docquier, 2014).

стекнување најчесто на високо образование иако за истото постојат можности во матичните земји. Многу често, младите кои доаѓаат од земјите во развој, при стекнување со високо образовни квалификации, гледаат можност за трајно иселување (Browne, 2017). Во овој контекст интересно е да се спомене улогата на роднинско-фамилијарните врски како канал за миграција на младите, при што, особено за образовната миграција семејството е главен извор за финансирање на младите. Овој процес има потенцијал да стане ретроградeн, доколку образовната се трансформира во економска миграција, кога младите доставуваат финансиска подршка на членовите на нивното семејство во земјите од кои потекнуваат (Heckert, 2015).

Миграција на младите од земјите на Југоисточна Европа

Традицијата на економско мигрирање на населението од земјите на регионот на Југоисточна Европа дополнително беше надополнета со насилната дезинтеграција на поранешната југословенска федерација, политичката нестабилност, лошата економска политика поврзана со сомнителната приватизација на општествениот капитал, војните и генерално, лошите економски параметри воопшто. Оттука, за многу автори, несомнено, примарен фактор за интензивирањето на миграцијата особено кај младите категории на население е високиот степен на невработеност и сиромаштија. Дополнителни индивидуални варијабли кои влијаат на миграцијата се полот, возраста, степенот на образование, бројот на членови во семејството и семејниот статус, кои исто така, може да влијаат за зголемување или намалување на миграцијата (Malaj and Malaj, 2017).

Според Балканскиот барометар за 2017 година, на ниво на Југоисточна Европа 27 % од населението својот социо-економски статус го определиле како подпросечен, со високи 35 % од граѓаните на Албанија и 33 % од граѓаните на Србија. Притоа 45 % од граѓаните во регионот размислуваат да мигрираат и да работат надвор од земјата, или тоа се 50 % од граѓаните на Албанија и Босна и Херцеговина, или 45 % од граѓаните на Македонија (Balkan Barometer, 2017).

Генерално, миграцијата од регионот на Југоисточна Европа има значајни позитивни и негативни реперкусии врз севкупниот потенцијал за социо-економски развој. Така на пример, дотациите од иселениците придонесуваат за развој на економиите на државите во регионот, поттикнувајќи ја потрошувачката и инвестициите. Од друга страна одливот на млада и квалификувана работна рака ја редуцира активноста во рамките на приватниот сектор, надворешната компетитивност и влијае врс порастот на социјалното трошење наспроти порастот на БДП. Тенденцијата, исто така, зборува дека населението кое емигрира од регионот, е помладо и со повисоко образование од просекот во земјите кои ги напуштаат (Atoyan and Others, 2016).

Според истражувањето на Балканската регионална платформа за младинска партиципација и дијалог, најголем дел од младите во регионот на земјите од Западен Балкан, надвор од државата патуваат еднаш до двапати годишно, најчесто на патувања, одмор со семејството или на обуки или образовни програми. 60 % сметаат дека во нивните земји не се нудат доволно можности за квалитетен живот на младите. Подобриот живот во другите земји, според ова истражување се должи на поголемите можности да се најде добро вработување, поголемите можности за напредок во кариерата, подобро формално и повеќе можности за неформално образование, како и подобри примања. Најголем дел од младите би сакале постојано да се иселат во некоја од земјите членки на ЕУ, а причината за евентуалното напуштање на земјата се бара во поголемите можности за вработување согласно кварификациите кои младите ги поседуваат и подобриот стандард за живеење (Popović and Gligorović, 2016).

Демографски показатели и емиграција на младите од Република Македонија

Базичната демографска слика за Република Македонија подеднакво се базира на индикаторите поврзани со степенот на наталитет и демографски потенцијал и со механичката циркулација на населението поврзани со миграцијата внатре, но пред се надвор од државата. Основните демографски показатели во последните три декади укажуваат на тренд на опаѓање на живородени деца (Графикон 1).

Графикон 1

Број на живородени деца во Република Македонија

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Трендовите за миграција на населението во рамките на поширокиот регион на Југоисточна Европа се пресликуваат и во случајот на Република Македонија. Сепак, претставува проблем да се утврди точниот број на емиграција од земјата. Додека според официјалните статистички извори во периодот од 1994 до 2013 година од Македонија емигрирале 11 380 лица, според одредени проценки на меѓународни организации проценката е дека оваа бројка до 2013 година изнесува помеѓу 450 000 и 630 000 лица, или помеѓу 20 % и 30 % од вкупното население.[5] Притоа, во најголем дел се калкулира со релативно младо и работоспособно население (The Economist, 2017).[6] Според карактерот на емиграцијата, истата може да се структурира во три категории: Трајна миграција на семејства или обединување на семејства, Привремена или циркуларна економска емиграција (вработување) или привремена миграција поради образовни цели, обуки или посета на членови на семејството, како и Илегално напуштање на земјата или барање на заштита во трети земји (Bornarova and Janevska, 2012).

Според спроведеното истражување на Динковски и Марковска-Симоска, регионалните трендови се пресликуваат кај младите во Република Македонија. Дури 69 % од студентите изјавиле дека би сакале да работат надвор од земјата, а главната причина се базира на економските претпоставки за подобро вработување и поголеми примања (Dinkovski and Markovska-Simoska, 2018). Според истражување спроведено на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, доколку би имале можност за студирање надвор од државата, 48, 8 % од младите би сакале да студираат во некоја од земјите членки на ЕУ, а 25, 2 % во САД. Индикативно, според истото истражување е тоа ѓто младите преферираат да работат во државната администрација, наспроти приватниот сектор (Топузовска Латковиќ и др., 2013). Токму слабата развиеност

[5] Според Светската банка главните дестинации на емигрантите од Република Македонија до 2011 година се Италија, Германија, Швајцарија, Австрија, Словенија, Хрватска, Франција, Австралија, Турција и Канада (Profile of Migration and Remittances: Macedonia, 2012).

[6] Во рамките на Стратегијата за демографски политики на Република Македонија 2015-2024 година, еден од клучните приоритети е достапност на релевантни податоци за миграциите. Ова зборува за методолошките недостатоци и севкупно, недостатоци во ефективноста за прибирање на податоци на државните органи и институции Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, 2015).

Според анализите на официјалните статистички податоци не постои драстична разлика помеѓу емиграцијата и имиграцијата во Република Македонија, нити според регионалната застапеност, ниту според полот, возраста, брачниот статус и сл. (Sotiroski and Hristoski, 2014). Сепак, ваквите податоци се далеку од реалната слика и фактичка состојба.

на приватниот сектор, наспроти државниот клиентелизам и очекување, се чини се клучен фактор за дополнително креирање на мотивациски фактори за миграција на младите надвор од државата.

Сепак, главниот фактор за миграција на младите и понатаму останува недостатокот на можности за вработување, особено во областите согласно стекнатите образовни квалификации. Според последните статистички податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија за првиот квартал од 2018 година, од 82 163 работоспособни на возраст до 24 години, 45 770 се вработени, а 36 393 се регистрирани како невработени (Државен завод за статистика на Република Македонија, 2018). Иако постои блага тенденција на намалување на невработеноста кај младите, сепак процентот останува релативно висок. За илустрација, табелата подолу нудиме податоци за периодот 2011-2014 (Табела 1).

Табела 1

Стапка на невработеност според возрасни категории, во проценти

Споеред Акциониот план за вработување на младите во периодот 2016-2020 (Зинзарова и Ванчов, 2017).

Возрасна група/година	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**
До 24 години	55, 3 %	53,9 %	51, 9 %	53, 1 %
25-29 години	47 %	47 %	45,5 %	45,1 %
30-64 години	28,7 %	26 %	24 %	22,9 %

Според истражувањето на Занзарова и Ванчов постојат неколку сериозни индикатори кои влијаат врз степенот на емиграција кај младите. Како, што може да се забележи од претходно изнесените податоци, младинската невработеност е клучниот фактор, но исто така тука влијаат нејасните демографски политики и показатели во државата, кај што бројот на вработени останува речиси ист а бројот на невработени се намалува, како и лошиот квалитет на формалното образование (Исто).

Резултати од истражувањето

Методологија на истражувањето

Во продолжение ќе бидат презентирани резултатите од два анкетни прашалници спроведени од тим на професори и студенти на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Двете анкети се однесуваат на испитаници млади до 35 години од Источниот и Југоисточниот плански регион во Република Македонија. Најголемиот дел од испитаниците се од македонска етничка припадност и христијанска вероисповест, а според статусот најзастапени се средношколци од средните училишта во регионите во кои се врши истражувањето и студенти од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Првата анкета е реализирана во 2014 година на примерок од 207 испитаници, додека втората е реализирана во 2018 година на примерок од 298 испитаници.

Резултати од истражувањето

Од истражувањеата можеме да забележиме дека најголем број од младите би заминале во друга држава. Притоа постои незначително отстапување во резултатите во 2014 и 2018 година (Табела 2). Ваквата состојба ја одразува регионалната перцепција на младите, а исто така, е во корелација со резултатите од слични истражувања во Република Македонија.

Табела 2

Дали би заминале во друга држава	***Да***	***Не***	***Не знам***	***Нема податок***
2014	77, 3 %	9, 7 %	11, 1 %	1, 9 %
2018	76, 8 %	5, 7 %	15, 8 %	1, 7 %

На прашањето Зошто би заминале во друга држава?, забележлива е разлика во ставовите на младите. Имено, јасно е воочливо дека се зголемува тенденцијата на младите да го продолжат терцијалното образование надвор од државата, па следствено повеќе од младите во 2018 година би заминале надвор од државата поради учење или студирање.[7] Сепак привремениот карактер на идејата за иселување на младите, како и економската основа на истото, се огледува во фактот дека најголем дел би заминале поради заработувачка (Табела 3). Оттука, според последното истражување од 2018 година, лошата економска состојба е главната причина поради која младите би ја напуштиле државата (Графикон 2).

Табела 3

Зошто би заминале во	***Туристички***	***Студирање/учење***	***Градење на професионална или***	***Заработувачка***	***Друго***	***Нема податок***

[7] Општиот тренд покажува дека околу 10 % од средношколците планираат своето образование да го продолжат на универзитети надвор од државата. Покрај традиционалните образовни дестинации поврзани со универзитети во Западна Европа и САД, како и Бугарија и Грција во соседството, последниот тренд укажува дека голем број на средношколци од Македонија, универзитетското образование го продолжуваат на некој од универзитетите во Словенија. Оттука процентот на оние кои ќе студираат надвор од државата во иднина се очекува да расте (Stojanovski, Denkova and Marolov, 2018).

друга држава?			***спортска кариера***			
2014	15, 5 %	7, 7 %	14 %	57 %	1 %	4, 8 %
2018	12, 4 %	18, 8 %	12, 8 %	41, 6 %	4 %	10,4 %

Графикон 2



Од спроведените истражувања можеме да забележиме дека незначително се намалува процентот на млади кои се ориентирани кон трајно иселување од државата. Но, доколку го имаме фактот дека оние кои се неодлучни речиси двојно се зголемени, а се намалува процентот на младите кои тврдат дека по одредено поминато време надвор од државата би се вратиле, тогаш, можеме да генерираме спротивен заклучок, или во најмала рака да покренеме извесен сомнеж (Табела 4).

Табела 4

Дали по подолг претстој во	***Да***	***Не***	***Не знам***	***Нема податок***

друга држава би се вратиле во Македонија?				
2014	50, 2 %	17, 4 %	28 %	4, 3 %
2018	40, 3 %	15, 8 %	41, 9 %	2 %

Најпопуларни дестинации за младите во регионите кои се предмет на истражување се Германија, САД и како што може да се забележи од последното истражување Швајцарија (Табела 5). Интересно е дека во Источниот и Југоисточниот регион на Република Македонија иселувањето се одвива во бранови, при што во различни временски интервали, популарни се различни земји. На пример, до 90-те години од минатиот век најпопуларна е Германија, подоцна, во првата декада од овој век, голем дел од иселувањата беа насочени кон Италија, за денес, најпопуларна дестинација да стане Швајцарија. Преференцијата на САД, сепак во голема мера, никогаш не предизвикала значителни иселувања во овој правец.

Во која од наведените земји гледате можност за вработување или трајно иселување?	**2014**	**2018**
САД	30, 4 %	16, 8 %
Германија	30, 9 %	24, 5 %
Велика Британија	7, 2 %	5 %
Скандинавските земји	9, 2 %	4, 4 %
Италија	2, 9 %	2 %
Катар/Дубаи	7, 7 %	3, 4 %
Авганистан/Ирак	1 %	0, 3 %
Швајцарија	/	22, 1 %
Во ниту една	3, 9 %	1, 3 %
Друго	4, 3 %	3 %
Нема податок	2, 4 %	17, 1 %

Речиси унисони се ставовите на младите и во 2014 и во 2018 година, кога се работи за примарниот фактор, поради кој, при евентуална миграција би се вратиле во државата, а тоа е семејството. Во 2014 година 71, 5 % изјавиле дека во Македонија би се вратиле примарно поради семејството, додека во 2018 година за оваа опција се определиле 69, 1 %. Останатите фактори, како што се подобрените услови за живеење, образование, партнер, градење на професионална кариера и сл., имаат минимален удел во носењето на одлуки на

младите. Оттука, можеме да претпоставиме дека генералните услови во државата и поврзаноста на младите со истата укажуваат на негативен однос и очекувања. Од друга страна, западниот ингивидуалистички пристап не може да се аплицира бидејќи, исто така, незначителна улога игра и поврзаноста со партнерот. Традиционалноста во општеството се рефлектира во се уште силните врски кои младите ги градат во рамките на семејството и тоа е примарниот елемент кој ги поврзува за локалната средина, државата, па дури и поширокиот регион.

Заклучоци и препораки

Во Република Македонија забележлив е недостатокот на релевантни податоци за миграција на младите и миграција на населението генерално. Десетиците илјади иселени според официјалните статистички податоци не ја отсликуваат реалноста, а според проценките на одредени странски институции бројката најверојатно надминува половина милион. Традиционалните основи за миграција од Република Македонија, како и регионот на Југоисточна Европа се надополнети со глобализирачките процеси на мобилност на населението, но и внатрешните фактори поврзани со политичката нестабилност, слабиот капацитет на институциите, но најчесто со лошите економски показатели. Како што може да се проследи во трудот, економската миграција на младите е предизвикана од високиот степен на невработеност. Следствено, во перцепциите на младите од Источниот и Југоисточниот плански регион на Република Македонија, исклучително е висок процентот на оние кои би сакале да мигрираат во други земји. Емиграцијата не секогаш е поврзана со желбата за трајно иселување, која според истражувањето сепак може да се искачи до 1/5 од младото население. Поврзувањето на младите со локалната заедница и државата во целина најчесто се врзува со семејството.

Следствено според резултатите од истражувањето можеме да ги дадеме следните препораки:

- Поврзување на државните институции и статистички центри со Универзитетите и Невладиниот сектор, со цел разработка на соодветна методологија за утврдување на обемот и карактерот на емиграцијата, особено на младото население;
- По спроведување на соодветни мапирања на миграциите, генерирање на соодветни долгорочни политики за справување со истата;
- Поврзување на научните и истражувачки центри, како и на државните институции, со мигрантските заедници кои веќе егзистираат надвор од државата, со цел да се направи соодветно сондирање и да се обезбедат услови за делумен повратак во земјата;
- Вклучување на младите во процесот на донесување на одлуки на локално ниво;

- Надворешната миграција може да се намали само со спроведување на мерки за внатрешна децентрализација и јакнење на локалните заедници;
- Зајакнување на традиционалните семејни вредности.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Atoyan, Ruben and Others (2016) Emigration and Its Economic Impact on Eastern Europe. IMF Staff Discussion Note.

Balkan Barometer 2017, Public Opinion Survey. Sarajevo: Regional Cooperation Council Secretariat (RCC).

Bornarova, Suzana and Verica Janeska (2012) Social Impact of Emigration and Rural-Urban Migration in Central and Eastern Europe, Final Country Report, The Former Yugoslav Republic of Macedonia. European Commission, DG Employment, Social Affairs and Inclusion.

Browne, Evie (2017) Evidence on education as a driver for migration. Bo, Helpdesk Report: Knowledge, evidence and learning for development.

Cortina, Jeronimo, Patrick Taran and Alison Raphael (Ed.) (2014) Migration and Youth: Challenges and Opportunities. Global Migration Group: UNICEF.

Dinkovski, Vladimir and Silvana Markovska-Simoska (2018) Brain drain as a function of sustainable development in the Republic of Macedonia. Bo, Industrija, Vol.46, No.1, стр. 173-189.

Docquier, Frédéric (2014) The brain drain from developing countries. Bo, *IZA World of Labor*. wol.iza.org.

Heckert, Jessica (2015) New perspective on youth migration: Motives and family investment patterns. Bo, Demographic Research: Volume 33, Article 27, стр. 765-800.

Malaj, Emi and Visar Malaj (2017) Poverty and Migration in Western Balkan Countries. Bo, *European Journal of Multidisciplinary Studies*, Vol.4, Nr.2, стр. 51-57.

Muenz, Rainer (2007) Aging and Demographic Change in European Societies: Main Trends and Alternative Policy Options. Discussion Papers, N0. 0703: Hamburg Institute for International Economics.

Popović, Marija and Aleksandra Gligorović (2016) Youth Mobility in the Western Balkans the Present Challenges and Future Perspectives: Bosnia and Herzegovina, Montenegro, Kosovo, Serbia, the former Yugoslav Republic of Macedonia. Balkan Regional platform for youth participation and dialogue.

Profile of Migration and Remittances: Macedonia (2012) World Bank Report. (Види http://siteresources.worldbank.org/INTECA/Resources/Macedonia.pdf). Пристапено 25. 07. 2018 година.

Sotiroski, Kosta and Ilija Hristoski (2014) Statistical Performances of Population Migration in the Republic of Macedonia at the Beginning of the 21st Century. Bo, Migracijske i etničke teme 30-1. стр. 33–65.

Stojanovski, Strashko, Jadranka Denkova and Dejan Marolov (2018) Higher Education in Republic of Macedonia: Challenges and Perspectives. Bo, Balkan Social Science Review, Vol 11. стр. 95-115.

The Economist (2017) Macedonian emigrants estimated at more than 30% of population. (http://country.eiu.com/article.aspx?articleid=285169212&Country=Macedonia&topic=Economy&subtopic=Forecast&subsubtopic=Economic+growth&u=1&pid=746725858&oid=746725858&uid=1) Пристапено 24. 07. 2018.

World Migration Report of 2018, Geneva, International Organization for Migration (IOM).

Државен завод за статистика на Република Македонија (2018) Активно население во Република Македонија, Резултати од Анкетата за работна сила, I тримесечје од 2018 година Работоспособно население според економската активност, по возрасни групи и по пол.

Зинзирова, Сања и Димитар Ванчов (2017) Како до намалување на младинската емиграција од Република Македонија?. Скопје: Платформа за мултикултурализам.

Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија (2015) Стратегија за демографски политики на Република Македонија 2015-2024 година.

Топузовска Латковиќ, Марија, Мирјана Борота Поповска, Елеонора Серафимовска и Анета Цекиќ (2013) Студија за младите во Република Македонија. Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

MEDIA AND COMUNICATION

Marija Drakulovska Cukalevska
SS. Cyril and Methodius University Skopje, Faculty of Philosophy
marijad@fzf.ukim.edu.mk
marija_drakulovska@yahoo.com

УДК.316.774(497.7)

Anica Dragovic
SS. Cyril and Methodius University Skopje, Faculty of Philosophy
anica.dragovikj@fzf.ukim.edu.mk

Tatjana Stojanoska Ivanova
SS. Cyril and Methodius University Skopje, Faculty of Philosophy
tanjaosi@yahoo.com

NEW MEDIA AND CHANGES IN COMMUNICATION TYPES

Abstract

From the early social thinkers we find a systematic change in thinking from pure existence in the physical world to interpreting the imagined communities that we create due to our thinking process. Today, we are faced with emphasized changes of the types of mediums on the base of way of communication. Studying these changes in the sphere of media and communication in a given social context, starts from two bases, mutually connected assumptions. First, this studying presents existence and appearance of a new technology and new media, which brings to changes of the communicative types, within, this change is connected with certain type of economy, more precisely with a question of globalization, understood in one wider sense. Second, the contents of the media system are put into question, and from this and the dominant model of communication practice. Among sociologists of communication there exists a consensus that new mediums have given changes in relation of interpersonal, group and mass communication. In lack of regulation of contents, new media bring to minimize the function for keeping the gate in media. Actually, it is supposed that displaying of the individuals to new media, to a new virtual web context, and new models of communication, in some period of a few generations, will bring to disappearance of communication face to face. Network communication with hundreds and thousands friends of social media, brings the individuals to drastically alienation from a real world. On that way, social media and network society, function as iron cage according the Weber's conception for society. Going into all areas of a social life this new kind of communication, with its comprising activity, weakens an interpersonal communication and has influence on the human nature.

***Key words**: changes, new technology, new media, types of communication, network society*

Introduction

In last few decades, today's societies are characterized with complex changes. The changes themselves are specifically obvious in the medium's sphere and have far-reaching effects on all aspects of sociocultural life on the members in a given social context. That is due, before all, on the new media technologies (from the World Wide Web to Facebook, Twitter, Instagram and YouTube and the others), which are fast developing in all structural components of a society. The appearance of new media makes interaction, participation and creation to the public. Within that, they make falling of the usage of old media faster, which has already begun, and brought the increased interest about them. Face to face communication is changed with communication network and on that way a culture is created which is constantly imposed on an influence of the new net area, making a new closed system. That system, exists and functions in a new type of a social order, which can have undesired effects upon the vital parts of a human life.

1. What is new?

"What's new about the new media?" was a question posed by Sonia Livingstone in 1999. She argues that technology is centre of attention in different social sciences and in different periods of time. Television, with its several channels available, terrestrial, via satellite and cable, was at that time the pole of attraction. A second new sector had at its core the computer, with games, Internet access, but especially through its opening to online trade (Livingstone 1999).

Today, everything is new! Challenges before which stood modern societies today give special meaning and value of the new media. Today they are the most important channels for obtaining the basic predispositions for functional consistency of these societies. Meanwhile, searches for deep conceived reorganization of the modern societies as an essential predisposition for one valuable meeting with new millennium represent deep thinking over about the targets of new media. In that context, individual and paradoxes of his nature, as well as the nature and function of his culture, are essential in forming of the meanings and basic values of the new media. Among the paradoxes of human nature, certainly, is the fact that an individual, in his nature, is open, free, and cosmopolitan creature, and who necessarily became a prisoner of the certain space and culture, bordering the horizons in reestablishing of a new kind of communication and interaction.If, we number the daily activities of a modern individual, we will notify the phrases: What's app? Follow me on twitter! Check my status on Facebook page! Today, the presence of this kind of mediums is so usual, within every generation which come has a need of row instructions and complete schemes for life. Every medium is a creation of a determined technological

innovation and with that at the same time is developing a new media and social culture, which support the continuity for changing of ideas in dependence of the consumes needs (personal, social, economic and creative). This especially concerns the studying for an appearance of every new medium in which communicative tradition has the central meaning. Meanwhile, that studying has to make efforts to give new concepts about central categories, in the first order the power of media in relation individual – society, as well as the changes which became in the nature of this relation, but, also, the changes in the nature of communicational types. New media beneath technological changes, are result of cultural and social changes which stimulate the dominant way of communication. In that long complex process of changes, some stages become determined. They contribute a process of making and addition of the existing media. Media become powerful institutions in a given context, which are reflected on interpersonal, group and mass level.

In that context, Zrjinka Petruško, emphasizes that "technological changes which today create new mediums brought instead the term mass media in literature more and more to use the term communication media" (Petruško, 2011:36), whose power is actualized in the frames of recent communicative interaction. That is, in fact, the essence of what Petruško named as digitalization, which together with convergence of traditional mass media, give opportunities for appearance of new media which again change the way of communication and society in totality (Ibid, 37)

Robert Logan, in his book *Understanding New Media*, he points out that "new media are changing the world" (Logan, 2010:1). In a similar way, Van Dijk writes that "new media as a result of merging media and social networks and as an indicator of a second structural communication (r)evolution in which media networks become the new lifeline of society, a network society. In other words, social networks of individuals, groups, and organizations that are realized on the Internet and mobile telephone networks constitute the development of new media. The network nodes are as important as are its connections, and while new media affects its users, these users also shape the nature of new media" (Dijk, 2013). Robert Logan came to similar references in the view of new media. For him, "new media refer to those digital media that are interactive, incorporate two-way communication and involve some form of computing as opposed to old media such as the telephone, radio and TV" (Logan, 2010:4). With this, Logan illustrates the difference between old and new media, putting stress on the old media which are part of mass media and mass society, and new media which are interactive and are part of network society. For these differences speaks Jan Van Dijk, who, similar to Logan, searches and compares old and new media. He, coordinates with Logan in relation of characteristics of new media and comparison with old media, but, he represents the thesis that media in their nature and organization have potential and restrictions. In that direction, adequate comparison of the new and old media, according to Jan Van Dijk, is possible if the following communicative capacities are taken, and they are: speed, reach, storage

e-mail: suzana.dzamtoska@ugd.edu.mk

Андон Мајхошев
Вонреден професор
Универзитет Гоце Делчев-Штип
e-mail: andon.majhosev@ugd.edu.mk

Драган Донев
Лектор
Универзитетот Гоце Делчев-Штип
e-mail: dragan.donev@ugd.edu.mk

РЕГУЛИРАЊЕ НА РАДИОДИФУЗНИТЕ ПРОГРАМИ ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО И ЗАШТИТА НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ

Апстракт
Една од главните цели за регулирање на радиодифузните програми е заштитата на публиката од содржини кои можат да и нанесат штета или да го повредат потрошувачот. Кога станува збор за рекламирањето потрошувачите треба да се заштитат од лажни или заведувачки рекламни пораки. Исто така, друга цел на регулирањето на радиодифузијата е заштита на слободата на изразување и демократските вредности на општеството, негување и развивање на културниот идентитет, промовирање на толеранцијата и културниот дијалог.
Во трудот ќе се осврнеме на регулаторните мерки за заштита на демократските принципи и вредности и на индивидуалните права како што се: правото на приватност, заштитата на достоинството, заштита од нанесување штета, правото на одговор и исправка. Исто така, ќе ги разгледаме и регулаторните аспекти на заштитата на малолетниците од содржини коишто можат негативно да влијаат врз развојот на децата, препознавање и заштита од говор на омраза, содржини со кои се поттикнува криминал, безредие или расна, верска или етничка омраза и нетрпеливост.

***Клучни зборови**: гледач, реклами, заштита на децата, право на одговор, право на исправка, толеранција*

Suzana Dzamtoska-Zdravkovska
e-mail: suzana.dzamtoska@ugd.edu.mk

Andon Majhosev
e-mail: andon.majhosev@ugd.edu.mk

Dragan Donev
e-mail: dragan.donev@ugd.edu.mk

REGULATION OF BROADCASTING PROGRAMS IN MACEDONIAN LEGISLATION AND PROTECTION OF DEMOCRATIC VALUES AND PRINCIPLES

Abstract
One of the main goals of regulating broadcasting programs is protecting the audience from content that can cause harm or damage the consumer. When it comes to advertising consumers should be protected from fake or misleading advertising messages. Moreover, another goal of regulating broadcasting is the protection of the freedom of expression and the democratic values of the society, fostering and developing cultural identity, promoting tolerance and cultural dialogue.
In the paper we will address the regulatory measures for the protection of democratic principles and values and individual rights such as: the right to privacy, protection of dignity, protection against harm, the right to reply and correction. We will also look at the regulatory aspects of the protection of minors from content that may adversely affect the development of children, recognition and protection from hate speech, content that incites crime, disorder or racial, religious or ethnic hatred and intolerance.

***Key words**: viewer, commercials, protection of children, right of reply, right to correction, tolerance*

1. Професионални стандарди на информирањето на новинарите и медиумите

Функционирањето на медиумите, а во тој контекст и новинарската професија се заснова на одредени професионални стандардикои доследно треба да се почитуваат. Доколку тие доследно не се почитуваат во тој случај може да настанат проблеми и нарушување на целокупниот демократски амбиент во

општеството а на штета на објективното информирање на граѓаните. Како најзначајни професионални стандарди на медиумсите и новинарската професија се: слобода на критиката, вистината, точноста, чесноста, непристрасноста, чувањето на изворот на информацијата, чување на приватноста на личноста, недискриминација, отфрлање на говорот на омраза, почитување на авторските права, знаење и стручност, одговорност и др.

Слободата на изразување и на другите демократски принципи и вредности е најтесно поврзана со стандардите што треба да ги исполнуваат вестите и дневно информативните емисии, како и програмите на радиодифузерите што се емитуваат за време на избори.

Слобода на критиката е важен аспект на слободата на изразување. Понекогаш власта знае да заспие и да не ги гледа општествените проблеми на рационален начин. Последица на тоа е правење на грешки кои понекогаш можат да бидат со несогледиви последици. Новинарот е тој кој што може слободно да ја критикува и контролира власта за направените пропусти и евентуални злоупотреби во вршењето на истата. Тој со своето критичко и јавно изнесување на фактите допринесува власта да го корегира своето однесување, а со тоа и се спречат поголеми негативни последици врз општеството и граѓаните. Критиката преставува конструктивна опомена, совет, рационално соочување и согледување на реалноста, мислењата, аналитичко согледување на проблемот, со цел да се реши на еден демократски и аргументиран начин. Секоја власт во аргументираната критика на новинарите треба да гледа сојузник, а не противник. Критиката овозможува на власта да се отрезни, да ги согледа сопствените слабости во владеењето, како и да преземе соодветни мерки и активности во остранувањето на грешките. Новинарите кои во својата професија се раководат од начелото на независност и критичко мислење се добри професионалци, кои се ценети во јавноста, но непосакувани од моќниците. Ретко која власт поднесува критика, дури и кога таа е добронамерна и аргументирана.

Критиката е многу важна и заради контрола на власта во вршењето на јаните работи. Таму каде што постои слобода на критика и контрола добро функционира целокупниот систем и обратно. Слободата на изразување и критика овозможува професионална независност и интегритет. Независноста се стекнува со неприфаќање на било какви привилегии (материјална, финансиска), како и отфрлање на надворешни влијанија врз новинарската професија. Интегритетот бара интелектуална способност, стручност, компетентност и морална култура. Само способни и стручни новинари, поткрепени со морално делување и однесување, можат да стекнат интегритет во професијата. Не е доволно само да се поседува стручност и компетентност, туку и моралност.

Вистината е фундаментот на секоја професија, особено на новинарската. Без вистина нема иднина на ниту едно општество. Вистината или

ја има или ја нема. Полувистината (нецелосна информација) е еднаква на шпекулација. Информацијата е вистинита кога таа е сеопфатна и целосна. Новинарот има професионална обврска да пренесе точна информација за настанот. Секој факт кој јавно се објавува треба да се провери. Ако фактите се спорни и сумливи, тогаш јавноста треба тоа да го знае. Кога станува збор за изјава и таа треба да се провери дали е вистините и точна. Изјавите никогаш не треба да се фризираат, туку треба да се објавуваат во изворна форма. Вистината не е само професионален стандард туку и етичка норма, морална должност и одговорност. Вистината има законска рамка, односно таа правно се штити и гарантира. Новинарот кој се држи до вистината самиот се штити од евентуални тужби и судски процеси. Недопустиво за новинарската професија е објавување на полувистина или нецелосна вистина. Многу новинари во трката за ексклузивност, слава и успех објавуваат информации кои не се проверени до крај, кои подоцна излегуваат како површни и нецелосни. Затоа, новинарите треба да бидат многу внимателни во објавувањето на информации и за еденист настан треба да консултираат повеќе извори со цел да се комплетира информацијата.

Точноста е следниот стандард на доброто извршување на професијата. Нема вистина без точност. Точноста се покажува преку вистински податоци, Во новинарството точноста често се доведуваат во прашање преку давање на неточни податоци за времето на настанот, името и презимето на учесникот, функцијата, фактите, мерките итн. Најчесто се греши во името и презимето на кои се однесува информацијата. Понекогаш (не)точноста може да предизвика непријатности за поединци, институции, претпријатија и сл.

Чесноста (објективноста) е својство на новинарот кое се покажува преку отвореност и исправно постапување во однос на другите и јавноста. Чесноста во новинарството претпоставува објективност, лична непристрасност, користење на факти, добра аргументација и целосен пристап во обработката на настанот, односно потенцирање на важните во однос на неважните факти, а не обратно, искреност кон јавноста без нејзино заведување или манипулирање. Чесноста на новинарот се огледа и преку одбивање на разни спонзорства, донаторства, подароци, патувања, честење и други форми на лична корист. Соработката и блискоста на новинарите со спонзорите преставува опасно загрозување на професионалните стандарди на новинарската професија.

Непристрасноста преставува професинален стандард на новинарот според кој тој треба да биде неутрален, односно не треба да држи и застапува страна за настанот за кој ја информира јавноста. Настанот треба да се прикаже онака како што е настанат држејќи се до фактите и аргументите. Непристрасноста подразбира и врамнотеженост во информирањето, односно подеднакво остапување простор на страните во настанот.

Чување на изворот на информација е еден од професионалните стандарди на новинарската професија и спаѓа во доменот на професионална тајна. На ова сугерира и Минхенската декларција според која "новинарот треба да ја почитува професионалната тајна и не го кажува изворот на информацијата добиена на доверба."[1] Тој треба да остане тајна дури и кога новинарот се јавува во својство на сведок. Обврската да не се издава тајната на изворот на информацијата е морална обврска и преставува еден вид на морален договор помеѓу новинарот и тајниот извор на информацијата.[2] Заштитата на новинарските извори е многуважна компонента на слободата на изразување.

Почитувањето на човековата личност – приватноста, исто така, преставува важен професионален стандард на новинарската професија. Овој стандард произлегува од два принципа: почитување на приватниот живот и заштита од повреда на честа. И овој професионален стандард произлегува од Минхенската декларација за правата и обврските на новинарите, според која ги обврзува новинарите "*да ја почитуваат приватноста на другите лица."*[3]Приватната сфера припаѓа на поединецот и доколку во неа се навлезе без одобрување се крши правото на почитување на приватност или интимата на поединецот. Од радиодифузерите се бара да не го повредуваат човечкото достоинство, што често се поврзува со почитување на добриот вкус и пристојноста. Иако не може да се најде единствена и сеопфатна дефиниција што спаѓа под заштита на човечкото достоинство, постои консензус дека таа подразбира забрана за приватноста или третирање на искористување на физичкото и менталното страдање и навлегување во личноста како предмет.

Од античка Грција и стариот Рим, па се до денес се прави разлика помеѓу јавното и приватното. Старите Грци и Римјани јавното го врзувале за политиката, односно за политичкото одлучување и одлуки (животот на слободните луѓе во агората или форумот), а приватно или интимно за животот на поединецот во семејството. Теориски и правно ова разграничување е јасно, но во конкретни ситуации тоа се покажува како многу деликатно и сложено. Тоа произлегува од одлуката на поединецот кој е јавна личност (актер, спортист) и заради одржување на неговата популарност, тие допуштаат да се пишува за нивниот приватен и интимен живот. Истото се однесува и за политичарите. Тие како носители на јавни функции се дел од јавната сфера. Се поставува прашање дали носителите на функции можат да имаат два одвоени животи: јавен и приватен. Колку нивниот приватен живот влијае на јавното делување? Колку нивното негативно однесување во приватниот живот може да се прифати?

[1] Види чл. 6 од Декларација за правата и обврските на новинарите, Минхен, 1971.
[2] Чупиќ, Ч, Медијска етика и медијски линч, Чигоја штампа, Београд, 2007, стр. 22.
[3] Чл. 6 од Декларацијата за правата и обврските на новинарите, Минхен, 1971.

Недискриминацијата, односно отфрлањето на дискриминацијата по било која основа: расна, верска, полова, старосна, национална, социјална, политичка, и др., исто така, преставува важен професионален стандард на новинарската професија, а која е поврзана со почитувањето на човековата личност и достоинство. Разликите помеѓу луѓето по било кој основ треба да се прифаќаат, но тоа не значи дека поради нив некој треба да се прифати а некој друг да се отфрли во јавноста. Единствена прифатлива поделба на луѓето се универзалните вредности: љубов, вистина, слобода, правда, солидарност, достоинство. Однесувањето кое ги загрозува наведените универзални вредности треба да се отфрлаат и јавно жигосуваат. Основната одговорност и задача на ноовинарската професија е јавно да пишуваат и зборуваат за негативните појави и да ги жигосуваат, бидејќи тие го разјадуваат општественото ткиво.

Во тесна врска со начелото на недискриминација е и начелото на одбегнување на **говор на омраза** во новинарската професија. Новинарската професија се темели на вистинито информирање со примена на избалансирана и позитивна терминологија, која нема да создава тензии по било која основа. Говорот на омразата во јавноста внесува негативни емоции, предизвикува конфликти, ја продлабочува недовербата, ги дели луѓето по разни основи, за да на крајот заврши со насилство. Затоа не треба да се дозволи јавноста да се загадува со омраза, завист, презир, пакост. Зборови на омраза изречени или напишани во медиумите го поттикнува насилството и други облици на несоцијално однесување. Секоја омраза е деструктивна и осветничка. Тие што го практикуваат говорот на омразата немаат шанса за своја иднина, бидејќи произведува осветници кои било кога ќе се обидат да се реваншираат. Омразата *"по својата природа флуидна и тешко може да се задржи само во едно корито – таа секогаш покажува тенденција да нарасне и да се излие далеку од границите кои би сакале да ги поставиме"*.[4] Говорот на омраза е карактеристично за поделените општества (национална, верска, расна, социјална основа). Тоа е одраз на состојбите во општеството и политиката. Ако општеството е поделено тогаш и говорот на омразата не е исклучена.

Освен горенаведените професионални стандарди добриот новинар треба да поседува **знаење, способност и совест**. Наведените карактеристики преставуваат надополнување на погоре наведените стандарди на професијата. Со цел да се достигнат наведените стандарди, современото новинарство налага потреба од континуирано едуцирање и усовршување на новинарот. Одамна помина времето кога новинарите беа "*универзални незнајковци" или "енциклопедиски сезнајковци*". Денес од новинарите се бара да поседуваат високо стручно образование, да имаат широко и продлабочено знаење од сите

[4] Nikola Milosevic,*Socijalna psihologija Staljinizma*, cas. "Filozofske studije", br. XV, 1983, str.155.

општествени сфери, широка култура, да знае да води дијалог и толерантен пристап на реалноста, да почитува различности.

Меѓу новинарите има професионалци кои немаат високо образование, стручност, ни широка култура. Последица на таквата состојба е лесно манипулирање со таквите новинари, како од сопствениците на медиумите, така и од власта. Сопствениците на медиумите преку таквите новинари си ги штитат сопствените интереси кои често се спротивни на јавниот интерес. Власта, преку таквите новинари ги лансираат пораките кои на нив им одговараат. Од таквата ситуација најголеми губитници се граѓаните и целокупната јавност. Затоа, граѓаните кон новинарската професија и медиумите гледаат со голема недоверба.

Медуимите и новинарите имаат мултидимензионална улога:

1. да пренесуваат информации важни за јавниот живот,
2. да посредуваат меѓу власта и граѓаните, односно државата и граѓанското општество,
3. да ја критикуваат и да вршат контрола на власта.
4. подигање на нивото на општа култура на граѓаните (и демократската политичката култура)
5. социјализација на личноста и политичка социјализација
6. пренесување на универзални, особено човекови вредности
7. влијание за формирање и ширење на вредности и вредносни систем.

Освен позитивна улога, медиумите и новинарите, можат да одиграт и негативна улога: ширење на агресија, деструкција, дефетизам, негативни емоции. Имено, тие можат да се претворат во средство за ширење на лаги, хушкање, измама, создадат лоши чуства (омраза, завист, пакост) и состојби (паника, страв, деморализираност), како и да создадат ментална состојба кај одредени групи и поединци кои лесно прераснуваат во агресија, па се до организирање на злосторства. На пример најголем дел од граѓанските војни започнуваат како вербална војна, која новинарите со своите новинарски прилози ја поддржуваат и распламтуваат, за да подоцна истата се трансформира во реална војна.

Од горенаведеното можеме да констатираме дека медиумите и новинарите имаат двострука улога: позитивна и негативна. Позитивната улога треба да се поддржава, а негативната да се елиминира. Развојот на професионалните стандардите на професијата преставува макотрпна работа. (Чупиќ, стр 14).

Моралното информирање и созревање на новинарите е долг и незавршен процес. Добриот новинар секогаш треба да се раководи од моќта на знаењето и моќта на совеста. Во новинарската свест совеста секогаш треба да биде професионална водилка и внатрешен закон. Човек кој поседува моќ на знаење,

но не и моќ на совест, преставува стручњак без совест. Поради тоа, новинарите секогаш треба да имаат на ум никогаш да не ги одвојуваат овие два вида на моќ со кои располагаат.

2. Право на одговор и исправка

Во секоја професија, вклучително и новинарската се јавуваат грешки. Впрочем нема безгрешни, а грешките неминовно го следат животот. Затоа правото на грешка е едно од најелементарните права. Правото на одговор и исправка е еден од професионалните стандарди и етичко прашање на новинарската професија, но и ефикасно правно средство за корекција на грешките што ги прават медиумите при известувањето. Медиумите многу често намерно или ненамерно објавуваат информативни содржини кои се невистинити и засегнуваат одредени лица. Лицата кои се засегнати од некоја објавена информација во медиумите имаат право на одговор или на исправка на содржината кои медиумот мора да ги објави. Одговорот и исправката на засегнатото лице му овозможуваат до одреден степен да ја надомести штетата што му ја нанел медиумот со грешките и да не бара правна заштита во долготрајна, скапа и неизвесна судска постапка. Правото на одговор и исправка преставува превентивен и ефикасен начин на корекција на грешките на медиумите.

Правото на исправка и правото на одговор се различни начини за надоместување на штета направени од медиумските грешки.

Правото на исправка подразбира можност да се исправат грешките во медиумот во однос на изнесените погрешни факти. Брзото остварување на ова право во најголем број на случаи му овозможува на засегнатото лице ефикасен начин за надоместување на ненамерно направената штета. Ова право не преставува никаква закана за независност на медиумот.

Правото на одговор на лицето на кое му е нанесена штета на честа или угледот му овозможува пристап до медиумот за да ги соопшти своите ставови за одредено прашање. Поради тоа, правото на одговор е повеќе подложно на злоупотреба отколку правото на исправка.

Според меѓународните стандарди и практиката на голем број на држави, за ефикасно и правилно остварување на правото на одговор и исправка неопходни се неколку услови:

1) Правото на одговор треба да се наложи како обврска само во случаи кога се публикувани лажни изјави кои повредуваат суштествени права на засегнатото лице, односно ова право не смее да се користи за коментирање мислења кои не му се допаѓаат некому;

2) Одговорот и исправката треба да бидат објавени во најкус можен рок и во сличен/приближен термин како и оригиналната содржина со која е повреден нечиј легитимен интерес;
3) Должината на одговорот треба да биде сразмерна на оригиналниот прилог во печатениот или електронскиот медиум;
4) Одговорот или исправката треба да се ограничени само на неточно изнесените факти во оригиналниот текст и не треба да се користат за отварање нови прашања или за коментирање на фактите што се коригираат;
5) Од медиумите не треба да се бара да објавуваат одговор кој преставува злоупотреба или има негативна содржина.

Комитетот на министри на Советот на Европа во 1974 година усвои Резолуција (74) 26 во која се потенцира значењето на правото на одговор, утврдувајќи конкретни правила за негово остварување. Во Резолуцијата е наведено дека медиумите имаат право да одбијат објавување одговор или исправка доколку: одговорот или исправката не му е доставена на медиумот во разумен временски рок; должината на одговорот или исправката ја надминува должината на објавената содржина; одговорот или исправката не се ограничува само на оспорувaните факти и мислења; содржината на одговорот или исправката претставува законска повреда или е спротивна на интересите на трета страна што се заштитени со закон и доколку засегнатото лице не може да покаже постоење легитимен интерес.

Исто така, правото на одговор или исправка спаѓа во фундаменталните права утврдени и во европската аудиовизуелна регулатива. Така, во чл. 23 на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги во однос на правото на одговор и исправка е регулирано следното:

"*.....секое физичко или правно лице без оглед на националноста, чии легитимни интереси, поконкретно угледот и доброто име, биле нарушени со изнесување неточни факти во некоја телевизиска емисија, мора да добие право на одговор или друго соодветно правно средство. Државите-членки треба да обезбедат вистинско остварување на правото на одговор или друго правно средство да не биде попречено со наметнување неразумни барања или услови. Одговорот треба да биде пренесен во разумен временски рок по потврдувањето на основаноста на поднесеното барање и во време и на начин соодветни на емисијата на која се однесува барањето*".

Вообичаено е наместо лицето да се појави во програмата, радиодифузерот да ја емитува неговата изјава со одговорот или исправката.

Во Република Македонија остварувањето на *правото на исправка и одговор* е утврдено со Законот за медиуми (Сл. Весник на РМ, бр. 78/13).

2.1 Право на исправка

Правото на исправка на објавена информација е уредено со членовите од 17 до 25 од Законот за медиуми. Во наведените членови е конкретизирана правната постапка (процедура) за остварување на правото на исправка на објавена информација и ова право го има *секое физичко или правно лице има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавена информација во која се наведуваат неточни факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси.*[5]

Барањето за објавување на исправката, се поднесува до одговорниот уредник на издавачот на медоим во писмена форма во рок од 30 дена од денот на објавувањето на информацијата на која се однесува исправката, односно одговорот. Барањето мора да биде образложено и потпишано од страна на подносителот на исправката и да ги содржи сите потребни податоци за подносителот на исправката.[6] *Доколку издавачот на медиум до денот на поднесувањето на барањето за исправка веќе извршил исправка, во тој случај оштетената страна не може да се бара исправка.*

Во барањето се наведува информацијата на која се однесува исправката, како и датумот и часот на нејзиното објавување, односно емитување.

2.2 Објава на исправката

Исправката се објавува, без измени и дополнување, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној кој што била објавена информацијата. Притоа, исправката не смее да биде несразмерно подолга од информацијата на која се однесува исправката. Во програмите на радиодифузерите (радио и телевизија) исправката се објавува со читање во истата програма и термин во која е објавена информацијата на која се однесува исправката.

Исправката мора да биде објавена во рок од два дена од доставувањето на барањето во првиот нареден број (ако е печатен медиум-весник). Поради сензибилноста на моментот, за време на избори исправката има итен карактер. Имено, за време на изборен процес исправката мора да биде објавена во првото следно издание, односно првата следна програма од ист вид веднаш по примањето на исправката.[7] Притоа, законот е дециден во однос на тоа дека не е дозволено со исправката во истото издание да се објавува коментар на таа исправка или одговор на исправката. Исто така, законот таксативно ги набројува

[5]Чл. 17 став 1 од Законот за медиуми (Сл. Весник на РМ, бр. 184/13)
[6]Ибид, чл. 17, став 2.
[7]Закон за медиуми, чл. 19 став 1

случаевите кога одговорниот уредник не е должен да ја објави исправката. Тие случаи се кога: исправката не се однесува на информацијата на која се повикува заинтересираното лице; исправката не содржи податоци во врска со наводите во информацијата; барањето за објава на исправката не е потпишано од подносителот на барањето или овластеното лице на правното лице; исправката е несразмерно поголема од информацијата на која таа се однесува; исправката е напишана на јазик кој не е идентичен на јазикот на којшто е објавена оспорената информација; издавачот на медиум веќе сам објавил исправка на објавената информација и др.[8]

Исто така, со Законот се овозможува на заинтересираното лице издавачот на медиум да му се обезбеди копија од објавената информација во рок од три дена од денот на приемот на писменото барање.

Доколку одговорниот уредник на издавач на медиум не ја објави исправката согласно одредбите на Законот за медиуми (чл. 19), тогаш, заинтересираното лице има право да поднесе тужба против одговорниот уредник пред надлежниот суд во рок од 30 дена од истекот на рокот за објавување на исправката. Судските спорови во врска со објавата на исправката се од итен карактер, односно се решаваат по итна постапка.[9]

2.3 Право на одговор на објавена информација

Освен правото на исправка на објавена информација,Законот за медиуми обезбедува и право на одговор на објавена информација (чл. 26-28). Правото на одговор го имаат секое правно и физичко лице кое е споменато во одредена содржина на медиумот. Имено, физичкото или правното лице има право да поднесе барање до издавач на медиум, без надоместок, да објави негов одговор на објавена информација, доколку физичкото или правното лице има поврзаност со наведените факти објавени во информацијата или доколку има легитимен интерес. Одговорот треба да содржи текст или порака од иста природа и со иста должина, како и објавената информација со кој се негираат или битно се надополнуваат спорните наводи за фактите и податоците во објавената информација.[10] Одговорот на објавената информација мора да се објави во автентично доставената форма, односно без промени или дополнувања со исклучок на исправки на правописни грешки. Доколку одговорот на објавената информација е подолг, одговорниот уредник има право од подносителот на барањето да побара скратување на одговорот. Одговорниот уредник може да одбие да го објави одговорот во случај кога објавената информација е дел од веродостоен извештај од јавни седници на државни органи и судови, како и во

[8] Ибид, чл. 19 став 3.
[9] Ибид, чл. 23 став 2
[10] Закон за медиуми, чл. 26 став 1 и 2.

случај кога во одговорот се наведуваат очигледни неточни податоци или тврдења, односно и други наводи кои со сигурност се непогодни за докажување. Доколку одговорниот уредник на издавач на медиум не го објави одговорот на објавената информација, во тој случај заинтересираното лице (физичко или правно) има право да покрене тужба против одговорниот уредник пред надлежниот суд во рок од 30 дена од истекот на рокот за поднесување на одговор на објавената информација, а судските спорови во врска со правото на одговор се решаваат по итна постапка.

3. Заштита на малолетни лица

Заштитата на малолетниците е меѓу примарните цели на регулирањето на програмските содржини во демократските држави во светот. Интенцијата е децата да бидат заштитени од содржини кои можат да им наштетат на моралниот, психолошкиот или во физичкиот развој. Една од основните цели на правната регулатива на медиумите (без разлика дали е печатен или електронски) секако е обезбедување на *заштита на малолетните лица.* Заштитата на малолетниците од содржините што можат штетно да влијаат врз нивниот морален, умствен и телесен развој е особено важно прашање. Регулативата, главно се однесува на содржини со прекумерно наслиство, порнографија и вулгарен јазик. Во многу држави се воведени системи на предупредување и сигнализација на содржините што не се погодни за деца или малолетници и обврска за радидифузерите нив претходно да ги категоризираат. Повеќе држави имаат воведено и т.н. временски граници за телевизијата, до кои не е дозволено да се емитуваат штетни содржини што би ги гледале деца или малолетни лица.

Во повеќе европски држави прикажувањето на голотија на телевизија е дозволено во секое време од денот, освен голотијата во сексуален контекст, што е овозможено само за возрасните. Во многу муслимаски држави, прикажување на голотија не се дозволени во текот на денот.

Слични содржини има и во однос на прикажувањето на содржини со насилство. На пример, во САД во утринските часови се дозволени содржини со насилство, додека во повеќето држави на Западна Европа вакви содржини можат да се прикажуваат исклучиво доцна во ноќта.

Прашањето на заштитата на малолетниците е регулирано и со Директивата *"Телевизија без граници"* и Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги стои дека "…не се дозволени програмите што сериозно би го нарушиле физичкиот, менталниот и моралниот развој на малолетниците (порнографија и прекумерно насилство). Другите програми кои можат да им нанесат помала штета на малолетниците, кога не се во кодирана форма, мора да се прикажуваат во време кога не се очекува малолетниците да гледаат телевизија. Пред да пушти такви програми, радиодифузерот треба да емитува

акустично предупредување или во текот на прикажувањето да ги означи со визуелен симбол.

Во регулаторната практика на различни држави се користат разни приоди, но најприменуван секако приодот со воведување на временски граници кои упатуваат на периодите во денот кога несмеат да бидат емитувани содржини наменети за возрасни. Временската граница по која е дозволено емитување на програмите за возрасни во повеќе држави е 22.00 часот. На заштитата на малолетници значајно место е посветено и во нашето медиумско законодавство. Во Законот за медиуми на РМ е утврдено доколку се издава печатен медиум со порнографска содржина, тој мора да поседува видливо предупредување дека содржи порнографија, како и предупредување дека неговата дистрибуција, односно продажба е забранета за малолетни лица и да биде спакуван во прозирна најлонска фолија.

Исто така, и издавач на електронска публикација е должен да преземе соодветни мерки со помош на технички средства или со адекватна заштита за ограничување да оневозможи малолетните лица да имаат пристап до електронски публикации со порнографска содржина.

Заштитата на малолетните лица при емитување на радио или телевизиски програми се обезбедува на начин утврден со Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Согласно одредбите на овој закон, програмските содржини што можат да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите, можат да се емитуваат само во периодот од 24.00-05.00 часот, при што програмите треба да бидат означени пред почетокот на нивното емитување, со акустично или визуелно предупредување (чл. 71 став 1 и 2).

4. Содржини со кои се поттикнува криминал и безредие

Претходно напоменавме дека заради заштита од содржини кои поттикнуваат криминал и безредие е дозволено ограничување на слободата на изразување (чл. 10 став 2 од ЕКЧП). Ова подразбира ако националните регулаторни тела констатираат такви содржини во програмите на радиодифузерите, веднаш можат да им наложат да го стопираат емитувањето и да им изречат соодветни мерки. Најчесто регулативата забранува содржини кои поттикнуваат криминал и безредие и ваквите дела се третираат како кривични дела.

Во Република Македонија, со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е наведено дека *"Во програмите на радиодифузерите, како и во програмите што се реемитуваат преку јавните комуникациски мрежи, не се дозволени програми што се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на република Македонија или кон поттикнување или повикување на*

воена агресија или на разгорување национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост" (чл. 69 од ЗААВМУ).

5. Содржини со кои се поттикнува расна или етничка омраза и нетрпеливост

Едно од најопасните прашања со кои се соочуваат регулаторните власти во државите е говорот на омраза. Емитувањето на програмски содржини со кои се поттикнува расна или етничка омраза е сериозна причина за ограничување на слободата на изразување. Европската регулатива во аудиовизуелната сфера содржи одредби со кои им е дозволено на националните регулатори да го сопрат прекугранично пренесување на кои било аудиовизуелни сервиси доколку проценат дека во некои содржини се поттикнува расна, етничка, национална или верска омраза и нетрпеливост. Поради тоа, од исклучителна важност е регулативата на секоја држава да се формулираат строги правила со кои се забранува емитување какви било содржини кои можат да поттикнат омраза врз расна, национална, етничка, верска или полова припадност. Ваквите негативни појави особено доаѓаат до израз за време на конфликти кога неодговорните радиодифузери намерно објавуваат информации и пораки со кои дополнително создаваат тензии кои можат негативно да влијаат врз јавноста.

Говорот на омраза е можне чуствително прашање во постконфликтните општества, каде медиумите имаат огромна одговорност во создавањето на доверба помеѓу различните етнички и верски групи, а регулаторните тела мора да ги санкционира сите емитувања или објавувања на какви било облици на говор на омраза.

6. Верски програми

Религијата честопати се злоупотребува како извор на тензии меѓу различни верски заедници во едно општество, па затоа во националното законодавство на голем број на демократски држави се забранува објавување содржини кои поттикнуваат верска омраза и нетрпеливост.

Во согласност со општествените и културните специфики, потребите и интересите на публиката и достапноста на фреквенцискиот спектар, секоја држава одредува правила дали ќе и дава дозволи и на станици кои емитуваат верска програма. Во Германија, на пример каде што поголемите верски заедници имаат статус на формален дел на граѓанското општество, на секоја верска заедница и е дозволено да поседуваат еден телевизиски канал. Во Велика Британија, каде аналогниот телевизиски спектар има ограничен број фреквенции, а бројот на верски групи е многу голем, за верските групи беше забрането да имаат радиодифузни дозволи. Меѓутоа, во другите области во кои спектарот не е ограничен, како радиоспектарот или сателитската телевизија,

верските заедници можат да поседуваат дозволи за емитување (Salomon, 2008:50).

Друго чуствително прашање е дали треба да се забранат содржините во кои негативно се зборува за одделна религија или намерно се изнесуваат навредливи коментари? Во голем број држави се смета дека за религијата треба да се разговара отворено како и за секое друго општествено прашање и да се дозволи слободно изнесување ставови и мислења како и во политичка дебата. Во други држави, особено во оние со државна религија, дебатите или критичкото коментирање би биле неприфатливи и би ги навредиле чуствата на мнозинството од населението. Затоа кога се одредуваат правилата во регулативата, мора да се има предвид слободата на изразувањето да биде во рамнотежа со чуствата што можат да бидат предизвикани кај публиката (Трпевска, стр.92).

7. Промвирање на културна разновидност

Регулирањето на радиодифузната односно аудиовизуелната област во европската медиумска политика се карактеризира и со две други специфики и меѓусебе испреплетени цели-промовирање на културната разновидност и конкурентност на европската аудиовизуелна индустрија. Според чл. 4 на Директивата "Телевизија без граници", сите држави членки на ЕУ мора да обезбедат радиодифузерите да резервираат значаен дел од времето за емитување европски дела, секогаш кога е можно преку соодветни средства. Притоа, во чл. 4 е утврдено дека во ***европски дела*** не се сметаат вестите, спортските настани, игрите, рекламирањето, телешопингот и телетекст услугите.

Во чл. 6 од Директивата "Телевизија без граници", а во новата Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси е поместен во членот 1 (n), според кој европски дела се сите програми произведени врз основа на договори за билетарална копродукција склучени меѓу државите членки на ЕУ и трети држави, под услов копродуцентите од ЕУ да учествуваат со поголем удел во продукциските трошоци и да иматт котрола врз продукцијата. Понатаму, во чл. 5 на Директивата "Телевизија без граници" и на новата Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси (услуги) се наведува дека државите-членки треба таму каде што е остварливо да обезбедат радиодифузерите (на национално ниво) да резервираат најмалку 10% од своето време (не сметајќи го времето за вести, спортски настани, игри, реклами, телетекст услуги и телешопинг) или најмалку 10% од својот програмски буџет за европски дела создадени од независни продуценти. Откако ќе се воведе во националната регулатива, оваа обврска радиодифузерите треба да ја постигнат постепено, а најдоцна за пет години од влегувањето во сила. Целта на оваа мерка е да се стимулира создавањето нови и оригинални европски дела кои се произведени надвор од

уредувачката контрола на радиодифузерите и да се стимулира развојот на малите и средните продуцентски компании.

Освен зајакнувањето на европската аудиовизуелна продукција, генерална цел е и да се промовира културната разновидност и културното наследство на народите и заедниците кои живеат во Европа.

Заклучок

Европската унија со донесување на соодветна регулатива (директиви, декларации, конвенции, препораки) посветила големо внимание во регулацијата на медиумската професија и професионалните стандарди на новинарската професија и програмските содржини со кои се заштитува публиката (јавноста), особено малолетната публика од разноразни негативни влијанија како што се: правото на одговор и исправка, говорот на омраза, порнографијата, содржини со кои се поттикнува расна или етничка омраза и нетрпеливост, предизвикување на верска омраза и нетолеранција, содржини со кои се поттикнува криминал и безредие и др.

Освен тоа, медиумите се обврзани во своите програмски содржини да емитуваат програми со кои ќе се афирмираат европските вредности, културната разновидност и конкурентност на европската аудиовизуелна индустрија.

Од аспект на национална регулатива, државите членки на ЕУ и државите кандидати за влез во ЕУ имаат обврска сите стандарди да ги транспонираат во сопственото национално медиумско право кои се однесуваат на програмските стандарди и содржини и афирмацијата на културната разновидност и конкурентност.

Кога станува збор за нациналното медиумско законодавство во Република Македонија, можеме да заклучиме дека тие се речиси во целост имплементирани и вградени во националната регулатива. Единствен проблем е што медиумите не ја почитуваат националната регулатива во целост, и поради тоа треба да зајакне контролата и надзорот над примената на регулативата во оваа сфера, односно да зајакне независноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни-медиумски услуги во однос на политичките влијанија. За да се отстранат ваквите влијанија потребна е радикална реформа на структурата на Советот на Агенцијата и изборот на директор на оваа институција, каде изборот да се остави на самите медиумски асоцијации и медиумските работници, без мешање на политиката во овој процес.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Декларација за правата и обврските на новинарите, Минхен, 1971;

Директивата *"Телевизија без граници"*, Европска комисија*;*

Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, Европска комисија, 2007;

Европска конвенција за човекови права, Совет на Европа (1950);
Законот за медиуми (Сл. Весник на РМ, бр. 78/13);
Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. Весник на РМ, бр….)
Мајхошев, А (2018), Медиумско право (учебник), Универзитет "Гоце Делчев"-Штип;
Мајхошев, А (2016), Новинарска етика (авторизирани предавања), Универзитет "Гоце Делчев"-Штип;
Milosevic, N (1983), *Socijalna psihologija Staljinizma*, cas. "Filozofske studije", br. XV;
Препорака R 1215 (1993) за етика во новинарството, Парламентарно собрание, Совет на Европа
Препорака R (97)19 за прикажување насилство во електронските медиуми, Комитет на министри, Совет на Европа;
Препорака R (97) 20 за говор на омраза, Комитет на министри, Совет на Европа;
Препорака R (97) 21 за медиуми и промовирање на култура на толеранција, Комитет на министри;
Резолуција (74) 26 правото на одговор, Комитетот на министри на Советот на Европа, 1974;
Salmon, Eve (2008), Guidelines for Broadcasting Regulation, CBA. Достапно на: htpp://www.cba.org.uk/Publications/documents/RegulatoryGuidelines.pdf
Трпевска, С. (2010), Слобода на изразување, јавен интерес и медиумска регулација, Висока школа за новинарство и односи со јавноста, Едиција Ex Libris, Скопје;
Чупиќ, Ч. (2007), Медијска етика и медијски линч, Чигоја штампа, Београд;